РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 993
Скопје, 1 октомври 2010 година

## Содржина на Билтен број 993 од 1 октомври 2010 година


ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник од областа на водоснабдување, канализација и хидротехнички мелиорации, на Градежниот факултет во Скопје (**д-р Петко Пеливаноски**)........1-14

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по група предмети од областите систематика и филогенија на алги и биомониторинг на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**д-р Златко Левков**)........15-26

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Интеркултурниот пристап во наставата по германски како странски јазик и неговата примена во Република Македонија**, изработена од **м-р Емина Авдиќ**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје........27-34

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Факултетот за физичка култура во Скопје (**м-р Ружција Калач**)........35
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за физичка култура во Скопје (**Кенан Асани, Панче Панчевски**)........36

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Дарко Блажев, Владимир Иванов, Златко Стојановски, Марина Маневска**)........37

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензијата на учебникот **Физиологија 1** од **проф. д-р Сунчица Петровска и соработниците**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје........38-46

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на социјализацијата на личноста во градењето на политичката култура кај студентската младина во Република Македонија**, изработена **од м-р Маријана Марковиќ**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје........47-50

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**Јасмина Арменска**)........51

ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на специјалистички труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Зорица Поп Андонова Огненовска**)........52

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на учебното помагало **Планирање, програмирање и буџетирање**, од **проф. д-р Оливер Бакрески**, пријавено на Филозофскиот факултет во Скопје........53-56

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Теорија и практика на документарниот филм (Казимиеж Карабаш, Столе Попов, Мајкл Мур)**, изработена **од м-р Антонио Митриќески**, пријавена на Факултетот за драмски уметности во Скопје.................57-61

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Економија-основи на економијата (трето издание), подготвен** од **акад. Таки Фити**, пријавен на Економскиот факултет во Скопје..........................62-68

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на асистент од научната област безбедност на храна на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје **(м-р Деан Јакулоски)**...........................................69-74

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор во звањето редовен професор по наставните предмети: просветителството и романтизмот во бугарската книжевност, реализмот во бугарската книжевност, од хуманизам до барок во јужнословенските книжевности, предмети од областа македонска книжевност и јужнословенски книжевности (втор изборен модул) и предмети од областа македонска култура (втор изборен модул), на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Ангелина Бановиќ-Марковска)**..........................................................................................................................75-89

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на информатиката-информатички технологии на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Гоце Арменски)**..........................................................................................................................90-101
2. Реферат за повторен избор на еден асистент на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Марина Стојановска)**.............................102-105

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Модели на наградување на членовите на одборот на директори**, изработена од кандидатот **м-р Брикенд Азири**, пријавен на Економскиот факултет во Скопје......................................................................................106-115
2. Реферат за избор на асистент по група предмети од областа на е-бизнис на Економскиот факултет во Скопје **(м-р Смилка Јанеска Саркањац, м-р Мартин Михајлов)**..........................................................................................................................116-120

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник за научните области развојна психологија, психологија на мирот и психологија на образованието и воспитанието на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Ана Фрицханд)**..........................................................................................121-127

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања од наставно-научните области општа биохемија и клиничка биохемија во Заводот за експериментална физиологија и биохемија при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Јасмина Димитрова-Шумковска)**..................................................................128-138

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Староосната дискриминација во меѓународното право**, изработена од **м-р Беким Кадриу**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје..........................................................................................................139-143

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор во сите наставно-научни звања од областа методика на наставно-научните области, по предметите: методика на наставата по ЗПО, ЗП и ЗО, за групата одделенска настава на албански наставен јазик и методика на воспитно-образовната работа по јазик и методика на воспитно-образовната работа по ЗПО, за групата предучилишно воспитание на албански наставен јазик на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје (**д-р Леонора Јегени**)......................144-150

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на асистент-истражувач од областата на агробизнисот во Економскиот институт во Скопје (**м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска, м-р Дарко Шекеринов, м-р Татјана Христовска**)..................................................151-156

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Бихевиоризмот наспроти теоријата за ефикасни пазари на македонскиот пазар на капитал-квантитативен пристап**, изработена од кандидатката **м-р Јулијана Ангеловска**, пријавен на Економскиот факултет во Скопје..................................................157-165

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**Виктор Димовски, Бранка Чочковска, Драгана Заревска, Лиман Авдиу, Даниела Спасова, Ирена Лесовска, Верка Михајлова, Шпреса Дургути**)..................................................166

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Креирањето на културната политика во процесот на заштита на културното наследство во Република Македонија во периодот од 1991 до 2007 година**, изработена од **м-р Даворин Трпески**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје..................................................167-169

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на асистент во наставно-научната област математика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**м-р Весна Андова**)..................................................170-174

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на трудот **Компаративна педагогија**, од **д-р Сузана Миовска-Спасева**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје..................................................175-181

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Рецензија на ракописот **Методика на ликовното образование**, од **проф. д-р Фехим Хусковиќ**, пријавен на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.....................182-192

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во звање вонреден професор во научната област мехатроника на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Виктор Гаврилоски**).......193-201

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Квазигрупно процесирани низи, нивна булова презентација и примена во криптографијата и кодирањето** изработена од **м-р Весна Н. Димитрова**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.......202-207

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор на асистент по предметите: граматика на италијанскиот јазик и информатичка лингвистика за италијанскиот јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(м-р Руска Ивановска-Наскова)**..............................208-210
2. Реферат за избор на помлад асистент по наставниот предмет англиски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(м-р Наташа Стојановска-Илиевска)**..............................211-215

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на ракописот за учебник **Судско право,** од авторот **проф. д-р Владо Камбовски**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје..........216-221

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во научната област заштита на човековата околина на Машинскиот факултет во Скопје **(д-р Ана Лазаревска)**......................222-223

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Реферат за избор на асистент од областа на земјотресното инженерство, во ЈНУ Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје **(м-р Александра Богдановиќ)**..............................224-229

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање доцент по предметите: педагошка психологија, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, психологија на интелигенцијата и умствените способности, за групата одделенска настава на македонски наставен јазик и психологија на хумани односи меѓу половите, за групата предучилишно воспитание на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(д-р Зоран Михајловски)**..............................230-239

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор на вонреден професор на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Анета Дучевска)**..............................240-249

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Моделирање и верификација на грид процесни текови,** изработена од **м-р Боро Јакимовски**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје..............................250-255

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Социолошки аспекти на насилно и агресивно однесување на спортски манифестации во Република Македонија,** изработена **од д-р Иван Анастасовски**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје..............................256-264

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во наставно-научно звање во научната област моторни возила на Машинскиот факултет во Скопје **(д-р Дарко Данев)**..............265-276

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Владимир Ѓорѓиев, Александар Аресовски, Драган Димитриевски)**..............................277

1. Реферат за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): старогрчки јазик, новогрчки јазик, старогрчкоримска култура, палеографија и образование со примена на компјутер на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Валериј Софрониевски)**........................................278-293
2. Реферат за избор на наставник во сите звања за следниве научни области: митологија, старогрчка и римска литература, старогрчка и римска култура на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Ратко Дуев)**........................................294-302
3. Рецензија на докторската дисертација **Моделот за рано предупредување на Европската унија и неговото влијание врз безбедносната политика на Република Македонија**, изработена од **м-р Оливер Андонов**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........................................303-310
4. Реферат за избор на наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): социјална политика и системи на социјална заштита на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Маја Геровска Митев)**........................................311-319

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Примена на Базел 2 и Солвенца 2 стандардите во Република Македонија како нови модели за супервизорска контрола во банките и компаниите за осигурување**, изработена од **м-р Јордан Ќосевски**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје........................................320-325

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област трговско право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Горан Коевски)**........................................326-349
2. Рецензија на ракописот под наслов **Економика-прв дел, микроекономика**, изменето и дополнето издание од авторите **проф. д-р Владимир Кандикјан и проф. д-р Томислав Грозданoвски**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....350-354

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање доцент во наставно-научната област телекомуникации на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(д-р Перо Латкоски)**........................................355-364

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден асистент од областа на математичката анализа на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Петар Соколовски)**........................................365-368

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Истражување на интеракцијата почва-конструкција со примена на идеално приспособен слој како апсорбирачки граничен услов**, изработена од **м-р Јосиф Јосифовски**, пријавена на Градежниот факултет во Скопје........................................369-372

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Историја на балканските земји од XIV до XV век**, од авторот **д-р Бобан Петровски**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје................373-378

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА ВОДОСНАБДУВАЊЕ, КАНАЛИЗАЦИЈА И ХИДРОТЕХНИЧКИ МЕЛИОРАЦИИ, НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно – научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 365 седница одржана на 1. VII 2010 година, нé избра за рецензенти за избор на наставник од областа на водоснабдување, канализација и хидротехнички мелиорации.

На распишаниот конкурс, објавен во весникот „Дневник" од 15. VI 2010 година, и во весникот „Koha E Re" од 15. VI 2010 година, се пријави д-р Петко Пеливаноски, дипл.град.инж., досегашен вонреден професор на Катедрата за водоснабдување, канализација и мелиорации, на Градежниот факултет во Скопје. Врз основа на поднесените документи и личното познавање на кандидатот, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Петко Пеливаноски е роден на 19. 10. 1959 година во с. Јабланица - Струга. Основното и средното образование го завршил во Струга со одличен успех. На Градежниот факултет се запишал во учебната 1980/81 година на насоката за хидротехника, а дипломирал во септември 1984 година.

Дипломската работа му била од областа на водоснабдителните системи под наслов „Идеен проект за регионален водоснабдителен систем за струшкиот регион". Неа ја одбранил со највисока оценка 10 (десет).

За време на неговото студирање, од страна на институтот "Јарослав Черни" во 1985 година, за таа година доделена му е награда за најдобар вкупен успех во текот на целокупните студии од областа на Хидротехника на Градежниот факултет во Скопје.

По дипломирањето во октомври 1984 година се вработил во Заводот за урбанизам и архитектура во Струга, а во март 1985 година се префрлил во РО ХЕЦ „Глобочица" - Струга, каде што работел се до февруари 1988 година.

Во март 1988 година се вработил на Градежниот факултет во Скопје, во Институтот за хидротехника, каде што бил избран за помлад асистент по предметите: водоснабдување, канализација, хидротехнички мелиорации, санитарна хидротехника, водовод и канализација, и инсталации во зградарството.

Во учебната 1985/86 година се запишал на постдипломски студии на Градежниот факултет во Скопје, на хидротехничката насока, а во јуни 1993 година го одбранил магистерскиот труд под наслов „Континуална симулација на работа на водоснабдителни системи“ и се здобил со научно звање-магистер на технички науки од областа на хидротехниката.

Во декември 1993 година е избран за асистент по предметите: водоснабдување, канализација, хидротехнички мелиорации, водовод и канализација и инсталации во зградарството. Во декември 1996 и 1999 година е преизбиран во звањето асистент.

Во јули 2000 година ја одбранил докторската дисертација под наслов „Режим на работа и оптимално управување со водоснабдителни системи“ и се здобил со научно звање-доктор на технички науки.

Во декември 2000 година е избран во звањето доцент по предметите: водоснабдување, канализација, хидротехнички мелиорации, водовод и канализација и инсталации.

Во декември 2005 година е избран во звањето вонреден професор по предметите кои ги покрива Катедрата за водоснабдување, канализација и мелиорации, на кое место се наоѓа и сега.

Активностите од областа на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност до неговиот избор во звањето доцент се претставени во рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје број 766 од 15. IX 2000 година. Во рефератот објавен во Универзитетскиот билтен бр. 883 од 15 ноември 2005 година се претставени неговите работни активности во претходно споменатите дејности од изборот во звањето доцент до изборот за вонреден професор.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА, НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

### 2.1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од изборот во звањето вонреден професор до сега, кандидатот наставната дејност ја остварува преку водење на предавања, вежби, консултации, семинарски работи, писмени и усни испити, изработка на дипломски работи и друго. Во споменатиот временски период држи настава на додипломските и постдипломски студии, односно на првиот и вториот циклус на студии. На додипломските студии, односно на студиите од прв циклус, ги покрива предавањата по предметите: канализација, пречистување на отпадни води, моделирање во комунална хидротехника и експлоатација и управување со водоснабдителни и канализациони системи. Исто така, од изборот за вонреден професор (2005 год.) до учебната 2007/08 година ги покрива вежбите по предметот водовод и канализација.

На постдипломските студии, односно на вториот циклус студии држел настава по следниве предмети: квалитет и својства на водата, пречистување на отпадни

води, осовременување на водоснабдителни системи, одводнување на урбани површини и пумпни станици.

За потребите на студентите, на предметите на кои ги покрива предавањата по: канализација, пречистување на отпадни води и експлоатација и управување со водоснабдителни и канализациони системи, има подготвено интерни печатени предавања – скрипти.

Покрај редовните активности во наставата од прв и втор циклус на студии на Градежниот факултет, во предметниот период бил ментор на 20 дипломски работи и 18 пати учествувал како член во комисија за одбрана на дипломска работа.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, наведени се сите негови активности од областа во наставно-образовната дејност од изборот во звањето вонреден професор до сега.

## 2.2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Посебен интерес во научноистражувачката дејност му претставува делот на математичко моделирање и управување со состојбите во канализационите и водоснабдителните системи, како и заштита на водите од загадување.

Во изминатиот период од изборот во звањето вонреден професор до сега, неговата научноистражувачка дејност се одвива преку учество како соработник и истражувач во рамките на изработка на научноистражувачки проекти (национални и меѓународни) и учество со реферати на домашни и меѓународни симпозиуми и конференции. Резултатите од научноистражувачката работа ги има објавувано во зборници на трудови од научни собири, симпозиуми и конференции.

Како резултат на учеството при изработка на научно-стручниот проект „Третман и рационално користење на технолошката отпадна вода од Фени индустри од Кавадарци", подготвил и пријавил предлог-научноистражувачки проект под наслов „Штедење на водата и заштита на реципиентите со рециркулациона преупотреба на индустриската вода“. Проектот е пријавен во февруари 2010 година.

Во изминатиот период учествувал во работата на разни комисии во постапка за пријавување, изработка, оцена или одбрана на магистерски трудови и докторски дисертации. Во моментов е ментор на докторска дисертација под наслов: „Примена на пепелта од термоелектраните како можност за редуцирање на фосфорот кај малите теренски системи за прочистување на отпадни води“ од Фигене Ахмеди. Докторската дисертација е во фаза на изработка.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, наведени се сите негови активности од областа на научноистражувачката дејност од изборот во звањето вонреден професор до денес.

## 2.3. СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Стручната дејност на кандидатот е од областа на хидротехниката, односно претежно од делот на комунална хидротехника и заштита на водите (водовод, канализација, хидротехнички мелиорации и санитарна хидротехника). Како носител или соработник учествувал при изработка на голем број студии, идејни и основни (главни) проекти, ревизии на инвестиционо техничка документација, надзор над изведба на градежни објекти, комисии за технички преглед и друго.

Списокот на стручни трудови до неговиот избор во звањето доцент и вонреден професор се објавени во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје број 766 од 15. IX 2000 и број 883 од 15 ноември 2005 година. Од нив се забележува дека до неговиот избор во звањето вонреден професор има преку 100 стручни труда.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, наведени се неговите активности од областа на стручно-апликативната дејност од изборот во звање вонреден професор до денес.

## 3. ОПШЕСТВЕНА АКТИВНОСТ

Во изминатиот период од 31 март 2007 до 31 март 2009 година, кандидатот бил раководител на Катедрата за водоснабдување, канализација и мелиорации. Исто така, неколку пати бил член на Комисијата за прием на студенти во прва година на Градежниот факултет.

Кандидатот е член на Друштвото за одводнување и наводнување, како и на Асоцијацијата за комунални дејности (АДКОМ).

Моментално е член на извршниот одбор на сојузот на градежни инженери на Македонија, каде што истовремено ја врши функцијата секретар на истиот Сојуз.

# ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно изнесените податоци за наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната работа, може да се заклучи дека сите активности на д-р Петко Пеливаноски, вонреден професор на Градежниот факултет во Скопје, се во нагорна линија и дека кандидатот е афирмиран наставно-образовен, научен и стручно-апликативен работник од областа за која конкурира.

Од изборот за вонреден професор до денес, кандидатот активно учествува во реализацијата на наставата на прв и втор циклус на студии, притоа воспоставувајќи со студентите близок професионален однос. Особено е забележителен неговиот придонес во работата со дипломците и по изборот за вонреден професор, каде што како ментор или член на комисија, учествувал во околу 40 дипломски работи. Во изминатиот период, кандидатот покажува забележителна активност и во научно-стручната и во стручно-апликативната дејност, со што се стекнал со драгоцено теоретско и практично искуство, што се гледа од бројните научни и стручни трудови објавени во зборници на трудови

на научни собири одржани во земјата и во странство. Стекнатите научни и стручни сознанија успешно ги аплицира на стручно поле во изработка на бројни студии, идејни и основни проекти, како и во изработка на рецензии и стручни мислења за проекти од областа на комунална хидротехника и заштита на водите.

Врз основа на целокупниот ангажман кој ги задоволува критериумите дадени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и од личното познавање на кандидатот, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатот д-р Петко Пеливаноски, дипл.град.инж., да биде избран во звањето редовен професор во областа водоснабдување, канализација и хидротехнички мелиорации.

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Живко Велјаноски, с.р.

2. Проф. д-р Љубомир Танчев, с.р.

3. Проф. д-р Цветанка Поповска, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Петко Крстан Пеливаноски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Градежен факултет**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **комунална хидротехника и заштита на водите**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување настава - прв циклус на студии** | |
| 1 | Канализација (2+2), зимски 2004/05 | 1,2 |
| 2 | Канализација (2+2), летен 2004/05 | 1,2 |
| 3 | Канализација (2+2), зимски 2005/06 | 1,2 |
| 4 | Канализација (2+2), летен 2005/06 | 1,2 |
| 5 | Канализација (2+2), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 6 | Канализација (2+2), летен 2006/07 | 1,2 |
| 7 | Канализација (3+3), зимски 2007/08 | 1,8 |
| 8 | Пречистување на отпадни води (2+2), летен 2007/08 | 1,2 |
| 9 | Канализација (3+3), зимски 2008/09 | 1,8 |
| 10 | Моделирање во комунална хидротехника (2+2), летен 2008/09 | 1,2 |
| 11 | Експлоатација и управување со водоснабдителни и канализациони системи (2+2), летен 2008/09 | 1,2 |
| 12 | Канализација (3+3), зимски 2008/09 | 1,8 |
| 13 | Моделирање во комунална хидротехника (2+2), летен 2008/09 | 1,2 |
| 14 | Експлоатација и управување со водоснабдителни и канализациони системи (2+2), летен 2008/09 | 1,2 |
| 15 | Канализација (3+3), зимски 2009/10 | 1,8 |
| 16 | Моделирање во комунална хидротехника (2+2), летен 2009/10 | 1,2 |
| 17 | Експлоатација и управување со водоснабдителни и канализациони системи (2+2), летен 2009/10 | 1,2 |
| | **Одржување настава - втор циклус на студии** | |
| 18 | Прочистување на отпадни води (2+2), зимски 2008/09 | 1,5 |
| 19 | Прочистување на отпадни води (2+2), летен 2009/10 | 1,5 |
| | **Одржување вежби - прв циклус на студии** | |
| 20 | Водовод и канализација (3+2) летен 2004/05 -2 групи | 1,8 |
| 21 | Водовод и канализација (3+2) летен 2005/06 – 4 групи | 3,6 |
| 22 | Водовод и канализација (3+2) зимски 2006/07 – 3 групи | 2,7 |
| 23 | Прочистување на отпадни води (2+2), летен 2009/10 | 0,9 |
| 24 | Прочистување на отпадни води (2+2), летен 2009/10 | 0,9 |
| | **Консултации со студенти** | |
| 25 | Канализација, зимски и летен 2004/05 | 0,032 |

| | | |
|---|---|---|
| 26 | Водовод и канализација 2004/05 | 0,044 |
| 27 | Канализација, зимски и летен 2005/06 | 0,055 |
| 28 | Водовод и канализација 2005/06 | 0,104 |
| 29 | Канализација, зимски и летен 2006/07 | 0,020 |
| 30 | Водовод и канализација 2006/07 | 0,960 |
| 31 | Канализација и прочистување на отпадни води, зимски и летен 2007/08 | 0,036 |
| 32 | Канализација, зимски 2008/09 | 0,022 |
| 33 | Моделирање во комунална хидротехника, експлоатација и управување со ВиК, летен 2008/09 | 0,024 |
| 34 | Канализација, зимски 2008/09 | 0,014 |
| 35 | Моделирање во комунална хидротехника, експлоатација и управување со ВиК, летен 2008/09 | 0,024 |
| 36 | Прочистување на отпадни води, зимски и летен 2008/09, 2009/10 | 0,044 |
| | **Менторства, работа во комисии, скрипти, учебници** | |
| 37 | Ментор на дипломска работа (20 студенти) | 4,0 |
| 38 | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (18) | 1,8 |
| 39 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (2) | 0,6 |
| 40 | Предавање по канализација – интерна скрипта | 4,0 |
| 41 | Предавање по прочистување на отпадни води – интерна скрипта | 4,0 |
| 42 | Предавање по експлоатација и управување со водоснабдителни и канализациони системи – интерна скрипта | 4,0 |
| 43 | Таблици за хидрауличка пресметка на јајцевидни канализациони цевки – пакетен материјал | 1,0 |
| 44 | Рецензент на учебник по водовод и канализација | 1,0 |
| 45 | Рецензент на учебник по водоснабдување | 1,0 |
| | **Вкупно** | **59,479** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација: „Примена на пепелта од термоелектраните како можност за редуцирање на фосфорот кај малите теренски системи за прочистување на отпадни води" од Фигене Ахмеди. | 3,0 |
| 2 | D. Langford, B. Dimitrijevic, Z. Vukelic, P. Pelivanoski, K. Donevska, V. Jovanovski and M. Jonovski: "Consortium building for research in innovations for sustainable development in Macedonia"; FP5, Programme, CORDIS RTD-Projects/ European Communities (2002-2004) (меѓународен проект – учесник. | 5,0 |
| 3 | P. Pelivanoski, Z. Veljanoski, G. Taseski, A. Maletic: Industrial and Storm Water Treatment and Recirculation Reuse in Feni | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Industry – Kavadarci , The Fourth International Scientific Conference BALWOIS 2010, Ohrid, Republic of Macedonia 25 to 29 May 2010 (зборник со меѓународен уредувачки одбор). | |
| 4 | K. Donevska, P. Pelivanoski: Treatment Plant for Combined Treatment of Landfill Leachate and Domestic Sewage Wastewater, 13th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers, 595-603, Ohrid, Macedonia, octob. 2009. | 1,8 |
| 5 | P. Pelivanoski, K. Donevska, D. Sofronievska: Waste water and Landfill Leachate Treatment plant for the Municipality of Cenatar Zupa, 11th International Symposium on Water Management and Hydraulic Engineering (IWMHE-2009), 441-452, Ohrid, Macedonia, sept. 2009. (зборник со меѓународен уредувачки одбор). | 2,4 |
| 6 | K. Donevska, P. Pelivanoski, B. Angelova: Alternatives for Leachate treatment from the Solid Waste Landfill – Centar Zupa, 11th International Symposium on Water Management and Hydraulic Engineering (IWMHE-2009), 431-440, Ohrid, Macedonia, sept. 2009. (зборник со меѓународен уредувачки одбор). | 2,4 |
| 7 | P. Pelivanoski, Z. Veljanoski &K. Donevska: Retention Basins Application within Sewerage Systems; International Conference "Civil Engineering – science and practice", GNP 2008, Faculty of Civil Engineering, University of Montenegro,in Žabljak, Montenegro, from 3 to 7 March 2008. | 1,6 |
| 8 | P. Pelivanoski, Z. Veljanoski: Basic Criteria for Management of Pump's Water Supply Systems; 10th International Symposium on Water Management and Hydraulic Engineering (IWMHE-2007), Solaris, Sibenik, Croatia 04 - 09 September 2007. (зборник со меѓународен уредувачки одбор). | 2,7 |
| 9 | P. Pelivanoski, Z. Veljanoski: A method for selecting possible alternative related to the protection against wastewater; International conference Water, Water supply systems and Technologies- Water Quality and Water Supply, 25 - 27 April 2007, Budva, Montenegro. | 1,8 |
| 10 | П. Пеливаноски, Ж. Велјаноски: Примена на современи технологии при планирање и управување со водоснабдителни системи; Меѓународна конференција – Намалување на загубите на вода, телеметрија, и СКАДА во водоснабдителните системи, 21 – 23 септември 2006, Скопје Македонија. | 1,8 |
| 11 | П. Пеливаноски, Ж. Велјаноски: Регулирање на притисокот за намалување на загубите на вода во водоснабдителните системи; Меѓународна конференција – Намалување на загубите на вода, телеметрија, и СКАДА во водоснабдителните системи, 21 – 23 септември 2006, Скопје Македонија. | 1,8 |
| 12 | P. Pelivanoski, Z. Veljanoski:. Relation between presure and leakage in the water supply system of struga; International conference Water, Water supply systems and Technologies, 8 - 11 Maj 2006, Budva, Montenegro. | 1,8 |
| 13 | P. Pelivanoski, Z. Veljanoski: optimal management of pump's | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | water supply systems; international conference water, water supply systems and technologies, 8 - 11 maj 2006, Budva, Montenegro. | |
| 14 | Z. Vukelic, P. Pelivanoski, M.Vukelic-Sutoska:: Water shed modelling as a part of geologic investigation; the 9 th international symposium on water management and hydraulics engineering 2005; September 4 th to 7 th 2005 Ottenstein - Wiena, Austria. | 1,8 |
| | **Вкупно: научноистражувачка дејност** | **31,5** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Р. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола за Главниот проект за одводен канал - ново решение - на км 12 + 300, автопат обиколка на Скопје, делница: Хиподрум - Оризари (Ново решение). Градежен факултет, април 2006 година. | 0,5 |
| 2. | Пеливаноски П.: Идејно решение за водоснабдување на село Нераште - општина Теарце. Авторска агенција, април 2006 година. | 2,0 |
| 3. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола за Главниот проект за дислокација на водоводни и гасоводни цевки на км 21 + 780, северна обиколница на град Скопје, делница: Оризари - Сарај. Градежен факултет, мај 2006 година. | 0,5 |
| 4. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола за Главниот проект за девијација на водоводна цев ф=40 мм на км 10 + 866.75, северна обиколница на град Скопје, делница: Хиподрум - Оризари. Градежен факултет, мај 2006 година. | 0,5 |
| 5. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на Основниот проект за фарма за крави, фаза: водовод и канализација - северна обиколница на град Скопје, делница: Оризари - Сарај. Градежен факултет, мај 2006 година. | 0,5 |
| 6. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на Основен проект за колектор за одведување на фекални отпадни води од локалитетот Бегова чешма - национален парк Пелистер. Авторска агенција, февруари 2006 година. | 0,5 |
| 7. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на главниот проект за пречистителна станица за отпадни води "Бегова Чешма" - национален парк Пелистер. Авторска агенција, февруари 2006 година. | 0,5 |
| 8. | Пеливаноски П.: Стручно мислење за разрешување на проблемите со обезбедување на потребна количина на вода за санитарни потреби и противпожарна заштита на ТС Дуброво - Неготино. Градежен факултет, март 2006 година. | 1,0 |
| 9. | Пеливаноски П.: Стручна експертиза со елементи на Главен проект за надминување на проблемите при изведување на колекторскиот систем за одведување на фекални отпадни води од локалитетот Бегова чешма - национален парк Пелистер. Авторска агенција, февруари 2006 година. | 1,0 |
| 10. | Пеливаноски П.: Стручна експертиза при реконструкција и надградба на водоснабдителниот систе во село Слатина - | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | општина Теарце за календарска 2006 година. Авторска агенција, мај-октомври 2006 година. | |
| 11. | Пеливаноски П.: Стручна експертиза при изведување на работите на реконструкција и надградба на водоснабдителниот систе во село Непроштено - општина Теарце. Авторска агенција, мај-октомври 2006 година | 1,0 |
| 12. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на главните проекти за пумпни станици "Елешец" и "Пештани" на колекторскиот систем за заштита на Охридско Езеро, изработени од АД - ГРАНИТ Скопје и Германскиот консултант GKW. Градежен факултет, јуни 2006 година. | 0,5 |
| 13. | Пеливаноски П. и З. Костиќ: Стручна експертиза со предлог на решение за надминување на разликите на мерачите на проток инсталирани на доводниот цевковод за водоснабдување на Струмица во непосредна близина на браната "Турија". Авторска агенција, јуни-јули 2006 година. | 1,0 |
| 14. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на Идејно решение за одводнување на автопатот во реонот на клучка "Стајковци", северна обиколница на град Скопје, делница: Хиподром – Оризари, Градежен факултет, мај 2006 година. | 0,5 |
| 15. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на Основен проект за одводнување на северна обиколница на град Скопје; делница: Оризари - Сарај, Градежен факултет, јули 2006 година. | 0,5 |
| 16. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на Основниот проект за за проширување и реконструкција на патен правец пат Р-403 Скопје - Радуша - Јегуновце - Теарце; делница: излез од Кондово - Радуша од км 7+507.79 - км 13+626.24; дел: одводнување, Градежен факултет, септември 2006 година. | 0,5 |
| 17. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на Основниот проект за проширување и реконструкција на патен правец пат Р-403 Скопје - Радуша - Јегуновце - Теарце; делница: излез од Кондово - Радуша од км 0+000.00 - км 7+507.79; дел: одводнување, Градежен факултет, септември 2006 година. | 0,5 |
| 18. | Пеливаноски П., Кировакова Б.: Главен проект за пумпна станица "Пештани" на источниот канализационен колектор за заштита на Охридско Езеро од отпадни води, ЗИМ – Скопје, декември 2006 година. | 4,0 |
| 19. | Пеливаноски П., Кировакова Б.: Главен проект за пумпна станица "Елешец" на источниот канализационен колектор за заштита на Охридско Езеро од отпадни води, ЗИМ – Скопје, декември 2006 година. | 4,0 |
| 20. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на Главен проект за одводнување на автопатот во реонот на клучка "Стајковци", северна обиколница на град Скопје, делница: Хиподром – Оризари, Градежен факултет, февруари 2007 година. | 0,5 |
| 21. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на Основен проект за одводнување ул. "Бутелска" и девијации на хидротехничката инфра-структура на км 9+930.01 и км 9+989.06 од северна обиколница на град Скопје - делница: Хиподром – Оризари, Градежен факултет, април 2007 година. | 0,5 |
| 22. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на Основен проект за фекална канализација на слободна економска зона "Бунарџик" во Скопје, мај 2007 година. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 23. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на Основен проект за атмосферска канализација на слободна економска зона "Бунарџик" во Скопје, мај 2007 година. | 0,5 |
| 24. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на Основен проект за Дистрибутивна водоводна мрежа за слободна економска зона "Бунарџик" во Скопје, мај 2007 година. | 0,5 |
| 25. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на Основен проект за Потисен цевковод "Јурумлери – Бунарџик" со придружни објекти за слободна економска зона "Бунарџик" во Скопје, мај 2007 година. | 0,5 |
| 26. | Пеливаноски П., Доневска К.: Ревизија на изведбен проект за терминал со партерно решение за одводнување и осветлување во кругот на Кнауф – Радика АД, книга II Атмосверска канализација, јуни 2007 година. | 1,0 |
| 27. | Пеливаноски Б., Волчески: Експертиза на предвидена и изведена состојба за главната водоводна, канализациона инсталација и вентилација за една ламела од објектот лоциран во градски парк – Кампинг; Завод за испитуваље на материјали и развој на нови технологии "Скопје" – Скопје , јуни 2007 година. | 1,0 |
| 28. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П.: Ревизија и техничка контрола на Идеен проект за собирен канал за атмосферска и фекална канализација од ТИРЗ "Скопје" кон најблизок реципиент, декември 2007 година. | 0,5 |
| 29. | П.Пеливаноски: Мислење за загрозување (поплавување) од високи води на Вардар на подружницата ДИЗЕЛ под Кале; Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии "Скопје" – Скопје , март 2008 година. | 1,0 |
| 30. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П., Доневска К.: Ревизија и техничка контрола на Главниот проект за одводнување за транспортен коридор: К-8 /исток - запад/, автопат: Девебаир - Кафасан, делница: Требеништа – Подмолје – Охрид, км 0+000 – км 10+263.23, Градежен факултет, април 2008 година. | 0,5 |
| 31. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П., Доневска К.: Ревизија и техничка контрола на Главниот проект за одводнување за транспортен коридор: К-8 /исток - запад/, автопат: Девебаир - Кафасан, делница: Струга - Ќафасан , км 0+000 – км 14+398.52, Градежен факултет, април 2008 година. | 0,5 |
| 32. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П., Доневска К.: Ревизија и техничка контрола на Главниот проект за одводнување за транспортен коридор: К-8 /исток - запад/, автопат: Девебаир - Кафасан, делница: Преска – Песочани , км 0+000 – км 11+498.62, Градежен факултет, мај 2008 година. | 0,5 |
| 33. | Pelivanoski P., Donevska K., Sofronievska D.: Estimation of the investment costs for the waste water SBR treatment plant of the municipality of Centar Zupa, Faculty of Civil Engineering Skopje, May 2008 | 1,0 |
| 34. | Pelivanoski P., Donevska K., Sofronievska D., Angelova B.: Preliminary analyses for the landfill leachate and waste water treatment plant of the municipiality of "Centar Zupa" - (technical and economics), Faculty of Civil Engineering Skopje, May 2008. | 2,0 |
| 35. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П., Доневска К.: Ревизија и техничка контрола на Главниот проект за одводнување за транспортен коридор: К-8 /исток - запад/, автопат: Девебаир - Кафасан, делница: – Подмолје – Струга, км 0+000 – км 6+806.32, Градежен факултет, јуни 2008 година. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 36. | Доневска К., Пеливаноски П., Дончева Р.: Ревизија и техничка контрола на Главниот проект за технички мерки за заштита на животна средина – книга 17: К-8 /исток - запад/, автопат: Девебаир - Ќафасан, делница: – делница: Длабочица – Чатал, Чатал – Стрезовци, Стрезовци – Романовци, Градежен факултет, август 2008 година. | 0,5 |
| 37. | Пеливаноски П., Донев К.: Ревизија и техничка контрола на Главниот проект Регионална фекална канализација "Петровец", Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии "Скопје" А.Д. - Скопје, октомври 2008 година. | 1,0 |
| 38. | Пеливаноски П., Донев К.: Ревизија и техничка контрола на Основниот проект за објект винарска визба "АРГЕАДИ" во Градско, фаза: водовод и канализација, Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии "Скопје" А.Д. - Скопје, ноември 2008 година. | 1,0 |
| 39. | Пеливаноски П., Доневска К., Самарџиоска Т., Јовановски М., Илијев Ѓ.: Ревизија и техничка контрола на Основен проект за испумпување на дренажни води од колектор на брана Тополница, Градежен факултет, ноември 2008 година. | 1,0 |
| 40. | Пеливаноски П., Доневска К., Самарџиоска Т., Јовановски М., Илијев Ѓ.: Ревизија и техничка контрола на Основен проект за систем за наводнување и обеспрашување на хидројаловиште Тополница – Рудник Бучим, Градежен факултет, ноември 2008 година. | 1,0 |
| 41. | Pelivanoski P., Donevska K.: Report on verification the sustainability (necessity) of building a waste water treatment plant in the municipality of Centar Zupa, November 2009. | 1,0 |
| 42. | Pelivanoski P., Donevska K.: Report on Possible technology that can be implemented within the sanitary landfill in the municipality of Mavrovo Rostushe, November 2009. | 1,0 |
| 43. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П., Доневска К.: Ревизија и техничка контрола на Главниот проект за одводнување за транспортен коридор: К-8 /исток - запад/, автопат: Девебаир - Ќафасан, делница: – Требеништа – Струга, км 0+000 – км 8+072.042, Градежен факултет, март 2009 година. | 0,5 |
| 44. | Доневска К., Пеливаноски П., Дончева Р.: Ревизија и техничка контрола на Основен проект за технички мерки за заштита на животна средина за регионалниот пат Средно Водно-Сончев град - Скопје, Градежен факултет, март 2009 година. | 0,5 |
| 45. | Доневска К., Пеливаноски П., Дончева Р.: Ревизија и техничка контрола на Студијата за оценка на влијанието на животната средина: Транспортен коридор К-8 /исток - запад/, автопат: Девебаир - Ќафасан, делница: Длабочица – Чатал, Чатал – Стрезовци, Стрезовци – Романовци, Градежен факултет, март 2009 година. | 0,5 |
| 46. | Доневска К., Пеливаноски П., Дончева Р., Самарџиоска Т.: Ревизија и техничка контрола Главниот проект за мерки за заштита на животна средина, книга 13; за транспортен коридор: К-8 /исток - запад/, автопат: Девебаир - Ќафасан, делница: Струга – Ќафасан км 0+000 – км 14+398.52, Градежен факултет, март 2009 година. | 0,5 |
| 47. | Пеливаноски П., Попоски Ѓ., Бафто Н.: Основен проект за прочистителна станица за Горно Добреноец, општина Другово, Еуропласт Струга, март 2009. | 4,0 |
| 48. | Пеливаноски П., Попоски Ѓ., Бафто Н.: Основен проект за | 4,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | прочистителна станица за Долно Добреноец, општина Другово, Еуропласт Струга, март 2009. | |
| 49. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П., Доневска К.: Ревизија и техничка контрола на Главниот проект за изместување на подземни и надземни инфраструктурни системи: транспортен коридор К-8 /исток - запад/, автопат: Девебаир - Ќафасан, делница: Требеништа – Подмоље - Охрид, фаза: изместување на хидротехнички инсталации – книга 16/1.А, Градежен факултет, јуни 2009 година. | 0,5 |
| 50. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П., Доневска К.: Ревизија и техничка контрола на Главниот проект за изместување на подземни и надземни инфраструктурни системи: транспортен коридор К-8 /исток - запад/, автопат: Девебаир - Ќафасан, делница: Требеништа – Подмоље - Охрид, фаза: изместување на хидротехнички инсталации – книга 16/1.Б, Градежен факултет, јуни 2009 година. | 0,5 |
| 51. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П., Доневска К.: Ревизија и техничка контрола на Основен проект за изместување на водоводна линија од регионалниот пат "Куклиш - Свидовица", општина Струмица, Градежен факултет, јуни 2009 година. | 0,5 |
| 52. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П., Доневска К.: Ревизија и техничка контрола на Главниот проект за изместување на подземни и надземни инфраструктурни системи: транспортен коридор К-8 /исток - запад/, автопат: Девебаир - Ќафасан, делница: Требеништа – Струга, фаза: изместување на хидротехнички инсталации – книга 16/1, Градежен факултет, јули 2009 година. | 0,5 |
| 53. | Велјаноски Ж., Пеливаноски П., Доневска К.: Ревизија и техничка контрола на Основен -изведбен проект за прифаќање и одвод на атмосферски води, патен коридор: Табановце - Гевгелија, автопат е 75: делница: Табановце – Куманово, км 0+764.70 до км 8+388,43, Градежен факултет, ноември 2009 година. | 0,5 |
| 54. | Пеливаноски П.,Ивица., Пеливаноски Б.: Елаборат за хидрауличка анализа и математички модел за анализа на сегашните и идните состојби во водоснабдителниот систем во Кичево, Градежен факултет Скопје, декември 2009. | 2,0 |
| 55. | Пеливаноски Г. Тасески., Пеливаноски Б.: Идеен проект за реконструкција и проширување на водоснабдителниот систем во Кичево, Градежен факултет Скопје, декември 2009. | 2,0 |
| 56. | Пеливаноски П., Велјаноски Ж., Малетиќ М., Тасески Ѓ., Малетиќ А.: Студија за третман и рециркулационо користење на технолошката отпадна вода од Фени индустри од Кавадарци, февруари 2010. | 2,0 |
| 57. | Пеливаноски П., Попоски Ѓ., Бафто Н.: Основен проект за прочистителна станица за дел од општина Илинден, Еуропласт Струга, март 2010. | 4,0 |
| 58. | Пеливаноски П., Попоски Ѓ., Бафто Н.: Основен проект за прочистителна станица за дел 1 од село Оризари, општина Велес, Еуропласт Струга, март 2010. | 4,0 |
| 59. | Пеливаноски П., Попоски Ѓ., Бафто Н.: Основен проект за прочистителна станица за дел 2 од село Оризари, општина Велес, Еуропласт Струга, март 2010. | 4,0 |
| 60. | Пеливаноски П.: Техничка помош за подготовка на инвестициски проект за реконструкција и проширување на | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | канализационата мрежа за Прилеп и изградба на Станица за пречистување на отпадните води од Прилеп ("EuropeAid/127242/C/SER/MK"). Технички советник на надзорниот комитет на проектот. | |
| | **Вкупно** | **70,0** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Раководител на Катедрата за теорија на конструкциите на Градежниот факултет во Скопје, во периодот 2003-2005 и 2007-2009 година. | 6 |
| 2 | Студиски престој од 1 месец во Софија на Универзитетот за архитектура, строителство и геодезија, Хидротехнички факултет. Студискиот престој беше преку CEEPUS-програмата. | 0,5 |
| 3 | Член на наставна комисија на Градежниот факултет, во периодот од 2004-2006 година. | 0,5 |
| 4 | Изготвување и пријавување на предлог-научен проект „Штедење на водата и заштита на реципиентите со рециркулациона преупотреба на индустриската вода". Проектот е пријавен во февруари 2010 година. | 1 |
| 5 | Член на Комисијата за спроведување на конкурсот за упис на нови студенти за учебната 2005/2006 год. и член на Комисијата за спроведување на квалификациони испити на Градежниот факултет во Скопје. | 0,5 |
| 6 | Член на извршниот одбор и секретар на Сојузот на градежни инженери на Македонија | 1 |
| | | **9,5** |
| | **Вкупно: стручно- апликативна дејност** | **79,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 59,48 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 31,50 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 79,50 |
| **Вкупно:** | **170,48** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Живко Вељаноски, с.р.
2. Проф. д-р Љубомир Танчев, с.р.
3. Проф. д-р Цветанка Поповска, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИТЕ *СИСТЕМАТИКА И ФИЛОГЕНИЈА НА АЛГИ* И *БИОМОНИТОРИНГ* НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр.07-1376/3 од 1.7.2010 година на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", донесена на седницата одржана на 24.6.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите завња по група предмети од областите *систематика и филогенија на алги* и *биомониторинг* на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Комисијата во состав: д-р Светислав Крстиќ, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, академик Владо Матевски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Љубчо Меловски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, ја разгледа пријавата и доставената документација од единствениот пријавен кандидат, д-р Златко Левков, на конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" на 8.6.2010 година и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

I. Биографски податоци

Д-р Златко Левков е роден на 1.8.1972 во Скопје, каде што го завршил основното и средното образование. Во учебната 1991/92 година се запишал на Институтот за биологија, Природно-математички факултет во Скопје, биохемиско-физиолошка насока. Во учебната 1995/96 година се запишал на постдипломски студии на еколошко-таксономската насока на Институтот за биологија, Природно-математички факултет во Скопје. Во 2001 година магистрирал со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Дистрибуција на тешки метали во река Вардар и нивното влијание врз водните мовови и дијатомеите". Во 2005 година ја одбранил докторската дисертација под наслов „Таксономија и екологија на дијатомејската флора од Преспанското Езеро и изворите Св. Наум".

Во 1996 година е вработен како стручен соработник на Институтот за биологија, а во 1999 година е избран за помлад асистент. Во 2001 година е избран во звањето асистент на Институтот. Во 2006 година е избран во звањето доцент на Институтот за биологија, на кое работно место се наоѓа и денес.

Осврт на наставната, научноистражувачката и стручноапликативната дејност на д-р Златко Левков до неговиот избор во звањето доцент е даден во референтот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 890 од 1.02.2006 година. Во понатамошниот текст од извештајот е даден критички осврт кон активностите на д-р Левков по изборот во звањето доцент.

**II. Наставно-образовна дејност**

Од изборот во звањето доцент, д-р Златко Левков ја реализирал теоретската настава по следниве предмети:

1. *систематика и филогенија на нижите растенија* за студиска програма од I циклус по биологија - наставна насока со седмичен фонд 4+6 во учебните 2005/2006, 2006/2007, 2008/2009 и 2009/2010;

2. *алгологија* за студиска програма од I циклус по биологија - еколошка насока, со седмичен фонд 3+2 во учебните 2005/2006, 2006/2007, 2008/2009 и 2009/2010;
3. *еколошки мониторинг и биоиндикатори* за студиска програма од I циклус по биологија - еколошка насока, со седмичен фонд 4+4 во учебните 2005/2006, 2006/2007, 2008/2009 и 2009/2010;
4. *биологија на дијатомеи* за студиска програма од I циклус по биологија - еколошка насока, со седмичен фонд 2+2 во учебната 2009/2010;
5. *Охридско Езеро* за студиска програма од I циклус по биологија - еколошка насока со седмичен фонд 2+2 во учебната 2009/2010;
6. *систематика на одредена група организми* за студиска програма од II циклус по биологија - еколошка насока, во учебната 2009/2010.

Д-р Златко Левков е автор на интерните скрипти по предметите *алгологија* и *еколошки мониторинг и биоиндикатори* според кои се реализира наставата на Институтот за биологија.

Воедно, д-р Златко Левков учествувал во изработката на елаборатот за новите студиски програми од II циклус (едногодишни постдипломски студии) на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во рамките на овие елаборати, д-р Златко Левков ги има изработено наставните програми за предметите од соодветните наставно-научни области за кои е избран.

**III. Научноистражувачка дејност**

Потесната научна област на д-р Златко Левков е систематиката и таксономијата на дијатомејските (силикатни) алги, како и нивната примена во биолошкиот мониторинг на водните екосистеми. Во изминатиот период, д-р Златко Левков бил национален координатор (главен истражувач) на билатералниот македонско-кинески проект под наслов: „Проценка на влијанието на загадувањето на тешки метали во Река Вардар", реализирана во текот на 2007/2009 година. Воедно учествувал и во два меѓународни проект: Improvement of Management of Transboundary Water Resources (03MAC01/10/104), и Concepts for integrated transboundary water management and sustainable socio-economic development in the cross border region of Albania, FYR Macedonia and Greece (FP6-2002-INCO-WbC-1), финансирани од страна на Европската комисија. Моментално учествува во реализацијата на проектите: "Diatom biodiversity on the Balkans - process, pattern and scale" – носител: Бугарската академија на науките и билатералниот македонско-кинески проект под наслов „Проценка на степенот на еутрофикацијата, последиците и можностите за ремедијација на определени пресноводни екосистеми во Република Кина - истражувања на езерата Honghu и источниот дел на езерото Hubei" – носител: Институт за биологија, Природно-математички факултет во Скопје.

Во изминатиот период д-р Левков има објавени две монографии и 12 труда, сите во меѓународни списанија.

1. Монографија: Levkov, Z., Krstic, S., Metzeltin D. & Nakov, T. (2007): Diatoms from Lake Prespa and Ohrid. Iconographia Diatomologica. A.R.G. Gantner Verlag, Ruggell. Vol. 16: 1-603.

Објавената монографија се однесува на таксономијата и екологијата на силикатните алги (дијатомеи) во Преспанското и Охридското Езеро. Во рамките на оваа студија се утврдени вкупно 500 дијатомејски таксони, од кои 75 се нови за науката, вклучувајќи и еден нов род *Krsticiella*, кој се води како ендемичен за Охридското Езеро. Сите дијатомејски таксони се соодветно илустрирани на вкупно 220 таблици.

2. Монографија: *Amphora* sensu lato. In: H. Lange-Bertalot (ed.), Diatoms of Europe, Diatoms of the European Inland waters and comparable habitats. A.R.G. Gantner Verlag K.G., Vol: 5: 1-916.

Објавената монографија се однесува на таксономијата, дистрибуцијата и екологијата на еден од најголемите родови дијатомеи - *Amphora*. При тоа, во студијата се обработени над 300 видови од *Amphora* sensu lato, вклучувајќи видови од неколку подродови (секции). Во рамките на студијата е воспоставен еден нов род *Halamphora*, како и даден е опис на 80 нови видови за науката од различни екосистеми (Охридско и Преспанско Езеро, езерата Тангањика, Баикал, Аоки, Ховсгол, Мичиген), како и региони (Централна и Северна Европа, Северна Америка, Аљаска, Сибир, Монголија, Нов Зеланд, Боливија, Чиле, Јужна Африка, Гана итн). Истражувањата се направени во рамките на двете најголеми светски колекции: Дијатомејска колекција на Фридрих Хуштед во Бремерхавен, Германија и Дијатомејската колекција при Природно-научниот музеј во Лондон, Велика Британија. Морфологијата на сите видови е соодветно опишана и видовите се илустрирани на вкупно 292 таблици кои содржат над 3500 микрофотографии на светлосен микроскоп и над 1000 микрофотографии направени на скенинг електронски микроскоп.

3. Levkov Z., Nakov, T & Metzeltin, D. (2006): New species and combination from genus *Sellaphora* Mereschkowsky (Bacillariophyceae) from Macedonia. Diatom Research 21: 297-312.

Трудот опфаќа анализа на три вида дијатомеи од родот Sellaphora од Македонија, од кои два се утврдени и опишани како нови за науката: *Sellaphora krsticii* и *Sellaphora perbacilloides*. Во труд анализиран е и типскиот материјал на видот *Navicula bacilloides*, опишан од Катлановското Езеро како и рецентен материјал од Арачиновското блато. Во трудот е направена и критичка анализа на податоците за распространувањето и идентификацијата на *Navicula bacilloides* во досегашниот период, како и детален опис на морфолошките карактеристики на овој слабо познат вид.

4. Levkov, Z. & Williams, D.M. (2006): Two new species of *Diatoma* from Lakes Ohrid and Prespa, Macedonia. Diatom Research 21: 281-296.

Во трудот се презентирани сите досегашни сознанија за дистрибуцијата на родот *Diatoma* на Балканскиот Полуостров, со особен осврт на Охридското и Преспанското Езеро. Воедно е даден и преглед на сите таксони од видовиот комплекс на *Diatoma vulgaris* како и информации за валидноста и достапноста на типските материјали. Во рамките на оваа студија се опишани и два нови вида од Охридското и Преспанското Езеро: *Diatoma angusticostata* и *Diatoma densicostata* кои се детално компарирани со блиски и слични видови.

5. Edlund, M.B., Brant, L.A., Levkov, Z. & Nakov, T. (2006): An emended description of *Decussata* (Patrick) Lange-Bertalot & Metzeltin that includes protoplast organization. Diatom Research 21: 297-310

Во рамките на оваа студија е даден проширен опис на малку познатиот дијатомејски род *Decussata*, пред се базиран на морфологијата на хлоропластот и градбата на појасите и внатрешноста на валвата. Два вида, *Decussata placenta* и *Decussata hexagona*, се детално опишани, вклучувајќи ги морфолошките карактери базирани на набљудувања на светлосен микроскоп на живи клетки и на препарирани валви и фрустули, како и на детали ултраструктурни карактеристики на скенинг електронски микроскоп.

6. Levkov, Z. Saul, B., Krstic, S., Nakov, T., & Ector, L. (2007): Ecology of benthic diatoms from Lake Prespa, Macedonia. Archiv für Hydrobiologie Supplement/Algological Studies 124: 71-83

Во трудот за прв пат е утврдена екологијата на доминантните бентосни дијатомеи од Преспанското Езеро. Анализите опфаќаат детални таксономски набљудувања и пребројување, физичко-хемиски параметри и статистички методи. Во трудот се утврдени главните физичко-хемиски фактори кои влијаат врз дистрибуцијата на дијатомеите, како и супстратната зависност на одделните таксони.

7. Krstic, S., Svircev, Z., Levkov, Z. & Nakov, T. (2007): Selecting appropriate bioindicator regarding the WFD guidelines for freshwaters – a Macedonian experience. International Journal on Algae 9: 41-63.

Во трудот се дадени критички анализи на различните методи за биомониторинг на водните екосистеми, како и предлози за најдобри биоиндикаторски организми во долгорочниот мониторинг на водните екосистеми во Македонија. Со компарирање на различните организми препорачани од Рамковната директива за води на Европската унија во мониторингот на слатководните екосистеми, авторите заклучуваат дека алгите и особено дијатомеите регираат доста брзо кон промените на еколошките параметри. Алгите, а особено модрозелените алги кои учествуваат во формирањето на „воден цвет", можат да дадат значајни информации за еколошките состојби во слатководните екосистеми и поради тоа би требало да бидат вклучени во регуларниот мониторинг.

8. Levkov, Z., Edlund, M.B. & Nakov, T. (2008): The identity and typification of *Navicula hasta* (Bacillariophyceae): Phycological Research 56 (1): 46-57.

Во оваа студија е направена лектотипификација на видот *Navicula hasta*, кој е често пати погрешно идентификуван од бројни автори. Трудот опфаќа микроскопски анализи на типскиот материјал од Pantocsek (1892) како и на фосилни материјали од Копеч и Бодош, Романија. При анализите е утврдена потреба за лектотипификација на видот *Navicula superhasta*, како и опишување на дополнителни два нови вида, *Navicula pseudohasta* и *Navicula krenneri,* кои се погрешно идентификувани во минатото и често заменувани со видот *Navicula hasta*.

9. Levkov, Z. & Nakov, T. (2008): *Rhoicosphenia tenuis* a new diatom species from Lake Ohrid. Diatom Research 23: 377-388.

Во овој труд се анализирани неколку популации од родот *Rhoicosphenia*, од Охридското и Дојранското Езеро и реката Вардар. При тоа, утврден е нов вид *Rhoicosphenia tenius*, кој се смета за ендемичен за Охридското Езеро. Во трудот се дадени морфолошките и нумеричките карактеристики на досега познатите таксони (видови и подвидови) од *Rhoicosphenia* и дадена е детална компаративна анализа на новиот вид со досега познатите. Видот е илустриран со бројни микрофотографии на светлосен и електронски микроскоп.

10. Nikolaidis, N.P., Karageorgis, A.P., Kapsimalis, V., Drakopoulou, P., Skoulikidis, N., Behrendt, H. & Levkov, Z. (2009): Management of nutrient emissions of Axios River catchment: Their effect in the coastal zone of Thermaikos Gulf, Greece. Ecological modelling 220: 383–396.

Во рамките на оваа студија е направена проценка на внесот и промените на хранителните материи, како и определена е временската и просторната рамка на промените во сливното подрачје на реката Вардар. Воедно, определено е и влијанието на хранителните материи врз Солунскиот Залив. За таа цел развиен е математички модел MONERIS, кој претставува модел за управување на внесот на хранителни материи во реката Вардар. Овој модел е развиен со цел да се определи внесот од точкаски и дифузни извори.

11. Pavlov, A., Nakov, T., Levkov, Z., Rex, L., Furey, P. & Ector, L. (2009): *Luticola grupcei* (Bacillariophyceae) - a new freshwater diatom from Mountain Baba (Macedonia) and Great Smoky Mountains National Park (USA): comparison with the type material of *L. goeppertiana* (Bleisch) D.G. Mann. Nova Hedwigia 89: 147-164.

Во оваа студија е утврден еден нов вид на силикатна алга *Luticola grupcei* од два доста далечни локалитети: планината Баба во Македонија и Great Smoky Mountains во САД. Видот, според своите карактеристики, наликува на досега познатиот вид *Luticola goeppertiana*. Типскиот материјал од *Luticola goeppertiana* е анализиран со СМ и СЕМ и се определени морфолошките карактеристики. Во трудот е направена детална споредба на овие два блиски вида и се дадени диференцијалните карактери според кои видовите можат едноставно да се разликуваат.

12. Edlund, M.B., Shinneman, A.L.C. & Levkov, Z. (2009): Diatom biodiversity in Mongolia: A new amphoroid diatom from saline lakes in western Mongolia, *Amphora soninkhishigae* sp. nov. Acta Botanica Croatica 68(2): 251-262.

Во оваа студија е опишан еден нов вид од солените езера во Монголија. Видот се карактеризира со интермедиерни својства кои не дозволуваат негово поставување во досега познатите подродови во рамки на *Amphora* sensu lato. Во трудот се детално опишани и морфолошките својства на главните секции на *Amphora* sensu lato, како и диференцијалните карактери. Видот *Amphora soninkhishigae* е детално опишан и илустриран со бројни СМ и СЕМ фотографии.

13. Levkov, Z. & Ector, L. (2010): A comparative study of *Reimeria* species (Bacillariophyceae). Nova Hedwigia 90(3-4): 469-489.

Во трудот е направена ревизија на родот *Reimeria* од различни локалитети во Европа, Азија, Северна и Јужна Америка. При тоа, утврден е еден нов вид *Reimeria fontinalis* од Охридското Езеро, кој е споредуван со типските материјали од неколку *Reimeria* видови. Воедно, во трудот е предложен нов статус на еден таксон и негово издигнување на ниво на вид (*Reimeria ovata*), како и нова комбинација на еден слабо познат и често погрешно идентификуван вид - *Reimeria capitata*.

14. Levkov, Z., Caput-Mihalic, K. & Ector, L. (2010): A taxonomical study of *Rhoicosphenia* Grunow (Bacillariophyceae) with a key for identification of taxa. Fottea 10: 1-56.

Во овој монографски труд авторите даваат детална ревизија на досега познатите видови *Rhoicosphenia* во светски рамки, при што анализирани се морски, бракични и слатководни екосистеми, како и бројни фосилни депозити. Оваа студија опфаќа и анализа на бројни типски материјали од видови опишани кон средината и крајот на 19 век. Воедно, анализирани се бројни популации од Европа, Северна Америка, Сибир, Монголија, Кина, Северна и Јужна Америка, Јужна Африка итн. При тоа авторите успеале да идентификуваат вкупно 16 видови, од кои четири се нови за науката *Rhoicosphenia lacustris*, од Дојранското Езеро, *R. affinis* од Кина, *R. adriatica* и *R. omblaensis* од вливот на Омбла, Хрватска, во Јадранското Море. Воедно авторите даваат и дихотомен клуч за определување на одделните видови. Сите видови се детално илустрирани со СМ и СЕМ фотографии.

Во изминатиот период, д-р Левков досега учествувал на повеќе меѓународни научни конференции со презентациите:

1. Levkov, Z., Nakov, T. & Krstic, S. (2006): Diversity and distribution of *Neidium* Pfitzer species in Macedonia. 19$^{th}$ International Diatom Symposium, Listvyanka, Russia, 28 August - 3 September 2006.
2. Levkov, Z., Nakov, T. & Krstic, S. (2007): Gomphonemoid taxa in Macedonia, diversity and distribution. 1$^{st}$ Central European Diatom Congress, Berlin, 23-26.03.2007.
3. Levkov, Z., Krstic, S., Nakov, T. & Pavlov, A. (2007): Present knowledge of diatom flora from Lake Ohrid. 1$^{st}$ Symposium for protection of natural lakes in Republic of Macedonia, Ohrid 31.05-03.06.2006.

4. Levkov, Z., Metzeltin, D., Ector, L., Pavlov A., Krstic, S & Nakov T. (2008a): Current and future concept of taxonomy of *Amphora* sensu stricto and its impact on biogeography and autecology. 22. Treffen Deutschsprachiger Diatomologen mit Internationaler Beteiligung 12-15 June 2008, Trento Italy.
5. Levkov, Z., Ector, L. & Metzeltin, D. (2008b): Taxonomy and biogeography of *Amphora* species in ancient lakes. 27ème Colloque de l'ADLaF, 1 au 4 septembre 2008. Dijon, France.
6. Levkov, Z., Ector, L., Metzeltin, D. & Pavlov, A. (2008c): Diversity and distribution of *Rhoicosphenia* species. 27ème Colloque de l'ADLaF, 1 au 4 septembre 2008. Dijon, France.
7. Levkov, Z., Pavlov, A., Hlubikova, D., Furey P., Lowe, R. & Ector, L. (2008d): *Luticola goeppertiana* (Bleich) D.G. Mann species complex. 20th International Diatom Symposium, 7-13 September 2008, Dubrovnik, Croatia.
8. Pavlov, A. Dulić, T. & Levkov, Z. (2008a): *Gomphonema olivaceum* (Hornemann) Brébisson species complex in Lake Ohrid, Macedonia. 22. Treffen Deutschsprachiger Diatomologen mit Internationaler Beteiligung 12-15 June 2008, Trento Italy.
9. Pavlov, A. Levkov, Z., Jovanovska, E & Krstic, S. (2008b): Diversity and distribution of *Eunotia* species in Macedonia. 20th International Diatom Symposium, 7-13 September 2008, Dubrovnik, Croatia.
10. Jovanovska, E., Levkov, Z., Nakov, T. & Pavlov A. (2008): Taxonomy of *Diploneis* species in Lake Ohrid. 20th International Diatom Symposium, 7-13 September 2008, Dubrovnik, Croatia.
11. Levkov, Z., Hamilton, P., Williams D.M. & Edlund M.B. (2009): Endemism and cosmopolitism in diatoms from the large lakes: A case study of *Amphora* (Bacillariophyceae). 5$^{th}$ International Symposium on Ancient Lakes, 4-8.09.2009.
12. Levkov, Z., Pavlov, A., Cvetkoska A., & Jovanovska E. (2010): Taxonomy and ultrastructure of selected *Luticola* species. 23. Treffen Deutschsprachiger Diatomologen mit Internationaler Beteiligung, 12-15 March 2010, Konstanz, Germany.

**IV. Стручно-апликативна дејност**

Д-р Златко Левков има добиено стипендија од Фондацијата „Александер фон Хумболт" во 2007 година, при што истражувањата ги реализира во Дијатомејската колекција на Фридрих Хуштедт при Алфред Вегенер-институтот за поларни и морски истражувања во Бремерхавен, Германија, во периодот од јуни 2007 до октомври 2008. Во истиот Институт престојувал уште два пати во 2009 и 2010 во времетраење од по еден месец. Во 2008 година добивал стипендија во рамките на паневропската програма SYNTHESIS, при што реализирал едномесечни истражувања во Дијатомејската колекција при Природно-научниот музеј во Лондон, Велика Британија, на таксономијата на видовите од родот *Amphora*.

Во изминатиот период, д-р Златко Левков како експерт за диверзитет на алги и водна екологија учествувал во вкупно шест студии.

Од септември 2009 година е избран за раководител на Институтот за биологија, функција која ја врши во моментов.

Во јануари 2010 година ја регистрира Македонската национална дијатомејска колекција која денес поседува над 6000 материјали и над 10.000 трајни препрарати. Во рамките на колекцијата ја извршува функцијата куратор.

Во 2010 година е добитник на општественото признание "Гоце Делчев", особено значајно остварување во науката од интерес на Република Македонија за монографијата *Amphora* sensu lato.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од изнесените податоци за севкупната активност на колегата д-р Златко Левков евидентен е неговиот рапиден напредок, пред се во научната сфера, во извештајниот период на последните 5 години. Тој успева на мошне луциден начин и со многу труд да се вклопи во врвните научни трендови од областа на таксономијата на дијатомеите, да формира широк круг на врвни соработници и да публицира меѓународно рецензирани монографии и трудови. Со тоа д-р Левков ги издигнува усилбите на своите професори и ментори, за промовирање на дијатомологијата во Македонија, на целосно нова рамнина високо прифатена од врвната светска научна јавност. Регистрирањето и проширувањето на постојната дијатомолошка збирка при Институтот за биологија претставува чекор кон оформување на светски признат центар на поширокиот простор на Балканот и јадро на обука на млади кадри во оваа високо специјализирана област на алгологијата. По предлог од својот Факултет, д-р Левков веќе го прими и општественото признание „Гоце Делчев" за својот досегашен научен опус.

Наставната и образовна активност на д-р Златко Левков исто така бележи нагорна линија на развиток. Бројните нови наставни дисциплини воведени со реформите во системот на високото образование тој се обидува да ги пренесе на своите колеги - студенти на еден модерен и прифатлив начин, и самиот постојано проширувајќи ги своите знаења. Приодот на колегијалност и отвореност кон студентите резултира д-р Левков постојано да биде опкружен со голем број млади колеги кои тој несебично ги воведува во комплексната област на таксономијата на дијатомеите.

Од друга страна, д-р Левков изнаоѓа сили и време да го преземе раководењето со Институтот за биологија во последниот период и со тоа да се обиде да го пронајде најдобриот развоен пат за својата институција во време на големи измени на високошколскиот систем во нашата држава. Поради својот приод на колегијалност, професионалност и коректност, тој воведува нов квалитет во работата на Институтот во атмосфера на меѓусебно почитување и соработка.

Евидентно е дека д-р Златко Левков остварува обемна и широка научно-истражувачка, стручно-апликативна и образовна дејност во изминатиот период, со завидни и признати резултати. Рецензентската комисија, според сето изнесено и личното познавање на кандидатот, се стекна со цврсто уверување дека д-р Левков се разви во темелен научен и наставен работник со јасен потенцијал и за понатамошни врвни достигнувања. Сите професионални и хумани одлики на **д-р Златко Левков** упатуваат на единствената едногласна препорака и чест, Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да го избере во звањето **вонреден професор** по предметите од наставно-научните области **систематика и филогенија на алги** и **биомониторинг** на Институтот за биологија.

Рецензентска комисија

Д-р Светислав Крстиќ,

редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Академик Владо Матевски,

редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Љубчо Меловски,

редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Златко Томислав Левков
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Институт за биологија, Природно-математички факултет
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** систематика на алги и еколошки мониторинг

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава на I циклус | 21,6 |
| 2. | Одржување на теренска настава по систематика и филогенија на нижи растенија во 2006 | 2,4 |
| 3. | Ментор на дипломска работа (3 x 0,2) | 0,6 |
| 4. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (2 x 0,5) | 1,0 |
| 5. | Интерна скрипта од предавања по еколошки мониторинг и биоиндикатори | 4,0 |
| | **Вкупно** | 29,6 |

## Во прилог на НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Година | Семестар | Предмет | Вк. часови | Поени предавања |
|---|---|---|---|---|
| 2005/2006 | летен | Систематика и филогенија на нижи растенија | 2x15 | 1,2 |
| 2006/2007 | зимски | Алгологија | 3x15 | 1,8 |
| | зимски | Еколошки мониторинг и биоиндикатори | 4x15 | 2,4 |
| | зимски | Систематика и филогенија на нижи растенија | 4x15 | 2,4 |
| 2008/2009 | зимски | Алгологија | 2x15 | 1,2 |
| | зимски | Еколошки мониторинг и биоиндикатори | 3x15 | 1,8 |
| | зимски | Систематика и филогенија на нижи растенија | 4x15 | 2,4 |
| 2009/2010 | зимски | Систематика и филогенија на нижите растенија | 4x15 | 2,4 |
| | зимски | Еколошки мониторинг и биоиндикатори | 4x15 | 2,4 |
| | летен | Биологија на дијатомеи | 2x15 | 1,2 |
| | летен | Охридско Езеро | 2x15 | 1,2 |
| | летен | Алгологија | 2x15 | 1,2 |
| **ВКУПНО** | | | | **21,6** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Национален координатор на билатерален македонско-кинески научен проект под наслов: Проценка на влијанието на загадувањето на тешки метали во река Вардар. | 6 |
| 2. | Учесник во меѓународен научен проект: Diatom biodiversity on the Balkans - process, pattern and scale. | 5 |
| 3. | Учесник во меѓународен проект: Improvement of Management of Transboundary Water Resources. 03MAC01/10/104. | 5 |
| 4. | Учесник во меѓународен проект: Concepts for integrated transboundary water management and sustainable socio-economic development in the cross border region of Albania, FYR Macedonia and Greece. FP6-2002-INCO-WbC-1. | 5 |
| 5. | Учесник во билатерален проект: Процена на степенот на еутрофикацијата, последиците и можностите за ремедијација на определени пресноводни екосистеми во Република Кина - истражувања на езерата Honghu и источниот дел на езерото Hubei. | 3 |
| 6. | Монографија: Levkov, Z., Krstic, S., Metzeltin D. & Nakov, T. (2007): Diatoms from Lake Prespa and Ohrid. Iconographia Diatomologica. A.R.G. Gantner Verlag, Ruggell. Vol. 16: 1-603. | 7,2 |
| 7. | Монографија: *Amphora* sensu lato. In: H. Lange-Bertalot (ed.), Diatoms of Europe. Diatoms of the European Inland waters and comparable habitats. A.R.G. Gantner Verlag K.G., Vol: 5: 1-916. | 12 |
| 8. | Труд: LEVKOV Z., Nakov, T & Metzeltin, D. (2006): New species and combination from genus *Sellaphora* Mereschkowsky (Bacillariophyceae) from Macedonia. Diatom Research, 21: 297-312 | 5,45 |
| 9. | Труд: LEVKOV, Z. & Williams, D.M. (2006): Two new species of *Diatoma* from Lakes Ohrid and Prespa, Macedonia. Diatom Research, 21: 281-296. | 6,13 |
| 10. | Труд: Edlund, M.B., Brant, L.A., LEVKOV, Z. & Nakov, T. (2006): An emended description of *Decussata* (Patrick) Lange-Bertalot & Metzeltin that includes protoplast organization.Diatom Research, 21: 297-310. | 5,45 |
| 11. | Труд: LEVKOV, Z. Saul, B., Krstic, S., Nakov, T., & Ector, L. (2007): Ecology of benthic diatoms from Lake Prespa, Macedonia. Archiv für Hydrobiologie Supplement/Algological Studies, 124: 71-83. | 4,45 |
| 12. | Труд: Krstic, S., Svircev, Z., LEVKOV, Z. & Nakov, T. (2007): Selecting appropriate bioindicator regarding the WFD guidelines for freshwaters – a Macedonian experience. International Journal on Algae, 9: 41-63. | 3,79 |
| 13. | Труд: LEVKOV, Z., Edlund, M.B. & Nakov, T. (2008): The identity and typification of *Navicula hasta* (Bacillariophyceae): Phycological Research, 56 (1): 46-57. | 5,56 |
| 14. | Труд: LEVKOV, Z. & Nakov, T. (2008): *Rhoicosphenia tenuis* a new diatom species from Lake Ohrid. Diatom Research 23: 377-388. | 5,95 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | Труд: Nikolaidis, N.P., Karageorgis, A.P., Kapsimalis, V., Drakopoulou, P., Skoulikidis, N., Behrendt, H. & LEVKOV, Z. (2009): Management of nutrient emissions of Axios River catchment: Their effect in the coastal zone of Thermaikos Gulf, Greece. Ecological modelling 220: 383–396. | 4,63 |
| 16. | Труд: Pavlov, A., Nakov, T., LEVKOV, Z., Rex, L., Furey, P. & Ector, L. (2009): *Luticola grupcei* (Bacillariophyceae) - a new freshwater diatom from Mountain Baba (Macedonia) and Great Smoky Mountains National Park (USA): comparison with the type material of L. goeppertiana (Bleisch) D.G. Mann. Nova Hedwigia 89: 147-164. | 3,97 |
| 17. | Труд: Edlund, M.B., Shinneman, A.L.C. & LEVKOV, Z. (2009): Diatom biodiversity in Mongolia: A new amphoroid diatom from saline lakes in western Mongolia, *Amphora soninkhishigae* sp. nov. Acta Botanica Croatica 68(2): 251-262. | 3,94 |
| 18. | Труд: LEVKOV, Z. & Ector, L. (2010): A comparative study of *Reimeria* species (Bacillariophyceae). Nova Hedwigia 90(3-4): 469-489. | 5,96 |
| 19. | Труд: LEVKOV, Z., Caput-Mihalic, K. & Ector, L. (2010): A taxonomical study of *Rhoicosphenia* Grunow (Bacillariophyceae) with a key for identification of taxa. Fottea 10: 1-56. | 6,21 |
| 20. | Презентација: LEVKOV, Z., Nakov, T. & Krstic, S. (2006): Diversity and distribution of Neidium Pfitzer species in Macedonia. 19th International Diatom Symposium, Listvyanka, Russia, 28 August - 3 September 2006. | 1 |
| 21. | Презентација: LEVKOV, Z., Nakov, T. & Krstic, S. (2007): Gomphonemoid taxa in Macedonia, diversity and distribution. 1st Central European Diatom Congress, Berlin, 23-26.03.2007. | 1 |
| 22. | Презентација: LEVKOV, Z., Krstic, S., Nakov, T. & Pavlov, A. (2007): Present knowledge of diatom flora from Lake Ohrid. 1st Symposium for protection of natural lakes in Republic of Macedonia, Ohrid 31.05-03.06.2006. | 1 |
| 23. | Презентација: LEVKOV, Z., Metzeltin, D., Ector, L., Pavlov A., Krstic, S & Nakov T. (2008): Current and future concept of taxonomy of *Amphora* sensu stricto and its impact on biogeography and autecology. 22. Treffen Deutschsprachiger Diatomologen mit Internationaler Beteiligung 12-15 June 2008, Trento Italy. | 1 |
| 24. | Презентација: Pavlov, A. Dulić, T. & LEVKOV, Z. (2008b): *Gomphonema olivaceum* (Hornemann) Brébisson species complex in Lake Ohrid, Macedonia. 22. Treffen Deutschsprachiger Diatomologen mit Internationaler Beteiligung 12-15 June 2008, Trento Italy. | 1 |
| 25. | Презентација: LEVKOV, Z., Ector, L. & Metzeltin, D. (2008c): Taxonomy and biogeography of *Amphora* species in ancient lakes. 27ème Colloque de l'ADLaF, 1 au 4 septembre 2008. Dijon, France. | 1 |
| 26. | Презентација: LEVKOV, Z., Ector, L., Metzeltin, D. & Pavlov, A. (2008): Diversity and distribution of *Rhoicosphenia* species. 27ème Colloque de l'ADLaF, 1 au 4 septembre 2008. Dijon, France. | 1 |
| 27. | Презентација: LEVKOV, Z., Pavlov, A., Hlubikova, D., Furey P., Lowe, R. & Ector, L. (2008): *Luticola goeppertiana* (Bleich) D.G. Mann species complex. 20th International Diatom Symposium, 7-13 September 2008, Dubrovnik, Croatia. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 28. | Презентација: Pavlov, A. LEVKOV, Z., Jovanovska, E & Krstic, S. (2008): Diversity and distribution of *Eunotia* species in Macedonia. 20th International Diatom Symposium, 7-13 September 2008, Dubrovnik, Croatia. | 1 |
| 29. | Презентација: Jovanovska, E., LEVKOV, Z., Nakov, T. & Pavlov A. (2008): Taxonomy of *Diploneis* species in Lake Ohrid. 20th International Diatom Symposium, 7-13 September 2008, Dubrovnik, Croatia. | 1 |
| 30. | Презентација: Levkov, Z., Hamilton, P., Williams D.M. & Edlund M.B. (2009): Endemism and cosmopolitism in diatoms from the large lakes: A case study of *Amphora* (Bacillariophyceae). 5th International Symposium on Ancient Lakes, 4-8.09.2009 | 1 |
| 31. | Презентација: LEVKOV, Z., Pavlov, A., Cvetkoska A., & Jovanovska E. (2010): Taxonomy and ultrastructure of selected *Luticola* species. 23. Treffen Deutschsprachiger Diatomologen mit Internationaler Beteiligung 12-15 March 2010, Konstanz, Germany. | 1 |
| | **Вкупно** | **116,69** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: Consulting Services of training on Conservation and Action Planning for Priority Transboundary Habitats and Species in the Prespa Lakes basin-Preparatory Phase (2009-2010). | 1 |
| 2. | Учесник во студија: Студија за оценка на влијанието врз животната средина од проектот Изградба на железничка пруга Кичево-Лин (граница со Р. Албанија) | 1 |
| 3 | Учесник во студија: Студија за оценка на влијанија од изградвата и функционирањето на депонијата за општина Маврово-Ростуше | 1 |
| 4. | Учесник во студија: Студија за оценка на влијанијата од изградбата на четири мали хидроцентрали. | 1 |
| 5. | Учесник во студија: Развој на репрезентатишен Национален систем за заштитени подрачја | |
| 6. | Учесник во студија: Osogovo Mts. in Balkan Green Belt. | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Државна награда за научни постигнувања „Гоце Делчев", 2010 | 5 |
| 2. | Студиски престој во странство - Alexander von Humboldt Foundation 2007-2008, Бремерхафен, Германија. | 2 |
| 3. | Студиски престој во странство - SYNTHESIS, Лондон, 2008. | 0,5 |
| 4. | Студиски престој во странство, Alexander von Humboldt Foundation 2009, Бремерхафен, Германија. | 0,5 |
| 5. | Студиски престој во странство, Alexander von Humboldt Foundation 2010, Бремерхафен, Германија. | 0,5 |
| 6. | Изготвување и пријавување на научен проект: Дијатомеите како индикатори за ацидификација на постглацијаните езера на планината Баба, 2007. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Изготвување и пријавување на научен проект: Диверзитет, таксономија и филогенија на видови комплекси од Охридското Езеро, 2008. | 1 |
| 8. | Изготвување и пријавување на научен проект: Карактеризација и класификација на планинските и високопланинските блатни станишта во Македонија, 2010. | 1 |
| 9. | Раководител на Институтот за биологија, 2008-2009 | 3 |
| | **Вкупно** | **19,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 29,60 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 116,69 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 19,50 |
| **Вкупно** | **165,79** |

Членови на Комисијата

Д-р Светислав Крстиќ, претседател,
редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Акад. Владо Матевски, член,
редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Љубчо Меловски, член,
редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНТЕРКУЛТУРНИОТ ПРИСТАП ВО НАСТАВАТА ПО ГЕРМАНСКИ КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕН, ОД М-Р ЕМИНА АВДИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата шеста редовна седница одржана на 21.4.2010 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: „Интеркултурниот пристап во наставата по германски како странски јазик и неговата примена во Република Македонија", изработена од м-р Емина Авдиќ под менторство на проф. д-р Петер Рау.

Во ова својство, чест ни е да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Поврзувањето на комуникативниот и на интеркултурниот пристап во последниве години го обележува вкупниот натамошен развој на теоријата, дидактиката и методиката на наставата по странски јазик. Едновремено, ниту еден друг теоретски или методски правец не придвижил толку промени колку интеркултурниот.

Со неговото воведување во дебатата за нови методи во наставата по странски јазици очигледно се отворија хоризонти што до тогаш беа пренебрегнувани или маргинализирани. Меѓутоа, неговото воведување резултираше и со дебати во кои се открија сосема нови и фундаментални димензии, со чија помош една чисто дидактички ориентирана методологија се разви во историски образложена и автентична наука.

Преку интеркултурниот пристап за првпат се воспостави врска со филозофијата, а надоврзувајќи се на херменевтиката, тој овозможи вистинска теоретска, имено филозофски поткрепена и хуманистичко-историски релевантна втемеленост. Таа, од своја страна, постојано нуди нови аспекти и можности, во кои спаѓа најновото поврзување со културологијата и на нејзините референтни науки.

Авторката јасно согледа и ја втемели во концепцијата на својата докторската дисертација можноста да се ослободат наставата и изучувањето на странскиот јазик, во овој случај на германскиот, од изолацијата и од традиционалната неповрзаност и да се ставaт во друг контекст на мајчиниот јазик и на туѓата култура за да се поврзат со домашните контексти на учениците (и на наставниците).

Авторката си ја постави амбициозната цел да изработи парадигма, во овој случај германско-македонска, со цел најпрво да проучи две нешта од аспект на можноста на примена на интеркултурниот пристап: домашниот контекст и актуелната состојба во него, т.е. можностите и границите, а потоа состојбата на дебатата што се води во Германија и пошироко а) од општ аспект и б) од аспект на

прашањето во која мера конкретните интеркултурни контексти се веќе опфатени во теоријата и во развојот на моделите.

Постојните концепти, односно дефицити, пред сè, во концепциите, учебниците и наставните материјали што се развиени во земјите од германското јазично подрачје, треба да се испитаат од аспект на тоа, на кои места во образовниот систем во односната земја, во овој случај во Македонија, можат да се утврдат и да се реализираат импулси за продуктивна примена или, пак, ретроактивно плодни импулси во образовниот контекст за натамошниот развој на интеркултурниот пристап во земјите од германското јазично подрачје.

Накусо: станува збор за таква анализа на домашниот контекст на учениците и на наставниците по германски како странски јазик, со која ќе можат да се реализираат најмалку две цели: а) поаѓајќи од критичката обработка на појдовната ситуација да се дојде до низа импулси и б) да се проучат можности за ново контекстуализирање на наставата по странски јазик, на пример, во хоризонтот на изучување на мајчиниот јазик и на постојните или можните придонеси на сродните дисциплини во парадигматизирањето на интеркултурниот пристап, што, се разбира, е особено интересно и релевантно во Македонија.

Од овој аспект, авторката може да докаже дека геокултурните и културноисториските специфики на Македонија навистина претставуваат парадигма, која е можеби единствена во Европа, па затоа има првостепено значење и се одликува со штедрост (плодотворност) и сигнификантност за планираниот проект

Структурата на трудот јасно покажува дека авторката е свесна кои делумно тешки задачи треба да се решат со цел научно основано да се спроведе амбициозната намера за парадигматизирање на македонскиот контекст на наставата по германски како странски јазик и да се опфатат сите релевантни референтни области.

Во *Воведот*, авторката најпрвин ги наведува причините за релевантноста на темата и на наведениот проект. Со одлично владеење и широки познавања на различните правци и тези во стручната дебата, таа ги опишува значењето на нејзиното истражување за натамошниот развој и постојаното ново димензионирање, одн. актуализирање на теоријата и на примената на интеркултурната компетенција како цел на наставата и на учењето, и тоа во:

а) научните истражувања и концептуализацијата;
б) дидактичката, методската и курикуларата реализација;
в) наставната практика и практиката на учењето.

Уште тука станува јасно дека авторката застапува една одлично обмислена концепција, од која произлегува и една одлично развиена стратегија за елаборирање на потребните научни основи и иновативни предлози, која е опишана со потребната поимна дистинкција.

На тој начин се создава солидна основа, од која може да појде во проучувањето на досегашната научна литература и на постојните концепции во различните дисциплини и референтни науки.

Авторката го реализира тоа во *Дел I* од трудот со соодветен избор и со фокусирање на аспектите во врска со тематиката на студијата. Научниот хоризонт на тематиката е структуриран во:

- системски-логично, односно системски-структурно и поимно-дефинициско расветлување (I.1.) со осврт на релевантните научни дисциплини;
- приказ на разбирањето и на примената на „интеркултурноста“ во методиката и дидактиката на наставата по германски како странски јазик (I.2.);
- концизно одредување на поимите, на целите и на содржинските парадигми на интеркултурниот пристап (I.3.);
- втемелување на различните димензии на интеркултурниот пристап и на една успешна интеркултурна настава во една првична, овде сè уште хипотетична општа карактеристика, која потоа ќе се верифицира и ќе се супстанцира од дидактичко-методски и тематски аспект (I.4.).

По оваа општа карактеристика, следува приказ на научноисториската и на научносистематската генеза на интеркултурната идеја преку развојот на општообразовните, идеолошките и комуникативните цели на наставата по странски јазик. Во овој дел, авторката дава сопствен, бележит придонес кон темата во светлина на научната дебата, воспоставувајќи за прв пат прецизна поимна, теоретска, и дидактичко-апликативна релација меѓу интеркултурниот пристап и другите пристапи (I.5., 1-4.).

Уште поубедливо од досега, авторката ја докажува својата научна компетентност и информираност за најновите развојни текови и за потребите на тематскиот дискурс во *Дел II*, каде што ги прикажува и од своето концепциско гледиште на регионалноспецифична и националноспецифична примена критички ги дискутура актуелните нови димензии на културнотеоретските основи на интеркултурно ориентираната настава по странски јазик, и, таму каде што е неопходно, ги ревидира и ги дополнува со сопствени предлози. Најпрвин, од поимноисториски и научноисториски аспект се обработуваат терминологијата и вокабуларот на теоријата на културата и на поддисциплините на културологијата. Целта се состои во развивање на поимна и теоретски јасна основа за една нацрт-концепција на интеркултурната компетенција, во која соодветно се зема предвид дијалектиката меѓу туѓата и сопствената култура.

За таа цел, поимот култура што не е нормативен, мора да се разграничи од нормативните дефиниции (II.1.1.), потоа треба да се дискутираат ограничeноста на традиционалните поими на културата и можностите за нивно ослободување од границите (отворање) (II.1.2.), и на крајот, имајќи ја предвид земјата во која ќе се применуваат, треба да се изработи издржана концепција на „културата“ во напнатиот однос меѓу општеството и поединецот, системот и слободата, затвореноста и отвореноста, колективот (формирање на групи) и самоостварувањето (II.1.3.). Авторката успева во тоа, имајќи ја предвид околноста дека германистот може само да ја скицира оваа тема, за чие елаборирање е потребна низа интердисциплинарни поврзувања. Авторката јасно укажува на таа околност.

Особеното значење на овој дел се состои пред сè во воспоставувањето релации со општата културологија и со другите науки што се поврзани со неа. Така, авторката сега располага со терминолошкиот, поимнологичкиот и научносистематскиот инструметариум, кој ѝ е потребен со цел критички и во резимирана форма да ги претстави поимите на културата (II.2.) и културолошки димензионираните концепции (II.3.) во германската глотодидактика. Затоа, сега може да ја прикаже централната дебата поврзана со „запознавањето со културата и земјописот“ во дисциплината германски како странски јазик (II.3.1.) и да понуди добра, културолошки образложена корекција на досегашните концепции на интеркултурниот пристап во наставата и изучувањето на странскиот јазик. Овој нацрт веќе ја содржи претходно воспоставената релација со специфичната регионална, односно национална парадигма. Од таа причина, овде, по третпат, може да се зборува за сосема самостојно иновирање на научно-стручната дебата.

Самостојно е извршено и егземпларното испитување на најнапредните позиции во културолошката дискусија во областа на примена на интеркултурниот пристап во точка II.4. Авторката овде успешно ја применува парадигмата култура како текст-текстот како преносен и информациски медиум на културата, поткрепувајќи ја со примери од сопствените истражувања во рамките на својот магистерски труд, од дејноста поврзана со изработка на наставни програми и од образованието и стручното усовршување на наставниците. Таа ги прикажува можностите за примена на оваа парадигма врз основа на јасна определба на можните културолошки и интеркултурни функции на текстовите во наставата.

Воспоставувајќи релација меѓу априоризмот на писменоста и на текстот на европската култура (европските култури) од една страна, и интеркултурното учење во денешните образовни институции од друга страна, авторката на извонреден начин ја покажува способноста за воспоставување плодни релации меѓу фундаменталните димензии на културата, културолошките процеси и својата специфична цел поврзана со германскиот како странски јазик (II.4.1.-3.).

Во *Дел III* се претставува примената на досегашното истражување во Република Македонија како специфична парадигма. Авторката тоа го реализира во форма на еден исто толку сеопфатен и темелен приказ на дискусијата за можностите и границите на примена на интеркултурниот пристап во образовниот систем на нејзината земја.

Најпрвин се проучува македонскиот образовен систем од аспект на прашањето како би можел да се карактеризира ако се тргне од развиениот поим на потребната и диференцирана интеркултурна компетенција како незаменлив основен елемент на сите наставни програми по странски јазик и на процесите на учење (III.1.).

Подобластите на македонскиот образовен систем детално се расветлуваат во однос на присуство или отсуство на интеркултурни елементи. Се евалуираат образовнополитичките документи, особено оние од областа на јазиците и на јазичната политика на национално ниво и, ако се релевантни, меѓународните и германските (III.1.1.). Врз оваа основа може точно да се определи позицијата на вистинските и на можните функции на интеркултурниот елемент.

Во однос на фактичките околности, со убедливи докази се констатира дефицитарна состојба. Што се однесува до натамошните импликации на

интеркултурната димензија, авторката овде дава првична анализа на факторите кои го поттикнуваат и го попречуваат интеркултурниот пристап и кои произлегуваат пред сè од мултилингвалниот и мултикултурниот карактер на земјата.

Со тоа, авторката нуди уште една иновација, која може да претставува основа за посебно сеопфатно истражување на специфичните проблеми на „интеркултурноста" и на интеркултурната настава и учење, во чиј хоризонт станува јасно извонредно сигнификантното, па затоа и извонредно парадигматското значење на Македонија за оваа тематика на меѓународен план.

Врз основа на ова, сега е можно да се преиспита подобноста на интеркултурниот пристап, програмите и материјалите што се развиени во германската теорија, херменевтика и глотодидактика за релевантниот контекст на македонскиот образовен систем. За таа цел, првин се испитува релацијата меѓу наставните програми и фазите на учење во македонската настава по германски јазик на различните степени на образованието и на различни возрасти (III. 2.). Овде се гледа навистина забележителното сознание дека недоволното реализирање на интеркултурниот елемент не е условено само од одредени недостатоци во македонскиот контекст, туку и од недостатоци во германските програми, учебници и педагошки материјали. Од тоа сознание произлегува натамошната легитимација и првостепената релевантност на овој проект (III.2.14.).

Во следната точка, обете димензии се анализираат прецизно и детално. Во точката III.3. се идентификуваат, се проучуваат и критички се набљудуваат интеркултурните содржини и постапки во сродните наставни предмети, во прв ред, поради применетата интеркултурна концепција за предметот мајчин јазик како примарен хоризонт на сопствената култура и поради прашањето како тој може да се стави во релација со формите и содржините на туѓата култура (III.3.1.).

Потоа, авторката со право му се посветува на англискиот како странски јазик, кој во методички и дидактички поглед имал и сè уште има улога на авангарда на меѓународно рамниште (III.3.2.). Авторката добро согледува дека во обата предмета има интересни македонски особености. На крајот, специфичниот македонски интеркултурен хоризонт, во кој треба да се скицираат интеркултурните идеи, може да се замисли во прикажувањето на предметите филозофија и запознавање со религиите (III.3.3.).

Описот, анализата и критиката на позицијата на четирите егземпларни предмети постојано се става во релација со интеркултурните концепции, кои се развиени во научните концепции во рамките на дисциплината германскиот како странски јазик.

Со тоа е даден особено значаен придонес, особено за натамошна целесообразена корекција на досегашните дефицити и за ефикасно етаблирање на интеркултурната компетенција како општообразовна цел на наставата, а не само на јазичните предмети. Тука е имплицитно содржана околноста дека особено интеркултурниот пристап е најпогоден за воспоставување нови наставнопрограмски и тематски корелации не само меѓу мајчиниот и странскиот јазик, туку и меѓу предметите мајчин јазик, странски јазици и други предмети,

што може да резултира со меѓупредметно поврзување на јазичните предмети со сите предмети со културолошки цели и содржини во добро дефинирана смисла.

Постигнувањето на ова рамниште значи и целосно одредување на инструментите што се потребни за точна анализа на недостатоците и факторите што го попречуваат интеркултурниот елемент во конкретните наставни програми и наставни материјали.

Авторката најпрвин ја прикажува германската страна (III.4.). Таа дава кус, но конзистентен и одлично поентиран приказ на историјата на германските учебници по германски како странски јазик (III.4.1.). Потоа следува избор според употребата на учебниците, особено во Македонија. Врз основа на досега разгледаната граѓа, тие овде можат да се дискутираат и концизно да се стават во релација со границите и можностите на оптимирање на интеркултурната димензија во негермански контекст. Од текот на критичката ревизија, според авторката, произлегува долга редица на точки и предлози за подобро стратешко позиционирање на интеркултурниот елемент уште при концепирањето на учебници по германски како странски јазик во странски контекст (III.4.1-4.).

Врз основа на резултатите и заклучоците, авторката овде може со добро образложение да го отфрли често изнесуваниот аргумент од авторите на учебници дека специфичните модификации на интеркултурниот пристап треба да се вршат на самото место, во конкретното милје на наставата по германски како странски јазик. Тоа е уште еден важен резултат и сам по себе значаен придонес на овој труд (III.4.5.).

Во делот III.5., авторката ги наведува неопходните предуслови за оптимирање на интеркултурниот елемент во германските концепции, програми и учебници од една страна, и за негова поодржлива имплементација во домашниот контекст од друга страна. Овде опстојно се истражуваат факторите што формално и содржински ја ограничуваат, ја попречуваат или дури ја спречуваат интеграцијата на интеркултурниот елемент во македонскиот пејзаж на образованието и на учењето. Авторката ги идентификува најзначајните негативни фактори во областите на образовните услови, мотивацијата, проблемите со успехот, методите на предавање, испитните структури, недоволната методско-дидактичка подготвеност на наставниот кадар и застареноста на работните форми на повеќе нивоа и друго (III.5.1.-6.).

Овде прикажаните наоди се темелат врз користење на релевантните публикации на оваа тема, но пред сè на долгогодишните сопствени искуства и на оттаму произлезените истражувања на авторката во рамките на нејзината работа во училиштата, во комисии, во образованието на македонските наставници и во рамките на стручното усовршување на наставниците и развојот на германскиот како странски јазик. Надминувајќи ја областа на германскиот како странски јазик, резултатите од овој дел, резимирани во III.6., имаат исклучително значење за општата методика и дидактика на мајчиниот и на странските јазици.

По анализите и теоретско-критичките пропозиции содржани до овде, преостанува уште приказот на заклучоците што треба да произлезат од теоријата, анализата и критиката и што се однесуваат на делумно корективното, делумно иновативното преобликување на методиката и на дидактичките модели на германскиот како странски јазик во македонскиот контекст.

Ова е содржано во *Дел IV* од дисертацијата. Авторката е свесна за тоа дека е потребно посебно опстојно научно истражување или дури и долгорочно конципиран проект за соодветна и сеопфатна обработка на овој аспект од тематиката, втемелена врз континуиран приказ на теоретската прогресија и на апликативната динамика. Затоа, таа со право се решава за избор на сигнификантни области, одн. полиња на кои егземпларно може да се прикаже интенционалноста и методологијата на интеркултурната работа во наставата. Застапени се лингвистичките (IV.1.) и текстуалните (IV.2.) основи на усвојувањето на германскиот како странски јазик, при што во обработката на текстуалниот аспект постојано имплицитно се укажува и на литературната област во смисла на работнодидактичка втемеленост.

Особен поттик, не само за рецензентите туку секако и за германистичките и негерманистичките читатели на студијата, е последователната конкретизација на тематските точки, кои имаат особено значење при имплементирањето и оптимирањето на интеркултурната компетенција во однос на искуствената дијалектика во сопствената и во туѓата култура.

Интеркултурната фундаментална дијалектика преку сигнификантни примери се конкретизира како дијалектика на автостереотипија и хетеростереотипија (IV.2.1.). Прашањето за критичка работа на оваа синдроматика консеквентно доведува до предлози како може опстојно и интеркултурно да се „коригираат“ четирите основни вештини слушање – зборување – читање и пишување во лингвистичката, во литературната, одн. текстуалната област и во двете области. Како основна стратегија се предлага промена на перспективата, отуѓување на сопственото и на вообичаеното преку „гледање со туѓи очи“, врз која можат да се надградуваат и други аспекти.

Предлогот се конкретизира со примери од македонската и од германската литература за Македонија (IV.2.2.). Обработката на примерите доведува до нацрт-модел, чија база наметнува низа основни прашања, кои овозможуваат профилирање на сличности и на разлики меѓу сопствената и туѓата култура.

Намерата да се изработат сличностите и разликите упатува на она што е изнесено во претходните делови на трудот. Според тоа, усвојувањето на интеркултурната компетенција во основната смисла значи претворање на сличностите и на разликите во инструментариум за надминување на попречената интеркултурна комуникација, како што авторката покажува врз примерот на автостереотипите и на хетеростереотипите и на оттаму произлезените предрасуди и афектни асоцијации и проекции (IV.2.1.).

Покрај приказот на моделот на критичката обработка на интеркултурно негативните феномени дадени се и опис и образложение на позитивните примери, со кои може да се реализира успешна интеркултурна комуникација (IV.3.) Авторката овде се ограничува на текстуалната, одн. литературната област. На два сигнификантни примера на германски текстови, таа не ја покажува само обработката на оптимираното разбирање туку и на усвојувањето на т. н. „интеркултурни доблести“, одн. „вредности“ како емпатија, отвореност, толеранција и готовност за комуникација.

На ова место не е доволно расветлен аспектот на разбирањето, кој е всушност втемелен во овие „доблести“ и кој затоа требаше да му претходи на приказот. Но

бидејќи тој води во широкото поле на херменевтичките основи на интеркултурните науки, оваа воздржаност на авторката се оправдува со неопходната ограниченост на зададената рамка. Во печатената верзија би требало да се искористи можноста за вакво дополнување.

Овде прикажаните сеопфатни аспекти и резултати на оваа студија, која претставува успешна синтеза од емпириски и теоретски пристап, авторката ги резимира со соодветна концизност во *Дел V*.

На крајот од овој извештај, уште еднаш истакнуваме дека оваа обемна студија во сите делови, како во анализата така и во предлагањето на коректни концепти, има карактер на пионерска работа. Библиографијата без исклучок ја содржи соодветната литература за тематиката на трудот.

## ЗАКЛУЧОК

Овој труд претставува методолошки извонредно конципирана научна студија, која се карактеризира со приказ на досегашните научни истражувања и на стручната дискусија, со самостојност во ревидирањето и формулирањето на критика и на нови концептуализации, како и на досега необработената емпириска основа. Намерата на авторката се состои во критика, корекција и иновирање на методиката и дидактика на наставата по германски како странски јазик преку новиот, фундиран аспект на интеркултурната компетенција, која со право се разбира и се покажува како општообразовна цел на наставата што им е надредена на сите други наставни цели.

Авторката успеала да ја реализира таа намера. Во хоризонтот на наставата по германски како странски јазик, оваа студија претставува вистинска пилот-студија во Македонија. Во билатерални (германско-македонски) и меѓународни рамки, таа претставува редок и супстанцијално најдобар придонес за развојот на германскиот како странски јазик во странство.

Како што беше изложено, студијата на повеќе места нуди перспективи за ново димензионирање на методиката и дидактиката на наставата по германски како странски јазик, како од страна на германските стручни лица за интеркултурна германистика и автори на учебници, така и од страна на германските и македонските планери, практичари и наставници по странски јазик.

Врз основа на изложеното, чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја прифати оваа докторска дисертација и да ѝ овозможи на кандидатката усна одбрана на трудот.

Скопје, 21. 8. 2010

Рецензентска комисија

1. Д-р Петер Рау, редовен професор, с.р.
2. Д-р Оливера Ѓурбаба, доцент, с.р.
3. Д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, с.р.
4. Д-р Виолета Димова, вонреден професор, с.р.
5. Д-р Мира Трајкова, вонреден професор, с.р.

ПРЕГЛЕД
на одобрена тема за изработка на докторски дисертација на Факултетот за физичка култура во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| м-р Руждија Калач | „ДЕФИНИРАЊЕ НА СТРУКТУРАТА НА ПСИХОСОМАТСКИОТ СТАТУС КАЈ БОКСЕРИТЕ" | 1.Проф.д-р Војо Настевски-ментор<br>2.Проф.д-р Александар Наумовски– член<br>3.Вонр.проф.д-р – Ленче Алексовска Величковска - член |

ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за физичка култура во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Кенан Асани | "МОДЕЛ НА ВРВРЕН КАРАТЕ НАТПРЕВАРУВАЧ ВО КУМИТЕ (БОРБИ) ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА". | вонреден професор Жарко Костовски |
| Панче Панчевски | УТВРДУВАЊЕ НА ДИДАКТИЧКО-МЕТОДСКА ОПТИМАЛНОСТ НА МОТОРНО УЧЕЊЕ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО КАЛИФОРНИСКАТА ПРОГРАМА ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА СПОРЕД БИОМЕХАНИЧКО – НЕВРОФИЗИОЛОШКИ КРИТЕРИУМИ." | редовен професор д-р. Александар Туфекчиевски. |
| | | |

37

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд**
**на Економскиот институт во Скопје**

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на прифатена тема за изработка на магистерски труд* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| 1. | Дарко Блажев | "Управување со девизниот ризик" | д-р Климентина Попоска |
| 2. | Владимир Иванов | Управување со ризици во банкарското работење со осврт на изложеност на ризици во банкарскиот сектор во Република Македонија | д-р Билјана Ангелова |
| 3. | Златко Стојановски | "Улогата на културните карактеристики врз процесот на менаџмент во глобалните компании" | д-р Васил Поповски |
| 4. | Марина Маневска | "Управување со ризикот во функција на зголемување на профитабилноста кај современите компании" | д-р Климентина Попоска |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНИКОТ „ ФИЗИОЛОГИЈА 1" ОД ПРОФ. Д-Р СУНЧИЦА ПЕТРОВСКА И СОРАБОТНИЦИТЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата 5. редовна седница одржана на 25. 03 2010 год., ја донесе одлуката за формирање Рецензентска комисија за оцена на текстот на учебникот **ФИЗИОЛОГИЈА** 1, изработен од проф. д-р Сунчица Петровска, проф.д-р Весела Малеска Ивановска, проф. д-р Васка Антевска, проф. д-р Бети Дејанова, проф. д-р Лидија Тодоровска и науч. сор. Људмила Ефремовска. Уредник на учебникот е проф.д-р Сунчица Петровска.

Прегледувајќи го доставениот текст, Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Добривоје Ѓорѓевиќ
2. проф. д-р Даниела Миладинова
3. проф. д-р Даница Лабудовиќ

го изготви следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Предмет на оваа рецензија е текстот на учебникот под наслов: **ФИЗИОЛОГИЈА** 1, наменет за едукација на студентите од Стоматолошкиот факултет. Прегледот на текстот покажува дека ракописот е правилно осмислен и во него систематски и едукативно се разработуваат наставните целини за изучување на физиологијата на органските системи, што се предвидени со наставниот план и програма на Стоматолошкиот факултет, за студентите во вториот семестар.

Содржината на текстот е прегледно презентирана на 207 страници, со 135 слики и 7 табели инкорпорирани во соодветни поглавја. Покрај деталната содржина и прегледот на поглавја, на крајот од учебникот е даден и попис на користената актуелна литература. Текстот е напишан концизно, со јасен и лесно разбирлив јазик, а класификацијата на материјалот е современа и дидактички функционална.

Учебникот е составен од дванаесет поглавја: 1.Вовед; 2.Физиологија на клетка; 3.Физиологија на мускули; 4.Физиологија на крвта; 5. Респираторен систем; 6.Кардиоваскуларен систем; 7. Дигестивен систем; 8. Метаболизам и нутриција; 9. Физиологија на црн дроб; 10.Физиологија на кожа; 11. Терморегулација и 12. Литература.

Во првото поглавје, на осум страници текст (5 слики) се објаснети основните поими за физиологијата како наука (дефиниција, поделба, предмет на изучување и нејзиното значење во медицината). Следува приказ на функционалната организација на човечкото тело и начинот на неговото функционирање како единствен систем. Во понатамошниот текст, темелно се објаснети механизмите за одржување на константноста на внатрешната средина - *хомеостаза* и нејзиното значење во нормалното функционирање на човечкиот организам. Со кусиот приказ на регулацијата на телесните функции се заокружува ова поглавје кое дава солидна основа за натамошното разбирање на презентираниот материјал.

Во поглавјето „Физиологија на клетка", на 15 страници со 20 графички прикази, е опишана функционалната организација на еукариотската клетка, нејзината физичка структура, при што посебно внимание е посветено на клеточната мембрана на нејзината структура и функција. Мошне концизно, разбирливо и графички добро поддржано е подрачјето посветено на потенцијалот на клеточната мембрана и генерирањето на акцискиот потенцијал. Темелно се анализирани клеточните органели, нивната организација и функционирањето во рамките на клетката.

„Физиологија на мускули" е третото поглавје во кое на 21 страница текст со 23 графички прикази е презентиран материјал за градбата и функцијата на скелетната и мазната мускулатура во човечкото тело. Текстот е подржан со солидни графички прикази, што материјалот го прави полесно разбирлив за студентот. Мошне детално е прикажана улогата на миозинските и актинските филаменти во остварувањето на мускулната контракција. Во задоволителниот обем е прикажано како и на кој начин мускулните клетки генерираат енергија, преку создавањето на аденозинтрифосфатот (АТР) и креатинфосфатот (КР).
Преку описот на видовите на мускулната контракција, моторната единица и видовите мускулни клетки, прикажан е преносот на акцискиот потенцијал од нервот на мускулната клетка на ниво на нервно-мускулна врска. Делот посветен на скелетната мускулатура завршува со мускулниот замор, во кој се опишани видови на заморот и објаснети се причините за неговото настанување. Текстот за

мазната мускулатура го опфаќа описот на видови на мазните мускули, специфичноста на нивната контракција и нивната функција во составот на внатрешните органи, каде што учествуваат и како градежен елемент.

Текстот на четвртото поглавје е презентиран на 16 страници, со 6 графички прикази. Во делот за оформените елементи на крвта, еритроцитите (како доминантен дел во квантитативниот однос), се целосно опишани, преку формата, големината, бројот, составот и нивната функција. Концизно е објаснето нивното создавање, како и регулација на нивната продукција преку дејството на хормонот еритропоетин. Синтеза на хемоглобинот и метаболизам на железото го заокружуваат текстот посветен на еритроцитите. Во материјалот за леукоцитите, накусо се изложени основните морфофункционални карактеристики, како и бројчаната и процентуалната застапеност на одделните видови на овие крвни клетки. Концизно е опишан процесот на создавањето на леукоцитите во организмот, и функцијата на клетките од гранулоцитниот ред. Посебен акцент е даден на функцијата на неутрофилните леукоцити, на процесот на дијапедеза и фагоцитоза, со што се објаснува нивното значење во одбраната на организмот при различни видови инфекции. Сосема накусо е опишана функцијата на еозинофилните и базофилните леукоцити во организмот, при воспалителни и алергиски реакции. Накусо е анализирана и функцијата на клетките од агранулоцитниот ред (лимфоцити, моноцити), за кои детално се говори во рамките на предметот имунологија.

Тромбоцитите се прикажани во обем, неопходен да се разбере нивната важност во процесот на хемостазата.

Во делот за хемостаза и коагулација на крвта, концизно и експлицитно се изложени сите фази од овие два физиолошки процеса, што имаат многу важна улога во одржувањето на хомеостазата во организмот. Приложените шеми го надополнуваат текстуалниот дел, што помага за полесно меморирање на материјалот. Поглавјето завршува со описот на фибринолитичкиот систем како заштитен механизам на организмот.

Материјалот во поглавјето „Респираторен систем", презентиран на 26 страници со 17 графички прикази, придонесува за целосно разбирање на функцијата на овој важен органски систем во нашиот организам.

Половина од изложениот материјал е посветена на белодробната вентилација, кадешто се говори за механика на дишењето, фреквенцијата на дишењето и плевралните притисоци. Следува излагањето за попустливоста (комплијанса) на

белите дробови, како и за активноста на дишните мускули во процесот на белодробната вентилација.

Потоа авторите прецизно ги дефинираат белодробните волумени и капацитети, како предуслов за полесно изведување на практичната настава.

Детално е прикажана улогата на „мртвиот простор" во процесот на алвеоларната вентилација, како и улогата на филтрирањето, влажнењето и загревањето на воздухот во дишните патишта. Накусо се опишани одбранбените рефлекси на респираторните патишта: рефлекс на кивање и кашлање.

Во делот за белодробна циркулација, изнесени се специфичностите за протокот на крвта во белите дробови. Концизно и јасно се објаснети процеси на размената на гасовите на ниво на белите дробови и во ткивата.

Транспортот на гасовите е изнесен во обем во кој студентот целосно може да се запознае со оваа важна функција. Опишани се видови на транспортот на кислородот и сатурација на крвта со кислород преку кривата на дисоцијацијата на оксихемоглобинот. Изнесени се и причините за поместувањето на кривата на дисоцијацијата на хемоглобинот кон лево и десно. Ова поглавје завршува со регулација на процесот на дишење. Прецизно е дефинирана улогата на центарот за дишење, преку неговиот пневмотаксичен центар и вентралната и дорзалната група на неврони. Објаснета е и улогата на Hering-Breuer–овиот рефлекс како заштитен механизам при експанзијата на белите дробови. Даден е приказ и на хеморецепторниот систем во периферната регулација на дишењето.

Најобемниот дел од приложениот текст на „Физиологија 1" отпаѓа на поглавјето за кардиоваскуларниот систем, што секако произлегува од неговата важност и сложеност на функционирањето. Материјалот е презентиран на 67 страници со 55 графички прикази. Од дидактички причини, во поглавјето е јасно одделен материјалот за физиологија на срцето од физиологијата на циркулацијата.

Во првиот дел од поглавјето се анализира срцевата активност како пумпа. Накусо е прикажана морфологијата на срцето (преткомори, комори, синусен јазол и АВ јазол) со цел полесно да се разбере физиологијата на овој комплексен и важен орган. Даден е детален приказ на срцевиот работен мускул и неговата специфичност во однос на скелетната и мазната мускулатура. Децидно е прикажано формирањето на акцискиот потенцијал, преку менување на пропустливоста на каналите во мускулните клетки, за јоните на Na, K и Ca. Од графичките прикази студентите можат целосно да го апсолвираат генерирањето на мембранскиот потенцијал со временски синхронизираното менување на

активноста на јонските канали. Следува темелно објаснување на двата типа акциски потенцијали - акциски потенцијал со брзи со бавен одговор, што е поврзано со одделни структури на срцето.

Процесите на ексцитација и контракција може лесно да се разберат преку дадениот текстуален дел и графичките прикази на овој сложен физиолошки механизам.

Опишана е улогата на срцевите залистоци-валвули (атриовентрикуларни и семилупарни) во насочувањето на протокот на крвта низ срцето, преку промените на притисокот во срцевите шуплини.

Дадени се и генезата и карактеристиките на срцевите тонови, во доволен обем за нивното разбирање преку практичнта настава.

Со едновремено читање на текстот за срцевиот циклус и анализирање на кривите на притисокот во аортата, преткоморите и коморите, може едноставно да се следат промените во валвуларниот апарат на срцето, волуменот на крвта во коморите, како и ЕКГ брановите и фонокардиограмот, во секој сегмент од срцевиот циклус.

Следува анализа на регулацијата на срцевата активност, како преку авторегулаторниот механизам (Франк-Старлинговиот закон), така и преку влијанието на симпатичкиот и парасимпатичкиот нервен систем. Опишано е и влијанието на температурата и на јоните на Na, K и Ca врз срцевата активност.

Во делот за ритмичка ексцитација на срцето, детално и лесно разбирливо е прикажана функцијата на спроводниот систем на срцето преку процесите на: автоексцитација, опоравување од акцискиот потенцијал, хиперполаризација, што се јавува по завршувањето на акцискиот потенцијал и намалување на негативноста на потенцијалот во мирување, како предуслов за нова ексцитација, со што започнува нов срцев циклус. Следува трансмисијата на импулсите низ преткоморите, како и низ интернодалните патишта од синусниот (СА) до атриовентрикуларниот (АВ) јазол. Истакната е важноста на спроведувањето на импулсот низ АВ јазолот, како предуслов за неедновремена контракција на преткомори и комори. Посочени се брзините со кои се шири акцискиот потенцијал по должината на спроводниот систем на срцето.

Текстот за срцето завршува со приказот на нормалниот ЕКГ- запис, како верен одраз на електричните збиднувања во срцето. Студентот се стекнува со знаењата за униполарните, биполарните и прекордијалните одводи, за елементите на ЕКГ-записот (запци, бранови) и нивните карактеристики, како и за синусниот ритам и определување на фреквенцијата на срцевата активност од ЕКГ- записот.

На 40 страници е изложен материјалот за циркулаторниот систем. Даден е основен приказ на физичката организација на системската и белодробната циркулација со посебен осврт врз функционалните карактеристики на крвните садови.

Со графички приказ е илустрирана волуменска дистрибуција на крвта во одделните сегменти од циркулаторното корито. Од табеларниот приказ се добиваат податоци за површината на пресекот на крвните садови, почнувајќи од аортата, завршувајќи со шупливите вени, што претставува метод за лесно меморирање на податоците. На идентичен начин се прикажани и притисоците во различните делови од циркулаторното корито.

Објаснети се детално физичките принципи на циркулацијата со што се стекнува знаењето за протокот на крвта дефиниран со Омовиот закон; за мерењето на крвниот проток, крвниот притисок, определување на отпорот (васкуларната резистенција) во крвните садови, како и за определување на васкуларната растегливост (дистензибилитет) и васкуларната капацитативност (комплијанса).

Во делот за венскиот систем, даден е приказ на централниот и периферниот венски притисок, како и влијанието на абдоминалниот, централниот и хидростатскиот притисок врз периферниот венски притисок. Излагањето на материјалот за венската циркулација завршува со описот на "венската пумпа" и важноста на венските залистоци во насочувањето на крвта. Истакнато е значењето на вените како резервоар на крвта во организмот.

Текстот за микроциркулацијата е презентиран на 8 страници и 10 графички прикази и табели, што е сосема доволно за лесно разбирање на овој исклучително важен дел од циркулаторниот систем.

Во однос на лимфниот систем, во воведниот дел е опишана физиолошката функција и важност на лимфниот систем во организмот. Објаснета е морфофункционалната организација на лимфниот систем (лимфни капилари, лимфни садови, лимфни јазли и лимфни канали), како и факторите што го определуваат лимфниот проток. Материјалот е солидно поткрепен со 4 графички прикази.

Во делот за локалната контрола на протокот на крвта, детално е образложена акутната контрола преку влијанието на ткивниот метаболизам и количеството на кислородот. Во долгорочната контрола на крвниот проток, сликовито е прикажана улогата на ангиогенезата, као и хуморалната и нервната контрола врз циркулацијата.

Во текстот за артерискиот притисок, студентот се запознава со важноста на крвниот притисок во правилното функционирање на организмот, со систолниот, дијастолниот, средниот артериски притисок и пулсниот притисок (нивното дефинирање и значење), како и со дневно-ноќниот ритам на крвниот притисок. Големо внимание во овој текст е посветено на регулацијата на крвниот притисок. Истакната е улогата на нервниот систем во акутната (брза) регулација на крвниот притисок, како и улогата на системот бубрег- телесни течности и на системот ренин-ангиотензин-алдостерон во долгорочнта (хронична) регулација на крвниот притисок.

Физиологијата на дигесивниот систем е изложена на 22 страници текст со 18 графички прикази.

По кусиот воведен дел, детално е објаснета нервната и хуморалната контрола на функцијата на дигестивниот систем, како и протокот на крвта низ него.

Во делот „Транспорт и мешање на храната во дигестивниот систем", опишани се следниве единици: цвакање, голтање, моторните функции на желудникот, на тенкото и дебелото црево како и регулаторните механизми.

Во разумна мерка е застапена секреторната активност во дигестивниот систем. Во однос на варењето на храната во дигестивниот систем, објаснет е делот што претставува надополнување на материјалот од овој вид, што се изучува во предметот биохемија.

„Основи на апсорпција во дигестивниот систем" е делот кој дава темелен приказ на механизмите на апсорпцијата на водата, јоните, јаглените хидрати, протеините и мастите и заедно со графичките прилози овозможува целосно разбирање на оваа материја од страна на студентите.

На осум страници текст е прикажана методската единица „Метаболизам и нутриција". По дефинирањето на поимот метаболизам и хранливи материи, објаснета е анаболната и катаболната фаза на метаболизмот и енергетскиот метаболизам на јаглени хидрати, протеини и масти.

Во потпоглавјето „Исхрана", во разумна мерка се обработени сите елементи на исхраната преку анализа на: рамнотежа на исхраната (енергетски внес и енергетска потрошувачка), интензитет на метаболизмот, дневен оброк и испитување на нутритивниот статус. Посебно треба да се нагласи делот во кој е прикажана физиолошката регулација на енергетската рамнотежа и нутрицијата, преку анализата на физиолошките механизми на краткорочната, среднорочната и долгорочната регулација.

Следува поглавјето за физиологијата на црниот дроб, кадешто, по кусиот приказ на морфолошката структура, е даден детален опис на физиолошките функции на црниот дроб: васкуларна, одбранбена, метаболичка и секреторна.

Во десеттото поглавје е прикажана структурата на кожата, како и функциите што таа ги има во организамот. Објаснета е нејзината одбранбена функција, секреторна и екскреторна улога, како и нејзина ресорптивна способност. Накусо е опишана нејзината улога во терморегулаторниот процес, како и нејзината сензитивна и метаболичка функција.

Последното поглавје е посветено на методската единица „Терморегулација". Материјата од ова поглавје е сеопфатно прикажана преку: телесната температура; процесите задолжени за ослободување на топлината од организмот (радијација, кондукција, конвекција и евапорација), а исцрпно се говори и за физиолошките механизми на регулацијата на овој процес преку невроендокриниот систем. Текстот завршува со краткорочните и долгорочните механизми на терморегулација.

## ЗАКЛУЧОК

„Физиологија 1" од авторите: Сунчица Петровска, Весела Малеска-Ивановска, Васка Антевска, Бети Дејанова, Лидија Тодоровска и Људмила Ефремовска, содржи материјал што треба да послужи како учебник за студенти по стоматологија. По обемот и содржината тој во целост одговара на програмата на Стоматолошкиот факултет предвидена за предметот физиологија 1 што се слуша во вториот семестар.

Без оглед на тоа што во пишувањето учествуваат неколку автори, сите делови се на најдобар можен начин укомпонирани во единствена целина. Стилот на пишувањето е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите за кои учебникот е наменет. Во учебникот се застапени голем број илустрации, табели и шеми што придонесуваат за квалитетот на учебникот.

Задоволство е да се биде рецензент на ваков учебник, кој ќе придонесе изучување на предметот физиологија 1, од страна на студентите на мајчиниот јазик, како и за оние студенти на кои македонскиот јазик им е близок и лесно разбирлив.

Со овој учебник, авторскиот колектив покажал дека има капацитет и од него во иднина треба да се надеваме на нови текстови од областа на физиологијата.

Со голема почит кон нашите колеги за овој квалитетен труд, имаме чест и особено задоволство да го предложиме за печатење, како учебник за студентите по стоматологија. Крајниот суд за учебникот ќе го дадат студентите за кои е наменет и веруваме дека тие ќе бидат најмеродавни судии за неговиот квалитет.

Рецензентска Комисија

Проф. д-р Добривоје Ѓорѓевиќ с.р.

Проф. д-р Даниела Миладинова с.р.

Проф. д-р Даница Лабудовиќ с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА НА ЛИЧНОСТА ВО ГРАДЕЊЕТО НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА КАЈ СТУДЕНТСКАТА МЛАДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, изработена од м-р Маријана Марковиќ, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје

Со решение на Институтот за социолошки и политичко–правни истражувања во Скопје бр.02-999/10 од 5.7.2010 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација изготвена од м-р Маријана Марковиќ со наслов „Влијанието на социјализацијата на личноста во градењето на политичката култура кај студентската младина во Република Македонија“, во состав: проф. д-р Љубица Чонева, проф. д-р Емилија Симоска, проф. д-р Петар Атанасов, проф. д-р Јорде Јаќимовски и проф. д-р Ганка Цветанова. По разгледувањето на приложениот текст на дисертацијата и усогласувањето на мислењата, Комисијата има чест и задоволство да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Приказ на содржината на трудот

Прегледаната докторска дисертација од кандидатката м-р Маријана Марковиќ има 260 страници основен текст пишуван на персонален сметач, 53 табели и графички прикази, 7 страници заклучоци, 10 страници прилози и 7 страници библиографија. Овој материјал што е предмет на оцена во приложениот извештај е структуриран од вовед и осум глави основен текст, потоа дискусија со заклучоци и користена литература, кои заедно сочинуваат една целина.

Во **воведот** се изнесуваат значајни параметри за значењето на политичката социјализација на одредената целна група - студентската младина во Република Македонија и пошироко на целокупното население, кое претпоставува формирање на политички ставови како составен дел на политичката култура во одреден временски период.

Во **првата глава** од докторската дисертација, која се однесува на поимањето на терминот личност, разработени се психолошките, социолошките и антрополошките гледања на индивидуата како носител на социјализацијата и политичката култура во својата средина. Во тој контекст, авторката го нагласува значењето на разликите на обележјата и однесувањата на личноста кои се резултат на културните влијанија, од оние што се релативно независни од влијанијата на културата и средината. Имено, таа подвлекува дека наспроти доминацијата на карактерните црти кои не се базираат на емпирија, новиот пристап на проучување го наметна пристапот на квантитативна проценка и проучувањето на поврзаноста на личноста и културата. Релевантната определба на ова прашање се сведува на фактот дека личноста е продукт на биолошката детерминираност која е обликувана под влијание на процесот на социјализација, односно е резултат на усвоените ставови, вредности, идеи и правила на општествено однесување. Во врска со тоа и современите

истражувања од областа на мултикултурализмот утврдиле постоење на универзалности кај личноста кои ја надминуваат конкретната култура.

Во **втората глава,** кандидатката Марковиќ го разработува второто по значење подрачје во дисертацијата означено како „политичка култура". При тоа, најпрво тука се објаснува познатата теза дека конкретното одредување на појавите, процесите и објектите во општествените дејности вообичаено се врши преку нивна дескрипција. Во врска со ова се потенцира дека и политичката култура не претставува прост збир на основните термини „политика и култура", туку ги надминува значењата содржани во секој од нив. Соодветно на вака јасно поставени теоретски рамки на наведените ентитети во дисертацијата, кандидатката во овој дел ги формулира и функциите на политичката култура, како и нејзината улога да ги ориентира поединецот и заедниците во однос на политичката сфера на живеење и сигурност. Прикажувајќи модели на политичката култура од повеќе развиени земји во светот, во трудот се наведува дека политичката култура во Република Македонија има фрагментирана структура, која ја сочинуватт голем број на хетерогени вредности, како резултат на социјалните, економските и политичките турбуленции во изминатиот период. Како резултат на овие состојби присутен е мал интерес на граѓаните за активно учество во политиката, значителен степен на апстиненција и ниски изборни стапки, како и релативна неинформираност за политичкото учество.

Во **третата глава** доволно опфатно се изложени теоретските гледишта за исто така важниот поим во дисертацијата - социјализацијата. Како животен процес во развојот на секоја индивидуа, врз основа на мноштвото теоретски објаснувања, социјализацијата во трудот е претставена како усвојување на актуелни ставови, вредности и идеи, односно процес на стекнување на знаења, навики, вештини и способности за социјално живеење. Во овој дел низ една динамична корелација се претставени политичката социјализација, градењето на социјалните ставови и најзначајните носители на политичката социјализација: семејството, едукативниот процес и масовните медиуми. Значајно место во овој дел од дисертацијата се дава и на политичката култура на младите, а пред сè на студентската младина во Република Македонија.

Во **четвртата глава** мошне корисен осврт е даден на три групи релевантни истражувања, поврзани со карактерот на личноста и градењето на политичката култура во одредена средина и временски период.

Во **петтата глава – истражувачки дел** е претставена проектната рамка на докторската дисертација. Тука, како што е вообичаено авторката го дефинира предметот на научното истражување, ги разработува целите и хипотезите во предметот на докторскиот труд и ја определува методолошката рамка. Една од основните интенции е со истражувањето да се обезбедат потребни податоци со цел да се проучи поврзаноста на базичните карактеристики на личноста кај студентската младина во Македонија со усвоените ставови за семејството, едукативниот процес и медиумите, како носители на политичката социјализација. Во врска со тоа се објаснува дека овие вредности, ставови и идеи имаат свое потекло надвор од индивидуата, односно потекнуваат од средината, а до индивидуата допираат преку носителите на политичката социјализација. Поради тоа, кандидатката м-р Маријана Марковиќ наведува дека на оваа појава треба да ѝ се даде повеќедимензионалност во однос на научните дисциплини и субјектите кои учествуваат во проучувањето на факторите на личноста во градењето на

ставовите за политичката култура, особено кај младата популација. Во вака определените теоретски рамки на докторскиот труд, конкретно се формулирани и целите од научен и апликативен карактер, а во посебната **шеста глава** се изнесени применетите методи, техники, инструменти и примерок за реализација на истражувањето.

Истражувачкиот дел од трудот е централниот интерес на докторската дисертација, презентиран во **седмата и осмата глава.** Во него се претставени резултатите од анкетата за димензиите на личноста и ставовите за семејството, ставовите за традиционалната и прогресивната едукација, ставовите за слободата на информирањето, дневните весници и слично. За таа цел е извршена анализа на позначајните карактеристики на анкетираните лица – студенти и влијанието на факторите на нивната социјализација.

Овој дел од трудот најпрво ги анализира поголемиот дел на карактерни особини и црти на личноста кај наведената популација, како што се интелектуалната љубопитност, естетските чувства, позитивните емоциии и слично, во поврзаност со нивниот однос кон формирањето на политичките ставови. Секако дека тука личноста се анализира во контекст со постојните видови на општествени односи, имајќи предвид дека студентите се многу прогресивен дел од популацијата во секое модерно и демократско општество. На овој план, со помош на аналитичката постапка, кандидатката дошла до корисни сознанија за позначајните аспекти на истражуваниот проблем.
Треба да се подвлече дека во овој дел од докторската дисертација кандидатката покажа посебно висок степен на методолошко познавање на истражувачкиот зафат.

### Оцена на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов **„Влијанието на социјализацијата на личноста во градењето на политичката култура кај студентската младина во Република Македонија"** изготвена од м-р Маријана Марковиќ, претставува систематична студија за едно современо и актуелно прашање кај студентската младина во Република Македонија. Тоа поради фактот што ја обработува политичката социјализација како процес во обликувањето на политичката култура, која дава основен акцент на општеството како заедница и на индивидуата како носител на тој процес. Посебно значаен момент е што проучувањето се однесува на студентската младина како карактеристична популациона група од населението и сложените услови на живеење, какви што се денес во Република Македонија во време на транзицискиот период. Согласно со претходно изнесеното, проблемот во истражувањето во докторскиот труд се конкретизира како одредување на квалитетот на заемната поврзаност на карактеристиките на личноста со определни политички ставови кои ја сочинуваат политичката култура кај наведената популација во Република Македонија.

Комисијата цени дека сеопфатно поставениот концепт на докторскиот труд кандидатката комплексно ги разработи целите и задачите за негова реализација.

Научниот интерес со спроведеното наменско истражување ќе биде од значење во утврдувањето на поврзаноста на определените карактеристики на личноста, со ставовите на носителите на политичката социјализација како што се семејството, едукативниот систем и медиумите. Во тој контекст, покрај

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Дизајн или изработка на информациски систем<br>- Информациски систем за претседателски и парламентарни избори во Босна и Херцеговина<br>- Информациски систем за локални избори во Косово<br>- Национален информациски систем за биодиверзитет - Министерство за животна средина и УНДП<br>- Систем за организација на документи и автоматизација на внатрешни процеси во Биро за развој на образование<br>- Систем за организација на документи и автоматизација на внатрешни процеси во Биро за јавни набавки<br>- Информациски систем за анализа на состојбата со потрошувачка на енергија во општините во Р. Македонија – Агенција за енергетика на Р. Македонија<br>- Систем за организација на документи и автоматизација на внатрешни процеси во УСАИД Македонија<br>- Систем за електронско тестирање и учење во Т-Мобиле Македонија<br>- Систем за електронско тестирање и учење во Комерцијална банка Скопје<br>- Систем за електронско тестирање и учење па ПМФ, Скопје. | 10 |
| 2. | Учество во работата на комисии за државни натпревари:<br>- Државни натпревари по информатија за средно училиште (ЗИМ);<br>- Сојузот на здруженијата за техничка култура па Македонија – Народна техника. | 7 |
| 3. | Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот | 2,5 |
| 4. | Член на национална жири – комисија:<br>World Summit Award '05 во категорија e-science на националниот избор. | 1 |
| | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија:<br>- Further strengthening of the institutional capacities of the Academy for the Training of Judges and Prosecutors (EuropeAid/128573/C/SER/FYR);<br>- "Support for the establishment of Tax Administration Contact Centre - Serbia" (EuropeAid/125809/D/SER/RS – 06SER 01/01/006);<br>- Анализа на ИКТ - инфраструктурата во Бирото за јавни набавки на Р. Македонија;<br>- Едношалтерски систем за регистрација на компании во Р. Македонија. | 4 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир<br>- ICT Innovations, Ohrid September 2010 | 0,5 |
| 6. | Награда која ја доделува Стопанската комора на Македонија за постигнување на особени резултати во полето на иновациите и техничките унапредувања. | 3 |
| 7. | Награда World Summit Award '05 во категорија е-учење на националниот избор | 3 |
| 8. | Соработник во изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект<br>- Tempus SCM No C011B05 - Quality Assurance and Accreditation System Network, 2005-2006. | 1 |
| 9. | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.):<br>- Креирање на националната стратегија за развој на информатичко општество во Р. Македонија. | 2 |
| | **Вкупно** | 34 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАУЧНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **151,64** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **99,2** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **34** |
| **Вкупно** | **284,84** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Марјан Гушев, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Маргита Кон-Поповска, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Катерина Здравкова, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Скопје, 15.9.2010

# РЕФЕРАТ
# ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ХЕМИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На својата седница, одржана на 24. 6. 2010 год., Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет (натаму во текстот: ПМФ) во Скопје нè избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на м-р Марина Стојановска, асистент на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, доставена во врска со конкурсот објавен во весникот „Дневник" од 8.6.2010 година за избор–повторен избор на еден асистент на Институтот за хемија (натаму во текстот: ИХ) при Природно-математичкиот факултет. По прегледот на доставената документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Марина Стојановска (моминско презиме Мопковиќ) е родена на 8 септември 1979 година во Скопје.

Основното и средното образование го завршила во родниот град, а во учебната 1998/99 година се запишала на студии по хемија (наставна насока) на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во текот на студиите покажала особен интерес и успех на предметите со педагошко–методска природа. Дипломирала во септември 2003 година (со среден успех 8,85), здобивајќи се со звањето дипломиран професор по хемија. Истата година се запишала на постдипломски студии на Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет, одбирајќи го педагошкото насочување. Сите предвидени испити ги положила со среден успех 10,00 и во јули 2007 година ја одбранила својата магистерска работа под наслов *Нови експерименти во наставата по хемија – можност за усовршување и оживување на наставата,* здобивајќи се со звањето магистер. Истата година е избрана за асистент. Во 2008 год. пријавила изработка на докторска дисертација од областа на методиката на хемијата. Тезата е посветена на мисконцепциите (погрешните претстави) во учебниците и наставата по хемија.

Во периодот по нејзиниот избор за асистент, м-р Стојановска учествувала во изведување на наставата по голем број предмети. Така за студентите по **хемија** одржувала вежби по методика на хемијата со хоспитации 1 и 2, методи на хемиското експериментирање 1 и 2, аналитичка хемија, одбрани поглавја од неорганска хемија, инструментална хемија и хемија и околина. За студентите на двопредметните студии по **биологија-хемија,** изведувала вежби по методика на хемијата, инструментална хемија; хемија и околина и физичка хемија. За студентите - **биолози** – инструментална хемија, физичка хемија и аналитичка и инструментална хемија (за студентите по молекуларна биологија). За студентите од **Медицинскиот** и од **Стоматолошкиот** факултет – медицинска хемија и вежби по општа хемија, за студентите од **Шумарскиот** факултет. Просечниот седмичен ангажман на Марина Стојановска во последниве две години (една година пред тоа користела породилно отсуство) изнесува 14 часа. Независно од ова, таа изведувала и практична настава за учениците од паралелката за меѓународна матура од гимназијата „Ј.Б. Тито", како и за учениците од гимназијата „Нова". Во обата случаја, наставата е изведувана на англиски

јазик. Во претходните две години одржани се вкупно околу 150 часа (со оглед на тоа што не станува збор за работа со студенти, Рецензентската комисија сметаше дека е најсоодветно оваа активност да се смета за стручно-апликативна дејност на м-р Стојановска).

Во извештајниов период (2007–2010 година) публицирала 6 труда во странски списанија. На научни манифестации презентирала 2 соопштенија. Списокот на трудови/соопштенија е даден подолу.

Трудови печатени по изборот за асистент:

15. M. Monković, V. Ivanovski, V.M. Petruševski, DEMONSTRATIONS AS A TOOL FOR IRONING-OUT MISCONCEPTIONS: 3. A NOTE ON THE REACTION $Pb^{2+}(aq) + 2I^{-}(aq) = PbI_2(s)$: EXCEPTIONS FROM A PRIORI EXPECTATIONS, *The Australian Journal of Education in Chemistry*, **68**, 17–19 (2007).
16. V.M. Petruševski, M. Monković, AUTHOR'S RESPONSE, *The Australian Journal of Education in Chemistry* **67**, 5–6 (2007). [In connection to K.F. Lim, LETTER TO THE EDITOR: COMMENT ON THE "ALTERNATIVE DEMONSTRATIONS OF SLOW PROCESSES. III: A DEMONSTRATION AND VIDEO CLIP SHOWING EFFUSION IN LIQUIDS", *The Australian Journal of Education in Chemistry* **67**, 5 (2007)].
17. V.M. Petruševski, M. Stojanovska, B. Šoptrajanov, OSCILLATING REACTIONS: TWO ANALOGIES, *The Science Education* Review, **6**(2), 68–73 (2007).
18. V.M. Petruševski, M. Stojanovska, B. Šoptrajanov, "MODERNIZATION" OF THE CHEMISTRY EDUCATION PROCESS: DO PEOPLE STILL PERFORM REAL EXPERIMENTS?, *Educacion Quimica*, **20**, 466–470 (2009).
19. V.M. Petruševski, M. Bukleski, M. Stojanovska, REACTION OF ALUMINUM WITH DILUTED NITRIC ACID CONTAINING DISSOLVED SODIUM CHLORIDE: ON THE NATURE OF THE GASEOUS PRODUCTS, *Khimiya. Bulgarian Journal of Chemical Education*, **19**, 233–238 (2010).
20. V.M. Petruševski, M. Stojanovska, THE TRANSPORT OF GASES THROUGH WATER – A MARATHON EXPERIMENT REVISITED, *Journal of Science Education* **11**, 102–104 (2010).

Соопштенија презентирани по изборот за асистент

5. M. Stojanovska, V. Petruševski, B. Šoptrajanov, THE "SUBLIMATION" OF IODINE – A MISCONCEPTION, 10th European Conference on Research in Chemistry Education, Book of Abstracts, 259-260, Krakow, 2010.
6. M. Stojanovska, V. Petruševski, B. Šoptrajanov, MOLECULES ARE NOT SUBSTANCES, SUBSTANCES ARE NOT MOLECULES, 10th European Conference on Research in Chemistry Education, Book of Abstracts, 261-262, Krakow, 2010.

**Анализа на трудовите**

Трудот под број 15 е, всушност, рецензиран при претходниот избор на кандидатката. Тука е спомнат единствено како потврда дека она што при претходниот избор било декларирано како материјал „во печат", било навистина и отпечатено.

Трудот под број 16, по наше мислење, е најблизок до стручен труд. Се работи, имено, за одговор на критиката на еден од читателите на списанието *Australian Journal of Education in Chemistry*; според читателот не е можно да постои ефузија во течна фаза. Авторите во одговорот потсетуваат дека терминот ефузија може да се дефинира поригорозно и помалку ригорозно, така што од аспект на помалку строгата дефиниција може да се зборува за ефузија во кој било флуид. Натаму, авторите укажуваат на резултатите од пресметките на Mohazzabi и Cumaranatunge, според кои е несомнено дека ефузија во течности *може* да постои.

Трудот бр. 17 е образовен труд во кој се понудени две ефектни аналогии, кои треба да помогнат за полесно сфаќање на феноменот на осцилаторните реакции. Понудените аналогии се: ѕиден часовник со тег (едната) и гумено топче што отскокнува од еластична подлога (другата). Анализата, пак, на предностите од понудениот пристап е типична за анализи какви што се спроведуваат во истражувачки трудови од областа на образованието. И во другите трудови на кандидатката Марина Стојановска се испреплетени образовната и научноистражувачката компонента.

Трудот бр. 18 претставува критички осврт на т.н. „експерименти на микроскала“ (најчесто се работи за експерименти што можат да се проектираат со употреба на графоскоп). Авторите укажуваат на случаи во кои пристапот во мал размер („микроскала“) дава значително полоша нагледност во однос на традиционалниот пристап и даваат примери за тоа. Најкарактеристичниот пример за експеримент во кој пристапот во мал размер практично целосно затајува е експериментот познат како „слоновска паста за заби“ (elephant toothpaste). Евалуацијата на резултатите е направена користејќи апарат што е вообичаен за истражувачката работа во областа на образованието.

Трудот бр. 19 е истражувачки труд, чија цел била да се откријат продуктите на реакцијата на алуминиум со азотна киселина во присуство на натриум хлорид. Важноста на ова истражување (во кое била искористена методата на инфрацрвена спектроскопија) е најмногу во тоа што алуминиумот не реагира со концентрирана азотна киселина („пасивација“), а на собна температура нема забележлива реакција ниту со разредена азотна киселина. Мал куриозитет е резултатот дека доминантниот продукт е диазот оксид ($N_2O$). Присутен е и водород (можеби и гасовит азот), но други оксиди на азотот се присутни само во траги.

Трудот бр. 20 е истражувачки труд во кој се повторени (покритично и со многу поголемо внимание) истражувањата кои се однесуваат на спонтана дифузија на гасовит NO низ вода. Утврдено е дека, спротивно на првичните претпоставки (тие се сумирани во трудот бр. 2 од рефератот за првиот избор на м-р Стојановска во асистентско звање), доаѓа до дифузија не само на NO туку и на кислород и на азот. Моделирањето на промената на волуменот со текот на времето со две експоненцијални криви (експоненцијално растечка и експоненцијално опаѓачка) доведува до извонредно совпаѓање на предвидените и експериментално забележените вредности.

Соопштението бр. 5 се однесува на проблеми во врска со мисконцепцијата дека не може да се добие течен јод на обичен атмосферски притисок. Соопштението бр. 6 е за проблеми во врска со конфузијата на поимите „супстанции“ и „молекули“ (последнава конфузија е присутна дури и во светски познати универзитетски учебници). Се очекува овие резултати да бидат дел од материјалот што ќе биде обработен во докторската дисертација на м-р Стојановска. Треба да

се одбележи дека на 10-тата Европска конференција за образование во хемијата (на којашто овој труд бил презентиран како постер), кандидатката го освоила второто место во конкуренција од над 80 постерски презентации, што е извонреден резултат!

**Квантификација на активноста**

Во согласност со единствените Критериуми за избор во звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", а врз основа на класификацијата на активата на кандидатката извршена од Рецензентската комисија, м-р Марина Стојановска ги освоила следниве поени:

**Наставна активност**: 33,6 поени (просечен седмичен фонд од 14 часа во текот на две години) + 4,8 поени (една статија со 3 автора, во меѓународно списание) = **38,4 поени**.

**Научноистражувачка активност**: 8 поени (две статии со три автора, едната во национално и другата во меѓународно списание) + 3,6 поени (една статија со два автора во национално списание) = **11,6 поени**.

**Стручна активност**: 4,5 поени (150 часа настава за средношколци) + 3,6 поени (стручен труд со 2 автора, во национално списание) = **8,1 поен**.

Гледано во целина, м-р Марина Стојановска во извештајниов период остварила вкупна активност од 58,1 поен, значително повеќе од потребните поени за избор (и уште повеќе од потребните поени за реизбор) во звањето асистент.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Рецензентската комисија сметаат дека кандидатката м-р Марина Стојановска (родена Монковиќ) во изминатиот период покажала голема активност и способност да се справува со сите предизвици што пред еден млад научник и педагог ги поставуваат научноистражувачката работа и работата со студентите. Во извештајниов период таа била ангажирана со изведување на практична настава (вежби) од голем број различни предмети, ја пријавила својата докторска дисертација и започнала со работата врз тезата, објавила пет печатени труда и две соопштенија и посветила значително време во практична работа со средношколци.

Затоа, на членовите на Рецензентската комисија им претставува чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му предложат м-р Марина Стојановска да биде преизбрана за асистент при Институтот за хемија на Факултетот.

Членови на Рецензентската комисија,

1. Акад. Бојан Шоптрајанов, редовен професор на ПМФ во Скопје, (во пензија), с.р.
2. Д-р Владимир Петрушевски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
3. Д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *МОДЕЛИ НА НАГРАДУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ*, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р БРИКЕНД АЗИРИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,а според одлуката на Наставно –научниот совет на Економскиот факултет во Скопје ,под број 02-1741/2 од 24.6.2010 год., на седницата одржана на 18.6.2010 година, определини сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов ***МОДЕЛИ НА НАГРАДУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ,*** поднесена од кандидатот м-р Брикенд Азири. По опстојното прегледување на трудот, Комисијата до Наставно–научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација содржи вкупно 305 страници текст, 10 страници користена литература ( 132 библиографски единици) и 23 страници прилози. Материјата во дисертацијата,покрај вовед и заклучок, е структурирана во пет глави, логично систематизирани, и тоа:

Вовед

Глава I Корпорација и корпоративно управување

Глава II Одборот на директори и управувањето со современите корпорации

Глава III Модели и начини на наградување на членовите на одборот на директори и главниот извршен директор

Глава IV Меѓународни аспекти на наградување на членовите на одборот на директори и главниот извршен директор

Глава V Наградување на членовите во одборите на акционерските друштва во Република Македонија

Заклучок

Литература

Прилози

Во воведниот дел се дефинирани актуелноста на истражувањето, предметот, целта и задачите на истражувањето. Предметот на истражувањето во докторската дисертација се моделите на наградување на членовите на одборот на директори. Целта на докторската дисертација е да се истражат теоретските аспеки на наградувањето и врз таа основа да се изгради модел на наградување компатибилен за акциперските друштва во Република Македонија.

Првата глава на докторската дисертација со наслов **Корпорација и корпоративно управување** е посветена на корпоративното управување и на разграничување на сопственоста од управувањето со корпорациите, со посебен акцент на четирите ситуации: дисперзирана сопственост и дисперзирано право на глас, дисперзирана сопственост и концентрирано гласање, концентрирана сопственост и дисперзирано гласање и концентрирана сопственост и концентрирано гласање. Посебно се анализирани основните карактеристики на корпорацијата (посебен правен ентитет, разграничување на управувањето од сопственоста, ограничена одговорност и трансферност), анализирана е еволуцијата на корпорациите во Велика Британија и САД, како и пазарната вредност на најголемите корпорации во 2007 година. Во рамките на првата глава од докторската дисертација анализирани се моделите на корпоративно управување, и презентирани се законската регулатива за корпоративно управување со посебен осврт на САД и Sarbanes-Oxley законот за корпоративно управување. На крајот,се истражува влијанието на корпоративното управување врз успешноста на работењето на корпорациите.

Во втората глава на докторската дисертација со наслов **Одборот на директори и управувањето со современите корпорации**, истражувањето се фокусира на карактерот, местото и улогата на одборот на директори во

управувањето со современите корпорации, како и неговиот авторитет (највисок авторитет, авторитет на одговорност, групен авторитет и авторитет да авторизира). Во тие рамки се анализира големината на одборот на директори во земјите членки на ОЕЦД, просечната големина на одборот на директори во САД во периодот 1935-2000 година, составот на одборот на директори во земјите-членки на ОЕЦД (улогата на надворешните членови во компании кои котираат и кои не котираат на берзата), улогите на одборот на директори, составот на одборот на директори, комитетите на одборот на директори (со посебен акцент на матрицата на комитетите на нградаување) и сл. Соодветно внимание во рамките на оваа глава е посветено и на улогата на претседателот на одборот на директори и односите меѓу одборот на директори и главниот извршен директор, вклучувајќи ја и двојната улога кога главниот извршен директор, истовремено е и претседател на одборот на директори. Покрај ова се анализира и улогата на одборот на директори и акционерите, улогата и важноста на одборот на директори кај непрофитните организации, кај малите корпорации, како и општествената одговорност на одборот на директори во корпорациите. Емпириските истражувања спроведени во Велика Британија укажуваат на фактот дека одборите на директори се вклучени помеѓу 60% - 75% во разгледување на прашања од областа на општествената одговорност на својата компанија.

Третата глава на докторската дисертација со наслов **Модели и начини на наградување на членовите на одборот на директори и главниот извршен директор** е посветена на процесот на создавање на стратегија на наградување, на факторите кои влијаат врз наградувањето (институционални, културолошки, менаџмент на човечки ресурси и фактори сврзани со деловниот модел) на членовите на одборот на директори и главниот извршен директор на корпорацијата, на моделот на целосна награда и др. На почеток направена е анализа на методите за плаќање кои се користат од страната на претпријатијата и посебните форми на наградување на членовите на одборот на директори, опфаќајќи го плаќањето по одржан состанок и плаќањето со акции како современ начин на наградување на членовите на одборот на директори, како и бонусите. Најчесто споменувана форма на учество на вработените во сопственоста е т.н. план за поседување на акции од страна на вработените - ***Employee Stock***

***Ownership Plan ESOP***. Исто така се анализирани и различните видови на бенефиции кои ги добиваат членовите на одборот на директори. Посебно се истражувани финансиските (директни и индиректни) и нефинансиските награди, како на пример: задоволството од работата, задоволството од организациската култура, можноста за личен раст, партиципацијата на вработените, повратната врска- информацијата и развојот на кариерата.

Во четвртата глава на докторската дисертација со наслов **Меѓународни аспекти на наградување на членовите на одборот на директори и главниот извршен директор,** истражувањето се фокусира на наградувањето на членовите на одборот на директори и главниот извршен директор во корпорациите во различни национални економии. При тоа се анализира наградувањето во корпорациите во САД, кое содржи: основна плата, краткорочни награди, долгорочни награди, други бенефиции и други привилегии, потоа во Франција каде што наградата на главниот извршен директор содржи: фиксна награда, варијабилна награда, награда за посебен придонес, награда за присуство на состаноци и други бенефиции, во Германија каде што во моделот на наградување на членовите на управниот одбор се вклучени фиксната и варијабилната компонента. Во Велика Британија моделот на наградување на членовите на одборот на директори содржи: основна плата, опции во акции, посебни бенефиции, годишни бонуси, други долгорочни поттикнувачи и право на пензија.

Последната глава на докторската дисертација со наслов **Наградување на членовите во одборите на акционерските друштва во Република Македонија** го елаборира наградувањето на членовите на надзорниот одбор, на управниот одбор и на одборот на директори кај акционерските друштва во Република Македонија од аспект на големината и составот, состаноците, надоместоците и бенефициите. Во рамките на оваа глава се претставени податоците од емпириското истражување кое е спроведено кај 52 акционерски друштва, од кои 29 применуваат едностепен модел, а останатите 23 применуваат двостепен модел на корпоративно управување во Република Македонија.

На крајот во докторската дисертација се презентирани главните ***ЗАКЛУЧОЦИ*** кои произлегуваат од теориските и практичните истражувања за

одделни витални аспекти сврзани со проблематиката на наградување на членовите на одборите во современите претпријатија. Дел од заклучоците имаат карактер на насоки за идните научни истражувања на корпоративното управување, како и практични искуства сврзани со корпоративното управување во акционерските друштва во Р. Македонија.

*ЛИТЕРАТУРАТА* содржи 132 библиографски единици, во најголем број од странски автори, а само неколку се од домашни автори. Користената литература во најголем дел е објавена по 2001 година, со исклучок на одделни капитални дела објавени пред тоа.

## Оцена на трудот

Подрачјето на корпоративното управување во последните две декади доживеа две револуции, првата во 2001 година и втората во 2008 година. Интересот за корпоративното управување значајно се зголеми со колапсот на една од најголемите американски компани *Enron* во 2001 година. Интересот за корпоративното управување и во иднина ќе се зголемува. Интензивното истражување на корпоративно управување сведочи за комплексноста и за одговорноста на оваа проблематика. Зголемената актуелност е предизвикана од: скандалите во најголемите корпорации, лошите финансиски резултати, фијаското на развиените системи за корпоративно управување, особено механизмот на главниот извршен директор, соочувањата на директорите во одборот на директори со сериозни последици при корпоративните пропаѓања, лошо дизајнираните процеси на односи со инвеститорите, неуспехот на фамилијарните бизниси во решавањето на емотивните конфликти и обезбедување на неопходните финансии во новото турбулентно окружување во услови на глобална финансиска криза.

Корпоративното управување побудува огромен интерес во законодавствата на одделни земји, во литературата посветена на менаџментот, во претпријатијата и во судската практика. Тоа го потврдуваат и емпириските истражувања кои го рангираат корпоративното управување како едно од десетте најважни прашања во работењето на претпријатијата. Корпоративното управување не е еднократно пра-

шање кое може да се разреши засекогаш. Тоа е перманентно актуелно и вклучува постојани иновации во својот концепт. Корпоративното управување е мултидимензионално прашање кое вклучува не само економски, менаџерски и правни аспекти, туку и општествени и политички.

Корпоративното управување е комплексен процес кој ги опфаќа односите меѓу менаџерскиот тим, одборот на директори и стеикхолдерите. Одборот на директори е највисокиот орган на управување со корпорациите. Одборите на директори се разликуваат од корпорација до корпорација според големината, структурата, стапката на ангажираност на одборот во управувањето со корпорацијата, моќта на одлучување, дуалноста на претседателот на одборот на директори и сл.

Наградите се веројатно главниот мотив кој ги поттикнува луѓето во претпријатието да вложат напор. Ова подеднакво важи за работниците, за менаџерскиот тим и за членовите на одборот на директори. Добро дизајнираните програми за наградување на членовите на одборот на директори помагаат не само да се исполнат желбите и интересите на членовите на одборот, туку и да се привлечат квалитетни членови на одборот и да се обезбеди соодветно плаќање за нивното време, посветеност и вложен напор во правец на соодветно и успешно функционирање на корпорацијата во целина. Наградувањето на членовите на одборот на директори е многу комплексно прашање, и неговата анализа бара труд и време. Ова особено важи за акционерските друштва во Република Македонија, каде што многу малку внимание е посветено на анализа на плаќањето на членовите на одборот на директори, што е разбирливо доколку се има предвид дека корпоративното управување се наоѓа во почетната фаза од својот развој.

Трудот на кандидатот м-р Брикенд Азири на тема ***МОДЕЛИ НА НАГРАДУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ*** претставува пионерско посеопфатно, теориско и емпириско истражување, од областа на наградувањето на членовите во одборот на директори во корпорациите и во управниот одбор/надзорниот одбор/одборот на директори во акционерските друштва во Република Македонија. Посебен научен и стручен е придонесот на кандидатот во спроведување на емпириското истражување во периодот од

15.1.2010 година до 15.4.2010 година во 52 акционерски друштва во Република Македонија, од кои 21 големо акционерско друштво и 31 мало акционерско друштво. Од вкупниот број анализирани акционерски друштва, 29 применуваат едностепен модел на корпоративно управување, а 23 применуваат двостепен модел на корпоративно управување. Во анализата не се вклучени банките и акционерските друштва во државна сопственост.

Спроведеното истражување кај акционерските друштва во Република Македонија покажува дека акционерските друштва го применуваат пристапот на наградување на членовите на надзорниот одбор, управниот одбор и одборот на директори според месечен надоместок многу почесто во споредба со останатите форми на наградување. Покрај тоа, кај акционерските друштва во Република Македонија се среќава една изразена тенденција на членување на акционерите во надзорниот одбор, управниот одбор и одборот на директори од што произлегува дека теоријата на застапување нецелосно се применува во Република Македонија. Акционерите учествуваат во органите на управување на акционерските друштва со што се намалува објективноста и независноста од акционерството. Акционерските друштва во Република Македонија недоволно им исплаќаат бенефиции на членовите на надзорниот одбор, управниот одбор и на одборот на директори. Истражувањето покажа дека дуалноста на претседателот на одборот на директори многу малку е присутна кај акционерските друштва во Република Македонија.

Акционерските друштва во Република Македонија ги исполнуваат условите предвидени со закон за трговските друштва за големината на надзорен одбор и одбор на директори. Најголемиот број акционерски друштва во Република Македонија имаат меѓу 4-7 члена во надзорниот и управниор одбор и меѓу 3-6 член во одборот на директори. Жените се многу малку застапени во составот на надзорниот одбор, управниот одбор и одборот на директори на акционерските друштва во Република Македонија. Истражувањето потврдува дека надзорниот одбор, управниот одбор и одборот на директори одржуваат многу состаноци во текот на годината поради што се намалува ефективноста на корпоративното управување.

Покрај моделите на наградување кои се применуваат во компаниите во САД, Велика Британија, Германија, Јапонија, Франција и Кина, емпириското

истражување на кандидатот опфаќа бројни аспекти од кои, иако индикативни, може да се добие претстава за содржината на корпоративното управување, начинот на неговото функционирање, специфичностите во функционирањето, како и утврдување на разликите и тенденциите во функционирањето на доброто корпоративно управување. Тоа опфаќа различни аспекти од проблематиката на организирањето, како на пример: големина, состав и комитети/комисии на одборот на директори или надзорниот и управниот одбор, структурата на членовите, бројот на состаноци, номинирањето и критериумите за номинирање на членови во одборот, улогите на претседателот на одборот на директори и др.

Научниот и стручниот придонес на кандидатот се огледа во успешната примена на статистичката анализа на податоците спроведена со помош на дескриптивна статистика и непараметарска статистика-Вилкоксонов тест. ***Дескриптивната статистика*** ги анализира статистичките податоци кои се однесуваат на следниве аспекти на корпоративното управување: структурата на акционерските друштва според дејноста, големина на одборот, составот, комисиите, бројот на состаноците одржани во текот на една година, содржината на работата на претседателот на одборот, наградите на членовите на управниот одбор, надзорниот одбор и одборот на директори, и бенефициите на главниот извршен директор/генералниот директор. ***Непараметарската статистика-Вилкоксоновиот тест*** ги анализира статистичките податоци кои се однесуваат на следниве аспекти на корпоративното управување: наградите и бенефициите на членовите на органите на управување во акционерските друштва во кои се применува едностепен и двостепен модел на управувачка структура, зависно од големината на акционерксите друштва.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација дојде до уверување дека кандидатот м-р Брикенд Азири успешно ги истражувал клучните прашања сврзани со наградите на членовите на одборите кои се применуваат од страна на корпорациите и акционерските друштва. Компаративната анализа на двата приода спроведена од страна на кандидатот му овозможува да ги утврди разликите во наградувањето и да се определат идните насоки за унапредување на практиката на корпоративното управување во акционерските друштва во Република Македонија.

Техничкото оформување на докторската дисертација е на највисоко можно ниво, а приодот кон материјата е доволно селективен. Општата архитектоника на ракописот (глави, точки, потточки, нивните пропорции по обем и заемна поврзаност на деловите, табели, слики ) е јасна. Текстот во дисертацијата е солидно компјутерски обработен, лекториран и отпечатен на хартија од највисок квалитет. Текстот во докторската дисертација е целосно во боја.

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата констатира дека целите и задачите што кандидатот ги формулирал во воведот на докторската дисертација во целост се остварени и дека станува збор за квалитетен труд и успешно спроведено репрезентативно емпириско истражување кое овозможува да се утврдат пристапите кон наградување на органите на управување кај акционерските друштва во Република Македонија од една страна, како и да се утврдат разликите во пристапите кон наградувањето меѓу нив и искуството во корпорациите во развиените економии во светот, од друга страна.

На трудот можат да му се стават и забелешки како на пример: недоволно застапениот критички приод при разработката на елементите на наградувањето во современите компании, споредување на ефикасноста на наградувањето врз основа на перформансите на компанијата, истражување на можностите за прифаќање на современите форми на наградување од страна на акционерските друштва а се применуваат во меѓународните компан( наградување со бонуси, наградување со хартии од вредност), кои немаат позначајно влијание врз високиот квалитет на дисертацијата.

## Предлог

Врз основа на изнесените оцени за содржината и квалитетите на докторската дисертација, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му предлага на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- ***прво***, да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот дека докторската дисертација на кандидатот м-р Брикенд Азири на тема: ***МОДЕЛИ НА***

***НАГРАДУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ*** е успешно изработена;

**- *второ,*** да одобри закажување ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје,15.9.2010 година

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

1. Проф.д-р. Бобек Шуклев,с.р.
2. Проф.д-р Љубомир Дракулевски,с.р.
3. Проф.д-р Александар Николовски,с.р.
4. Проф.д-р Димитар Бојаџиоски,с.р.
5. Проф.д-р Сашо Арсов,с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА Е-БИЗНИС НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 140 од Законот за високото образование, член 129 од Статутот на Економскиот факултет во Скопје и член 29 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот на избор во научни, наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во „Дневник" од **19.5.2010** година, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на **18.6.2010** година, донесе одлука со која сме определени за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент по група предмети од областа е-бизнис.

На објавениот конкурс Комисијата констатира дека се пријавиле двајца кандидати, за коишто по извршените консултации со правната служба на Економскиот факултет се утврди дека имаат приложено комплетни и уредни документи. По опстојното разгледување на приложената документација, односно по деталното проценување на квалификациите на пријавените кандидати, Рецензентската комисија го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор на асистент по група предмети од областа е-бизнис на Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се пријавија двајца кандидати, и тоа м-р Смилка Јанеска Саркањац и м-р Мартин Михајлов. Во извештајот ќе бидат изнесени позначајните податоци за кандидатите со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје.

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА М-Р СМИЛКА ЈАНЕСКА САРКАЊАЦ

### Биографски податоци

М-р Смилка Јанеска Саркањац е родена во Прилеп, на 12 јануари 1968 година. Дипломирала на насоката компјутерска техника и автоматика на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 1992 година, а магистрирала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на студиите по МБА менаџмент во 2009 година со просечна оценка 8,78. Во моментов е докторанд на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на тема „Стратегиски модели на е-управување". Активно го владее англискиот јазик, а пасивно францускиот јазик.
Кандидатката во моментов е вработена како директор на секторот за информатика во фирмата „Евролинк осигурување" во Скопје, а истовремено е ангажирана во наставниот процес на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје по предметите информациски системи и компјутерски апликации. Претходно била ангажирана како сениор ИТ експерт во Платежната агенција при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на

Република Македонија, а била вработена и на работни задачи од областа на ИКТ во Кјуби Македонија - Скопје, Радобанк - Скопје и Ултра компјутинг - Скопје.
Кандидатката учествувала на повеќе семинари, обуки и специјализации од областа на ИКТ, менаџмент и генерални вештини во земјава и во странство.

**Наставно-научна и образовна дејност**

Наставно-образовните активности кандидатката главно ги реализирала на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје на факултетите за компјутерска техника и информатика и за бизнис администрација, кадешто била, и сè уште е ангажирана во работните тимови за предметите информациски системи и компјутерски апликации.

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА М-Р МАРТИН МИХАЈЛОВ

**Биографски податоци**

Кандидатот Михајлов Драган Мартин е роден на 26 јули 1979 година во Скопје. Средното образование го завршил во гимназијата „Раде Јовчевски - Корчагин", притоа, како стипендист на Сорос, третата година од средното образование ја поминал во Santa Rosa High School, Калифорнија. Студиите на Електротехничкиот факултет ги започнал во 1997 година на насоката компјутерска техника информатика и автоматика и нив ги завршил во декември 2002 година со просек 8,19. Во септември 2006 година се запишал на постдипломски студии по електронски науки на Jozef Stefan International Postgraduate School, во Љубљана, Словенија кадешто ги има положено сите испити со просек 9,75, а магистерската теза со наслов: „Евалуација на корисна безбедност во веб базирани графички системи за автентикација" успешно ја одбранил во декември 2009 година.
Во периодот од 2000 до 2006 година бил ангажиран од Семос - компјутерски образовен центар за развој и одржување на компјутерска обука за веб-дизајн и мултимедија, а во периодот 2003-2005 година бил избран и ангажиран како соработник во наставно – научната област информатика во Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" и во Полициската академија, каде држелшто вежби по предметот вовед во информатика.

Во декември 2005 година е избран за помлад асистент по група предмети од областа на е-бизнисот на Економскиот факултет во Скопје. Во октомври 2008 година е реизбран за помлад асистент по група предмети од областа на е-бизнисот, на кое работно место се наоѓа и сега.

**Наставно-научна и образовна дејност**

Во однос на образовната дејност, по изборот за помлад асистент во 2005 година, кандидатот активно учествува во наставните тимови по предметите: основи на интернет архитектура, организација и дизајн на веб и користење на апликации преку интернет. Кандидатот совесно ги извршува своите работни задачи кои се однесуваат на подготовка и одржување на настава, консултации со студентите за дипломски, семинарски и стручни трудови на кои работат. Тој исто така

помага при подготовка и изведување на колоквиумите и испитите по наведените предмети на Економскиот факултет во Скопје. Комисијата смета дека кандидатот треба да има почести, односно редовни комуникации со предметните наставници и повеќе да го уважува нивното мислење за прашања кои се директно или индиректно поврзани со наставно-научните и образовните процеси, со што тие може значително да се подобрат и да се елиминираат пропустите кои повремено се јавуваат кај кандидатот.

Осврт за учествата на семинари, на конференции и на проекти, како и за објавените статии до последниот избор во звањето помлад асистент во октомври 2008 година е даден во рефератот објавен во билтен бр. 948 од 15.9.2008 година. Во продолжение ќе бидат наведени неговите научно-истражувачки и академски активности по последниот избор.
Кандидатот Мартин Михајлов ги објавил следниве трудови:

- Mihajlov M., Jerman-Blazic B., Saikayasit R., "ImagePass - Developing A Graphical Authentication Mechanism Based on Usable Security", Human Factors in Information Security Inagural Conference, London, UK, February 2010.

Овој труд претставува објавување на резултатите од истражувањата кои се сработени во рамките на магистерскиот труд „Евалуација на корисна безбедност во веб базирани графички системи за автентикација". Претставен е систем за веб автентикација кој се базира на објектно-дефинирани слики. Наведениот систем е изграден според иновативно дефинирани принципи на корисна безбедност.

- Mihajlov M., Josimovski S., Trenevska-Blagoeva K., "Evaluation of an ePP Solution", Proceedings of the 9th International Symposium on Communication and Information Technology, Incheon, Korea, September 2009.

Овој труд е произлезен од FP6-2005-IST-6 European Electronic Public Procurement Application Framework in the Western Balkan Region - ELECTRA-WeB проектот, односно од развојната фаза која се однесува на корисничкото тестирање на апликативна рамка на слободениот софтвер за електронски јавни набавки.

- Chorbev I., Mihajlov M., "Building a Wireless Telemedicine Network within WiMAX-based Public Networking Infrastructures" MMSP 2009, Proceedings of the 11th IEEE International Workshop on Multimedia Signal Processing, p. 1-6, Rio de Janeiro, Brazil, October, 2009.

Со овој труд се комплетира презентацијата на истражувањето во областа на бежичната е-медицина преку претставување на корисничкото тестирање на системот во јавна мрежна инфраструктура.

Како научен соработник од последниот избор во звањето помлад асистент, Мартин Михајлов има учествувано во следниве меѓународни научноистражувачки проекти:

- COST Action IC0904 "Towards the Integration of Transectorial IT Design and Evaluation – TwinTide"

Целта на COST Action IC0904 TwinTide проектот е да понуди хармонизација и лидерство во областа на трансекторските методи на

евалуација преку доближување на истражувачи и професионалци од областа на human computer interaction.

• FP6-2005-IST-6 Risk Assessment for Customs in Western Balkans- RACWeB RACWeB проектот се стреми кон подобрување на ефикасноста и транспарентноста на проценката на ризик во царинските управи на земјите од Западен Балкан, преку зајакнување на идентификацијата на ризични профили со користење на техники за податочно пребарување и развој на напреден веб-базиран сервис за царински декларации.

• FP6-2005-IST-6 European Electronic Public Procurement Application Framework in the Western Balkan Region – ELECTRA-WeB.
Проектот ELLECTRA-WeB е однесува на спецификација, развој и тестирање на апликативна рамка базирана на слободен софтвер за електронски јавни набавки, како и создавање на соодветни упатства кои ќе им овозможат на ИКТ-компаниите ефикасно и со помали трошоци да развиваат интероперабилни, кориснички ориентирани и безбедни решенија за електронски јавни набавки кои се во согласност со регулативите на Европската унија.

Во рамките на проектите кандидатот учествувал на неколку состаноци во земјава и во странство (Англија, Брисел и Италија), како на следниве семинари:

- ISO/ASRO Regional Seminar on Information Security Management Systems - ISO 27001, Букурешт, Романија, 24-26.02.2010;
- I-USED 2008 International Workshop on the Interplay between Usability Evaluation and Software Development, Низа, Италија, 24.09.2008.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Оценувајќи ја наставно-научната и образовната дејност на пријавените кандидати, Комисијата констатира дека двајцата пријавени кандидати ги исполнуваат условите за избор во звањето асистент и забележале видни резултати во својата професионална, наставно-научна и образовна дејност, при што му дава предност на кандидатот м-р Мартин Михајлов поради следниве причини:

- има работно искуство од скоро пет години како помлад асистент на Економскиот факултет во Скопје со задачи во наставно-научната и образовната дејност;
- кандидатот покажал забележителна научноистражувачка активност при што учествувал во неколку меѓународни истражувачки проекти и има објавено неколку научни трудови на меѓународни конференции од областа на електронските науки;
- во рамките на наставно-образовната работа, кандидатот м-р Мартин Михајлов е активно вклучен во наставниот процес по предметите основи на интернет архитектура, организација и дизајн на веб и користење на апликации преку интернет;
- завршил соодветни постдипломски студии и е запишан на соодветни докторски студии по електронски науки, при што според одлуката на

ННС на Економскиот факултет еден член од Катедрата за е-бизнис активно ќе соработува со кандидатот и ќе биде член на комисијата за одбрана на докторскиот труд.

- има квалитети за тимска работа и комуникациски вештини, при што Комисијата смета дека кандидатот треба повеќе овие вештини да ги искористи за подобрување на соработката со предметните наставници.

Врз основа на реченото, а во согласност со член 140 од Законот за високото образование, Рецензентската комисија смета дека кандидатот м-р Мартин Михајлов ги исполнува критериумите за избор во звањето асистент по група предмети од областа на е-бизнисот и дека во целост ќе ја оправда довербата на Комисијата за избор. Поради тоа, Комисијата со посебно задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, кандидатот м-р Мартин Михајлов **да биде избран во звањето асистент по група предмети од областа на е-бизнисот.**

Скопје, 7.9.2010 година

Рецензентска комисија

Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.

Проф. д-р Вера Наумовска, с.р.

Проф. д-р Калина Треневска-Благоева, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ РАЗВОЈНА ПСИХОЛОГИЈА, ПСИХОЛОГИЈА НА МИРОТ И ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ВОСПИТАНИЕТО НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на X редовна седница одржана на 14 септември 2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија по пријава на д-р Ана Фрицханд, за избор на наставник за научните области развојна психологија, психологија на мирот и психологија на образованието и воспитанието на Филозофскиот факултет во Скопје.

Рецензентската комисија утврди дека на конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник", на 9.6.2010 година, пријавена е кандидатката д-р Ана Фрицханд, асистент при Филозофскиот факултет во Скопје.

Комисијата има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографија и стручно-научен развој

Д-р Ана Фрицханд е родена во Скопје на 26.1.1978 година. Во 1996 година се стекнала со средно образование во гимназијата „Никола Карев" во Скопје.

Д-р Ана Фрицханд во учебната 1996 се запишала на Институтот за психологија каде што дипломирала во 2001 година со просечен успех 9,14. На магистерските студии на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет се запишала во 2002 година на насоката по развојна психологија. Сите предвидени испити на магистерските студии ги положила со просечна оценка 10. Магистерскиот труд под наслов „Вредности, вредносни ориентации, морални ставови и модели за идентификација во различни возрасни периоди" го одбрани на 22 октомври 2007 и се здоби со научен степен магистер на психолошки науки. Во мај 2010 година таа успешно го одбрани нејзниот докторски труд под наслов „Морално мислење и морална слика за себе во периодот на адолесценција" и се здоби со научен степен доктор на психолошки науки.

Во текот на 2001 и 2002 година, д-р Фрицханд работела, со претходна едукација, како едукатор за креативност и животни вештини со групи на луѓе на возраст од 6 до 26 години во проектот „Вавилон" во рамките на Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија. Во овој период таа работи и како професор по психологија во

Американското интернационално училиште за средно образование во Скопје.

Во учебните 2001/2002 и 2002/2003 година, д-р Ана Фрицханд беше вклучена на вежбите по предметот развојна психологија како демонстратор. Од учебната 2003/2004 година таа е вработена како помлад асистент по предметот развојна психологија (на институтите за психологија, за дефектологија, за педагогија и за социјална работа и социјална политика), потоа по предметот ненасилна трансформација на конфликти (на Институтот за психологија) и по предметот психологија (во образованието и воспитанието, на институтите за историја и за класични студии). Во 2008 година таа е избрана за асистент при Институтот за психологија во областите: развојна психологија, психологија на образованието и воспитанието и психологија на мирот.

Д-р Ана Фрицханд од 2004 до 2007 година беше координатор на кредит-трансфер системот при Институтот за психологија. Во 2006 година беше член на работната група за изработка на „Етички кодекс на психолозите во Република Македонија". Таа во текот на 2004 беше и технички секретар на работната група за уредување на зборникот на трудови „30 години Институт за психологија - Психологијата и другите области". Во 2010 година таа е член на Организацискиот одбор за одбележување на 90-годишнината од постоењето на Филозофскиот факултет во Скопје.

Според приложените документи за познавање на странски јазици, д-р Ана Фрицханд одлично го познава англискиот јазик. Таа приложува сертификат од Францускиот културен центар во Скопје за завршен 4 степен од постојните 6 за владеење на францускиот јазик и сертификат од невладината организиација СОЖМ за завршен трет степен од предвидените четири за основно познавање на албанскиот јазик.

Д-р Ана Фрицханд ги има добро совладано потребните компјутерски вештини за употреба во рамките на своите професионални активности.

## 2. Научно-стручни трудови

**Докторскиот труд** на Ана Фрицханд, одбранет во мај 2010 година, под наслов „Морално мислење и морална слика за себе во периодот на адолесценција", концепциски и емпириски е солидно заснован труд што може да се заклучи врз основа на добрата теориска основа на истражувањето, неговата хипотетичка рамка, методолошкиот приод, добиените резултати и нивното осмислување преку дискусијата и изведените заклучоци. Врз основа на обемно истражување се добиени бројни податоци кои се коректно обработени и со кои се потврдуваат најголем број од хипотезите. Добиените резултати се во согласност со оние добиени во истражувања кај повеќе автори. Видливо е дека моралниот развој во адолесценцијата е тесно поврзан со сознајниот развој. Анализата на резултатите и изведените заклучоци се потпираат на теориите за моралниот развој и за формирање на идентитетот кои се образложени во првиот дел од трудот. Во заклучните согледувања се изведени конкретни предлози за применети програми за унапредување

на моралниот развој. Оваа докторска дисертација успева да ги обедини теорискиот, истражувачкиот и апликативниот приод во мошне сложената област од развојната психологија како што се моралното мислење и моралната слика за себе.

Досега д-р Ана Фрицханд има **објавено седум труда**, и тоа:

- Sorokowski, P.et al. (2010). Attractiveness of leg lenght: report from 27 nations. *Journal of Cross-Cultural Psychology* (во печат);
- Фрицханд, А. (2010). Семејството и адолесцентите во светот што се менува. *Социолошка ревија,* UKD-316, IX-X (стр. 107-119) Филозофски факултет, Скопје;
- Фрицханд, А. (2009). Спортот како „сигурна база" за намалување на насилството и агресијата. *Фудбал магазин,* No.17. Скопје:ФФМ ;
- Frichand, A (2008). Moral and values of adolescents today: Where is this new generation going and what needs to be done. Во: Avram, E. (Ed.) *Psychology in a Positive World. Resources for Personal, Organizational and Social Development.* (pp.31-58), Bucharest: Editura Universităţii din Bucureşti;
- Фрицханд, А. (2007). Моралната интелигенција на адолесцентите во денешен општествен контекст. *Годишен зборник,* Филозофски факултет, вол. 60. Скопје;
- Murdzeva – Skarik, O. & Frichand A. (2006). Development of knowledge and skills for Alternatives to Violence. Во: *Primenjena Psihologija,* Zbornik radova (pp.31-55) Niš: Filozofski fakultet;
- Наумова, К.; Фрицханд, А.; и Блажевска Б. (2004). Себепочитување и мотивот за постигнување. *Зборник „30 іодини Институт за психолоіија".* Скопје: Филозофски факултет.

## 3. Учество на конгреси, стручни семинари и работилници

Д-р Ана Фрицханд зема активно учество како во подготовките така и како коавтор со труд на собирот по повод 30 години Институт за психологија (2004). Во јули 2007 година таа учествуваше со постер-презентација на Европскиот конгрес за психологија-одржан во Прага, Чешка. Како автор на труд, во јули 2008 година Фрицханд учествуваше на Меѓународниот конгрес на психолози, одржан во Берлин, Германија.

Во својство на координатор за кредит-трансфер систем на Институтот за психологија, д-р Ана Фрицханд учествуваше на осум семинари и работилници во земјата и во странство, наменети за стручно оспособување на кадри за усогласување на курикулими на европскиот простор за високо образование, потоа за користење на електронска база на податоци и за истражувања за координација и за трансфер на технологијата на универзитетите.

Д-р Ана Фрицханд била учесник на семинари во земјата и во странство наменети за образование за социјална правда, за креативна настава и учење, за верски дијалог, за дијалог и анализа на конфликти, за менаџирање конфликти, а исто така учествувала на Меѓународната летна школа за мир на Furthermore Нансен-академијата во Лилехамер (Норвешка), која е под покровителство на УНЕСКО.

Како тренер на *проектот „Алтернативи на насилството"* од 1997 година до денес, д-р Ана Фрицханд има направено повеќе од 200 едукативни работилници кои имаат опфатено повеќе од 1000 учесници. Таа е компетентен едукатор и тренер во рамки на пренесување на вештини и знаења од областа на ненасилна трансформација на конфликтите како во Република Македонија, така и на меѓународен план, меѓу другото учествувајќи како тренер по покана на Универзитетот во Бургас, Р. Бугарија.

Д-р Ана Фрицханд во периодот од јануари до мај 2008 година беше на студиски престој на Универзитетот во Минесота, во САД, како корисник на стипендија JFDP (Junior Faculty Development Program) на државниот департман на САД. Во текот на нејзиниот престој таа одржа гостинско предавање на студентите на постдипломски студии, на тема „Теории на морален развој: Пијаже, Колберг и Гилиген".

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од извештајот може да се види дека д-р Ана Фрицханд, асистент на Институтот за психологија, во кусиот период од изборот во звањето асистент до денес, успешно го одбрани својот докторски труд и се здоби со научниот степен доктор на психолошки науки, а исто така, таа успешно се ангажираше во наставните активности со голем број студенти и продолжи стручно и научно да се надоградува. Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Ана Фрицханд по сите основи има остварено вкупно 138,6 поени (прикажано во Анексот) и со тоа неколкупати го има надминато потребниот број поени (40) за избор во звањето доцент.

Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Ана Фрицханд да биде избрана во звањето доцент при Филозофскиот факултет во научните области развојна психологија, психологија на мирот и психологија на образованието и воспитанието.

Во Скопје, 20.9.2010

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ, с.р.

Проф. д-р Ружица Керамичиева, с.р.

Проф. д-р Виолета Арнаудова, с.р.

АНЕКС

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **д-р Ана Фрицханд**
**Институција:** **Филозофски факултет – Скопје / Институт за психологија**
**Научни области:** **развојна психологија, психологија на мирот и психологија на образованието и воспитанието.**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на вежби од прв циклус:<br>12 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 5,4<br>14 семестри (7 години) * 5,4 = 75,6 | 75,6 |
| 2. | Консултации со студенти:<br>во просек 200 студенти во семестар * 0,002 = 0,4<br>14 семестри (7 години) * 0,4 = 5,6 | 5,6 |
| 3. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа:<br>10 кандидати * 0,1 = 1,0 | 1,0 |
| | Вкупно | **82,2** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза:<br>*Тема на докторскиот труд*: „Морално мислење и морална слика за себе во периодот на адолесценција" (одбранет на 28.5.2010). | 8 |
| 2. | Одбранета магистерска теза:<br>*Тема на магистерскиот труд*: „Вредности, вредносни ориентации, морални ставови и модели за идентификација, во различни возрасни периоди" (одбранет на 22.10.2007). | 4 |
| 3. | Учесник во меѓународен научен проект:<br>„Познавањата на средношколската популација за граѓанското образование", *организатор:* ЦИВИТАС, БиХ (јануари 2009 - мај 2010) | 5 |
| 4. | Труд во научно/стручно списание:<br>Фрицханд, А. (2010). Семејството и адолесцентите во светот што се менува. *Социолошка ревија*. UKD-316, IX-X, (стр.107-119) Филозофски факултет, Скопје. | 4 |
| 5. | Труд во научно/стручно списание:<br>Фрицханд, А. (2007). Моралната интелигенција на адолесцентите во денешен општествен контекст, *Годишен зборник на Филозофски факултет*, Vol. 60. Скопје. | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Труд во референтно научно/стручно списание: Sorokowski, P.et al. (2010). Attractiveness of leg lenght: report from 27 nations. *Journal of Cross-Cultural Psychology* (во печат). 60 % од 6 поени = 3,6 поени + 1,6 и.ф. = 5,2 | 5,2 |
| 7. | Труд објавен во стручно/научно списание: Фрицханд, А. (2009). Спортот како „сигурна база" за намалување на насилството и агресијата. *Фудбал магазин*,No.17. Скопје:ФФМ. | 3 |
| 8. | Дел од монографија објавен во странство: Frichand, A. (2008). Moral and values of adolescents today: Where is this new generation going and what needs to be done. Во: Avram, E. (Ed.) *Psychology in a Positive World. Resources for Personal, Organizational and Social Development.* (pp.31-58), Bucharest: Editura Universităţii din Bucureşti. | 6 |
| 9. | Учество на научен/стручен собир со труд: Frichand, A. & Surbanovska, O. (2008). *Values and models of identification of adolescents and their parents.* Труд презентиран на XXIX меѓународен конгрес по психологија, 20-25 Јули, Берлин, Германија. 90% од 1 поен = 0,9 | 0,9 |
| 10. | Учество на научен/стручен собир со труд: Фрицханд, А. и Трајковски, В. (2006). Приспособување на студиските програми – предуслов за мобилност во болоњскиот процес. Трудот е изложуван на Трибина на тема: *„Болоњскиот процес и приспособувањето на студиските програми на филозофските факултети од земјите на Југоисточна Европа"*; Ректорат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје. 90% од 1 поен = 0,9 | 0,9 |
| 11. | Труд објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Murdzeva – Skarik, O. & Frichand A. (2006). Development of knowledge and skills for Alternatives to Violence. Во: *Primenjena Psihologija*, Zbornik radova (pp.31-55) Niš: Filozofski fakultet. 90% од 2 поени = 1,8 | 1,8 |
| 12. | Труд објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Наумова, К.; Фрицханд, А. и Блажевска-Стоилковска, Б. (2004). Себе-почитувањето и мотивот за постигнување. Во: *Зборник на трудови „30 години Институт за психологија"*, Скопје: Филозофски факултет. 80% од 2 поени = 1,6 | 1,6 |
| 13. | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет: Theories of moral development: Piaget, Kohlberg, Gilligan, Универзитет во Минесота – Твин Сити, САД, 2008. | 3 |
| | **Вкупно** | 47,4 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Рсд. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на Националниот совет за социјалната димензија на спортот, Скопје, Р. Македонија, од декември 2009. | 1 |
| 2. | Член на уредувачкиот одбор на европското списание „Psychological research and practice", печатено во Buchkarest, Romania, University Press, од јануари 2010. | 0,5 |
| 3. | Член на организационен одбор на научен/стручен собир: „30 години - Институт за психологија (Психологијата и другите области)", Филозофски факултет, Скопје, 2004. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Студиски престој во САД, како корисник на стипендија (JFDP-Junior Faculty Development Program) на U.S. State Department, јануари-мај 2008. | 1 |
| 5. | Член на Комисијата за попис на постојни средства на Филозофскиот факултет:<br>3 мандати (2007, 2009, 2010) * 0,5 = 1,5 | 1,5 |
| 6. | Член на Комисијата за јавни набавки на Филозофскиот факултет (2010) | 0,5 |
| 7. | Член на комисија за техничка обработка на податоци при прием на нови студенти на Филозофски факултет:<br>3 мандати (2004, 2005, 2008) * 0,5 = 1,5 | 1,5 |
| 8. | Член на Организациски одбор за одбележување на 90-годишното постоење на Филозофскиот факултет во Скопје<br>1 мандат (2010) * 0,5 = 0,5 | 0,5 |
| 9. | Член на работната група за изработка на Етички кодекс на психолозите на Република Македонија, 2006. | 2 |
| | **Вкупно** | **9,0** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 82,2 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 47,4 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 9,0 |
| **Вкупно** | **138,6** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Ружица Керамичиева, член, с.р.
3. Проф. д-р Виолета Арнаудова, член, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ОПШТА БИОХЕМИЈА И КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА ВО ЗАВОДОТ ЗА ЕКСПЕРИМЕНТАЛНА ФИЗИОЛОГИЈА И БИОХЕМИЈА ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-1396/2 на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 24.6.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор не еден наставник од наставно-научните области општа биохемија и клиничка биохемија на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

На конкурсот објавен во дневните гласила „Дневник" и „Коха" на 8.6.2010 година, Комисијата ја разгледа поднесената документација од пријавените кандидати: д-р Јасмина Димитрова-Шумковска и магистер по општа медицина Катерина Петроска. Со оглед на фактот што кандидатот м-р Катерина Петроска не ги задоволува критериумите објавени во конкурсот и поднесува само кратка биографија без список на објавени трудови, Комисијата до Наставно-научниот совет при Природно-математичкиот факултет поднесува извештај само за кандидатот д-р Јасмина Димитрова-Шумковска.

## ИЗВЕШТАЈ

## I. Биографски податоци

**Д-р Јасмина Димитрова-Шумковска** е родена на 6.9.1971 година во Скопје. Во учебната 1990/91 година се запишала на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и студирала на Институтот за биологија, биохемиско-физиолошка насока. Дипломирала во 1995 година со просечен успех 9,67 и е прогласена за студент на генерацијата на Институтот за биологија. Во текот на студиите покажала изразен интерес за физиолошко-биохемиските дисциплини. Во 1996 година е примена за стручен соработник на Катедрата за биохемија, во состав на Заводот за физиологија и биохемија, на Институтот за биологија при ПМФ во Скопје. Во учебната 1996/1997 година се запишала на постдипломските студии на Институтот за биологија (биохемиско-физиолошка насока) при матичниот Факултет. Во звањето помлад асистент на Заводот за физиологија и биохемија е избрана во 1999 година, а реизбрана во 2002 година. Магистерската теза, под наслов „Влијанието на некои незаситени масни киселини и аминокиселината аргинин врз липопротеинскиот метаболизам кај хиперхолестеролемични стаорци", ја одбранила во 2002 година. Едно од значајните подрачја на истражување на д-р Димитрова-Шумковска се индуцираните алтерации во липидниот метаболизам, влијанието на ксенобиотиците и корелациите со кардиоваскуларните заболувања. Во одговор на потребата за користење на соодветен анимален модел за експерименталните истражувања, Димитрова-Шумковска основа фарма за нов сој на експериментални трансгени животни (Apo E KO дефициентни глувци), единствена во регионот, со што значајно придонесува за проширување на научноистражувачката активност на Институтот за биологија. Докторатот на тема: „Оксидативен стрес, индуциран *in vivo* по третман со атерогена диета и канцерогена супстанција – 7,12 диметилбенз[α]антрацен (7,12 DMBA). Можен импакт врз атеросклерозата" е реализиран во Заводот за експериментална физиологија и биохемија при Институтот за биологија, во соработка со Одделот за молекуларна фармакологија при Technion, Institute of Technology, Haifa, Израел. Член е на: Israel Society for Neurosciences, Друштвото на биолозите на Република Македонија, Здружението на медицинските биохемичари и Здружението на физиолози на Република Македонија.

Во натамошниот текст од извештајот е даден осврт кон активностите во наставно-образовната и научноистражувачката дејност на д-р Димитрова-Шумковска.

## II. Наставно-образовна дејност

Како асистент, кандидатката Димитрова-Шумковска е ангажирана со изведување на севкупната практична настава по предметите: *општа биохемија* (за наставна насока), *биохемија I, биохемија II* и *клиничка биохемија* (за биохемиско-физиолошка насока), *анимална и растителна биохемија* (за еколошка насока) и *биохемија* (за двопредметните студии по биологија-хемија). Во изминатиот период активно учествува во изработката на голем број дипломски работи на Катедрата за биохемија. Учествува во реализацијата на практичната настава на магистерските и специјалистичките постдипломски студии на Институтот за биологија и укажува стручна помош при изработката на тезите.

Во изминатиот период, таа е коавтор на три телевизиски емисии од областа на биохемијата. Автор е и на Практикумот за интерна употреба по клиничка биохемија за студентите на биохемиско-физиолошката насока на студиите по биологија. Покрај тоа, кандидатката д-р Димитрова-Шумковска била вклучена во осмислувањето на нови постапки и реализацијата на практичната настава по наведените предмети.

## III. Научноистражувачка дејност

Освен во наставно-образовниот процес, кандидатката д-р Димитрова-Шумковска е активно вклучена во научноистражувачката дејност на Заводот за експериментална физиологија и биохемија на Институтот за биологија. Учествувала во истражувањата на проектот „Ефектот на некои незаситени масни киселини и аминокиселината аргинин врз липопротеинскиот и гликогенскиот статус кај хиперхолестеролемични стаорци" 2001-2004, под раководство на проф. д-р Божидарка Ѓошиќ-Марковска. Била вклучена и во реализацијата на проектот "Anticarcinogenic and Antiatherogenic Activity of Sporocarp Extract from selected Taxa, Typical for The Region of Balcan Peninsula in Correlation to the Phylogenetic Position of Source Fungi (Ministry of Science of Macedonia and Ministry of Science and Forestry of Slovenia, билатерален проект" 2007-2009), под раководство на проф. д-р Митко Караделев и во меѓународниот проект "The Peripheral-Type Benzodiazepine Receptors: Cancerogenesis and Steroidogenic Production; 18kDa Translocator Protein and Oxidative Stress *in vivo*, во периодот 2007-2009. Horowitz Research Fund, 2000156, Elias Medical Research Fund, 2009264, Technion (Israel), работен под раководство на проф. д-р Moshe Gavish. По покана на проф. д-р Moshe Gavish од референтниот Универзитет (TECHNION, Israel, рангиран на 25. место од техничките достигнувања во светски рамки), кандидатката д-р Димитрова-Шумковска во периодот 15.12.2008 - 18.12.2008 одржала семинар на тема: Oxidative stress and expression of the 18 kDa translocator protein induced *in vivo* by atherogenic diet and the carcinogen dimethylbenz[a]anthracene (7, 12 DMBA) in liver and aorta. Studies in rat and apoE deficient mice. Implications for atherosclerosis.

До повторниот избор за асистент, д-р Јасмина Димитрова-Шумковска објавила 8 труда кои се рецензирани во Билтен бр. 811 од 30.9. 2002 година; бр. 835 од 12.9. 2003 и бр. 921 од 1.6. 2007 година. Во тековниот 3 - годишен период по повторниот избор за асистент, д-р Димитрова-Шумковска приложува печатени 8 труда.

### Анализа на трудовите по повторниот избор за асистент:

9. Crceva-Nikolovska, R., Dimitrova-Shumkovska, J., Petkovska, S., Shtakleva, M., Smiljeska, V. (2008) Low beneficial effects of short term antidiabetic treatment in streptozotocin-induced dibatic rats. Biol. Macedonica, 61,151-161.

Испитувано е дејството на биохемиските механизми на специјалната исхрана (Purina Veterinars Diets Colitis Canine Formula, Nestle) во стабилизацијата на хипергликемијата и компликациите што произлегуваат од неа, кај стрептозотоцин-индуцирани адултни дијабетични стаорци, третирани со инсулин или специјална храна. Инсулинската администрација предизвикала корекција во нарушените биохемиски параметри,

наспроти применетата специјална диетна суплементација чиј ефект бил видлив само во одржувањето на нивото на глукоза во циркулаторниот систем. Оттука, заклучокот од студијата е дека специјализираната диетна формула за третман на прогресивна хипергликемија кај адултни животни, произведена од Фирмата Nestle, не може во целост да го возобнови дисбалансот во клеточниот одговор предизвикан од стрептозотоцинот.

10. Dimitrova-Shumkovska, J., Djoshic-Markovska, B., Roganovic, D. and Anastasovska, V. (2008) 7,12 Dimethylbenz[a]anthracene – induced protein oxidation in rat liver. Biol. Macedonica, 61, 139-149.

Авторите во оваа студија воведуваат постапка за брзо определување на оксидативно оштетените протеини во ткивата и мерење на нивната корелација со степенот па деструкција на ткивото предизвикан од интрагастричен третман со ксенобиотикот 7,12 DMBA. Според авторите, зголемената протеинска оксидација (AOPP) корелира со намаленото ниво на ткивен глутатион (GSH). Со оваа студија се даваат *in vivo* докази за причинско-последичната врска помеѓу хроничното акумулирање на AOPPs и канцерогенезата.

11. Dimitrova-Shumkovska, J., Djoshic-Markovska, B., Petkovska, S., Shtakleva, M., Stojanoska, S. (2008) Evaluation of oxidative stress in liver of animal model exposed to chemical carcinogen - 7, 12 dimethylbenz[a]anthracene. Bilten of XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 67-77.

Целта на овој труд е етаблирање на потенцијалните консеквенци од дозирање, фреквенција на администрација, како и време на експозиција на DMBA, врз маркерите на оксидативен стрес во црнодробни ткива. Забележано е дека администрацијата со DMBA, во определена доза и време на експозиција, покажала ограничени ефекти на оксидативен стрес во црниот дроб, односно предизвикала трошење на интрацелуларниот глутатион (GSH) и зголемено ниво на AOPP, наспроти инцидентни ефекти врз активноста на супероксид дизмутазата (SOD), протеинските карбонили (PC) и липидните пероксиди (LPO). Следствено, авторите ја потенцираат можноста за следење на количествата на формирани липидни пероксиди (LPO) и дитирозински молекули (AOPP) во крвната плазма, како потенцијални клинички маркери што го утврдуваат - нивото на оксидативен стрес. Двата параметра се однесуваат на оксидативните оштетувања на биомолекулите.

12. Gurzanova-Durnev, Lj., Djoshic-Markovska, B., Zisovska, E., Zivkovich, J., Dimitrova-Shumkovska, J.(2008) Evaluation of erythrocyte superoxide dismutase (SOD) activity response to oxidative insult in newborn and premature infants. Biol. Macedonica, 61, 127-138.

Објавениот труд се однесува на определување на еритроцитната активност на *супероксид дисмутазата (SOD, EC 1.15.1.1)* како ензим кој ја катализира дисмутацијата на кислородниот слободен радикал, со која новородените деца стартуваат во животот, како и неговата зависност од степенот на матурација па испитаниците. Здравите деца, родени во термин, покажале значително повисоки вредности за *SOD* во однос на истите кај здравите, prematурно родени деца. Кај прематурните деца биле констатирани значителни разлики: децата поставени на кислородна терапија и на респиратор, споредени со здравите прематурни имале значително повисока *SOD* - активност (28,8% и 8,6%, соодветно, p<0,001). Авторите посочуваат дека ниската ензимска активност веројатно уште повеќе го продлабочува оксидативниот стрес во постнаталниот период кога прематурните со респираторни проблеми ќе се соочат со терапевтската хипероксија. Тоа сугерира дека адекватната нутритивна интервенција (антиоксидативна терпија, суплементација со специфични метал-кофактори) на мајките во тек на бременоста и на децата по раѓањето би можела да биде круцијална за зголемување на антиоксидативниот капацитет на прематурните деца.

13. Grebenc, T., Shumkovska-Dimitrovska, J., Rusevska, K. Kraigher, H. & Karadelev, M. (2008). Molecular phylogeny and distribution of Antrodia juniperina (Murrill) Niemelä & Ryvarden and Pyrofomes demidoffii (Lév.) Kotl. & Pouzar in the Republic of Macedonia

and correlation to their potential anti-cancerogenic and anti-atherogenic activities. Inter. Conference on Biolog and Environ Sci, 1, 241-28.

Во овој научен труд се анализирани различни феноли антиоксанси како флавоноиди, танини, кумарин, ксантони и неодамна откриените процијаниди со концентрациска зависност за делотворност, што претставува потенцијален фармаколошки лек во патологиите предизвикани од слободните радикали. Резултатите од досегашните истражувања ја демонстрираат *in vitro* активноста на габите *Phellynus torullosus* и *Pyrofomes demidoffii* во различни услови на инкубација, присутни како суплементи во храната за глувци под т.н. „канцероген третман" со 7,12 DMBA (диметил-бенз(*a*)антрацен). Авторите сугерираат дека полифенолните соединенија присутни во габите поседуваат инхибиторен ефект врз мутагенезата и карциногенезата, и затоа се добар суплемент во количество од 1g дневно добиен од свежа растителна маса.

14. Dimitrova-Shumkovska, J., Veenman, L., Ristoski, T., Leschiner, S., Gavish, M. (2010) Chronic High Fat, High Cholesterol Supplementation Decreases 18 kDa Translocator Protein Expression in Association with Increased Oxidative Stress in Rat Liver and Aorta. Food and Chem. Toxicol. 48, 910-921.

Во објавената студија се опишани третманот и последиците од применетата атерогена диета кај стаорци од машки пол. Зголеменото ниво на липиди, напоредно со зголемениот оксидативен стрес, предизвикан од исхраната, се проследени со редуцирана активност и густина на сврзување на транслокаторниот протеин (TSPO) како во аортата, така и во црниот дроб. Интересно е што кај стаорците третирани со атерогена исхрана се забележани минимални до умерени промени во васкуларниот ендотел. Со оглед на фактот дека капацитетот на сврзување на TSPO е посебно редуциран во аортата, тоа може да претставува компензаторен одговор насочен кон намалување на штетните ефекти од холестеролниот третман, механизам кој исто така е посочен при *in vitro* студии со примена на $CoCl_2$.

15. Dimitrova-Shumkovska, J., Veenman, L., Ristoski, T., Leschiner, S., Gavish, M. (2010) Dimethylbenz[α]anthracene Effects on Oxidative Stress and Binding Characteristics of the Mitochondrial 18 kDa Translocator Protein in Rat Aorta. Drug and Chem Toxicol., 33: 4, 337-347.

Оваа студија за првпат покажува дека изложувањето на васкуларниот ендотел на иританти, метаболички или хемиски, ја намалува експресијата на 18 kDa транслокаторен протеин (18kDa TSPO) во аортата. Овие намалувања на капацитетот на сврзување на TSPO потенцијално се поврзани со оксидативниот инсулт предизвикан во тој орган. Добиените хистопатолошки анализи од аортниот лак се во корелација со констатираните биохемиски наоди. Поконкретно, овој труд укажува на фактот дека ксенобиотиците од природната средина можат да бидат т.н. „тригер" механизам за иницијација на атеросклеротичниот процес, дури и кај резистентни на оваа патологија животни од метаболички аспект.

16. Dimitrova-Shumkovska, J., Veenman, L., Ristoski, T., Leschiner, S., Gavish, M. (2010) Decreases in Binding Capacity of the Mitochondrial 18 kDa Translocator Protein Accompany Oxidative Stress and Pathological Signs in Rat Liver after DMBA Exposure. J Toxicol Pathol (ISSN: 0192-6233 print / 1533-1601 online).

Студијата се однесува на ефектите од дозата, фреквенцијата на администрирање, како и периодот од првичното администрирање на 7,12-dimethylbenz(α)antracene (DMBA) до крајот на третманот, врз развојот на хепаталната патологија, оксидативниот стрес и капацитетот, густината и афинитетот на сврзување на транслокаторниот протеин во црниот дроб. Третманот со DMBA предизвикал акумулација на гликогенски грануди, концентрирани во мидзоналниот регион на хепаталните лобуси, што биле најизразени кај групата со повторувана апликација на ксенобиотикот. Се покажало дека оваа манифестација е зависна од применетата доза. Во оваа смисла, кандидатката посочува дека PAH и други индуктори на цитохром оксидазите CYP доведуваат до привремено таложење на гликогенот и недостатокот на *фосфорилаза А* во црниот дроб, што е

последица на т.н. иницијална реверзибилна токсичност на полицикличните јаглеводороди.

***Значајно за одбележување*** е дека ова истражување е прво во утврдување на корелацијата меѓу кардиоваскуларниот систем како таргет на оксидативен инсулт и експресијата на транслокаторниот протеин (18kDa) во аортата при ваквите состојби. Ваквата инволвираност на транслокаторниот протеин TSPO, во кардиоваскуларните оштетувања и засилениот оксидативен стрес, настанати под дејство на третманот со DMBA, би можело да биде од голема важност за негова идна терапевтска примена, преку модулација на активноста и бројот на рецепторни места.

**Трудови презентирани на научни собири.** До повторниот избор за асистент, д-р Јасмина Димитрова-Шумковска презентирала 16 соопштенија (Билтен бр. 811 од 30.9. 2002година; бр. 835 од 12.9. 2003 и бр. 921 од 1.6. 2007 година). По повторниот избор за асистент, кандидатката приложува 8 нови соопштенија од учество на меѓународни конгреси, кои се дадени во Анекс 2 кон извештајот во звање.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот материјал и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија може да заклучи дека д-р Јасмина Димитрова-Шумковска во досегашната активност покажала забележителни резултати како во наставно-образовната, така и во научноистражувачката дејност. Кандидатката д-р Димитрова-Шумковска се одликува со особини неопходни за еден научен истражувач и педагог. Таа постојано работи на своето усовршување, следејќи ја најсовремената литература од својата област и пошироко.

Д-р Димитрова-Шумковска се карактеризира со изразена инвентивност, прецизност и професионалност. Несебично се залага за воведување на нови лабораториски методи, со цел за подобра едукација на студентите и меѓународна верификација на биохемиската лабораторија во која работи.

Со оглед на напред изнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје, кандидатката д-р Јасмина Димитрова-Шумковска да биде избрана во звањето доцент по предмети од наставно-научните области општа биохемија и клиничка биохемија на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

**Рецензентска комисија**

Д-р Божидарка-Ѓошиќ-Марковска, редовен професор
на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Слобода Цекова-Стојкова, редовен професор
на Медицинскиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Киро Стојановски, редовен професор
на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

# ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО - СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Јасмина Драган Димитрова - Шумковска**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Природно-математички факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **биохемија, клиничка биохемија, експериментална биохемија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**
**Одржани вежби и консултации**

| Година | Предмет | Вк. студенти | Часови по семестар | Поени |
|---|---|---|---|---|
| 1997/1998 | Вежби по предметите: *биохемија, општа биохемија и клиничка биохемија* [часови x 30 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти] | 110 | 12 | 11,02 |
| 1998/1999 | Вежби по предметите: *биохемија, општа биохемија и клиничка биохемија* | 169 | 17 | 15,64 |
| 1999/2000 | Вежби по предметите: *биохемија, општа биохемија и клиничка биохемија* | 126 | 19 | 17,35 |
| 2000/2001 | Вежби по предметите: *биохемија, општа биохемија и клиничка биохемија* | 97 | 11 | 10,10 |
| 2001/2002 | Вежби по предметите: *биохемија, општа биохемија и клиничка биохемија* | 82 | 11 | 10,06 |
| 2002/2003 | Вежби по предметите: *биохемија, општа биохемија и клиничка биохемија* | 74 | 12 | 10,95 |
| 2003/2004 | Вежби по предметите: *биохемија 1, општа биохемија, биохемија, анимална биохемија, клиничка биохемија* | 105 | 16 | 14,61 |
| 2004/2005 | Вежби по предметите: *биохемија 1, општа биохемија, биохемија, анимална биохемија, клиничка биохемија* | 125 | 17 | 15,55 |
| 2005/2006 | Вежби по предметите: *биохемија 1, општа биохемија, биохемија, анимална биохемија, клиничка биохемија* | 114 | 15 | 13,73 |
| 2006/2007 | Вежби по предметите: *биохемија 1, општа биохемија, биохемија, анимална биохемија, клиничка биохемија* | 152 | 18 | 16,50 |
| 2007/2008 | Вежби по предметите: *биохемија 1, општа биохемија, биохемија, анимална биохемија, Клиничка биохемија* | 161 | 19 | 16,91 |
| 2008/2009 | Вежби по предметите: *биохемија 1, општа биохемија, биохемија, анимална биохемија, клиничка биохемија* | 99 | 12 | 11,00 |
| 2009/2010 | Вежби по предметите: *биохемија 1, општа биохемија, биохемија, анимална биохемија, клиничка биохемија* | 143 | 19 | 17,39 |
| | | | **Вкупно** | **180,81** |

| | |
|---|---|
| интерна скрипта од вежби (Практикум по клиничка биохемија) | 3,0 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на дипломски работи (30) | 3,0 |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Markovska, B., Kocarev, R., Stojkovski, V., **Dimitrova, J.** (1997). The influence of alteration of light factor on the glycogen quantity in the sexual organs in the white laboratory rats. Macedonian Journal of Reproduction 3, 2:155-162. | 2,40 |
| 2 | Markovska, B., Kocarev, R., Stojkovski, V., **Dimitrova, J.** (1999). Protective influence of vitamin A in laboratory rats exposed on dark and high ambiental temperature. Macedonian Journal of Reproduction, 21-28. | 2,40 |
| 3 | **Димитрова, Ј.** (2002). Влијанието на некои незаситени масни киселини и аминокиселината аргинин врз липопротеинскиот метаболизам кај хиперхолестеролемични стаорци, *магистерска теза* | 4,00 |
| 4 | **Димитрова-Шумковска, Ј.,** Ѓошиќ-Марковска, Б., Рогановиќ-Зафирова, Д., Беличовска, К. (2002). Влијание на атерогена диета врз липопротеинскиот метаболизам и естерификација на холестеролот во црн дроб кај стаорци. Годишен зборник на Земјоделскиот факултет, 47, 125-148. | 2,40 |
| 5 | **Димитрова-Шумковска, Ј.,** Ѓошиќ- Марковска, Б., Смиљевска, В., Анастасовска, В. (2004/05). Флукс на азот моноксид и продукција на липидни пероксиди во црн дроб кај стаорци изложени на аргининска администрација. Biol. Macedonica, 55/56,151-164. | 2,40 |
| 6 | **Димитрова-Шумковска, Ј.,** Ѓошиќ- Марковска, Б., Смиљевска, В., Анастасовска, В. (2004/05). Ефектите на применетите маслени суплементи врз количеството на липидни пероксиди во ткива на стаорци со различен фосфолипиден состав. Biol. Macedonica, 57/58,117-136. | 2,40 |
| 7 | Anastasovska, V., Djoshic-Markovska, B., Stojkovski, V., **Dimitrova-Shumkovska, J.** (2005) Erythrocyte glucose-6-phosphate dehydrogenase activity in laboratory rats treated with Amoxiclav, Lidaprim and 1-chloro-2, 4-dinitrobenzene. Contributions, Sec. Biol.Med. Sci., MASA, XXVI/1, p. 121-131. | 2,40 |
| 8 | **Dimitrova-Shumkovska, J.,** Djoshic-Markovska, B., Roganovic, D. and Anastasovska, V. (2006) Effects of different dietary fatty acids supplements upon lipoprotein metabolism and lipid peroxides production in hyper lipidemic rats. Contributions, Sec. Biol.Med. Sci., MASA, XXVII/1, p.67-87. | 2,40 |
| 9 | Crceva-Nikolovska, R., **Dimitrova-Shumkovska, J.,** Petkovska, S., Shtakleva, M., Smiljeska, V. (2008) Low beneficial effects of short term antidiabetic treatment in streptozotocin-induced dibatic rats. Biol. Macedonica, 61,151-161. | 2,40 |
| 10 | **Dimitrova-Shumkovska, J.,** Djoshic-Markovska, B., Roganovic, D. and Anastasovska, V. (2008) 7,12 Dimethylbenz[a]anthracene –induced protein oxidation in rat liver. Biol. Macedonica, 61, 139-149. | 2,40 |
| 11 | **Dimitrova-Shumkovska, J.,** Djoshic-Markovska, B., Petkovska, S., Shtakleva, M., Stojanoska, S. (2008) Evaluation of oxidative stress in liver of animal model exposed to chemical carcinogen - 7, 12 dimethylbenz [*a*]anthracene. Bilten of XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 67-77. | 1,20 |
| 12 | Gurzanova-Durnev, Lj., Djoshic-Markovska, B., Zisovska, E., Zivkovich, J., **Dimitrova-Shumkovska, J.**(2008) Evaluation of erythrocyte superoxide dismutase (SOD) activity response to oxidative insult in newborn and premature infants. Biol. Macedonica, 61, 127-138. | 2,40 |
| 13 | Grebenc, T., **Shumkovska-Dimitrovska, J.,** Rusevska, K. Kraigher, H. & Karadelev, M. (2008). Molecular phylogeny and distribution of *Antrodia juniperina* (Murrill) Niemelä & Ryvarden and *Pyrofomes demidoffii* (Lév.) Kotl. & Pouzar in the Republic of Macedonia and correlation to their potential anti-cancerogenic and anti-atherogenic activities. Inter. Conference on Biolog and Environ Sci, 1, 241-28. | 1,20 |
| 14 | **Dimitrova-Shumkovska, J.** (2010) Oxidative stress induced *in vivo* by atherogenic diet и the carcinogen - 7, 12 dimethylbenz[*a*]anthracene (7,12 DMBA). Possible impact on atherosclerosis. *Doctoral Thesis* | 8,00 |
| | **Вкупно** | 38,4 |

**Труд со оригинални научни резултати објавени во научно списание со меѓународен уредувачки одбор со импакт фактор**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15 | **Dimitrova-Shumkovska, J.,** Veenman, L., Ristoski, T., Leschiner, S., Gavish, M. (2010) Chronic High Fat, High Cholesterol Supplementation Decreases 18 kDa Translocator Protein Expression in Association with Increased Oxidative Stress in Rat Liver and Aorta. Food and Chem. Toxicol. 48, 910-921. | 60% | 5,13 |
| 16 | **Dimitrova-Shumkovska, J.,** Veenman, L., Ristoski, T., Leschiner, S., Gavish, M. (2010) Dimethylbenz[α]anthracene Effects on Oxidative Stress and Binding Characteristics of the Mitochondrial 18 kDa Translocator Protein in Rat Aorta. Drug and Chem Toxicol., 33: 4, 337-347. | 60% | 4,40 |
| 17 | **Dimitrova-Shumkovska, J.,** Veenman, L., Ristoski, T., Leschiner, S., Gavish, M. (2010) Decreases in Binding Capacity of the Mitochondrial 18 kDa Translocator Protein Accompany Oxidative Stress and Pathological Signs in Rat Liver after DMBA Exposure. J Toxicol Pathol (ISSN: 0192-6233 print / 1533-1601 online) | 60% | 5,11 |
| | **Вкупно** | **14,64** | |

**Учество на научен / стручен собир со реферат**

| Ред. број | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Markovska, B., Dinevska, S., **Dimitrova, J.** (1997). Glycogen quantity in adrenal glands (cortex and medulla) in rats. Proceedings of abstracts, p. 162. The 6th Congress of Croatian Biologists, Opatija. | 1 |
| 2 | Марковска, Б., Коцарев, Р., Стојковски, В., **Димитрова, Ј.** (1997). Дејство на промените на режимот на осветлувањето врз содржината на гликогенот во овариумите, утерусот и тестисите кај белиот стаорец. Зборник на резимеа, стр.102, 5.Меѓународна конференција за овчарство и козарство и 3.Симпозиум за размножување на животни, Охрид. | 1 |
| 3 | Markovska, B., Guržanova, Lj., **Dimitrova, J.** (1997). Antistress influence of dexamethason in rats treated with salicilate. Abstract Book, pp.30. 2nd Congress of Macedonian Society of Medical Biochemists, Struga. | 1 |
| 4 | Markovska, B., Kocarev, R., **Dimitrova, J.** (1998). Protective influence of vitamin A in laboratory rats exposed on dark and high ambiental temperature (41°C) – glycogen in sexual organs. Proceedings of 6th International Conference for Ovine and Caprine Production and 2nd Symposium on Animal Reproduction, Ohrid. | 1 |
| 5 | Марковска, Б., Коцарев, Р., **Димитрова, Ј.** (1998). Студот како стресоген фактор - Содржина на холестерол и гликоген во надбубрежни жлезди. 2 Конгрес на биолозите на Македонија, Зборник на апстракти , стр. 77, Охрид. | 1 |
| 6 | Markovska, B., Gurzanova, Lj., **Dimitrova, J.** (1998). Metapironov test i sadržaj glikogena i holesterola u nadbubrežnim žlezdama laboratoriskih pacova. XI Kongres Medicinske biohemije I laboratorijske medicine, Zlatibor, SRJ, 3 Zbornik radova, str.49. | 1 |
| 7 | Markovska, B., Kocarev., **Dimitrova, J.** (1999). Contribution in investigation of stress with fasting and thirst upon glycogen metabolism in adrenal glands and sexual organs in white laboratory rat. Proceedings p.p. 90. 7th International Conference for Ovine and Caprine Production; 5th International Symposium on Animal Reproduction, Ohrid. | 1 |
| 9 | Markovska, G. B., Roganovic, D., Dimovska, J., **Dimitrova, J.** (2001). Effects of dietary polyunsaturates of cholesterol esterification in hypercholesterolemic rats. Proceedings of the 9 th meeting of the Balkan Clinical Laboratory Federation, p. 67, Ioannina, Greece. | 1 |
| 10 | **Dimitrova, J.,** Markovska, G. B., Dimovska, J. (2001). Effects of dietary polyunsaturates on lipid peroxidation in liver homogenates of | |

| | | |
|---|---|---|
| | hypercholesterolemic rats: Comparison of spontaneous and nonenzymatic induced oxidative stress. World Chemistry Congress, PC 23, p.328, Brisbane, Australia. | 1 |
| 11 | B. Markovska, **J. Dimitrova**, I. Gjorgoski, J. Dimovska, (2003). Lipid peroxidation in brain homogenates in rats receiving high fat diet supplemented L-arginine, XI Meeting of the Balkan Clinical Laboratory federation, Belgrade Serbia and Montenegro 24-27 September 2003, vol.22 Yugoslav Med Biochemistry, Suppl 2, H 161. | 1 |
| 12 | **J. Dimitrova**, B. Markovska, I. Gjorgoski, J. Dimovska, (2003).Lipid peroxidation in various experimental conditions in rat brain homogenate in mildly hypercholesterolemic rats with different dietary supplement, Proceedings, 8th Croatian biological congress, Zagreb. | 1 |
| 13 | B. Djoshic - Markovska, **J. Dimitrova-Shumkovska** (2004). Inducirana lipidna peroksidacija u mozdanom homogenatu kod umereno hiperholesterolemicnih pacova izlozenih razlicitim vrstama maslene suplementacija, XIV Kongres medicinske biohemije I laboratorijke medicine, Sokobanja, Jugoslovenska medicinska biohemija vol:23, Suppl.3. | 1 |
| 14 | Markovska-Djoshic. B., **Dimitrova-Shumkovska. J.** and Anastasova, V. (2004). The glycogen content in adrenal glands, overies and testes as stress indicator in rats exposed to ether narcosis, 12th Meeting of Balcan Clinical Laboratory Federation, Constanca, Romania, Proceedings; 155-157. | 1 |
| 15 | **Dimitrova Shumkovska, J.**, Veenman, L., Ristoski, T., Leschiner, S. and Gavish, M. (2008) The effects of high fat, high cholesterol diet on oxidative stress and expression of the 18 kDa translocator protein in rat liver and aorta . Rev Neurosc. Abstracts of the 17th Annual Meeting of the Israel Society for Neuroscience, Israel Meeting, Eilat, Israel. | 1 |
| 16 | Grebenc, T., **Shumkovska-Dimitrova, J.**, Rusevska, K. Kraigher, H. & Karadelev, M. (2008) Molecular phylogeny and distribution of *Antrodia juniperina* (Murrill) Niemelä & Ryvarden and *Pyrofomes demidoffii* (Lév.) Kotl. & Pouzar in the Republic of Macedonia and correlation to their potential anti-cancerogenic and anti-atherogenic activities. Book of Abstracts, International Conference on Biological and Environmental Sciences, 26-27 September 2008, Tirana, Albania. pp 152-153. | 1 |
| 17 | Grebenc, T., **Shumkovska-Dimitrovska, J.**, Rusevska, K. Kraigher, H. & Karadelev, M. (2008) Combined approach in exploring the biological activity of two fungi *Antrodia juniperina* and *Pyrofomes demidoffii* based on their phylogenetic position and relation to their anti-cancerogenic and anti-atherogenic activity. Symposium of Flora and Vegetation in Slovenia, Ljubljana. Book of Abstracts. | 1 |
| 18 | **Dimitrova-Shumkovska, J.**, Djoshic-Markovska, B., Petkovska, S., Shtakleva, M., Stojanoska, S. (2008) Evaluation of oxidative stress in liver of animal model exposed to chemical carcinogen - 7, 12 dimethylbenz[a]anthracene. XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Abstract boo, pp 67. | 1 |
| 19 | **Dimitrova-Shumkovska, J.**, Đošić-Markovska, B., Štakleva, M., Sabriu, A., Košarkoska, F., Naunovska·Guržanova-Durnev, Lj. (2009) Oxidative stress in male rats fed a high fat-high cholesterol diet. Involvement of advanced oxidation protein products. Proceedings of the 17th meeting of the Balkan Clinical Laboratory Federation, p. 77, Ohrid, Republic of Macedonia. | 1 |
| 20 | **Dimitrova-Šumkovska, J.**, Veenman, L., Đošić-Markovska, M., Ristoski, T. (2009) Impact of Cholesterol Diet on the Mitochondrial 18 kDa Translocator Protein (TSPO) in the Aorta of apoE Knockout Mice. Proceedings of the 17th meeting of the Balkan Clinical Laboratory Federation, p. 78, Ohrid, Republic of Macedonia. | 1 |
| 21 | Ristoski, T., **Dimitrova-Shumkovska, J.**, Veenman, L. 2009. Dimethylbenz[α]antracene induced hepatotoxicity and expression of the mitochondrial 18 kDa translocator protein in rat liver. 27th Meeting of the European Society of Veterinary Pathology; Krakow, Poland Book of Abstracts, p.163 published in *J of Comparative Pathology*. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 22 | **Dimitrova-Shumkovska, J.,** Veenman, L., Leschiner, S., Gavish, M. 2010. Enhanced binding capacity of 18 kDa Translocator protein (TSPO) in platelets and erythrocytes of Apo E deficient mice. 7th International Congress of Neuroendocrinology, Rouen, France. | 1 |
| | **Вкупно** | **22** |

**Во прилог на НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ**
**Учесник во национални научни проекти**

| Ред. број | Име на проектот: | Поени |
|---|---|---|
| | **(2001-2004)** The Impact of Dietary Unsaturates and L-Arginine Administration Upon Lipoprotein and Carbohydrate Metabolism in Mildly Hypercholesterolemic *Wistar*-Rats. Раководител на проектот: Проф.д-р Божидарка Ѓошиќ-Марковска | 3 |
| | **(2007-2008)** Anticarcinogenic And Antiatherogenic Activity of Sporocarp Extract From selected Taxa, Typical for The Region of Balcan Peninsula in Correlation to the Phylogenetic Position of Source Fungi (Ministry of Science of Macedonia and Ministry of Science and Forestry of Slovenia, bilateral project). Раководител на проектот од Македонска страна: Проф. д-р Митко Караделев | 5 |
| | **(2007-2009)** The Peripheral-Type Benzodiazepine Receptors: Cancerogensis and Steroidogenic Production; 18kda Translocator Protein and Oxidative Stress *in vivo*. Horowitz Research Fund , 2000156, Elias Medical Research Fund , 2009264 , Technion (Israel). Раководител на проектот: Проф. д-р Moshe Gavish | 5 |
| | **Вкупно** | **13** |
| Одржан семинар по покана на проф. д-р Moshe Gavish од референтен универзитет (TECHNION, Israel, рангиран на 25. место во светски рамки) на тема: Oxidative stress and expression of the 18 kDa translocator protein induced *in vivo* by atherogenic diet and the carcinogen dimethylbenz[a]anthracene (7, 12 DMBA) in liver and aorta. Studies in rat and apoE deficient mice. Implications for atherosclerosis. Време. 15.12.2008- 18.12.2008, Department of molecular pharmacology, Technion Medical Faculty, Haifa, Israel. | | **3** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**
**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

**Студиски престој во странство**

| Ред. број | Место TECHNION, Israel Време (месеци) | Настан | Поени |
|---|---|---|---|
| 1 | јануари 2007 – март 2007 | Изработка на дел од докторската теза | 0,5 |
| 2 | јуни 2007 – јули 2007 | Изработка на дел од Докторската теза | 0,5 |
| 3 | март - април 2008 | Изработка на дел од Докторската теза | 0,5 |
| 4 | ноември 2008 – јануари 2009 | Истражување | 0,5 |
| 5 | јануари- февруари 2010 | Истражување | 0,5 |
| | | **Вкупно** | **2,5** |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Член на факултетска комисија – попис (2003/2004;2004/2005; 2005/2006; 2006/2007; 2008/2009) | 2,5 |
| 2 | Член на факултетска дисциплинска комисија (2009/2010) | 0,5 |
| 3 | Член на организационен одбор на научен собир (секретар на друштвото на биолози во периодот 1998-2002) | 2,0 |
| 4 | Учество во промотивни активности на факултетот (2007, 2008) | 1,0 |
| | Учество во промотивни активности на Институтот (3 телевизиски емисии од областа на биохемијата) | 1,5 |
| 5 | Воведување на нова лабораторија за трансгенични животни | 4,0 |
| | **Вкупно** | 11,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **186,81** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **91,04** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **14,00** |
| **Вкупно** | **291,85** |

**Членови на Рецензентската комисија**

Д-р Божидарка-Ѓошиќ-Марковска, редовен професор
на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Слобода Цекова-Стојкова, редовен професор
на Медицинскиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Киро Стојановски, редовен професор
на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-746/1
24-09-2010 год.
СКОПЈЕ



# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СТАРОСНАТА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БЕКИМ КАДРИУ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 30 јуни 2010 година, донесе одлука за формирање комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Староснатa дискриминација во меѓународното право", од кандидатот м-р Беким Кадриу, во состав: проф д-р Љубомир Фрчковски, проф. д-р Денко Малески, проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Сашо Георгиевски и проф. д-р Тони Дескоски. Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. ТЕМА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

### 1. Актуелност на проблематиката и научниот придонес на истражувањето

Докторската дисертација „Староснатa дискриминација во меѓународното право" има во фокус една посебна форма на дискриминација, имено дискриминацијата по основ на старост (возраст). Актуелноста на оваа проблематика произлегува од фактот што дискриминацијата по основ на старост е сè поприсутна во денешните општества, вклучувајќи го и македонското. Имено, староста сè повеќе се употребува како неоправдан и неразумен критериум преку кој лицата се дискриминирани во многу области на општествениот живот. Од друга страна, концептот на староснатa дискриминација многу побавно се пробива во дебатата за човековите слободи и права, за разлика од расната или половата дискриминација, или дискриминацијата по основ на хендикеп или сексуална ориентација. Трудот анализира кои се причините за тоа, како и помага во разбирање на концептот на староснатa дискриминација.

За Република Македонија трудот има особено значење, пред сè поради фактот што Македонија е аматер во поседувањето на законодавство за заштита од дискриминација. Дури во април 2010 година се усвои Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој дополнително треба да започне да се применува. Поради ова, трудот претставува дополнителна форма на доближување на концептот до институциите кои го применуваат овој Закон (и други закони со анти-дискриминациони клаузули), помага во промовирање на концептот на не-дискриминација во нашето општество, како и сензибилизирање на граѓаните и институциите за постоењето на староснатa дискриминацијата и потребата од преземање на мерки за заштита од неа, како и за промовирање на еднаквоста.

Преку анализа на концептот на староснатa дискриминација, пред сè на судовите им се олеснува работата во постапките за заштита од староснатa дискриминација. Имено, во дисертацијата се објаснува концептот на староснатa дискриминација, се

дефинираат посебните форми на староспа дискриминација (директната и индиректната) и се даваат насоки кога се докажува едната, односно другата форма на дискриминација, како и во кој момент товарот на докажување преминува од тужителот на тужениот. Исто така, трудот може да биде алатка и за другите институции кои се занимаваат со прашања од дискриминацијата, како Комисијата за заштита од дискриминација или народниот правобранител.

Со еден збор, прашањето на старосната дискриминацијата, особено правниот аспект на концептот на старосната дискриминацијата и правната заштита од неа, се прашања за кои не се зборувало досега (барем во Македонија). Докторската дисертација прави обид проблематиките поврзани за старосната дискриминација да ги воведе во фокусот на академската и стручната јавност, со цел да се развие стручна и научна дебата за усвојување најдобри решенија во нашето законодавство и негово ефикасно имплементирање.

**2. Предмет, цел и хипотеза на истражувањето**

Правното третирање на старосната дискриминација, но и појавите кои ја следат неа, како причините за дискриминација, сферите каде што таа се појавува и решенијата кои се предвидуваат во правец на нејзино елиминирање, претставуваат основен предмет на дисертацијата. Од друга страна, како што покажува самиот наслов, предмет на дисертацијата претставува и анализа на достигнувањето на меѓународното право во сферата на заштита од старосна дискриминација. Исто така, предмет на дисертацијата е и ситуацијата во правниот систем на РМ по однос на прашањето на старосната дискриминација. Преку еден критички осврт се анализира колку македонското законодавство е спремно да ги имплементира меѓународните стандарди кои се однесуваат на заштитата од старосна дискриминација, колку истото законодавство се применува и колку институциите се спремни да го применат тоа законодавство.

Тоа што старосната дискриминација ја прави подобна за едно продлабочено истражување се нејзините специфичности, кои ја разликуваат неа од другите форми на дискриминација. Имено, старосната дискриминација има некои специфичности кои ја разликуваат од дискриминацијата заснована на други карактеристики. Во овој правец, дури има некои авторитети кои сметаат дека староста не претставува посебен дискриминаторски основ, односно дистинкциите кои се, прават по основ на старост се нормални, логични и оправдани. И токму тоа е една од основните тези на дисертацијата, имено се даваат аргументи во правец на зацврстување на тезата дека староста е и треба да биде посебен дискриминаторски основ. Спецификите кои постојат кај неа ја прават подобна за продлабочена анализа, но не и го негираат атрибутот на дискриминаторски основ.

Другата хипотеза која ја обработуваме се однесува на меѓународното право. Од аспект на меѓународните правила, не може а да не се забележи дека во дисертацијата се заклучува дека правилата на меѓународното право во правец на заштита од старосна дискриминација се премногу меки. Само во рамките на ЕУ постои поцврста регулатива за заштита од старосна дискриминација, но тие правила имаат многу тесен опсег на примена (само во сферата на работните односи). Во другите системи на заштита, правните правила не се многу цврсти и се појавуваат во форма на т.н. „меко право".

Основна цел на дисертацијата е да се осознае самиот концепт на старосната дискриминација и да се објаснат нејзините специфики преку кои таа се разликува од другите форми на дискриминација. Преку оваа основна цел се извлекува основниот

заклучок како тестот на пропорционалитет се применува на случаите на старосна дискриминација. Ова може да биде од огромна помош за нашите правосудни органи, на кои ќе им биде полесно да одлучуваат по предмети на наводна старосна дискриминација.

Од друга страна, старосната дискриминација во РМ е скоро непознат концепт. Со оглед на обврските што РМ ги има преземено преку меѓународни договори во правец на заштита од старосна дискриминација, воведувањето на концептот на старосната дискриминација во нашите академски кулоари претставува највисока цел која дисертацијата се обидува да ја постигне.

**3. Методолошка рамка**

При истражувањето, во дисертацијата се користат неколку важни методи. Пред сè, се користат нормативниот и споредбениот метод. Имено, за анализа на правните правила, национални и меѓународни, а кои се однесуваат на старосната дискриминација, се користи нормативниот метод. Преку овој метод, од националните правни системи се анализираат националните решенија кои се однесуваат на заштитата од старосна дискриминација, се разбира со аналитички и критички пристап. Кога се анализираат, пак, меѓународните правила, се анализира прифатеното решение како такво, правната природа на правните правила, како и каков е пристапот на меѓународните јурисдикции спрема прифатеното решение.

Компаративниот метод се користи со цел да се добие појасна слика за целиот концепт на старосната дискриминација. Преку употреба на компаративниот метод се доаѓа до заклучоци и препораки за евентуални законодавни решенија (усвојувањее, измена, дополнувања) кои треба да се усвојат во Република Македонија. Ова поради фактот што компаративниот метод овозможува локализирање на решенијата кои полесно би се вклопиле во целокупниот правен поредок и правните начела кои преовладуваат во РМ.

Покрај нормативниот и компаративниот метод, во истражувањето се користи и практиката на некои позначајни меѓународни и национални јурисдикции (case law). Преку практиката на овие тела се објаснува голем дел од институциите значајни за старосната дискриминација, од дефинициите, докажувањето, примената на тестот на пропорционалитет и сл. Особено во околности на употреба на правни стандарди во правните норми, кои по дефиниција им оставаат на телата зона на слободно толкување, улогата на практиката е многу значајна бидејќи од неа се определува содржината на правното правило.

И статистичкиот метод доаѓа предвид во истражувањето, во комбинација со набљудувањето. Преку овие методи се извлекуваат заклучоци за учеството на припадниците на посебни старосни групи во одредени социјални сегменти како образование, медиуми, вработување, социјална заштита и сл. Преку ваквите методи се покажува постоење на стереотипи кои ги погодуваат припадниците на определени старосни групи.

**4. Структура на дисертацијата**

Докторската дисертацијата „Старосната дискриминација во меѓународното право“ е поделена на три дела. Првите два дела ги обработуваат двата елемента на предметот на дисертацијата, имено во Дел први се истражуваат и се пронаоѓаат спецификите на старосната дискриминација, видовите, дефинирањето и докажувањето

на видовите на старосна дискриминација (директна и индиректна), а во Дел втори се анализираат меѓународните правила кои се однесуваат на заштитата од старосна дискриминација. Третиот дел се однесува на македонското законодавство за спречување и заштита од дискриминација, со посебен осврт на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација. Во овој дел се предлагаат и конкретни мерки за подобро запознавање на концептот на старосна дискриминација, работа која би влијаела на подобра заштита од старосната дискриминација.

Првиот дел од трудот е поделен на две глави. **Во Глава прва од Дел први** се анализираат старосните стереотипи и предрасуди кои се и изворот на старосна дискриминација. Се анализираат видовите на стереотипи, начинот на појава и зацврстување на стереотипите, и тоа и на тие кои ги погодуваат постарите, и на тие кои ги погодуваат помладите.

Во **Глава втора од Дел први** се анализира самиот концепт на старосната дискриминација, се аргументира потребата од прифаќање на староста како посебен дискриминаторски основ и спецификите на староста како дискриминаторски основ. Од овој дел се гледа зошто старосните дистинкции се гледаат како нормални и оправдани, односно зошто полесно се оправдуваат во општествата.

Во продолжение од оваа глава се извлекуваат основните елементи на постоење и докажување на директната и индиректната старосна дискриминација. Овие елементи се извлекуваат користејќи компаративни законодавства и анализирајќи конкретни случаи од национални и меѓународни јурисдикции. Овој дел е значаен затоа што се извлекува заклучок за начинот на докажување на старосната дискриминација, директна или индиректна, пред судовите.

**Дел втори** од дисертацијата го истражува вториот основен елемент од предметот, имено правилата на меѓународното право кои се однесуваат на заштита од старосната дискриминација. Сепак, овој дел започнува со **Глава прва од Дел втори** во која се дава една компративна анализа на некои национални законодавства кои содржат пософистицирани правила за заштита од старосна дискриминација.

Во **Глава втора од Дел втори** поподробно се анализира правната природа на правилата од меѓународното (особено договорно) право кои се однесуваат на спречување на старосната дискриминација. Во овој дел, како потврда на поставената хипотеза, се гледа дека овие правила се од мека природа, а не постои ниту меѓународен договор кој изрично се однесува на старосната дискриминација.

Во Глава трета од Дел втори се анализираат правилата на ЕУ кои се однесуваат на заштитата од старосната дискриминација. Особено се анализира ЕУ директивата за еднаков третман во вработувањето, како дел од меѓународното право за државите-членки на ЕУ. Во овој дел се извлекува заклучок за различниот третман што староста ја има како дискриминаторски основ во самата Директива (член 6) и тесната област на примена на Директивата. Покрај ова се анализира и предложената Директива која тежнее да ја прошири зоната на примена на заштитата од старосна дискриминација во ЕУ, како и одредбите од Повелбата за фундаменталните, која сега претставува дел од Лисабонскиот договор.

Во последниот **Дел трети** од дисертацијата се анализира колку концептот на старосната дискриминација е влезен во нашиот правен систем и препознат од страна на институциите. Со оглед на скорото влегување на целиот концепт на дискриминација во правниот систем на РМ, во овој дел се даваат конкретни препораки за преземање на мерки со цел концептот на старосна дискриминација да се доближи до граѓаните (кои

полесно ќе ги препознаваат случаевите), како и до носителите на правосудни функции (кои полесно ќе ги решаваат предметите кои евентуално ќе се појават пред нив). Особено значајна улога треба да одигра Комисијата за заштита од дискриминација која треба да се формира до крајот на 2010 година.

## II. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први" и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата и претставува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да му овозможи на кандидатот м-р Беким Кадриу да пристапи кон јавна одбрана на неговиот докторски труд.

**КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Љубомир Фрчкоски с.р.**
2. **Проф. д-р Денко Малески с.р**
3. **Проф. д-р Борче Давитковски с.р.**
4. **Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.**
5. **Проф. д-р Тони Дескоски с.р.**

# *РЕФЕРАТ*

## *ЗА ИЗБОР ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА МЕТОДИКИ НА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ЗПО, ЗП И ЗО, ЗА ГРУПАТА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК И МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО ЗПО, ЗА ГРУПАТА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ*

Со одлука на Наставно - научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, на седницата одржана на 7. 9. 2010 година, формирана е Рецензентска комисија за изготвување реферат за избор во сите наставно-научни звања од областа методика на наставно-научните области, по предметите: ***методика на наставата по ЗПО, ЗП и ЗО,*** за групата одделенска настава на албански наставен јазик и ***методика на воспитно-образовната работа по ЗПО,*** за групата предучилишно воспитание на албански наставен јазик.

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" од 24. 6. 2010 година се пријави кандидатката д-р Леонора Јегени, асистент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

По разгледувањето на целокупната документација што кандидатката ја достави во предвидениот рок со конкурсот, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Билјана Камчевска - претседател, проф. д-р Азиз Шеху - член и доц. д-р Аднан Ќахил – член, има чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје да го поднесе следниов

## *И З В Е Ш ТА Ј*

### *Основни биографски податоци*

Д-р ***Леонора Јегени*** е родена на 3. 5. 1966 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. Потоа успешно ја завршила Педагошката академија, на групата одделенска настава. Понатаму своето образование го продолжила и на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, каде што дипломирала на двете насоки со висок просек 8,75. По дипломирањето имала можност да работи како воспитувач во предучилишната установа „Росица“ и како одделенски наставник во О.У „Никола Вапцаров“ во Скопје. Во текот на работата се истакнала како креативен воспитувач и наставник применувајќи современи методи во реализирањето на воспитно-образовната и наставната практика.

Во 2003 година е избрана за помлад асистент на Педагошкиот

факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, по предметите: *методика на наставата по ЗПО, ЗП и ЗО,* за групата одделенска настава на албански наставен јазик, *методика на воспитно-образовната работа по ЗПО,* за групата предучилишно воспитание на албански наставен јазик и *педагошка практика,* за двете наставни групи на албански наставен јазик. Истовремено се запишала на постдипломски студии на Педагошкиот факултет во Битола и нив ги завршила со просек 10,00. Успешно го одбранила магистерскиот труд на тема *Улогата на прашањата на воспитаникот во сознавањето на природата и општеството* и се стекнала со научен степен *магистер по педагогија во областа на методиките.*

На 12. 5. 2010 година на Педагошкиот факултет на Универзитетот „Св Климент Охридски” во Битола, кандидатката успешно ја одбранила и докторската дисертација на тема: *Квалитетот на прашањата во наставата по природа и општество.*

Кандидатката ги владее рускиот и англискиот јазик.

***Објавени стручно-научни трудови***:

Д-р Леонора Јегени, во досегашната професионална-научна ориентација, е автор и коавтор на повеќе стручни трудови од областа на педагошката теорија и практика, и тоа:

1. *Методика на запознавање на природата и општествената средина,* ДИЗ графика, Скопје (на албански јазик)( коавтор);
2. *Лековитите растенија во нашите краишта,* Интердисконт, Скопје, 2001 (коавтор);
3. *Лишаите како индикатори на аерозагадувањето со конкретни примери од Р. Македонија,* Годишен зборник на Педагошкиот факултет „Св Климент Охридски” во Скопје, 2000 (коавторство со Мурати М.);
4. *Деградација на животната средина и опстанокот на човекот,* Педагошка практика 1-1, 2002 (коавторство со Мурати М., Пиперкоска Б.);
5. *Респираторните заболувања кај децата и мерки на превенција,* Педагошка практика, бр.1, 2003 (коавтор);
6. *Активностите во запознавањето на природната средина како основа за еколошко воспитување,* Зборник на трудови за современото предучилишно воспитание и основно образование - состојби и перспективи, Скопје, 2003;
7. *Организација на наставата во природа,* Зборник на трудови за современото предучилишно и основно воспитание и образование - состојби и перспективи, Скопје, 2003;
8. *Активностите околу запознавањето на природната средина како основа за еколошкото воспитување,* Зборник на трудови за современото предучилишно и основно воспитание и образование - состојби и перспективи, Скопје, 2003;
9. *Могучност примене образовне технологије у настави природе,* Годишен зборник на Учитељски факултет, Јагодина, 2004 (коавторство со Банчотовска Никодиновска С, Мурати М.);
10. *Еколошки одгој као темељ за формирање хуманог односа према природи и друштву,* Зборник радова, Крижевци, 2003 (коавторство со Мурати М.);
11. *Застапеност на природните науки во почетното основно образование кај нас и во некои земји во Европа,* Зборник на трудови за

воспитно-образовните функции на предучилишното и на основното образование во современи услови, Скопје, 2005;

12. Јегени Л., Сулејмани Е.: *Улоїаѿа на филозофијаѿа во изучувањеѿо на ӣриродаѿа*, Зборник на трудови за воспитно-образовните функции на предучилишното и на основното образование во современи услови, Скопје, 2005;
13. *Зашѿиѿаѿа на живоѿнаѿа средина-услов за ӣодобра иднина*, Педагошка практика бр. 1, Скопје, 2004;
14. *Планирање и реализирање на восӣиѿно-образовнаѿа рабоѿа ӣо заӣознавање на ӣриродаѿа и оӣшѿесѿвенаѿа средина*, Просветно дело, бр. 2, Скопје, 2005;
15. *Некои ӣромоциски акѿивносѿи во врска со зашѿиѿаѿа на живоѿнаѿа средина*, Педагошка практика бр.1, 2, Скопје, 2006;
16. *Комуникациска комӣеѿенција, нужносѿ и ӣоѿреба савременоī насѿавника ӣрирода и друшѿва*,Зборник радова: Развијање комуникационих компетенција,н Јагодине, Р. Србија,2006, (коавторство со Камчевска Б);
17. *Биомориѿоринīоѿ и зашѿиѿаѿа на живоѿнаѿа средина со конкреѿни ӣримери од Р. Македонија*, Зборник на трудови за воспитно-образовните функции на предучилишното и на основното образование во современи услови, Скопје, 2005 (коавторство со Мурати М);
18. *Генезаѿа на ӣрашањаѿа во ӣроцесоѿ на сознанието и учењеѿо*, Зборник на трудови за современите тенденции во формирањето на наставниот кадар за предучилишно воспитание и одделенска настава, Скопје, 2007;
19. *Влијаниеѿо на восӣиѿниѿе комӣоненѿи во формирањеѿо на еколошкоѿо восӣиѿание*, Зборник на трудови за современи тенденциа во образованието, Охрид, 2008;
20. *Сӣецифичносѿи во сознавањеѿо на ӣриродаѿа и оӣшѿесѿвоѿо од сѿрана на восӣиѿаникоѿ*, Зборник на трудови за современи тенденции во образованието, Охрид, 2008;
21. *Some questions most freguentli asked by students of knowledge of nature and society in the Republc of Macedonia,Collected papers of Balkan Congress:Education,The Balkans,Europe),Stara Zagora,Bulgaria,2007;*
22. *Pedagogical-phychologikaland linguistic approach towards the narure of question*,the 5[th] international Balkan education and science congress, Edirne, Turkey, 2009.

### *Учесѿво на научни собири*

Кандидатката со свои излагања активно учествувала на голем број симпозиуми, семинари, собири и тркалезни маси посветени на актуелни прашања од областа на образованието кои се организирале во земјата и во странство, како на пр.:

1.научен собир: Современото предучилишно воспитание и основното образование – состојби и перспективи, Охрид 2002 со излагање на тема: *Акѿивносѿиѿе во заӣознавањеѿо на ӣриродноѿа средина како основа за еколошко восӣиѿание;*

2. *научен собир: Восӣиѿно-образовниѿе функции на ӣредучилишноѿо и основноѿо образование во современи услови*, Струга, 2004, со излагање на тема: *Основи за ӣосѿавување ӣрашања за ӣриродаѿа и оӣшѿесѿвенаѿа*

*средина кај децата и учениците;*

3. *научен собир: Современи тенденции во формирањето на наставниот кадар за предучилишно воспитание и одделенска настава,* Струга, 2006, со излагање на тема: *Генезата на прашањата во процесот на сознанието и учењето;*

4. *меѓународна конференција :Комуникациските компетенции на современиот наставник,* Јагодине, Р Србија,2005 со излагање на тема: *Комуникациска компетенција, нужност и потреба савременог наставника природа и друштва,*

5. *Balkan Congress: Education, The Balkans, Europe), Stara Zagora,Bulgaria, 2007* со излагање на тема: *Some questions most freguentli asked by students of knowledge of nature and society in the Republc of Macedonia;*

6. The 5[th] international Balkan education and science congress, Edirne, Turkey, 2009, со излагање на тема: *Pedagogical-phychologikaland linguistic approach towards the narure of question.*

## *ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ*

Врз основа на горенриложените податоци на кандидатката може да се констатира дека д-р Леонора Јегени ги исполнува условите на конкурсот и со досегашните стручно-научни постигнувања значајно придонесува за развој на научната мисла во областа на методичките науки .

Врз таа основа, Рецензентската комисија во состав: д-р Билјана Камчевска, д-р Азиз Шеху и д-р Аднан Ќахил, со особена чест му предлага на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје да ја избере ***д-р Леонора Јегени*** во наставно-научното звање доцент од областа методики на наставно-научните области, по предметите: ***методика на наставата по ЗПО, ЗП и ЗО,*** за групата одделенска настава на албански наставен јазик и ***методика на воспитно-образовната работа по ЗПО,*** за групата предучилишно воспитание на албански наставен јазик.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Леонора Јегени**

**Институција: Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје**

**Научна област: методика на настава по ЗПО, ЗП и ЗО, за групата одделенска настава на албански наставен јазик и методика на воспитно-образовната работа по ЗПО, за групата предучилишно воспитание на албански наставен јазик**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување вежби од при циклус:<br>методика на наставата по природа и општество 1,2 и 3 (за групата одделенска настава),<br>за време од 3 семестри во 5 групи по 2 часа неделно (5x2x15x0,03x3) | 13,5 |
| 2. | Одржување вежби од при циклус:<br>методика на воспитно-образовната работа по ЗПОС 1, 2 и 3 (за групата предучилишно воспитание),<br>за време од 3 семестри во 2 групи по 2 часа неделно (2x2x15x0,03x3) | 5,4 |
| 3. | Консултации со студенти по предметот методика на наставата по ЗПО,<br>2 пати неделно по 2 часа | 2,1 |
| 4. | Консултации со студенти по предметот методика на наставата по ЗПОС,<br>2 пати неделно по 2 часа | 1,32 |
| | **Вкупно** | 22,32 |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбрана на докторска теза: „Квалитетот на прашањето во наставата по природа и општество". | 8 |
| 2. | Труд со научно-стручни резултати:<br>*Лишаите како индикатори на аерозагадувањето со конкретни примери од Р. Македонија*, Годишен зборник на Педагошкиот факултет „Св Климент Охридски" во Скопје, 2000, коавторство со Мурати М. | 1 |
| 3. | Труд со научно-стручни резултати:<br>*Деградација на животната средина и опстанокот на човекот*, Педагошка практика1-1, 2002, коавторство со Мурати М., Пиперкоска Б. | 0,8 |
| 4. | Труд со научно-стручни резултати:<br>*Активностите во запознавањето на природната средина како основа за еколошко воспитание*, Зборник на трудови за современото предучилишно воспитание и основно образование – состојби и перспективи, Скопје, 2003. | 2 |

истражувачките дејствија, кандидатката предлага и одредени апликаивни цели, кои ќе бидат од корист за утврдување на влијанието на ставовите во формирањето на политичката култура кај студентската младина во Република Македонија како целна група во истражувањето.

Во теориската и методолошката обработка, дисертација е во согласност со научните стандарди и ги следи критериумите определени за докторската дисертација. Методите и техниките на научната работа коректно се применети со богата и опстојно користена и цитирана библиографија. Исто така, познавањето на поширокото подрачје на истражувањето со нејзината вклученост во повеќе истражувања во Институтот, ѝ овозможија на кандидатката да реализра текст со широк дијапазон на релевантни ставови од комуниколошки, социолошки, социјални, политиколошки, психолошки и други научни концепти. Теоретските сознанија, особено, како и општествените импликации содржани во оваа студија, се многубројни и со несомнена практична вредност што кандидатката Марковиќ ги дава и во посебен завршен синтетички извештај на добиените резултати.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното, како и врз основа на посебните мислења на секој член од Комисијата, имајќи ја предвид важноста и актуелноста на испитуваното прашање, како и начинот на обработка и преименетите методолошкистандарди, Комисијата со особено задоволство му предлага на Научниот совет на ИСППИ да ја прифати оваа позитивна оцена и да ја закаже јавната одбрана на докторската дисертација.

Скопје,
7.9.2010

**Комисија**

1. Проф. д-р Љубица Чонева
2. Проф. д-р Емилија Симоска
3. Проф. д-р Петар Атанасов
4. Проф. д-р Јорде Јаќимовски
5. Проф. д-р Ганка Цветанова

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрена тема за изработка на магистерски труд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 02.09.2010 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Јасмина Арменска, дипломиран професор по математика | „ПРИМЕНА НА МЕТОДИТЕ ЗА ПРЕБАРУВАЊЕ ИНФОР-МАЦИИ КАЈ СИСТЕМИТЕ ЗА ОДГОВАРАЊЕ ПРАШАЊА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК“ | - д-р Катерина Здравкова, ред. проф. на ПМФ – Скопје |

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **специјалистички труд по здравствен менаџмент и фармакоекономија** на Универзитет „ Св. Кирил и Методиј"во Скопје, **Фармацевтски факултет**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Зорица Поп Андонова Огненовска | „Менаџирање во јавна здравствена установа" | Проф. д-р Љубомир Дракулевски |

# РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „ПЛАНИРАЊЕ, ПРОГРАМИРАЊЕ И БУЏЕТИРАЊЕ" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ОЛИВЕР БАКРЕСКИ

На X редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, бев избран за рецензент на учебното помагало „Планирање, програмирање и буџетирање" од проф. д-р Оливер Бакрески. Благодарејќи на укажаната доверба, имам чест да го поднесам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Интерната скрипта „Планирање, програмирање и буџетирање" од проф. д-р Оливер Бакрески е труд со голема педагошка и научна вредност и произлегува од потребата да се направи учебно помагало кое ќе има практична применливост за самите студенти од Институтот за безбедност, одбрана и мир. Значи, амбицијата на авторот проф. д-р Оливер Бакрески била врз основа на расположливите извори, да се презентира целосниот приказ на планирањето како посебна научна дисциплина.

Овој труд е конципиран во три засебни дела во кои се анализирани сите аспекти на планирањето кое во суштина е мошне комплексна и тешка работа, бидејќи тое се одликува со голема динамичност, сложеност, специфичност и одговорност.

Во рамките на првиот дел од учебното помагало, елаборирани се прашањата кои се однесуваат на основните дивергентни поими врзани за планирањето кое на некаков начин ги условува сите процеси во општеството бидејќи се планира секаде и во сите области, но и од потребата да се осознае планирачкиот процес во сферата на безбедноста и одбраната.

Во вториот дел на учебното помагало, анализирани се елементите на планирањето и нивната меѓусебна поврзаност, што укажува на потребата од постоење на фундаменталниот процес кој ја сочинува основата на целнобазираниот приод кон планирање и развој на одбраната. Преку согледување на иницијалните елементи кои се основа за една хиерархија на цели на безбедност и операциски цели кои треба да бидат артикулирани, може да се согледа каузалноста меѓу вкупните способности и националните интереси на државата.

Во третата глава се презентирани основните модели на планирање. Во изнаоѓањето на оптимални модели за остварување на безбедносите приоритети, мора да се започне со согледување на актуелните решенија кои ги применуваат земјите-членки на НАТО и на ЕУ, прифаќајќи ги притоа одредените елементи како важен предуслов за етаблирање на некој од системите во Република Македонија.

На крајот на учебното помагало, од приложената библиографија за пошироко изучување на планирањето се гледа дека авторот консултирал бројна и релевантна литература. Покрај тоа, врз основа на приложената листа на консултирана литература и на самиот интегрален текст, може да се заклучи дека авторот за обработка на оваа предизвикувачки, сложена и актуелна тема располагал со квалитетни извори на сознанија што на ова учебно помагало му дава посебен квалитет и вредност.

Од изнесеното може да се заклучи дека учебното помагало (интерна скрипта) се базира на долгогодишното практично искуство на самиот автор во обаа област и дека тоа ќе претставува извонредно обликувано четиво за совладување на предвидените содржини по предметот планирање, програми и буџетирање. Токму заради тоа, со особено задоволство оваа интерна скрипта му ја предлагам на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја прифати и да го одобри нејзиното публикување.

Скопје, 15.9.2010 година

Рецензент

Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО (ИНТЕРНА СКРИПТА)
„ПЛАНИРАЊЕ, ПРОГРАМИРАЊЕ И БУЏЕТИРАЊЕ"
ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ОЛИВЕР БАКРЕСКИ

На X редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, бев избран за рецензент на учебното помагало (интерна скрипта) „Планирање, програмирање и буџетирање" од проф. д-р Оливер Бакрески. Благодарејќи на довербата, имам чест да го поднесам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Учебното помагало - интерна скрипта од предавања по предметот планирање, програмирање и буџетирање од проф. д-р Оливер Бакрески, претставува континуирана заложба на самиот автор да ја оформи потребната литература од областа на планирањето за студентите кои се соочуваат со анализа на прашања од оваа проблематика.

Од анализата на понудениот материјал може да се заклучи дека авторот д-р Оливер Бакрески коректно научно и стручно ја обработил сложената и актуелна проблематика. Во таа смисла, учебното помагало претставува едукативен пишан стручен труд, приспособен на потребите за образование и едукација во областа на безбедноста и одбраната. Затоа оваа скрипта ја сметаме дека е особено значајна, како од теоретски, така и од одбранбено-едукативен и практичен аспект.

Оваа интерна скрипта има двојно значење. Прво, одредува значајни специфики и карактеристики на планирањето, затоа што планирањето е клучна претпоставка за успешно извршување на планираните задачи и без соодветно планирање тешко може да се очекува дека ќе се постигнат саканите резултати. Второ, во контекст на согледување на основните системи на планирање е појаснета и улогата на системот на планирање, програмирање, буџетирање и извршување на буџетот како еден елемент кој овозможува долгорочно да се рационализираат трошоците, но и да се обезбеди континуитет во финансирањето на одредени специфични програми во областа на безбедноста и одбраната.

Интерната скрипта е подготвена за потребите на студентите од Институтот за безбедност, одбрана и мир и таа ги содржи сите предвидени содржини кои се опфатени во предметната програма „Планирање, програмирање и буџетирање". Тоа значи дека од содржински аспект се опфатени тематски целини кои се однесуваат на планирањето и потребата од планирање, значењето на планирањето, видовите на планирање, процесот на планирање, елементите кои го условуваат процесот на

планирање итн. Значајно внимание авторот на учебното помагало посветува и на производите на планирањето. Тука, посебно е важен делот на планот на одбрана како производ на планирањето без кој не можат да се спроведат ниту подготовките за одбрана, ниту, пак, да се реализираат потребните задачи во сложени безбедносни услови. Посебно е значаен третиот дел од учебното помагало, кој всушност е и практична разработка на системите на планирање. Потребата од ваквото согледување очигледно го мотивирала и авторот проф. д-р Оливер Бакрески да пристапи кон целосна анализа на моделите на планирање, затоа што преку нивното согледување може да се етаблира и одреден систем на планирање кој би давал соодветни резултати и во случајот со Република Македонија. Затоа научната и практичната цел на авторот на учебното помагало била оваа значајна и сè уште недоволно научно истражена проблематика на систематичен начин да ја приближи до студентите, што е и главната содржина на ова значајно учебно помагало. Посебна вредност на оваа теоретска разработка за системите на планирање претставува самата методичност, доследност и систематичност на авторот во разгледување на различните елементи на системите на планирање.

## Предлог и оцена

Интерната скрипта од проф. д-р Оливер Бакрески има исклучителна вредност затоа што таа ќе им овозможи на студентите од Институтот за безбедност, одбрана и мир да ги совладаат основните тематски целини кои се однесуваат на планирањето, со што ќе стекнат и основни сознанија за оваа мошне значајна и исклучителна област. Текстот на интерната скрипта е стручно и стилски изедначен и едноставен за читање. Со прецизни и логички изразувања, со изразен методолошки пристап, авторот прикажал голем број прашања кои се релевантни за оваа широка и силно издиференцирана област на истражување.

Врз основа на изнесеното, имам особена чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложам ова учебно помагало (интерна скрипта) по предметот планирање, програмирање и буџетирање од проф. д-р Оливер Бакрески да го одобри за издавање.

Скопје, 16.9.2010 година                Рецензент

Доц. д-р Александар Костадиновски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ *ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА НА ДОКУМЕНТАРНИОТ ФИЛМ (Казимиеж Карабаш, Столе Попов, Мајкл Мур),* ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ, пријавена на Факултетот за драмски уметности во Скопје

Врз основа на член 42 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за драмски уметности во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Матодиј" и член 56 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот, Наставно-научниот и уметнички совет на 7. седница одржана на 26.4.2010 година нé избра за рецензенти на докторската дисертација под наслов ***Теорија и практика на документарниот филм (Казимиеж Карабаш, Столе Попов, Мајкл Мур),*** изработена од **м-р Антонио Митрикески.**

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот и уметнички совет за довербата што ни ја укажа, по опсежното разгледување на предложениот труд, имаме чест да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### А/ Опис на трудот

Ракописот на поднесената докторска дисертација со наслов ***Теорија и практика на документарниот филм (Казимиеж Карабаш, Столе Попов, Мајкл Мур)*** содржи 274 страници текст, компјутерски набор. Тој е составен од следниве целини/глави:

1. Вовед (стр. 9-16)
2. Историски осврт на документарниот филм (стр. 17-36)
3. Научно-методолошкиот инструментариум (стр. 37-86)
4. Анализа на документарните филмови (стр. 87-183)
5. Заклучок (189-198)
6. Прилози (199-274)

Кон дисертацијата е приложен и ЦД-ром со фотоилустрации и три видеоприлози: секој со една од интегралните верзии на документарците на Карабаш (*Музиканти* ), Попов (*Дае*) и Мур (*Куглање за Колумбина).*

Во краткиот **Вовед** (стр. 9-16), докторандот главно ги сумира фундаменталните информации за феноменот што тој одбрал да го истражува (документарниот филм), настојувајќи да ги дефинира неговите функции: не само оние естетички/уметнички, туку и оние комуниколошки (медиумски, социјални, социолошки...). На повеќе места докторандиот ги загатнува тезите кои подетално ќе ги елаборира во одделни делови на својот труд – на пример, тезата за менување на суштината/природата на документарниот филм, кој (особено во изминативе дваесетина години) како сé помалку да кореспондира со прочуената максима на легендарниот Џига Вертов, според која неговата т.н. содржина би требало да е презентација на „животот каков што е". Евидентирајќи го сé поголемиот „притисок" што комерцијалните медиуми (телевизија, ДВД, интернет...) го имаат врз филмската документаристика, докторандот констатира дека „за жал, документарниот филм стана пред сé забава, чија задача е покажување интересни работи од животот, (...) со еден збор: возбудување со необични работи", заради што се добива впечаток дека тој „(...) во овој момент е само фрагмент на некоја огромна, бесконечна целина, елемент во информативната шума" (стр. 15).

За да покаже оти филмската документаристика поминала и низ некои „посреќни" фази од својот развиток, м-р Митриќески ја испишува втората глава од својот труд (*Историски осврт на документарниот филм*, стр. 17-36). Во неа најпрвин се (критички) селектирани авторите и трендовите кои успешно ги маркирале некои од важните етапи од тој развиток (браќата Лимиер, Џига Вертов и неговата документарна школа „Кино-правда", Марсел Мартен. Пудовкин, англиските и германските документаристи, американските документарци/документаристи од Втората светска војна, новоената документаристика во Источна Европа, прочуениот Cinema Verite...). Ваквиот инструктивен/информативен вовед во историјата на светската документаристика потоа е проследен и со лапидарниот преглед на шестдецениискиот развој на македонскиот документарен филм (од браќата Манаки до шеесеттите години на дваесеттиот век).

За да го дефинира сопствениот став кон филмската документаристика – што, се разбира, најпрвин треба да се протолкува како дефинирање/образлагање на мотивацијата која го поттикнала пишувањето на токму вака импостираната дисертација – м-р Митриќески следната глава од својот труд ја има посветено токму на детерминацијата („уточнувањето") на теориско-методолошкиот инструментариум преку кој ќе настојува да му пристапи на својот предмет. Доколку се чита внимателно, оваа специфично напишана глава (в. *3. Научно-методолошкиот инструментариум*; стр. 37-86) лесно ќе „открие" дека е составена од два меѓусебно компатибилни дела. Првиот (*3.1. Теоретско-методолошкиот пристап како основа на методологијата на работата*, стр. 37-75) ги ексцерпира клучните поими/топоси (единаесет на број; в. стр. 37-62), чијашто теориско-методолошка издржаност докторандот решил да ја „иследува" и „проверува" анализирајќи ги корпусите на троецот одбрани документаристи (Карабаш, Попов, Мур). Притоа, тој се раководел од сосема нескриена, воедно и крајно амбициозна намера: преку филмовите на

Карабаш, Попов и Мур да го препознава/протолкува историскиот, културолошкиот и естетичкиот статус на документаристиката како релевантен филмски жанр. Но и да ги „илустрира" естетиките и поетиките на три важни документаристички школи, кои самиот ги именува како: полската (Карабаш), балканската (Попов) и американската (Мур); можеби оваа трета школа би можела да се нарече и – глобализациска!

Вториот дел од истата глава (в. *3.2. Практично-методолошкиот пристап како основа на методологијата на работата,* стр. 76-86) ги „евидентира" постапките преку кои спомнатите клучни топоси се остваруваат во процесот на продукција/постпродукција/прикажување на документарниот филм. Доколку првиот би можеле да го квалификуваме како потенцијално теориски, вториот несомнено можеме да го дефинираме како еклатанто практичен/практицистички.

Во што е спецификата на ваквиот пристап? Токму во неговата безусловна „прагматичност"/„практичност". Имено, кога и додека пишува за филмската документаристика, независно дали тоа го прави од теориска или од апликативна/практична позиција, м-р Митриќески веднаш се легитимира не како теоретичар „по вокација", туку како импулзивен режисер-страсник, кој за документарниот филмски жанр пишува безмалку на истиот начин на кој и ги снима своите филмови. Не само оние документарни. Се разбира, тој филмската/филмолошката теоријата ја познава и ја владее, ама со неа најчесто воспоставува „импресионистички"/„тангенцијални" релации, допирајќи ги нејзините постулати само за, врз нивните премиси, молскавично да ги развива сопствените филмски слики, вистински или виртуелни, сеедно. На едно место во оваа дисертација Митриќески филмот и го дефинира како „мислење во слики".

Прагматизацијата на оваа дефиниција, само навидум лапидарна, експлицитно се покажува токму во централниот и, последователно, најобемен/најепликативен дел на дисертацијата: станува збор за нејзината четврта глава, насловена како *Анализа на документарните филмови* (стр. 87-183). Начинот на кој таа анализа ја спроведува, докторандот го потврдува токму онака како што веќе го препознавме: имено, како „практичар по вокација".

Настојувајќи сите тројца режисери да ги третира на ист начин – бидејќи само со примена на истата аналитичка метода може да претендира кон изведување на компетентни заклучоци – докторандот одбира по три нивни документарци. И внимателно ни ги дескрибира.

Во случајот на Карабаш, режисер чиј опус најмалку го познаваме, м-р Митриќески анализата на филмовите ја прави „потпирајќи" се врз 9 од оние клучни 11 топоси кои самиот ги препорачал како индикатори за документаристичкиот жанр. Аплицирани врз десетминутниот филм *Музиканти* (снимен 1960, фасцинантен и денес!), тие се докажуваат не само како функционални, туку и како сосема егзактни. Токму посочените 9 поими/топоси – ***вистина, опсервација, протагонисти, фотографија, камера, тон, маска, монтажа, нарација*** – филмот

го промовираат во исклучително моќен, несомнено и антологиски артефакт (на приложеното ЦД дадена ни е, за среќа, неговата интегрална верзија).

Меѓутоа, кога ги анализира филмовите на Столе Попов – вкупно три (*Огин, 1974; Австралија, Австралија, 1986; Дае, 1979*), сите три исклучително релевантни не само за македонската филмологија и културологија – докторандот го „стеснува" изборот на топосите/поимите врз кои ќе го втемелува својот увид, сведувајќи ги „само" на осум. Решава (зошто?) да ја изостави анализата на ***маската***, макар што во сите три филма на Попов токму специфичната употреба/функција на ***лица како маски***, голем број доминантни секвенци ги прави исклучително драматични. И, токму заради тоа, максимално документарни/документаристички.

Макар што навидум најголемото внимание докторандот му го посветува на епскиот филм на Попов, *Австралија, Австралија*, неговите анализи на филмовите *Огин* и *Дае* ги оценуваме како прецизни и компетентни. На приложеното ЦД дадена ни е можност повторно да го одгледаме филмот *Дае*, еден од неколкуте најважни, највозбудливи и апсолутно најоригинални македонски и балкански филмови „на сите времиња", така што анализата на м-р Митриќески можеме да си ја дополнуваме со сопствените опсервации и асоцијации.

Најтрофејниот, најкомерцијалниот и – воопшто – најагресивниот документарист на нашето време бездруго е незаобиколниот Мајкл Мур, автор чии филмови не можеме да ги одбегнеме дури и да сакаме да го сториме тоа. Докторандот ги анализира – опсежно и детално – оние од фамозната американска трилогија (*Куглање за Коломбина*, 2002; *Фаренхајт 9/11*, 2004; *Сико*, 2007), без притоа да се „потпира" врз оние 11 топоси/поими што самиот ги одредил како индикатори за препознавање на документарноста и за вреднување на нејзините дострели. Сосема е евидентно – а тоа го потврдува и поглавјето 4.4. (*Споредување на методолошките и естетските вредности на делата на авторите*, в. стр. 183-188), дека Мур е автор кој на документарниот филм му пристапува не само со поинаква мотивација (за да ги докаже, безусловно, сопствените ставови/вистини, независно од евентуалната можност „објективната вистина" да е макар и за нијанса различна од неговата), туку и со сосема поинаква техника, технологија, методологија... Неговите филмови, сметаат некои критичари, сосема ја смениле документаристичката нарација, та повеќе наликуваат на риелити-телевизијата, која не се стеснува од употреба на сите комуниколошки средства, вклучително и манипулацијата.

Во *Заклучокот* (в. стр. 189-198), докторандот овие констатации дополнително ги елаборира (особено оние за односот на документаристиката кон новите медиуми), докажувајќи ги на оригинален и несомнено интересен начин.

Кон текстот на дисертација се додадени и повеќе прилози: биографиите и филмографиите на анализираните автори (в. стр. 199-218), Речник на поимите користени во трудот (вкупно 99 протолкувани поими), библиографија на користената литература, белешки и индекси (на имиња и на филмските наслови).

## Б/ Оцена на трудот

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација со наслов ***Теорија и практика на документарниот филм (Казимиеж Карабаш, Столе Попов, Мајкл Мур)"***, изработена **од м-р Антонио Митриќески,** претставува обемна и аргументирана анализа на сигнификантните документаристички остварувања на тројца внимателно избрани автори и дека докторандот таа анализа ја спровел доследно, издржано и – по однос на совладаниот материјал – сеопфатно. Рецензентската комисија констатира дека, со тоа, докторандот покажал соодветен степен на стручна подготвеност, како и готовност/храброст при совладувањето и обмислувањето на обемната граѓа да примени мошне индивидуален, нагласено персонализиран пристап.

Овие квалитети дисертацијата ја квалификуваат како труд кој со задоволство може да се препорача за натамошна постапка.

## ЗАКЛУЧОКОТ

**Трудот *Теорија и практика на документарниот филм (Казимиеж Карабаш, Столе Попов, Мајкл Мур),* изработен од м-р Антонио Митриќески,** може да се оцени како коректно реализирана докторска дисертација, која ги има исполнето амбициозните задачи што нејзиниот автор ги поставил пред себеси веќе во мигот на нејзиното предлагање.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет да ја прифати докторската дисертација под наслов ***Теорија и практика на документарниот филм (Казимиеж Карабаш, Столе Попов, Мајкл Мур),*** и кандидатот **м-р Антонио Митриќески** да го повика на усна одбрана.

Во Скопје, 15 август 2010

**Членови на Рецензентската комисија**

**1. Д-р Јелена Лужина ред.професор, с.р.**

**2. Стојан Попов, ред. професор, с.р.**

**3. Д-р Иван Џепароски, ред. професор, с.р.**

**4. Д-р Сашко Насев, доцент, с.р.**

**5. Д-р Ана Стојаноска, доцент, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „ЕКОНОМИЈА – ОСНОВИ НА ЕКОНОМИЈАТА (III ИЗДАНИЕ) о" ОД АВТОРОТ АКАДЕМИК ТАКИ ФИТИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, донесена на претходната редовна седница, определен сум за рецензент на трудот: „Економија - основи на економијата (III издание)" од академик Таки Фити.

По опстојното проучување на трудот, ми претставува задоволство пред Наставно-научниот совет да го поднесам следнава

## *ИЗВЕШТАЈ*

Трудот кој е предмет на рецензија е именуван како „Економија – основи на економијата (III издание)". Тој е резултат на долгогодишната научна преокупираност на авторот со оваа проблематика. Имено, во повеќе наврати беа издавани посебни изданија, како учебници, основи на микроекономијата и основи на макроекономијата. Во 2006 година е објавено првото издание на овој учебник под наслов „Економија", а второто издание во 2008 година. Трудот што сега е на рецензирање претставува еден комплетен учебник по основи на економијата, кој е во согласност со наставната програма по предметот основи на економијата кој се изучува во прва студиска година на Економскиот факултет во Скопје. Тој претставува комплексна научна студија од фундаменталната научна дисциплина економија (Economics), напишан во согласност со практиката на западните универзитети во светот и ги инкорпорира двата дела на оваа научна дисциплина – основи на микроекономијата и основи на макроекономијата. Во однос на првото издание на овој учебник, во второто издание авторот комплетно ја преработил дванаесеттата глава под наслов „Државата и бизнисот". Во оваа глава се третираат микроекономските функции на државата – главно домените на пазарниот неуспех и нивната регулација. Авторот се фокусирал на најновите тенденции на овој домен, т.е. на се позначајното потпирање на регулацијата на искористување на пазарните сили во ублажувањето на домените на пазарниот неуспех. Во овој контекст, авторот ги преработил или за прв пат ги застапил деловите за: економската регулација на природните монополи со посебен осврт врз методот на аукција за франшиза за монопол; теоријата на потенцијалната конкуренција; механизмите на оптималната алокација на ресурсите преку придонесите на лауреатите на Нобеловата награда за 2007 година и мрежните екстерналии кои се поврзани со т.н. информациони добра. Покрај ова, авторот направил извесни измени и допрецизирања во четиринаесеттата глава на учебникот под наслов „Мерење на вкупната економска активност – бруто домашен производ", како и помали корекции се присутни во другите глави на учебникот.

Во третото издание позначајни промени авторот направил во воведната глава на трудот и во главата за бизнис - циклусите. Во воведната глава авторот за првпат ги обработува основните принципи на економијата – реткост, опортунитетен трошок, маргинални големини, користи од надворешната трговија и др. Претпоставувам дека на ваков приод авторот се определил затоа што тоа е вообичаено во поновите изданија од Economics. Во различни делови на трудот, овие принципи се комплексно разработени. Во делот за кризите, промените произлегле за да се опфатат настаните по големата светска економска криза од 2008 година. Исто така сите индикатори за макроекономските агрегати, во ова издание, се комплексно актуализирани.

## Кратка содржина на трудот

Трудот, како што истакнавме, пишуван е во согласност со наставната содржина по предметот основи на економијата и во основа содржи три главни дела и тоа: вовед во економската наука, основи на микроекономија и основи на макроекономијата. Покрај овие делови, трудот содржи и предговор, а на крајот речник и индекс. Во делот вовед во економската наука поместени се главите: економијата како наука и базичните економски концепти. Додека во делот основи на микроекономијата рэработени се следните прашања: основни елемнти на побарувачката и понудата, теорија на изборот на потрошувачот, основи на теоријата на производството-производната функција и одлуката на фермата, анализа на трошоците, совршена конкуренција, монополот и бариерите за влез, олигопол, пазарите на факторите на производство, наемнините и пазарот на трудот и државата и бизнисот. Делот основи на макроекономијата ги содржи следните глави: клучни макроекономски поими, мерење на вкупната економска активност-бруто домашен производ, економскиот раст и продуктивноста, економски циклус, потрошувачка штедење и инвестиции, пари и банки, невработеноста и инфлацијата, фискална политика, монетарна политика, меѓународна економија и макроекономијата денес.

## Оцена на трудот

Врз основа на проучувањето на содржината и квалитетот на трудот ,можеме да ги извлечеме следниве глобални констатации:

Прво, трудот „Економија – основи на економијата (III издание)" од проф. д-р Таки Фити претставува извонредна научна студија од современата фундаментална економска наука позната како економија (Economics) или основи на економијата. Во неа ги третира клучните микро и макроекономски концепти до кои дошла современата економска наука. Трудот е пишуван на високо научно ниво според стандардите кои важат при вакви прилики и кои се однесуваат на предметот економија на современите американски и европски универзитети. Во него авторот успеал при третманот на клучните микроекономски и макроекономски категории, законитости и концепти да ги инкорпорира и интегрира најновите достигнувања на современата економска наука.

Второ, авторот при пишувањето на трудот извршил грижлив избор на најактуелната (современа) литература од облста на економијата од најпрестижни светски универзитети и најавторитетни автори на учебници по економија, статии и други научни студии. Така, овој учебник е актуелизиран со нови сознанија во оваа наука, нови податоци и нови индекси.

Трето, начинот на изнесување на материјата, дикцијата и техничкото обликување на трудот се типично учебнички по углед на современите изданија од оваа област на западните универзитети, со крајна цел на студентите да им се олесни студирањето и разбирањето на оваа комплексна материја. Така, трудот е пищуван на јасен и прифатлив начин – прифатлив за студентите, со оглед на фактот што оваа материја ја изучуваат студенти од прва студиска година. Трудот богато е илустриран со графикони, табели и примери од практиката. Во контекстот на техничкото обликување на трудот треба уште да истакнеме дека трудот на крајот на секоја глава содржи клучни поими и концепти (клучни термини) и прашања за дискусија и проверка на знаењата. Покрај сето тоа, во учебникот е изготвен речник на основните поими и концепти и индекс по страници на изнесените поими и концепти.

Четврто, трудот е пишуван во согласност со наставната прогрма по предметот основи на економијата кој се изучува во прва година на Економскиот

факултет во Скопје. За студентите кои ја изучуваат оваа наставна дисциплина учебникот ќе им биде од голема корист во совладувањето на материјата и подготвување на испитот. Исто така, овој учебник можат да го користат и студенти од Економскиот факултет во Прилеп, Правниот факултетво Скопје и студенти од други факултети. А исто така ќе им биде од голема корист на сите оние што сакаат да навлезат во тајните на економската наука.

П Р Е Д Л О Г

Со оглед на квалитетот на трудот „Економија – основи на економијата III издание)“ од проф. д-р Таки Фити, и фактот дека ќе биде корисен за студентите од прва студиска година за подготвување на испитот по предметот основи на економијата, како и заради други интересенти, со задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го прифати текстот и да го публикува како учебник по предметот основи на економијата, III издание.

Скопје, 3.9 2010 година

Рецензент
Проф д-р Димитрија Новачевски с.р

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

на ракописот под наслов: „ЕКОНОМИЈА - основи на економијата (ТРЕТО ИЗДАНИЕ)", - подготвен од акад. проф. д-р Таки Фити

## I. Основни податоци

Трудот на акад. Таки Фити со наслов *Економија - основи на економијата* (трето издание), е во обем од XXIV +570 страници. Елаборираната материја е структурирана во 23 глави групирани во три дела: **Вовед во економијата, Основи на микроекономијата** и **Основи на макроекономијата.** Покрај тоа, во текстот е вклучен и речник на позначајни термини и концепти, како и индекс на автори и поими.

Првиот дел, **односно воведот во економската наука** се состои од 2 глави. Во првата глава авторот ги елаборира поимот, предметот, карактерот и методите на дисциплината економија (основи на економијата) и економијата и бизнисот, додека во втората глава, предмет на елаборација се неколку базични економски концепти (инпути и аутпути во економијата, законот на реткоста, опортунитетните трошоци, централниот економски проблем – што, како и за кого да се произведува?, потоа границите на производните можности на општеството и др.).

Вториот дел **Основи на микроекономијата** се состои од 10 глави и во нив авторот расправа за централните микроекономски прашања и проблеми: побарувачката и понудата, изборот на потрошувачот, производството и неговите основни фактори, трошоците, разните пазарни состојби (совршена конкуренција, монопол, олигопол), пазарите на факторите на производството, наемнината и пазарот на трудот, државата и бизнисот, и др.

Во третиот дел со наслов **Основи на макроекономијата**, кој се состои од 11 глави, се анализирани прашања и проблеми од доменот на макроекономските аспекти на економскиот живот: клучни макроекономски поими, мерењето на вкупната економска активност (бруто домашниот производ), економскиот раст и продуктивноста, економските циклуси, потрошувачката, штедењето и инвестициите, парите и банките, невработеноста и инфлацијата, фискалната и монетарната политика како клучни компоненти на современата макроекономска политика, прашања и проблеми од доменот на меѓународната економија и макроекономијата денес.

## II. Мислење

Авторот на оваа рецензија се искажа за квалитетот на учебникот во рецензијата на неговото прво (2006) и второ (2008) издание. Во оваа пригода ќе бидат повторени некои од дадените оцени, како и ќе бидат истакнати извршените промени и дополнувања во третото издание на учебникот.

Во третото издание на учебникот *Економија - основи на економијата*, авторот продолжува со напорот да се придржува за стандардната структура на материјата што се елаборира во соодветните учебници на елитните универзитети во светот. На пример, тоа важи за односот меѓу двата главни дела на економската наука (микроекономија и макроекономија), како и за редоследот на нивното изложување – прво микроекономија, а потоа макроекономија. Исто така, тоа важи и за систематизацијата на материјата во рамките на секој од деловите и главите. Авторот покажува вистинска виртуозност во дозирањето и балансирањето на сознанија за одделни прашања и проблеми од разните сфери на економскиот живот. Со тој белег учебникот претставува цврст фундамент кој ги изразува основите на економската наука како целина и кој овозможува полесно изучување на материјата во други економски дисциплини.

При елаборацијата на материјата, авторот постепено и успешно го води читателот низ коридорите и тајните на економската наука. Тоа е остварено во прв ред со логичниот редослед во анализата и изложувањето на материјата.

Авторот прави успешна комбинација (микс) на елементи од економската теорија, економската политика, примери од стопанската практика во одделни земји, како и примери од економскиот живот во Република Македонија.

Елаборирањето на материјата е извршено на ниво кое на читателот му овозможува да се запознае со главните поими, категории, економски феномени и сл. од доменот на економската наука и да ги разбере тајните на комплексниот економски живот.

Елаборацијата на материјата се потпира на најновите научни сознанија за одредени економски теми (проблеми и прашања). За тој квалитет на учебникот зборува и фактот што претежниот дел од користената литература е публикувана во последниве неколку години. Сметам за потребно да истакнам дека се користени неколку најпознати учебници во светот во кои се елаборира материјата од основи на економијата. Тоа се во прв ред учебниците кои денес имаат третман на водечки во таа област: учебникот на Пол Семјуелсон и Вилијам Нордхаус и учебникот на Грегори Менкју. Исто така, користени се и учебниците на: Рудигер Дорнбуш (со група автори), Џозеф Стиглиц, Дејвид Коландер, Роберт Баро, Кругман и Велс, Бланшар и Коен, Френк и Бернанке и др.

Се согласувам со констатацијата на авторот на учебникот, содржана во предговорот за второто издание и на одреден начин повторена

и во ова издание, дека денес учебниците за дисциплината основи на економијата на модерните универзитети во светот се **високо стандардизирани** и дека нема потреба од радикални промени од концепциска природа. Поради тоа, со право авторот истакнува дека немало потреба за менување на концепцијата во третото издание на учебникот. Тргнувајќи од тој факт, авторот пристапил кон натамошно усовршување на елаборацијата на материјата, направил дополнувања и засилувања на прецизноста во толкувањето на одредени економски феномени, извршил ситни корекции низ целиот текст на учебникот и сл.

Позначителни промени се направени во **воведот**, и тоа посебно во неговата прва глава, **тринаесеттата глава** (Клучните макроекономски промени) и **шеснаесеттата глава** (Економскиот циклус). Исто така, направени се и одредени помали измени во други глави на учебникот.

Во првата глава на воведот, а по аналогија на изложената материја во учебникот на Грегори Менкју (*Принципи на економијата*), се елаборираат десет фундаментални принципи на економијата, кои потоа подетално се разгледуваат во други делови на учебникот. Во тринаесеттата глава односно при разгледувањето на вкупната економска активност има одредени поместувања на точки или засилување на објаснувањето со наведување на податоци за динамиката на некои макроекономски агрегати на примерот на САД, ЕУ, Јапонија и земјите во транзиција. Позначителни промени се направени во шеснаесеттата глава, во која се елаборира проблематиката на економските циклуси. Промените во неа се извршени поради две причини: **прво,** настанувањето и реперкусиите на светската финансиска и економска криза од 2008 година и, **второ**, објавувањето на забележливата книга од страна на авторот на учебникот, во која се елаборира проблематиката на економските циклуси. Со дополнувањата во оваа глава авторот на учебникот ги презентира најновите сознанија за економските циклуси, од една страна, и дава релевантно толкување на најновата светска финансиска и економска криза, од друга. Тие сознанија ќе бидат од корист и при изучувањето на одредени дисциплини во погорните студиски години. И на крајот, промените во другите глави се однесуваат пред се на актуализирање на податоците, на допрецизирања и подобрувања на квалитетот на одредени делови од текстот, како и на актуализирање на дел од материјата што е изложена во прозорците на учебникот.

Првото и второто издание на учебникот на колегата Таки Фити се стекна со квалификативот **општо прифатен учебник по основи на економијата во нашата земја**. Широката прифатеност се манифестира на два начина: **непосредно** и **посредно**. Учебникот го користат непосредно студенти на најголемиот број државни и приватни универзитети во чии наставни планови постои дисциплината основи на економијата. Тоа се студенти кои студираат економски науки, но и студенти кои студираат на правните, филозофските и други факултети. Учебникот се користи посредно и на други факултети, односно според негов урнек се подготвуваат учебни помагала во разни форми и од нив се изучува материјата од дисциплината основи на економијата.

За општата прифатеност на учебникот зборува и фактот што двете досегашни изданија се исцрпеа мошне брзо, како и големиот тираж на изданијата - **1500 примероци**. Тие факти, а и други, го потврдуваат фактот дека учебникот *Еконмомија- основи на економијата* се стекна со епитетот (етикетата) – **учебник – лидер** во нашата земја за дисциплината основи на економијата.

Сметам за потребно да истакнам дека третото издание на учебникот *Економија - основи на економијата* е пишувано согласно со најновата наставна програма по предметот *основи на економијата*, усвоена од Наставно-научниот совет на Економскиот факаултет во Скопје, и дека тој ги исполнува стандардите на модерен универзитетски учебник од соодветната област.

## Предлог

Имајќи го предвид горекажаното, длабоко сум убеден дека учебникот на акад. Таки Фити под наслов *Економија - основи на економијата* (трето издание) ќе биде од драгоцена полза за повеќе корисници: студентите кои на разни факултети во нашата земја ја изучуваат дисциплината основи на економијата, но и за други кои чувствуваат потреба за стекнување или освежување на знаењата од областа на основите на економијата.

Имам чест и задоволство да му препорачам на Економскиот факултет во Скопје да го прифати понудениот ракопис *Економија - основи на економијата*, подготвен од акад. Таки Фити, и да го публикува како постојан универзитетски учебник за дисциплината *основи на економијата*.

Скопје, 27.8.2010 година

Рецензент

Проф. д-р Методија Стојков с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на седницата одржана на 16.6.2010 година, со одлука број 0201-2070/7 од 16.6.2010 година, формира Рецензентска комисија во состав: доц. д-р Павле Секуловски, проф. д-р Ристо Проданов и доц. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, со задача да изврши рецензија за реизбор во соработничко звање-асистент за кандидатот м-р Деан Јанкулоски, магистер по квалитет и безбедност на храна, во согласност со објавениот конкурс во весникот „Нова Македонија" од 28.5.2010 година.

По разгледувањето на поднесената документација за кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, го доставува сладниов

### ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот Деан Јанкулоски е роден на 23.9.1973 година во Скопје. Основно и средно ветеринарно училиште завршил во родниот град. Во 1992 година се запишал на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на кој дипломирал во 1999 година, со просечна оценка 9,31.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по повод 50-годишнината од основањето, му доделил Повелба на Деан Јанкулоски за најдобар успех на студирањето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, постигнат помеѓу двата јубилеја на Универзитетот (1989-1999).

Во јуни 2000 година положил стручен испит за дипломиран доктор по ветеринарна медицина. На 1.2.2003 година е избран во звањето помлад асистент. По тоа, кандидатот успешно ги извршува обврските како помлад асистент по предметот, хигиена и технологија на месо, риби, јајца и нивните производи, а истовремено е и ангажиран во Лабораторијата за микробиологија на храна. Од 2.12.2005 година е во редовен работен однос на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како помлад асистент по предметот хигиена и технологија на месо, риби, јајца и нивни производи. На 23.6.2006 година е преизбран во звањето помлад асистент. Во периодот 2005-2007 година се запишал на Меѓународните мултидисциплинарни студии по квалитет и безбедност на храна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и ги положил сите предвидени испити. Во јуни 2007 година успешно го одбранил магистерскиот труд под наслов „Контаминација со *Listeria monocytogenes* во погоните за производство и преработка на прехранбени производи во Република

Македонија", со што се стекнал со правото да биде промовиран во звањето магистер по безбедност на храна. На 30.11.2007 година е избран во соработничкото звање асистент од научната област безбедност на храна согласно со рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 930 од 15 ноември 2007 година, стр. 98-102.

Кандидатот од 27 до 29 Март 2008 учествувал на работилницата за Animal welfare European framework, одржана во Охрид, Македонија. Во мај 2008 година присуствувал на XIV годишен CRL Salmonella workshop во Билтовен, Холандија. Преку програмата CEEPUS, во периодот 1- 28 ноември .2008 година, како PhD student, престојувал на Универзитетот во Загреб на Ветеринарниот факултет во Загреб, Хрватска. Во периодот 23 - 26 ноември 2008 година учествувал во работата на 38 Симпозиум на експерти од млекарството одржан во Ловран, Хрватска. На 5 декември 2008 година присуствувал на 3 годишна работилница на националните референтни лаборатории за *E. coli* одржан на Istituto Superiore di Sanità: Community Reference Laboratory *VTEC*, Рим, Италија. Кандидатот, исто така, учествувал во работата на 8-те модули од програмата за тренинг на тренери за благосостојба на животните доставени во кланица под покровителство на RSPCA. Осумте модули се одржани на следниве датуми и со следниве називи: Модул 1: Understanding Welfare and Quality, одржан на 9-11.03.2009, Загреб, Хрватска; Модул 2: Understanding Stockmanship and Restraint, одржан 1-2.6.2009, Загреб, Хрватска; Модул 3&4: Understanding Unconsciousness, Stunning and Slaughter, одржан 31.8-1.9.2009, Охрид, Македонија; Модул 5: Standard operating procedures and cones of practice, одржан 4-5.11.2009 во Сараево, БиХ; Модул 6&7: Understanding welfare and quality, одржан 24-26.2.2010 во Дубровник, Хрватска; и Модул 8: Welfare Program Assessment, одржан 28-30.5.2010 во Бечиќи, Црна Гора. На 24 и 25 мај 2009 година присуствувал на XV годишен CRL Salmonella workshop во Билтовен, Холандија. Од 5 до 7 октомври 2009 година учествувал на 4$^{th}$ Workshop CRL Campylobacter, одржан во Упсала, Шведска.

## 2. НАУЧНА И СТУЧНА АКТИВНОСТ

Кандидатот Деан Јанкулоски, својата научна и стручна дејност ја врши на Институтот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како раководител на Лабораторија за микробиологија на храна и добиточна храна. Од изборот за асистент досега има објавено пет труда, и тоа:

1. Љупчо Ангеловски, Деан Јанкулоски, Сандра Костова, Марија Раткова, Ирена Ераковиќ Токалиќ, Павле Секуловски, КВАЛИТЕТОТ НА СУРОВОТО КРАВЈО МЛЕКО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СОГЛЕДАН ПРЕКУ ИСПИТУВАЊЕ НА БРОЈОТ СОМАТСКИ КЛЕТКИ И БРОЈОТ МИКРООРГАНИЗМИ, Македонски ветеринарен преглед, Vol. 31, No.1. 2008.

Во овој труд се изнесуваат детали колку суровото млеко во Р. Македонија е во согласност со "Правилникот за посебните барања за безбедност на храната и начинот и постапките за вршење на

службените контроли на млекото и млечните производи" врз основа на бројот соматски клетки (БСК) и бројот микроорганизми (БМО). Истражувањето било спроведено во првите 8 месеци од 2008 година, во кој период биле тестирани 2065 примероци за БМО и 1625 примероци за БСК. Од испитаните примероци, 41,8% ги исполнуваат критериумите за БСК, односно 41,45% критериумите за БМО дадени во Правилникот. Направена е и споредба за барањата во Council Directive и утврдено е дека 42,7% од примероците ги исполнуваат барањата во однос на БСК и само 10,7% во однос на БМО.

2. Сандра Костова, Деан Јанкулоски, Марија Раткова, Љупчо Ангеловски, Ирена Ераковиќ Токалиќ, Павле Секуловски, ЗАСТАПЕНОСТ НА *CAMPYLOBACTER SPP.* ВО МЕСО И ПРОИЗВОДИ ОД МЕСО УВЕЗЕНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Македонски ветеринарен преглед, Vol. 31, No.1. 2008.

Во трудот се испитува контаминираноста со *Campylobacter spp.* на месо и производите од месо како главен бактериски причинител на дијареа во хуманата полулација во светот. Со оваа студија е извршена проценка на преваленцата на *Campylobacter spp.* во 56 примероци месо и производи од месо (пилешко, МОМ, свинско и чадено говедско) од увоз во пероид од 8 месеци во Република Македонија. Примероците биле подложени на детекција на термотолерантен Campylobacter и од анализираните примероци било утврдено присуство на овој патоген во 84% МОМ, 81,8% пилешко месо и 10% свинско месо. Вкупната преваленца на *Campylobacter spp.* во сите испитувани примероци изнесувала 55,36%. Од студијата може да се заклучи дека поради високата преваленца на овој патоген во храната и серизоноста на болеста кај луѓето, индустријата за производство и преработка на живинско месо, како и операторите со храна, треба при проценката на микробиолошките ризици во HACCP планот задолжително да го имаат предвид и *Campylobacter spp.*

3. Деан Јанкулоски, Марија Раткова, Сандра Костова, Љупчо Ангеловски, Ирена Ераковиќ Токалиќ, Павле Секуловски, АНТИМИКРОБНА РЕЗИСТЕНТНОСТ НА ИЗОЛАТИ НА *SALMONELLA SPP.* ОД РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ СУРОВО МЕСО И МОМ ОД УВОЗ ВО Р. МАКЕДОНИЈА, Македонски ветеринарен преглед, Vol. 31, No.1. 2008.

Во овој труд е испитувана антимикробната чувствителност на различни изолати *Salmonella spp.* добиени од сурово месо од различни видови (свинско, мисиркино, пилешко и пилешки МОМ). Вкупно биле испитувани 882 примероци, од кои се изолирани, а потоа и серотипизирани 72 соеви

*Salmonella spp*. Од серотипизацијата забележливо е дека најголем број од изолатите, односно 13 соја (30,5%) се *S. enteritidis*, потоа 16 (22,2%) *S. infantis*, 10 (13,9%) *S. galinarum*, 8 (11,1%) *S. typhimurium*, 5 изолати (6,9%) *S. Newport*, 3 (4,2%) *S. Heidelberg*, 2 (2,8%) *S. senftenberg*, и *S. Dublin*, *S. blockley*, *S. virchov*, *S. Livingston*, *S. panama* и *S. derby* со по еден изолат (или 1,4% секоја). Потоа добиените соеви биле тестирани на антимикробна резистентност на 8 антимикробни супстанции вообичаено употребувани за терапија на салмонелозата. Утврдено е дека 100% од соевите *S. enteritidis* се резистентни на Oxytetracycline, 86,4% кон Nalidixic acid, но исто така сите 22 изолати се чувствителни кон Gentamicin и Neomycin. Слично е и со *S. infantis*, каде што 100 % од изолатите биле резистентни кон Oxytetracycline, и најголема чувствителност од 81,2% покажале кон Neomycin. Сличен е и наодот за третата по преваленца *S. galinarum* која е 100% резистентна кон Oxytetracycline но сите 10 изолати се чувствителни кон Gentamicin и Neomycin. Претставените резултати укажуваат на неопходноста да се посвети повеќе внимание кон набавката на сурово месо кое ќе биде слободно од Salmonella spp., со цел да се редуцира или елиминира ризикот од патогени во храната резистентни кон антибиотици.

4. Билјана Стојановска-Димзоска, Елизабета Димитриеска-Стојковиќ, Зехра Хајрулаи-Муслиу, Павле Секуловски, Деан Јанкулоски, ПРИСУСТВО НА ОХРАТОКСИН А ВО МАКЕДОНСКИТЕ ВИНА ОД ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН, Македонски ветеринарен преглед, Vol. 31, No.1. 2008.

Во овој труд е претставен аналитичкиот метод за квантитативно определување со течна хроматографија со флуресцентен детектор, со претходен процес на прочистување со имуноафинитетни колони, користен за детекција на охратоксин во вина од тиквешкото виногорје. Во трудот исто така е извршена валидација на аналитичкиот метод и констатирана е линераност во концентрациското подрачје од 0,1 до 60 ng/ml со задоволителен коефициент на корелација од 0,9976. Лимитот на детекција и квантификација изнесуваат 0,043 ng/ml и 0,141 ng/ml. Точноста на методот била определена користејќи стандард како додаток во две концентрации од 0,1 ng/ml и 1,0 ng/ml. Добиени биле вредности за аналитичкиот принос од 100,66% и 106,83% за црвено вино (за двете предложени концентрации). Вредностите за аналитичкиот принос за бело вино (98,5% и 93,3% за истите концентрации) се исто така задоволителни и ја потврдуваат точноста на методот. Вредностите за RSD за бели и црвени вина, за двете предложени концентрации се задоволителни и се движеле во границите од 7,13% до 10,41% за црвенот, односно од 3,96% до 8,77% за белото вино. Исто така бил направен мониторинг на 31 примерок вино во шишиња. Од нив, само 16

6. Љупчо Ангеловски, Павле Секуловски, Деан Јанкулоски, Марија Раткова, Сандра Костова, Мирко Проданов, ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВА НА ВИСОК БРОЈ БАКТЕРИИ ВО СУРОВОТО КРАВЈО МЛЕКО, Македонски ветеринарен преглед, Vol. 32, No.1., 37-43, 2009.

Во овој труд главната цел била да се претстави моменталната ситуација во Р. Македонија со бројот на бактериите во суровото кравјо млеко, кои се еден од елементите што го дефинираат квалитетот на млекото. Исто така, трудот ги опишува и факторите кои доведуваат до зголемување на бројот на бактерии. За потребите на ова истражување биле анализирани 3470 примероци сурово кравјо млеко за вкупен број бактерии. Утврдено е дека 52,2% од испитуваните примероци ги задоволуваат параметрите дадени во националната легислатива, но со направената споредба на резултатите со европската легислатива може да се констатира дека само 18,0% од примероците ги исполнуваат зададените критериуми. Резултатите од овој труд покажуваат за недоволната хигиена при чувањето и молзењето на млечните крави, неправилното постапување со млекото по молзењето, а тоа е резултат на недоволните познавања на млекопроизводителите за хигиената и исхраната на молзните крави, односно менаџмент на стадото.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци и постигнатите резултати во наставно-научната и апликативната дејност, Рецензентската комисија констатираше дека пријавениот кандидат м-р Деан Јанкулоски ги исполнува потребните критериуми за повторен избор во звањето асистент.

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет, м-р Деан Јанкулоски да биде избран во звањето асистент од научната област безбедност на храна на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Рецензентска комисија,

Доц. д-р Павле Секуловски с.р.

Проф. д-р Ристо Проданов с.р.

Доц. д-р Зехра хајрулаи Муслиу с.р.

примероци (51,61%) биле со концентрација на ОТА над лимитот на детекција, но со вредност многу пониска за тие да претставуваат ризик за здравјето на консументите на виното.

5. Jankuloski D., Sekulovski P, Angelovski Lj., Kostova S., Ratkova M., Prodanov M. Calculation of specificity, sensitivity and accuracy of ISO method for detection of Salmonella spp. in feed matrix, Faculty of Veterinary Medicine, Skopje, VI Congress Microbiologia Balkanica 2009, 28-31 October, Ohrid, Macedonia, Book of abstracts pg.198.

Во овој труд се претставени пресметките за специфичност, сензитивност и точност за методот за детекција на салмонела според ISO 6579:2002 и Annex D од ISO 6579. За таа цел, матрица храна за несилки била вештачки контаминирана со различни концентрации на два бактериски соја: *S. typhymurium* (STM) и *S. enteritidis* (SE). За проценка на сензитивноста на методот биле употребени 25 ерленмаерки, од кои секоја содржела 90 ml BPW. Во секоја ерленмаерка биле додадени 10 gr храна за несилки која била слободна од салмонела, а на денот на тестирањето содржела $1,6x10^8$ cfu/gr аеробни бактерии и $10^4$ cfu/gr *Enterobacteriaceae*. Вака подготвените ерленмаерки биле вештачки контаминирани со додавање во по 5 од нив по 1 ml суспензија која содржела *Salmonella* во следниве концентрации, и тоа: STM 5 cfu, STM 50 cfu, SE 20 cfu, SE 100 cfu. Преостанатите 5 ерленмаерки биле намерно оставени неконтаминирани за контрола на квалитетот и пресметка на специфичноста и точноста. Биле користени препорачаните во ISO-методот селективни бујони за збогатување и цврсти диференцијални и селективни медиуми за култивација. По изолација, сомнителните колонии биле подложени на биохемиско тестирање и на крај биле селорошки типизирани со O и H специфични анти-салмонела серуми. Резултатите од тестирањето покажале 100% специфичност за сите комбинации на селективни бујони и медиуми за изолација. Исто така, сензитивноста за комбинациите RVS/XLD, RVS/Ram, MSRV/XLD и MSRV/Ram била 100%. Меѓутоа, сензитивноста за комбинациите MkTTn/XLD за ST50 била 80%, MkTTn/Ram за SE 100 била 80% и MkTTn/XLD и MkTTn/Ram за SE20 била само 60%. Точноста на тестот за комбинациите RVS/XLD и RVS/Ram, MSRV/Ram била 100% и за MkTTn/XLD и MkTTn/Ram бил само 88%. Со овој труд со практични примери поблиску се објаснуваат пресметките кои мораат да се преземат за секој акредитиран метод од секоја акредитирана лабораторија според стандардот ISO 17025.

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТЖИ: ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО И РОМАНТИЗМОТ ВО БУГАРСКАТА КНИЖЕВНОСТ, РЕАЛИЗМОТ ВО БУГАРСКАТА КНИЖЕВНОСТ, ОД ХУМАНИЗАМ ДО БАРОК ВО ЈУЖНОСЛОВЕНСКИТЕ КНИЖЕВНОСТИ, ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ И ЈУЖНОСЛОВЕНСКИ КНИЖЕВНОСТИ (ВТОР ИЗБОРЕН МОДУЛ) И ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА МАКЕДОНСКА КУЛТУРА (ВТОР ИЗБОРЕН МОДУЛ), НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ БЛАЖЕ КОНЕСКИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет *Блаже Конески* во Скопје, на својата 8-ма редовна седница одржана на 2.7.2010 година, избра Рецензентска комисија во врска со пријавата на доц. д-р Ангелина Бановиќ-Марковска за избор во звањето вонреден професор по наставните предмети: просветителството и романтизмот во бугарската книжевност, реализмот во бугарската книжевност, од хуманизам до барок во јужнословенските книжевности, предмети од областа македонска книжевност и јужнословенски книжевности (втор изборен модул) и предмети од областа македонска култура (втор изборен модул).

Заблагодарувајќи се на укажаната доверба, чест ни е да го презентираме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс, согласно со законските одредби за унапредување (избор) во повисоко звање, се пријави само кандидатката Ангелина Бановиќ-Марковска.

**Биографски податоци**

Ангелина Бановиќ е родена во Скопје, на 10 октомври 1966 година. Во родниот град завршила основно и средно образование. Дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје, на групата историја на книжевностите на народите на СФРЈ, во 1989 година, а во 1991 ги запишала постдипломските студии од областа македонска книжевност. Во меѓувреме работела на неколку работни места, меѓу кои и библиотекар на матичната катедра. Во 1999 година, таа успешно го одбранила и својот магистерски труд под наслов „Ликови-антагонисти (структура и функција)“ здобивајќи се со звањето магистер на флолошки науки.

Веќе во 2002 година, Бановиќ-Марковска го предала и го одбранила својот докторски труд под наслов „Дијалогизмот како интертекстуален феномен во современите јужнословенски литератури“, по што се здобила со титулата доктор на филолошки науки при Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје.

Поради формални законски пречки – неможност да се распише конкурс за наставничко звање – од 2003 до 2005 година, кандидатката Ангелина Бановиќ-Марковска

била избрана за асистент-доктор на матичната Катедра, а во 2005 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет *Блаже Конески* во Скопје ја избира во звањето доцент на Катедрата за македонска и јужнословенски книжевности, за предметите: македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности I и II (за групата општа и компаративна книжевност) и македонската книжевност во контекст на балканските книжевности I и II (за групите албански јазик и книжевност и турски јазик и книжевност). Во истиот период таа ја извршува и функцијата секретар на Катедрата за македонска и јужнословенски книжевности.

**Научноистражувачка активност**

Кандидатката Бановиќ-Марковска бележи и завидни академски искуства, во смисла на активно учество на научни конференции, симпозиуми, јавни предавања, разни трибини и соодветни проекти. Во прилог на оваа констатација за проследување е нејзината научна актива од 2005 година – кога е избрана во доцентско звање – до тековната 2010 година. Се работи навистина за една завидна продукција. Така, во 2005 година таа одржала јавно предавање во рамките на курсот „Политичка филозофија" (за студентите по политички студии на Правниот факултет *Јустинијан Први*), на тема: „Придобивките и заблудите на структуралистичката и постструктуралистичката мисла". Истата година била модератор на научниот симпозиум *Ars poetica*, на меѓународната поетска манифестација *Струшки вечери на поезијата* (Струга, 24 август), а учествувала и на XXXII научна конференција, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 15-17 август), како и на *Симпозиумот за македонскиот расказ*, во организација на Институтот за македонска литература (Скопје, 14 мај). Наредната 2006 година, таа учествувала на меѓународниот научен симпозиум *Развојот на македонската литература* (Скопје, 25-26 октомври), а во 2008 година била ангажирана и во проектот *Македонска книжевност* (финансиран од страна на Министерството за култура на Република Македонија). Истата година зела активно учество и на меѓународниот македонистички собир: *2008 – година на македонскиот* јазик (Охрид, 29 август-1 септември). Во 2008 година кандидатката е активно вклучена во постдипломската настава на Институтот за македонска литература во Скопје, во рамките на предметот *имагологија*, студиска програма за интердисциплинарни културолошки студии во книжевноста.

Во периодот од 2007 до 2010 година, Бановиќ-Марковска партиципира на неколку меѓународни научни конференции во земјава и во странство:

- *Македонско-хрватски книжевни и културни врски* (Охрид, 10-12 октомври 2007);
- *Српско-македонске књижевне и културне везе* (Ниш, 13-15 ноември 2007);
- *Без прогонство, кој сум јас – Меѓународна поетска манифестација Струшки вечери на поезијата* (Струга, 24 август 2007);
- *XXXIV научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* (Охрид, 27-28 август 2007);

- *Трета македонска книжевна визита во Софија* (трибина на тема: *Бугарската и македонската литература во новиот милениум - појави и тенденции*, Софија, 15-17 мај 2008);

- меѓународен научен симпозиум *Славянские языки и культуры в современном мире, МГУ Ломоносова* (Москва, 24-26 март 2009);

- *XXXVI научна конференција, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура* (Охрид, 15-17 август 2009);

- Осма полско-македонска научна конференција *Развојните тенденции на полската и на македонската литература и култура во дијалог со европската традиција* (Скопје, 23-25 октомври 2009);

- *Меѓународен научен собир посветен на д-р Атанас Вангелов* (Скопје, 15-16 декември 2009).

Во 2009 година била и член на жири-комисијата за доделување на престижната награда „Роман на годината", што ја распишува *Утрински весник*.

Во 2010 година, Бановиќ-Марковска зела активно учество и на меѓународниот симпозиум *Истина, мистификация, лъжа в славянските езици, литератури и култури, СУ „Св. Климент Охридски": X Национални славистични четения*, (Софија, 22-24 април), како и на *Петтата македонска книжевна визита во Софија – книжевна трибина на тема: Бугарската и македонската литература во новиот милениум: појави и тенденции* (Софија, 13-15 мај). Како проекција за 2010 година се и учествата на *Третиот маѓународен славистички собир Njegoševi dani: Ideološki kodovi u književnom tekstu* (Nikšić, 2-4 септември) и на *Меѓународната научна конференција Христијански Исток и Запад: форми на дијалог, културни примери, кодови на сеќавање* (Познањ, 21-22 октомври).

Од наведената завидна продукција и учествата на симпозиуми во земјава и во странство, може да се види дека сферата на интересот на Ангелина Бановиќ-Марковска се движи во рамките на литературната теорија и критика, културологија, имагологија, постколонијална теорија и критика, философија, анторпологија и слично, така што восхитувачка е нејзината научна љубопитност, како и постигнатите резултати чија афирмација ја добила не само во земјава, туку и на меѓународен план.

Автор е на **4 книги**: *Групен портрет: културолошки и литературно-теориски есеи* (Магор, Скопје, 2007); *Хипертекстуални дијалози: интертекстуалноста и јужнословенскиот литературен 20 век* (Магор, Скопје, 2004); *Ликови-антагонисти* (Магор, Скопје, 2001); *Интерпретативни стратегии: теориско-критички есеи* (Ѓурѓа, Скопје, 1999). Исто така и на **2 антологии**: *DON'T YOU FYROM ME: suvremena makedonska priča* (priredile Angelina Banović-Markovska i Vesna Mojsova-Čepiševska), Književna revija: časopis za književnost i kulturu, god. 49./br. 2-3, 2009, Ogranak Matice hrvatske Osijek и *Кафез од брчки: поезијата и детството (тематски избор од современата македонска поезија)*/приредувач: Ангелина Бановиќ-Марковска/, Струга: XLVI струшки вечери на поезијата, 2007 (*A Cage of Wrinkles: poetry and childhood: A Thematic Selection of Contemporary Macedonian Poetry / selected by Angelina Banović-*

*Markovska*, [Struga]: XLVI Struga Poetry Evenings, 2007).

Во прилог на оваа констатација, за одбележување се и нејзините 6 поговори/предговори на книги, 5 преводи, како и над 23 текстови објавени во домашната и странската периодика, во кои се опфатени речиси сите сфери на литературната наука.

**Текстови во странска периодика (2005-2010):**

- „Verità taciute a fatica: confini e identità, muri e obiettivi dell'imperialismo psicologico", *Studi slavistici, Rivista dell'Associazione italiana degli Slavisti*, Firenze University Press, vol.VI, 2009, p. 342-352;
- „Бегство и пограничные субъекты в 'Романе о Лондоне' Милоша Црнянского", в: *Славянский мир в третьем тысячелетии (Россия и славянские народы во времени и пространстве*, Москва, 2009, стр. 251-256;
- „Наратив нације", *Свеске: књижевност, уметност, култура*, бр. 92, јун, Панчево, 2009, 141-144;
- „No man's land (ili kozmopolitizam bez korijena)", *KOLO-časopis Matice hrvatske*, br. 3-4, jesen–zima, Zagreb, 2008, 395-399;
- „Narativ nacije", *KOLO-časopis Matice hrvatske*, br. 3-4, jesen–zima, Zagreb, 2008, 389-394;
- „Гранични субјекти (Милош Црњански и темата на егзилот), *Српско-македонске културне и књижевне везе: Зборник реферата са међународне научне конференције*, Ниш, 2008, стр. 405-413;
- „Marginalni centrist ili diskretno prisutni autsajder: traktat o dužnosti i istini (...čitajući Todorova)", *KOLO-časopis Matice hrvatske*, Zagreb (во печат);
- „Историја vs меморија: деконструирана документарност или плурализирана вистина", во: *Истина, мистификация, лъжа в славянските езици, литератури и култури*, СУ „Св. Климент Охридски": *X Национални славистични четения*, София, 2010 (во печат).

**Текстови во домашна периодика (2005-2010):**

- „Идеологијата како перформатив во епохата на социјализмот и во критичко-политичкиот дискурс на Димитар Митрев", XXXVI научна конференција на Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2010;
- „Бахтин и Еништејн – дијалог на дискурсите (од тоталитарност до виртуелност, од хипертекстуалност до хиперреалност)", во: Прилози XXXIII-XXXIV (1-2): Зборник на трудови во чест на академик Милан Ѓурчинов, МАНУ, Скопје, 2008-2009, 473-480;
- „Субалтерните, девастирани и интринзични идентитети кај Дубравка Угрешиќ и Ведрана Рудан", во Македонско-хрватски книжевни и културни врски: зборник на трудови од меѓународен научен собир одржан во Охрид, 10-11 октомври 2007), Институт за македонска литература, Скопје, 2009, 203-209;
- „Интердискурсивна конфигурација", Спектар: списание за литература и наука, година 27, бр. 53, Институт за македонска литература, Скопје, 2009, стр. 71-76;
- „Од дијалог до дијалошка диегеса", Спектар: списание за литература и наука, година 27, бр. 54, Институт за македонска литература, Скопје, 2009, стр. 51-56;

• „Les Belles lettres sans pardon (предговор за антологијата на македонски современ расказ Don't You FYROM Me), Синтези: македонски книжевен гласник, 17/2009, стр. 68-70 (и во Блесок, 69/2009 http://www.blesok.com.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=1193);

• „Интелектуален номадизам (интеркултуралната естетика во романите на Колбе и Димковска)", во XXXIV научна конференција на XL меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2008, 255-262;

• „No man's land или космополитизам без корени", Philological Studies, vol.1/1, 2008, http://philologicalstudies.org/dokumenti/2008/vol1/1/1.pdf;

• „Наративот на нацијата", Книжевно житие, бр. 10-11, септември-октомври, Скопје, 2008, 40-43;

• „Декадентното поведение на прозата (метатекстуалноста во 'Смртта на Евтихиј' од В. Андоновски)", во Македонскиот расказ: зборник на трудови од научниот симпозиум, Институт за македонска литература, Скопје, 2007, 133-139;

• „The Art of Memory или Insomnia во Музејот на безусловното предавање (духовниот егзил на Дубравка Угрешиќ и Димитрие Дурацовски)", во XXXII научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2006;

• „Есеј за создавањето и уништувањето (прилог наместо епилог)", во Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Книга 32, Скопје, 2006, 43-54;

• „Од Гутенберг до ИнтеЛнет (кибер-теориите на Михаил Епштејн и Умберто Еко)", Руско-македонски јазични, литературни и културни врски 3 (Материјали од Третата македонско-руска научна славистичка конференција, Охрид, 9-11 август 2001 г.), Скопје, 2006, 503-510;

• „Порнографија на Витолд Гомбрович", Педесет години на полонистиката во Македонија (зборник на трудови од Осмата полско-македонска научна конференција), Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2010 (во печат);

• „Естетика на тоталното исполнување", во: Развојот на македонската литература: зборник од меѓународен научен симпозиум (Скопје, 25-26 октомври 2006), Институт за македонска литература, Скопје, 2010 (во печат);

• „Феноменот Virgina во балкански контекст: ендемична манифестација на Другиот или оригинал на фалсификатот", во Зборник на трудови од научниот собир по повод 70-годишнината од раѓањето на проф. Томе Саздов, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2010 (во печат).

**Монографија:**

Со оглед на применетата, постмодерна методологија со која последниве години е окупирана авторката Ангелина Бановиќ-Марковска, книгата *Групен портрет: културолошки и литературно-теориски есеи* (Магор, Скопје, 2007) е во дослух со најактуелните истражувања, карактеристични за еден поширок балкански *културолошки контекст*. Содржи две стратешки целини: *Внатрешни искуства* и *Постмодерен бриколаж*. Првиот дел од книгата развива интересен концепт на мислење и

интерпретирање. Во фокусот на нејзиниот интерес се наоѓаат културолошки теми и мотиви, најмногу од областа на *имагологијата*, *постколонијалната теорија и критика* и *родовите студии*. Имаголошкиот пристап на Бановиќ-Марковска ги интерпретира семантизмите за Другиот виден како „разлика", формирањето на идентитетите, како и создавањето авто и хетеро-слики во рамките на еден поширок балкански хронотоп. Во сферата на нејзиниот интерес влегуваат и *постколонијални теми* преку кои го дефинира „балканскиот културален идентитет", како граничен феномен меѓу Ориентот и Окцидентот. Во рамките на родовите идентитети, таа го отвора и прашањето за *половата метаморфоза* прашувајќи се дали секогаш родовата хиерархија е доволна за објаснување на категоријата род, и дали *родовата инверзија* открива некаква социјална или културна аномалија, некаков меѓу-род – една нова морфологија. Вториот дел од книгата е конципиран како начин за реинтерпретирање на најзначајните теориски постулати, сврзани со феноменот на *интертекстуалноста*. Тоа е истовремено и начин за исчитување на едно, поинакво, литературно теориско и филозофско искуство на јазикот и на писмото, со кое авторката ги илустрира „јазичните игри" на Лиотар, „археолошката" теорија на знаењето на Мишел Фуко и „принципот на парергоналноста" на Жак Дерида. Во својата книга есеи, насловени како *Групен портрет*, авторката Бановиќ-Марковска користи *интердисциплинарен пристап*. Таа спроведува културолошки и литературно-теориски истражувања и изведува заклучоци кои имаат драгоцен, специјалистички карактер за македонската (и балканската) културолошка и литературно-теориска мисла.

**Наставно-образовна и друга активност**

Ангелина Бановиќ-Марковска пројави и висока професионалност во извршувањето на наставните активности. Таа, со несекојдневна енергија и ентузијазам, прифаќа дополнителни часови од секој предмет што ѝ е понуден, при што должност ни е да подвлечеме дека има постигнато извонредни резултати со групите студенти што ѝ беа доделени. Едновремено, во прилог на ова, го истакнуваме и нејзиниот извонреден метод на работа и резултатите постигнати од заемната соработка со судентите, така што голем дел од нив, по завршувањето на своите обврски по предметите што таа ги предавала, остануваат во врски со неа како професор кој во секое време може и сака да помогне на стручен план. Сево ова укажува дека кандидатката Ангелина Бановиќ-Марковска суверено владее во повеќето сфери на литературната наука што се должи на нејзината широка љубопитност во научна смисла, но и нејзината продуктивност и афирмација на македонската научна мисла. Кандидатката не само што покажа туку и докажа несомнена компетентност, супериорност и апсолутна способност како во наставниот процес, така и на планот на научноистражувачката дејност.

Во моментов е член на Советот за издавачка дејност при Филолошкиот факултет *Блаже Конески* и е претставник во Советот на ЈНП – Институт за македонска литература во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според својата завидна актива (списокот на објавени и научно верификувани трудови), како и несомнената посветеност во наставната дејност за која зборуваат нејзините досегашни резултати, ни претставува посебна чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да му предложиме, кандидатката доц. д-р Ангелина Бановиќ-Марковска да биде избрана во наставно-научното звање ***вонреден професор*** по предметите:

1. просветителството и романтизмот во бугарската книжевност;
2. реализмот во бугарската книжевност;
3. од хуманизам до барок во јужнословенските книжевности;
4. предмети од областа македонска книжевност и јужнословенски книжевности (втор изборен модул);
5. предмети од областа македонска култура (втор изборен модул).

На крајот, уште еднаш, чувствуваме потреба да истакнеме дека кандидатката Ангелина Бановиќ-Марковска претставува комплетно профилиран кадар на кој Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности може безрезервно да смета, имајќи го секогаш предвид фактот дека сферата на нејзиниот интерес е многустрана, сестрана и повеќеслојна.

Скопје,

15.9.2010 год.

Рецензентска комисија

1. Д-р Фанија Попова, ред. проф. с.р.

2. Д-р Виолета Пирузе-Тасевска, ред. проф. с.р.

3. Д-р Науме Радически, ред. проф. с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Ангелина Ѓоко Бановиќ-Марковска**
Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје
Научна област: книжевност – македонска и јужнословенски книжевности

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | часови | недели | семестри | поени | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Одржување настава од прв циклус студии** | | | | | |
| 1 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности I (2+0), зимски/летен 2005/2006 | 2 | 15 | 2 | 0,04 | 2,4 |
| 2 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности II (2+0), зимски/летен 2005/2006 | 2 | 15 | 2 | 0,04 | 2,4 |
| 3 | Македонската книжевност во контекст на балканските книжевности I (2+0), зимски/летен 2005/2006 | 2 | 15 | 2 | 0,04 | 2,4 |
| 4 | Македонската книжевност во контекст на балканските книжевности II (2+0), зимски/летен 2005/2006 | 2 | 15 | 2 | 0,04 | 2,4 |
| 5 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности II (2+0), зимски/летен 2006/2007 | 2 | 15 | 2 | 0,04 | 2,4 |
| 6 | Македонската книжевност во контекст на балканските книжевности (2+0), зимски/летен 2006/2007 | 2 | 15 | 2 | 0,04 | 2.4 |
| 7 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности I (2+0), зимски 2006/2007 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 8 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности II (2+0), летен 2006/2007 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 9 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности I (2+0), зимски 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 10 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности II (2+0), летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 11 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности III (2+0), зимски 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности IV (2+0), летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 13 | Нова бугарска книжевност I (2+0), зимски 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 14 | Нова бугарска книжевност II (2+0), летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 15 | Постструктурализам и деконструкција: македонски литературен контекст – изборен (2+0), зимски 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 16 | Имагологија: сликата на другиот во јужнословенски контекст – изборен (2+0), летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 17 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности I (2+0), зимски 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 18 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности II (2+0), летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 19 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности III (2+0), зимски 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 20 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности IV (2+0), летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 21 | Просветителството и романтизмот во бугарската книжевност (2+0), зимски 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 22 | Реализмот во бугарската книжевност (2+0), летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 23 | Постструктурализам и деконструкција: македонски литературен контекст – изборен (2+0), зимски 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 24 | Имагологија: сликата на другиот во јужнословенски контекст – изборен (2+0), летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 25 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности III (2+0), зимски 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 26 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности IV (2+0), летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 27 | Просветителството и романтизмот во бугарската книжевност (2+0), зимски 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 28 | Реализмот во бугарската книжевност (2+0), летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 29 | Нова бугарска книжевност I (2+0), зимски | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2009/2010 | | | | | |
| 30 | Нова бугарска книжевност II (2+0), летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 31 | Од хуманизам до барок во јужнословенските книжевности (2+0), летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 32 | Јужнословенски книжевности 15-18 век, (2+0), летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| | **Вкупно** | | | | | **45,6** |
| | **Одржување вежби од прв циклус студии** | часови | недели | семестри | поени | вкупно |
| 1 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности I (0+1), зимски/летен 2005/2006 | 1 | 15 | 2 | 0,03 | 0,9 |
| 2 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности II (0+1), зимски/летен 2005/2006 | 1 | 15 | 2 | 0,03 | 0,9 |
| 3 | Македонската книжевност во контекст на балканските книжевности I (0+1), зимски/летен 2005/2006 | 1 | 15 | 2 | 0,03 | 0,9 |
| 4 | Македонската книжевност во контекст на балканските книжевности II (0+1), зимски/летен 2005/2006 | 1 | 15 | 2 | 0,03 | 0,9 |
| 5 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности II (0+1), зимски/летен 2006/2007 | 1 | 15 | 2 | 0,03 | 0,9 |
| 6 | Македонската книжевност во контекст на балканските книжевности (0+1), зимски/летен 2006/2007 | 1 | 15 | 2 | 0,03 | 0,9 |
| 7 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности I (0+1), зимски 2006/2007 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 8 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности II (0+1), летен 2006/2007 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 9 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности I (0+1), зимски 2007/2008 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 10 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности II (0+1), летен 2007/2008 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 11 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности III (0+1), зимски 2007/2008 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 12 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности IV (0+1), летен 2007/2008 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 13 | Нова бугарска книжевност I (0+2), зимски 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Нова бугарска книжевност II (0+2), летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 15 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности I (0+1), зимски 2008/2009 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 16 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности II (0+1), летен 2008/2009 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 17 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности III (0+1), зимски 2008/2009 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 18 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности IV (0+1), летен 2008/2009 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 19 | Просветителството и романтизмот во бугарската книжевност (0+2), зимски 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 20 | Реализмот во бугарската книжевност (0+2), летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 21 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности III (0+1), зимски 2009/2010 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 22 | Македонската книжевност во контекст на јужнословенските книжевности IV (0+1), летен 2009/2010 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 23 | Просветителството и романтизмот во бугарската книжевност (0+2), зимски 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 24 | Реализмот во бугарската книжевност (0+2), летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 25 | Од хуманизам до барок во јужнословенските книжевности (0+2), летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 26 | Јужнословенски книжевности 15-18 век (0+1), летен 2009/2010 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| | **Вкупно** | | | | | **17,55** |
| | **Консултации со студенти** | студенти | | семестри | поени | вкупно |
| 1 | 2005/2006 | 120 | | 2 | 0,002 | 0,48 |
| 2 | 2006/2007 | 100 | | 2 | 0,002 | 0,4 |
| 3 | 2007/2008 | 120 | | 2 | 0,002 | 0,48 |
| 4 | 2008/2009 | 110 | | 2 | 0,002 | 0,44 |
| 5 | 2009/2010 | 130 | | 2 | 0,002 | 0,52 |
| | **Вкупно** | | | | | **2,32** |
| | **Одржување настава од втор циклус студии** | часови | недели | семестри | поени | вкупно |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2008/2009 (6 часа, летен) - студии од втор циклус, Институт за македонска литература во Скопје | 2 | 3 | 1 | 0,05 | 0,3 |
| 2 | 2009/2010 (6 часа, летен) - студии од втор циклус, Институт за македонска литература во Скопје | 2 | 3 | 1 | 0,05 | 0,3 |
| | **Вкупно** | | | | | **0,6** |
| | **Членство во комисии** | | | | | вкупно |
| 1 | Член на комисијата за оцена на магистерската теза на Весна Кожинкова | | | | | 0,3 |
| 2 | Член на комисијата за одбрана на магистерската теза на Весна Кожинкова (одбранета во јуни 2009) | | | | | 0,3 |
| 3 | Член на комисијата за оцена на магистерската теза на Марина Димитриева Ѓорѓиевска | | | | | 0,3 |
| 4 | Член на комисија за одбрана на дипломска работа: Влатко Митковски (одбранета во 2009) | | | | | 0,1 |
| | **Вкупно** | | | | | **1** |
| | **Севкупно** | | | | | **67,07** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | **Назив на активноста:** | Поени |
|---|---|---|
| | **Монографии и дел од монографии** | |
| 1. | Монографија – *Групен портрет: културолошки и литературно-теориски есеи*, Магор, Скопје, 2007, 146 страници. ISBN 978-9989-183-19-5. | 8 |
| 2. | „Književne enigme makedonske povijesti", поговор кон монографијата на Kramarić Zlatko, *Identitet, tekst, nacija (interpretacije crnila makedonske povijesti)*; Naklada Lijevak, Zagreb, 2009, str. 203-207. ISBN 978-953-303-156-9. | 6 |
| | **Учество на научен/стручен собир/конференција со реферат** | |
| 3. | Меѓународен симпозиум *Истина, мистификация, лъжа в славянските езици, литератури и култури*, СУ „Св. Климент Охридски": X Национални славистични четения, (Софија, 22-24 април 2010). | 1 |
| 4. | Петта македонска книжевна визита во Софија – книжевна трибина на тема: *Бугарската и македонската литература во новиот милениум: појави и тенденции* (Софија, 13-15 мај 2010). | 1 |
| 5. | Книжевна трибина во Културен центар „Феникс" – *Македонската книжевна критика денес* (Скопје, 1 февруари 2010). | 1 |
| 6. | Международного научного симпозиума *Славянские языки и культуры в современном мире*, Москва, МГУ Ломоносова (Москва, 24-26 март 2009). | 1 |
| 7. | XXXVI научна конференција, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 15-17 август 2009). | 1 |
| 8. | Осма полско-македонска научна конференција *Развојните тенденции на полската и на македонската литература и култура во дијалог со евроската традиција* (Скопје, 23-25 октомври 2009). | 1 |
| 9. | Меѓународен научен собир посветен на д-р Атанас Вангелов (Скопје, 15-16 декември 2009). | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Меѓународен македонистички собир, *2008 – година на македонскиот јазик* (Охрид, 29 август-1 септември 2008). | 1 |
| 11. | Трета македонска книжевна визита во Софија – книжевна трибина на тема: *Бугарската и македонската литература во новиот милениум: појави и тенденции*, (Софија, 15-17 мај 2008). | 1 |
| 12. | Научен симпозиум *Македонско-хрватски книжевни и културни врски* (Охрид, 10-12 октомври 2007). | 1 |
| 13. | Научен симпозиум *Српско-македонске књижевне и културне везе* (Ниш, 13-15 ноември 2007). | 1 |
| 14. | Научен симпозиум *Без прогонство, кој сум јас* – Меѓународна поетска манифестација *Струшки вечери на поезијата* (Струга, 24 август 2007). | 1 |
| 15. | XXXIV научна конференција, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 27-28 август 2007). | 1 |
| 16. | Меѓународен научен симпозиум *Развојот на македонската литература* (Скопје, 25-26 октомври 2006). | 1 |
| 17. | Модератор и учесник на научен симпозиум *Ars poetica* – Меѓународна поетска манифестација *Струшки вечери на поезијата* (Струга, 24 август 2005). | 2 |
| 18. | XXXII научна конференција, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 15-17 август 2005). | 1 |
| 19. | *Симпозиум за македонскиот расказ*, Институт за македонска литература (Скопје, 14 мај 2005). | 1 |
| | **Објавени трудови во домашни и странски научно/стручни списанија и зборници** | |
| 20. | „Verità taciute a fatica: confini e identità, muri e obiettivi dell'imperialismo psicologico", *Studi slavistici, Rivista dell'Associazione italiana degli Slavisti*, Firenze University Press, vol.VI, 2009, p. 342-352. | 3 |
| 21. | „Бегство и пограничные субъекты в 'Романе о Лондоне' Милоша Црнянского", в: *Славянский мир в третьем тысячелетии (Россия и славянские народы во времени и пространстве*, Москва, 2009, стр. 251-256. | 3 |
| 22. | „Наратив нације", *Свеске: књижевност, уметност, култура*, бр. 92, јун, Панчево, 2009, 141-144. | 3 |
| 23. | „No man's land (ili kozmopolitizam bez korijena)", *KOLO-časopis Matice hrvatske*, br. 3-4, jesen–zima, Zagreb, 2008, 395-399. | 3 |
| 24. | „Narativ nacije", *KOLO-časopis Matice hrvatske*, br. 3-4, jesen–zima, Zagreb, 2008, 389-394. | 3 |
| 25. | „Гранични субјекти (Милош Црњански и темата на егзилот), *Српско-македонске културне и књижевне везе: Зборник реферата са међународне научне конференције*, Ниш, 2008, стр. 405-413. | 3 |
| 26. | „Идеологијата како перформатив во епохата на социјализмот и во критичко-политичкиот дискурс на Димитар Митрев", *XXXVI научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2010. | 2 |
| 27. | „Бахтин и Епштејн – дијалог на дискурсите (од тоталитарност до виртуелност, од хипертекстуалност до хиперреалност)", во: *Прилози XXXIII-XXXIV (1-2): Зборник на трудови во чест на академик Милан Ѓурчинов*, МАНУ, Скопје, 2008-2009, 473-480. | 2 |
| 28. | „Субалтерните, девастирани и интринзични идентитети кај Дубравка Угрешиќ и Ведрана Рудан", во *Македонско-хрватски книжевни и културни врски: зборник на трудови од меѓународен научен собир одржан во Охрид, 10-11 октомври 2007)*, Институт за македонска литература, Скопје, 2009, 203-209. | 2 |
| 29. | „Интердискурсивна конфигурација", *Спектар: списание за литература и наука*, година 27, бр. 53, Институт за македонска литература, Скопје, 2009, стр. 71-76. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 30. | „Од дијалог до дијалошка диегеса“, *Спектар: списание за литература и наука*, година 27, бр. 54, Институт за македонска литература, Скопје, 2009, стр. 51-56. | 2 |
| 31. | „Les Belles lettres sans pardon, *Синтези: македонски книжевен гласник*, 17/2009, стр. 68-70. | 2 |
| 32. | „Интелектуален номадизам (интеркултуралната естетика во романите на Колбе и Димковска)“, во *XXXIV научна конференција на XL меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2008, 255-262. | 2 |
| 33. | „No man's land или космополитизам без корени“, *Philological Studies*, vol.1/1, 2008, http://philologicalstudies.org/dokumenti/2008/vol1/1/1.pdf | 3 |
| 34. | „Наративот на нацијата“, *Книжевно житие*, бр. 10-11, септември-октомври 2008, Скопје, 40-43. | 2 |
| 35. | „Декадентното поведение на прозата (метатекстуалноста во 'Смртта на Евтихиј' од В. Андоновски)“, во: *Македонскиот расказ: зборник на трудови од научниот симпозиум*, Институт за македонска литература, Скопје, 2007, 133-139. | 2 |
| 36. | „The Art of Memory или *Insomnia* во Музејот на безусловното предавање (духовниот егзил на Дубравка Угрешиќ и Димитрие Дурацовски)“, во: *XXXII научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2006 | 2 |
| 37. | „Есеј за создавањето и уништувањето (прилог наместо епилог)“, во *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*, Книга 32, Скопје, 2006, 43-54. | 2 |
| 38. | „Од Гутенберг до ИнтерНет (кибер-теориите на Михаил Епштејн и Умберто Еко)“, *Руско-македонски јазични, литературни и културни врски 3* (Материјали од Третата македонско-руска научна славистичка конференција, Охрид, 9-11 август 2001 г.), Скопје, 2006, 503-510. | 2 |
| 39. | Златко Крамариќ, „Нација–Идентитет–Траума (интерпретации на црнилата во македонската историја)“ – превод од хрватски јазик: Ангелина Бановиќ-Марковска, *Синтези: македонски книжевен гласник*, 17/2009, стр. 22-27, Скопје. | 2 |
| 40. | Златко Крамариќ, „DON'T YOU FYROM ME (современ македонски расказ) – Предговор кон изданието“ – превод од хрватски јазик: Ангелина Бановиќ-Марковска, *Блесок*, 69, ноември-декември 2009, Скопје http://www.blesok.com.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=1194 | 2 |
| | **Вкупно** | 81 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | **Назив на активноста:** | Поени |
|---|---|---|
| | **Книги од стручна област** | |
| 1. | *DON'T YOU FYROM ME: suvremena makedonska priča* (priredile Angelina Banović-Markovska i Vesna Mojsova-Čepiševska), *Književna revija: časopis za književnost i kulturu*, god. 49./br. 2-3, Zagreb, 2009, str. 243 („Les Belles lettres sans pardon: Suvremena makedonska priča. Uvodne napomene“, str. 7-12) ISSN 1330-1659 | 7 |
| 2. | Васе Манчев, *Шупливи ореви*, избор и предговор: Ангелина Бановиќ-Марковска, Микена, Битола, 2008 („Шупливи ореви, полни јатки: расказната техника на Васе Манчев“, стр. 5-14); ISBN 978-9989-55-149-9 | 8 |
| 3. | *Кафез од брчки: поезијата и детството: Тематски избор од современата македонска поезија* / приредувач и поговор: Ангелина Бановиќ-Марковска; избор од албански: Љуљзим Хазири, Струга: XLVI струшки вечери на поезијата, 2007, стр. 174 („Внатрешни слики за животот: детството и македонскиот лирски субјект – тематски избор“, стр. 5-7); ISBN 978-9989-193-00-2 | 7 |

| | Поглавје во книга | |
|---|---|---|
| 4. | „В.:(или, одговор од луѓето кои сакаат поезија)", поговор кон книгата на Дејан Велкоски, *Б.:(или поезија за луѓето кои презираат поезија)*, Сојуз на студенти на Филолошкиот факултет, Скопје, 2007, стр. 42-43; ISBN 978-9989-2515-2-8 | 3 |
| | **Учество во промотивни активности** | |
| 5. | Промоции на книги и списанија (6) | 3 |
| | **Член на национална жири-комисија** | |
| 6. | Член на жири-комисијата за доделување на престижната награда „Роман на годината", што ја распишува *Утрински весник*, 2009 г. | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 7. | Претставник во Советот на ЈНП – Институт за македонска литература во Скопје, 2007-2010 (назначен од Владата на РМ). | 1 |
| 8. | Член на Советот за издавачка дејност при Филолошкиот факултет *Блаже Конески*, Скопје, 2006-2008. | 0,5 |
| 9. | Член на Советот за издавачка дејност при Филолошкиот факултет *Блаже Конески*, Скопје, 2008-2010. | 0,5 |
| 10. | Член на Конкурсна комисија на ФлФ за прием на нови студенти во академската 2009/2010 година. | 0,5 |
| 11. | Соработник на проектот *Македонска книжевност*, Министерство за култура на Република Македонија, 2008. | 0,5 |
| | **Вкупно** | **32** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 67,07 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 81,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 32,00 |
| Вкупно | **180,07** |

Скопје,
15.9.2010

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Фанија Попова, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Виолета Пирузе-Тасевска, член, с.р.
3. Проф. д-р Науме Радически, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ИНФОРМАТИКАТА – ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На седницата на Наставно - научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, одржана на 2 септември 2010 година, бевме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на информатиката – информатички технологии на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. На конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" на 19 август 2010 година се пријави кандидатот д-р Гоце Арменски, асистент на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. По прегледувањето на конкурсните материјали и врз основа на личното познавање на кандидатот, на Наставно - научниот совет на Природно - математичкиот факултет му го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Гоце Арменски, доктор по информатички науки, е роден на 2 декември 1976 година во Скопје. Работи како асистент на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Основно и средно училиште завршил во Скопје со одличен успех. Во текот на школувањето успешно учествувал на сојузни и републички натпревари по математика и физика. Во 1995 година се запишал на Електротехничкиот факултет во Скопје, отсек компјутерска техника, информатика и автоматика. Студиите ги завршил во 2000 година, со просечен успех 9,36 и со одбрана на дипломската работа под наслов „Публикување преку WEB", со оценка 10.

По завршувањето на студиите работел во Македонски телекомуникации – Мтнет, како дизајнер на веб-апликации. Во периодот 1.IX 2000 - 1.III 2001 бил ангажиран како демонстратор на Институтот за информатика, а од 1.III 2001 е примен како помлад асистент на Институтот за информатика.

Постдипломски студии запишувал во учебната 2000/2001 година, каде што испитите ги завршил со просечен успех 10,00, и на 10.12.2003 година успешно го одбранил магистерскиот труд со наслов „Електронско тестирање". Докторската дисертација под наслов „Сервис-ориентирана архитектура во е-тестирање" успешно ја одбранил на 5 јули 2010 година,

На Заводот за програмско инженерство при Институтот за информатика при Природно - математичкиот факултет во Скопје е ангажиран како демонстратор од октомври 2000 година, од февруари 2002 како помлад асистент, од април 2004 година како асистент, а во мај 2007 година е реизбран за асистент.

### 2. Наставна, педагошка и стручна дејност

Во досегашниот ангажман на Универзитетот, ас. д-р Гоце Арменски држел настава под менторство на предметите: веб-дизајн, интернет-програмирање, дизајнирање на образовен софтвер и интернет-технологии. Кандидатот учествувал во спроведувањето на вежбите по предметите: компјутерски мрежи, проектирање на компјутерски мрежи, архитектура на компјутери, вовед во информатика 1, вовед во информатика 2, дизајнирање на образовен софтвер, компјутерски системи во наставата,

веб-дизајн, интернет-програмирање и интернет-технологии на Институтот за информатика, како и предметите вовед во информатика на Институтот за географија и Институтот за математика-физика. За исклучителниот квалитет на вежбите, како и за односот кон студентите сведочи и фактот дека постојано бил одлично оценуван на анкетите спроведени меѓу студентите. Мора да се напомене дека тој вложил огромни напори за осовременување на наставата со воведување на повеќе курсеви со соодветни веб-страници, како и подготовка на низа придружни програми за да се овозможи поедноставно следење на предвидените курсеви, односно имплементација на современи методи за далечинско и електронски потпомогнато учење.

Покрај наставната дејност, м-р Гоце Арменски бил ангажиран со организација на бројни натпревари по информатика, за средношколци, организирани од Сојузот на здруженијата за техничка култура на Македонија – Народна техника, како и натпревари по информатика организирани од Институтот за информатика и Здружението на информатичарите на Македонија (ЗИМ).

Како член на работното тело за дефинирање на националната стратегија за ИКТ, ас. м-р Гоце Арменски активно учествувал во активностите поврзани со развој на информатичкото општество во земјата. Активно учествувал како експерт во повеќе големи национални и меѓународни проекти. Во периодот 2006-2008 бил заменик-претседавач на Советот на ИКТ-експерти при Стопанската комора МАСИТ.

Во склоп на повеќе образовни проекти работи на формирање на нови курсеви кои би биле воведени при обновување на наставните планови и програми, како и на поставувањето и одржувањето на веб-страниците за електронските натпреварувања по информатика, како и на веб-страниците на предметите и на Институтот.

Во 2003 година е добитник на меѓународната стипендија од Светската организација на научници со седиште во Швајцарија за реализација на проектот „Компјутерски помогнато учење, модели, концепти и апликации за далечинско учење". Во истата 2003 година е добитник и на наградата која ја доделува Стопанската комора на Македонија за постигнување на особени резултати во полето на иновациите и техничките унапредувања. Во 2005 година е добитник на наградата World Summit Award '05 во категорија e-learning на националниот избор, и како член на државната делегација учествувал на Светскиот самит на информатичко општество во Тунис.

**3. Научноистражувачка дејност**

Во досегашната научноистражувачка дејност, д-р Гоце Арменски има објавено 24 рецензирани научни труда. Има објавено 2 статии во научни списанија.

Кандидатот ги има објавено следниве статии во научни списанија:

1. Gusev, M. Spasov, D & Armenski, G: Growth of eGovernment Services in Macedonia (Online Sophistication of eGovernment Services), Informatica, International Journal of Computing and Informatics, Volume 31, Number 4, December 2007, 397 - 407
2. G.Armenski, M.Gusev, "eTesting Infrastructure", FACTA UNIVERSITATIS (NIS), Series: Electronics and Energetics, Volume 18, Issue No. 2, 181-204p, August 2005. http://factaee.elfak.ni.ac.yu/fu2k52/contents.html

Покрај објавените статии во научни списанија и колекции од трудови, авторот ги има објавено следниве статии во зборници од рецензирани меѓународни и национални конференции со меѓународно учество:

3. M.Gusev, G.Armenski, "A system for computer based testing and learning", Proceedings of Workshop on Education of informaticians and industrial mathematicians, Ohrid, 4-8.06.2001, pp.61-73
4. M.Gusev, G.Armenski, "Electronic Testing System", 36th Scientific Conference on Energetic and Information Systems and Technologies, Bitola, 7-8.06.2001, pp.843-848

5. M.Gusev, G.Armenski, "Computer based testing - A tool for efficient learning", Computation Intelligence and Information Technologies, Proceedings, Nis, Yugoslavia, 21-22.06.2001, pp.137-142.
6. M.Gusev., G.Armenski, "New frontiers for testing in e-Education", SSGRR Advances in Infrastructure for Electronic Bussiness, Science and Education, Roma, 6-11.08.2001.
7. M. Gusev, G. Armenski: "eLearning realised by eTesting", 2nd Conference on Informatics and Information Technology, Bitola, 23.12.2001
8. M.Gusev, G.Armenski, "On-line Learning and e-Testing", Proceedings of 24th Int.Conf. Information Technology Interfaces ITI 2002, June 24-27, 2002, Cavtat, Croatia, pp.147-152.
9. M.Gusev, G.Armenski, "A new Method for On-line Learning", SSGRR Advances in Infrastructure for Electronic Bussiness, Education, Science and Medicine, Roma, 28.07-3.08.2002
10. M.Gusev, Lj.Antovski, G.Armenski, "Models of Mobile Payments", Proceedings of WSEAS Conference ICOMIV 2002 on Multimedia, Internet and Video Technologies, September 25-28, 2002, Skiatos, Greece, pp.3581-3586
11. M.Gusev, G.Armenski, "Intelligent Interactive Response Learning System", Proceedings of SSGRR Advances in Infrastructure for E-Bussiness, E-Education, E-Science, E-Medicine and Mobile Technologies on Internet, SSGRR 2003s, Roma, 28.07-3.08.2003.
12. G.Armenski, M.Gusev, "Web Based Interactive Exercises", Workshop on Lab Practicing in Computer Science Education, Nis, Yugoslavia, 18.06.2003
13. G.Armenski, M.Gusev, "Web Based Workflow and Document Management System", Proceedings of the 3rd Conference on Informatics and Information Technology, Bitola, 12-15.12.2002, Institute of Informatics, PMF Skopje, 2003, pp.199-208.
14. G.Armenski, M.Gusev, "Using eTesting methods in CS education", Proceedings of the Workshops on Computer Science Education, Univ. Nis, 2004, pp.49-54.
15. G.Armenski, M.Gusev, "Paperless Office", 4th Conference on Informatics and Information Technology, Bitola, 12-15.12.2003, Institute of Informatics
16. G.Armenski, M.Gusev, "Towards Paperless Office", Manifacturing and management in 21st century, Ohrid, 16-17.09.2004, Faculty of Mechanical Engineering
17. G. Armenski, M. Gusev, "Workflow Automation of business processes", Chalenges of the new economy, Ohrid, 15-17.10.2005, Faculty of Economy, Prilep
18. M. Gusev, G. Armenski, "Gap Analysis of eGovernment in Western Balkans (March 2006)", 4th SEEITA Conference, Published by Methamorphosis, Skopje, April 2006
19. G. Armenski, M. Gusev, "eTesting based on Service Oriented Architecture", Research into eAssessment, 10th International Computer Assisted Assessment (CAA) Conference, Loughborough, 3-5.7.2006, United Kingdom
20. G. Armenski, M. Gusev, "Designing eTesting Systems in Service Oriented Architecture", VIPSI 2006, 31 August – 3 September 2006, London, United Kingdom.
21. G. Armenski, M. Gusev, "eTesting Systems in Service Oriented Architecture", 3rd Annual South East European Doctoral Student Conference June 2008, Thessaloniki, Greece.
22. G. Armenski, M. Gusev, "Architecture of Modern eLearning Systems", The 6th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2008) December 2008, Bitola, R. Macedonia.
23. G. Armenski, M. Gusev, "Architecture of Modern eAssessment Systems", International Technology, Education and Development Conference (INTED 2009), March 2009, Valencia, Spain.

24. G. Armenski, M. Gusev, "The Architecture of an "Ultimate" e-Assessment System", ICT Innovations Conference, Ohrid, R.Macedonia on 28th and 29th of September 2009.

Во периодот од последниот реизбор во звањето асистент во 2007 година ги има објавено и презентирано научните трудови под реден број 21-24 на меѓународни рецензирани научни конференции и научниот труд под реден број 1, кој е објавен во меѓународно списание. Иако е избор во ново наставно-научно звање, заради концизност се образложени само статиите кои не се опфатени со претходните извештаи за избор во звањето асистент. Образложенијата на трудовите 2-20 се презентирани во рецензиите објавени во билтените на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" од 1.4.2005 и 27.5.2007.

Во статијата под реден број 21 се дадени основните концепти и дефиниции поврзани со сервис-ориентираната архитектура, и дадено е видување за можностите за ремоделирање на постојниот систем за електронска проверка на знаења со употреба на таа архитектура. Притоа како концепт е планирано енкапсулирање на постојните бизнис-функции во реупотребливи, лесно врзливи, платформски независни сервиси, кои со меѓусебно поврзување ќе ја реализираат потребната цел.

Кандидатот во статијата под реден број 22 врши анализа на архитектурите на постојните системи за електронско учење, ги воочува и ги опишува проблемите кои настануваат поради монолитните архитектури кои се најчесто застапени и користени во дизајнирање на овие системи и предлага употреба на сервис-ориентирана архитектура за креирање на пофлексибилни, интероперабилни, адаптивни и одржливи системи за електронско учење.

Во статијата под реден број 23 кандидатот ги анализира архитектурите на постојните системи за електронска проверка на знаење. Ги споредува трендовите за развој на архитектурите кај системите за електронско учење со оние што се применуваат за креирање и градење на системи за електронска проверка на знаење и дава препорака за дизајнирање на систем за електронско тестирање со употреба на сервис-ориентирана архитектура.

Во трудот под реден број 24, авторот предлага архитектура на „универзален" систем за електронска проверка на знаење со употреба на сервис-ориентирана архитектура. Системот може да финкционира како независен систем за проверка на знаење и може да се „прикачи" на постојни системи за електронско учење.

**4. Учество во проекти и стручна активност**

Вклучувајќи ги извештаите за избор објавени во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 1.4.2005 и 27.5.2007, д-р Гоце Арменски досега има учествувано во 24 проекти, 7 образовни и истражувачки, 10 апликативни и 7 проекти на Европската комисија, World Learning, UNDP и USAID за техничка асистенција и градење институции.

Во извештајниот период по мај 2007 година учествува во реализација на следниве 5 проекти во земјата и во странство: 1) We-Go: Enhancing Western Balkan eGovernment Expertise, FP 6 project, 2) ИКТ-курсеви за граѓаните на Р. Македонија – обука на 7000 граѓани; 3) ИС за претседателски и локални избори, Државна изборна комисија; 4) Workflow and Document Management Infrastructure towards Integrated University (WODOMI), EU Tempus CARDS JEP-40045-2005, Institute of Informatics; 5) Развој на систем за собирање и анализа на податоци за потрошувачка на енергија во општините во Р. Македонија – Агенција за енергетика на Р. Македонија; 6) Систем за организација на документи и автоматизација на внатрешни процеси – Биро за образование, Министерство за образование и наука на Р. Македонија; 7) Систем за организација на документи и автоматизација на внатрешни процеси – Биро за јавни набавки на Р. Македонија; 8) ИС за локални избори, Државна изборна комисија на Косово; 9)

Анализа на ИКТ-инфраструктурата на Бирото за јавни набавки на Р. Македонија; 10) Strengthening the Ecological, Institutional and Financial Sustainability of Macedonia's National Protected Areas System – UNDP; 11) ИС за претседателски и парламентарни избори, Државна изборна комисија на Босна и Херцеговина; 12) Support for the establishment of Tax Administration Contact Centre - Serbia" (EuropeAid/125809/D/SER/RS – 06SER 01/01/006); 13) Further strengthening of the institutional capacities of the Academy for the Training of Judges and Prosecutors (EuropeAid/128573/C/SER/FYR).

**5. Други активности**

Кандидатот одлично го познава англискиот јазик. Тој е активен член на следниве научни и стручни организации: IEEE (Institute of Electrical and Electronics Engineering), ACM (Association of Computer Machinery), WFS (World Federation of Scientists), ЕТАИ (Друштво за електроника, телекомуникации, автоматика и информатика), МАСИТ (Стопанска комора за информатички технологии) и IAESTE (International Association for Exchange of Students for Technical Experience).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, познавањето и соработката со кандидатот, можеме да заклучиме дека д-р Гоце Арменски ги исполнува условите од конкурсот за избор во звањето доцент. Тој успешно работел во областа на електронското учење, електронската проверка на знаење, сервис-ориентираните архитектури, и технологиите за развој на современи веб-апликации.

Во целокупната досегашна научна активност, кандидатот има објавено вкупно 24 рецензирани научни трудови. Бил активен во 24 проекти, 7 образовни и истражувачки, 10 апликативни и 7 проекти на Европската комисија, World Learning, UNDP и USAID за техничка асистенција и градење институции.

Кандидатот е добитник на наградата World Summit Award '05 во категоријата е-учење на националниот избор. Добитник е и на наградата која ја доделува Стопанската комора на Македонија за постигнување на особени резултати во полето на иновациите и техничките унапредувања и е еден од авторите на првата национална стратегија за развој на информатичко општество во Р. Македонија. Тој е активен член на повеќе реномирани научни и стручни организации. Активно учествува во наставните и организационите активности на Институтот за информатика.

Според горенаведеното, имаме чест на Наставно - научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да му предложиме д-р Гоце Арменски биде избран во звањето доцент на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Марјан Гушев, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Маргита Кон-Поповска, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Катерина Здравкова, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Скопје, 15.9.2010

# ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО- СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Гоце Славе Арменски**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Природно-математички факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **информатика – информатички технологии**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Вежби по предметот *вовед во информатика 1* за студиите по информатика и предметот информатика, за студиите по географија и етнологија-учебна 2000/2001, зимски семестар [1][14 часа х 15 недели х 0,03] + 0,002 (консултации) х број на студенти (80)] | 6,46 |
| 2. | Вежби по предметот *вовед во информатика 2* за студиите по информатика и предметот информатика, за студиите по математика-физика - учебна 2000/2001, летен семестар [1][14 часа х 15 недели х 0,03] + 0,002 (консултации) х број на студенти (80)] | 6,46 |
| 3. | Вежби по предметот *вовед во информатика 1,* за студиите по информатика и предметот информатика, за студиите по географија и етнологија - учебна 2001/2002, зимски семестар [1][14 часа х 15 недели х 0,03] + 0,002 (консултации) х број на студенти (80)] | 6,46 |
| 4. | Вежби по предметот *вовед во информатика 2,* за студиите по информатика и предметот информатика, за студиите по математика-физика - учебна 2001/2002, летен семестар [1][14 часа х 15 недели х 0,03] + 0,002 (консултации) х број на студенти (80)] | 6,46 |
| 5. | Вежби по предметот *вовед во информатика 1,* за студиите по информатика и предметот информатика, за студиите по географија и етнологија - учебна 2002/2003, зимски семестар [1][14 часа х 15 недели х 0,03] + 0,002 (консултации) х број на студенти (80)] | 6,46 |
| 6. | Вежби по предметот *вовед во информатика 2,* за студиите по информатика и предметот информатика, за студиите по математика-физика - учебна 2002/2003, летен семестар [1][14 часа х 15 недели х 0,03] + 0,002 (консултации) х број на студенти (80)] | 6,46 |
| 7. | Вежби по предметот *вовед во информатика 1,* за студиите по информатика и предметот информатика, за студиите по | 6,46 |

| | | |
|---|---|---|
| | географија и етнологија - учебна 2003/2004, зимски семестар 1[14 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти (80)] | |
| 8. | Вежби по предметите *вовед во информатика 2 и интернет-технологии,* за студиите по информатика - учебна 2003/2004, летен семестар 1[16 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти (100)] | 7,40 |
| 9. | Вежби по предметите *вовед во информатика 1, интернет - програмирање, архитектура на компјутери* и *компјутерски мрежи* за студиите по информатика - учебна 2004/2005, зимски семестар 1[16 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти (100)] | 7,40 |
| 10. | Вежби по предметите *вовед во информатика 2, проектирање на компјутерски мрежи и интернет - технологии* за студиите по информатика - учебна 2004/2005, летен семестар 1[16 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти (100)] | 7,40 |
| 11. | Вежби по предметите *компјутерски апликации, интернет - програмирање* и *компјутерски мрежи* за студиите по информатика - учебна 2005/2006, зимски семестар 1[16 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти (280)] | 7,76 |
| 12. | Вежби по предметите *интернет - технологии, мултимедија и дизајнирање на образовен софтвер* за студиите по информатика - учебна 2005/2006, летен семестар 1[14 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти (120)] | 6,54 |
| 13. | Вежби по предметите *компјутерски апликации, интернет - програмирање* и *компјутерски системи во наставата* за студиите по информатика - учебна 2006/2007, зимски семестар 1[14 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти (280)] | 6,86 |
| 14. | Вежби по предметите *интернет - технологии, веб-дизајн и дизајнирање на образовен софтвер* за студиите по информатика - учебна 2006/2007, летен семестар 1[14 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти (180)] | 6,66 |
| 15. | Вежби по предметите *компјутерски апликации, интернет - програмирање* и *компјутерски системи во наставата* за студиите по информатика - учебна 2007/2008, зимски семестар 1[14 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти (280)] | 6,86 |
| 16. | Вежби по предметите *интернет - технологии, веб-дизајн и дизајнирање на образовен софтвер* за студиите по информатика - учебна 2007/2008, летен семестар 1[14 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на | 6,66 |

| | | |
|---|---|---|
| | студенти (180)] | |
| 17. | Вежби по предметите *интернет - програмирање* и *е-бизнис архитектури* за студиите по информатика - учебна 2008/2009, зимски семестар<br>1[14 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти (120)] | 6,54 |
| 18. | Вежби по предметите *интернет - технологии и веб - дизајн* за студиите по информатика - учебна 2007/2008, летен семестар<br>1[14 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти (160)] | 6,62 |
| 19. | Вежби по предметите *интернет - програмирање* и *е-бизнис архитектури* за студиите по информатика - учебна 2009/2010, зимски семестар<br>1[12 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти (180)] | 5,76 |
| 20. | Вежби по предметите *интернет - технологии и веб-дизајн* за студиите по информатика - учебна 2009/2010, летен семестар<br>1[12 часа x 15 недели x 0,03] + 0,002 (консултации) x број на студенти (280)] | 5,96 |
| 21. | Настава како учесник во работилници:<br>Autumn School in Computational Intelligence and Information Technologies, October 6-7, 2005, Nis, Serbia. | 1 |
| 22. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (50*0,1) | 5 |
| 23. | Превод на учебник:<br>Hector Garcia-Molina, Jeffrey D. Ullman, Jennifer Widom, Системи за бази на податоци, комплетна книга.<br>Deitel, Интернет и веб програмирање, четврто издание | 6 |
| 24. | Пакет материјали за предметите *интернет - програмирање, веб - дизајн, интернет - технологии, архитектура на компјутери и компјутерски апликации* | 5 |
| | **Вкупно** | **151,64** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза:<br>„Сервис-ориентирана архитектура во е-тестирање", јули 2010 | 8 |
| 2. | Одбранета магистерска работа:<br>„Електронско тестирање", декември 2003 | 4 |
| 3. | Национален координатор на меѓународен научен проект:<br>InnoPV, Monitoring und simulationsgestutzte Ertragsoptimierung im Bereich PV mit begleitendem Technologietransfer AOU-SOE, No: 822799, COIN Programme. | 6 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:<br>- Gusev, M. Spasov, D & Armenski, G: Growth of eGovernment | 6,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Services in Macedonia (Online Sophistication of eGovernment Services), Informatica, International Journal of Computing and Informatics, Volume 31, Number 4, December 2007, 397 – 407<br>- G.Armenski, M.Gusev, "eTesting Infrastructure", FACTA UNIVERSITATIS (NIS), Series: Electronics and Energetics, Volume 18, Issue No. 2, 181-204p, August 2005. http://factaee.elfak.ni.ac.yu/fu2k52/contents.html | |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир<br>- G. Armenski, M. Gusev, "The Architecture of an "Ultimate" e-Assessment System", ICT Innovations Conference, Ohrid, R.Macedonia on 28th and 29th of September 2009<br>- G. Armenski, M. Gusev, "Architecture of Modern eAssessment Systems", International Technology, Education and Development Conference (INTED 2009), March 2009, Valencia, Spain.<br>- G. Armenski, M. Gusev, "Architecture of Modern eLearning Systems", The 6th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2008) December 2008, Bitola, R. Macedonia.<br>- G. Armenski, M. Gusev, "eTesting Systems in Service Oriented Architecture", 3rd Annual South East European Doctoral Student Conference June 2008, Thessaloniki, Greece.<br>- G. Armenski, M. Gusev, "Designing eTesting Systems in Service Oriented Architecture", VIPSI 2006, 31 August – 3 September 2006, London, United Kingdom.<br>- G. Armenski, M. Gusev, "eTesting based on Service Oriented Architecture", Research into eAssessment, 10th International Computer Assisted Assessment (CAA) Conference, Loughborough, 3-5.7.2006, United Kingdom<br>- M. Gusev, G. Armenski, "Gap Analysis of eGovernment in Western Balkans (March 2006)", 4th SEEITA Conference, Published by Methamorphosis, Skopje, April 2006<br>- G. Armenski, M. Gusev, "Workflow Automation of business processes", Chalenges of the new economy, Ohrid, 15-17.10.2005, Faculty of Economy, Prilep<br>- G.Armenski, M.Gusev, "Towards Paperless Office", Manifacturing and management in 21st century, Ohrid, 16-17.09.2004, Faculty of Mechanical Engineering<br>- G.Armenski, M.Gusev, "Paperless Office", 4th Conference on Informatics and Information Technology, Bitola, 12-15.12.2003, Institute of Informatics<br>- G.Armenski, M.Gusev, "Using eTesting methods in CS education", Proceedings of the Workshops on Computer Science Education, Univ. Nis, 2004, pp.49-54.<br>- G.Armenski, M.Gusev, "Web Based Workflow and Document Management System", Proceedings of the 3rd Conference on Informatics and Information Technology, Bitola, 12-15.12.2002, Institute of Informatics, PMF Skopje, 2003, pp.199-208.<br>- G.Armenski, M.Gusev, "Web Based Interactive Exercises", | 39,4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Workshop on Lab Practicing in Computer Science Education, Nis, Yugoslavia, 18.06.2003<br>- M.Gusev, G.Armenski, "Intelligent Interactive Response Learning System", Proceedings of SSGRR Advances in Infrastructure for E-Bussiness, E-Education, E-Science, E-Medicine and Mobile Technologies on Internet, SSGRR 2003s, Roma, 28.07-3.08.2003.<br>- M.Gusev, Lj.Antovski, G.Armenski, "Models of Mobile Payments", Proceedings of WSEAS Conference ICOMIV 2002 on Multimedia, Internet and Video Technologies, September 25-28, 2002, Skiatos, Greece, pp.3581-3586<br>- M.Gusev, G.Armenski, "A new Method for On-line Learning", SSGRR Advances in Infrastructure for Electronic Bussiness, Education, Science and Medicine, Roma, 28.07-3.08.2002<br>- M.Gusev, G.Armenski, "On-line Learning and e-Testing", Proceedings of 24th Int.Conf. Information Technology Interfaces ITI 2002, June 24-27, 2002, Cavtat, Croatia, pp.147-152.<br>- M. Gusev, G. Armenski: "eLearning realised by eTesting", 2nd Conference on Informatics and Information Technology, Bitola, 23.12.2001<br>- M.Gusev., G.Armenski, "New frontiers for testing in e-Education", SSGRR Advances in Infrastructure for Electronic Bussiness, Science and Education, Roma, 6-11.08.2001.<br>- M.Gusev, G.Armenski, "Computer based testing - A tool for efficient learning", Computation Intelligence and Information Technologies, Proceedings, Nis, Yugoslavia, 21-22.06.2001, pp.137-142.<br>- M.Gusev, G.Armenski, "Electronic Testing System", 36th Scientific Conference on Energetic and Information Systems and Technologies, Bitola, 7-8.06.2001, pp.843-848, vol.3.<br>- M.Gusev, G.Armenski, "A system for computer based testing and learning", Proceedings of Workshop on Education of informaticians and industrial mathematicians, Ohrid, 4-8.06.2001, pp.61-73 | |
| 6. | Учесник во меѓународен научен проект:<br>- Tempus SCM No C013B05 - Web based Multimedia e-Learning for Applied Technologies, 2005-2006<br>- Tempus SCM No C011B05 - Quality Assurance and Accreditation System Network, 2005-2006<br>- Tempus SCM No C009B05 - Sustainable Multicultural InteroperabLe Environment (SMILE), 2005-2006<br>- Tempus CARDS CD JEP 18046-2003, Management and (e)Business Education in Computer Studies, 2003 - 2006<br>- Tempus SCM No C009B03 - Implementing modules and ECTS for Computer Studies, 2003-2004<br>- TEMPUS CD JEP 16160/2001, "Innovation in Computer Science Education", 2001-2004<br>- FP6 no. 045472 "We-Go: Enhancing Western Balkan eGovernment Expertise". | 35 |
| | **Вкупно** | **99,2** |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Труд со научно-стручни резултати: *Респираторните заболувања кај децата и мерки на превенција,* Педагошка практика бр. 1, 2003. | 1 |
| 6. | Труд со научно-стручни резултати: *Организција на наставата во природа,* Зборник на трудови за современото предучилишно и основно воспитание и образование – состојби и перспективи Скопје, 2003. | 2 |
| 7. | Труд со научно-стручни резултати: *Активностите околу запознавањето на природната средина како основа за еколошкото воспитување,* Годишен зборник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 2003. | 2 |
| 8. | Труд со научно-стручни резултати: *Могућност примене образовне технологије у настави природе,* Годишен зборник на Учитељски факултет, Јагодина, 2004, коавторство со Банчотовска-Никодиновска С. ,Мурати М. | 1 |
| 9. | Труд со научно-стручни резултати: *Еколошки одгој као темељ за формирање хуманог односа према природи и друштву,* Зборник радова, Крижевци, 2003 | 2 |
| 10. | Труд со научно-стручни резултати: *Застапеност на природните науки во почетното основно образование кај нас и во некои земји во Европа* Зборник на трудови за воспитно-образовните функции на предучилишното и на основното образование во современи услови, Скопје, 2005. | 2 |
| 11. | Труд со научно-стручни резултати: *Улогата на филозофијата во изучувањето на природата,* Зборник на трудови за воспитно-образовните функции на предучилишното воспитание и основното образование во современи услови, Струга, 2005. | 2 |
| 12. | Труд со научно-стручни резултати: *Заштитата на животната средина- услов за подобра иднина,* Педагошка практика бр. 1, Скопје, 2004. | 1 |
| 13. | Труд со научно-стручни резултати: *Планирање и реализирање на воспитно-образовната работа по запознавање на природата и општествената средина* , Просветно дело бр. 2, Скопје, 2005. | 1 |
| 14. | Труд со научно-стручни резултати: *Некои промоциски активности во врска со заштитата на животната средина,* Педагошка практика 1, 2, Скопје, 2006. | 1 |
| 15. | Труд со научно-стручни резултати: *Комуникациска компетенција, нужност и потреба савременог наставника природа и друштва,* Зборник радова развијање комуникациских компетенција, Јагодина, Р. Србија, 2006 (коавторство со Камчевска Б.). | 1 |
| 16. | Труд со научно-стручни резултати: *Биомониторингот и заштитата на животната средина со конкретни примери од Р. Македонија,* Зборник на трудови за воспитно-образовните функции на предучилишното и на основното образование во современи услови, Скопје, 2005. | 2 |
| 17. | Труд со научно-стручни резултати: *Генезата на прашањата во процесот на сознанието и учењето,* Зборник на трудови за современите тенденции во формирањето на наставниот кадар за предучилишно воспитание и одделенска настава, Скопје, 2007. | 2 |
| 18. | Труд со научно-стручни резултати: *Влијанието на воспитните компоненти во формирањето на еколошкото воспитание,* Зборник на трудови за современите тенденции во образованието, Охрид 2008. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Труд со научно-стручни резултати: *Специфичности во сознавањето на природата и општеството од страна на воспитаникот*, Зборник на трудови за современите тенденции во образованието, Охрид, 2008. | 2 |
| 20. | Some questions most freguentli asked by students of knowledge of nature and society in the Republic of Macedonia, Collected papers of Balkan Congress: Education, The Balokans, Europe), Stara Zagora, Bulgaria, 2007. | 3 |
| 21. | Pedagogical-phychologikaland linguistic approach towards the narure of question, the 5$^{TH}$ international Balkan Education and science congress, Edirne, Tyrkey, 2009. | 3 |
| | **Вкупно** | 41,8 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Коавтор на учебник: „Методика на запознавање на природата и општествената средина", ДИЗ Графика, Скопје (на албански јазик) | 6 |
| 2. | Коавтор на книга: „Лековитите растенија во нашите краишта" Интердисконт, Скопје, 2001. | 4 |
| | **Вкупно** | 10 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 22,32 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 41,80 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 10,00 |
| **Вкупно** | 74,12 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Билјана Камчевска, претседател с.р.
2. Проф. д-р Азиз Шеху, член с.р.
3. Доц. д-р Аднан Ќахил, член с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ ОД ОБЛАСТА НА АГРОБИЗНИСОТ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Советот на Економскиот институт во Скопје, со одлука донесена на седницата одржана на 5.7.2010 година, нè определи за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент-истражувач за истражување на проблемите од областа на агробизнисот.

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" од 12.6.2010 година за избор на еден асистент-истражувач за истражување на проблемите од областа на агробизнисот се пријавија тројца кандидати: м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска (магистер по агробизнис), м-р Дарко Шекеринов (магистер по агробизнис) и м-р Татјана Христовска (магистер по агрокултурна и применета економија).

Врз основа на приложената документација, за кандидатите м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска, м-р Дарко Шекеринов и м-р Татјана Христовска го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Бидејќи кандидатите м-р Татјана Христовска и м-р Дарко Шекеринов не ги исполнуваат во целост конкурсните услови (еден од бараните услови е дека се бара асистент од областа на агробизнисот и стекнато работно искуство како помлад асистент од областа на агробизнисот), тие не се земени предвид при натамошното разгледување од страна на Комисијата. Првиот пријавен кандидат, Катерина Хаџи Наумова-Михајловска, целосно ги исполнува конкурсните услови за избор на асистент-истражувач од областа на агробизнисот и поради тоа во продолжение подетално ќе бидат презентирани биографските податоци и постигнатите резултати.

### I. Кандидат: Катерина Хаџи Наумова-Михајловска, магистер на економски науки, област агробизнис

#### 1. Биографски податоци

Кандидатката м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска е родена на 16.7.1979 година во Скопје. Средното образование го завршила во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје, а во 2003 година дипломирала на Факултетот за земјоделски науки и храна, насока сточарство.

Во учебната 2007/2008 година се запишала на постдипломските студии на Економскиот институт во Скопје, насока: агробизнис. Испитите ги положила со среден успех 8,87. Во мај 2010 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Инструментите на маркетинг миксот во функција на органското производство" и се стекнала со звањето магистер на економски науки од областа на агробизнисот.

Во Економскиот институт во Скопје, м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска е вработена од 15.6.2007 година, како помлад асистент-истражувач од областа на агробизнисот. Досега активно била вклучена во реализацијата на програмата за работа на Економскиот институт и учествувала во изработката на повеќе проекти. Таа солидно ги владее англискиот и францускиот јазик и одлично ги користи Microsoft Office-алатките (Word, Exel, Power Point) и интернет.

**2. Научноистражувачка дејност**

Кандидатката во својата научноистражувачка активност е ориентирана на проблемите од областа на агробизнисот, особено проучувањата поврзани со маркетингот и менаџментот на агробизнисот, од која област е и нејзиниот магистерски труд. Од нејзиното вработување до денес објавила повеќе трудови, активно учествувала во изработката на проекти и студии, како и на научни собири, конференции и работилници.

**а) Магистерски труд** – „Инструментите на маркетинг-миксот во функција на органското производство"

**б) Објавени трудови**

1. Статија: „Договори во фармерството (contract farming) – механизам на координација меѓу фармерите и агробизнис фирмите", Економски развој, Година 10, бр.2, Економски институт-Скопје, 2008

2. Реферат: „Семејниот бизнис во агропретприемништвото", научен собир: „Претприемништво-иновации и конкурентност", Економски институт-Скопје, Факултет за бизнис администрација-ЈИЕ Тетово, Агенција за промоција на претприемништвото во Република Македонија, Скопје, 2008.

**в) Конференции, научни собири, семинари, работилници**

1. Научен собир: „Претприемништво-иновации и конкурентност", Економски институт-Скопје, Факултет за бизнис-администрација-ЈИЕ Тетово, Агенција за промоција на претприемништвото во Република Македонија, Скопје, 25 јануари 2008, Скопје

2. Семинар за промоција на концептот „Образование за возрасни", Агенција за поддршка на претприемништвото, Проект за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста, Министерство за економија и Министерство за образование и наука, Економски институт-Скопје, 2008.

**г) Приказ и оцена на поважните трудови поднесени за рецензија**

1. Магистерски труд – „Инструментите на маркетинг миксот во функција на органското производство"

Магистерскиот труд *Инструментите на маркетинг миксот во функција на органското производство*, според проблематиката што е предмет на истражување, обработува исклучително интересна, актуелна и во голема мера неистражувана, со тоа и необработувана проблематика за теоретските и апликативните истражувања во Република Македонија.

Органското земјоделство во Република Македонија има голем потенцијал заради екстензивното традиционално земјоделство, главно во планинските области со навистина погодни еколошки предуслови за одржлив развој на органското производство (над 50% од вкупното земјоделско земјиште). Производите кои потекнуваат од овие региони веќе уживаат добар углед меѓу македонските потрошувачи, кои за нив често велат дека се „еколошки" производи (на пример, беровското сирење, паланечкиот компир или охридските цреши). Ваквиот назив главно се оправдува заради традиционалниот начин на производство во наведените региони.

Но, за поинтензивен развој на органското производство, не е доволно само тоа. Имено, потребно е да се стави акцент и врз субјективните фактори, како што се маркетингот и менаџментот. Овие фактори можат да влијаат поттикнувачки или ограничувачки, во зависност од степенот и начинот на нивната примена. Маркетинг-концепцијата претставува основа за успешен настап на стопанските субјекти и им овозможува поголема адаптилност и поизразена флексибилност спрема дадените услови во опкружувањето. Меѓутоа може да се констатира дека (во изминатиот период), иако стопанските субјекти во Република Македонија дејствуваат во услови на пазарна економија, со мали исклучоци, тие малку внимание му посветуваат на маркетингот.

Глобалната цел кон која е насочено истражувањето во магистерскиот труд е да се укаже на значењето и функцијата на инструментите на маркетинг-миксот во органското производство во насока на креирање на соодветна маркетинг-стратегија за успешен настап на пазарот. Имено, ако стопанските субјекти од органското производство не ги следат современите текови во управувањето со маркетинг-активностите и успешно оптимализирање на инструмените на маркетинг-миксот, тогаш тешко може да се очекува дека тие ќе може на соодветен начин да ги задоволат потребите на потрошувачите и на останатите субјекти и дека ќе можат да се оствари позабележителен развој на стопанството во Република Македонија. Покрај основната цел, трудот ги има и следниве цели: да се утврди актуелната состојба во органското производство во Република Македонија, да се оцени маркетиншката компонента на деловното работење на субјектите и да се понудат решенија за воспоставување на сооодветен систем на управување со инструментите на маркетинг-миксот во органското производство.

Во првото поглавје *(Теоретски аспекти на маркетингот)* се обработени некои од теоретските аспекти на маркетингот како компонента на современиот менаџмент со чија примена се задоволуваат потребите на потрошувачите од една страна, а од друга страна се постигнуваат најдобри ефекти во дејствувањето и развојот на стопанските субјекти. Посебно внимание е посветено на маркетингот на органските производи како посебен

маркетинг концепт чија основна цел е поврзување на сите агропроизводи и пазарни функции внатре во субјектите од областа на агробизнисот кои работат по системот на сертфицирано еколошко производство. Маркетингот на органски производи или екомаркетингот е услов за развој на производот, асортиманот, квалитетот, пакувањето, дизајнот, името, марката, стандардите за квалитет и екознакот.

Во второто поглавје *(Карактеристики на органското производство)* е извршено дефинирање на органското производство како дел од системот на одржливо земјоделство. Исто така дефинирани се и други системи на одржливо земјоделство кои се применуваат во Република Македонија како традиционалното земјоделство, системот на „добра производствена практика", интегралниот систем на производство и конвенционалното земјоделство. Особено значење е дадено на главните карактеристики на органското производство и разликите меѓу конвенционалното и органското производство, а оттаму се извлечени придобивките од неговата примена. Понатаму, обработен е развојот на органското производство во светот и извршено е дефинирање на сите синоними на ова производство кои се јавуваат во другите земји.

Во третото поглавје *(Управување со инструментите на маркетинг-миксот во органското производство)* се обработени маркетинг-инструментите како есенцијална компонента на современиот маркетинг. Во рамките на маркетинг-миксот на органските производи примарно значење има производот, што е сосема разбирливо ако се има предвид дека при купување на органска храна најголем број од потрошувачите се раководат од квалитетот на производот-како од аспект на непосредна сатисфакција така и од аспект на долгорочна корист. Исто така се истакнува дека пред органските производи се поставуваат многу строги барања во поглед на квалитетот и здравствената исправност и поради тоа со законска регулатива се опфатени сите нивни аспекти (начин на производство, квалитет на производите, пакување, етикетирање и декларирање на производот и слично). Посебно место во рамките на овој дел е посветено на сертификацијата како битен процес во органското производство. Ова поради фактот што сертификацијата овозможува полесна комуникација со пазарот, осигурува висок квалитет на производите и го унапредува работењето на целокупниот агроиндустриски комплекс.

Во четвртото поглавје *(Анализа на состојбата во органското производство во Република Македонија)* е прикажана актуелната состојба во органското земјоделство во Република Македонија преку бројот на контролирани сертифицирани фармери и површини на органско земјоделство. Состојбата со прифаќањето и примената на маркетингот во работењето на стопанските субјекти – производители на органски производи, е прикажана преку анкетирање на фармерите кои произведуваат органско јапонско јаболко. Во ова поглавје исто така е обработен развојот на органското земјоделство во Република Македонија.

Во петтото поглавје *(Некои насоки за креирање на стратегија за управување со инструментите на маркетинг-миксот)* се дадени некои насоки за креирање на стратегија за управување со маркетинг-миксот во органското производство. Притоа, обработени се можностите за поддршка на развојот на органското земјоделство во Република Македонија, како и неопходноста од поголемата примена на маркетинг-концепцијата во

работењето на стопанските субјекти. На крајот станува збор и за унапредувањето на инструментите на маркетинг-миксот во органското производство во насока на нивна оптимализација.

Придонесот со изработката на овој труд се огледа во: успешниот трансфер на современите научни достигнувања на полето на управувањето со маркетинг миксот во органското производство, што е во најтесна врска со прифатеноста на маркетинг-концепцијата како деловна ориентација; трансферот на практичните искуства од оваа област од земјите со развиено пазарно стопанство; отсликувањето на состојбите на ова поле во Република Македонија и во посочувањето на насоките во кои треба да се движат промените во управувањето со маркетинг-инструментите во органското производство во Република Македонија. Презентираните сознанија во трудот претставуваат солидна основа за креирањена конкретни решенија во секој стопански субјект од областа на органското производство во земјата, а со тоа и унапредување на дејствувањето не само на наведените субјекти, туку и на целото стопанство, како и задоволување на потребите на потрошувачиѕе на едно многу повисоко ниво од постојното.

**2. Реферат: „Семејниот бизнис во агропретприемништвото"**

Семејните бизниси претставуваат движечка сила во економијата на развиените земји. Нивната проблематика отвора голем број прашања, а тие се нови, непознати и неискусени за земјите во традицијата како нашата. Иако историски гледано семејните бизниси се најстара форма на бизниси, тие се меѓу последните области кои се сфатени и на кои почнува да им се посветува посебно внимание. Семејните бизниси претставуваат значаен извор на вработување и иновации во една држава, особено во агропретприемништвото, бидејќи традиционалното земјоделство се одликува со трошење на примарните средства за производство. Во Република Македонија потребна е голема поддршка за развој на семејниот бизнис во агропретприемништвото од аспект на ниската вработеност, неадекватната искористеност на земјоделското земјиште и постојаната миграција село-град.

Во овој труд се презентирани можностите за поддршка на семејните бизниси во рамките на агропретприемништвото и можностите за иновации во агропретприемништвото во Република Македонија. Согледувањата и можностите се темелат на компаративна анализа на постојаните искуства во светот и нивна можна примена во Република Македонија.

**3. Статија: „Договори во фармерството (contract farming) – механизам на координација меѓу фармерите и агробизнис-фирмите"**

Во Република Македонија постои голема потреба од примена на contract farming (договор во фармерството) затоа што фармерите поседуваат мали имоти, а како последица на тоа и мало производство. Со такво производство тие не може самостојно да обезбедат инпути, доволни количества за извоз, воопшто да имаат какво било влијание на пазарот. Тие формираат здруженија и постигнуваат одредени цели, но за да го зголемат своето учество на пазарот треба да се во координација со сите фактори кои влијаат во

создавањето на изгледот на агросекторот, како преработувачките фирми, комерцијалните фирми, маркетинг-фирмите, развојните агенции, владата и слично.

Во овој труд е посочено значењето на contract farming како механизам на координација меѓу фармерите и агробизнис-фирмите. Особено е посветено внимание на теоретската основа за примена на договорите во Република Македонија, како и промените кои би настанале во агросистемот, а кои водат кон поцврста координација меѓу сите фактори вклучени во формирањето на агросекторот. Договорите претставуваат значајна бенефиција и за фармерите и за агробизнис фирмите, но имаат свои предности и недостатоци кои успешно можат да се спроведат или надминат доколку постојано се контролираат и истражуваат.

**II. Мислење и предлог на Комисијата**

Кандидатката Катерина Хаџи Наумова-Михајловска, магистер по агробизнис, е вработена во Економскиот институт во Скопје од 2007 година, за истражување на проблемите од областа на агробизнисот. Врз основа на приложените трудови, како и врз основа на оцената на некои од нив, може да се заклучи дека кандидатката м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска солидно ја совладала научноистражувачката методологија и континуирано ги проширувала и ги продлабочувала своите знаења во областа за која била вработена во Економскиот институт во Скопје. За одбележување е нејзиното учество за одговорност при прифаќањето и квалитетното и навремено завршување на истражувачките задачи, како и способноста за соработка, што е мошне битна особина на истражувачот за тимска работа на проекти кои се доминантна форма на научноистражувачката дејност на Институтот.

Од претходно изнесените констатации произлегува и мислењето на Рецензентската комисија дека кандидатката ги исполнува сите услови според Законот за научноистражувачка дејност во Република Македонија за избор во звањето асистент-истражувач. Затоа, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје да ја избере м-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска во звањето асистент-истражувач од областа на агробизнисот.

**Скопје, 1.9.2010 година**

**Рецензентска комисија**

1. **Д-р Татјана Петковска с.р.**
2. **Д-р Ѓорѓи Ѓорѓевски с.р.**
3. **Д-р Наташа Данилоска с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ***БИХЕВИОРИЗМОТ НАСПРОТИ ТЕОРИЈАТА ЗА ЕФИКАСНИ ПАЗАРИ НА МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР НА КАПИТАЛ - КВАНТИТАТИВЕН ПРИСТАП***, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ЈУЛИЈАНА АНГЕЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под бр. 02-1791/2 од 18.6.2010 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов ***БИХЕВИОРИЗМОТ НАСПРОТИ ТЕОРИЈАТА ЗА ЕФИКАСНИ ПАЗАРИ НА МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР НА КАПИТАЛ-КВАНТИТАТИВЕН ПРИСТАП***, поднесена од кандидатката м-р Јулијана Ангеловска. По опстојното прегледување на трудот, Комисијата пред Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација содржи вкупно 264 страници основен текст, 17 страници користена литература (360 библиографски единици) и 5 страници прилози. Материјата во дисертацијата, покрај вовед и заклучок е структурирана во седум глави, логично систематизирани, и тоа:

Вовед

Глава И Теорија на ефикасни пазари

Глава ИИ Бихевиористички финансии: преглед

Глава ИИИ Емпириски докази од македонскиот пазар на капитал

Глава ИВ Пазарна интеграција и коинтеграција на македонскиот пазар на капитал на регионално и на светско ниво

Глава В Студија на настани

Глава ВИ Феедбацк тргување и групно однесување (хердинг)

Глава ВИИ Календарски аномалии на пазарот на капитал-ефект на ден во неделата и месец во годината

Заклучни согледувања

Литература

Прилог

Во воведниот дел се дефинирани актуелноста на истражувањето, предметот, целта, задачите како и широчината и длабочината на истражувањето. Предмет на оваа дисертација е емпириското согледување на однесувањето на учесниците на македонскиот пазар на капитал квантитативно да се истражи и да изрази. Целта на овој докторски труд е да се воведат бихевиористичките финансии како релативно нова и се уште не добро дефинирана област во објаснување на однесувањето на македонските инвеститори. Иако македонскиот пазар на капитал е со многу кратка историја, многу од утврдените аномалии и начини на однесување на берзите со долгогодишна традиција се забележани и кај нас. Во таа насока се настојува да се спроведат повеќето истражувања за аномалиите на светските пазари на капитал на случајот на македонскиот пазар на капитал.

Во **првата глава** со наслов ***ТЕОРИЈА НА ЕФИКАСНИ ПАЗАРИ***, кандидатката ги објаснува основите на теоријата на ефикасни пазари, првенствено на хипотезата за ефикасни пазари врз која се темелат современите финансии, се елаборира моделот на случаен од со цел да се објасни начинот на кој цените на акциите се менуваат случајно како резултат на неочекувани информации кои се појавуваат на пазарот. Понатаму, објаснети се основните статистички концепти и поими, и тоа поимот на принос, ризик, волатилност, како и поврзаноста помеѓу приносот

и ризикот преку моделот за вреднување на капитални средства (ЦАПМ). На крајот на главата, со соодветни тестови и модели, извршено е тестирање на ефикасноста на македонскиот пазар.

Во **втората глава** со наслов ***БИХЕВИОРИСТИЧКИ ФИНАНСИИ: ПРЕГЛЕД*** се дава објаснување што се бихевиористички финансии. Целта е да се спознае начинот на кој луѓето доаѓаат до одлуки и избори кога ќе се соочат со неизвесност и притоа прават систематски грешки, таканаречени когнитивни пристрасности кои доведуваат до помалку рационално однесување кое не е покриено со конвенционалната финансиска теорија. Во тие рамки се елаборираат и двата основни блока на бихевиористичките финансии: когнитивна психологија (како луѓето размислуваат) и ограничувања на арбитражата (кога пазарите ќе бидат неефикасни). Со цел да се објасни однесувањето на неокласичниот инвеститор, применети се Бајесовото правило, теоријата на очекувана корисност и проспект- теоријата или теоријата на изгледи која го опишува когнитивниот процес кој ги води луѓето да ги кршат аксиомите на теоријата на очекувана корисност. Понатаму е разработен вториот основен блок на бихевиористичките финансии, а тоа е психологијата на инвеститорот претставена преку верувањата кои ги формираат преференциите на инвеститотрот. На крајот, посебен акцент е ставен на истражувањето дали постои хаос на македонскиот пазар на капитал. За таа цел се применети нелинеарните модели, и тоа авторегресивниот условен хетероскедастичен модел (АРЦХ), понатаму експоненцијалниот генерален авторегресивен условен хетероскедастичен модел (ЕГАРЦХ) за да се покаже дека  во случајот на македонскиот пазар на капитал, најдобри услови за искористување на нелинеарните девијации нуди флексибилниот ЕГАРЦХ-модел.

Во **третата глава** со наслов ***ЕМПИРИСКИ ДОКАЗИ ОД МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР НА КАПИТАЛ*** е даден краток историски преглед на развојот на македонскиот пазар на капитал. Македонскиот пазар на капитал е релативно нов и мал, и како пазар во развој, се карактеризира со ниска ликвидност, плитко тргување, големи ценовни флуктуации, неинформирани инвеститори со пристап до неверодостојни информации и

значајна нестабилност. Истражувано е и влијанието на странскиот капитал на македонскиот пазар на капитал на движењето на цените на акциите.

Имајќи предвид дека порастот на учеството на малите инвеститори на македонскиот пазар на капитал во голема мера влијае на физиономијата и филозофијата на пазарот, а со цел да обезбеди широк преглед за однесувањето на македонскиот инвеститор на берзата, кандидатката спроведува две анкети. Едната е спроведена на клиенти на брокерските куќи, додека втората е направена со брокерите и нивните оценки за однесувањето на нивните клиенти. Од направените униваријантни и повеќеваријантни анализи изведени се заклучоци за профилот на македонскиот инвеститор.

Во **четвртата глава**, ***ПАЗАРНА ИНТЕГРАЦИЈА И КОИНТЕГРАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР НА КАПИТАЛ НА РЕГИОНАЛНО И СВЕТСКО НИВО***, истражена е меѓузависноста на македонскиот пазар на капитал со три регионални и три светски пазари на капитал и тоа биваријантна зависност на македонскиот индекс и секој од разгледуваните индекси. За направената анализа ,како репрезенти на светските развиени пазари земени се индексите на Велика Британија-ФТСЕ 100, Германија-ДАЦ и САД-ДОЊ ЈИА, а од регионалните берзи на Хрватска-ЦРОБЕЦ, Словенија-СБИ20 и Србија-БЕЛЕЦ и применети се повеќе аналитички алатки, и тоа почнувајќи од традиционалните коефициенти на проста корелација, преку пософистицираната ЕЊМА (експоненцијално пондерирани подвижни просеци) корелација, и завршувајќи со коинтеграцијата како методологија за утврдување на долгорочната релација на пазарната интеграција.

Истражувањето направено во **петтата глава** со наслов ***СТУДИЈА НА НАСТАНИ*** продуцира корисни информации за тоа како цените на акциите реагираат на информациите. Емпириските студии сугерираат дека не секогаш цените на акциите точно ги одразуваат достапните информации. Всушност, финансиските пазари потценето реагираат на информациите во некои случаи, т.е. пазарната цена не се придвижува доволно нагоре како реакција на добра вест, или недоволно надолу како реакција на лоша вест.

Со примена на методологијата на студијата на настани, истражена е реакцијата на македонскиот пазар на капитал на пристигнување на нови информации. Имајќи предвид дека економските вести не се единствен фактор кој влијае на пазарите на капитал, туку многупати политичките настани се одговорни за движењето на цените на акциите, направено е истражување и за влијанието на политичките настани на македонскиот пазар на капитал.

Инвеститорската популација е доста хетерогена група бидејќи се состои од поединци кои меѓусебно се разликуваат по степенот на образование, инвестициското искуство, процесирањето на информациите и ресурсите на капитал, што потенцијално се манифестира во нивните инвестициски одлуки. Иако се очекува хетерогеноста да ја води дивергенцијата во донесувањето на одлуките на инвеститорите, сепак тоа не е случај и, напротив, преовладува конвергенцијата. Имајќи го предвид претходно кажаното, ***шестата глава*** со наслов ***ФЕЕДБАЦК ТРГУВАЊЕ И ГРУПНО ОДНЕСУВАЊЕ (ХЕРДИНГ)*** ги објаснува позитивното феедбацк тргување и т.н. групно однесување (хердинг), кои од аспект на очигледната широка застапеност се најинтересни за македонскиот пазар на капитал. Позитивното феедбацк тргување се однесува на практиката на следење на шаблоните на цените од минатото, односно следење на трендот, додека групното однесување се однесува на бихевиористичкиот феномен на колективно однесување, каде што луѓето ги имитираат одлуките на другите. Овие два забележани бихевиористички аспекта во литературата, при што и двата се однесуваат на потенцијалното истонасочно однесување на инвеститорите, се заслужни во голема мера за создавање на мании и балони. На крајот се испитува дали македонскиот инвеститор е следбеник на трендот и повеќе ја претпочита групата отколку себе

Во ***седмата глава*** со наслов ***КАЛЕНДАРСКИ АНОМАЛИИ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ-ЕФЕКТ НА ДЕН ВО НЕДЕЛАТА И МЕСЕЦ ВО ГОДИНАТА***, истражени се ефектот на денот во неделата и ефектот на месецот во годината врз приносите, волатилноста и обемот на тргување.

Календарските ефекти генерално се појавуваат кога приносите на финансиските средства покажуваат специфични карактеристики во специфични денови, недели, месеци или години.

На крајот, врз база на направените истражувања, изведени се **заклучни согледувања** со кои се заокружува профилот на македонскиот инвеститор и претставуваат насоки кои имаат за цел да им укажат на инвеститорите на психолошките моменти кои предизвикуваат долгорочно отстапување на цените на акциите од нивните основни вредности и на тој начин би им овозможиле да ги избегнат грешките во иднина.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јулијана Ангеловска под наслов: "БИХЕВИОРИЗМОТ НАСПРОТИ ТЕОРИЈАТА ЗА ЕФИКАСНИ ПАЗАРИ НА МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР НА КАПИТАЛ-КВАНТИТАТИВЕН ПРИСТАП", обработува значајна актуелна тема којашто е недоволно третирана проблематика кај нас. Фактот дека оваа тема е од понов датум и е актуелна на светско ниво, а посебно недоволно е проучувана во земјите во развој, & дава уште поголема значајност на дисертацијата за збогатување на научниот опус во земјата.

Во периодот 2005-2009 година македонскиот пазар на капитал во својата кратка историја беше сведок на првиот биков и мечкин пазар. **Бихевиоризмот** како филозофија на психологијата во однесувањето на луѓето, анализиран во дисертацијата, се обидува да ги идентификува психолошките карактеристики кои го водат инвеститорот да тргува на пазарот на капитал. Во 2007 година македонскиот пазар на капитал доби внимание кое долго беше избегнувано и оптимизмот на инвеститорите беше на максимално ниво. Набргу ентузијазмот се сврте во паника и многу инвеститори претрпеа загуби додека други успеаја да ги реализираат нивните профити. Се поставува прашањето дали постоеја фундаметални причини за купување на акции во биковиот пазар и нивна продажба во

мечкиниот пазар или, пак, одговорот лежи во бихевиористичките финансии. Целта на кандидатката е преку комплетна анализа на развојот на пазарот на капитал во Македонија, како и анализа на однесувањето на македонскиот инвеститор да им помогне на сите учесници на пазарот на капитал грешките од минатото, во иднина, да ги лимитираат.

Во трудот кандидатката ги опфатила речиси сите когнитивни пристрасности и аномалии на пазарот на капитал забележани во литературата. Тие се обработени и соодветно се аплицирани на македонскиот пазар на капитал и со соодветна методологија предложена од признаени автори, изведени се докази за нивното присуство. Она што се случуваше на македонскиот пазар на капитал и што го карактеризира македонскиот инвеститор не е единствен пример, туку само е повторување на она што се случувало на многу пазари, особено на мали и млади пазари како нашиот и кое е забележано во литературата.

Бихевиористичките финансии се апликација на психологијата во финансиското однесување - однесување на практичарите. Тие ветуваат дека ќе ги направат економските модели подобри во објаснување на систематските одлуки на инвеститорите, земајќи ги предвид нивните емоции и когнитивни грешки при донесувањето на одлуките, односно ќе овозможат креирање предност на долг рок преку разбирањето на улогата на инвеститорската психологија. Човечките пропусти кои се истакнати со анализата на психологијата на инвеститорите се конзистентни и предвидливи, и нудат можности за инвестирање. Кандидатката м-р Јулијана Ангеловска успешно ги елаборирала клучните концепти за природата на пазарот на капитал. Таа го објаснува човечкото однесување на пазарите, користејќи теории на човечкото однесување од психологијата и социологијата. При анализирањето на однесувањето на временските серии на приносите на берзанскиот индекс, како и откривањето на присуството на бихевиористички пристрасности и аномалии, кандидатката своите заклучоци ги заснова врз примена на софистицирани статистички и економетриски методи и модели, и тоа: АРЦХ ЛМ-тестот, ЕЊМА-корелацијата, Јохансен-тестот за коинтеграција, РЊ и ГАРЦХ (1,1)

моделите, ЕГАРЦХ-моделот, ВАР-моделите и Грангер-каузалноста заедно со моделот за корекција на грешките. За откривање на позитивното феедбацк тргување користен е моделот на Сентана и Ѕадхвани и Мацкеѕ-Гласс-ГАРЦХ(1,1), а за откривање на групното однесување се користени моделите на Цхристие и Хуанг и Цханг, Цхенг, и Кхорана. За истражување на календарските аномалии применети се регресии со вештачки варијабли, како и модифицирани М-ГАРЦХ и М-ЕГАРЦХ. Анализата кандидатката ја спроведува со помош на софтверските пакети: ЕВИЕЊС, САС и Р.

Кандидатката целосно и солидно ја конципирала темата, логично ја систематизирала материјата, ги објективизирала наодите. Интегрирањето на искуството на кандидатката како директен учесник на пазарот на капитал и следењето на однесувањето на инвеститорите при донесување на нивните одлуки, со апликација на статистички методи и економетриски модели, ќе придонесе како во збогатување на научната мисла во оваа област, така и во нудење на практични совети при донесување на инвестициски одлуки на пазарот на капитал.

Поаѓајќи од фактот дека докторската дисертација е работена во целост според дефинираните предмет, цели и задачи на истражувањето, со употреба на исклучително обемна и релевантна литература главно од странски автори, како и научното сознание дека концептите се потврдуваат како релевантни, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација констатира дека докторската дисертација во целост успеа да ги оствари очекуваните резултати од неа.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на сето претходно, Комисијата констатира дека м-р Јулијана Ангеловска изработила труд од научна и практична вредност, кој ги задоволува критериумите за изработка на докторска дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

**-прво**, да донесе одлука за прифаќање на извештајот дека докторската дисертација на кандидатката м-р Јулијана Ангеловска под

наслов: "*БИХЕВИОРИЗМОТ НАСПРОТИ ТЕОРИЈАТА ЗА ЕФИКАСНИ ПАЗАРИ НА МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР НА КАПИТАЛ - КВАНТИТАТИВЕН ПРИСТАП*" е успешно изработена,

**-второ,** да одобри закажување на датум за јавна одбрана на докторската дисертација.

**Скопје, 7.9 2010 год.**

**Комисија за оцена и одбрана**

1. **Проф.д-р Весна Буцевска, с.р**
2. **Проф.д-р Славе Ристески, с.р**
3. **Проф.д-р Владимир Филиповски, с.р**
4. **Проф.д-р Љубе Трпески, с.р**
5. **Проф.д-р Михаил Петковски, с.р**

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Виктор Димовски | Предизборните коалиции во Република Македонија и факторите кои влијаат на нивното формирање | проф. д-р Лидија Христова |
| Бранка Чочковска | Влијанието на негативната пропаганда врз бројот на неопределените гласачи | проф. д-р Петар Атанасов |
| Драгана Заревска | Компаративна анализа на манифестите на Кибер-феминизмот и Догме 95 движењето | проф. д-р Катерина Колозова |
| Лиман Авдиу | Алтернативниот однос на концептот на франкофонската мондијализација во однос на концептот на американската неолиберална глобализација | проф. д-р Славејко Сасајковски |
| Даниела Спасова | Пазарот на трудот - и вработувањето во Република Македонија | Проф.д-р Јорде Јакимовски |
| Ирена Лесовска | Влијанието на човечкиот капитал врз општествено-економскиот развој на Република Македонија | Проф.д-р Јорде Јакимовски |
| Верка Михајлова | Улогата на ефективната комуникација во имплементација на организациските промени | Проф.д-р Васил Поповски |
| Шпреса Дургути | Моделирање на професионален и кариерен развој на спортистите во спортски тренери | Проф.д-р Васил Поповски |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КРЕИРАЊЕТО НА КУЛТУРНАТА ПОЛИТИКА ВО ПРОЦЕСОТ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1991 ДО 2007 ГОДИНА", ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ДАВОРИН ТРПЕСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 174 од Законот за високото образование и член 55, став 1, точка 10 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Матодиј" во Скопје, како и член 56 од Правилникот за единствените основи за постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и одлуката бр. 07-382/10 од 2.9. 2010 година, Наставно-научниот совет, постапувајќи по предлогот на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот, формира Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација под наслов: КРЕИРАЊЕТО НА КУЛТУРНАТА ПОЛИТИКА ВО ПРОЦЕСОТ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1991 ДО 2007 ГОДИНА, поднесена од м-р Даворин Трпески, асистент на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот. Комисијата во состав: проф. д-р Крсте Богоески, проф. д-р Љупчо Ристески, проф. д-р Рајко Муршич, доц. д-р Љупчо Неделков, доц. д-р Илина Јакимовска и проф. д-р Мирјана Мирчевска (резервен член), има чест на Советот на Природно-математичкиот факултет да му го поднесе следниот

# ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација содржи 292 страници А4 - формат во новинарски проред, од кои 268 основен текст, во кој се презентирани 557 фусноти како потврда на одделни ставови во текстот, користени се 266 библиографски единици, ползувани се 22 истражувачки единици, дадена е листа на кратенки, направен е индекс на имиња и поими сложени по азбучен ред. Непосредната содржина на дисертацијата се состои од шест дела на основниот текст со повеќе наслови и поднаслови.

Во првиот дел „Вовед" се презентирани мотивите за избор на наведената тема за докторска дисертација, потоа, даден е осврт на одделни значајни трудови кои ја обработуваат споменатата тематика. Кандидатот преку можната и достапната литература, интерпретира дел од досегашните истражувања во светот поврзани со наведената тематика, а преку одделните извори и теренските истражувања во Република Македонија дава конкретна слика на состојбата на креирање културна политика во доменот на заштитата на културното наследство во периодот на транзиција на Република Македонија. Кандидатот ги наведува и употребените методи и техники во истражувањето, кои овозможиле да се добие финален труд во овде презентираната форма. Натамошната концепција на докторската дисертација е осмислена според главните содржински целини.

Вториот дел „Теоретски основи за темата" содржи пет поттеми, и тоа: Антропологија и историја на општествените промени, Култура и културно наследство, каде што се презентирани содржини за движното, недвижното и нематеријалното културно наследство, Политика и културна политика, Политички идеологии и политички партии, во кои се опфатени либерализмот, конзервативизмот, социјализмот, анархизмот, национализмот, фашизмот, феминизмот и религискиот фундаментализам; и Заклучок. Во овој дел докторантот

го толкува ставот на повеќе антрополози во светот за значењето на културата и културната политика во секое општество. При анализирањето на повеќе ставови на одделни автори тој смета дека самото постоење на културата не мора да значи и постоење на одреден организиран правец во кој се утврдени целите и задачите кои треба да се остварат преку одделни мерки, инструменти и активности. На тој начин го дефинира поимот културна политика како свесно регулирање на интересите во културата и одлучување за сите прашања што се насочени кон унапредувањето на културниот развој на едно општество. Во анализата на културното наследство како материјално или нематеријално, кандидатот не тргнува само од аспект на физички предмети, туку го перцепира и контекстот во кој се наоѓа тоа наследство

Во третиот дел „Општествено-политичките прилики во периодот по осамостојувањето на Македонија и нивните влијанија врз креирањето на културна политика за заштита на културното наследство", опфатени се три подзаглавија со натамошно расчленување, со цел да се навлезе подлабоко во суштината на проблематиката што се обработува во овој дел. Подзаглавијата се наведени по следниов ред: „Новата држава на јужниот Балкан", „Општествените промени и повеќепартизмот во Македонија", каде се опфатени содржини поврзани со поделбата на политичките партии, поделба на партиите по идеолошка основа, како што се: партии на центарот, партии десно од центарот и партии лево од центарот, потоа, поделба на партиите по етничка основа, во кои се опфатени партии од македонскиот блок и партии на албанскиот блок; и на крајот, Заклучок.

Четвртиот дел е заглавен како „Воспоставувањето основи за креирање на културната политика за заштита на културното наследство во Македонија". Во него се анализирани три подзаглавија заедно со четвртото како заклучок. Првото подзаглавие ја содржи „Затекнататата ситуација", второто- „Културната политика на Македонија по падот на социјализмот", а третото „Законската регулатива на Република Македонија", во кое се содржани Законот за култура, Националната програма за култура, Законот за заштита на културното наследство, Законот за музеите и Законот за меморијални споменици и за спомен- обележја.

Во петтиот дел „Институции во Република Македонија кои работат на заштита на културното наследство", опфатени се поднасловите: Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство со содржините за човечките ресурси на Управата и спроведување на заштитата; Други установи за заштита на културното наследство, како што се конзерваторските центри, музејските институции, каде што се анализирани: управувањето со установите, просторните капацитети, човечките капацитети, управување со збирките. На крајот се дава општ заклучок.

Во шестиот дел, „Националниот идентитет и културното наследство", интерпретирани се поднасловите: Минатото на културното наследство, Национализмот и употребноста на културното наследство со осврт на Македонска молитва и Розетскиот камен и Бурушаскиот јазик; Културното наследство во мултикултурна држава, и на крајот, општ заклучок.

Во одделни државни институции во кои се врши заштита, чување и комуникација на културното наследство, честопати се врши негова идеологизација. Честопати се врши злоупотреба на културното добро, ставајќи го во служба на оваа или на онаа идеологија. И односот кон музеализацијата на одделни културни добра кои потекнуваат од различни контексти е различен, што е во директна спротивност со Кодексот на стручната етика. Овие состојби докторантот ги има во уочено во текот на научноистражувачката работа и има заземено соодветен став во тој поглед.

Во седмиот дел „Заклучок" докторантот прави синтеза на напред изложените содржини. Содржините од Заклучокот се преведени на англиски.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов КРЕИРАЊЕТО НА КУЛТУРНАТА ПОЛИТИКА ВО ПРОЦЕСОТ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1991 ДО 2007 ГОДИНА, поднесена од кандидатот м-р Даворин Трпески, е изработена според теоретско-методолошките постапки во етнологијата, антропологијата и музеологијата, со научно-критичен пристап во анализата на состојбите, со синтези и заклучоци кои кореспондираат со соодветната научна област. Според начинот на презентација и интерпретација на содржините, во целост ги задоволува поставените цели на истражувањето. Со антрополошките истражувања согледано е местото и можностите на институциите кои работат на заштитата на културното наследство во Македонија, при што се добиени валидни резултати за увид во моделите при креирањето на културната политика во Република Македонија. Врз основа на добиените резултати со антрополошките истражувања, музеолошката методолошка рамка ги покажува предностите и слабостите при заштитата на културното наследство. Тоа дава можност за креирање државна стратегија за заштита на културното наследство во Република Македонија. Токму затоа, изработената докторска дисертација е оригинално дело на авторот и претставува сериозен придонес во македонската антропологија и музеологија.

Во тој контекст, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Стручниот совет на Институтот за етнологија и антропологија и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да ја прифати нашата рецензија и на кандидатот м-р Даворин Трпески да му овозможи усна одбрана во законскиот рок.

Рецензентска комисија

Д-р Крсте Богоески, редовен професор на ПМФ во Скопје (во пензија), с.р.
Д-р Љупчо Ристески, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Рајко Муршич, редовен професор на Одделението за етнологија и културна антропологија - Универзитет во Љубљана, с.р.
Д-р Љупчо Неделков, доцент на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Илина Јакимовска, доцент на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Мирјана Мирчевска, вонреден професор на ПМФ во Скопје (резервен член), с.р.

функциски системи (AIFS) кои елиминираат голем дел од овие недостатоци, а истовремено и моделирањето на атракторот е поедноставено.
Во овој труд се најдени AIFS чии атрактори се полиномни криви, со помош на линеарна субдивизија. Со примена на Лагранжовата и Њутновата интерполација најден е AIFS чиј атрактор е полином кој интерполира дадено множество точки. Дадена е и линеарна субдивизија во параметарски облик на крива и применета е за поедноставна конструкција на интерполационен полиномен атрактор. Иако линеарната субдивизија е строго полиномен феномен, покажано е дека може да се примени и кај некои неполиномни криви.

[3] S. Gegovska-Zajkova, V. Andova, Lj. Kocic, *Subdivision in Polynomial Spaces*, Functional Analysis and its Application, (Nis, Serbia, 2009), во печат.

Во трудот е развиена субдивизиона шема која овозможува брзо определување на интерполациониот полином и е погодна за графичка визуелизација. Шемата е дадена во форма на итеративен функциски систем, па според тоа е компатибилна со други шеми и алгоритми кои се користат за определување и визуелизација на фрактални множества. Како последица на тоа, можно е комбинирање на фрактални форми со мазни, полиномни форми.

[4] S. Gegovska-Zajkova, Lj. Kocic, V. Andova, *Subdivision of Interpolating Polynomials*, Mathematica Balcanica, (2009) во печат.

Во трудот е конструирана мултисегментна субдивизиона шема за произволен реален полином на конечен интервал. Методот користи Лагранжова интерполација во комбинација со афиноинваријантни функциски системи, со што полиномната геометрија се применува на фракталните алгоритми. Развиените методи можат да се користат за реализирање непрекинат премин од мазни во фрактални функции.

[5] Lj. M. Kocić, S. Gegovska-Zajkova, V. Andova, *Random Syntesis of Piecewise Cubic Interpolants*, Proceedings of the Ninth National Conference with International Participation-ETAI 2009, A4-2.

Алгебарските полиноми се разгледувани како нетипични фрактални атрактори добиени од соодветен афиноинваријантен итеративен функциски систем. Во трудот е конструиран алгоритам за генерирање $C^1$ кубен сплајн интерполант на множество точки од $R^2$ или $R^3$ во облик на фрактален атрактор. Атракторот на афиноинваријантен итеративен функциски систем е параметарски полином од четврти ред (трет степен). Ваквите кубни сегменти можат да се искористат за добивање композитна крива со $C^1$ параметарска мазност.

[6] V. Andova, N. Cohen, R. Skrekovski, *Graph Classes (Dis)satisfying the Zagreb Indices Inequality*, MATCH Commun. Math. Comput. Chem.,**65**(3) (2011) во печат.

Тополошките индекси, меѓу кои и Загреб-индексите, даваат многу информации за структурата на графот. Токму затоа овие индекси се особено интересни за определување на својствата на хемиските молекули. Во трудот е покажано дека ако степените на темињата на граф со големина $n$ и ред $m$ припаѓаат во интервалот $\left[c, c+\left\lceil\sqrt{c}\right\rceil\right]$, за некој цел број c, важи неравенството $\frac{M_1}{n} \le \frac{M_2}{m}$, каде што $M_1$ и $M_2$ се првиот и вториот Загреб -индекс на графот, соодветно. Од друга страна, пак постојат и бесконечно многу графови такви што нивниот максимален степен е барем 5, за кои ова неравенство не важи. Во овој труд е дадена и конструкцијата на такви графови.

[7] V. Andova, M. Petrusevski, *Variable Zagreb Indices and Karamata's Inequality*, MATCH Commun. Math. Comput. Chem., **65**(3) (2011), во печат.

Дамир Вукичевиќ во трудот „*Comparing variable Zagreb indices*", дава некомплетен доказ на тврдењето дека за секој граф $G$ со $n$ темиња, $m$ гранки и $\lambda \in [0, \sqrt{2}/2]$, важи $\frac{{}^{\lambda}M_1(G)}{n} \le \frac{{}^{\lambda}M_2(G)}{m}$, каде што ${}^{\lambda}M_1(G)$ и ${}^{\lambda}M_2(G)$ се варијабилните Загреб-индекси на $G$. Во трудот „*Variable Zagreb Indices and Karamata's Inequality*" е даден комплетен доказ на тврдењето со помош на неравенството на Карамата.

## Учество на конференции и школи

М-р Весна Андова учествувала на следниве конференции и школи:

1. Geometry and Visualization, Белград, Србија, април 2008 година.
2. School and workshop on dynamical systems, International Center for Theoretical Physics (ICTP), Трст, Италија, јуни-јули 2008.
3. Четврти македонски конгрес на математичарите на Македонија, Струга, октомври 2008.
4. Functional Analysis and Application, Ниш, Србија, јуни 2009.
5. International Congress on Mathematics, MICOM 2009, Охрид, септември 2009.
6. IX национална конференција со меѓународно учество ЕТАИ 2009, Охрид, септември 2009.

## Учество во проекти и изработка на стручни трудови

Кандидатката м-р Весна Андова учествувала како млад истражувач во научноистражувачкиот проект „Гранични вредности на аналитички функции и дистрибуции и апроксимации во смисла на дистрибуции", (2006-2009), раководител доц. д-р Весна Манова-Ераковиќ, финансиран од Министерството за образование и наука на Македонија.

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-2234/7 на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, донесена на седницата одржана на 25.VIII 2010 година, избрана е Рецензентската комисија во состав: д-р Соња Геговска-Зајкова, вонреден професор на ФЕИТ во Скопје-претседател, д-р Боро Пиперевски, редовен професор на ФЕИТ во Скопје-член и д-р Анета Бучковска, вонреден професор на ФЕИТ во Скопје-член, за избор на асистент по предметите од наставно-научната област математика.

На објавениот конкурс во весникот „Дневник" од 23.VI 2010 година, за асистент по предметите од наставно-научната област математика се пријави само кандидатката м-р Весна Андова, помлад асистент по математика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Рецензентската комисија, откако ја разгледа доставената документација, на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

М-р Весна Андова е родена на 13.VI 1982 година во Скопје. Основното и средното образование го завршила во Скопје со континуиран одличен успех. На студиите по математика на Природно-математичкиот факултет, насока теориска математика, се запишала во учебната 2000/2001 година. Студиите ги завршила на 14.II 2005 година со просечен успех 9,43 како најдобар студент во генерацијата, одбранувајќи го дипломскиот труд со наслов „Теорема на Ваерштрас и најдобра апроксимација" под менторство на проф. д-р Никола Пандески и се стекнала со звањето дипломиран математичар. Во текот на своето школување учествувала на повеќе домашни натпревари по математика и физика и освојувала бројни награди, меѓу кои и пофалница на Интернационалниот натпревар по математика за студенти (IMC-2004).

Во 2005 година се запишала на постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за математика, насока: теориска математика. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 10,00. Магистерскиот труд со наслов „Еден метод за конструкција на полиномни атрактори", изработен под менторство на доц. д-р Соња Геговска-Зајкова, го одбранила на 29.V 2009 година стекнувајќи се со научниот степен магистер на математички науки.

Од декември 2005 до декември 2007 година работела на Електротехничкиот факултет, денес Факултет за електротехника и информациски технологии во Скопје, како демонстратор по математика на Институтот за математика и физика. Во декември 2007 година е избрана во звањето помлад асис-

тент по математика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Активно го владее англискиот јазик, а има основни познавања од францускиот јазик.

## Наставна дејност

Во рамките на наставната дејност кандидатката м-р Весна Андова учествувала во подготовките и реализацијата на аудиториските вежби по предметите: математика 1, математика 2, линеарни трансформации, математички методи за инженери 1, математички методи за инженери 2, дискретна математика и веројатност и статистика, како и лабораториските вежби од предметите математички методи за инженери 2 во пакетот Mathematica и веројатност и статистика во пакетот SPSS. Во наставата секогаш е ангажирана со голем број часови и паралелки со голем број студенти.

М-р Весна Андова покажува голема професионалност и одговорност во извршувањето на задачите. Нејзиниот однос кон студентите и колегите е исклучително коректен, при што се истакнува нејзиното чувство за тимска работа.

## Научна и стручна дејност

Кандидатката м-р Весна Андова е автор и коавтор на следниве научни трудови:

[1] Lj. Kocic, S. Gegovska-Zajkova, V. Andova, *Interpolation Polynomials Via AIFS,* IV Congress of Mathematicians of Macedonia, (Struga, Macedonia, 2008), во печат.

Концептот на итеративните и афиноинваријантните итеративни функциски системи игра важна улога во конструктивната теорија на фракталните множества. Ако колекцијата објекти што се моделираат, покрај фрактални, содржи и мазни објекти, на пример полиноми, тогаш е потребно да се изврши ревизија на класичните алгоритми за генерирање мазни објекти и да се воведат нови кои ќе бидат во состојба да креираат истовремено и фрактални и мазни форми. Во трудот е развиен еден таков алгоритам за интерполациони полиноми.

[2] Весна Андова, *Еден метод за конструкција на полиномни атрактори* –магистерски труд (2009).

Итеративните функциски системи се основниот начин на конструкција на фрактални множества. Иако овој метод е едноставен и општоприфатен, сепак има свои недостатоци; неможноста за интерактивно моделирање, предвидување на обликот или местоположбата на атракторот. Со премин од правоаголни во барицентрични координати се добиваат афиноинваријантни

## Други активности

М-р Весна Андова редовно учествува во активностите на Сојузот на друштвата на математичарите на РМ при организирање и спроведување на регионалните и државните натпревари по математика за основните и средните училишта. Вклучена е и во активностите за афирмирање на Факултетот, како што се подготовките на студентските екипи за натпреварите по математика на електријадите. Член е на Центарот за нови студенти на ФЕИТ.

## Заклучок и предлог

Во својата досегашна работа, кандидатката м-р Весна Андова, помлад асистент на ФЕИТ, покажува извонредни резултати во наставно-педагошката дејност, а остварува значителни резултати и на научноистражувачко поле. Сите досегашни задачи ги извршува одговорно и квалитетно и максимално се залага да им ги пренесе своите знаења и искуства на студентите.

Од сето погоре изнесено, како и од личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија смета дека м-р Весна Андова е перспективен наставно-научен кадар и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да ја избере во звањето асистент по предметите од наставно-научната област математика на ФЕИТ во Скопје.

Скопје, 17.9.2010

Рецензентска комисија

1. Д-р Соња Геговска-Зајкова, вонреден професор на ФЕИТ во Скопје, претседател, с.р.
2. Д-р Боро Пиперевски, редовен професор на ФЕИТ во Скопје, член, с.р.
3. Д-р Анета Бучковска, вонреден професор на ФЕИТ во Скопје, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ТРУДОТ *КОМПАРАТИВНА ПЕДАГОГИЈА* ОД АВТОРОТ Д-Р *СУЗАНА МИОВСКА-СПАСЕВА*

Трудот со наслов *Компаративна педагогија,* чиј автор е проф. д-р *Сузана Миовска-Спасева,* претставува сериозна теориска расправа за понова педагошка научна дисциплина, која с# уште е во потрага по сопствениот идентитет. Во него се елаборираат историските процеси и актуелните состојби поврзани со развојот и конституирањето на компаративната педагогија и нејзиното позиционирање во системот на науки и на академски дисциплини на подрачјето на воспитанието и образованието. Всушност, се работи за труд со кој се укажува на потребата и значењето на оваа научна и наставна дисциплина во функција на што посеопфатно научно проучување и осознавање на теориските и практичните аспекти на воспитанието и образованието како општествена и индивидуална човекова дејност.

Трудот е составен од три меѓусебно логички побрзани целини, и тоа:

1.*Историски развиток на компаративното проучување на образованието.* Во овој дел се анализираат историските процеси на компаративните образовни проучувања и нивната институционализација (истражувачки центри, меѓународни организации, професионални здруженија, публикации и сл.);

2.*Научниот идентитет на компаративното проучување на образованието.* Во овој дел авторката ги разгледува аспектите на идентитетот на компаративната педагогија како посебна педагошка научна дисциплина (метод на сознанија или научна дисциплина, предмет и задачи, актери и корисници, компаративната педагогија и другите педагошки дисциплини, компаративна и меѓународна педагогија, перспективите на компаративните образовни проучувања итн.);

3.*Методолошки аспекти на компаративното проучување на образованието.* Вниманието во овој дел е насочено на фазите, аспектите на компарирање, видовите и методите на компаративните проучувања на образованието.

Наведените структурни делови јасно покажуваат дека се работи за заокружен, целосен, компактен труд во кој се презентираат научните сознанија од областа на педагошката, односно образовната компаративистика. Авторката д-р Сузана Миовска-Спасева во обработката на одделните делови користи аналитичко-критички пристап, потпирајќи се на гледиштата и ставовите на повеќе познати компаративисти и други мислители. Трудот се одликува со концизна и јасна мисла, со коректен стил и јазична изразност. Целосно ги задоволува методолошките стандарди неопходни за пишување на едно вакво дело и ги има сите карактеристики на солиден учебник. Наменет е првенствено за студентите на Институтот за

педагогија, но и за студентите на педагошките факултети, како и за наставниците и образовните администратори.

Имајќи го предвид значењето, но истовремено и потребата, а со оглед на фактот дека за оваа педагошка научна област кај нас не постои речиси никаква литература, со посебно задоволсто го препорачувам овој извонреден труд на *д-р Сузана Миовска Спасева* со наслов *Компаративна педагогија* за печатење.

Скопје, 23.9.2010

Рецензент
Проф. д-р Киро Камберски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „КОМПАРАТИВНА ПЕДАГОГИЈА" ОД АВТОРОТ
# Д-Р СУЗАНА МИОВСКА-СПАСЕВА

## 1.Значење на предметот кој се обработува во трудот:

Трудот се занимава со проблемот на компаративната педагогија во контекст на нејзиниот историски, методолошки и научен развој. Компаративната педагогија е база врз основа на која се градат напорите за зајакнување на сопствените достигнувања во образованието и учењето, како на поединците така и на земјите, глобално гледано. Проучувањето на образованието и учењето во контекст на туѓите искуства секогаш било предмет на интерес на поединци и институции, без оглед дали тој интерес е фокусиран во микро-педагошката, т.е. микродидактичката, системската или процесно-излезната компонента. Квалитетот на образованието и резултатите од учењето кои се остваруваат во интенционална рамка ја добиваат својата вистинска димензија единствено во процесите на компарација со другите искуства на овој план. Дали и колку некоја земја е успешна во градењето на системот за образование и учење своја верификација има единствено во контекст на компарација со другите системи за образование и учење. Секоја образовна политика, покрај идеолошката основа, доминантно е детерминирана од индикаторите според кои се мерат и споредуваат земјите во светот и според кои се утврдува силината на економијата и развиеноста на образовната и политичката мисла во секоја земја.

Влијанието на глобализационите процеси во економијата, политиката, културата и екологијата имплицираше појава и на глобализациони процеси во образованието. Образовните системи во светот (предучилишното, основното, средното и високото) воспоставуваат се потесни релации во поглед на нивната структура и содржина. Образовните глобализациони процеси развија и универзални стандарди во образованието кои секоја земја настојува да ги имплементира во сопствениот систем, со цел како да создаде висококомпатибилен образовен систем кој спремно ќе одговори на предизвиците со кои се соочува светот денес, од една страна и ќе може да комуницира со останатите образовни системи во светот, од друга страна. Оттаму, компаративниот пристап има исклучително големо значење за дефинирање на стратешките приоди во образовниот и економскиот развој на секоја земја, особено од аспект на квалитетот на човечките ресурси. Ова значење станува поголемо во случајот со Република Македонија и нејзините напори за зајакнување и динамизирање на образовниот систем и економијата.

Трансферот на искуствата, особено на добрите примери во практиката, стана составен дел од методологијата со која земјите се обидуваат да внесат

поголем квалитет во своите образовни системи. Оттаму, потребата од проучување на туѓите искуства стана тренд кој се практикува не само на единечен план ( во рамки на земјите), туку е составен дел и од стратегиските и акционите документи на меѓународните организации кои се занимаваат со образовни прашања (ОН, Унеско, ОЕЦД, Европската комисија, Уницеф и др.). Поради тоа, од аспект на актуелноста и современоста, овој труд има големо значење и е во целосна согласност со современите трендови во образованието.

Втор значаен момент кој му дава тежина на овој труд е потребата за перманентно проучување на образованите феномени од страна на педагошките работници. Особено значајна е заложбата за фаворизирање на истражувачкиот модел за иницијално образование и професионално усовршување на педагошките работници, т.е. заложбата за учење по пат на истражување. Проучувањето на сопствената теоретска мисла и практика има смисла единствено во компарација со другите постигнувања на овој план во поширокиот временски и просторен контекст. Притоа, методолошката компетентност на педагошките работници за коректно спроведување на оваа значајна компонента од нивниот професионален и педагошки развој е од исклучително значење.

Од аспект на студиите на Институтот за педагогија, овој труд ќе придонесе да се засилат компетенциите на завршените студенти за компаративно проучување на педагошките феномени. Од друга страна, тој претставува одличен извор на информации и упатства кои ќе им помогнат на студентите да изградат сопствени ставови и пристапи во нивното тековно и идно ванимавање со оваа проблематика. Оттаму, потребата од постоење на учебник во кој студентите ќе имаат можност подлабоко да се запознаат со компаративната педагогија и да изградат методолошки компетенции за проучување на педагошките прашања не би смеело да се става под знак на прашање. Оваа книга (учебник) има свое место во универзитетската литература, не само на Институтот за педагогија, туку и за сите овие што директно или посредно се занимаваат со образованието и учењето во Република Македонија.

**2.Оригиналноста на трудот со проценка на придонесот врз развојот на научната мисла:**

Во рамки на Република Македонија овој труд е единствен бидејќи досегашните настојувања главно се фокусираа на селективен пристап, дескрипција и посредно извлекување на заклучоци за компаративните проучувања на образованието и учењето. Историско-дескриптивниот и аналитичкиот пристап кој авторката го применила и настојувањето да се проучат законитостите на компаративната педагогија, како и нејзината поврзаност со останатите педагошки дисциплини, му даваат специфична научна тежина и висока оригиналност на овој труд. Бездруго, овој труд ќе го

олесни процесот на стекнување на знаења од страна на студентите и ќе им овозможи солиден извор на останатите научни работници. Исто така, придонесот на овој труд може да се бара и во збогатувањето на педагошката научна мисла и стручната литература на македонски јазик.

**3. Други трудови за ист или сроден предмет со компаративна оцена за квалитетот на трудот:**

Други трудови што се занимаваат со проучување на овој предмет, напишани од македонски автори не постојат. Поточно, досега се зафаќани само сегменти од компаративната педагогија кои се доминантно потесно-целно ориентирани и пред сè во апликативната сфера. Труд кој за предмет ќе ја има компаративната педагогија и ќе ја разгледува од аспект на нејзиниот развој и методолошки карактеристики во нашата земја не постои. Досега, студентите од Институтот за педагогија имаа можност да се користат со интерни материјали и литература од странски автори. Со оглед на динамиката на промени во сферата на образованието, овие извори не ја одразуваат вистинската слика за потребата од засилување на компаративните истражувања кои треба да бидат составен дел од работата на сегашните и идни педагошки работници. Исто така, овие извори ниту оддалеку не поседуваат толкава длабочина и тежина на истражувачкиот зафат како што ги поседува овој труд.

**4.Соодветноста на применетата методологија:**

Примената на аналитичко-синтетичкиот пристап врамен во историски контекст му даваат силна методолошка коректност и соодветност на овој истражувачки зафат. Примената на анализата на содржина (особено на релевантни научни трудови, концепциски документи, анализи и извештаи) резултирала со богата база на сознанија и податоци кои овој труд го прават методолошки издржан и аргументиран. Ако на ова се додаде и личното искуство што авторката го поседува како предметен наставник за историја на педагогијата и компаративната педагогија, и кое вешто го провлекува низ целиот труд, тогаш може да се каже дека овој труд има сериозен научен и методолошки соодветен квалитет.

Трудот го карактеризира висока научна експликација со јасно одмерени и издржани заклучоци. Иако во одделни сегменти авторката покажува блага наклонетост кон историскиот пристап во проучување на предметот на истражувањето, тоа воопшто не ја намалува нивната издржаност. Оваа појава може да се припише на искуството што го поседува авторката на полето на компаративната педагогија и неговата логичка поврзаност со конкретното истражување.

**5.Структурна композиција на трудот:**

Книгата „Компаративна педагогија", покрај воведот, содржи три поглавја кои се функционално поврзани: Историски развиток на компаративното проучување на образованието, Научниот идентитет на компаративното проучување на образованието и Методолошки аспекти на компаративното проучување на образованието.

Самата содржина на трудот јасно покажува дека се опфатени сите елементи кои ја чинат сржта на една научна дисциплина. Особено е значајно да се истакне првиот дел кој содржи комплетна ревија на временски и просторно лоцирани пристапи и нивни претставници во третманот на компаративните проучувања на образованието. Вредноста на овој дел не е во неговиот енциклопедиски карактер, туку во пристапот на авторката кој се обидува различните пристапи и практики да ги прикаже во изворна смисла, следена со презентација и анализа на нивните круцијални моменти и заокружена со практичните импликации што секој пристап ги предизвикува. Притоа, читателот има можност не само да се запознае со развојот на компаративните проучувања, туку и да го следи развојот на значењето на образованието сè до негово издигнување на глобално ниво и меѓународна тенденција.

Другите поглавја опфаќаат презентација на различни гледишта за научниот идентитет на компаративното проучување на образованието, т.е. гледиштата за предметот, целта и задачите на компаративната педагогија. Вредноста на ова поглавје е што дескрипцијата е поткрепена и со „лесна", но суштествена анализа на секој пристап, за да кулминира со презентација на перспективите на компаративното проучување.

Значајно место е посветено на методолошките аспекти на компаративното проучување на образованието. Проучувањето на концепциските и методолошки пристапи автркаta ги става во контекст на нивната ефикасност и соодветност, притоа ставајќи посебен фокус на методолошките пристапи на Бередеј, Ное и Екштајн, Холмс и мултидимензионалната анализа на Бреј и Томас. На крајот се завршува со учебникарски пристап во презентацијата на видовите компаративни истражувања и методите кои се применуваат во нив.

Посебно треба да се истакне презентацијата на избрани текстови од странски компаративисти кои претставуваат основна сознајна и незаменлива литература во проучувањето на прашањата врзани за компаративната педагогија.

Трудот е јасно и конзистентно структуриран, дидактички коректен и од аспект на учењето соодветен. Пристапот што го применила авторката гради јасна патека на запознавање со проблемот и сукцесивно следење. Секоја

глава има последователност и сопствена хомогеност што од аспект на следење на идејата и учењето има големо значење. Јасно применувајќи го правилото: од општото кон посебното, авторката ја поставува пирамидалната конструкција на коректна сеопфатност која овозможува лесно читање и запознавање со истражуваниот проблем.

Литературата што ја користела авторката во целост соодветствува со истражуваната појава и вклучува голем број на стручни домашни и странски дела од најзначајните автори кои директно или посредно се занимаваат со ова научно прашање.

**6.Претпоставен интерес на научната и другата јавност за која е трудот наменет:**

Со оглед на тоа дека трудот има не само теориска туку и голема апликативна вредност, без сомнеж гарантира висока заинтересираност не само од страна на студентите и научните педагошки работници, туку и од структурите кои се задолжени за креирање и имплементација на образованието во Република Македонија.

**7.Резиме на трудот:**

Трудот „Компаративна педагогија" претставува сериозен дострел во педагошката наука и вистински ја збогатува ризницата на педагошка литература на македонски јазик. Изобилството од информативен материјал и богатата база на мисли, идеи, концепти и пристапи претставуваат сами по себе значаен извор, стимулација и поддршка за други истражувања од овој домен. Ако на ова се додаде и неговата апликативна вредност за сегашните и идните проучувачи на педагошките прашања, тогаш може да се заклучи дека станува збор за дело кое има аспирации да стане значаен извор не само за педагошката јавност (студенти и образовни работници), туку и за сите оние што се соочуваат со образовните предизвици и/или земаат учество во креирањето на образовната политика во Република Македонија.

**8.Препорака за печатење:**

Со оглед на севкупното значење на ова дело за педагошката мисла во нашата земја и за студентите на Институтот за педагогија, како и врз основа на сето изложено, со особена чест и задоволство го препорачувам трудот „Компаратвна педагогија" од авторката проф. д-р Сузана Миовска-Спасева за печатење.

Датум:
23.9.2010

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Зоран Велковски, с.р.

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ
С К О П Ј Е
Примено: 22.09.2010
Орг. Един. 11 | Број 333 | Прилог 1 | Вредност



РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ

# „МЕТОДИКА НА ЛИКОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ“

ОД АВТОРОТ

## ПРОФ. Д-Р ФЕХИМ ХУСКОВИЌ

Учебникот „Методика на ликовното образование“ од проф. д-р Фехим Хусковиќ претставува прв учебник по Методика на ликовното образование во Република Македонија, наменет за студентите и наставниците по предметот ликовно образование за предметна настава.

Учебникот презентира текст кој ги обработува содржините на наставната програма по ликовно образование со сите методичко-дидактички параметри на современа научна и стручна литература. Посебно обработените теми во учебникот се од исклучително значење во подготовката на наставниците по предметот ликовно образование, но истовремено имаат огромно значење како помошно средство за реализација на современа настава и на сите професионалци кои веќе реализираат настава по овој предмет.

Композицијата на текстовите во учебникот е јасна, со логичка поставеност и обем кој кореспондира со наставната програма и когнитивните карактеристики на студентите. Текстот е поделен во неколку главни целини:

- **Методика по ликовно образование и нејзино дефинирање**

Во овој дел е обработен поимот, историскиот развој и значењето на ликовното образование во светски рамки, со поодделно обработени фази на развој.

- **Ликовното образование во наставата**

Аспектите на ликовното образование и поврзаноста со наставниот процес, значењето на ликовното образование врз развојот на личноста, компонентите на ликовното образование, односот на методиката и социологијата, како и односот на теорија на уметноста, специфичноста на ликовното образование и ликовното образование формираат една солидна сознајна основа подобро разбирање на натамошните целини.

- **Ликовната педагогија во Македонија**

Особено значајна обработка на содржината, која **за прв пат** е вака детално претставена. Посебно е важна за разбирање на местото и улогата на секој наставник по ликовно образование, и претставува презентација на генеза во процесот на ликовното образование. Аспектите на овој процес нудат детали и пораки од воспитно, едукативно и практично значење.

- **Развој на детскиот ликовен израз**

Со обработка на содржините како „Психолошка анализа на детскиот цртеж", „Ликовни типови на деца" се овозможува запознавање со когнитивните, моторичките и психолошките карактеристики на учениците.

- **Ликовни медиуми**

Претставени се средствата и материјалите за работа во наставниот процес, неопходни за современо изведување на настава.

- **Принципи во наставата по ликовно образование**
- **Форми на работа во наставата по ликовно образование**
- **Методи на работа во наставата по ликовно образование**

Во овие три целини е објаснета теоријата на практичната примена и реализација на наставата по ликовно образование, неопходна во секој учебник од

овој тип. Со оваа теориска поставеност, наставата станува осмислен и високо креативен процес.

- **Планирање на наставата**

Претставени се практични упатства и насоки за реализација на квалитетен современ час, а во тој контекст особено важно е претставувањето на систем од барања за „совршено реализиран час". Ова поглавје е секако едно од носечките во учебникот, па затоа импонира оригиналноста, проникливоста на авторот и неговата креативност во дефинирањето и осмислувањето на оваа целина.

Обработката на тема како „Училишниот систем во Македонија", во контекст на претходно обработените целини со упатства за практична реализација, го оспособуваат идниот наставник за прагматично, но креативно користење на методички средства во реализација на својот час.

- **Култура, Вовед во естетика, Етика и уметничка вредност**

Целините овозможуваат поблиско запознавање со пошироките области на делување на секој наставник по ликовна уметност од кои се црпат сознанија и искуства за реализација на наставата. Современиот пристап на интегрирана настава е можен со примена на овие сознанија, па затоа обработката на овие содржини особено важна.

- **Развој на внатрешна мотивација за учење**

Особено важна е оваа целина, која овозможува со теоретски сознанија, но и практични искуства да се проучи, развие и унапреди мотивацијата на секој час по ликовно образование. Посебно студиозно и инспиративно е обработена оваа тема, каде што надареноста и креативноста на учениците се разгледува низ современ научен и ликовно –педагошки аспект.

- **Вонnаставни активности**

Една од спецификите и препознатливите атрибути на овој наставен предмет, воннаставните активности, се обработени со особена сериозност и должно внимание.

- **Ликовни поими и мотиви**

Сите целини во учебникот се усогласени во јасна целина и претставуваат неразделен дел од неа. Секоја за себе е компонента на процесот на образование на наставниците по предметот ликовно образование.

**Сите наведени делови претставуваат одлично компонирана целина, која ја вреднувавме според „Методологијата за вреднување на учебници“, издадена од Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието од 2009 година:**

1. **Научно-стручни и методолошки стандарди**

**Научна и методолошка заснованост на содржините**

- Содржините имаат стручна и уметничка заснованост, со обработка на поими и постапки адекватна за достигнување на потребните сознанија од предметната област.
- Презентацијата на содржините овозможува постепено изградување на систем на поими според научната и уметничка систематизација.
- Се стимулираат интелектуалните активности за идентификација, споредување, класификација, индуктивно и дедуктивно учење, анализа и синтеза на стекнатите сознанија.
- Знаењето е применливо и практично употребливо во решавање на различни методолошки задачи.
- Со обликување на содржините се постигнува проширување и продлабочување на знаењето.

- Избегнато е фактографското учење, напротив презентацијата на содржините овозможува учење со разбирање и поврзување на различни целини.

**Дидактички правила во обликување на содржините**

- При обработувањето на програмските целини на помали делови, запазени се правилата на логичност, систематичност и зеамна поврзаност.
- Во обработката на фактите, податоците, поимите и задачите се користи селективен пристап, адекватен за стимулирање на меморирање преку разбирање.
- Се овозможува студентот самостојно да го открива начинот на решавање на задачите, како и поврзувањето на фактите.

**2. Развојни воспитно-образовни функции на учебникот**

- Содржините имаат актуелна тематика и побудуваат интерес за самостојно учење.
- Презентираните содржини будат интерес кај студентите за градење на личен став кон определени методичко-ликовни проблеми, но и мотивираат за оформување на сопствен креативен став на наставник.
- Новите поими, правила, стратегии и термини употребени во содржините овозможуваат лесно и логично восприемање.

**Избор и примена на соодветни методи и постапки во обликувањето на наставните единици**

- Учебникот дава основа за спознавање на другите преку запознавање на различни начини на ликовно изразување, со што обезбедува основа за интерес и почит за културата и традициите (се откриваат

карактеристични елементи во уметничките творби, се потттикнува интерес за ликовното творештво).

3. **Основи за мотивација и самостојно учење од учебникот**

- Обемот и квалитетот на поставените прашања и упатствата за секоја целина, одговараат на потребите на секој современ наставник.
- Квантитетот на претставените прашања во потполност ја потврдува содржината во секоја одделна целина.
- Поддржува основни етапи во процесот на учење со презентација на фази во обработката на секоја целина, постапно.
- Со одличниот избор на прикажаниот материјал и едноставното на содржајно презентирање на содржините, учебникот ја поддржува и ја стимулира творечката креативна активност на студентите.
- Примерите нудат можност за самостојно учење и откривање на решенија со проблемско поставување на содржините.

4. **Дидактичко-методски стандарди**

**Оцена за изборот и систематизирањето на содржините по наставни теми-подрачја**

- Наставните теми и содржини се организирани врз основа на наставната програма.
- Наставните теми и содржини се обработени со посебна автентичност во јазичниот израз кој е јасен, директен и содржаен.
- Нема непотребно екстензивно изложување на податоци, напротив, презентацијата на содржините е на високо рационално и професионално методичко-дидактичко ниво.
- Фондот на часови предвиден во наставната програма кореспондира со обемот на содржините меѓу одделни наставни целини.

- Претставена и одлична синтеза помеѓу наведените содржини и факти кои треба да се усвојат и примери за да се претстават.
- Поврзувањето на содржините и предвидените активности е одмерено и адекватно на сложеноста на наставната содржина.
- Наставните содржини ги поддржуваат сите етапи на учење и воведување во наставниот процес.

## 5. Оцена за дополнителните текстови во учебникот

- Во учебникот не постојат дополнителни текстови.
- Поради особено високиот квалитет на учебникот од секој аспект и одличното вербално и визуелно обработување на сите содржини во учебникот, а почитувајќи ја возраста на оние за кои е наменет, студентите, дополнителните текстови во ваков случај не се неопходни, напротив, целосното обработување на наставната единица го сметаме како предност.

## 6. Соодветност на јазикот според возраста на учениците и градење на јазична култура

- Јазикот на кој е напишан учебникот е јасен, прецизен, без непотребни додатоци и објаснувања, а јазичната форма е чиста и едноставна.
- Учебникот овозможува стекнување на потребниот речник на поими и термини.
- Се овозможува квалитетен израз во разбирањето и интрепретацијата на наставните содржини.
- Избегната е употребата на непотребни кратенки и странски зборови кои не кореспондират со наставната програма.
- Учебникот овозможува, со употреба на соодветниот вокабулар, градење квалитетен израз во разбирањето и и интрепретацијата на наставните содржини.

- Новите изрази се наведени во согласност со наставната програма, а дополнителните поими кои се значајни за продлабочено разбирање на наставните содржини се објаснети на крај на учебникот во посебен дел – Речник на поими.

## Заклучни согледувања

**Врз основа на наведниот презентиран материјал, со задоволство можеме да истакнеме дека пред нас е труд презентиран со особена креативност, систематичност и рационалност.**

**Квалитетот на наведените содржини, начинот и обемот на претставување, како и употребата на современите научни сознанија, го прават овој учебник адекватен на улогата – неопходна стручна литература во процесот на образование на идните наставници по предметот ликовно образование.**

**Со задоволсто им го препорачуваме овој содржаен текст на сите заинтересирани за изведување на современа настава по предметот ликовно образование.**

Рецензент

Доцент д-р Маја Рауник Кирков, с.р.



Скопје,

16. 3 2010

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ
СКОПЈЕ
Примено: 22.09.2010
Орг. Един. 11 | Број 333 | Прилог 2 | Вредност



# РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „МЕТОДИКА НА ЛИКОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ", ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ФЕХИМ ХУСКОВИЌ

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, бр.11-132/1 од 26.4.2010 година, со која сум избран за рецензент на доставениот ракопис на учебникот **МЕТОДИКА НА ЛИКОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ,** од авторот д-р Фехим Хусковиќ, вонреден професор, ви се заблагодарувам на довербата и ви го доставувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Учебникот „Методика на ликовното образование", од проф. д-р Фехим Хусковиќ, наменет е за студенти и наставници во основни и средни училишта, поточно кажано, учебникот е десна рака на едукаторите по ликовната проблематика-образование за предучилишна, одделенска, предметна настава и пошироко, за професионалци во образованието. Учебникот содржи текст кој обработува и сублимира содржини од наставната програма по ликовно образование од современа научна и стручна гледна точка на методиката и дидактиката. Тој содржи текст кој е логично подреден со јасна претстава за реализирање на наставната програма. Текстот опфаќа повеќе единки-сегменти во една целина, а тоа се:

- Методика на наставата по ликовно образование и нејзино дефинирање
- Ликовното образование во наставата
- Ликовната педагогија во Македонија
- Развој на детскиот ликовен израз
- Ликовни медиуми
- Принципи на наставата по ликовно образование
- Форми и методи за работа во наставата по ликовно образование
- Планирање на наставата, Култура, Вовед во естетиката
- Етика и уметничка вредност
- Развој на внатрешна мотивација за учење
- Вonнаставни активности
- Ликовни поими и мотиви.

Во споменативе наслови се обработуваат: дефинирањето на поимот, историскиот развој, ликовното образование пошироко во светски рамки и неговото значење. Претставени се наставниот процес и спојот-врската со ликовното образование, развојот на личноста преку ликовното образование, социологијата и методиката и односот на теоријата за уметноста, содржинските единки во ликовното образование и неговата специфичност, како и целосно и детално е претставена содржината за улогата и местото на наставникот во процесот на ликовното образование како процес со детали и пораки со воспитно-едукативно и практично значење.

Детскиот ликовен израз и неговиот развој се обработени со содржините „Психолошка анализа на детскиот цртеж" и „Ликовни типови на деца", со што се откриваат моторичко-психолошките карактеристики на учениците и употребата на средствата и материјалите за работа во процесот на ликовното образование потребни за изведување на настава во современи услови.

Во наведените три целини: Принципи во наставата по ликовно образование, Форми на работа во наставата по ликовно образование и Методи на работа во наставата по ликовно образование, образложена е практичната примена за реализација на наставата по ликовно образование преку теоретска поставка.

Насловот „Планирање на наставата" опфаќа насоки и практични упатства за квалитетен и современ час, т.е. „совршено реализиран час". Авторот на учебникот д-р Фехим Хусковиќ, во овој наслов на оригинален и креативен начин ја осмислува и ја дефинира оваа целина како идниот наставник преку практична реализација на методските начини и средства би го реализирал својот наставен час. Во овој наслов е и обработката на темата како што е „Училишниот систем во Македонија".

Посебно важни се сознанијата и обработката на содржините-целините: Култура, Вовед во естетиката и Уметничка вредност, од кои наставникот презема искуства и сознанија за наставата и нејзината реализација. Од педагошки аспект и на современ начин се анализира креативноста и надареноста на учениците со цел да се унапреди и развие мотивацијата на учениците за часот по ликовно воспитание. Авторот на учебникот опширно ги обработува воннаставните активности кои се битни за овој предмет.

Под поимот ликовни мотиви и поими во учебникот усогласени се во една целина сите компоненти битни за образовниот процес по предметот ликовно образование.

Учебникот „Методика на ликовното образование" од проф. д-р Фехим Хусковиќ е целина од повеќе сегменти и се вреднува по „Методологијата за вреднување на учебници", издадена од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Под научно-стручни и методолошки стандарди се поставени: Научната и методолошката заснованост на содржините и Дидактичките правила во обликувањето на содржините.

Горенаведените содржини обработуваат поими и постапки со стручна и уметничка основа од предметната област со презентација на систем за научно и уметничко изградување, како што се анализа, синтеза на сознанијата преку идентификација, споредба и класифицирање на добиените сознанија. Преку добиените сознанија се решаваат разни методолошки задачи и проблеми, а со нивното применување се проширува и продлабочува знаењето.

Сознанијата-содржините овозможуваат примање на знаења преку разбирање со поврзување на повеќе различни целини. Во помалите програмски целини и воопшто, кога се обработуваат податоци, факти, поими и слично, присутни се логиката, систематичноста, селективниот пристап и поврзаноста во целината. Под поимот развојни воспитно-

образовни функции на учебникот и избор и примена на соодветни методи и постапки во обликување на наставните единици како поднаслов се подразбира актуелна тематика, будење интерес за изградба на свој став и самостојно учење кај студентите, а исто така и формирање на свој креативен став кај наставникот.
Во „Основи за мотивација и самостојно учење", авторот ги третира квалитетот, квантитетот, обемот на поставените прашања и упатства за секоја една целина со постапност во обработката на материјата во процесот на учење, стимулирајќи ја креативната и творечката активност и на студентите. Со дидактичко-методски стандарди и оцената за изборот и систематизирањето на содржините по наставните подрачја-теми, д-р Фехим Хусковиќ споменатото го презентира врз основа на наставна програма, со директен и разбирлив јазичен израз, со високопрофесионално и рационално методско-дидактичко ниво и предвидени часови од фондот во наставната програма. Содржините и предвидените активности кореспондираат адекватно и одмерено според сложеноста на наставната содржина, поддржувајќи ги сите етапи во учењето. Учебникот е со висок квалитет од секој аспект, со професионално вербално и визуелно обработување на наставните единици. Јазикот како еден од главните чинители во учебникот е напишан со јасен, прецизен речник, со богати поими и термини, овозможувајќи квалитетен израз во разбирањето и интерпретацијата на наставната содржина, додека новите изрази се во согласност со наставната програма, а дополнителните поими се објаснети на крајот на учебникот во Речникот на поими.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од горенаведениот извештај за предложениот учебник со наслов МЕТОДИКА НА ЛИКОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, од авторот д-р Фехим Хусковиќ, можеме да констатираме дека е презентиран научен труд со содржини кои по начинот и обемот на претставување се современи научни сознанија изградени со креативност, рационалност и систематичност и претставува учебник адекватен за процесот на образованието за идните наставници по предметот ликовно образование и за сите заинтересирани за оваа проблематика.
Врз основа на изнесеното позитивно мислење, предлагам институциите од областа на образованието да го прифатат и објават ракописот од учебникот со наслов: „МЕТОДИКА НА ЛИКОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ" од авторот д-р ФЕХИМ ХУСКОВИЌ, со што овој неопходен прирачник ќе стане достапен за студентите на нашиот Факултет и пошироко, кои според студискиот план и програма го следат предметот методика со адекватниот истоимен термин како и предложениот учебник.

РЕЦЕНЗЕНТ
М-р Трајче Блажевски, вонреден професор на ФЛУ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗАВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕХАТРОНИКА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, бр.02-1747/4 од 2.9.2010 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник-доцент во научната област мехатроника .

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" на 5.7.2010 година, се пријави д-р Виктор Гаврилоски, дипл. маш. инж., вработен како наставник-доцент на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

По прегледот на доставената документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Виктор Гаврилоски е роден на 21.2.1972 год., во Скопје. Основното образование го завршил во ОУ „Лазо Трповски" во Скопје, со одличен успех. Средното образование го продолжил во машинско-металуршкиот училиштен центар ММУЦ „Панче Арсовски" во Скопје и го завршил со перманентно покажан одличен успех.

Во учебната 1990/91 год. се запишал на Машинскиот факултет во Скопје, а дипломирал на 24.5.1995 год. Студиите ги завршил со просечен успех 9,9, што претставуваше најголем просек од постоењето на Машинскиот факултет.

Во 1996 год. се запишал на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје, на истражувачко подрачје „Јакосни и динамички проблеми во машинството", а предвидените испити ги положил со просечен успех 10. На 10.12.1999 год. успешно ја одбрани магистерската работа под наслов: „Оптоварувања и напонска состојба на носечката конструкција на ротирачките багери".

На 24.9.2003 год., д-р Виктор Гаврилоски пријавил тема за изработка на докторска дисертација, на Машинскиот факултет во Скопје. Докторската дисертација под наслов: „Подобрување на динамичкото однесување на возилата со полуактивен систем за потпирање и пневматски еластични елементи со интегриран мехатронен пристап", успешно ја одбранил на 14.11.2005 год. и се стекнал со звањето доктор на технички науки.

На 5.12.1996 год. д-р Виктор Гаврилоски е избран за стручен соработник, на 20.4.2000 год. е избран за асистент при Институтот за механика на Машинскиот факултет во Скопје, а на 29.1.2006 год. е избран во наставното звање доцент од научната област мехатроника. Со стапување во работен однос, д-р Виктор Гаврилоски активно се вклучил во наставната, научноистражувачката и апликативната дејност на Институтот за механика.

Во наставната дејност д-р Виктор Гаврилоски учествувал во одржувањето на наставата и вежбите по повеќето предмети кои ги покрива Институтот за механика на додипломските и на постдипломските студии.

Во текот на својата работа, д-р Виктор Гаврилоски има објавено околу 90 стручни и научни трудови од областите: мехатронички системи, динамика на возила и системи, вибрации во машинството, јакосни анализи итн.

Во 1999 година, два месеца престојувал на ТУ Брауншвеиг - Германија во рамките на TEMPUS- JEP проектот JEP-13571-98 „Воведување на комплексни системи за моделирање во високото инженерско образование и континуирана

обука на професионалци од малите и од средните претпријатија". Во 2003 година реализирал двомесечен стручен престој во Лабораторијата за мехатроника при ТУ Илменау во Германија, за запознавање со искуствата при воведувањето на наставните програми по мехатроника, а посебно за моделирање, управување и симулација на мехатронички системи. Во 2004 година, во склоп на DAAD-проектот „Мехатроника", престојувал еден месец на Техничкиот универзитет во Илменау- Германија, каде што активно работел на моделирање и симулација на мехатронички системи. Во 2006 година, во склоп на проект финансиран од GTZ реализирал еднонеделен престој во Германија на институции за оцена на сообраност на производи и сертификација на лица и производи, а во 2007 година во склоп на истиот проект реализирал краток стручен престој во Германија на институции за акредитација. Во 2008 и 2009 година, во рамките на TEMPUS- JEP проектот JEP-19017-2004: „Numerical Simulation Program in Mechanical Engineering", остварил еднонеделни престои на Техничкиот универзитет во Штутгарт – Германија и на Вриjе - универзитетот во Брисел – Белгија.

Од 2010 година, д-р Виктор Гаврилоски учествува во меѓународниот проект COST TU 0901 „Integrating and harmonising sound insulation aspects in sustainable urban housing constructions". Исто така, д-р Виктор Гаврилоски е раководител на ТЕМПУС - проектот „Development of Regional Interdisciplinary Mechatronic Studies", со траење од јануари 2010 до јануари 2013 година.

Неговите општествени активности и ангажмани се присутни во текот на целиот живот. Меѓу поважните активности и ангажмани би ги навеле:

- член на секторски комитет при Институтот за акредитација на Р.Македонија;
- член на Работната група за изработка на правилници врз основа на Законот за техничката инспекција;
- член на Работната група за изработка на Закон за техничката инспекција;
- претседател на Техничкиот комитет ТК-6 при Институтот за стандардизација на Р.Македонија;
- член на Работната група за изработка на правилници во рамките на проектот за транспозиција на европските директиви;
- член на Техничкиот комитет за Правилникот за законски единици и мерки при Бирото за метрологија;
- член на Техничкиот комитет за ревизија и превод на директиви од ЕУ при Министерството за економија на Р.Македонија;
- член на Друштвото за механика на Р.Македонија;
- член на Извршниот одбор и технички секретар на Друштвото за теорија на машини и механизми на Р.Македонија.

Од октомври 2008 година, Виктор Гаврилоски е раководител на Институтот за механика при Машинскиот факултет во Скопје.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во наставната дејност д-р Виктор Гаврилоски учествувал во одржувањето на вежбите по повеќето предмети кои ги покрива Институтот за механика, а наставата на додипломските студии ја изведува по предметите: мехатронички системи, техничка механика и јакост 1. На постдипломските вонредни двегодишни студии назначен е како наставник на повеќе предмети од областите: мехатроника, вибрации во машинството и јакост и динамика на конструкции. На

вториот циклус едногодишни студии активно учествува во наставата од студиската програма мехатроника.

Предметите по кои одржува настава и вежби се реализираат за поголем број на студенти, поради што бил ангажиран со голем број часови и остварил голем број консултации со студентите. Треба да се потенцира завидното познавање на кандидатот на наставната проблематика, коректниот однос кон студентите и одличната комуникација со нив.

Во периодот од изборот во наставно-научно звање доцент, кандидатот бил ментор на 14 дипломски работи изработени од студенти на студиската програма мехатроника и учествувал во комисијата за одбрана на 8 дипломски работи. Во овој период, кандидатот самостојно изготвил интерна скрипта предавања по предметот мехатронички системи, а во соработка со други автори изработил интерна скрипта вежби по предметот статика. Интерните скрипти се одобрени од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет.

Наставно-образовната дејност на кандидатот е проследена со голем број активности. Кандидатот се одликува со голема посветеност на работата и има занчајна улога во развојот на наставно-образовниот процес на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во Прилог 1, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот од наставно-образовната дејност.

## III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од изборот во наставно-научно звање доцент, кандидатот успешно е вклучен во научноистражувачката дејност на Институтот за механика при Машинскиот факултет во Скопје, што резултира со објавување на 2 труда во научни списанија и 8 труда во зборници на трудови од меѓународни конгреси и симпозиуми. Посебно е за истакнување учеството на кандидатот на еден од престижните научни собири, 12-тиот Конгрес на меѓународната федерација за теорија на машини и механизми, со труд кој е е од потесната област на неговото истражување.

Врз основа на анализа на трудовите, се забележува дека научноистражувачката работа на кандидатот е посветена на подобрување на динамичкото однесување на возилата со мехатронен пристап и примена на полуактивен систем за потпирање и пневматски еластичен елемент. Низ застапената проблематика, кандидатот покажува фундаментални познавања од доменот на динамиката на возилата, од моделирањето, симулациите и проектирањето на мехатроничките системи, а трудовите претставуваат значаен научен придонес во областа на напредни мехатронички системи за потпирање на возилата. Исто така, во изминитиве пет години, кандидатот го проширил својот научноистражувачки интерес кон проучување на примена на влакнесто армирани полимери во изработка на иновативни материјали и определување на нивните јакосни карактеристики.

Кандидатот д-р Виктор Гаврилоски учествува и во меѓународниот проект COST TU 0901 „Integrating and harmonising sound insulation aspects in sustainable urban housing constructions", што претставува еден од научноистражувачките интереси на Институтот за механика.

Во Прилог 1, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот од научноистражувачката дејност, со што се потврдува неговата способност за научноистражувачка работа.

## IV. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот од изборот во наставно-научно звање доцент, кандидатот активно е вклучен во стручно-апликативната дејност на Машинскиот факултет во Скопје и има изработено повеќе проекти, студии, ревизии и стручни мислења од областа на машинството.

Како во текот на целиот живот, така и по изборот во наставно-научното звање доцент, кандидатот вршел повеќе дејности од поширок интерес, вклучувајќи и повеќе стручни престои на европски универзитети.

Посебно треба да се истакне дека од 2008 година, кандидатот е раководител на Институтот за механика при Машинскиот факултет. Во рамките на активностите за доближување до европскиот високообразовен простор, кандидатот учествуваше во подготовката, а сега е и раководител од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на TEMPUS Project 158644- JPCR: Development of Regional Interdisciplinary Mechatronic Studies – DRIMS.

Во Прилог 1, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот од стручно-апликативната дејност.

## V. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, како и врз основа на личното познавање, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Виктор Гаврилоски, дипл.маш.инж., од вработувањето на Машинскиот факултет до денес, успешно бил вклучен во наставно - образовната, научноистражувачката и апликативната дејност на Институтот за механика, како и на Машинскиот факултет.

Анализата на наставно-образовните, научноистражувачките и стручно - апликативните активности, неговиот сериозен пристап кон извршувањето на обврските, инвентивноста, трудољубивоста, кооперативноста со наставниците и залагањето во работата со студентите, дефинитивно потврдуваат дека кандидатот д-р Виктор Гаврилоски, дипл.маш.инж., е исклучително квалитетен и перспективен научен работник.

Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет, кандидатот д-р Виктор Гаврилоски, дипл.маш.инж., да биде избран во наставно-научното звање вонреден професор на научната област мехатроника.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Емилија Ветацокоска, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Иван Мицкоски, член, с.р.

3. Проф. д-р Наќе Бабамов, член, с.р.

ПРИЛОГ 1

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Гаврилоски Виктор

**Институција:** Машински факултет - Скопје

**Научна област:** мехатроника

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава од прв циклус студии по мехатронички системи (2+2) во учебната: 2007/08, 2008/09, 2009/10. | 3,6 |
| 2. | Настава од прв циклус студии по техничка механика (2+2) во учебната: 2006/07, 2007/08, 2008/09, 2009/10. | 4,8 |
| 3. | Настава од прв циклус студии по јакост 1 (2+2) во учебната: 2009/10. | 1,2 |
| 4. | Настава од втор циклус студии по основи на мехатрониката и електромеханички системи (2+2) во учебната: 2007/08, 2008/09. | 3,0 |
| 5. | Настава од втор циклус студии по интегрирани мехатронички системи (2+2) во учебната: 2009/10. | 1,5 |
| 6. | Одржување на вежби по мехатронички системи (2+2) во учебната: 2007/08, 2008/09, 2009/10. | 2,7 |
| 7. | Одржување на вежби по кинематика (2+2) во учебната: 2005/06, 2006/07, 2007/08. | 2,7 |
| 8. | Одржување на вежби по јакост 1 (2+2) во учебната: 2005/06, 2006/07, 2009/10. | 2,7 |
| 9. | Одржување на вежби по техничка механика (2+2) во учебната: 2006/07, 2007/08. | 1,8 |
| 10. | Консултации со студенти: 2005/06 (200 студенти), 2006/07 (300 студенти), 2007/08 (300 студенти), 2008/09 (200 студенти), 2009/10 (200 студенти) | 2,4 |
| 11. | Ментор на дипломска работа | 2,8 |
| 12. | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа | 0,8 |
| 13. | Интерна скрипта од предавања по мехатронички системи | 4,0 |
| 14. | Интерна скрипта од вежби по статика | 2,4 |
| | **Вкупно** | **36,4** |

### НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | COST - TU0901: "Integrating and harmonising sound insulation aspects in sustainable urban housing constructions"; Project financed by European Commission, 2009-2013. (учесник во меѓународен научен проект 40% x 5,0 = 2,0) | 2,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | **Gavriloski, V.**, Jovanova, J., Dynamic behaviour of an air spring element. International journal Machines, technologies, materials, Sofia, Bulgaria, Issue 4-5, pp. 24-27, (2010). (труд во научно/стручно списание 4 x 0,9 = 3,6) | 3,6 |
| 3. | **Gavriloski, V.**, Vetadzokoska, E., Babamov, N., Jovanova, J., Development of Air Spring Dynamic Model for Vehicle Suspension. Mechanical engineering – Scientific journal, Faculty of Mechanical engineering – Skopje, Vol.28, No.2, pp. 89-94, (2009). (труд во научно/стручно списание 4 x 0,6 = 3,6) | 2,4 |
| 4. | **Gavriloski, V.**, Korunoski, D., Mickoski, H., Design of controllable suspension system. Proc. I Serbian (XXVI YU) Congress on Theoretical and Applied mechanics, Kopaonik, Serbia, April 2007. (труд објавен во зборник 2 x 0,8 = 1,6) | 1,6 |
| 5. | Mickoski, H., Angusev, K., **Gavriloski, V.**,Determination of Scara manipulator position and orientation error by using Jacobian inverse kinematic algorithms with Matlab/Simulink. Proc. I Serbian (XXVI YU) Congress on Theoretical and Applied mechanics, Kopaonik, Serbia, April 2007. (труд објавен во зборник 2 x 0,8 = 1,6) | 1,6 |
| 6. | **Gavriloski, V.**, Danev, D., Angushev, K., Mechatronic approach in vehicle suspension system design. Proc. 12th IFToMM World Congress, Besançon (France), June 2007. (труд објавен во зборник со меѓународен одбор 3 x 0,8 = 2,4) | 2,4 |
| 7. | **Gavriloski, V.**, Danev, D., Gavriloski, M., Mechatronic approach for improvement of vehicle vertical dynamics. Proc. 9th International Workshop on Research and Education in Mechatronics, Bergamo, Italy, September 2008. (труд објавен во зборник со меѓународен одбор 3 x 0,8 = 2,4) | 2,4 |
| 8. | Тромбева-Гаврилоска, А., **Гаврилоски, В.**, Моделирање на ослабениот врзен слој помеѓу армиранобетонски носач зајакнат со CFRP- лента при исто оптоварување, Зборник на трудови од 13. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија, Охрид, Македонија, октомври 2009, стр. 335-340. (труд објавен во зборник со меѓународен одбор 3 x 0,9 = 2,7) | 2,7 |
| 9. | Gavriloska, A., Cvetkovska, M., **Gavriloski, V.**, Samardzioska, T., Uticaj procenta armiranja na mehaničke karakteristike FRP materijala, Zbornik radova na treći internacionalni naučno-stručni skup gradevinarstvo-nauka i praksa, Žabljak, Crna Gora, februar, 2010, str. 27-32. (труд објавен во зборник со меѓународен одбор 3 x 0,6 = 1,8) | 1,8 |
| 10.. | Trombeva, A., Cvetkovska, M., Samardzioska, T., **Gavriloski, V.**, Reinforcement ratio influence upon FRP material mechanical characteristics, Scientific Proceedings of the scientific-technical union of mechanical engineering: VII International congress "Machinery, technology, materials", Sofia, Bulgaria, May, Vol 3/118, pp. 107-109 (2010). (труд објавен во зборник со меѓународен одбор 3 x 0,6 = 1,8) | 1,8 |
| 11. | **Gavriloski, V.**, Jovanova, J., Dynamic behaviour of an air spring element. Scientific Proceedings of the scientific-technical union of mechanical engineering: VII International congress "Machinery, technology, materials", Sofia, Bulgaria, May, Vol 3/118, pp. 93-96, (2010). (труд објавен во зборник со меѓ. одбор 3 x 0,9 = 2,7) | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Учество со реферат на XXVI конгрес за теоретска и применета механика. | 1,0 |
| 13. | Учество со реферат на 12. Конгрес на Меѓународната федерација за теорија на машини и механизми. | 1,0 |
| 14. | Ментор на магистерска работа: „ Анализа на перформансите на систем за активно пригушување на вибрациите“ (пријавена) | 1,0 |
| | **Вкупно** | **28,0** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Проект со техничко решение за реконструкција на плашт од електропечка за дислокација на коњето КТ-4 во погон Челичана – АД „МАКСТИЛ" - Скопје, Машински факултет Скопје, октомври 2006 год. (соработник) | 2,0 |
| 2. | Проект - техничко решение за зголемување на распонот на мостна дигалка со носивост 5 t во МАКИТЕЛ дооел – с.Ново Село – Дебарца, Машински факултет - Скопје, декември 2007 год. (соработник) | 2,0 |
| 3. | Проект со техничко решение за зголемување на распонот на мостна дигалка со носивост 2 t во МАКИТЕЛ дооел – с.Ново Село – Дебарца, Машински факултет - Скопје, декември 2007 год. (одговорен проектант) | 4,0 |
| 4. | Проект – Кинетостатска анализа и јакосна проверка на механизам од клешта за подигнување на челични слабови во погон на А.Д. „Макстил"- Скопје, Машински факултет - Скопје, февруари 2008 год. (одговорен проектант) | 4,0 |
| 5. | Проект – Кинетостатска анализа и јакосна проверка на канџаста клешта со носивост 25 t во погон на А.Д. „Макстил"- Скопје, Машински факултет - Скопје, март 2008 год. (одговорен проектант) | 4,0 |
| 6. | Студија – Елаборат за системот за ладење на електро-печка во погон Челичарница на А.Д. „Макстил"- Скопје, Машински факултет - Скопје, јуни 2009 год. | 2,0 |
| 7. | Студија – Елаборат за поместување на електродниот круг од електропечка во А.Д. „Макстил"- Скопје, Машински факултет - Скопје, март 2010 год. | 2,0 |
| 8. | Ревизија на техничката документација за патнички лифт на електричен погон во објект МРТВ, Машински факултет – Скопје, јуни 2006 год. (соработник) | 0,5 |
| 9. | Ревизија на главен проект за патнички лифт со носивост 525 kg во „Македонски телекомуникации " – ТК Центар, Машински факултет – Скопје, јуни 2007 год. (соработник) | 0,5 |
| 10. | Ревизија на проект од аспект на кинематиката на движење на механизмот за подигање на капакот од електропечка во погон на А.Д. „Макстил"- Скопје, Машински факултет - Скопје, октомври 2008 год. (одговорен) | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Контролна кинематска пресметка и ревизија на техничка документација за промена на кинематиката на механизмот за подигање на капакот од електропечка во погон на АД „Макстил" – Скопје, Машински факултет - Скопје, април 2010 | 1,0 |
| 12. | Стручно мислење за носивоста на кран во ХЕЦ „Сапунчица" - Битола, Машински факултет – Скопје, мај 2007 год. | 1,0 |
| 13. | Стручно мислење за носивоста на кран во ХЕЦ „Дошница" – Демир Капија, Машински факултет – Скопје, септември 2007 год. | 1,0 |
| 14. | Стручно мислење за извршените ремонтни работи и процена на состојбата на лифт во објект на ЈП Агро Берза – силоси за жито Прилеп, Машински факултет, Скопје, мај 2008. | 1,0 |
| 15. | Стручно мислење за процена на безбедноста при употреба на лифтовите во објектите на Хотели Метропол - Охрид, Машински факултет, Скопје, април 2008. | 1,0 |
| 16. | Стручно мислење за состојбата на лифтот во ТЕ Осломеј - Кичево, ЦИРКО Машински факултет, Скопје, јуни 2008. | 1,0 |
| 17. | Стручно мислење за состојбата на лифтовите и опремата од лифтовите во објект на Министерството за правда на Република Македонија, Машински факултет, Скопје, август 2008. | 1,0 |
| 18. | Стручни мислења за состојбата на лифтовите и опремата во МРТВ, Машински факултет, Скопје, јули 2008 (6 стручни мислења x 1,0) | 6,0 |
| 19. | Technical report No. 07-1454/3 – 2010: Vibration measurements on filament winding machine MAW 20 LS3/1, Faculty of mechanical Engineering, May 2010. | 1,0 |
| 20. | Учество во промотивни активности на факултетот во 2006, 2007, 2008, 2009 год. (4 x 0,5 = 2) | 2,0 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 21. | Стручен престој во Германија на повеќе институции за оцена на сообраност на производи и сертификација на лица и производи (2006 год.) | 0,5 |
| 22. | Стручен престој во Германија на повеќе институции за акредитација (2007 год.) | 0,5 |
| 23. | Студиски престој на Техничкиот универзитет во Штутгарт, Германија (2008 год.) | 0,5 |
| 24. | Студиски престој на Врије-универзитетот во Брисел, Белгија (2009 год.) | 0,5 |
| 25. | Изготвување и пријавување на меѓународен образовен проект ТЕМПУС, април 2007 год. | 2,0 |
| 26. | Изготвување и пријавување на меѓународен образовен проект ТЕМПУС, април 2009 год. | 2,0 |
| 27. | Раководител на Институтот за механика при Машинскиот факултет (2008 - .). | 3,0 |
| 28. | Раководител на наставно-научен колегиум за втор циклус на студии за студиската програма Механика(2009 - .). | 2,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 29. | Учесник во подготовката на правилници врз основа на Законот за безбедност на производи во рамките на проектот за транспозиција на европските директиви (2007 год.) | 2,0 |
| 30. | Учесник во подготовката на Законот за техничката инспекција (2008 год.) | 2,0 |
| 31. | Учесник во подготовката на два правилника врз основа на Законот за техничката инспекција (2009 год.) (2 x 2,0 = 4,0) | 4,0 |
| 32. | Претседател на техничкиот комитет ТК - 6 при Институтот за стандардизација на Р. Македонија (2007 - .). | 1,0 |
| 33. | Член на секторски комитет при Институтот за акредитација на Р.Македонија (2009-2010) | 1,0 |
| 34. | Член на извршниот одбор и технички секретар на Друштвото за теорија на машини и механизми на Р.Македонија. | 1,0 |
| 35. | Раководител од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј " во Скопје на TEMPUS Project 158644- JPCR: Development of Regional Interdisciplinary Mechatronic Studies – DRIMS (2010 - 2013). | 1,0 |
| | **Вкупно** | **61,0** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 36,4 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 28,0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 61,0 |
| **Вкупно** | **125,4** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Емилија Ветаџокоска, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Иван Мицкоски, член, с.р.
3. Проф. д-р Наќе Бабамов, член, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КВАЗИГРУПНО ПРОЦЕСИРАНИ НИЗИ, НИВНА БУЛОВА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ПРИМЕНА ВО КРИПТОГРАФИЈАТА И КОДИРАЊЕТО“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ВЕСНА Н. ДИМИТРОВА, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 2 септември 2010 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација **КВАЗИГРУПНО ПРОЦЕСИРАНИ НИЗИ, НИВНА БУЛОВА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ПРИМЕНА ВО КРИПТОГРАФИЈАТА И КОДИРАЊЕТО**, поднесена од Весна Н. Димитрова, магистер на информатички науки, асистент на ПМФ во Скопје.

Комисијата во состав: д-р Смиле Марковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, д-р Верица Баксва, вонреден професор на ПМФ во Скопје, д-р Данило Глигороски, редовен професор на Департманот за телематика, Норвешки универзитет за наука и технологија, Трондхајм, Норвешка, акад. Љупчо Коцарев, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, д-р Лидија Горачинова – Илиева, доцент на факултетот за информатика на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и д-р Марјан Гушев, редовен професор на ПМФ во Скопје (резервен член), по прегледот на доставената дисертација до Наставно-научниот совет на ПМФ го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на Весна Н. Димитрова под наслов **КВАЗИГРУПНО ПРОЦЕСИРАНИ НИЗИ, НИВНА БУЛОВА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ПРИМЕНА ВО КРИПТОГРАФИЈАТА И КОДИРАЊЕТО** е изложена на вкупно 204 страници B5-формат, од кои 62 страници е текстот на дисертацијата и 142 страници се прилози на дисертацијата, кадешто се изложени комплетни докази на изнесените тврдења дадени во дисертацијата. Во дисертацијата има 39 табели, 15 слики и графикони и литература од 112 библиографски единици. Дисертацијата се состои од 8 дела: Вовед, Квазигрупи и нивни трансформации, Квазигрупни идентитети и равенки, Класификации на квазигрупите, Примена на квазигрупите во криптографијата и кодирањето, Заклучок, Литература и Прилози.

**Научна област на дисертацијата**

Разгледувањата и резултатите изнесени во докторската дисертација се однесуваат на својствата на квазигрупите и квазигрупните трансформации погодни за нивна примена во криптографијата и теоријата на кодирањето. Во повеќе трудови објавени во поново време се покажува дека квазигрупите можат да се користат во изработка на основните алатки кои се применуваат во криптографијата и кодирањето. Квазигрупите како алгебарски и комбинаторен поим се предмет на интензивно истражување во последниве 80 години. Истражувањата поврзани со нивната примена во криптографијата и кодирањето се посебно интензивни во последниве десетина години и во тоа значаен придонес имаат истражувањата што ги вршат неколку истражувачи од Институтот за информатика на ПМФ во Скопје. Главните истражувања се во насока на дефинирање на нови алгоритми за проточни шифрувачи, алгоритми за блок шифрувачи, алгоритми за псевдогенератори на случајни низи, алгоритми за хаш-функции, алгоритми со јавни клучеви, алгоритми за кодови што откриваат и поправаат грешки, алгоритми за случајни

кодови и.т.н. Докторската дисертација на Весна Н. Димитрова претставува придонес кон тие истражувања. Со резултатите добиени во нејзината докторска дисертација се откриваат некои нови, досега непознати, својства на квазигрупите и квазигрупните трансформации кои доведуваат до низа отворени прашања, чиешто решавање дава придонес во оваа област на истражување. Оттука следува и практичната вредност на овие резултати, кои наоѓаат примена во индустријата и, воопшто, за решавање на разни видови комуникациски проблеми поврзани со сигурноста и веродостојноста на податоците.

**Приказ на докторската дисертација**

Во првата глава „Квазигрупи и нивни трансформации“ се даваат основните дефиниции во врска со квазигрупите, а посебно за конечните квазигрупи, и се прикажува врската меѓу квазигрупите и латинските квадрати. Дадени се некои карактеристики на квазигрупите и дефинирани се поимите за лева и десна квазигрупа и нивните основни својства. За полесно користење на квазигрупите и нивна подобра анализа (заради нивниот огромен број) дефинирано е лексикографско подредување на множеството од квазигрупи од даден ред.

Во оваа глава се дискутираат и парастрофните операции придружени на дадена квазигрупна операција, кои ги има до 6 различни. Парастрофните операции се битни поради нивното користење при дефинирањето на погодни криптирачки и декриптирачки функции. Исто така се дефинирани и поимите за хомотопизам, изотопизам, автотопизам, како и хомоморфизам, изоморфизам и автоморфизам, кои се потребни за испитувањата извршени во оваа дисертација.

Понатаму, во оваа глава се дадени основните дефиниции и својства на $n$-квазигрупите и предложен е нов метод за пресметување на бројот на $n$- квазигрупите, според кој за пресметување на бројот на $n$-квазигрупите е потребно да се знае само бројот на елементи на секоја изотопна класа на $(n-1)$-квазигрупите, како и по еден претставник од секоја изотопна класа. Користејќи го овој метод на многу едноставен начин е пресметан бројот на тернарните квазигрупи од ред $n \leq 5$ и квартерните квазигрупи од ред $n \leq 5$.

На крајот на оваа глава се дефинирани некои типови на квазигрупни трансформации кои се користат при дизајнирање на различни криптографски примитиви. Значаен придонес на оваа дисертација се и новите веројатносни својства на квазигрупно процесираните низи кои се корисни во криптоанализата. Всушност, најдена е распределбата на $m$-торките ($m > n$) во произволна низа добиена после примена на $E^{(n)}$-трансформацијата. Дадена е анализа на добиените резултати и е покажано како овие теоретски резултати може да бидат искористени за статистички напад за откривање на оригиналната порака, а исто така е предложен и алгоритам кој покажува како тој напад може да биде спроведен.

Во втората глава „Квазигрупни идентитети и равенки“ се дефинирани поимите квазигрупни идентитети и квазигрупни равенки. Разгледувано е множеството $Q_n$ од сите конечни квазигрупи од даден ред $n$, каде што $n$ е позитивен цел број. Користејќи ги левите и десните транслации, како и погодно избрани квазигрупни терми $t$, дефинирани се множества од идентитети, наречени идентитетски сита, кои се задоволени во множеството $Q_n$. Множеството $Q_n$ е претставено како унија од изоморфни класи и користејќи ги множествата од идентитети како сита, се врши просејување на квазигрупите и се добива класификација на изоморфните класи. Даден е и алгоритам за просејување на квазигрупите од даден ред. Користејќи го тој алгоритмот, за различни терми се добиваат различни класификации на изоморфните класи на квазигрупите од даден ред кои може да се користат за добивање на специјални квазигрупи, погодни за

дизајнирање на повеќе типови на криптографски примитиви. Направена е анализа на некои типови квазигрупни равенки и испитувана е решливоста на квазигрупните равенки и системите од квазигрупни равенки. Од посебно значење за криптографските хаш-функции NASHA-(384,2,6) и NASHA-(512,2,2) е наоѓањето на системи од квазигрупни равенки кои немаат решение. Во ова поглавје се дадени анализите на решенијата на специјални типови на системи квазигрупни равенки во множеството на квазигрупи од ред 4, кои се практично искористени во криптоанализата на наведените хаш-функции.

Третата глава „Класификации на квазигрупите“ содржи повеќе типови класификации на квазигрупите и тернарните квазигрупи од ред 4:

а) *Според графичкиот приказ на квазигрупно процесираните низи добиени со последователна примена на повеќе квазигрупни трансформации*

Опишан е методот за добивање на графичка презентација на квазигрупните $E$ и $D$ трансформации. Според оваа класификација, квазигрупите се поделени на две класи: класа на фрактални и класа на нефрактални квазигрупи. Со испитување на голем број различни видови почетни периодични низи е заклучено дека постојат 192 квазигрупи од ред 4 кои прикажуваат фрактална структура. Овој факт е значаен за примената на квазигрупите, бидејќи е покажано дека во некои видови примени фракталните и нефракталните квазигрупи даваат различни резултати. Исто така, дефиниран е нов поим на квазигрупи со период $k$. Тоа се всушност квазигрупи за кои важи дека $E^{(n)}(\alpha) = \alpha$ за секој $n$, при соодветен избор на периодична низа $\alpha$ со најмал период $k$. Дадени се неколку нови својства на ваквите квазигрупи и е извршена соодветна класификација на квазигрупите од ред 4 според периодите.

б) *Според Буловата репрезентација на квазигрупите*

Оваа класификација е направена според Буловата репрезентација на квазигрупите. Според оваа класификација главно квазигрупите се делат на две класи: класа на линеарни и класа на нелинеарни квазигрупи. Понатаму класата на нелинеарни квазигупи е поделена на две поткласи: класа на чисто нелинеарни квазигрупи и класа на слабо нелинеарни квазигрупи. Користејќи ја оваа класификација и претходната класификација на фрактални и нефрактални квазигрупи, дадена е нова класификација која е комбинација на овие две класификации и која дава многу подетални информации за својствата на квазигрупите. Опишана е основната идеја за претставување на квазигрупите како Булови функции, дадени се некои поважни карастеристики на добиените класификации и класификацијата за квазигрупите од ред 4.

в) *Според идентитетските сита*

Дадени се неколку класификации на квазигрупите кои се добиваат од идентитетските сита. За различни видови на терми се добиени различни класификации. Исто така, дадени се истражувањата направени на левите и десните транслации кои ги дефинираат квазигрупите. Од својствата на овие транслации изведени се повеќе заклучоци за структурата на квазигрупите и за тоа како тие треба да се просејуваат. Од ова истражување е добиена нова класифицја на квазигрупите. Анализата на сите овие класификации дава доста корисни информации за примената на квазигрупите. Идејата со идентитетски сита е искористена за да се докаже зошто се јавува феноменот на фракталност кај некои квазигрупи. Даден е математички доказ за фракталност за квазигрупите од ред 4 со лексикографски броеви 1 и 92. Оваа идеја може да се искористи за да се покаже дека сите фрактални квазигрупи, класифицирани според графичкиот приказ на квазигрупно процесираните низи, имаат навистина фрактална структура.

г) *Класификација на тернарните квазигрупи од ред 4 според нивната структура*

Според спроведените истражувања на структурата на тернарните квазигрупи, и со користење на веќе познатите класификации за бинарни квазигрупи, дадена е

класификација на тернарните квазигрупи од ред 4. Оваа класификација ги издвојува тернарните квазигрупи од ред 4 со добри криптографски својства од оние со непогодни својства за криптографијата.

Во четвртата глава „Примена на квазигрупите во криптографијата и кодирањето" се дискутираат неколку примени на квазигрупите и квазигрупните трансформации во криптографијата и теоријата на кодирање. Прикажани се некои нови резултати од истражувањата во полето на генераторите на псевдослучајни броеви и предложен е нов тип на генератор на случајни низи, кој е конструиран применувајќи квазигрупи и квазигрупни трансформации. Дадени се идеи како квазигрупите може да се користат за дизајнирање на нови блок шифрувачи. Предложен е нов дизајн на блок шифрувач конструиран со мали квазигрупи и квазигрупни трансформации, и е дадена груба проценка на перформансите и сигурноста на овој шифрувач. Исто така е опишана накратко и примената на квазигрупите во теоријата на кодирањето и е дадена една класификација на квазигрупите од ред 4 погодна за кодовите базирани на квазигрупи.

Во делот „Прилози" се дадени сите докази на теоремите и својствата наведени во докторската дисертација, како и комплетните анализи на експериментите извршени за потребите на истражувањата поврзани со дисертацијата.

**Научен придонес на дисертацијата**

Научниот придонес на дисертацијата е во две научни области, првата е теоријата на квазигрупите и втората е криптологијата. Извршени се голем број експерименти со користење на пакетот за симболично пресметување *Mathematica* и врз основа на добиените резултати изведени се соодветни заклучоци за својствата на квазигрупите. Потоа, за најголем дел од овие заклучоци се дадени математички докази дека тие својства важат и во општ случај. Според методот со којшто се добиени резултатите од дисертацијата, може да се каже дека таа е дел и од една нова математичка област која се развива во последно време, а тоа е експериметалната математика.

Резултатите од истражувањата наведени во тезата се прикажани пред домашната и светската научна јавност на повеќе домашни и меѓународни конференции:

- ICT Innovations 10, Ohrid, Sep. 2010.
- Mathematical Conference 2010, Dedicated to Profesor Gorgi Cupona, Ohrid, Sep. 2010.
- NATO-ASI Information Security and Related Combinatorics, Opatija, Croatia, Jun. 2010.
- 7 International Conference of Informatics and Information Technology, Bitola, Feb. 2010.
- SEE Young Researchers Workshop, TEMPUS JP SEE DOCTORAL STUDIES IN MATHEMATICAL SCIENCES, Ohrid, Macedonia, Sep. 2009.
- DAAD Project "Algebraic Structures and their Applications in Coding Theory and Cryptography", Center of Excellence for applications of mathematics, Ohrid, Macedonia, Sep. 2009.
- MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2009, Ohrid, Macedonia, Sep. 2009.
- ICT Innovations 09, Ohrid, Macedonia, Sep. 2009.
- Mathematical Conference "85 Years of Professor Blagoj Popov Life", Ohrid, Macedonia, Sep. 2008.
- Fifth International Conference for Informatics and Information Technology, Bitola, Macedonia, Jan. 2007.
- NATO Advanced Research Workshop "Scientific Support for the Decision Making in the Security Sector", Velingrad, Bulgaria, Oct. 2006.

- V. Dimitrova: *"Quasigroups as Vector Valued Boolean Functions"*, Workshop of Algebraic structures, Struga, Macedonia, Sep. 2006.
- Workshop: Groebner Bases in Cryptography, Coding Theory and Algebraic Combinatorics, Linz, Austria, May 2006.
- Third Congress of Mathematicians of Macedonia, Struga, Macedonia, Sep. 2005.
- Fourth International Conference for Informatics and Information Technology, Bitola, Macedonia, Dec. 2003.
- 1st Balkan Conference in Informatics, Thessaloniki, Greece, Nov. 2003.
- VI National Conference ETAI 2003, Ohrid, Macedonia, Sep. 2003.

Повеќето од новите научни резултати добиени од кандидатката се веќе објавени, а неколку се прифатени за печатење, во меѓународни и домашни списанија и зборници од конференции. Кандидатката се јавува како коавтор на вкупно 14 труда:

1. Bakeva V., Dimitrova V.: *Some Probabilistic Properties of Quasigroup Processed Strings useful in Cryptanalysis*, (in print) ICT Innovations 2010, Springer LCNS 2010.

2. Gligoroski D., Dimitrova V., Markovski S.: *Quasigroups as Boolean functions, their equation systems and Groebner bases*, Groebner Bases, Coding, and Cryptography, Ed. T. Mora, L. Perret, S. Sakata, M. Sala, and C. Traverso, Springer Berlin Heidelberg, 2009, pp. 415-420.

3. Dimitrova V., Markovski J.: *On Quasigroup Pseudo Random Sequence Generators*, Proc. of the 1st Balkan Conference in Informatics, Nov. 2003, Thessaloniki, Greece, pp. 393-401.

4. Dimitrova V., Markovski J.: *Implementation of pseudo random sequence generator using quasigroup processing*, Proc. Of the VI National Conference ETAI 2003, Sep. 2003, Ohrid, Macedonia, pp. I-86-I-90.

5. Dimitrova V., Markovski S.: *Classification of quasigroups by image patterns*, Proc. of the Fifth International Conference for Informatics and Information Technology, Jan. 2007, Bitola, Macedonia, pp. 152 - 160.

6. Dimitrova M., Markovski S., Mileva A.: *Periodic quasigroups string transformations*, The Journal Quasigroups and Related Systems vol.17 No. 2, 2009, pp. 191-204.

7. Dimitrova V., Mihajloska H.: *Classification of ternary quasigroups of order 4 suitable in cryptography*, (in print) Proc. of the 7th International Conference for Informatics and Information Technology, Feb. 2010, Bitola, Macedonia.

8. Dimitrova V., Markovski S., Rajcanoska E.: *Visualizations of Some Dynamical Properties of Quasigroups*, ICT Innovations 09, Ohrid, Sep. 2009.

9. Dimitrova V., Mihajloska H.: *Applications of Ternary Quasigroup String Transformations*, ICT Innovations 10, Ohrid, Sep. 2010.

10. Markovski J., Dimitrova V.: *Improving existing PRSG using QSP*, Fourth International for Informatics and Information Technology, Dec. 2003, Bitola, Macedonia, pp. 380 – 386.

11. Markovski S., Dimitrova V., Mileva A.: *A new method for computing the number of n-quasygroups*, Buletinul Academiei de Stiinte a Republicii Moldova. Matematica, ISBN 1024-7696, Number 3, 2006, pp. 57-64.

12. Markovski S., Dimitrova V., Samardziska S.: (in print) *Identities Sieves for Quasigroups*, The Journal Quasigroups and Related Systems 2010.

13. Markovski S., Mileva A., Dimitrova V., Gligoroski D.: *On a Conditional Collision Attack on NaSHA-512*, Cryptology ePrint Archive: Report 2009/034, 2009.

14. Mileva A., Dimitrova V: *Quasigroups constructed from complete mappings of a group*, Contributions, Sec. Math. Tech. Sci., MANU, XXX, 1-2 2009, pp. 75-93.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација **КВАЗИГРУПНО ПРОЦЕСИРАНИ НИЗИ, НИВНА БУЛОВА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ПРИМЕНА ВО КРИПТОГРАФИЈАТА И КОДИРАЊЕТО,** изработена од кандидатката м-р Весна Н. Димитрова, претставува оригинален авторски труд во кој се изнесени поголем број нови научни резултати од теоријата на квазигрупите и нивната примена, посебно во криптографијата. Резултатите добиени во текот на истражувањата поврзани со дисертацијата, во најголем дел, се прикажани пред домашната и светската јавност преку излагања на научни конференции и печатење во меѓународни и домашни научни списанија и зборници од конференции. На тој начин дисертацијата има обезбедно и соодветна поширока домашна и меѓународна верификација. Резултатите добиени од истражувањата во дисертацијата се компатибилни со најсовремените истражувања во оваа област и го оправдуваат користењето на квазигрупите и квазигрупните трансформации во криптографијата. Покрај тоа што резултатите од истражувањата доведуваат до нови сознанија, тие исто така дефинираат и повеќе отворени проблеми чиешто решавање е предизвик за понатамошни истражувања во областа на квазигрупите и нивната примена.

Врз основа на претходното, Рецензентската комисија оценува дека поднесениот труд **КВАЗИГРУПНО ПРОЦЕСИРАНИ НИЗИ, НИВНА БУЛОВА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ПРИМЕНА ВО КРИПТОГРАФИЈАТА И КОДИРАЊЕТО,** изработен од кандидатката Весна Н. Димитрова, магистер на информатички науки, претставува оригинален научен придонес во полето на квазигрупите, квазигрупните трансформации и нивната примена во криптографијата и кодирањето. Затоа со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на ПМФ трудот под наслов „Квазигрупно процесирани низи, нивна Булова презентација и примена во криптографијата и кодирањето" **да го прифати за докторска дисертација и на кандидатката м-р Весна Н. Димитрова да ѝ дозволи јавна одбрана.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Смиле Марковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Верица Бакева, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Данило Глигороски, редовен професор на NTNU – Trondheim, Norway, с.р.
(насловен вонреден професор на ПМФ во Скопје)

Д-р Љупчо Коцарев, редовен професор на ФЕИТ во Скопје, с.р.

Д-р Лидија Горачинова-Илиева, доцент на ФИ при УГД во Штип, с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ГРАМАТИКА НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК И ИНФОРМАТИЧКА ЛИНГВИСТИКА ЗА ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

На својата осма редовна седница одржана на 2.7.2010 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје нѐ избра за членови на Рецензентската комисија во врска со распишаниот конкурс во весникот „Утрински весник" за избор на еден соработник во звањето асистент по предметите: граматика на италијанскиот јазик и информатичка лингвистика за италијанскиот јазик.

По разгледувањето на приложениот материјал, го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Во врска со распишаниот конкурс во весникот „Утрински весник" за избор на еден соработник во звање-асистент по предметите: граматика на италијанскиот јазик и информатичка лингвистика за италијанскиот јазик, се пријави кандидатката м-р Руска Ивановска-Наскова.

Кандидатот м-р Руска Ивановска-Наскова е родена во Скопје во 1978, основното образование го завршила во Скопје, додека своето понатамошно школување го продолжила во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје и во Трст, Италија. Во 1997 година се запишала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на групата за италијанистика. Во 2001 дипломирала на истиот Факултет со просечен успех 9,25 и воедно била прв дипломиран италијанист на четворогодишните студии по италијански јазик и книжевност.

Своето образование м-р Руска Ивановска-Наскова со успех го продолжила запишувајќи се во 2002 година на постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, група: наука за јазикот-романска филологија. Во 2006 завршила со полагањето на предвидените испити (средна оценка 10) и, по успешната одбрана на магистерскиот труд под наслов „Програми за автоматска обработка на италијански јазични корпуси: Intex-Nooj", се стекнала со звањето магистер на филолошки науки.

Едновремено во 2002-2003 година, м-р Ивановска- Наскова ги направила првите чекори во наставната дејност кога била ангажирана како демонстратор на групата за италијански јазик и книжевност во рамките на Катедрата за романски јазици и книжевности. Од учебната година 2004/2007 била избрана за помлад асистент по предметот италијанска граматика, а по успешно одбранетата

магистерска теза кандидатката е избрана за асистент по предметот италијанска граматика.

М-р Ивановска-Наскова активно била вклучена во изведувањето на вежбите на групата за италијанистика на следниве предмети: вовед во фонетиката и морфологијата на италијанскиот јазик 1, морфологија на италијанскиот јазик 2, синтакса на италијанскиот јазик 1, синтакса на италијанскиот јазик 2, информатичка лингвистика за италијански јазик 1 и 2.

Кандидатката, покрај наставната дејност, активно учествува и воннаставните активности на групата за италијански јазик и книжевност, и тоа: во рамките на Темпус- програмата за имплементација на новите студиски програми како член на работната група, била член на организациони одбори по повод конференции и симпозиуми организирани на Катедрата за романски јазици и книжевности-италијанистика. Исто така, била и секретар на Катедрата за романски јазици и книжевности, а во периодот од 2008-2010 таа е и ЕКТС координатор на групата за италијански јазик и книжевност.

Паралелно со ова, кандидатката не останува настрана и од сопствената научна надградба, активно вклучувајќи се во повеќе студиски и научноистражувачки престои во земјата и во странство и учество на меѓународни конференции од областа на италијанистиката и компјутерската лингвистика, при што се здобила со искуство на непосреден контакт со италијанскиот јазик, искуство кое не е само драгоцено туку и неопходно за секој млад истражувач.

М-р Ивановска- Наскова, покрај наставната дејност, зачекорува и во водите на научноистражувачката дејност. Нејзиниот интерес е насочен кон италијанскиот јазик, граматиката и информатичката лингвистика, за што се доказ следниве научни статии во домашни и странски списанија:

1. 2005, „Јазични корпуси и нивната примена" ,во *Годишен зборник кн.30*, Филолошки факултет "Блаже Конески": Скопје. pp. 53-62.

2. 2006, "The Development of the first LRs for Macedonian: Current Projects" in *Proceedings of the 5th International Conference on Language Resources and Evaluation 24-26 May Genoa* ELRA: 2006 pp. 1837-1840.

3. 2006, „Создавање на електронски јазични корпуси", во *Годишен зборник кн.31*, Филолошки факултет „Блаже Конески": Скопје. pp.99-112.

4. 2007, "I corpora e l'insegnamento della grammatica" in Atti dei seminari TEMPUS "Tempo d'incontri", ed. by A. Gjurcinova and V. Zaccaro, Facoltà di filologia "Blaze Koneski": Skopje. pp.34-37.

5. 2007, "I programmi di analisi di corpora linguistici e i linguaggi settoriali" in Atti dei seminari TEMPUS "Tempo d'incontri", ed. by A. Gjurcinova and V. Zaccaro, Facoltà di filologia "Blaze Koneski": Skopje. pp.577-582.

6. 2007, "Programmi per l'analisi dei corpora: Intex/Nooj. " in Atti dei seminari TEMPUS "Tempo d'incontri", ed. by A. Gjurcinova and V. Zaccaro, Facoltà di filologia "Blaze Koneski": Skopje

7. 2007, „Лексичко-граматичкиот пристап и истражувањата врз италијанскиот јазик" во *Годишен зборник кн.33*, Филолошки факултет „Блаже Конески": Скопје. pp. 89-101.

8. 2008, "Електронски јазични ресурси во програмата за автоматска обработка на корпуси Intex/Nooj" во *Годишен зборник кн.34*, Филолошки факултет „Блаже Конески": Скопје. pp.275-284.

9. 2008, "Dizionario morfologico della lingua macedone" in *Comprensione e malinteso. Tra Babele e Pentecoste*. a cura di S. Carlucci e T. Giudice, Edizioni Giuseppe Laterza: Bari. pp. 147-165.

**ЗАКЛУЧОК**

Од гореизложеното може јасно да се согледа дека м-р Ивановска-Наскова низ својата работа со студентите се оформува како успешен наставник настојувајќи, преку своите студиски престои во Италија, да ја збогати и направи поефикасна наставата со нови достигнувања во полето на граматиката и информатичката лингвистиката. Истовремено, нејзината магистерска теза, како и нејзиното учество на неколку домашни и странски меѓународни симпозиуми, и неколкуте објавени трудови се еклатантен доказ дека таа полека си пробива пат и во полето на лингвистичките научни истражувања. Затоа, на Комисијата ѝ причинува задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет да ја преизбере м-р Руска Ивановска–Наскова во звањето асистент по предметите: граматика на италијанскиот јазик и информатичка лингвистика за италијанскиот јазик.

Скопје, 24.09.2010

**Рецензентска комисија,**

1. Ппроф. д-р Александра Саржоска, вонреден професор с.р.

2. Проф. д-р Звонко Никодиновски, редовен професор с.р.

3. Доц. д-р Лучана Гуидо-Шремпф, доцент с.р.

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ *АНГЛИСКИ ЈАЗИК* НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на седницата одржана на 14.9.2010 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: д-р Елени Бужаровска, редовен професор, д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор и д-р Јованка Лазаревска, вонреден професор.

На објавениот конкурс за избор на еден помлад асистент по наставниот предмет англиски јазик (конкурсот е објавен во весникот „Утрински весник“ на 10.7.2010) се пријавиле тројца кандидати: м-р Наташа Стојановска-Илиевска, м-р Анета Наумова и м-р Соња Китановска-Кимовска. Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на познавањето на кандидатите, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката м-р Наташа Стојановска-Илиевска дипломирала англиски јазик и книжевност во 1997 година на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, со просек 9,50, за што е прогласена за најдобар студент на Филолошкиот факултет во таа академска година. Како амбициозна и научно ориентирана личност, кандидатката не се задоволила само со факултетска диплома и во периодот пред магистрирањето се стекнала со уште три странски академски признанија. Така, по дипломирањето работела на своето усовршување на полето на методиката на предавање англиски како странски, така што во 1999 се здобила со напредна диплома по образование и професионално усовршување од Универзитетот на Источна Англија во Велика Британија. Следејќи го својот интерес за теориски истражувања во полето на лингвистиката, во 2004 м-р Стојановска-Илиевска добила стипендија од Норвешкиот истражувачки совет за научно усовршување на европски универзитети. Полугодишниот академски престој на Универзитетот во Берген, Норвешка, го користела и да се запознае со начините за конкретна примена на корпусната лингвистика во јазичните истражувања. Истовремено, кандидатката Стојановска-Илиевска не го запоставила понатамошното усовршување во практичниот англиски јазик и во 2006

со највисока оценка го положила испитот *Certificate of Proficiency in English* и добила сертификат од Универзитетот во Кембриџ.

Во 2007 успешно ја одбранила магистерската теза од областа на синтаксата „Показатели на каузалната релација во англискиот и македонскиот јазик", со што се стекнала со научниот степен магистер на филолошки науки од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". На одбраната посебно е оценета длабочината и оригиналноста на нејзината научна мисла. Во моментот работи на докторската дисертација „Анализа на перифрастичните предикати во англискиот и македонскиот јазик", одобрена во 2009 година. Што се однесува на работното искуство, по дипломирањето м-р Стојановска-Илиевска работела како професор по англиски јазик во Центарот за странски јазици и на Воената академија. Од 2002 до 2007 предавала англиски јазик и македонски јазик за странци во училиштето за јазици „ЛингваЛинк". Од 2007 е вработена на Универзитетот „Американ колеџ". Во сите инситутиции каде што работела и работи кандидатката се покажа како одличен работник кој се одликува со висок професионален однос спрема педагошката дејност: длабоко знаење на потесната област, одговорен став спрема работата, трудољубивост и кооперативност со колегите. За својата квалитетна работа кандидатката има добиено многубројни позитивни оцени.

М-р Стојановска-Илиевска е активна на полето на науката, посебно од областа на теориската лингвистика. Таа објавила неколку научни трудови од англиската и македонската граматика: синтакса, фонетика, контрастивна граматика и морфологија, меѓу кои се издвојуваат следниве:

- *Транскрипциски речник на англиските лични имиња* (Скопје, Ѓурѓа: 2003);

- *Основни показатели на каузалната релација во англискиот и во македонскиот јазик.* Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" (Книга 33). Скопје, 2007.

-*Причински конјункциски средства во англискиот и во македонскиот јазик.* Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" (Книга 34). Скопје, 2008;

- *Македонските причински сврзници и нивните англиски преводни еквиваленти* - Славистички студии бр.13. Скопје, 2009;

-*Word-Formation Trends in ICT English* (to be published in the Conference Proceedings of the English department Conference in 2008).

Исто така, Стојановска-Илиевска има и единаесетгодишно преведувачко искуство во писмен и консекутивен превод. Нејзините објавени преводи вклучуваат монографии и други публикации, како и статии за списанието *Идентитети* на Институтот „ЕвроБалкан". Необјавените преводи вклучуваат преводи на закони, извештаи, документи и договори за потребите на разни владини, невладини и меѓународни организации. Освен тоа, таа е и

постојан судски преведувач акредитиран од Министерството за правда. Член е на Македонската асоцијација на наставници по англиски јазик, како и на Здружението на научни и стручни преведувачи на град Скопје. Покрај преводи на поголеми статии во „Идентитети" – списание за политика, род и култура. Скопје: Институт „Евро-Балкан" како: Arsenijevic, D. et al. *Mapping the Key Concepts in Gender Studies and Creating a Cartography of their Balkan Specificities* (Identities, Vol.6, 2007); Radulova, N. *Frida Kahlo: A Portrait of a Body* (Vol.3/ 2004); Slapšak, S. *Luke Balkanwalker shoots down Corto Maltese: Milco Mancevski's "Dust" as an answer to the Western cultural colonialism* (Vol.1, 2002); Zupancic, A. *On Love as Comedy* (Vol.2, 2003), м-р Стојановска-Илиевска превела неколку монографии: Dimitrov, N.V. *Bitola*. (Bitola: Mikena, 2004); Grozdanov, C. *Tome Serafimovski*. (Skopje: Gurga, 2000); Kondijanov, J. *Numismatic Collection of the National Bank of the Republic of Macedonia*. (Skopje: NBRM, 1999); *Macedonian Numismatic Journal* (Skopje: Museum of Macedonia, 2000); Muhik, F. *The Serafimovski Phenomenon or On Portraiture*. (Skopje: Gurga, 2003); Popovski, A. *The Song of Creation and Re-Creation*. (Skopje: Gurga, 2000); Stardelov, G. *Gazing into the Past* (Skopje: Gurga, 1999).

Од сето досега кажано се наметнува заклучокот дека образовниот и стручниот напредок на м-р Стојановска-Илиевска е во постојан континуитет и недвосмислено говори дека се работи за извонредно погоден и соодветен наставен профил за предметите од областа на англиската граматика. Имајќи ја предвид комплетноста на нејзината личност, може да се предвиди дека кандидатката Стојановска-Илиевска и понатаму ќе продолжи да се развива во научната и педагошката област.

Вториот кандидат, м-р Анета Наумова е квалитетен наставник која дипломирала англиски јазик во 2005 со висок просек (9,58) на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", за што и доби пофалница. Веќе неколку години работи на Катедрата како надворешен соработник во својство на лектор, а исто така била ангажирана и како демонстратор за повеќе предмети (британска и американска цивилизација, морфологија, американска литература). Во работата се покажала како многу совесна и исполнителна. Во јули годинава (2010) ја одбранила својата магистерска теза „Родовата обележаност во англискиот јазик одразена во пишаните медиуми и во учебниците по англиски како странски јазик" на Катедрата за англиски јазик на нашиот Факултет. Досега објавила неколку статии во годишните зборници на Филолошкиот факултет (*Навлегувањето на половата стереотипизација во англискиот јазик, Еуфимизмите наспроту табу-зборовите*) и неколку пократки статии во месечните извештаи на Друштвото на наставниците по англиски јазик (*Role-Play in EFL Classroom, The Four Skills in a Cultural Context, Intercultural Elements Reflected in EFL Classrooms, Language Needs and Language Requirements, Written Language is not a Speech Written Down*). Иако м-р Наумовска е способен и амбициозен кандидат што квалитетно ги извршува

своите работни обврски, сепак таа не ги задоволува критериумите за помлад асистент за граматика заради две причини: нејзините научни интереси се од полето на методологијата на странски јазици и социолингвистиката, и најважно - нејзината магистерска работа е интердисциплинарна, а не од полето на граматиката. Имено, нејзината магистерска работа обработува еден аспект од родовите студии и како таква опфаќа социолингвистика, прагматика и методологија, а не теориски предмети од областа на англиската граматика. Објавените статии на м-р Наумовска исто така говорат за таква профилизација: тие обработуваат теми како полова стереотипизација, интеркултуролошки елементи во учењето на странски јазик, еуфемизми, како и теми од методологија на странски јазик: активности во учењето, улогата на фејсбук и сл. М-р Наумовска активно се занимава и со стручен превод. Треба да се истакне дека м-р Наумовска досега се покажала како квалитетен соработник и колегите се многу задоволни од нејзината работа, но таа специјализирала на друго поле а не во полето на граматиката, а Катедрата има потреба од специјалист во потесна област од англиската граматика.

Третиот кандидат, м-р Соња Китановска-Кимовска ги задоволува формалните барања за помлад асистент: има магистратура од полето на применетата лингвистика, стекната на Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија (и тоа со висока оценка) во 2004 година. Претходно, во 2002, м-р Китановска-Кимовска дипломирала на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" со висок просек (9,3). Но, м-р Китановска-Кимовска не го задоволува условот за наставно работно искуство. Имено, кандидатката досега работела на различни странски проекти како координатор и преведувач и така немала можност да се стекне со потребното педагошко искуство. Покрај тоа, таа има одлични препораки од повеќе значајни личности како совесен и способен работник и исто така се истакнала на полето на преводот каде што објавила повеќе стручни преводи во меѓународни изданија.

Од гореизложеното произлегува дека Комисијата се одлучила за првиот кандидат. М-р Наташа Стојановска-Илиевска го има потребниот научен профил што се бара од еден асистент по граматика бидејќи нејзините квалификации ги опфаќаат главните теориски дисциплини (синтакса и морфологија) на општата граматика. Исто така, таа го има потребното педагошко искуство бидејќи речиси триппесет години предава англиски како странски јазик, а во последните години предава и теориски предмети од областа на англиската граматика.

Затоа, Рецензентската комисија едногласно одлучи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да му предложи да ја избере м-р Наташа Стојановска-Илиевска во звањето помлад асистент по предметот англиски јазик.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Елени Бужаровска, редовен професор,с.р.

2. Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор,с.р.

3. Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, вонреден професор, с.р.

Скопје, 17.9.2010

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-764/1
27-09-2010 год.
СКОПЈЕ



**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „СУДСКО ПРАВО"**
**ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ВЛАДО КАМБОВСКИ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 31 мај 2010 година, ја утврди потребата од издавање учебник по предметот судско право. Имајќи го предвид учебникот по судско право што го подготви и предложи акад. проф. д-р Владо Камбовски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, наставник по истиот предмет, Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје ги одреди проф. д-р Никола Матовски и проф. д-р Арсен Јаневски за рецензенти. Рецензентите со задоволство ја прифатија одлуката на Наставно-научниот совет пред сè поради фактот дека со акад. проф. д-р Владо Камбовски соработуваат подолго време и ја следат неговата работа, со што имаат и сопствени оцени за неговиот научен, теоретски и истражувачки ангажман.

По внимателното проучување на предложениот текст за учебник по судско право, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, му го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Приказ на учебникот**

Учебникот на проф. д-р Владо Камбовски под наслов „Судско право" опфаќа текст од 314 страници, пишуван во компјутерска техника со нормален проред и стандарден слог на буквите. Во прилог на учебникот е даден попис на избрана литература од домашни и странски автори, а во самиот текст во фусноти е наведена и пошироката литература со која се користел авторот или со која упатува на интересни содржини за читателот на трудот.

Материјата обработена во трудот е поделена во девет глави, а секоја глава на поднаслови што на читателот му овозможуваат лесно да дојде до материјата што непосредно го интересира.

1. Во првата глава од учебникот што носи наслов „Поим и предмет на судското право и науката за судско право", се обработуваат општите проблеми што инаку му припаѓаат на секој учебник и го воведува студентот во материјата.

Во оваа глава се расправа за значењето на судското право како посебна научна дисциплина, како и предметот на судското право. Авторот на читателите им ја објаснува посебноста на судското право како научна дисциплина, притоа не пропуштајќи критички да се осврне и кон теоретските стојалишта што го негираат субјективитетот на судското право како самостојна гранка на правото. Авторот истакнува дека при проучувањето на правните дисциплини не може да се заобиколи прашањето за нивната примена, односно наведува дека при

проучувањето на позитивното право нужно е потребно да се согледа и улогата на судот, било тоа да е непосредно преку разгледувањето на правните гранки што го проучуваат постапувањето пред судот, било тоа да е посредно, односно преку проучувањето на правните гранки во чиј домен судот се јавува како последен механизам во случаите на исцрпување на предвидените правни механизми во рамките на другите субјекти или органи на управата коишто се проучуваат од страна на овие гранки на правото (оп. цит стр. 9). Понатаму, во оваа глава авторот ги претставува и изворите на судското право, пред сè осврнувајќи се врз домашните и меѓународните позитивноправни извори со кои се уредуваат судовите и судската функција. Во последниот дел од оваа глава авторот ги обработува начелата врз кои почива судското право, завршувајќи со констатацијата дека судското право претставува една млада, но самостојна научна дисциплина. Тој констатира дека судското право ги исполнува сите услови за постоење на една наука, и тоа: самостоен предмет на проучување – пред сè систематското проучување на судот и неговата функција на пресудување и заштита на човековите слободи и права, а со тоа и остварување на правдата како врвен идеал кон кој се стреми секој правен систем; изградена методологија и посебни методи на истражување – преку догматско-јуридичкиот, социолошкиот, политиколошкиот и методите на комуниколошките науки; и конечно, преку создавање на логичен и развиен категоријален систем на научни поими меѓу кои се судот, судијата, судскиот систем, пресудувањето и донесувањето на судски одлуки (ibid стр. 40 и 41).

2. Втората глава под едноставен наслов „Суд" во себе ја инкорпорира генезата на судот како централна категорија во судското право. Така, во рамките на оваа глава авторот најпрвин го прикажува судот во најстариот – античкиот период, за понатаму да продолжи со изнесување на основните карактеристики на судот како државен орган во рамките на римскиот период. Развитокот на судот во текот на средниот век го презентира низ судските органи во текот на Отоманската Империја и пред сè на македонските народни судови и македонското обичајно право. Во рамките на оваа глава авторот се занимава и со трансформацијата на судот по Француската буржоаска република во институција што е задолжена за заштита и остварување на основните човекови права и слободи, функција што во голема мера судот треба да ја има и во современите правни системи. Конечно, авторот во оваа глава се занимава и со современата поставеност на судот во рамките на правниот систем, пред сè разгледувајќи ја и улогата на судот како ко-законодавец и остварувач на идејата за „исправно" право.

3. Третата глава насловена како „Судска власт и судска функција" всушност е делот во кој Камбовски го лоцира судот како јавна служба на правдата, и ја допира либерално демократската концепција на поделба на власта, при што го разгледува и односот помеѓу судот и останатите гранки на правниот систем.

Во рамките на оваа глава, авторот наведува дека иако постои определен дуализам помеѓу поимите судска власт и судска функција, сепак потребно е во современите правни системи судската функција и судската власт сè повеќе да се приближат меѓусебе. Ова во насока дека иако судот претставува самостојна и независна трета власт, независна од законодавната и извршната власт, сепак судот претставува и врши и определена функција, а таа е примената на правото, такво

занимава со една продлабочена анализа на мисловниот процес на судијата, така што тој во конкретниот случај е потребно да ја пронајде, а потоа и да ја примени општата и апстрактна правна норма (цит. стр. 243). Односно, како што наведува Камбовски, судијата треба да е способен да ја применува премисата „дај ми факти, ќе ти дадам право", но не на каков било начин, туку единствено на начин што би довело до надминување на спорот и до прифаќање на решението од двете спротивставени страни (цит. стр. 238 и 252). Вака конципирајќи ја оваа глава, авторот, всушност, им помага и ги обучува читателите за во иднина при нивната професионална определба полесно и правилно да го применуваат стекнатото теоретско знаење.

8. Тргнувајќи од констатацијата дека бројот на споровите што добиваат судска разрешница е рапидно зголемен во современото општество, авторот во рамките на осмата глава од овој учебник насловена како „Алтернативи на судот и судењето", ги објаснува различните начини преку кои може да дојде до растоварување на судот од обемниот товар на предмети. Пред сè, во оваа пригода, акад. Камбовски се осврнува врз најчесто применуваните модели за забрзување на судските постапки или на моделите преку кои е овозможено скратување на судските постапки или нивно трансферирање на други органи. Авторот констатира дека со примената на алтернативите на судењето не може да се замени судската функција, туку воведувањето на овие механизми и нивната адекватна примена може да резултира со намалување на товарот на предмети врз судовите, а со тоа отворање на можноста за судовите своите ограничени ресурси да ги насочат и да ги фокусираат кон решавање на посложените спорови со што само се зголемува квалитетот на судот при правораздавањето и остварувањето на правдата.

9. Последната глава на учебникот под наслов „Други институции во судскиот систем", авторот ја резервира за останатите институции коишто се од клучно значење за функционирањето на правосудната функција. Така, во оваа пригода тој се осврнува на надлежностите и организацијата на Јавното обвинителство, Јавното правобранителство, адвокатурата и нотаријатот во Република Македонија.

II

**2. <u>Оценка на трудот</u>**

Доколку внимателно се следат и интерпретираат наставните планови, програми и учебниците по предметите кои се однесуваат на нашиот правосуден систем, во текот на скоро шеесетгодишното постоење на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, може да се констатира дека во 80 – тите години на минатиот век беше воведен предметот **правосуден систем,** лоциран на втората година на редовните студии, задолжителен за правосудната насока, покриен со учебник, додека во сегашниот наставен план и програма е **воведен предметот судско право,** лоциран на петтата година на вториот циклус на студии -

какво што е. Токму затоа, продолжува Камбовски, судот мора да располага со инструменти за заштита на поединецот од законите со кои се засегаат и ограничуваат уставно загарантираните човекови слободи и права на поединецот, со што, всушност, судот во современите услови се трансформира во јавна служба на правдата (оп. цит. стр. 94).

4. Четвртата глава е посветена на судската заштита на човековите слободи и права, при што се наведува дека всушност судот е таа институција којашто е задолжена за заштита на човековата слобода и на правата. Всушност, Камбовски во оваа прилика се определува за концепцијата на човековите права како природни права за чија заштита и нивно гарантирање се јавува судот преку својата функција за остварување на правата. Во подолниот дел на оваа глава авторот ги лоцира и некои од основните т.н. современи права на човекот предвидени со Меѓународните стандарди, пред сè со Европската конвенција за човековите слободи и права, и тоа правото на правично судење, правото на независен и непристрасен суд, правото на избор на „природен"судија и правото на судење во разумен рок. Конечно, се осврнува и врз уставно-судската заштита на човековите слободи и права, правилно лоцирајќи ја дејноста на уставниот суд при заштитата на уставно загарантираните права како дел од судската функција на правораздавање.

5. Петтата глава насловена како „Судски систем" се занимава со организацијата на судовите во Република Македонија. Вовдот на оваа глава накратко се занимава со развитокот на судскиот систем на Република Македонија во рамките на поранешната СФРЈ, за понатаму да продолжи со детална експликација на организацијата, составот и надлежноста на судските институции во Република Македонија, започнувајќи од највисокиот – Врховниот суд, па сè до првостепените судови – основните судови. Во рамките на оваа глава од учебникот, опфатени се и составот, надлежноста, составот и организацијата на Судскиот совет на Република Македонија. Конечно, како неспорна целина од судскиот систем во рамките на оваа глава е обработено и финансирањето на судовите и административно-техничкото работење на судовите преку презентирањето на судскиот буџет и судската управа.

6. Изборот, разрешувањето, престанокот, дисциплинската одговорност на судиите, како и нивните права и имунитетот на судиите се сместени во рамките на шестата глава од учебникот насловена како „Судија". Притоа, авторот во оваа глава не се задоволува само со едноставното определување на статусот на судиите, туку него го разгледува и на компаративно рамниште при што наведува дали и во која мера овие меѓународни стандарди се имплементирани во националното законодавство. Од релевантните меѓународни механизми со кои се обезбедува непристрасниот и независен статус на носителите на судската функција посебно внимание им посветува на Основните начела на ООН за независноста на судството и Европската повелба за статусот на судиите.

7. Во седмата глава од овој учебник под наслов „Судење", тргнувајќи од поимот на судење и судска постапка, во една интегрална форма се претставени начелата врз основа на кои почива судењето како суштествен елемент на судската власт. Делот во кој практично се остварува судската функција. Притоа, авторот, сметајќи на доволната правна поткованост на читателите на кои овој учебник и им е наменет студентите на постдипломските студии на Правниот факултет, се

постдипломските студии, кој треба да биде покриен со **овој учебник** чии сме рецензенти.

За разлика од поранешниот учебник „Правосуден систем на СФРЈ" од тројца автори, меѓу кои и првиот сегашен рецензент, кој требаше да им даде **основни знаења** на студентите за тогашниот правосуден систем и сите органи во неговиот состав, пред сè, судските органи, денешниов понуден ракопис од проф. д-р Владо Камбовски со наслов „Судско право", подигнат на повисоко ниво на „право", наменет им е на студентите на постдипломските студии и треба да претставува **продлабочена анализа** за судовите како најважни органи на правосудниот систем, со тоа што само една глава им посветува на останатите институции во судскиот систем – Јавното обвинителство, Јавното правобранителство, адвокатурата и нотаријатот, како и на неговите алтернативи: медијацијата и арбитражата.

Авторот правилно констатира дека **не е дефинирана науката за судското право** како посебна правна наука и дека таквиот назив **не е прифатен** во домашната и светската литература, во која оваа материја се нарекува: **систем на правда, судски институции, судски систем и сл.** Тоа му наметнува сериозна обврска, особено што се работи за **пионерски потфат**, да го определи поимот, предметот и посебноста на судското право со **прифатливи аргументи** (стр. 9 - 17) и **критички** да се осврне на стојалиштата кои го **негираат постоењето** на судското право како посебна правна гранка, услов од пресудно значење за да се оправда тврдењето за денешниот статус на судското право како позитивноправна дисциплина и како правна наука (стр. 17 – 22) и натаму да **се елаборира неговата содржина** како посебен предмет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје која ќе им овозможи на студентите на постдипломските студии да се стекнат со потребните знаења.

Авторот смета дека судското право е **генусен поим** во однос на процесното право: положбата на судот како субјект во постапката е предодредена со неговата **општа природа,** статус и функции уредени, со судското право. И конечно, од повеќето **аргументи** како последен за конституирање на судското право како посебна гранка на правото, авторот ја истакнува улогата на судот во **заштитата на човековите слободи и права,** која кореспондира со основното човеково право на независен и непристрасен суд предвидено во Европската конвенција за човековите права (чл. 6), како главна **придобивка** на современиот концепт на демократска правна држава.

А **запоставеноста** на науката за судското право која според авторот има за последица отсуство на систематско излагање на оваа материја на правните студии, во која се опфатени само определени сегменти на положбата на судот во уставното и процесното право, **ја отстранува** со тоа што нea **ја дефинира** како систем на поими и научни судови кои за свој предмет го имаат позитивното судско право, т.е. систем на правни норми за судот, неговата функција на пресудување и учеството на други институции во остварување на неговата функција (стр. 41 – 42).

Откако авторот расчистува со овие основни прашања, изградува **свој конзистентен категоријален систем** на поими, односно **своја концепција** на оваа наука на судското право, која ја изложува во девет глави, со содржини изнесени во приказот. Најголемо внимание му посветува на судот како централна категорија на судското право и на судијата како носител на судската функција.

Во објавената **библиографија** се цитирани дела на голем број познати автори (стр. 310 – 314), од што произлегува дека авторот користел **богата** – респектабилна литература од домашни и странски правни писатели, специјализирани за судските системи во различни држави, добри познавачи на оваа правна материја.

Поаѓајќи од сето напред изнесено во приказот и оцената на трудот, со големо задоволство му предлагаме на Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да ја прифати нашата позитивна рецензија на ракописот со текст од 314 страници за учебник со наслов „Судско право" од авторот проф. д-р Владо Камбовски и да овозможи негово објавување. На тој начин сметаме дека нашата правна литература ќе се збогати со дело кое на специфичен начин ја третира правната материја која се однесува на судскиот систем, односно системот на правда.

Скопје, 10. 9. 2010

Рецензенти

1. Проф. д-р Никола Матовски с.р.

2. Проф. д-р Арсен Јаневски с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно–научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 02-1747/4 од 2.IX 2010 година, донесена на редовната седница одржана на 2.IX 2010 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во научната област заштита на човековата околина при Машинскиот факултет во Скопје.

На распишаниот конкурс од страна на деканот на Машинскиот факултет во Скопје, објавен во дневните весници „Утрински весник" и „Коха" на 5.VII 2010 година, се пријави кандидатката д–р Ана Лазаревска, доктор на технички науки, вработена како асистент при Институтот за хидраулично инженерство и автоматика на Машинскиот факултет во Скопје.

Врз основа на доставените податоци за кандидатката, нејзината досегашна професионална ангажираност, списокот на научните и стручните трудови и другата доставена документација, како и од личното познавање и следење на развојот на кандидатката, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ, ОБРАЗОВАНИЕ И ВРАБОТУВАЊЕ

Д–р Ана Лазаревска, дипл. маш. инж., е родена на 11.XII 1969 во Скопје, Р. Македонија. Основното образование го завршила во ОУ „Јан Амос Коменски" во Скопје (1 одд. во "Elmwood Elementary school", Балтимор, Мериленд, САД), а средното во УСО „Раде Јовчевски–Корчагин" во Скопје. Поради континуираниот одличен успех и учеството на бројни натпревари, прогласена е за првенец на генерацијата во обата степена на образование.

Високото образование го стекнала во периодот од 1989 до 1994 година на Машинскиот факултет во Скопје (МФС), Универзитет „Св. Кирил и Методиј" (УКИМ), на насоката хидротехника, пневматика и автоматика (ХПА). Од Деканот на МФС и од ректорот на УКИМ, добитник е на награда за најдобар дипломиран студент во својата генерација. Во 2001 година го одбранила магистерскиот труд изработен при Институтот за ХПА, МФС, под наслов *Истражување и анализа на емисија и дисперзија на аерозагадувањето во град Скопје и неговата околина* и се стекнала со звање магистер на технички науки. Во 2008 година го одбранила докторскиот труд изработен при МФС, под наслов *Методологија за оптимална имплементација на проектни активности преку примена на флексибилниот Механизам за чист развој на Протоколот од Кјото,* и се стекнала со звањето доктор на технички науки.

За време на додипломските и постдипломските студии била стипендист од средствата на Фондот за талентирани студенти при Министерството за наука. Четири пати била стипендист на Германската агенција за академска размена (DAAD), еднаш стипендист на Јапонската агенција за меѓународна соработка (Japan International Cooperation Agency (JICA))/Организацијата за индустриски развој на Обединетите нации/Канцеларија за промоција на инвестиции и технологија (United Nations Industrial Development Organization/Investment & Technology Promotion Office, Tokyo (UNIDO/ITPO)) и еднаш стипендист на Американски совети преку Junior Faculty Development Program (JFDP)[1].

Во текот на студиите била ангажирана како демонстратор по предметите математика 1, 2, 3 и компјутери и програмирање, при Катедрата за математика на МФС. По завршувањето на студиите, во периодот од 1994 до 1995 работела како инженер, комерцијалист и кореспондент во приватното претпријатие "НГХ Експорт–Импорт", во Скопје. Од 1996 до 1999 била вработена како млад истражувач во Истражувачкиот центар

---

[1] Детален преглед на студиските престои на д-р Ана Лазаревска е даден во Анексот кон Извештајов.

за енергетика и информатика при Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), каде што е вклучена во истражувачката работа која се негувала во рамките на тековните проекти.

Ана Лазаревска активно ги владее англискиот и германскиот јазик (поседува светски признати сертификати), како и српскохрватскиот и бугарскиот јазик. Солидно се служи со шпанскиот (сертификат од шпанска образовна институција), а го користи и рускиот. Има завршено и тринеделен воведен курс по јапонски (сертификат за завршен воведен курс).

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА И ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Од 1.II 1999 година е вработена како стручен соработник, а од 2002 година како асистент (на кое место се наоѓа и сега) при Институтот за ХПА[2] на МФС, каде што е активно и со полн фонд на часови вклучена во реализирањето и делумно во подготовката на вежбите за следниве предмети[3]: основи на механика на флуидите, механика на флуидите, хидраулика и хидраулични машини, хидромеханика, гасификациски системи, гасификациски системи и заштита на животната средина, динамика на флуидите, хидраулични машини и уреди кај ММ, хидраулични машини и уреди, хидраулични машини и компоненти, хидрауличен и пневматски транспорт, транспорт на флуиди, системи за пречистување на воздух, хидраулични волуменски машини, хидраулични волуменски машини и компоненти, динамика на објекти и процеси, третман на отпадни флуиди, отпадни флуиди и пречистителни станици, хидромашинска опрема, гасоводни и нафтоводни системи, проектирање на системи за хидрауличен и пневматски транспорт, нормативи за заштита на животната средина, механика на флуидите (ИСИЖС[4]), заштита на водите од загадување (ИСИЖС).

Во извршувањето на работните обврски, во текот на целиот период, д–р Ана Лазаревска претставуваше соработник со солидни квалитети и потенцијали. Вежбите ги одржуваше успешно и професионално, при што доаѓаше до израз како соработката со наставниците и соработниците, така и коректниот однос кон студентите. Од особено значење е нејзиното учество во апликативната соработка со стопанството во реализација на стручни проекти финансирани од домашни и од странски грантови.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Претходните трудови на кандидатката, заклучно со реден број шеесет и два (62), се реферирани при нејзините претходни избори за соработник–асистент при Институтот за ХПА на Машинскиот факултет во Скопје (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 723 од 25.XII 1998 г., бр. 794 од 30.I 2002 г., бр. 866 од 1.II 2005 г., бр. 948 од 15.IX 2008 г.) и во целост се дадени во Анексот кон Извештајов. Подолу, накратко се осврнуваме на трудовите објавени по нејзиниот последен избор.

### I. Научноистражувачка работа

[63] Lazarevska, A., M., 2008: "*Multi-Criteria Decision Making Theory as a Tool for determining a tailored Landfill Monitoring Procedure*", Invited presentation within the Project SFB 477, Technical University Braunschweig, Germany, May 7, 2008.

[64] Nospal, A., Lazarevska, A. M., 2008: "*Environmental protection and industry: Parameters necessary for environmentally related decision making*", Invited key-note lecture for the Geographical Information Processing and Visual Analytics for Environmental Security, NATO - Advanced Research Workshop (NATO ARW), 13 – 17 October 2008 Trento, Italy.

[65] Lazarevska, A. M., Fischer, N., Münnich, K., Haarstrick, A.: 2008: "*A Multi-Criteria Decision Making Conceptual Approach to optimal Landfill Monitoring*", presented at the Geographical Information Processing and Visual Analytics for Environmental Security, NATO - Advanced Research Workshop (NATO ARW), 13 – 17 October 2008 Trento, Italy.

[66] Nospal, A., Lazarevska, A. M., 2009: "*Environmental protection and industry: Parameters necessary for environmentally related decision making*", published in NATO Science for Peace and Security Series – C: Environmental Security "GeoSpatial Visual Analytics: Geographical Information

---

[2] Сегашен Институт за хидраулично инженерство и автоматика (ХИА).

[3] Детална листа на ангажирање на д-р Ана Лазаревска во наставата во периодот 99/10 е дадена во Анексот.

[4] Интердисциплинарни студии за заштита на животната средина.

Processing and Visual Analytics for Environmental Security", (Eds. De Amicis, R., Stojanovic, R., Conti, G.), Springer Sience + Business Media, 2009.

[67] Lazarevska, A. M., Fischer, N., Münnich, K., Haarstrick, A.: 2009: "*A Multi-Criteria Decision Making Conceptual Approach to optimal Landfill Monitoring*", published in NATO Science for Peace and Security Series – C: Environmental Security "GeoSpatial Visual Analytics: Geographical Information Processing and Visual Analytics for Environmental Security", (Eds. De Amicis, R., Stojanovic, R., Conti, G.), Springer Sience + Business Media, 2009.

[68] Ciconkov, R., Lazarevska, A. M., 2008: "*Clean Development Mechanism versus Energy and Environment*", International Congress "*Energy and the Environment 2008*", Opatija, Croatia, October 22 - 24, 2008, Proc. International Congress "*Energy and the Environment 2008*".

[69] Lazarevska, A. M.: 2009: "*The Challenge of Kyoto for Macedonia: Climate Change and Sustainability in Southeastern Europe*", invited Mary-Choncoff distinguished annual lecture under the auspices of the ASU Melikian Center and the Mary-Choncoff Fund, Mar 19, 2009. http://melikian.asu.edu/event/20090319_lazarevska.

### Краток осврт на некои од горенаведените научноистражувачки трудови

Во тек на студискиот престој реализиран при Техничкиот универзитет во Брауншвајг (TU BS), Германија, во рамките на тековните проекти SFB 477 и 578, развиен е мултикритеријален концепт за одлучување при мониторинг на депонии за цврст комунален отпад. По покана на раководителите на проектите и Институтот за биотехничко инженерство при TU BS, преку [63] презентирани се првичните резултати од овие истражувања. Подоцна, во рамките на Geographical Information Processing and Visual Analytics for Environmental Security, NATO-ARW, 13–17 October 2008 Trento, Italy, презентирани се [65] и во [67] објавени се комплетните резултати од претходно споменатите истражувања.

По покана на организациониот одбор на Geographical Information Processing and Visual Analytics for Environmental Security, NATO-ARW, заедно со проф. д-р А. Ношпал (како главен клучен предавач), подготвено е и презентирано клучното предавање [64], а подоцна објавено во специјалното издание на NATO Science for Peace and Security Series – C: Environmental Security "GeoSpatial Visual Analytics: Geographical Information Processing and Visual Analytics for Environmental Security", (Eds. De Amicis, R., Stojanovic, R., Conti, G.), Springer Sience + Business Media [66], во кое се елаборира можноста и оправданоста на користење на концептот на мултикритеријално одлучување при донесување суштински одлуки во областа на заштита на животната средина и влијанието на индустријата врз животната средина.

Во рамките на студискиот престој реализиран при Државниот универзитет во Аризона (ASU), САД, финансиран од JFDP-стипендијата, од директорот на Меликиан центарот поканета е да одржи предавање [69] во рамките на почесното годишно Marie Choncoff Lecture под наслов "*The Challenge of Kyoto for Macedonia: Climate Change and Sustainability in Southeastern Europe*".

### II. Учество во научноистражувачки и апликативни проекти

[70] Ношпал А., Стојковски В., Костиќ З., Петровски И., Филковски Р., Марков З., Лазаревска А., Заев Е. и др.: *Примена на CFD И CAX технологии за струјнотехнички процеси во енергетиката и екологијата*, научноистражувачки проект финанасиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија, 2006-2009, главен истражувач: А. Ношпал, Машински факултет, август 2009.

[71] Norsk Energi, 2008-2009: "*Building Local Expertise for Climate Project Development*", capacity building programme for CDM project developing within the project for technical assistance. Support and facilitation of the grant provided by the Norwegian Government.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

[72] Lazarevska, A., M., 2009: "*CDM projects developed under the training program*", presentation of projects identified and developed during the training program: "*Building Local Expertise for Climate Project Development*", capacity building programme for CDM project developing within the project for technical assistance, managed by Norsk Energi. Support and facilitation of the grant provided by the Norwegian Government, Final Workshop, 23 September 2009.

[73] Lazarevska, A., M., 2010: "*Quo-Vadis Macedonia*", Invited analysis in "Emerging Macedonia" the Magazine of the American Chamber of Commerce in Macedonia (AmCham Macedonia), Winter 2010 Issue 1, http://www.amcham.com.mk/WBStorage/Files/winter%20issue_2010.pdf.

**Краток осврт на горенаведените стручни трудови**

Како резултат на добрата соработка со индустријата, како и нејзиното дејствување во областа имплементација на Протоколот од Кјото во Р. Македонија преку идентификација и предлагање проектни активности во рамките на механизмот за чист развој (МЧР), од Norsk Energi е поканета да учествува во презентација на проекти [72] од областа на енергетиката кои во Македонија би можеле да се развијат како проекти на МЧР.

По покана од директорот на Американската стопанска комора во Македонија AmCham Macedonia, подготвен е и објавен трудот [73] за списанието "Emerging Macedonia". Во него се дава детален критички осврт на состојбата со имплементација на Протоколот од Кјото во Македонија и се приближува оваа проблематика до македонските компании, во насока тие да го земат предвид вклучувањето на дополнителниот профит од сертифицираните намалувања на емисии од јаглерод диоксид при реализација на нови и развојни проекти во рамките на нивните идни корпоративни планови.

## 5. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Во текот на студиите била член на IAESTE, а во 1992 и вицепретседател на Националниот комитет на IAESTE за Македонија. Тековно е член на Friends of IAESTE (alumni). Од октомври 2000 до септември 2004 била секретар на Институтот за ХПА. Од 2003 е член на Humboldt и DAAD алумни-здружението на Македонија, од 2004 на МАК-JAMC (JICA–Alumni во Македонија) и од 2005 на Македонско-германското здружение за соработка. Од 2005 е член на Извршниот одбор на МАК-JAMC, Во периодот 2007-2009 е назначена како благајник на МАК-JAMC, а од 2009 е секретар на истото здружение. Во периодот 2004–2009 е ангажирана од списанието „Порта 3" како член на издавачкиот и стручниот одбор. Од 2007 е член на Охридскиот институт за економски стратегии и меѓународни прашања, а од 2009 е член на Македонско-американската алумни-асоцијација (МААА).

Во периодот 2007-2009 била назначена за национално контакт-лице (National Contact Person (NCP)) за Седмата рамковна програма (FP7) на Европската комисија, одговорна за подобласта Environment (including Climate Change), област Cooperation, а од 2009, за координатор на ERASMUS-програмата при МФС.

Во рамките на студискиот престој реализиран при ASU, САД, финансиран од JFDP-стипендијата, за активното учество со своите коментари и дискусии за време на "Mid-term Conference", добитник е на првата награда од JFDP на Американските совети. За време на истиот престој, во духот на американскиот концепт за волунтаризам, се вклучува во неколку волонтерски активности од кои најзначајни се учеството на Годишниот марш на Здружението на астматичари и манифестацијата „Earth day", за што од JFDP има добиено највисоки оцени. Во периодот по завршениот престој во САД, се вклучува во активностите на канцеларијата на Американските совети во Скопје и Балканот во регрутирање на лица со посебни потреби за програмата YES. Во летниот период 2009 и 2010, Американски совети ја ангажира како лице за замена во локалната канцеларија во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изложеното, а особено врз основа на личните контакти на рецензентите со кандидатката, кои имале прилика да ја запознаат преку заедничката педагошка, научноистражувачка и стручна работа, може да се заклучи дека д-р Ана Лазаревска, во периодот од нејзиното вработување на Машинскиот факултет во Скопје до денес, успева да одржи континуитет во својот развој на исклучителен педагошки и научен работник, постигнувајќи позитивни резултати во научноистражувачката, апликативната и наставно-педагошката работа.

Покрај долгогодишната перманентна работа во доменот на областа на струјната техника и хидрауличните машини, за која има објавено бројни трудови и досега активно ја има насочувано својата наставно-педагошка дејност, преку изработката на докторската дисертација и објавените трудови, исклучително значајна е нејзината научно-истражувачка дејност во современата мултидисциплинарна област на заштита на животната средина, односно, како што е објавено во конкурсот, заштита на човековата околина.

Д-р Ана Лазаревска е научен и педагошки работник со висока креативност и способности. Секогаш сериозно посветена на работата, комуникативна и непосредна со своите колеги и студентите. Нејзините широки и длабоки познавања на фундаменталните дисциплини ѝ овозможуваат да изнаоѓа решенија за широк опсег на технички проблеми. Рецензентите со полно право очекуваат дека д-р Ана Лазаревска и понатаму ќе продолжи со својата успешна научноистражувачка и наставна работа. Особено треба да се истакне плодната меѓународна соработка што д-р Ана Лазаревска ја има воспоставено преку своите престои и работа на проекти во еминентни светски научноистражувачки институции. Воспоставените контакти и резултатите од нејзината работа даваат можности за понатамошна долгорочна меѓународна научноистражувачка соработка.

Согледувајќи го претходно изложеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Ана Лазаревска да биде избрана во наставно-научното звање доцент во научната област заштита на човековата околина. Имајќи ја предвид долгогодишната перманентна работа на д-р Ана Лазаревска во доменот на областа на струјната техника и хидрауличните машини, особено нејзината работа на фундаменталните предмети при Институтот за хидраулично инженерство и автоматика, Рецензентската комисија смета дека Факултетот може да ја ангажира и при реализација на наставата по другите предмети од наставно-научните области што ги покрива овој Институт.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д–р Методија Мирчевски,
редовен професор при Машинскиот факултет во Скопје, с.р.

Д–р Александар Ношпал
редовен професор при Машинскиот факултет во Скопје, с.р.

Д–р Атанаско Тунески
редовен професор при Машинскиот факултет во Скопје, с.р.

# АНЕКС
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **АНА МОМЧИЛО ЛАЗАРЕВСКА**

**Институција:** Машински факултет, Институт за хидрауличко инженерство и автоматика

**Научна област:** заштита на човековата околина

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Нед.бр.ч. | Бр.студ. | Поени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ОМФ, МФС, IV сем. (3ч.веж.), л. 1998/99 | 3 | 100 | 1.350 |
| 2 | ОМФ - степен, МФС, IV сем. (3ч.веж.), л. 1998/99 | 3 | 90 | 1.350 |
| 3 | ХХМ, МФС, IV сем. (5ч.веж.), л. 1998/99 | 5 | 49 | 2.250 |
| 4 | ХХМ, МФС, VI сем. (5ч.веж.), л. 1998/99 | 5 | 49 | 2.250 |
| 5 | МФ, МФС, V сем. (5ч.веж.), з. 1999/00 | 5 | 111 | 2.250 |
| 6 | ХВМУ - степен, МФС, V сем. (1ч.веж.), з. 1999/00 | 1 | 8 | 0.450 |
| 7 | ХВМ, МФС, VII сем. (3ч.веж.), з. 1999/00 | 3 | 8 | 1.350 |
| 8 | ХПТ, МФС, VII сем. (4ч.веж.), з. 1999/00 | 4 | 8 | 1.800 |
| 9 | ОМФ, МФС, IV сем. (3ч.веж.), л. 1999/00 | 3 | 135 | 1.350 |
| 10 | ОМФ - степен, МФС, IV сем. (3ч.веж.), л. 1999/00 | 3 | 78 | 1.350 |
| 11 | ХХМ, МФС, IV сем. (5ч.веж.), л. 1999/00 | 5 | 51 | 2.250 |
| 12 | ХПТ, МФС, VIII сем. (2ч.веж.), л. 1999/00 | 2 | 8 | 0.900 |
| 13 | ОФПС, МФС, VIII сем. (3ч.веж.), л. 1999/00 | 3 | 8 | 1.350 |
| 14 | ЗВЗ, ИСЗЖС, VIII сем. (1ч.веж.), л. 1999/00 | 1 | 29 | 0.450 |
| 15 | ПС-ХПТ, МФС, IX сем. (5ч.веж.), з. 2000/01 | 5 | 8 | 2.250 |
| 16 | МФ, ИСИЖЗ, V сем. (1ч.веж.), з. 2000/01 | 1 | 39 | 0.450 |
| 17 | ГНС, МФС, IX сем. (3ч.веж.), з. 2000/01 | 3 | 8 | 1.350 |
| 18 | ГС, МФС, V сем. (3ч.веж.), з. 2000/01 | 3 | 5 | 1.350 |
| 19 | ДОП, МФС, VII и IX сем. (2ч.веж.), з. 2000/01 | 2 | 19 | 0.900 |
| 20 | ОМФ, МФС, IV сем. (3ч.веж. 2гр.), л. 2000/01 | 6 | 155 | 2.700 |
| 21 | ОМФ - степен, МФС, IV сем. (3ч.веж.), л. 2000/01 | 3 | 77 | 1.350 |
| 22 | ХХМ, МФС, IV сем. (5ч.веж.), л. 2000/01 | 5 | 56 | 2.250 |
| 23 | МФ, МФС, IV сем. (2ч.веж.), л. 2000/01 | 2 | 95 | 0.900 |
| 24 | ОЕ, МФС, II сем. (3ч.веж.), л. 2000/01 | 2 | 20 | 0.900 |
| 25 | ЗВЗ, ИСЗЖС, VIII сем. (1ч.веж.), л. 2000/01 | 1 | 27 | 0.450 |
| 26 | МФ, МФС, V сем. (4ч.веж.), з. 2001/02 | 5 | 81 | 2.250 |
| 27 | ХПТ, МФС, VII сем. (3ч.веж.), з. 2001/02 | 4 | 23 | 1.800 |
| 28 | МФ, ИСИЖЗ, V сем. (1ч.веж.), з. 2001/02 | 1 | 55 | 0.450 |
| 29 | ГСЗЖС, МФС, V сем. (3ч.веж.), з. 2001/02 | 3 | 17 | 1.350 |
| 30 | ДОП, МФС, VII сем. (2ч.веж.), з. 2001/02 | 2 | 23 | 0.900 |
| 31 | ОМФ, МФС, IV сем. (3ч.веж. 2гр.), л. 2001/02 | 6 | 156 | 2.700 |
| 32 | ОМФ - степен, МФС, IV сем. (3ч.веж.), л. 2001/02 | 3 | 37 | 1.350 |
| 33 | ХХМ, МФС, IV сем. (5ч.веж.), л. 2001/02 | 5 | 65 | 2.250 |
| 34 | МФ, МФС, IV сем. (2ч.веж.), л. 2001/02 | 2 | 84 | 0.900 |
| 35 | ХПТ, МФС, VIII сем. (2ч.веж.), л. 2001/02 | 2 | 13 | 0.900 |
| 36 | ДФ, МФС, VI сем. (3ч.веж.), л. 2001/02 | 4 | 30 | 1.800 |
| 37 | МФ, МФС, V сем. (4ч.веж.), з. 2002/03 | 5 | 56 | 2.250 |
| 38 | ПС-ХПТ, МФС, IX сем. (5ч.веж.), з. 2002/03 | 5 | 13 | 2.250 |
| 39 | МФ, ИСИЖЗ, V сем. (1ч.веж.), з. 2002/03 | 1 | 49 | 0.450 |
| 40 | ГСЗЖС, МФС, V сем. (3ч.веж.), з. 2002/03 | 3 | 9 | 1.350 |
| 41 | ДОП, МФС, VII сем. (2ч.веж.), з. 2002/03 | 2 | 21 | 0.900 |
| 42 | ОМФ, МФС, IV сем. (3ч.веж. 2гр.), л. 2002/03 | 6 | 161 | 2.700 |
| 43 | ОМФ - степен, МФС, IV сем. (3ч.веж.), л. 2002/03 | 3 | 55 | 1.350 |
| 44 | ХХМ, МФС, IV сем. (5ч.веж.), л. 2002/03 | 5 | 66 | 2.250 |
| 45 | МФ, МФС, IV сем. (2ч.веж.), л. 2002/03 | 2 | 105 | 0.900 |
| 46 | ХМУ (ММ), МФС, VI сем. (3ч.веж.), л. 2002/03 | 1 | 9 | 0.450 |
| 47 | МФ, МФС, V сем. (4ч.веж.), з. 2003/04 | 5 | 81 | 2.250 |
| 48 | ХПТ, МФС, V сем.-степен (3ч.веж.), з. 2003/04 | 4 | 24 | 1.800 |
| 49 | ХПТ, МФС, VII сем. (3ч.веж.), з. 2003/04 | 4 | 2 | 1.800 |
| 50 | ГСЗЖС, МФС, V сем. (3ч.веж.), з. 2003/04 | 3 | 16 | 1.350 |
| 51 | ДОП, МФС, VII сем. (2ч.веж.), з. 2003/04 | 2 | 25 | 0.900 |
| 52 | ОМФ, МФС, IV сем. (3ч.веж. 2гр.), л. 2003/04 | 6 | 129 | 2.700 |
| 53 | ОМФ - степен, МФС, IV сем. (3ч.веж.), л. 2003/04 | 3 | 32 | 1.350 |
| 54 | ХХМ, МФС, IV сем. (5ч.веж.), л. 2003/04 | 5 | 55 | 2.250 |
| 55 | МФ, МФС, IV сем. (2ч.веж.), л. 2003/04 | 2 | 73 | 0.900 |
| 56 | ХПТ, МФС, VIII сем. (2ч.веж.), л. 2003/04 | 2 | 10 | 0.900 |
| 57 | ОФПС, МФС, VIII сем. (3ч.веж.), л. 2003/04 | 3 | 11 | 1.350 |
| 58 | МФ, МФС, V сем. (4ч.веж.), з. 2004/05 | 5 | 67 | 2.250 |
| 59 | ПС-ХПТ, МФС, IX сем. (5ч.веж.), з. 2004/05 | 5 | 8 | 2.250 |
| 60 | ГНС, МФС, IX сем. (3ч.веж.), з. 2004/05 | 3 | 8 | 1.350 |
| 61 | ГСЗЖС, МФС, V сем. (3ч.веж.), з. 2004/05 | 3 | 12 | 1.350 |
| 62 | ДОП, МФС, VII сем. (2ч.веж.), з. 2004/05 | 2 | 29 | 0.900 |
| 63 | Ментор, I сем. (1ч.), з. 2004/05 | 1 | 28 | 0.600 |
| 64 | ОМФ, МФС, IV сем. (3ч.веж.), л. 2004/05 | 3 | 75 | 1.350 |
| 65 | ОМФ - степен, МФС, IV сем. (3ч.веж.), л. 2004/05 | 3 | 23 | 1.350 |
| 66 | ХХМ, МФС, IV сем. (5ч.веж.), л. 2004/05 | 5 | 39 | 2.250 |
| 67 | МФ. МФС, IV сем. (2ч.веж.), л. 2004/05 | 2 | 57 | 0.900 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 68 | ОФПС, МФС, VIII сем. (3ч.веж.), л. 2004/05 | 3 | 28 | 1.350 |
| 69 | ХХМ, МФС, ЕКТС III (3ч.веж.), л. 2004/05 | 3 | 65 | 1.350 |
| 69 | МФ, МФС, V сем. (4ч.веж.), з. 2005/06 | 5 | 60 | 2.250 |
| 70 | ХПТ, МФС, VII сем. (3ч.веж.), з. 2005/06 | 4 | 18 | 1.800 |
| 71 | ГСЗЖС, МФС, V сем. (3ч.веж.), з. 2005/06 | 3 | 15 | 1.350 |
| 72 | ДОП, МФС, VII сем. (2ч.веж.), з. 2005/06 | 2 | 18 | 0.900 |
| 73 | ХПТ, МФС, VIII сем. (2ч.веж.), л. 2005/06 | 2 | 19 | 0.900 |
| 74 | ОФПС, МФС, VIII сем. (3ч.веж.), л. 2005/06 | 3 | 19 | 1.350 |
| 75 | ПОФ, МФС, VIII сем. (3ч.веж.), л. 2005/06 | 3 | 11 | 1.350 |
| 76 | ОМФ, МФС, ЕКТС IV (3ч.веж.), л. 2005/06 | 3 | 116 | 1.350 |
| 77 | МФ, МФС, ЕКТС IV (3ч.веж.), л. 2005/06 | 4 | 65 | 1.800 |
| 78 | ГСЗЖС, МФС, ЕКТС IV (3ч.веж.), л. 2005/06 | 3 | 21 | 1.350 |
| 79 | ХХМ, МФС, ЕКТС III (3ч.веж.), л. 2005/06 | 3 | 108 | 1.350 |
| 80 | ПС-ХПТ, МФС, IX сем. (5ч.веж.), з. 2006/07 | 5 | 8 | 2.250 |
| 81 | ГНС, МФС, IX сем. (3ч.веж.), з. 2006/07 | 3 | 8 | 1.350 |
| 82 | ДОП, МФС, VII сем. (2ч.веж.), з. 2006/07 | 2 | 10 | 0.900 |
| 83 | ХВМ, МФС, VII сем. (3ч.веж.), з. 2006/07 | 3 | 10 | 1.350 |
| 84 | ХМО, МФС, VII сем. (3ч.веж.), з. 2006/07 | 4 | 8 | 1.800 |
| 85 | ХМУ, МФС, ЕКТС IV (3ч.веж.), з. 2006/07 | 3 | 75 | 1.350 |
| 86 | ТФ, МФС, ЕКТС III (3ч.веж.), з. 2006/07 | 3 | 7 | 1.350 |
| 87 | ПОФ, МФС, VIII сем. (3ч.веж.), л. 2006/07 | 3 | 8 | 1.350 |
| 88 | ОМФ, МФС, ЕКТС IV (3ч.веж.), л. 2006/07 | 3 | 140 | 1.350 |
| 89 | МФ, МФС, ЕКТС IV (3ч.веж.), л. 2006/07 | 4 | 159 | 1.800 |
| 90 | ГСЗЖС, МФС, ЕКТС IV (3ч.веж.), л. 2006/07 | 3 | 24 | 1.350 |
| 91 | СПОФ, МФС, ЕКТС IV (3ч.веж.), л. 2006/07 | 3 | 12 | 1.350 |
| 92 | ОМФ, МФС, ЕКТС IV (3ч.веж.), л. 2006/07 | 3 | 100 | 1.350 |
| 93 | ППВ, МФС, ЕКТС III (3ч.веж.), л. 2006/07 | 3 | 1 | 1.350 |
| 94 | ПОВ, МФС, ЕКТС III (3ч.веж.), л. 2006/07 | 3 | 1 | 1.350 |
| 95 | ХМУ, МФС, ЕКТС IV (2ч.веж.2гр.), з. 2008/09 | 4 | 113 | 1.800 |
| 96 | ХМК, МФС, ЕКТС IV (2ч.веж.2гр.), з. 2008/09 | 2 | 32 | 0.900 |
| 97 | Ментор, I сем. (1ч.), з. 2008/09 | 1 | 9 | 0.600 |
| 98 | ДОП, МФС, ЕКТС IV (2ч.веж.), з. 2008/09 | 2 | 13 | 0.900 |
| 99 | ХМУ, МФС, ЕКТС IV (2ч.веж.2гр.), з. 2009/10 | 4 | 168 | 1.800 |
| 100 | ХМК, МФС, ЕКТС IV (2ч.веж.2гр.), з. 2009/10 | 2 | 35 | 0.900 |
| 101 | Ментор, I сем. (1ч.), з. 2009/10 | 1 | 9 | 0.450 |
| 102 | ДОП, МФС, ЕКТС IV (2ч.веж.), з. 2009/10 | 2 | 8 | 0.900 |
| 103 | ОМФ, МФС, ЕКТС IV (2ч.веж.2гр.), л. 2009/10 | 4 | 246 | 1.800 |
| 104 | ХХМ, МФС, ЕКТС IV (2ч.веж.), л. 2009/10 | 2 | 49 | 0.900 |
| 105 | ХВМ, МФС, ЕКТС IV (2ч.веж.), л. 2009/10 | 2 | 22 | 0.900 |
| 106 | ХХМ, МФС, ЕКТС III (3ч.веж.2гр.), л. 2009/10 | 4 | 321 | 1.800 |
| 107 | ХМ, МФС, ЕКТС III (3ч.веж.), л. 2009/10 | 2 | 6 | 0.900 |
| 108 | ХМО, МФС, ЕКТС III (3ч.веж.), л. 2009/10 | 2 | 9 | 0.900 |
| 109 | НЗЖС, МФС, ЕКТС III (3ч.веж.), л. 2009/10 | 2 | 9 | 0.900 |
| 110 | ХВМ, МФС, ЕКТС III (3ч.веж.), л. 2009/10 | 2 | 8 | 0.900 |
| 111 | Консултации со студенти 1998/99 (МФС, 288 студ.) | | 288 | 0.576 |
| 112 | Консултации со студенти 1999/00 (МФС, ИСЗЖС, 415 студ.) | | 415 | 0.830 |
| 113 | Консултации со студенти 2000/01 (МФС, ИСЗЖС, 509 студ.) | | 509 | 1.018 |
| 114 | Консултации со студенти 2001/02 (МФС, ИСЗЖС, 584 студ.) | | 584 | 1.168 |
| 115 | Консултации со студенти 2002/03 (МФС, ИСЗЖС, 544 студ.) | | 544 | 1.088 |
| 116 | Консултации со студенти 2003/04 (МФС, 458 студ.) | | 458 | 0.916 |
| 117 | Консултации со студенти 2004/05 (МФС, 439 студ.) | | 439 | 0.878 |
| 118 | Консултации со студенти 2005/06 (МФС, 470 студ.) | | 470 | 0.940 |
| 119 | Консултации со студенти 2006/07 (МФС, 571 студ.) | | 571 | 1.142 |
| 120 | Консултации со студенти 2008/09 (МФС, 167 студ.) | | 167 | 0.334 |
| 121 | Консултации со студенти 2009/10 (МФС, 890 студ.) | | 890 | 1.780 |
| 122 | Интерна скрипта за вежби по предметот ДОП | | | 3.000 |
| 123 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа | | 1 | 0.100 |
| 124 | Лазаревска, А.: Основни поими, команди од MATLAB и MATLAB–овиот Control Toolbox, Интерна скрипта за вежбите од предметот динамика на објекти и процеси-VII семестар, 2002. | | | 3.000 |
| | **Вкупно** | | | **173,220** |

**Кратенки во табелата:**

МФС - Машински факултет-Скопје
ИСИЖС - Интердисциплинарни студии по заштита на животната средина
ЕКТС - Европски кредит-трансфер систем
МАНУ - Македонска академија на науките и уметностите
ОМФ - Основи на механика на флуидите
ХХМ - Хидраулика и хидраулични машини
МФ - Механика на флуидите
ХВМ - Хидраулични волуменски машини
ХВМУ - Хидраулични волуменски машини и уреди
ХПТ - Хидрауличен и пневматски транспорт
ОФПС - Отпадни флуиди и пречистителни станици
ЗВЗ - Заштита на водите од загадување
П-ХПТ – Проектирање на системи од хидрауличен и пневматски транспорт
ГНС - Гасоводни и нафтоводни системи
ГС - Гасоводни системи
ДОП - Динамика на објекти и процеси
ОЕ - Основи на енергетика
ГСЗЖС - Гасоводни системи и заштита на животната средина
ДФ - Динамика на флуидите
ХМУ - Хидраулични машини и уреди
ММ - Механизациони машини
ПОФ - Пречистување на отпадни флуиди
ХМО - Хидромашинска опрема
СПОФ - Системи за пречистување на отпадни флуиди
ППВ - Постројки за пречистување на воздух
ПОВ - Пречистување на отпадни води
ХМ - Хидромеханика
НЗЖС - Нормативи за заштита на животната средина

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Ед. Пое. | Поени |
|---|---|---|---|
| 1 | **Одбранета докторска теза: „Методологија за оптимална имплементација на проектни активности преку примена на флексибилниот Механизам за чист развој на Протоколот од Кјото“, МФС, 2008.** | 8.0 | 8,0 |
| 2 | **Одбранета магистерска теза: „Истражување и анализа на емисија и дисперзија на аерозагадување во град Скопје и негова околина“, МФС, 2001.** | 4.0 | 4,0 |
| 3 | **Учесник на меѓународни проекти** | 5.0 | 35,0 |
| | "Establishment of a Country Specific Database for Macedonia, containing technical, economic and environmental data for electricity supply options and strategies", МАНУ, 1997-1998, рак. акад.проф.д-р Ј. Поп-Јорданов. | 5.0 | |
| | BERLIOZ (BERLin-OZon), Troposphaerische Umwelt Forschung (TrUmF), Meteorological Institute, Freie Universitaet Berlin, Germany, во тек на 97/98, ментор Dr. E. Reimer. | 5.0 | |
| | Project for improving the effluent quality from galvanizing activities at Zastava's plant, for AGP Zastava – Ohrid, ECOLINKS project, financed by USAID 1999, рак. проф.д-р М. Мирчевски. | 5.0 | |
| | Establishing Computational Science in Engineering (CSE) in Bulgaria and Macedonia, SNSF SCOPES Project - an Institutional Partnership Project supported by the IP SCOPES Program of the SWISS NSF, 02/04. rak. W. Gander. | 5.0 | |
| | Euroacademy on Ventilation and Indoor Climate (CLIMACADEMY), Course 2: Individually Controlled Environment, Sponsored by Maria Curie Actions MSCF-2005-029900, Contractor Implemented the Project: Technical University of Sofia, Center for Research and Design in Human Comfort, Energy and Environment (CERDECEN), Bulgaria, рак. prof. Peter Stankov D.Sc. | 5.0 | |
| | Analysis of Reaction Processes in Municipal Landfills, проект од специјалното истражувачко подрачје (Sonder Forschungsbereich – SFB) 477 B5, финансиран од Германската асоцијација на истражувачи (Deutscher Forschungsgesselschaft – DFG), Институт за биотехнологија, Тех. унив. Брауншвајг, Германија, во тек на 2008. рак. на компонента и ментор: Prof. Dr. Andreas Haarstrick. | 5.0 | |
| | Development of biotechnological processes by integrating genetic and engineering methods, проект во рамките на специјалното истражувачко подрачје SFB 578, финансиран од DFG, IBVT, TU BS, Германија, во тек на 2008; рак.: Prof. Dr. Dieter Jahn, ментор: Prof. Dr. Andreas Haarstrick. | 5.0 | |
| | Norsk Energi, 2008-2009: "*Building Local Expertise for Climate Project Development*", capacity building programme for CDM project developing within the project for technical assistance. Support and facilitation of the grant provided by the Norwegian Government. | 5.0 | |
| 4 | **Учесник на национални проекти** | 3.0 | 15,0 |
| | "Термоелектрани и околина", МАНУ, финансиран од МОН, 1994-1997, рак.: акад.проф.д-р Ј. Поп-Јорданов. | 3.0 | |
| | "Енергетско околински модели" МАНУ, 1995-1998, рак. акад.проф.д-р Ј. Поп-Јорданов. | 3.0 | |
| | Компјутерско управување со процесите во гасоводните системи. МФС, МОН, 1996-1999, рак.: проф.д-р М. Мирчевски. | 3.0 | |
| | Истражување на состојбата во комуналните пречистителни станици во Република Македонија, од аспект на функционалност на хидромашинската опрема, со предлог-решение", МФС, финансиран од МОН, РМ, 2000–2003, рак.: проф.д-р М. Мирчевски. | 3.0 | |
| | Примена на CFD и CAX технологии во струјнотехнички процеси во енергетиката и екологијата, Унив. „Св. Кирил и Методиј", МФС, финансиран од МОН, РМ, 2006–2009, рак.: проф.д-р А. Ноппал. | 3.0 | |
| 5 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | 4 | 15,6 |
| | Lazarevska, A.: AFM images of aluminum probe reinforced with SiC whiskers, palladium sample and Si–SiC sample. Proc. Fac. Mech. Eng. – Skopje, Vol. 18, No, 1–2, pp. 41–52, 1999. | 4 | |
| | Лазаревска, А, Мирчевски М. „Валидност на метеоролошките, емисионите и имисионите параметри при симулација на определена епизода на загадување", Зб. тр. Маш. фак. – Скопје, год. 21, бр. 1, стр. 17-28, 2002. | 3.6 | |
| | Lazarevska, M. A.: "*Comparative Analysis of Parameters Obtained while Simulating an Air-Pollution Episode*", Mathematica Balkanica, NewSeries Vol. 20, 2006, Fasc. 1. pp. 49-62. | 4 | |
| | Lazarevska, A.: "*Determining the Decision Makers' Preferences in a MCDM Model*", Mechanical Engineering–Scientific Journal. Vol. 25 No.1, 2006, p. 33-40. | 4 | |
| 6 | **Труд со оригинални научни резултати во научно/стручно популарно списание** | 2 | 6,0 |
| | Лазаревска, А., 1996: „Модели на дисперзија на загадувачи на воздухот од енергетски извори – дел 1", Енергетика 11/96, стр. 11–15. | 2 | |
| | Лазаревска, А.,1997: „Модели на дисперзија на загадувачи на воздухот од енергетски извори – дел 2", Енергетика 12/97, стр. 6–10. | 2 | |
| | Lazarevska, A., M., 2010: "Quo-Vadis Macedonia", Invited analysis in "Emerging Macedonia" the Magazine of the American Chamber of Commerce in Macedonia (AmCham Macedonia), Winter 2010 Issue 1, http://www.amcham.com.mk/WBStorage/Files/winter%20issue_2010.pdf. | 2 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/стручен собир** | 2 | 6,0 |
| | Лазаревска, А.: Кратка зимска епизода на загадување на град Скопје, Proceedings: 8-th Symposium on theoretical an Applied Mechanics, Macedonian Association of Mechanics (MAM), October 3–5, 2002, Skopje, R. of Macedonia, p. 71–76. | 2 | |
| | Lazarevska, A. and Ciconkov, R.: *"Additional Value to the Energy Economy deriving from the Clean Development Mechanism of the Kyoto Protocol"*, Proceedings of the International Symposium "ENERGETICS 2006" 5-7, October, OHRID, Macedonia, 2006, Vol. 2. p. 721-729 | 2 | |
| | Lazarevska, A. and Ciconkov, R.: *"Assessing/Evaluating Energy Projects for Sustainability"*, Proc. International Symposium "ENERGETICS 2006" 5-7, October, OHRID, Macedonia, 2006, Vol. 1. p. 53-61. | 2 | |
| 8 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | 3 | 38,4 |
| | Lazarevska, A., Mircevski, M.: Influence of Input Data Quality on Simulating an Air-Pollution Episode, Proceedings of the IASTED International Conference on Applied Simulation and Modelling (ASM 2002), June 25 - 28, 2002, Crete, Greece, ACTA Press, p. 219–224. | 2.7 | |
| | Trajkovski, L., Lazarevska, A.: Control signal dependencies in pneumatic installations, the IASTED International Conference on Applied Simulation and Modelling (ASM 2003), September 03 - 05, 2003, Marbella, Spain, ACTA Press. | 2.7 | |
| | Lazarevska A. M.: *"Multi Criteria Decision Making employed in assessing CDM Projects"*, presented at the 6th International Conference "Research and Development in Mechanical Industry RaDMI" 2006, 13-17September 2006, Budva, Montenegro and published in the conference proceedings | 3 | |
| | Lazarevska A. M.: *"Assessing the Justification for Altering the Public Transport Concept"*, presented at the 6th International Conference "Research and Development in Mechanical Industry RaDMI" 2006, 13-17September 2006, Budva, Montenegro and published in the conference proceedings | 3 | |
| | Lazarevska, A.:*"Definition of a MCDM Model for Improving the Public Transportation Concept in the City of Skopje"*, Proc. 26th IASTED International Conference on Modelling, Identification, and Control (MIC 2007), February 12–14, 2007 Innsbruck, Austria pp. 375-380 (ISBN 978-0-88986-633-1) and presented at the same conference. | 3 | |
| | Ciconkov, R., Lazarevska, A., Ciconkov V.: *"Ammonia Cold Stores Renewal/Rehabilitation coupled with the Clean Development Mechanism"*, presented at the International Conference on Ammonia Refrigeration Technology for Today and Tomorrow, April 19-21, 2007, Ohrid, R. Macedonia, International Institute of Refrigeration (IIR) Commission B2 with B1 and D1. Full paper available on CD. | 3 | |
| | Lazarevska, A. *"On the Issue of Reducing the Number of Criteria in a Model for Assessing CDM Projects on Sustainability"*, Proc. Euroacademy on Ventilation and Indoor Climate (CLIMACADEMY), Course 2: Individually Controlled Environment, Sponsored by Maria Curie Actions MSCF–2005–029900, 8-13 May, 2007, Pamporovo, Bulgaria, pp. 126-127. | 3 | |
| | Lazarevska, A. and Supervisor Author Ciconkov, R.: *"Defining a Multi-Criteria Decision Making Model for Improving Energy Efficiency of Ammonia Cold Stores"*, published in the Proceedings (Proceedings available on CD) and presented at the International Youth Conference on Energetics (IYCE2007) Budapest, Hungary, May 31–June 2, 2007. | 3 | |
| | Ciconkov, R., Lazarevska, A.: *"Ammonia Cold Stores and Clean Development Mechanism"*, Proc. Third International Green Energy Conference (IGEC-III) June 17-21, 2007, Västerås, Sweden, pp. 1243-1254 and presented at the same conference | 3 | |
| | Ciconkov, R., Lazarevska, A.: *"Energy Efficiency Projects Converted in Cost Effective Investments using the Kyoto Protocol's CDM"*, Proc. 38th International Congress on Heating, Ventilation and Air Conditioning, 5-7 Dec, 2007 Belgrade, Srbija. | 3 | |
| | Nospal, A., Lazarevska, A. M., 2008: *"Environmental protection and industry: Parameters necessary for environmentally related decision making"*, published in NATO Science for Peace and Security Series – C: Environmental Security "GeoSpatial Visual Analytics: Geographical Information Processing and Visual Analytics for Environmental Security", (Eds. De Amicis, R., Stojanovic, R., Conti, G.), Springer Sience + Business Media, 2009. | 3 | |
| | Lazarevska, A. M., Fischer, N., Münnich, K., Haarstrick, A.: 2008: *"A Multi-Criteria Decision Making Conceptual Approach to optimal Landfill Monitoring"*, published in NATO Science for Peace and Security Series – C: Environmental Security "GeoSpatial Visual Analytics: Geographical Information Processing and Visual Analytics for Environmental Security", (Eds. De Amicis, R., Stojanovic, R., Conti, G.), Springer Sience + Business Media, 2009 | 3 | |
| | Ciconkov, R., Lazarevska, A. M., 2008: *"Clean Development Mechanism versus Energy and Environment"*, International Congress *"Energy and the Environment 2008"*, Opatija, Croatia, October 22 - 24, 2008, Proc. International Congress *"Energy and the Environment 2008"* | 3 | |
| 9 | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | 3 | 2,7 |
| | Nospal, A., Lazarevska, A. M., 2008: *"Environmental protection and industry: Parameters necessary for environmentally related decision making"*, Invited key-note lecture for the Geographical Information Processing and Visual Analytics for Environmental Security, NATO - Advanced Research Workshop (NATO ARW), 13 – 17 October 2008 Trento – Italy. (90%) | 2.7 | |
| | Lazarevska, A.. M., 2008: *"CDM best practice example(s) from Macedonia"*, Invited presentation for the Climate Change Conference in Slovenia Nov 16, 2007 organized by | 3 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | the Slovenian Government and supported by the British Embassy in Slovenia.http://www.brdo-co2nference.net/index.php?id=7&L=1. | | |
| 10 | **Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет** | 3.0 | **6,0** |
| | Lazarevska, A., M., 2008: *"Multi-Criteria Decision Making Theory as a Tool for determining a tailored Landfill Monitoring Procedure"*, Invited presentation within the Project SFB 477, Technical University Braunschweig, Germany, May 7, 2008. | 3.0 | |
| | Lazarevska, A, 2009: *"The Challenge of Kyoto for Macedonia: Climate Change and Sustainability in Southeastern Europe"*, invited Mary-Choncoff distinguished annual lecture under the auspices of the ASU Melikian Center and the Mary-Choncoff Fund, Mar 19, 2009. | 3.0 | |
| 11 | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | 1.0 | **20,2** |
| | Мирчевски, М., Димитровски, Г., Лазаревска, А.: Мерна опрема и автоматизација во пречистителните станици. МАККОМ, 14–15 октомври 1999. | 0.8 | |
| | Мирчевски, М., Лазаревска, А.: Степен на пречистување на отпадните води и начини за нивно пречистување. МАККОМ, 14–15 октомври 1999. | 0.9 | |
| | Мирчевски, М., Лазаревска, А.: Основни шеми на пречистување на отпадните води. Современ развој на технолошкото пречистување. МАККОМ, 14–15 октомври 1999. | 0.9 | |
| | Мирчевски, М., Лазаревска, А.: Способност за самопречистување на водоприемниците. МАККОМ, 14–15 октомври 1999. | 0.9 | |
| | Lazarevska, A.: Simulation of an $SO_2$ air pollution episode, Preparatory IP SCOPES meeting, Sofia, 26-28.02.2002, Во рамките на проектот "Establishing Computational Science in Engineering (CSE) in Bulgaria and Macedonia", (Project No. 7 IP 65642), 2002 – 2004. | 1.0 | |
| | Lazarevska, A., Mircevski, M.: Influence of Input Data Quality on Simulating an Air-Pollution Episode, IASTED International Conference on Applied Simulation and Modelling (ASM 2002), June 25 – 28, 2002, Crete, Greece | 0.9 | |
| | Trajkovski, L., Lazarevska, A.: Simulation of unsteady gas flow in pneumatic installations.4th Internationales Fluidtechnisches Kolloquium (IFK) – Intelligent Solutions by Fluid Power, March 24-26, 2004, Dresden, Germany. | 0.9 | |
| | Lazarevska, A.: Comparative Analysis of Parameters obtained while Simulating an Air-Pollution Episode, presented at PDE Methods in Applied Mathematics and Image Processing, September 6–10, 2004 Sponsored by the Alexander von Humboldt Foundation within the Stability Pact for Southeastern Europe, Sunny Beach, Bulgaria. | 1.0 | |
| | Lazarevska, A.: Applications of MATLAB in Dynamics Analysis. Auxiliary directives for Seminar Students' Work to the course "Dynamics of Plants and Processes", 2002. Во рамките на проектот "Establishing Computational Science in Engineering (CSE) in Bulgaria and Macedonia", (Project No. 7 IP 65642), 2002 – 2004. | 1.0 | |
| | Trajkovski, L., Lazarevska, A.: Selected Problems: Dynamic Analysis of Control Systems. Practicum to the exercises for the course "Dynamics of Plants and Processes", 2003. Во рамките на проектот "Establishing Computational Science in Engineering (CSE) in Bulgaria and Macedonia", (Project No. 7 IP 65642), 2002 – 2004 | 0.9 | |
| | Trajkovski, L., Lazarevska, A.: Control signal dependencies in pneumatic installations, presented at the IASTED International Conference on Applied Simulation and Modelling (ASM 2003), September 03 – 05, 2003, Marbella, Spain. | 0.9 | |
| | Lazarevska, A.: Country Report: Republic of Macedonia, presented at Environment Seminar for South East Europe ~ with focus on CDM/JI ~ Tokyo, Japan, Nov 11, 2004. | 1.0 | |
| | Lazarevska, A., Cali, E., Celac D. : Understanding the Flexible Kyoto Mechanisms and Possibilities for their Implementation through CDM Projects in Moldova, Albania and Macedonia (MAM), Final Report on the Seminar on CDM/JI in SEE, presented at Final Evaluation Presentation – Chubu International Center (JICA Chubu), Nagoya, Japan, Nov 19, 2004. | 1.0 | |
| | Lazarevska, A. and Ciconkov, R.: *"Report on the Activities towards Implementing Commitments under the UNFCCC and the Kyoto Protocol in the R. Macedonia"*, prepared for the Seminar on "Linking the Kyoto Project-Based Mechanisms with the EU ETS" 15-16 September 2005, Vienna, Austria, Organized by UNIDO, in cooperation with the Government of Hungary, UK Trade and Investment and the European Commission, 2005, available on http://www.unido.org/doc/43336 | 0.9 | |
| | Lazarevska, A. And Ciconkov, R.: *"Assessing/Evaluating Energy Projects for Sustainability"*, презентирано на International Symposium "ENERGETICS 2006" 5-7, October, OHRID, Macedonia, 2006 | 0.9 | |
| | Lazarevska, A. And Ciconkov, R.: *"Additional Value to the Energy Economy deriving from the Clean Development Mechanism of the Kyoto Protocol"*, презентирано на International Symposium "ENERGETICS 2006" 5-7, October, OHRID, Macedonia, 2006, | 0.7 | |
| | Lazarevska, A.:*"Definition of a MCDM Model for Improving the Public Transportation Concept in the City of Skopje"*, presented at the 26th IASTED International Conference on Modelling, Identification, and Control (MIC 2007), February 12–14, 2007 Innsbruck, Austria | 1.0 | |
| | Lazarevska, A. And Supervisor Author Ciconkov, R.: *"Defining a Multi-Criteria Decision Making Model for Improving Energy Efficiency of Ammonia Cold Stores"*, presented at the International Youth Conference on Energetics (IYCE2007) Budapest, Hungary, May 31 – June 2, 2007. | 0.9 | |
| | Ciconkov, R., Lazarevska, A.: *"Ammonia Cold Stores and Clean Development Mechanism"*, презентирано на Third International Green Energy Conference (IGEC-III) June 17-21, 2007, Västerås, Sweden | 0.9 | |
| | Ciconkov, R., Lazarevska, A. M., 2008: *"Clean Development Mechanism versus Energy and Environment"*, презентирано на International Congress *"Energy and the Environment 2008"*, Opatija, Croatia, October 22 – 24, 2008. | 0.9 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Lazarevska, A. M., Fischer, N., Münnich, K., Haarstrick, A.: 2008: "A Multi-Criteria Decision Making Conceptual Approach to optimal Landfill Monitoring", Presented at the Geographical Information Processing and Visual Analytics for Environmental Security, NATO – Advanced Research Workshop (NATO ARW), 13 – 17 October 2008 Trento – Italy. | 0.9 | |
| | Lazarevska, A., M., 2009: "*CDM projects developed under the training program*", presentation of projects identified and developed during the training program: "*Building Local Expertise for Climate Project Development*", capacity building programme for CDM project developing within the project for technical assistance, managed by Norsk Energi. Support and facilitation of the grant provided by the Norwegian Government, Final Workshop, 23 September 2009. | 1.0 | |
| 12 | **Одржано предавање на семинар за потребите на домашни здруженија и федерации** | **0.5** | **0,5** |
| | Lazarevska, A.: "The UN Framework Convention on Climate Change, the Kyoto Protocol and the Benefits Deriving from the Flexible Clean Development Mechanism", поканета презентација од МАК-ЈАМС, одржано на 21 февруари 2007. | 0.5 | |
| | **Вкупно** | | **157,4** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Ед. Пое. | Поени |
|---|---|---|---|
| 1 | **Експертски активности** | 1 | 4,7 |
| | Лазаревска, А.: Влијание на метеоролошките фактори врз формирањето перјаница и поле на концентрации од загадувач од единичен точкест стационарен извор. Преглед на некои модели кои го третираат тој проблем. Работен извештај бр. 1 за проектот „Термоелектрани и околина", МАНУ, октомври 1996. | 1 | |
| | Лазаревска, А.: Моделирање на полето на концентрации од загадувач од единичен точкест стационарен извор. Работен извештај бр. 2 за проектот „Термоелектрани и околина", МАНУ, ноември 1996. | 1 | |
| | Мирчевски, М., Јакимовски, С., Лазаревска, А.: Извештај за периодично испитување на мобилна хидраулична платформа ХТП–12 во Електроохрид – Охрид, Машински факултет – Скопје, април 1999. | 0.8 | |
| | „Стручна анализа, преглед на документација, испитување и единечна хомологација на моторни возила" по договор бр.03-3586 од 5.08.1992 (тековен - учество во тек на 02/03) | 1 | |
| | Ciconkov, R. and Lazarevska, A.: "*Countries' Experiences reference to the Establishment and Functioning of the DNAs*", Report prepared for the Ministry of Economy, R. Macedonia, April 2006. | 0.9 | |
| 2 | **Активности за популаризација на науката** | 1 | 1,0 |
| | Серија написи во списанието „Порта 3" за популаризација на науката, 2004–2008. | 1 | |
| | | | |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| 1 | **Студиски престој во странство** | | 8,0 |
| | 2 месеца (15.VII 1992 – 15.IX 1992) ст. престој на Technische Hochschule, Цвикау, Германија. Кооперација на DAAD и IAESTE. | 0.5 | |
| | 4 месеци (5.I 1994 – 5.V 1994) ст. престој на Fraunhofer Institut fuer zerstoerungsfreie Pruefverfahren во Заарбрикен, Зарланд, Германија (вклучена во експериментална работа за примена на AFM (Atomic Force Microscopy). Кооперација на DAAD и IAESTE. | 1 | |
| | 13 месеци (1.VII 1997 – 15.X 1998) DAAD-стипендија за ст. престој во Метеоролошкиот институт, истражувачка група Troposphaerische Umwelt Forschung (TrUmF), Freie Universitaet во Берлин (FU-Berlin), Германија. | 2 | |
| | Чикаго, САД – 10-дневна посета на комунални и индустриски пречистителни станици, ECOLINKS, USAID, 1999. | 0.5 | |
| | 1 месец (VIII. 2003) ст. престој за изучување шпански јазик Grupo Intermedio II, Lexis, Malaga, Шпанија. | 0.5 | |
| | 1 месец (26.X 2004 – 22.XI 2004) ст. престој со стипендија од JICA и UNIDO/ITPO-Tokyo, Training Course: "Seminar on Implementation of Clean Development Mechanism / Joint Implementation in South Eastern Europe", Јапонија. | 0.5 | |
| | 6 и пол месечен (од декември 2007 до јуни 2008) ст. престој при Институтот за биохемиско инженерство на Тех. универзитет во Брауншвајг, Германија, во рамките на проектите SFB 477 и 578, од програмата на Германската асоцијација за истражувачи (DFG). . | 2 | |
| | 5 и пол месечен (6.I 2009 - 24.V 2009) студиски престој во рамките на Junior Faculty Development Program (American Councils), реализиран при Arizona State University (ASU), хостиран од Melikian Center for Russian, Eurasian and East European Studies и ASU Global Institute of Sustainability – School of Sustainability, САД. | 1 | |
| 2 | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (FP7, COST, IEAE и сл.)** | 2 | 4,0 |
| | Национално контакт-лице за FP7 за сектор животна средина од компонента Соработка, 07/09. | 2 | |
| | Координатор за ERASMUS за МФС, 09- | 2 | |
| 3 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | 1 | 4,0 |
| | „Will climatic changes lead to harmful pollution levels in South-Eastern Europe?", | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | проектна апликација за NATO Programme for Security through Science-Science for Peace Programme, рак. K. Georgiev (Institute for Parallel Processing, Bulgarian Academy of Sciences) и Z. Zlatev (National Environmental Research Institute, DTU) | | |
| | „Establishment of Mobility Centre in the R. of Macedonia", проект во рамки на Седмата рамковна програма, 07/09. Успешно спроведена апликација на проектот. Имплементатор: Национална агенција за европски национални програми и мобилност на Р. Македонија. | 1 | |
| | Консултант во фаза на апликација за USAID проект за „Technological-technical solution for waste coal dust reprocessing system at the heating plant boiler facility in the City of Makedonska Kamenica", ЈП Доминг, Македонска Каменица, 1999, рак.: проф. д-р М.Мирчевски | 1 | |
| | Консултант во фаза на успешна апликација за USAID проект „Improving the effluent quality from galvanizing activities at Zastava's plant", „АГП Застава", Охрид, Македонија, рак.: проф.д-р М.Мирчевски, 99/00 | 1 | |
| 4 | **Член на комисии** | | 9,5 |
| | Заменик-претседател на националниот комитет на IAESTE за Македонија (94) | 0.5 | |
| | Секретар на институтот за ХПА (00/04) | 0.5 | |
| | Претставник на соработниците од Институтот за ХПА во Наставно – научниот совет при МФС (02/04) | 0.5 | |
| | Член на уредувачкиот и експертскиот одбор на „Порта 3", списание за градежништво, архитектура и екологија, одговорна за сектор екологија (2004-2009) | 0.5 | |
| | Член на Извршниот одбор на МАК-ЈАМС (05/07, 07/09, 09-) | 1.5 | |
| | Член на пописна комисија (99/06, 08) | 4.0 | |
| | Учество во промотивни активности на Факултетот (04,05,06,07) | 2.0 | |
| | **Вкупно** | | 31,2 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 173,22 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 157,4 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 31,2 |
| **Вкупно** | 361,84 |

**Членови на Комисијата:**

1. Проф. д–р Методија Мирчевски, претседател, с.р.
2. Проф. д–р Александар Ношпал, член, с.р.
3. Проф. д–р Атанаско Тунески, член, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ
ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОТРЕСНОТО ИНЖЕНЕРСТВО,
ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО
И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА (ИЗИИС) ВО СКОПЈЕ

На распишаниот конкурс од страна на Научниот совет на УКИМ ИЗИИС во весникот „Дневник" на 29.6.2010 година, за избор на асистент истражувач од областа на земјотресното инженерство во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје, се пријави кандидатката м-р Александра Богдановиќ, вработена во Институтот како асистент истражувач.

Со одлука на Научниот совет на ИЗИИС од 29.6.2010 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на асистент од областа на земјотресното инженерство, во состав: д-р Михаил Гаревски, редовен професор, д-р Зоран Милутиновиќ, редовен професор и д-р Зоран Ракиќевиќ, вонреден професор.

Комисијата во горенаведениот состав ја разгледа пријавата на кандидатката,заедно со доставените прилози: кратка биографија, преглед на наставно научната и стручна активност, список на научни и стручни трудови и проекти, во чија реализација кандидатката м-р Александра Богдановиќ активно учествувала.

Врз основа на извршениот увид во доставената документација и личното познавање на кандидатката, како и согласно со одредбите од Законот и релевантните правилници, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката м-р Александра Богдановиќ е родена во Битола на 14.9.1979 година. Основно училиште завршила во Битола, во основното училиште „Гоце Делчев", а средно образование во гимназијата „Јосип Броз Тито", во Битола, на природно-математичката насока, со континуиран одличен успех. Како резултат на покажаниот успех сите четири години била корисник на стипендија за талентирани ученици од Министерството за образование и наука на Република Македонија и била прогласена за првенец на генерацијата.

Во 1998 година се запишала на Градежниот факултет во Скопје - конструктивна насока, и дипломирала на 1.12.2003 година со просек 8,9, стекнувајќи се со звањето дипломиран градежен инженер. Дипломската работа со наслов „Идеен проект на хала за магацински простор", оценета со оценка 10, ја изработила на Катедрата за бетонски конструкции, под раководство на проф. д-р Санде Атанасовски.

Во учебната 2001/2002 година ја добила наградата за најдобар студент за IV година и истата година работела како демонстратор по јакост на материјалите и механика кај проф. д-р Светлана Ончевска–Петковска. Во учебната 2002/2003 работела како демонстратор по предметот организација и механизација кај проф. д-р Валентина Жилевска-Панчоска.

Во текот на целото студирање била корисник на стипендија за талентирани струденти од Министерството за образование и наука на Република Македонија, а како резултат

на покажаниот успех во текот на студиите, кандидатката м-р Александра Златеска, во мај 2004 година, ја добила наградата за најдобар дипломиран студент и признанието „Инженерски прстен", кое се доделува под покровителство на претседателот на Република Македонија и на Инженерската институција на Република Македонија.

Од октомври 2003 до февруари 2007. година кандидатката м-р Александра Златеска работела како помлад соработник-истражувач на научни и апликативни проекти во ИЗИИС-Скопје, каде што во февруари 2004 година се запишала на меѓународните постдипломски студии организирани во соработка со германската програма за академска размена DAAD, и до декември 2005 година ги положила сите 15 испити.

Во февруари 2006 започнала да ја работи својата магистерска теза со наслов „Математичко моделирање на петкатна челична рамовска конструкција со динамички апсорбер", под раководство на доц. д-р Зоран Ракиќевиќ, која ја завршила и ја предала во архивата на Институтот на 26.10. 2006. На јавната одбрана, одржана во ЈНУ-ИЗИИС на 6.12.2006 успешно ја одбранила магистерската теза и со тоа се стекна со научно звање магистер на технички науки.

Од 1.2.2007 година е примена во редовен работен однос во ЈНУ ИЗИИС како помлад стручен истражувач.

Од октомври 2007 година, како стипендист на *DAAD* е примена на меѓународните докторски студии по земјотресно инженерство во рамките на *SEEFORM/DAAD* програмата. Предложената докторска дисертација се работи во рамките на *ГЕРБ* проектот помеѓу ИЗИИС и компанијата ГЕРБ од Белин, Германија, од областа на контролираните конструкции.

Од странските јазици одлично ги владее англискиот, српскиот и хрватскиот јазик, многу добро бугарскиот, има солидни познавања од италијанскиот, а рускиот јазик го користи пасивно.

Член е на повеќе стручни национални и меѓународни друштва од областа на градежништвото и земјотресното инженерство:

- Македонска асоцијација за земјотресно инженерство;
- Европска асоцијација за земјотресно инженерство;
- Светска асоцијација за земјотресно инженерство;
- Друштво на градежни конструктори на Македонија.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНА АКТИВНОСТ

Научноистражувачката и стручна активност на кандидатката м-р Александра Богдановиќ е ориентирана во областа на земјотресното инженерство, примарно во анализата и динамиката на конструкциите, експерименталната механика и управуваните конструкции. Солидното познавање на теоријата на конструктивната механика, анализата на конструктивните системи, компјутерските апликации, како и познавањето на англискиот јазик и овозможуваат лесно и навремено следење на научните сознанија од областа на земјотресното инженерство во светот.

Кандидатката м-р Александра Златеска пројавува континуиран интерес за сопствено научно и стручно надградување. Во периодот 2004-2007, како помлад соработник-истражувач во ИЗИИС, кандидатката работела на различни задачи и задолженија кои придонесле за оформување и надградување на нејзиниот научен и стручен работен профил.

Во нејзината досегашна стручна и научна работа активно се користи со компјутерските програми MS Office (MS Word, MS Excel, MS PowerPoint), AutoCad, Sap2000, CorelDraw, Photoshop, ArhiCad, Feap, ANSIS, како и со компјутерските програми развиени во ИЗИИС за анализа на конструкции.

Учествувала на :

- The first German – South-East European Conference on Civil and Environmental Engineering Sciences, December 7-10,2010,Bochum, Germany;
- 21 Европски семинар за земјотресно инженерство " Seismic Assessment and Retrofit of Bridges" , 16-19 June 2010, Sile Campus, Istanbul ,Turkey;
- во перидот 1 октомври-30 декември 2009 година реализирала докторски студиски престој во RWTH Aachen University, *Germany,* реализиран под менторство на Prof. Dr. Konstantin Meskouris.

Во продолжение е дадена листата на публикувани трудови:

- **A.Bogdanovic**, Z.Rakicevic, D.Jurukovski, H.Kammerer, P.Nawrotzki (2010)"Analytical Estimation of the Effectiveness of Prestress Damping Device Using Shaking Table Experiments", 14ECEE,30-3 September 2010, Ohrid, R.Macedonia
- Z.Rakicevic, **A.Bogdanovic,** D.Jurukovski,H.Kammerer, P.Nawrotzki (2010) "Efficiency of Prestressed Damping Devices in Controlling Structural Response to Seismic Excitation", 14 ECEE, 30-3 September 2010, Ohrid, R.Macedonia.
- Z.Rakicevic, **A.Bogdanovic,** D.Jurukovski,H.Kammerer, P.Nawrotzki (2010) "Shaking table testing of a steel frame structure without and with GERB Prestressed Damping Devices, 5[th] WCSCM, 12-14 July 2010, Tokyo, Japan.
- Z.Rakicevic, **A.Bogdanovic**, D.Jurukovski, (2010) "Savremene tehnologije za projektovanje I gradzenje u gradzevinarstvu", 3-ca Internacionalna Konferencija, 15-19 , Februar 2010, Zabljak ,Crna Gora.
- Z.Rakicevic, **A.Bogdanovic**, D.Jurukovski, (2009), "Aseizmicko Projektovanje Celicnih Ramovskih Konstrukcija sa Dodatnim Prigusenjem, Medzunarodna konferencija o zemjlotresnom inzinerstvu , 26-28 Oktobar , 2009, Banja Luca, Republika Srpska, BIH.
- **Zlateska, A.**, Rakicevic, Z., (2008). "Mathematical modelling of five story steel frame structure with dynamic absorber", Final NATO SfP 978029 project workshop, 23-24 June, 2008, Ohrid, Republic of Macedonia.
- Dimitar, J., Rakicevic, Z., **Zlateska, A.**, (2008). "Earthquake Resistant Design Needs Structural Control" 14WCEE, Beijing, China, October 2008.
- Rakicevic, Z., Jurukovski, D., **Zlateska, A.**, (2008). "Optimal damping capacity of steel frame structures" 4ECSC , St-Petersburg, September 8-12 2008
- **Zlateska, A.** (2006). "Mathematical modelling of five story steel frame structure with dynamic absorber", Master thesis, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology (IZIIS), December 2006.
- Rakicevic, Z., **Zlateska, A.**, Jurukovski, D., Nawrotzki, P., (2007). "Analytical Modeling and Effectivness Estimation of Tuned Mass Damper, MASE, KC-40, 27-29 September, Struga, Republic of Macedonia.
- Rakicevic, Z., **Zlateska, A.**, Jurukovski, D., Nawrotzki, P., (2006). "Analytical Estimation and Effectiveness of Tuned Mass Damper using shaking table experiments", 4th World Conference on Structural Control and Monitoring, San Diego 2006.

- **Zlateska, A**., "Preliminary design of Reinforced Concrete Hall"(2004),
- Diplom and master tesis of Young Engineers, Herceg Novi, Sept.26-29.2004

Листа на стручни трудови:

ИЗИИС-2007-23
Мирчевска В. (раководител на проектот),Златеска А.,Кемал Едип
Концепт на армирана земја со примена на анкери и нивна апликација во геотехничкото инженерство во услови на статичко и динамичко оптоварување (Научно-истражувачки проект)

ИЗИИС-2007-45
Мицов В.(раководител)
Соработници : Димишковска Б.,Јовановиќ М., Златеска А., Стојмановска М.,Гаџа В.,Ѓорѓиевска Е., Петровски Т., Јованов Ѓ.
Извештај за извршени активности за оформување на база на податоци за мостовските конструкции на магистралниот пат М-2 во склоп на проектот „ Информационен систем за евидентирање и следење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа во Р.Македонија.

ИЗИИС-2007-58
Мицов В.(раководител)
Соработници : Димишковска Б.,Јовановиќ М., Златеска А., Стојмановска М.,Гаџа В.,Ѓорѓиевска Е., Петровски Т., Јованов Ѓ.
Извештај за извршени активности за оформување на база на податоци за мостовските конструкции на магистралниот пат М-4 во склоп на проектот „Информационен систем за евидентирање и следење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа во Р.Македонија.

ИЗИИС-2007-61
Мицов В.(раководител)
Соработници : Јовановиќ М., Златеска А., Стојмановска М.,Гаџа В.,Шалиќ Р., Петровски Т., Јованов Ѓ.,Јекиќ Г.,Цветановска Ј.
Извештај за извршени активности за оформување на база на податоци за мостовските конструкции на магистралниот пат М-1 во склоп на проектот „ Информационен систем за евидентирање и следење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа во Р.Македонија.

ИЗИИС-2007-62
Мицов В.(раководител)
Соработници : Јовановиќ М., Златеска А., Стојмановска М.,Гаџа В.,Шалиќ Р., Петровски Т., Јованов Ѓ.,Јекиќ Г.,Цветановска Ј.
Извештај за извршени активности за оформување на база на податоци за мостовските конструкции на магистралниот пат М-5 и М-5 крак во склоп на проектот „Информационен систем за евидентирање и следење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа во Р.Македонија.

ИЗИИС-2007-63
Мицов В.(раководител)
Соработници : Јовановиќ М., Златеска А., Стојмановска М.,Гаџа В.,Шалиќ Р., Олумчева Т., Ѓорѓевска Е.
Извештај за извршени активности за оформување на база на податоци за мостовските конструкции на магистралниот пат М-5 и М-5 крак во склоп на проектот

„Информационен систем за евидентирање и следење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа во Р.Македонија.

ИЗИИС-2007-64
Мицов В.(раководител)
Соработници : Јовановиќ М., Златеска А., Стојмановска М.,Гаџа В.,Шалиќ Р., Олумчева Т., Ѓорѓевска Е.
Извештај за извршени активности за оформување на база на податоци за мостовските конструкции на магистралниот пат М-6 во склоп на проектот „Информационен систем за евидентирање и следење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа во Р.Македонија.

ИЗИИС-2008-32
Rakicevic Z., Zlateska A.,Naumovski N.,Mateski V.
Shaking Table Testing of Unreinforced Masonry Models without and with Untiseismic Devices

ИЗИИС-2008-53/1-5
Божиновски Ж.,Шендова В.,(раководители на проектот)
Нечевска Цветановска Г.,Гаревски М. (консултант)
Петрушевска Р.,Стојановски Б.
Соработници : Златеска А.,Стојмановска М.,Светановска Ј.,Јекич Г., Јовановиќ М.
Анализа на стабилноста со техничко решение за зачувување на основниот конструктивен систем на објектот „Собрание на Република Македонија"
Книга 1 : Образложение и сумарни резултати за анализата
Книга 2/1: Постојна состојба – ламела 1, ламела 2, ламела 3, ламела 4.
Книга 2/2: Постојна состојба – ламела 5, ламела 6, ламела 7
Книга 3/1: Надградена состојба – ламела 1, ламела 2, ламела 4, ламела 5.
Книга 3/2: Надградена состојба – ламела 6, ламела 7, состојба без дилатација
Книга 4/1: Зајакната состојба – ламела 1, ламела 2, ламела 4
Книга 4/2: Зајакната состојба – ламела 5, ламела 6, ламела 7
Книга 5/8: Предмер и пресметка на позициите

IZIIS-2009-40
Rakicevic Z, Zlateska A.

Shaking Table Effectiveness Testing of GERB PDD (Prestressed Damping Device) Central System

IZIIS-2009-41
Rakicevic Z., Zlateska A.

Shaking Table Testing of Weinerberger Two Story masonry models without and with Antiseismic Devices

ИЗИИС – 2010 – 40
В.Мицов, В.Шендова.
Ж.Божиновски, А. Богдановиќ, М.Витанова, Ј.Цветановска
Извештај од извршените мерења за идентификација на конструктивниот систем на објектот на Министерството за одбрана на Р.Македонија во Скопје, со процена на постојната сеизмичка стабилност.

## ЗАКЛУЧОК

Анализирајќи ја севкупната активност на кандидатката м-р Александра Богдановиќ, можеме да заклучиме дека се работи за еден амбициозен и трудољубив млад истражувач, кој има постигнато забележителни резултати во стручната и во научноистражувачката дејност. Врз основа на резултатите што кандидатката ги постигнала во изминатиот период може да се каже дека кај неа се забележува постојан напредок и усовршување во нејзината професионална дејност.

Солидното познавање на англискиот и другите светски јазици и овозможува да ги следи светските достигнувања во областа на нејзиниот потесен научен интерес

Сумирајќи ги сите вредности на кандидатката, нејзината младост, потенцијал и комуникативност, ни причинува чест и посебно задоволство да му препорачаме на Наставно-научниот совет и на Советот на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да ја избере кандидатката м-р Александра Богдановиќ во звањето асистент од областа на земјотресното инженерство.

Скопје,

5.8.2010

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Зоран Ракиќевиќ, вонреден професор с.р

Д-р Михаил Гаревски, редовен професор с.р.

Д-р Зоран Милутиновиќ, редовен професор с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ-ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: *ПЕДАГОШКА ПСИХОЛОГИЈА*, ЗА ГРУПИТЕ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, *ПСИХОЛОГИЈА НА ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА И УМСТВЕНИТЕ СПОСОБНОСТИ*, ЗА ГРУПАТА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК И *ПСИХОЛОГИЈА НА ХУМАНИ ОДНОСИ МЕЃУ ПОЛОВИТЕ*, ЗА ГРУПАТА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, со одлука бр. 02-322/4 од 14.9.2010, а во врска со конкурсот објавен во весниците „Дневник“ од 14.6.2010 и „Коха е ре“ од 16.6.2010 за избор на еден извршител во **наставно-научно звање по предметите: *педагошка психологија*, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, *психологија на интелигенцијата и умствените способности*, за групата одделенска настава на македонски наставен јазик, и *психологија на хумани односи меѓу половите*, за групата предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје**, формира

Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Мирослава Николоска, претседател
2. проф. д-р Зоран Стојановски, член
3. проф. д-р Татјана Котева Мојсовска, член

На конкурсот се пријави само кандидатот д-р Зоран Михајловски, асистент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

По разгледувањето на приложената документација од страна на кандидатот д-р Зоран Михајловски, како и врз основа на непосредното познавање на неговиот досегашен ангажман како помлад асистент и асистент, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје да му го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс во весниците „Дневник" и „Коха е ре" за избор во наставно-научно звање по предметите: *йедагошка йсихологија,* за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, *йсихологија на интелигенцијата и умствените способности,* за групата одделенска настава на македонски наставен јазик и *йсихологија на хумани односи меѓу половите,* за групата предучилишно воспитание на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, се пријави кандидатот д-р Зоран Михајловски.

## *Биографски податоци*

Д-р Зоран Михајловски е роден на 27.8.1963 година во Куманово, каде што завршил основно и средно училиште со одличен успех. На ННСГ за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје се запишал во 1984 година, а дипломирал во 1989 со просечна оценка 9,95.

Од дипломирањето до 1991 година хонорарно соработувал со Секторот за истражување на програмата и аудиториумот при РТВ Скопје. Во 1991 година се вработил како психолог во Воздухопловниот медицински институт (ВМИ) при тогашната ЈНА во Белград, каде што работел на селекција и контрола на способностите на воени пилоти и советодавно-терапевтска дејност. Работниот ангажман во армија го продолжил во АРМ, каде што работел од 1992 година како психолог во Военото воздухопловство, а од 1993 година како психолог-аналитичар и координатор на работата на армиските психолози во Генералштабот на АРМ во Скопје.

Кандидатот д-р Зоран Михајловски од 1 февруари 1998 е во редовен работен однос на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје. Во јули 2003 година го одбранил магистерскиот труд под наслов *Конативно-мотивациски особини на личноста и успехот кај ученици од средно музичко училиште* на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје и се стекнал со научно звање - *магистер на психолошки науки.* Во мај 2010 година, д-р Зоран Михајловски на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје ја одбранил докторската дисертација под наслов *Особини на личноста кај поединци професионално определени за музичка уметност* и се стекнал со научно звање-*доктор на психолошки науки.*

***Избори и наставни активности:***

Кандидатот д-р Зоран Михајловски во декември 1997 година е избран за помлад асистент на предметите од психолошките науки на групите за предучилишно воспитание и одделенска настава на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, а во април 2001 е реизбран во истото звање. Во назначениот период, д-р Зоран Михајловски изведувал вежби по три предмети: општа психологија, развојна психологија и педагошка психологија, со студенти од групите одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски наставен јазик.

По одбраната на магистерскиот труд, во ноември 2003 година д-р Зоран Михајловски е избран за асистент по предметите општа психологија, развојна психологија и педагошка психологија на групите одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски наставен јазик. Во декември 2006 е реизбран во истото звање.

Како помлад асистент и асистент на посочените наставни предмети, д-р Зоран Михајловски успешно ги реализирал вежбите правејќи ги предметните содржини што е можно подостапни за студентите, поврзувајќи ги со секојдневниот живот и искуство. Тој има воспоставено добра комуникација со студентите и секогаш им е достапен.

***Научноистражувачка дејност:***

Кандидатот д-р Зоран Михајловски, како помлад асистент и асистент, континуирано работел на своето научно и стручно усовршување.

Од неговиот последен избор за асистент, кандидатот објавил и приложил повеќе трудови. Нив на кратко ќе ги прикажеме и ќе ги оцениме.

- *„Мотивација, успех и неуспех" (2006, списание: Педагошка практика бр. 1 и 2, Педагошки факултет - Скопје)*

Трудот е научно - популарна статија. Направен е осврт врз успехот и неуспехот како класични надворешни поттици во процесот на училишното учење, во сложено содејство со некои сродни поттици. Според мислењето на авторот, наспроти стереотипот дека успехот е априори позитивен стимуланс, а неуспехот инхибитор на учењето, релацијата меѓу нив е покомплексна, во зависност од интензитетот на успехот/неуспехот и особините на личноста.

- *„Од турбофолк до турбопоп. Културоцидот како етичко-естетички дискурс на мрачната балканска крчма" (2006, Зборник на 3-ти Меѓународен научен собир „Современи тенденции во формирањето на наставниот кадар за предучилишно воспитание и одделенска настава"), Педагошки факултет, Скопје*

Есеј за феноменот на модерната народна музика, позната како турбофолк. Авторот се впушта во анализа на психолошките корелати на популистичкиот културен модел. Заклучува дека модерната турбокултура денес не е само површна шарена забава за широките маси, туку е механизам преку кој се ублажува здодевноста, празнотијата, неизвесноста на поединецот преку идентификација со заводливите, скокотливи, магливи слики на сјај, богатство, брз успех и врвен статус - без оглед на патот до нив.

- *„Една модерна теорија на интелигенцијата во училница - единство на теоријата и практиката" (2007, Зборник на 4. Меѓународен балкански конгрес „Образованието, Балканот, Европа"), Стара Загора, Р. Бугарија*

Овој труд е расправа за современата позиција на Гарднеровата теорија на мултипла интелигенција. Образовната проблематика се наметнува како идеален амбиент за валидација и верификација на оваа современа теорија на интелигенцијата. Авторот пледира на образованието на 21 век како општествено одржлив систем што ќе ги релативизира понекогаш ригидните граници меѓу традиционалното образование и животот надвор од училишната клупа. Теоријата на Гарднер, со својата широка применливост и завидните резултати во тој процес, би можела да биде еден од првите предвесници на идното образование според потребите на поединецот, а не на училиштето.

- *„Flow" концептот на Csikszentmihalyi - рефлексија на внатрешната мотивација во позитивната психологија" (2008, Зборник на 4. Меѓународен научен собир „Современи тенденции во образованието"), Педагошки факултет, Скопје*

Трудот е теориска расправа за идејната кореспонденција меѓу една од теориите на Csikszentmihalyi и една од највлијателните струи во модерната психолошка наука - позитивната психологија. Во својата основа, позитивната психологија е одредена како научно следење на принципите на оптималното човеково функционирање и создавање на подрачје целосно фокусирано кон силата и доблеста на човекот, креирајќи притоа научни стратегии и методологија свртени кон осветлување на позитивната страна на човековата егзистенција. Во тој контекст, несомнена е синергијата на основните атрибути на flow-доживувањето опишано од Csikszentmihalyi (длабоко внатрешно задоволство, мир и рамнотежа преку искрена обземеност со работа, хоби или друга продуктивна активност) со темелните

концептуални поставки на позитивната психологија. Авторот смета дека атрибутите на flow-доживувањето, во таа смисла, можат да се наметнат како есенцијален патоказ кон „совршена" мотивација, достојна на позитивната генеричка природа на човекот и на моделот на човековата егзистенција од самото идејно средиште на позитивната психологија.

- *„Факторска структура на музичкиот темперамент" (2009, Зборник на 5. Меѓународен балкански конгрес „Образованието и науката"), Едрене, Р. Турција.*

Ова е труд со оригинални научни резултати. Во трудот се соопштени резултати од обемна факторска анализа направена со цел да се утврди факторската структура на музичкиот темперамент. Авторот констатирал дека резултатите во еден дел се во согласност со Кателовиот модел, а во еден дел се идентификувани нови фактори. Личноста на музичарот, сугерира наодот, пулсира низ систем фреквенции нешто поинакви од вообичаените за општата популација.

- *„Особини на личноста кај поединци професионално определени за музичка уметност", докторска дисертација (2010, Филозофски факултет, Скопје)*

Со оваа докторска дисертација, д-р Зоран Михајловски сакал да одговори на прашањето дали постои посебна организација на цртите на личноста кај поединци кои професионално се определиле за музичката уметност во Македонија, наспроти немузичката популација во зависност од полот, од степенот на музичкото образование и од избраниот музички инструмент. Истражувањето го спровел врз мостра од вкупно 629 субјекти, музичари и немузичари. Значи, станува збор за обемно истражување. Личноста на музичкиот уметник е анализирана врз основа на три теории на личноста: Кателовата теорија за изворни црти, Ајзенковата димензионална типологија и Петфакторскиот модел. Варијаблите користени во истражувањето произлегле од горните теории, надополнети со следниве додатни варијабли: општа интелектуална способност, музички инструмент, пол и степен на музичко образование и искуство. Добиените податоци ги обработил со голем број статистички техники вклучувајќи линеарна корелација, еднонасочна анализа на варијанса, МАНОВА, факторска анализа и други. Резултатите што ги добил се прикажани на 83 страници, коишто ние ќе ги соопштиме на кратко. Од мноштовото на варијабли, со факторска анализа се екстрхирани 9 латентни фактори. Во поглед на разликите помеѓу музичарите и немузичарите пашол разлики во неколку фактори од втор ред. Музичарите од машки и од женски пол се разликувале според склопот на цртите во пет фактори. Во поглед на степенот на образованието, д-р Михајловски нашол дека резултатите на студентте се

сместени помеѓу учениците и возрасните професионалци, што значи овие црти ги следат промените во образованието. Највоочлив дистинктивен профил се јавил кај дувачите на лимени инструменти во споредба со пијанистите и со гудачите. Дувачите покажале високо ниво на екстраверзија, високо ниво на емоционална стабилност и ниско ниво на невротичност и фрустрации. Оваа дисертација е исцрпна теориско-научна елаборација на проблемот на музичките способности.

- *„Музичка надареност и интелигенција" (2010, Зборник на 5. Меѓународен научен собир „Образование за хумано општество"), Педагошки факултет, Скопје.*

Соопштени се резултати од емпириско истражување со кое авторот сакал да ги истражи разликите во интелектуалните способности на мостра музичари и немузичари. Д-р Михајловски нашол дека учениците од средно музичко училиште манифестираат повисока вербална интелигенција во споредба со средношколците од немузичките училишта, исто како и возрасните професионални музичари во споредба со факултетски образуваните немузичари. Во студентската група, вербалната интелигенција е сè уште повисока кај студентите по музика, но разликата не е статистички потврдена. Истовремено, кај сите три возрасно-образовни групи отсуствува статистичка потврда на разликите во степенот на фигурална интелигенција. Наодот кореспондира со резултатите од најголемиот дел од претходните истражувања.

### ***Учество во проекти и работилници***

Од почетоците на своето работно ангажирање на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, д-р Зоран Михајловски активно партиципира во повеќе научноистражувачки проекти и работилници, од кои поважни се:

- *Со читање и пишување до критичко мислење,* Темпус-проект, 1998-1999;
- *Реструктурирање на образовниот процес на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје* - европски Темпус/Фаре проект, во рамките на кој кандидатот остварил студиски престој во Данска, февруари-април 2000;
- *Примена на ИКТ во наставата,* европски проект, 2006-2009;
- *Промоција на хумани вредности,* работилница на Црвен крст на РМ, 2003;

- *Креативна настава и учење. Модернизација на образованието за наставници по ЕКТС,* работилница поддржана од СОРОС/УСАИД, 2007;
- *Социјалната правда во образованието и воспитанието,* работилница поддржана од СОРОС/УСАИД, 2008.

***Заклучок и предлог***

Од досега изнесеното може да се заклучи следново:
- д-р Зоран Михајловски има магистратура и докторат од областа па психологијата;
- има објавено научни и стручни трудови од областа на психологијата во повеќе списанија;
- учествувал со трудови на научни собири;
- учествувал во научноистражувачки проекти;
- успешно изведувал вежби по предметите општа психологија, развојна психологија и педагошка психологија.

Според тоа, исполнети се законските услови за избор во звањето доцент.

Врз основа на изнесеното, Комисијата во состав: проф. д-р Мирослава Николоска, проф. д-р Зоран Стојановски и проф. д-р Татјана Котева Мојсовска, на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје му предлага д-р Зоран Михајловски да биде избран во наставно-научното звање доцент по предметите: ***педагошка психологија,*** за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, ***психологија на интелигенцијата и умствените способности,*** за групата одделенска настава на македонски наставен јазик и ***психологија на хумани односи меѓу половите,*** за групата предучилишно воспитание на македонски наставен јазик.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Мирослава Николоска, претседател с.р.
2. Проф. д-р Зоран Стојановски, член с.р.
3. Проф. д-р Татјана Котева Мојсовска, член с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Д-р Зоран Ранко Михајловски**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Педагошки факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **психолошки науки**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Вежби по предметот општа психологија за време од 6 семестри, 3 групи, 2 часа неделно (3x2x15x0,03x6) | 16,2 |
| 2 | Вежби по предметот развојна психологија за време од 6 семестри, 2 групи, 2 часа неделно (2x2x15x0,03x6) | 10,8 |
| 3 | Вежби по предметот педагошка психологија за време од 6 семестри, 2 групи, 2 часа неделно (2x2x15x0,03x6) | 10,8 |
| 4 | Консултации по предметите општа психологија, развојна психологија и педагошка психологија за време од 6 семестри, 2 дена неделно по 2 часа (150x0,002x6) | 1,8 |
| | **Вкупно** | 39,6 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска теза: „Особини на личноста кај поединци професионално определни за музичка уметност", Филозофски факултет, Скопје, 2010 | 8 |
| 2 | Научно-популарна статија во стручно-методско списание: *Мотивација, успех и неуспех*, Педагошка практика, бр. 1 и 2, 2006. | 1 |
| 3 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: *Од турбофолк до турбопоп. Културоцидот како етичко-естетички дискурс на мрачната балканска крчма*, Зборник на III меѓународен научен собир „Современи тенденции во формирањето на наставниот кадар за предучилишно воспитание и одделенска настава", Педагошки факултет, Скопје, 2006. | 2 |
| 4 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: *Една модерна теорија на интелигенција во училница – единство на теоријата и практиката*, Зборник на IV меѓународен | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | балкански конгрес „Образованието, Балканот, Европа", Стара Загора, Р. Бугарија, 2007. | |
| 5 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: *„Flow" концептот на Csikszentmihalyi – рефлексија на внатрешната мотивација во позитивната психологија*, Зборник на IV меѓународен научен собир „Современи тенденции во образованието", Педагошки факултет, Скопје, 2008. | 2 |
| 6 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: *Факторска структура на музичкиот темперамент*, Зборник на V меѓународен балкански конгрес „Образованието и науката", Едрене, Р. Турција, 2009. | 3 |
| 7 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: *Музичка надареност и интелигенција*, Зборник на V меѓународен научен собир „Образование за хумано општество", Педагошки факултет, Скопје, 2010. | 2 |
| | **Вкупно** | 21 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Член на Комисија за реализација на активности за учество и презентација на Педагошкиот факултет на Саемот на образованието, 2009. | 0,5 |
| 2 | Координатор за имплементација на ЕКТС при Педагошкиот факултет, 2006-2009. | 1 |
| 3 | Член на факултетска Комисија за реформа на студиските програми за студии од прв циклус, 2009 | 0,5 |
| 4 | Член на факултетска Комисија за избор на декан на Пеагошкиот факултет за периодот 2005-2009 | 0,5 |
| 5 | Член на комисија за упис на нови студенти, 2002-2010 | 0,5 |
| 6 | Учество во работилницата „Промоција на хумани вредности", Црвен крст на РМ, 2003. | 1 |
| 7 | Примена на ИКТ во наставата, европски проект, 2006-2009 | 1 |
| 8 | Учество во работилницата „Креативна настава и учење. Модернизација на образованието за наставници по ЕКТС", СОРОС/УСАИД, 2007. | 1 |
| 9 | Учество во работилницата „Социјалната правда во образованието и воспитанието", СОРОС/УСАИД, 2008. | 1 |
| 10 | Учество во работилницата „Преку читање и пишување до критичко мислење", поддржан од Институтот отворено општество СОРОС, 1998-1999. | 1 |
| 11 | Учество во проектот „Реструктуирање на образовниот процес на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје", здружен европски проект од Темпус-програмата, 1999-2002. | 1 |
| | **Вкупно** | 9 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 39,6 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 21,0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 9,0 |
| **Вкупно** | 69,6 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Мирослава Николоска, претседател с.р.
2. Проф. д-р Зоран Стојановски, член с.р.
3. Проф. д-р Татјана Котева Мојсовска, член с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА КАТЕДРАТА ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЈУЖНОСЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, на својата осма редовна седница одржана на 2 јули 2010 година, нè избра за рецензенти по пријавата на д-р Анета Дучевска на конкурсот објавен на 23 јуни 2010 во „Утрински весник" за избор на еден наставник во наставно-научно звање по предметите *синтакса на македонскиот јазик, граматика на македонскиот јазик и современ македонски јазик.* Комисијата се заблагодарува за укажаната чест и на Наставно-научниот совет му го доставува на разгледување и усвојување следниов

ИЗВЕШТАЈ

Д-р Анета Дучевска е родена на 30.12.1965 во Скопје. Во родното место ги завршила сите степени на образование. Во 1984 година се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици (студии под А) и на Катедрата за англиски јазик и književnost (студии под Б). Дипломирала во 1988 година со просечен успех 9. Наредната година се запишала на постдипломски студии од научната област македонски јазик, а ги завршила во 1991 со просечен успех 10.

Во уч.1988/89 работела во Центарот за странски јазици како професор по македонски јазик за странци. Од 1989 година работи на Филолошкиот факултет во Скопје како приправник-стажант на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици. Следната година е избрана во звањето помлад асистент по предметот современ македонски јазик – синтакса, а во 1996 е избрана во звањето асистент по истиот предмет. Од 1995 година редовно е вклучена како лектор во Летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура.

Во 1996 година станала магистер на филолошки науки со одбранетиот труд под наслов „Персоналната референција во современиот македонски јазик". Во 2005 година ја одбранила темата на докторската дисертација „Анализа на текстот и дискурсот во македонскиот јазик", по што е избрана во звањето доцент.

## Наставно-образовна дејност

**А. Настава од прв циклус студии**

Во периодот од 2005 до 2010 година одржувала настава по следниве предмети: *синтакса на МСЈ* (предавања и вежби) на студиската група македонски јазик и јужнословенски јазици; *синтакса на МСЈ* (вежби, од уч.

2007/08) на студиската група македонска книжевност и јужнословенски книжевности; *македонски јазик* (предавања и вежби) на студиската група превод и толкување; *современ македонски јазик* и *граматика на македонскиот јазик* (предавања и вежби) на студиската група превод и толкување македонски-албански; *македонски јазик* (предавања и вежби) на Факултетот за драмски уметности, на Филозофскиот факултет, Институт за одбранбени студии (уч. 2007/08), како и на Природно-математичкиот факултет (уч. 2006/07).

**Б. Настава од втор циклус студии**

Во уч. 2007/08 и 2009/10 одржала предавања (9 часа) на постдипломските студии од научната област македонски јазик (*синтакса и текст-лингвистика*).

Во периодот 2006 – 2010 држела настава на специјалистичките (мастер) студии по конференциско толкување по предметот *македонски јазик*.

**Настава на летни школи и работилници**

Во 2005, 2006 и 2007 одржувала лекторски часови (курс за напреднати и курс за почетници) на Летната школа при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. Во 2006, 2007 и 2008 водела преведувачка работилница (англиски-македонски) на МСМЈЛК.

**Менторства и комисии**

Во моментов е ментор на четири дипломски работи: две на групата македонски јазик и јужнословенски јазици и две на групата превод и толкување.

Била член на девет комисии за оцена или одбрана на докторат, како и на десет комисии за оцена или одбрана на магистратура (на теми од македонистиката, славистиката, споредбени англиско-македонски јазични теми); на пет комисии за одбрана на дипломска работа (Катедра за македонски јазик, Катедра за превод и толкување). Сега е ментор на две докторски дисертации („Супституцијата и елипсата како кохезивни средства во македонскиот јазик“, кандидат: Благојка Здравковска, и „Глаголската л-форма во македонскиот јазик со осврт на еквивалентите во албанскиот јазик“, кандидат: Александра Пандиловска), како и на еден магистерски труд („Превод и адаптација на термините од областа на информатичката технологија“, кандидат: Николче Мицкоски).

**Учебници и практикуми**

Го превела од македонски на англиски јазик следното издание: Л. Минова-Ѓуркова, *Граматика на македонскиот стандарден јазик за странци.*

Коавтор е на два позитивно рецензирани практикума: *Граматика на македонскиот јазик за осмо одделение (прирачник)* и *Преглед на видските форми на почестите глаголи во македонскиот јазик.*

Била рецензент на: едно учебно помагало („Вежби по македонски јазик за странци“, автор: Татјана Гочкова-Стојановска); еден учебник по македонски јазик за странци („Македонски без мака“, почетен курс, автор: Роза

Тасевска); едно монографско издание („Јазичен бележник", автор: Лидија Тантуровска).

## Научноистражувачка дејност

**Учество во проекти**

Во 2007 и 2008 учествувала во меѓународниот проект ТЕМПУС за отворање Центар за сертифицирање и тестирање на македонскиот јазик како странски. Коавтор е на изданијата на проектот: Тест по македонски јазик како странски на средно рамниште и Прирачник за кандидатите и за изведувачите на тестот.

Во моментов е вклучена во меѓународниот проект ТЕМПУС за надградба на наставните програми по македонски јазик како странски (2010 – 2012), како координатор на тимот за изработка на учебник и тест по македонски јазик како странски на напреднато рамниште.

**Објавени трудови**

Во периодот 2005 – 2010 има објавено повеќе трудови: „Анализа на текстот и дискурсот во македонскиот јазик", Македонски јазик година ЛВИ 2005, Скопје, 2006; (коавтор) „Тематската прогресија и лексичката реализација во еден расказ од Бруно Шулц", Јубилеен годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" книга 32 I, Скопје, 2006; „Начини на лексичкото поврзување во текстот", Зборник посветен на проф. д-р Кирил Конески, Скопје, 2009; „Референцијата и текстот", Зборник посветен на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова, Скопје, 2009; „Реченица-текст-контекст", Предавања од 43 Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 2010.

**Учество на научни собири**

Во споменатиот период учествувала на четири научни собири: Научна дискусија, Охрид, 2006, со реферат: „Тоа е тоа"; Научна дискусија, Охрид 2008, со реферат: „Прашања и одговори"; Македонско-полска научна конференција, Скопје, 2009, со реферат (коавтор): „Малото е важно"; Прв, втор, друг јазик: македонско-хрватски споредби, Скопје, 2010, со реферат: „Македонскиот јазик како странски (состојби-процеси-перспективи)".

## Стручно-апликативна дејност

**Експертски активности:**

-рецензент за експертско оценување на научноистражувачки проекти при Министерството за образование и наука.

**Дејности од поширок интерес**

- Член на повеќе факултетски тела и комисии: наставно-научен колегиум за постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"; факултетска комисија за евалуација на студиската програма по српски

јазик; комисија за изготвување годишен распоред на часовите; комисија за упис на нови студенти.

- Член на уредувачки одбор за подготовка на два зборника (Зборник посветен на проф. Кирил Конески и Зборник посветен на проф. Лилјана Минова-Ѓуркова)
- Учество во комисии и тела на државни и други органи: член на Советот за македонски јазик при Министерството за култура на РМ; член на работната група за изработка на Поимник од областа на информатичката технологија при Министерството за информатичко општество; член на комисија за изработка на наставна програма за предметот говорење и пишување за средното образование.
- Студиски престој во странство: 2007/08 Љубљана, Кембриџ, Краков.
- Уч. 2009/2010, заменик-шеф на Катедрата за преведување и толкување.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија високо ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Анета Дучевска во областа на македонистиката. Со досегашната работа таа дала мошне видлив придонес во проучувањето и афирмирањето на македонската наука за јазикот и целосно ги исполнува условите за избор во звањето за кое се пријавува.

Имајќи ја предвид севкупната дејност на д-р Анета Дучевска од изборот во звањето доцент па до денес, со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" да ја избере д-р Анета Дучевска во звањето вонреден професор по предметите *синтакса на македонскиот стандарден јазик, граматика на македонскиот јазик* и *современ македонски јазик.*

Рецензентска комисија

1. Д-р Живко Цветковски, редовен професор с.р.

2. Д-р Димитар Пандев, редовен професор с.р.

3. д-р Кирил Конески, редовен професор с.р.

# ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО- НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Анета Георги Дучевска**

**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје**

**Научна област: современ македонски јазик**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| ред. број | Назив на активноста: Одржување настава од прв циклус студии | поени |
|---|---|---|
| 1. | Синтакса на МСЈ (0+2), зимски 2005/06 | 1,2 |
| 2. | Македонски јазик 3 ПИТ (1+1), зимски 2005/06 | 1,2 |
| 3. | Современ македонски јазик ПИТА (0+6), зимски 2005/06 | 3,6 |
| 4. | Синтакса на МСЈ (2+2), летен 2005/06 | 2,4 |
| 5. | Македонски јазик 3 ПИТ (1+1), летен 2005/06 | 1,2 |
| 6. | Современ македонски јазик ПИТА (0+6), летен 2005/06 | 3,6 |
| 7. | Синтакса на МСЈ (2+2), зимски 2006/07 | 2,4 |
| 8. | Македонски јазик ПИТ 3 (1+1), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 9. | Современ македонски јазик ПИТА (0+6), зимски 2006/07 | 3,6 |
| 10. | Синтакса на МСЈ (2+2), летен 2006/07 | 2,4 |
| 11. | Македонски јазик 3 ПИТ (1+1), летен 2006/07 | 1,2 |
| 12. | Современ македонски јазик ПИТА (0+6), летен 2006/07 | 3,6 |
| 13. | Синтакса на МСЈ (2+2), зимски 2007/08 | 2,4 |
| 14. | Македонски јазик 3 ПИТ (1+1), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 15. | Македонски јазик 1 ПИТ (2+2), зимски 2007/08 | 2,4 |
| 16. | Граматика на мак. јазик 4 ПИТА (2+0), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 17. | Синтакса на МСЈ (0+2) мак. книж., зимски 2007/08 | 1,2 |
| 18. | Синтакса на МСЈ (2+2), летен 2007/08 | 2,4 |
| 19. | Македонски јазик 3 ПИТ (1+1), летен 2007/08 | 1,2 |
| 20. | Македонски јазик 1 ПИТ (2+2), летен 2007/08 | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Граматика на мак. јазик 4 ПИТА (2+0), летен 2007/08 | 1,2 |
| 22. | Синтакса на МСЈ (0+2) мак. книж., летен 2007/08 | 1,2 |
| 23. | Синтакса на МСЈ 1 (2+2), зимски 2008/09 | 2,4 |
| 24. | Македонски јазик 5 ПИТ (1+1), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 25. | Граматика на мак. јазик 7 ПИТА (2+0), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 26. | Синтакса на МСЈ 1 (0+2) мак. книж., зимски 2008/09 | 1,2 |
| 27. | Синтакса на МСЈ 2 (2+2), летен 2008/09 | 2,4 |
| 28. | Македонски јазик 6 ПИТ (1+1), летен 2008/09 | 1,2 |
| 29. | Граматика на мак. јазик 8 ПИТА (2+0), летен 2008/09 | 1,2 |
| 30. | Синтакса на МСЈ 2 (0+2) мак. книж., летен 2008/09 | 1,2 |
| 31. | Синтакса на МСЈ 1 (2+2), зимски 2009/10 | 2,4 |
| 32. | Македонски јазик 5 ПИТ (1+1), зимски 2009/10 | 1,2 |
| 33. | Граматика на мак. јазик 7 ПИТА (2+0), зимски 2009/10 | 1,2 |
| 34. | Синтакса на МСЈ 1 (0+2) мак. книж., зимски 2009/10 | 1,2 |
| 35. | Синтакса на МСЈ 2 (2+2), летен 2009/10 | 2,4 |
| 36. | Македонски јазик 6 ПИТ (1+1), летен 2009/10 | 1,2 |
| 37. | Граматика на мак. јазик 8 ПИТА (2+2), летен 2009/10 | 2,4 |
| 38. | Синтакса на МСЈ 2 (0+2) мак. книж., летен 2009/10 | 1,2 |
| 39. | Македонски јазик ФДУ (1+1), зимски 2005/06 | 1,2 |
| 40. | Македонски јазик ФДУ (1+1), летен 2005/06 | 1,2 |
| 41. | Македонски јазик ФДУ (1+1), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 42. | Македонски јазик ФДУ (1+1), летен 2006/07 | 1,2 |
| 43. | Македонски јазик ФДУ (1+1), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 44. | Македонски јазик ФДУ (1+1), летен 2007/08 | 1,2 |
| 45. | Македонски јазик ФДУ (1+1), зимски 2009/10 | 1,2 |
| 46. | Македонски јазик ФДУ (1+1), летен 2009/10 | 1,2 |
| **Ред. број** | **Одржување настава од втор циклус студии** | **поени** |
| 1. | Постдипломски студии од областа македонски јазик: 3 часа во 2007/08, 6 часа во 2009/10 | 0,75 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Специјалистички (мастер) студии по конференциско толкување: 8 часа во 2006/07; 8 часа во 2007/08; 8 часа во 2008/09; 2 часа во 2009/10 | 1,3 |
| **Ред. број** | **Настава во летни школи и работилници** | **поени** |
| 1. | Летна школа МСМЈЛК (лекторска настава): 2005, 2006, 2007 | 3 |
| 2. | Летна школа МСМЈЛК (преведувачка работилница): 2006, 2007, 2008 | 3 |
| **Ред. број** | **Консултации со студенти** | **поени** |
| 1. | 2005/2006 (два семестра) 50 студенти | 0,2 |
| 2. | 2006/2007 (два семестра) 50 студенти | 0,2 |
| 3. | 2007/2008 (два семестра) 50 студенти | 0,2 |
| 4. | 2008/2009 (два семестра) 50 студенти | 0,2 |
| 5. | 2009/2010 (два семестра) 50 студенти | 0,2 |
| **Ред. број** | **Ментор на дипломски работи** | **поени** |
| 1. | 4 дипломски работи | 0,8 |
| **Ред. број** | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | **поени** |
| 1. | Членство во 9 комисии | 4,5 |
| **Ред. број** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | **поени** |
| 1. | Членство во 10 комисии | 3 |
| **Ред. број** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | **поени** |
| 1. | Членство во 5 комисии | 0,5 |
| **Ред. број** | **Превод на учебник** | **поени** |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 1 учебник | 3 |
| **Ред. број** | **Позитивно рецензиран практикум** | **поени** |
| 1. | Коавтор на 2 практикума | 6 |
| **Ред. број** | **Рецензент на учебници/монографски изданија** | **поени** |
| 1. | 1 учебно помагало; 1 учебник за странци; 1 монографско издание | 2,5 |
| | **Вкупно:** | **108,55** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на 2 докторски дисертации - | 6 |
| 2 | Ментор на 1 магистерска работа | 1 |
| 3. | Учесник во меѓународен научен проект: Темпус (2007-2008) | 5 |
| 4. | Учесник во меѓународниот научен проект Темпус (2010-2012) | 5 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: „Анализа на текстот и дискурсот во македонскиот јазик“, *Македонски јазик* година LVI 2005 . Скопје, 2006,129-140. | 4 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: (коавтор)„Тематската прогресија и лексичката реализација во еден расказ од Бруно Шулц“, *Јубилеен годишен зборник на Филолошкиот факултет Блаже Конески* книга 32 I, Скопје, 2006. | 3,6 |
| 7. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | објавен во зборник на трудови: „Лексичка кохезија", *Зборник посветен на проф. д-р Кирил Конески*, Скопје, 2009. | |
| 8. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник од трудови: „Референцијата и текстот", *Зборник посветен на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова,* Скопје, 2009. | 2 |
| 9. | Предавање на МСМЈЛК: „Реченица-текст-контекст", Охрид, 2009. Објавено во *Предавања од ? МСМЈЛК,* Скопје, 2010. | 3 |
| 10. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 1.Научна дискусија, Охрид, 2006, реферат: „Тоа е тоа"; 2. Научна дискусија, Охрид, 2008, реферат: „Прашања и одговори"; 3. Македонско-полска научна конференција, Скопје, 2009, реферат: „Малото е важно"; 4. Македонско-хрватски паралели: Прв, втор, друг јазик, Скопје 2010, реферат: „Македонскиот јазик како странски (состојби-процеси-перспективи)". | 4 |
| | **Вкупно:** | **35,6** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **ред. број** | **Назив на активноста:** | **поени** |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: евалуација на научно-истражувачки проекти при Министерството за образование и наука. | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 2. | Член на факултетска комисија: - член на комисијата за евалуација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - за евалуација на студиската програма по српски јазик. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Член на факултетска комисија за изготвување годишен распоред на часовите (5 мандати) | 2,5 |
| 4. | Член на факултетска комисија за упис на нови студенти во уч. 2009/2010 | 0,5 |
| 5. | Член на уредувачки одбор на зборник од трудови (два зборника) | 1 |
| 6. | Студиски престој во странство | 0,5 |
| 7. | Учество во комисии и тела на државни и други органи: член на Советот за македонски јазик при Министерството за култура; член на работната група за изработка на Поимник од областа на информатичката технологија при Министерството за информатичко општество; член на комисија за изработка на наставна програма за предметот говорење и пишување за средното образование. | 3 |
| | **Вкупно:** | **9** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **108,55** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **35,60** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **9** |
| **Вкупно:** | **153,15** |

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Живко Цветковски, редовен професор с.р.

2. Д-р Димитар Пандев, редовен професор с.р.

3. д-р Кирил Конески, редовен професор с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МОДЕЛИРАЊЕ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ГРИД ПРОЦЕСНИ ТЕКОВИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БОРО ЈАКИМОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на својата редовна седница одржана на 2 септември 2010 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација МОДЕЛИРАЊЕ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ГРИД ПРОЦЕСНИ ТЕКОВИ, поднесена од Боро Јакимовски, магистер на информатички науки, асистент на ПМФ во Скопје. Комисијата во состав: д-р Смиле Марковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, д-р Маргита Кон-Поповска, редовен професор на ПМФ во Скопје, д-р Верица Бакева, вонреден професор на ПМФ во Скопје, д-р Емануил Атанасов, вонреден професор на Институтот за информациски и комуникациски технологии на Бугарската академија на науките, Софија, Р. Бугарија, д-р Ана Мадевска-Богданова, вонреден професор на ПМФ во Скопје, д-р Горан Велинов, насловен доцент на ПМФ во Скопје (резервен член), по прегледот на доставената дисертација до Наставно-научниот совет на ПМФ го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд под наслов МОДЕЛИРАЊЕ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ГРИД ПРОЦЕСНИ ТЕКОВИ е напишан на 201 страница во B5-формат и содржи вкупно 34 слики, 18 табели и 9 дефиниции. Тој се состои од следниве поглавја: Вовед (7 страници), Грид процесни текови (15 страници), Анализа и предвидување на временските грид параметри (10 страници), Нов модел за предвидување на временските параметри кај грид задачите (11 страници), Подобрување на перформансите на грид генетските алгоритми (6 страници), Заклучок (4 страници) и Литература (14 страници со вкупно 128 библиографски единици), како и 6 прилози (на вкупно 131 страница).

**Научна област на трудот**

Докторскиот труд на кандидатот м-р Боро Јакимовски е од областа на грид процесните текови и во неа се содржани истражувањата од областа на временска верификација и оптимизација на таквите процесни текови.

Развојот на пресметковните гридови зема сè пошироки размери со брзиот развој на компјутерските мрежи, како и потребата од голема процесирачка моќ кај голем број истражувања во повеќе научни области. Истражувањата во областа на паралелното и дистрибуирано процесирање секогаш се насочени кон што поефикасно искористување на постојните ресурси. Притоа се развиваат најразлични аналитички модели од кои се изведуваат заклучоци кои доведуваат до нови приоди за имплементација на алгоритмите. Развојот на алатките кои се користат во имплементација на алгоритмите кај грид пресметувањето се базираат на постојните алатки за имплементирање на паралелните алгоритми кај суперкомпјутерите и кластерите. Меѓутоа, со воведување на дистрибуираноста на ресурсите, сервисно-ориентираната архитектура и редундантност на сервисите, методите користени кај суперкомпјутерите и кластерите наидуваат на големи проблеми. Главна цел во развојот на новите алатки претставува потребата од целосно искористување на

постојните стандарди, но воедно и ефикасно искористување на понудената инфраструктура. Централна улога во процесот на имплементација на грид приспособените алгоритми за дистрибуирано процесирање претставува употребата на процесни текови.

Еден од основните проблеми на извршувањето на грид процесните текови, кој произлегува од комплексноста и непредвидливоста на грид инфраструктурата, претставува временската верификација на грид процесните текови. Целта на временската верификација е да се потврди дали при извршувањето на поставениот грид процесен тек ќе настане прекршување на однапред поставените временски ограничувања.

Грид пресметувањата се развиваат интензивно во последниве десетина години и претставуваат поле на научно истражување кое бурно се развива. Потребата од користење на големи мемориски капацитети и голема пресметковна моќ во повеќе научни области налага уште поинтензивен развој на грид пресметувањата. Затоа истражувањата во оваа област посебно се финансираат и од фондовите на Европската комисија, во што е вклучена и нашата држава преку 6 проекти финансирани од 6. и 7. Рамковна програма на Европската унија, SEE-GRID, SEE-GRID2, SEE-GRID-SCI и тековниот SEERA-EI, EGI и HP-SEE. Во рамките на проектите е развиена е-инфраструктурата на Југоисточна Европа SEEGRID, за чија имплементација кандидатот Јакимовски има голема заслуга, а воедно тој врши и активни истражувања поврзани со неа.

**Приказ на докторскиот труд**

Првата глава под наслов „Вовед" содржи краток вовед во грид пресметувањето, грид процесните текови, временската верификација на грид процесните текови и предвидувањето на временските параметри на грид задачите. Со оглед на тоа што во фокусот на трудот се проблемите поврзани со временската верификација на грид процесните текови, даден е и осврт врз процесот на предвидување на времетраењето, како и времето на чекање на грид задачите.

Во втората глава под наслов „Грид процесни текови" е прикажан опис на процесните текови и проблемите поврзани со нивната верификација и валидација. Се состои од 5 дела. Во првиот дел се дефинирани општите и грид процесните текови и е дадена нивна карактеризација во поглед на моќта на изразување. Во вториот дел е даден краток преглед на формализмите за опис на процесните текови. Третиот дел дава вовед и преглед на проблемите поврзани со верификација и валидација на грид процесните текови, на што се надоврзува четвртиот дел кој дава посебен осврт на временската верификација на грид процесните текови. Прикажани се постапки и дополнувања на постојните постапки за временска верификација и е даден краток вовед во проблематиката која се обработува во третата глава. Во последниот дел е даден осврт на моделот на извршување на грид задачите со краток осврт на одделните компоненти кои се вклучени во процесот на извршување кај gLite грид мидлверот.

Третата глава е насловена „Анализа и предвидување на временските грид параметри", и во неа е даден осврт на постојните техники за предвидување на времетраењето и времето на чекање на грид задачите. Содржи три дела. Во првиот е даден вовед во потребата од предвидување на временските параметри. Во вториот дел се опишани трите категории на методи за предвидување на времето на извршување со осврт на секоја категорија и нејзините претставници. На сличен начин во третиот дел е даден опис на четири категории на методи за предвидување на времето на чекање на грид задачите.

Во четвртата глава под наслов „Нов модел за предвидување на временските параметри кај грид задачите“ се прикажани анализите, предложените решенија и нивната евалуација, поврзани со временските параметри на грид задачите кои се извршени во текот на истражувањата од докторскиот труд. Содржи 4 дела. Во првиот дел се прикажани резултатите од статистичката анализа на времетраењето на грид задачите од продукциските gLite грид кластери во Македонија и Бугарија. Во вториот дел е прикажан нов модел за моделирање на времето на извршување на грид задачите базиран на резултатите добиени од статистичката анализа. Притоа е прикажан процесот на истражувањата и причините за направените избори на соодветните методи и алатки за анализа на податоците и резултатите. Третиот дел се надоврзува на вториот дел во насока на дефинирање на нов модел за предвидување на времето на чекање на грид задачите. Притоа е дадена анализа за изборот на постапката за синтеза на меѓурезултатите и е дефинирана нова постапка базирана на претходно изнесените резултати. Последниот, петти дел, се однесува на евалуација и анализа на новодефинираните модели за времето на извршување и чекање на грид задачите. Во рамките на анализата на постигнатите резултати е дадена и анализа на причините за можните отстапувања на резултатите и е даден начин за нивно надминување.

Петтата глава е насловена „Подобрување на перформасите на грид генетските алгоритми“, и во неа е даден авторскиот придонес на кандидатот кон подобрување на перформансите на генетските алгоритми при нивно имплементирање на грид инфраструктурата. Главата содржи 4 дела. Првиот е посветен на анализа на генетските алгоритми во однос на можностите на нивна грид паралелизација. Вториот дел е посветен на воведување на нов модел на имплементација на грид генетските алгоритми насловен „Адаптивен грид генетски алгоритам“, дефиниран со користење на процесни текови базирани на Петриеви мрежи. Во третиот дел е прикажан приодот за извршената анализа на перформансите на „Адаптивниот грид генетски алгоритам“, како и изборот на механизам за евалуација на квалитетот на добиеното решение кај новопредложениот алгоритам. Во последниот дел се прикажани експерименталните резултати добиени од практичната имплементација на грид генетските алгоритми, како и заклучоците добиени од нивната анализа.

Шестата глава под наслов „Заклучок“ ги содржи сите поважни заклучоци од извршените истражувања и експериментални резултати во рамките на трудот.

На крајот на трудот се поместени 6 додатоци на 131 страница. Во додатоците се дадени деталните информации за извршените анализи, истражувањата, дефинираните алгоритми, постапките и резултатите добиени со извршените симулации и реалните експерименти.

**Научен придонес на дисертацијата**

Предложената докторска дисертација претставува оригинален авторски труд. Кандидатот ги истражува процесните текови кај грид пресметувањето и проблемите поврзани со временските параметри на грид задачите. Целта е да се развијат подобрени алгоритми за предвидување на времетраењето и времето на чекање на грид задачите, со што поефикасно ќе се искористат инфраструктурните можности кои произлегуваат од користењето на напредните грид процесните текови. Подетално, неговите придонеси во областа на грид пресметувањето се следниве:

- Извршена е анализа на однесувањето на времетрањето на грид задачите во рамки на неколку кластери, при што е изграден статистички модел на времетраењето со избор на лог-нормална дистрибуција. По воспоставениот модел на однесување на грид задачите во поглед на времето на извршување, извршена е категоризација на грид задачите од корисниците.

Категоризацијата на грид задачите врз база на достапните историски податоци резултира во изградба на модел на изминатите грид задачи за даден корисник. Резултатите од категоризацијата се искористени во изградбата на алгоритамот за предвидување на времето на извршување на задачите како статистичка дистрибуција од која подоцна, врз база на посакуваниот степен на доверба, се изведува горната и долната граница на временскиот интервал.

- На основа на извршената категоризацијата на грид задачите и алгоритамот за предвидување на дистрибуцијата на времето на извршување, авторот дефинира нов алгоритам за предвидување на времето на чекање на грид задачите. Направен е избор на приод за предвидување на времето на чекање со користење на симулација на редиците на чекање. Притоа е важна анализата над достапните апроксимативни методи за пресметување на сума на лог-нормално дистрибуирани случајни променливи, кој се користи во синтетизирање на меѓурезултатите при симулацијата.
- Резултатите од предвидувањето на времетраењето и времето на извршување на грид задачите имаат многукратна примена. Покрај можноста за искористување на добиените резултати како основа за попрецизно информирање на грид корисниците за состојбата на грид кластерите и редиците на чекање, главна придобивка имаат алгоритмите за временска верификација на грид процесните текови, за чие добро работење од големо значење е дефинирање на долна и горна граница на времето на извршување и времето на чекање.
- Изградба и анализа на нови алгоритми за грид имплементација на генетски алгоритми со цел за поефикасно искористување на ресурсите и за побрзо добивање на резултати од посакуваните оптимизации. Анализирани се грид имплементации на генетски алгоритми користејќи процесни текови базирани на ориентирани ациклични графови и Петриеви мрежи. Дефиниран е адаптивен приод кон имплементацијата на грид генетските алгоритми со користење на Петриеви мрежи, што доведува до значителни подобрувања на ефикасноста на паралелизацијата на генетските алгоритми. Притоа, при евалуацијата на перформансите на новиот алгоритам, се воведени и се анализирани параметри кои влијаат на времетраењето на оптимизацијата.

Резултатите од истражувањата дадени во дисертацијата се имаат потврдено пред домашната и меѓународната научна јавност, преку излагања на кандидатот на повеќе научни собири и преку печатење научни трудови. Кандидатот со приказ на своите резултати има учествувано на следниве научни конференции:

- European Grid Conference 2005 (EGC 2005): "Advances in Grid Computing", Science Park, Amsterdam, The Netherlands, February 14 -16, 2005;
- 8th International Conference on Computational Science 2008 (ICCS 2008): "Advancing Science through Computation", ACC CYFRONET and Institute of Computer Science AGH, University of Science and Technology, Kraków, Poland, June 23-25, 2008;
- 12th East-European Conference on Advances in Databases and Information Systems (ADBIS'08), Pori, Finland, September 5 - 9, 2008;
- 4th Balkan Conference in Informatics (BCI'09), Thessaloniki, Greece, September 17th- 19th, 2009;
- 11th International Symposium on Symbolic and Numeric Algorithms for Scientific Computing (SYNASC 2009), Timisoara, Romania, September 26-29, 2009;

- 1st International Conference ICT Innovations 2009, Macedonian Society on Information and Communication Technologies, Ohrid, Macedonia, September 28-29,2009.

Од наведената област, во периодот 2005-2010 година, кандидатот има објавено вкупно 7 труда [1]-[7], рецензирани од анонимни рецензенти. Трудовите [1], [2] и [3] се објавени во Springer LNCS изданијата, додека трудовите [4] и [6] во IEEE-поддржани и индексирани изданија.


[1] Boro Jakimovski and Marjan Gusev, *Improving multilevel approach for optimizing collective communications in computational grids*, EGC (Peter M. A. Sloot, Alfons G. Hoekstra, Tierry Priol, Alexander Reinefeld, and Marian Bubak, eds.), Lecture Notes in Computer Science, vol. 3470, Springer, 2005, pp. 548–556.

[2] Boro Jakimovski, Darko Cerepnalkoski, and Goran Velinov, *Framework for workflow gridication of genetic algorithms in java*, ICCS (3) (Marian Bubak, G. Dick van Albada, Jack Dongarra, and Peter M. A. Sloot, eds.), Lecture Notes in Computer Science, vol. 5103, Springer, 2008, pp. 463–470.

[3] Goran Velinov, Boro Jakimovski, Darko Cerepnalkoski, and Margita Kon-Popovska, *Improvement of data warehouse optimization process by workflow gridification*, ADBIS '08: Proceedings of the 12th East European conference on Advances in Databases and Information Systems (Berlin, Heidelberg), Lecture Notes in Computer Science, vol. 5207, Springer-Verlag, 2008, pp. 295–304.

[4] Boro Jakimovski, Dragan Sahpaski, and Goran Velinov, *Performance improvement of genetic algorithms by adaptive grid workflows*, Symbolic and Numeric Algorithms for Scientific Computing, International Symposium on, 2009, pp. 221–228.

[5] Boro Jakimovski, Dragan Sahpaski, and Goran Velinov, *Optimization of adaptive petri-net grid genetic algorithm workflows*, ICT Innovations 2009 (Danco Davcev and Jorge Marx Gómez, eds.), Springer, 2010, pp. 401–410.

[6] Dragan Sahpaski, Goran Velinov, Boro Jakimovski, and Margita Kon-Popovska, *Dynamic evolution and improvement of data warehouse design*, BCI '09: Proceedings of the 2009 Fourth Balkan Conference in Informatics (Washington, DC, USA), IEEE Computer Society, 2009, pp. 107–112.

[7] Ljupco Jordanovski, Boro Jakimovski, and Anastas Misev, *Massively parallel seismic data wavelet processing using advanced grid workflows*, ICT Innovations 2009 (Danco Davcev and Jorge Marx Gómez, eds.), Springer, 2010, pp. 411–420.


Сите практични имплементации во трудот се дел од истражувачките активности во рамките на проектот SEE-GRID-SCI (www.see-grid-sci.eu), финансиран од 7FP-програмата на Европската унија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација **МОДЕЛИРАЊЕ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ГРИД ПРОЦЕСНИ ТЕКОВИ,** изработена од кандидатот м-р Боро Јакимовски, претставува оригинален авторски труд во кој се изнесени поголем број нови научни резултати поврзани со грид процесните текови и проблемите поврзани со временските параметри на грид задачите. Резултатите добиени во текот на истражувањата поврзани со дисертацијата се, во најголем дел, прикажани пред домашната и светската јавност преку излагања на научни конфреренции и печатење во меѓународни и домашни зборници од научни конференции. На тој начин дисертацијата има обезбедно и соодветна поширока домашна и меѓународна верификација. Резултатите добиени од истражувањата во дисертацијата се исто така важни и од практичен аспект, бидејќи овозможуваат подобрување на перформансите при грид пресметувањата. Бидејќи преку грид проектите Македонија е вклучена интензивно во европските научни текови, за развивање на е-инфраструктура на Југоисточна Европа SEEGRID, а кандидатот Јакимовски веќе има голема заслуга, оправдани се очекувањата дека резултатите од истражувањата на кандидатот соодветно ќе ги афирмираат нашите научни достигнувања на пошироко, европско подрачје. Покрај тоа што резултатите од истражувањата доведуваат до нови сознанија, тие исто така дефинираат и повеќе отворени проблеми чиешто решавање е предизвик за идни истражувања во областа на грид процесните текови.

Врз основа на претходното, Рецензентската комисија оценува дека поднесениот труд **МОДЕЛИРАЊЕ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ГРИД ПРОЦЕСНИ ТЕКОВИ,** изработен од кандидатот Боро Јакимовски, магистер на информатички науки, претставува оригинален научен придонес во полето на грид процесните текови. Затоа со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на ПМФ да го прифати трудот под наслов „Моделирање и верификација на грид процесни текови“ **за докторска дисертација и на кандидатот м-р Боро Јакимовски да му дозволи јавна одбрана**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Смиле Марковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Маргита Кон-Поповска, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Верица Бакева, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Емануил Атанасов, вонреден професор на Институтот за информациски и комуникациски технологии, Бугарска академија на науките, Софија, Бугарија, с.р.

Д-р Ана Мадевска-Богданова, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ "СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА НАСИЛНО И АГРЕСИВНО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ИЗРАБОТЕНА ОД д-р ИВАН АНАСТАСОВСКИ, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје

Врз основа на чл. 56 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и чл. 85 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Наставно-научниот совет на ИСППИ во Скопје, на својата редовна седница, одржана на 7.6. 2010 година, формира Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов "Социолошките аспекти на насилно и агресивно однесување на спортските манифестации во Република Македонија", поднесена од д-р Иван Анастасовски. Комисијата ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и има чест на Наставно-научниот совет на ИСППИ да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на д-р Иван Анастасовски, под наслов "Социолошките аспекти на насилно и агресивно однесување на спортските манифестации во Република Македонија", претставува самостоен труд во областа на проучувањето на девијантните појави кои се манифестираат на спортските манифестации во Република Макеонија.

Докторскиот труд е изложен на 264 страници и се состои од вовед и пет дела, библиографија, регистар на поими и изрази, содржи 12 табели, 12 графикони, 82 слики и 4 прилози.

Во воведот се истакнува дека во секоја релативно развиена земја големо значење му се придава на проблемот поврзан со насилното и агресивно однесување на јавно место, манифестирано од поединци, но и од маса луѓе (толпа). Потоа се истакнува дека на овој општествен проблем соодветно внимание му посветуваат социолозите, психолозите, педагозите, криминолозите, правниците, криминалистите итн. Притоа, сите тие тргнувајќи од своите базични научни интереси и од различни аспекти ги третираат насилството (силеџиство, хулиганство) и агресивноста, а посебно оние што се појавуват за време на спортски манифестации. Во воведот исто така се истакнува дека во Република Македонија постојат зачетоци и сериозна подлога за егзистирање на

насилното и агресивно однесување од страна на публиката пред, за време и по спортските манифестации, и дека насилните и агресивните однесувања на спортските манифестации уште одамна се познат општествен феномен на модерниот спорт со сите социолошки атрибути. Во воведот е прецизирано дека спортските арени стануваат слика на општеството, со јасно изразена палета од можности за навивачки избор.

Теоретските основи на истражувањето на овој феномен се изнесени во првиот дел. Во него се наведува општествена и научната поставеност на овој труд. Најпрвин се истакнува дека денес живееме во време кое се карактеризира со научно-технолошки развој, со исклучителна динамика, трансформации во сите сфери на општественото живеење, а при тоа прогресот на човекот и општеството се одвива мошне брзо и со тоа реално би било да се претпостави дека сите овие промени ќе донесат позитивности кај луѓето, односно човекот се' повеќе ќе ги надминува своите слабости и ќе се трансформира во вистинско морално битие, кое во секое свое однесување ќе се води од принципите на човечноста и етичноста. Потоа се наведува дека нашата држава, носејќи го белегот на транзициска држава, во изминатиот период се соочуваше со длабоки, коренити промени во сите сфери од општественото живеење. Особено е изразен и се' повеќе присутен насилничкиот елемент во структурата на севкупниот амбиент во државата, и се кажува дека доколку општеството сака да биде ефикасно, секојдневно треба да и' се посветува на борбата во рамките на системот поврзано со овој феномен.

Во трудот се нагласува дека општествената оправданост на темата се состои во интересот на заедницата од редуцирање на насилното и агресивно однесување посебно кај младата популација, што би довело кон зголемување на безбедноста во заедницата пред, за време и по одржувањто на спортските манифестации од секаков вид. Тоа се постигнува со јакнење на довербата на граѓаните кон овие институции, од една страна и со нивна поголема ефикасност во откривање и спречување на насилното и агресивно однесување како посебен облик на однесување, од друга страна, со посебен осврт на спортските манифестации во Република Македонија. Додека научното значење на трудот се состои во откривањето нови научни сознанија и факти, со цел да се даде директен теоретски и практичен придонес во правец на зголемување на ефикасноста во борбата против насилното и агресивно однесување во општеството, а посебно на насилното и агресивно однесување на спортски манифестации. Во тој дел, институциите на системот имаат свои надлежности и одговорности што ја наметнуваат потребата од јасно одредување на борбата во правната држава, како фактор што придонесува кон заштитата на слободите и правата на човекот.

Првиот дел се состои од три посебни глави. Во првата глава е поставена основната поимна рамка на истражувањето. Со цел теоретски да се определат човековата природа и социјалните поведенија, треба да се прави разлика меѓу предиспозиција, поведение и функционален потенцијал. Во оваа глава се дава целосен теоретски приказ на насилството, агресијата и ненасилатвото како појави, но исто така се посветува и теоретско внимание на спортските манифестации како

процес. Затоа во оваа глава се нагласува неопходноста од разграничување на овие поими и нивно прецизно дефинирање. Токму поради тоа, во првата глава во делот на спортските манифестации е даден целокупен торетски пристап на појавите кои се истражуваат во овој труд, што е прикажан на 1 графикон, 1 слика и 1 табела.

Во втората глава од истражувањето е направен комплетен преглед на историјатот на појавувањето на насилното и аресивно однесување на спортските манифестации во Европа и во Република Македонија. Во оваа глава, историјатот е прикажан прецизно преку 75 слики на настани случени на спортски манифестации и јасно се наведени како бројот на жртви, така и материјалните штети кои настанале од девијантното однесување на навивачите на спортските манифестации. Понатаму во трудот прецизно се наведуваат санкциите и правната регулатива во Европа и во Република Македонија, како и европските искуства за борба против насилното и агресивното однесување на спортските манифестации со коплетен приказ на законската регулатива, деклараците и препораките на Советот на Европа, при што е дадена 1 слика како пример на активност против овие девијантни појави. Исто така, во оваа глава теоретски прецизно е елаборирано појавувањето на хулиганизмот, неговиот поим, суштина и структурата посебно на фудбалскиот хулиганизам во Европа и Република Македонија, при што преку 5 слики се дава посебен осврт на навивачките групи кои егзистираат на териоторијата на Република Македонија. Во третата глава се обработени повеќе поголеми поврзани целини, трудовите кои имаат допирни точки со ова истражување се категоризирани во повеќе насоки, и тоа трудови поврзани со анализа на девијантните појави (насилство, агресија расизам, ксенофобија итн.), потоа трудови поврзани со улогата на спортските манифестации во секое општество и трудови поврзани со хулганство и навивачко насилство. Иако во ова истражување се работи за релативно нова материја за која има голем интерес, во оваа глава е направена јасна дистинкција помеѓу истражувањата и активностите кои се својствени за државите од Европската унија, кои главната своја активност ја насочуваат кон расизмот, нетолеранцијата, ксенофобијата и сексуалната орентација и земјите од Балканот, каде што и географски се наоѓа Република Македонија. Овде истражувањата и напорите на еминетните професори и релевнтни институции се насочени кон насилството на спортските манифестации, со посебен осврт на националната и меѓуетничката нетрпеливост и хулиганство.

Во вториот дел е претставена методолошката рамка на истражувањето. Основното проблемско прашање на кое се бара одговор (а од него се произлезени и посебните задачи на истражувањето) е кои се социолошките аспекти на насилното и агресивно однесување на посетителите на спортски манифестации во Република Македонија во зависност од некои социјални карактеристики, и тоа: семејството и односите во него, групата на врсници, социјалната положба, полот, местото на живеење и етничката припадност на самите посетители на спортските манифестации во Република Македонија. Ова истражување има една главната цел, и повеќе посебни цели. Преку главната цел е испитувано и утврдено колку насилното и агресивно однесување на

спортските манифестации, како облик на јавен настан, во Република Македонија се последица од влијанието на одредена група социо-демографски фактори. Во истражувањето се утврдени шест посебни цели со кои се испитува и утврдува влијанието на насилното и агресивно оденсување на посетителите на спортски манифестации, и тоа: семејството и односите во него, групата на врсници, социјалната положба, полот, местото на живеење и етничката припадност.

Дефинирани се една главна и шест посебни хипотези. Главната хипотеза во истражувањето е дека насилното и агресивно однесување на спортскит манифестации, како облик на јавен настан, во Република Македонија се последица од влијанието на одредена група социо-демографски фактори. Во ова истражувањето се проверени следниве посебни хипотези: семејството и односите во него влијаат врз насилното и агресивно однесување на посетителите на спортските манифестации, групата на врсници влијае врз насилното и агресивно однесување на адолесцентите на спортските манифестации, социјалната положба на посетителите на натпреварите влијае врз насилното и агресивно однесување на спортските манифестации, полот на посетителите на натпреварите влијае врз насилното и агресивно однесување на спортските манифестации, местото на живеење влијае врз зголемувањето на насилното и агресивно однесување на луѓето на спортските манифестации, етничката припадност на посетителите на натпреварите влијае врз насилното и агресивно однесување на спортските манифестации.

Во трудот, врз основа на предметот, целите и хипотезите на истражувањето, определени се следниве методи на истражувањето: анкета, историографски метод и компаративен метод. Согласно со дефинираниот предмет во ова истражување, како и неговите цели и хипотези, применет е социолошкиот пристап, чија практична анализа на предметот кој примарно се базира на интервју и анкета, со дополнување на историографскиот и компаративниот метод.

Методите што се применети во ова истражување соодветствуваат со предметот на истражувањето, пред се затоа што станува збор за научноистражувачки труд кој првенствено ќе се базира на емпириски податоци добиени со помош на анкетен прашалник, дополнет со историографскиот и компаративниот метод. Во истржувањето се анкетирани 409 испитаници по случаен избор кои се посетители на спортски манифестации и кои самите тие биле присутни на манифестации. Вкупната бројка на испитаници во трудот е поделена според повеќе параметри, и тоа: според полот 343 машки посетители и 66 женски посетители, според возраста испитаниците се во периодот на адолесценција 275. Останатите испитаници 134 се во групата на возрасни, според бројот на вработени во семејство: ниту еден 81, еден вработен 149, двајца вработени 131, тројца вработени 39, сите вработени 9, според етничката припадност во истражувањето има Македонци 269 и Албанци 140, според местото на живеење 115 посетители се жители од рурални, а 294 од градски средини. Според моменталниот статус во истражувањето има ученици 98, студенти 122, невработени 58, вработени 119 и пензионери 12 посетители и во

истражувањето има испитаници: посетител-гледач 283 и посетител-навивач (припадник на навивачка група) 126.

Истражувањето е изведено во периодот од декември 2008 до јуни 2009 година, период од една натпреварувачка полусезона, каде што се одржале сите спортски манифестации од меѓународен и домашен карактер, и клупски и репрезентативни натпреварувања.

Третиот дел ги содржи добиените резултати неопходни за проверка на секоја од истражувачките хипотези. Резултатите се прикажани во 11 табели и 11 графикони. Од богатиот извор на добиени резултати, кои се коректно обработени, ќе се задржиме само на некои. Кај хипотезата за влијанието на семејството и односите во него врз насилното и агресивно однесување на спортските манифестации е испитувано преку утврдување на разлики во поглед на видот на односите меѓу членовите во семејството и реакција во расправија со член од семејство. Во анализата на оваа хипотеза во која биле земени предвид четири вида меѓусемејни односи, и тоа: релаксирани, со љубов и разбирање; релаксирани и коректни; без расправии; незаинтересирани и студени, без разбирање; и напнати, со повремени расправии се добиенин значајни разлики. Од добиените резултати статистички значајни разлики има помеѓу лица кои живеат во семејства со релаксирани односи, исполнети со љубов и разбирање и оние што живеат во семејства во кои се присутни расправии и/или незаинтересиран и студен однос. Најголемиот процент 49.41% од оние што имале релаксирани и топли меѓусемејни односи исполнети со љубов и разбирање, никогаш не учествувале во инциденти за време на спортски манифестации. За разлика од нив, дури 40% од оние што имале напнати со повремени расправии, се чести учесници во инциденти за време на спортски манифестации. При анализата на начинот на реагирање во расправија со член од семејството биле земени предвид три вида реакции, и тоа: смирено, со избегнување караници; импулсивно, со физичка пресметка и со навредливи зборови. Од добиените резултати има статистички значајни разлики во однос на учествување во инцидент на некоја спортска манифестација и начинот на реагирање во расправија со член од семејството, каде што лицата кои реагираат смирено и избегнуваат караници во најголем процент 46,25% никогаш не учествувале во инцидент на некоја спортска манифестација. За разлика од нив, 47,82% од оние што физички се пресметувале при расправија со член од семејството понекогаш се вклучувале во инциденти на спортски манифестации.

Кај хипотезата за влијанието на групата на врсници врз насилното и агресивно однесување на адолесцентите на спортски манифестации кое е испитувано преку утврдување разлики во поглед на влијанието на мислењето и однесувањето на другите, со тоа дали водачот наметнува начин на навивање. Предвид биле земени три категории на влијание, и тоа: воопшто не влијае, има влијание, но не е пресудно и има силно влијание. Од добиените резултати забележителни се статистички значајни разлики кај однесувањето на адолесцентите кои биле под силно влијание на другите, при што најголем процент 68,18% се изјасниле дека редовно го следеле начинот на навивање кој им го наметнувал водачот на групата на спортски манифестации. Но за разлика од нив, 52,77% од

адолесцентите кај кои имало влијание од другите, но тоа не било пресудно, понекогаш го прифаќале начинот на навивање кој им го наметнувал водачот на групата.

Влијанието на местото на живеење врз насилното и агресивно однесување на посетителите на спортските манифестации е испитано преку утврдување разлики со начинот на навивање и начинот на реагирање за време на навивање на спортска манифестација,при што се утврдени значајни разлики. При анализата на податоците, испитаниците биле поделени на лица кои живеат во градските урбани средини и лица кои живеат во селските рурални средини. Од добиените резултати има статистички значајни разлики кај посетителите кои живеат во село и начинот на навивање на спортските манифестации. При тоа, најголемиот процент 73,13% од испитаниците кои живеат на село при навивањето на спортска манифестација пееле песни за својата екипа без навредливи содржини. За разлика од нив, 31,76% од посетителите кои живеат во град при навивањето пееле навредливи песни насочени кон противникот, и при тоа манифестирале девијантно однесување. Исто така, кај влијанието на местото на живеење со начинот на кој реагиреле посетителите за време на некој инцидент на спортска манифестација биле земени предвид четири вида реакции, и тоа: стоев на страна; бев директен учесник; вербално ги навредував другите и физички се пресметував, при што се утврдени значајни разлики во однос на местото на живеење и начинот на кој реагирале посетителите на спортските манифестации. Лицата кои живеат на село во најголем процент 73,13% се изјасниле дека стоеле на страна за време на инцидент на некоја спортска манифестација, додека 32,94% од оние што живеат во градови биле директни учесници во некој инцидент за време на спортска манифестација.

Кај хипотезата за влијанието на етничката припадност врз насилното и агресивно однесување на посетителите на спортските манифестации се утврдени разлики меѓу етничката припадност и начинот на навивање, начинот на реагирање за време на навивањето и вклучување во инцидент. Во анализата на оваа хипотеза се издиференцирале две етнички групи, и тоа: Македонци и Албанци, при што се добиле значајности помеѓу Македонците и Албанците во однос на начинот на кој навивале на спортските манифестации. Притоа најголемиот процент 32,83% од Македонците и 49,15% од Албанците пееле песни за својата екипа. Разлики се најдени во однос на етничката припадност на посетителите на спортските манифестации при нивното вклучување во некој инцидент на испитаниците. Најголемиот процент, 53,73% од Македонците се вклучилувале во инциденти поради што учествувала целата група, а за разлика од нив, кај 38,98% од Албанците водачите барале да се вклучат во инцидент за време на спортските манифестации.

Во четвртиот дел е направена дискусија на резултатите од истражувањето преку богата споредбена анализа со повеќе светски проучувања и преку нивно поврзување со сознанијата изнесени во теоретските основи за социолошките аспекти на девијантното однесување кај посетителите на спортски манифестации. Во дискусијата се видливи поширокитe познавања на д-р Иван Анастасовски .

Добиените резултати се во согласност со оние добиени во истражувања кај повеќе автори. Тестирајќи ги хипотезите во ова истражување, авторот утврдил во колкав степен односите помеѓу членовите на семејството имаат влијание врз манифестирањето на насилно и агресивно однесување на спортските манифестации. Претпоставка е дека доколку младите живеат и се социјализираат во семејство во кое владее хармонија и разбирање и каде што несогласувањата се ретки и се разрешуваат по мирен пат, тогаш и членовите на семејството (младите) кои се љубители на спортот и посетуваат спортски манифестации или се членови на навивачки групи, нема да предизвикуваат, ниту да учествуваат во насилно и агресивно однесување на овие манифестации. Добиените истражувачки резултати ја потврдија посебната хипотеза според која семејството и односите во него влијаат врз насилното и агресивно однесување на спортските манифестации.

Во ова истражување е утврдено во колкав степен групата врсници има влијание врз манифестирањето на насилно и агресивно однесување кај адолецсентите на спортските манифестации. Претпоставка е дека доколку адолесцентите се социјализираат и градат релаксирани и коректни односи во кругот на своите врсници, помалку ќе манифестираат насилно и агресивно однесување. Ова произлегува оттаму што врсничката група е примарен фактор на социјализација, особено за време на адолесцентниот период, што подразбира формирање на посебни норми, вредности и ставови кои важат во групата на врсници и со помош на кои се уредуваат односите меѓу врсниците. Адолесцентите лесно се поведуваат под влијание на однесувањето и мислењето на другите, а пред сè на влијанието кое го наметнуваат водачите на навивачките групи или членовите на самите групи.

По однос на влијанието на социјалната положба на испитаниците врз насилното и агресивно однесување на спортските манифестации, се увидело во колкава мера поседувањето на повисоки и поголеми материјални средства за живот ќе придонесуваат за помал степен на насилство и агресија, и обратно, ниските материјални средства за живот ќе придонесуваат за зголемен процент на насилно и агресивно однесување. Во врска со утврдувањето на влијанието на етничката припадност на посетителите врз манифестирањето на насилно и агресивно однесување на спортските манифестации, се упатува на тоа дека овој фактор е веројатно најважниот и клучен за ваквиот вид однесувања за време на посочените манифестации. Овие наоди се очекувани, со оглед на тоа што Република Македонија е мултикултурна, мултиетничка и мултиконфесионална заедница. Затоа, нетрпеливоста меѓу припадниците на навивачките групи врз етничка основа е појава што не смее да се занемари. Претпоставката дека предрасудите и стереотипите за етничките заедници во Македонија се уште не се надминати, и оттаму, различните етникуми се перцепираат не секогаш разумно и реално, па поради тоа и се јавуваат значителни разлики меѓу етничките заедници во поглед на однесувањето за време на натпреварите, е потврда со висок интервал на сигурност.

Од сето досега изложено во ова истражување може да се заклучи дека во процесот на справување со насилното и агресивно однесување

на спортските манифестации треба да се применуваат практики кои ќе дејствуваат системски и ќе ја менуваат матрицата на мислење и шаблоните на однесување на луѓето. Воедно, треба да се практикува интердисциплинарен приод со што ќе се интегрираат научните сознанија од повеќе области, како што се социологијата, психологијата, правото, спортското новинарство, мирот и безбедноста и сл., со цел ваквиот феномен да се изучи што подетално и посеопфатно. Понатаму, важно е да се организираат едукативно-искуствени работилници кои ќе бидат составен дел на воспитно-образовниот процес, тренинзите, неформалните средби и состаноци и ќе бидат наменети за сите актери во спортот – спортистите, тренерите, судиите, навивачите, припадниците на органите за безбедност, спортските новинари, организаторите на спортските натпревари итн. Ваквите работилници треба да се насочени кон надминување на предрасудите и стереотипите, почитувањето на разликите, контролата на емоциите, зголемувањето толерантност на фрустрација, афирмацијата на спортската блискост, соработката и солидарноста, помагањето, справувањето со конфликти, меѓусебното разбирање и прифаќање, како и негувањето на ненасилниот животен стил.

По дадените сосема конкретни предлози за примена на истражувачките наоди, на крајот од трудот д-р Иван Анастасовски посочува каде би било пожелно да се свртат идните истражувања од областа на социолошките аспекти на девијантните однесувања на јавните настани, како и на потребата од валидизација на инструменти за тоа.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на д-р Иван Анастасовски под наслов "Социолошките аспекти на насилно и агресивно однесување на спортските манифестации во Република Македонија" претставува самостоен научен труд кој концепциски и емпириски е солидно поставен. Трудот се одликува со добро поставена теориска рамка на истражувањето, коректен методолошки приод, среден и прецизен приказ и обработка на податоците. Во дискусијата, во која се поврзуваат и обмислуваат добиените резултати со оние на други истражувачи во светот и се осмислуваат во рамките на најзначајните социолошки теории од областа на спортот, доаѓа до израз способноста на кандидатот теориски да мисли. Во заклучните согледувања се изведени конкретни предлози за применети програми за унапредување на практичните активности за редуцирање и елиминирање на овие девијантни појави. Трудот ги исполнува сите законски услови и академски стандарди предвидени за трудови од овој ранг. Особено ги истакнуваме оригиналноста на пристапот, свежината на заклучоците и општото ниво на реализација, па на тој начин го препорачуваме ова истражување како вонсериски резултат во оваа област. Оваа докторска дисертација успева

да ги обедини теорискиот, истражувачкиот и апликативниот приод во мошне сложената област од социологија на спортот како што е девијантното однесување на спортски манифестации.

Врз основа на прикажаната анализа и оцена на докторската дисертација, му предлагаме на Наставно научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје да ја прифати позитивната рецензија и да го усвои овој извештај за докторската дисертација на д-р Иван Анастасовски и да му закаже јавна усна одбрана за неа.

Скопје, 1.9. 2010 год. Членови на Комисијата

Проф. д-р Нелко Стојаноски с.р.

Проф. д-р Петар Атанасов с.р.

Проф. д-р Љубица Чонева с.р.

Проф. д-р Виолета Чачева с.р.

Проф. д-р Ленче Алексоска с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МОТОРНИ ВОЗИЛА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука број 02-1747/4 од 2.9.2010 година на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, определени сме за рецензенти по конкурсот објавен на 5 јули 2010 година во дневниот весник „Утрински весник" за избор на наставник во наставно-научно звање во научната област моторни возила.

На конкурсот се пријави д-р Дарко Данев, доцент на Машинскиот факултет во Скопје по група предмети од областа моторни возила. Звањето за кое конкурира кандидатот е вонреден професор.

Врз основа на поднесените материјали и од личното познавање на кандидатот, до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

#### 1. Завршено образование

Доц.д-р Дарко Данев е роден на 24.5.1971 година во Скопје. Основното образование го завршил во Основното училиште „Лазо Трповски" во Скопје во 1985 година, а Средното машинско училиште „Никола Тесла" во Скопје го завршил во 1989 година како технички документарист - деталист. Во истата 1989 година се запишал на Машинскиот факултет во Скопје и дипломирал на 27.6.1994 со што се здобил со високо образование (VII/I - степен), насока: механизациони машини и возила.

Во учебната 1995/96 година се запишал на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - отсек машински конструкции, механизациони машини и возила, група - моторни возила. Магистерскиот труд на тема „Специфики на кочењето во вонпатни услови и можност за определување на ефектот од применетите кочни системи" го одбранил на 1.7.1999, и се стекнал со академски степен магистер на машински науки.

На 11.7.2002 година, Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј", донел одлука за подобност на темата за изработка на докторска дисертација под наслов „Влијанието на одделни конструктивни фактори на патничките возила и нивните приколки врз однесувањето на влечниот воз во реални и во специфични услови на кочење". Докторската дисертација ја одбранил на 4.10.2005 година, со што се стекнал со академски степен доктор на технички науки. На 29.12.2005 со одлука (бр.02-3203/2) на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, е избран во наставното звање доцент во областа на моторните возила.

#### 2. Работно искуство и наставни активности

Веднаш по дипломирањето се вработил во фирмата МИПП „Кратер", каде што работел на изработка на проектна документација за надградба на возила за превоз на опасни материи според барањата на Меѓународната конвенција (АДР - Прописи). Истовремено вршел контрола на изработката на вакви возила за ГП „Маврово" и учествува во фазите на нивното испитување.

На 1.1.1996 година се вработил во Сојузот на возачите на Македонија и во оваа организација останал до септември 2003 година. Во Сојузот на возачите бил задолжен за развојот и унапредувањето на постапките, технологијата и опремата за технички преглед како и за едуцирање на контролорите. Во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, односно согласно со Правилникот за вршење технички преглед на моторни и приклучни возила, трактори и земјоделски трактори, бил

организатор на значаен број семинари и предавања од оваа област. Паралелно со организацијата на семинарите, советувањата и предавањата во кои бил активен учесник, дел од неговата едукативна активност претставуваат и континуираните проверки на знаењата на контролорите. Врз основа на резултатите покажани во текот на четиригодишното работење, на 1.2.2000 година бил избран за секретар на Сојузот на возачите на Македонија, во чиј состав влегувале 26 градски здруженија на возачи со вкупно 32 станици за вршење технички преглед на моторни и приклучни возила, трактори и земјоделски трактори. Неколку од станиците за технички преглед биле изградени токму во периодот 2000-2003 година. Една од основните активности на Сојузот на возачите претставува безбедноста и превентивата во патниот сообраќај. Во овој период во Сојузот на возачите го вовел системот за квалитет ISO 9001:2000, како и дејноста за хомологација на единично прегледани возила, што претставувало потполно нова дејност за оваа организација.

Во јуни 2003 е избран и работел како асистент на Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила при Машинскиот факултет во Скопје и бил ангажиран за изведување на вежбите од предметите: испитување на моторните возила, испитување на механизационите машини, теорија на движењето на моторните возила, проектирање и конструкција на моторните возила, основи на моторните возила, уреди и опрема кај моторните возила.

На 29.12.2005 е избран за доцент на Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила при Машинскиот факултет во Скопје и од тогаш ги покрива наставните обврски по следниве предмети: конструкција на моторните возила, пресметка на моторните возила, проектирање и конструкција на моторните возила, моторни возила на насоката индустриски дизајн, моторни возила на насоката транспорт механизација и логистика, влечни машини и возила, пракса во индустријата, мали и средни претпријатија, технички прописи и оцена на сообразност, а покрај наставата одржува и вежби по предметот испитување на моторните возила за насоката моторни возила, како и експериментални мерења за насоката транспорт механизација логистика. Во овој период ги покрива и наставните обврски по предметите на постдипломските студии (II циклус студии): системи за пренос на силина, мерни методи, мерење и инженерско експериментирање, системи за потпирање, системи за сопирање и фрикциони материјали. Покрај ова, активно учествува и во научноистражувачката и апликативната дејност од доменот на Институтот. Во октомври 2008, за период од 4 години е избран за продекан за меѓународна соработка, наука и развој на Машинскиот факултет во Скопје. Во септември 2009, од страна на министерот за образование и наука именуван е за висок претставник на Република Македонија во ЕУРЕКА - програмата.

### 3. Студиски престои и меѓународни семинари/конференции

Во изминатиот период има остварено повеќе студиски престои, меѓу кои може да се издвојат: тримесечниот престој во Кливленд-Охајо (1991), тримесечниот студиски престој во VOLVO, Гетеборг - Шведска (1998), посетите во Velman во Лондон (1997), TÜV и DEKRA во Франкфурт (1996, 1997, 1998, 2002, 2003). Во рамките на TEMPUS JEP 13571 проектот остварил шестнеделен студиски престој на TU Braunschveig – Германија (2000). За потребите на докторската, дисертација во текот на 2003/04 година, остварил 8 - месечен престој на Машинскиот факултет при Државниот универзитет во Флорида (FSU), каде што имал статус на предавач од областа на моторните возила. Со свој труд настапил на Европскиот конгрес за автомобилизам одржан во Белград, Србија и Црна Гора, во мај 2005 година. Од 2003 година е активен член на Американското здружение на инженери од автомобилската индустрија (SAE). Во периодот од 2006 до 2010, позначајни негови студиски престои се престојот на Техничкиот универзитет во Штутгарт (TU Stuttgart) во периодот помеѓу октомври и ноември 2006, како и престојот на Слободниот универзитет во Брисел (VUB) во февруари 2009 година, кои произлегле

од проектот TEMPUS 19017 NSP-ME. Во септември 2009 е именуван за висок претставник на Република Македонија во **ЕУРЕКА**.

### 4. Учество во меѓународни проекти (2005 - 2010)

1. TEMPUS PROJECT JEP-19017-2004: "Numerical Simulation Program in Mechanical Engineering"; Project financed by European Commission, 2006-2009.
2. European Project under Seventh Framework programme (FP7) Grant Agreement number: 218699, Project acronym: TRANSBONUS, Project title: Transport EU-Western Balkan Network for Training, Support and Promotion of Cooperation in FP7 research activities, 2009-2011.
3. TEMPUS IV Project: 158644 –JPCR: "Development of Regional Interdisciplinary Mechatronic Studies -DRIMS"; Project financed by European Commission, 2010-2013.

### 5. Научна и стручна дејност (2005 - 2010)

Во текот на изминатиот период, покрај големото наставно ангажирање, кандидатот учествувал во реализацијата на повеќе научни и стручни трудови меѓу кои можат да се издвојат:

1. Kostic, A., Kosevski, M., Kocarev, L., **Danev D.**, Gjurkov I., "Chaotic Behavior of Mechanical Vibro-impact System with Two Degrees of Freedom and Possibilities of Chaotic Behavior of Quarter Vehicle Model", International Automotive Conference "Science and Motor Vehicles" Belgrade, 2009.
2. Kostic A., Kosevski M., **Danev D.**, Gjurkov I.: "Analyses of the dynamical behavior of vehicle sprunged and unsprunged mass through virtual simulation and experiments", International Congress Motor Vehicle & Motors 2008, Kragujevac, Serbia, October 2008.
3. Gavriloski, V., **Danev, D.**, Gavriloski, M., Mechatronic approach for improvement of vehicle vertical dynamics. Proc. 9th International Workshop on Research and Education in Mechatronics, Bergamo, Italy, September 2008.
4. Gavriloski, V., **Danev, D.**, Angushev, K., Mechatronic approach in vehicle suspension system design. Proc. 12th IFToMM World Congress, Besançon (France), June 2007.
5. **Доц. д-р Дарко Данев**, доц. д-р Игор Ѓурков – Испитување на потисната сила на против градобијни ракети производ на Макпетрол – ТЕМКО – Скопје, Технички извештај, Машински факултет – Скопје бр. 07 – 165/2 26.1.2007, јануари 2007.
6. **Доц. д-р Дарко Данев**, вонр. проф. д-р Марјан Гаврилоски, Извештај од извршените мерења на дебелината на ѕидот и хидрауличното испитување на резервоарите за складирање на воздух под притисок во ВЕЛДЕР – Дојран, Машински факултет – Скопје бр. 07 – 2715/1 24.9.2006, септември 2006.
7. **Доц. д-р Дарко Данев**, вонр. проф. д-р Марјан Гаврилоски, вонр. проф. д-р Лазе Трајковски, доц. д-р Валентино Стојковски, Технички извештај за извршени испитувања на резервоари за воздух од пневматски кочен систем за автобус, Машински факултет – Скопје, 3.4.2006, Скопје, април 2006.
8. **Доц. д-р Дарко Данев**, вонр. проф. д-р Марјан Гаврилоски, проф. д-р Гаврило Гаврилоски, проф. д-р Драги Данев, Техничко конструкциона проверка и приспособување на моторно возило за посебна намена – мобилно студио – елаборат, Машински факултет – Скопје, декември 2008.
9. **Доц. д-р Дарко Данев**, доц. д-р Игор Ѓурков, Технички извештај од стручна анализа на возниот парк на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Машински факултет – Скопје, јули 2008.
10. **Доц. д-р Дарко Данев**, проф. д-р Милан Ќосевски, проф. д-р Драги Данев, Зголемување на јакосните карактеристики во критичниот пресек на погонско вратило за валавнички стан во топла валавница преку смалување на вредноста на факторот на концентрација на напонот, Машински факултет – Скопје, август 2008.
11. Проф. д-р Драги Данев, проф. д-р Милан Ќосевски, **доц. д-р Дарко Данев**, проф. д-р Хотимир Личен, аси. м-р Нинослав Зубер, Гранични товари на погонските вратила

на валавничкиот стан во топлата валавница на Макстил – Скопје, Машински факултет – Скопје бр. 07 – 126/1 12.1.2007, Скопје, јануари 2007.

12. **Доц. д-р Дарко Данев**, проф. д-р Милан Ќосевски, Елаборат за воспоставување на систем за мерење на притисоците во капсулите во валавничкиот стан во топла валавница Макстил – Скопје, Машински факултет – Скопје бр. 07 – 89/1 14.1.2009, Скопје, јануари 2009.
13. **Доц. д-р Дарко Данев**, проф. д-р Милан Ќосевски, проф. д-р Драги Данев, Утврдување на вредностите на вртежниот момент на коленестото вратило и моментот на свиткување на погонското вратило од ножица од валавничка пруга од топла валавница Макстил – Скопје, Машински факултет – Скопје, бр. 07-1679/3 22.6.2009, Скопје, јуни 2009.
14. **Доц. д-р Дарко Данев**, проф. д-р Милан Ќосевски, проф. д-р Драги Данев, Дефинирање на вредностите на притисните сили во капсулите при валање во валавничкиот стан во топла валавница Макстил – Скопје, Машински факултет – Скопје бр. 07 – 2208/1 10.07.2008, Скопје, јули 2008.
15. Проф. д-р Милан Ќосевски, **доц. д-р Дарко Данев**, Прирачник за вршење стручни и технички работи во постапка на оценка на сообразност на возило (прописи и административно-стручни постапки), Машински факултет Скопје, 2010.
16. **Доц. д-р Дарко Данев**, проф. д-р Милан Ќосевски, проф.д-р Драги Данев, дипл. маш.инж Стеван Ќосевски, Утврдување на вртежниот момент на погонското и на коленестото вратило на ножици во топла валавница Макстил Скопје, технички извештај, Скопје, април 2010.
17. Проф. д-р Драги Данев, проф. д-р Милан Ќосевски, проф. д-р Гаврило Гаврилоски, **доц. д-р Дарко Данев**, доц. д-р Виктор Гаврилоски, Експертиза за причините за хаваријата на 11.2.2006 на валавничкиот стан во погонот топла валавница Макстил, АД - Скопје, јули 2006.
18. Проф. д-р Драги Данев, проф. д-р Милан Ќосевски, проф. д-р Гаврило Гаврилоски, **доц. д-р Дарко Данев**, доц. д-р Виктор Гаврилоски, Експертиза за причините за хаваријата на ден 9.2.2006 на валавничкиот стан во погонот топла валавница Макстил, АД - Скопје, јули 2006
19. Проф. д-р Милан Ќосевски, **доц. д-р Дарко Данев**, проф. д-р Драги Данев, проф. д-р Славе Јакимовски, доц. д-р Игор Ѓурков, вонр. проф. д-р Петар Симоновски и др., Проект за хармонизација на националните прописи со европскиот правен систем во областа на возилата со транспонирање на 290 директиви и регулативи за изготвување на закон за возила, правилници за одобрување на возила со четири и со две тркала, правилник за одобрување на трактори, правилник за идентификација и идентификација и оценка на техничката состојба, правилник за единечно одобрување, правилник за поправени и преправени возила, правилник за димензиони, масени параметри, уреди и опрема за возилата, ГТЗ, Скопје, јули 2009
20. Вешто мислење по предмет XXII.II. бр.2715/02 од 14.12.2007 (Основен суд Скопје II)
21. Експертско мислење за Министерството за внатрешни работи на РМ, 6.7.2007 (МВР на РМ Сектор за внатрешни работи - Струмица)
22. Вешто мислење по предметот ОИД.53/07 од 21.5.2007 (Основен суд Струмица)
23. Вешто мислење по предметот ки.бр. 90/06 од 7.5.2008 (Основен суд Струмица)
24. Вешто мислење по предметот Ид.бр. 16/08 од 26.9.2008 (Основен суд Берово)
25. Вешто мислење по предметот К.бр. 1/09 од 24.12.2009 (Основен суд Радовиш)
26. Вешто мислење по предметот VIII.КРИ.бр.950/07 од 18.3.2008 (Основен суд Скопје I)
27. Експертиза за АД за осигурување ВИНЕР (Виена Иншуренс Груп) бр. 0302/1261 од 18.2.2010
28. Вешто мислење по предметот IV Р.бр.12/2010 од 3.2.2010 (Основен суд Скопје II)

### 6. Анализа на трудовите

Во трудот под број 1 е направена анализа на механички ударен вибросистем со два степена на слобода. Динамичкото однесување на системот е определено преку користење на различни алатки од теоријата на динамички системи, вклучувајќи ги тука и бифуркациските дијаграми, Љапуновиот експонент и пресеците на Поинкаре. Во зависност од аголната брзина на побудата, системот ги дава двете карактеристики, и тоа на периодично и на хаотично однесување. Понатаму во трудот истата постапка е искористена за определување на можноста за хаотично однесување на четвртински модел на возило.

Во вториот труд е направена анализа на динамичкото однесување на потпрената и непотпрената маса на возилото, преку симулација и експериментално испитување. Истражувањето е извршено преку креирање на виртуелен четвртински модел на возило и потоа е направена експериментална верификација. При експерименталната верификација е испитувано реално возило со побуда на само едно тркало, притоа земајќи ги предвид елементите од потпрената и непотпрената маса кои отпаѓаат на тоа тркало. Тркалото е задвижено со синусна вертикална побуда со различни фреквенции и со амплитуда од 3 mm. Фреквенцијата на побудата варира помеѓу 3 и 20 Hz. На овој начин е постигнато симулирање на движење по патна подлога со иста нерамнина и со различни брзини, односно движење по пат со иста брзина а со различни нерамнини. При изведувањето на експерименталниот дел мерени се поместувањата и забрзувањето на потпрената и на непотпрената маса, како и релативното поместување помеѓу двете маси. Анализата на резултатите добиени преку експерименталното испитување и резултатите од симулациите укажува на необично динамичко однесување на потпрената и на непотпрената маса.

Третиот труд го третира мехатроничкиот пристап со кој се овозможува развој на компјутерски контролирана суспензија со цел да се овозможи дотерување на нивото на конфор што корисниците го очекуваат од возилото, а притоа да се обезбеди возилото да ги задржи своите безбедносни карактеристики на високо ниво. Предложениот мехатронички систем за потпирање на возилото е составен од амортизер и воздушен балон со можност за регулација на крутосната карактеристика. Водејќи сметка за барањата на пазарот се заклучува дека интегрирањето на контролата на придушувањето, контролата на крутоста и нагодувањето на нивото е значајна придобивка. Контролниот алгоритам за континуирано променлива полуактивна суспензија е анализиран и предложен во овој труд. Верификацијата е направена преку споредување на резултати од симулација и резултати добиени од експериментално мерење на реално возило.

Четвртиот труд се однесува на мехатроничкиот пристап за подобрување на вертикалната динамика на возилото. Направена е анализа и предлог на контролен алгоритам за континуирано променлива полуактивна суспензија. Прзентирани се резултатите добиени од симулација на четвртински модел на возило за пасивна и за активна суспензија, како и за четири различни полуактивни системи. За потребите на ова истражување направен е модел на воздушно потпирање со фреквентна регулација на карактеристиката. Верификацијата е направена преку спроведување на експеримент. Потоа се споредувани добиените резултати од експериментот и од симулациите кои се изработени во Matlab/Simulink.

Во петтиот труд е испитувана потисната сила на ракетен мотор за градобијни ракети за развојните потреби на Макпетрол - ТЕМКО - Скопје.

Во трудовите со реден број 6 и 7 направена е анализа и дадени се резултати и оценка на можноста за понатамошно користење на резервоари за воздух под притисок, преку испитување на дебелината на ѕидот на резервоарите и вршење хидраулични проби.

Осмиот труд претставува елаборат за приспособување на моторно возило за посебна намена (мобилно студио). Трудот претставува целосна реконструкција на надградбата на моторното возило со која, покрај фургонскиот простор во кој е сместена

телекомуникациската опрема, на посебен начин е изведено решение за прифаќање на телескопска антена која во состојба на мирување добива височина од 12 m. Специфичноста на конструктивното решение содржи елементи од димензионирање на конфорните карактеристики на возилото при движење во вонпатни услови.

Трудот под реден број 9 претставува целосна стручна анализа на возилата во возниот парк на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија. Во анализата е даден и посебен дел - оценка за секое возило, со предлог - мерки, врз чија основа нарачателот на анализата ја утврдува својата политика за понатамошна намена и користење на возилата.

Во десеттиот труд се извршени пресметки и реконструкција на критичниот пресек на погонските вратила и е извршена изработка на нови погонски вратила за валавничкиот стан во топлата валавница на Макстил. Со пресметките и реконструкцијата е постигнато зголемување на степенот на сигурност во однос на претходната состојба за 15%.

Трудовите под реден број 11, 13 и 16 претставуваат сериозни студии во кои, врз основа на теоретски и обемни експериментални истражувања во реални и во специфични услови на експлоатација, се утврдени вредностите на максималните гранични товари кои можат да бидат допуштени на погонските вратила на валавничкиот стан, како и на погонските вратила и коленестите вратила на ножиците во погонот топла валавница во Макстил.

Трудот 12 претставува проектирање на систем за мерење аквизиција и обработка на податоците од промената на притисокот во ќелиите на притисните вретена на валавничкиот стан во топлата валавница на Макстил. Системот овозможува реално утврдување на стварните вредности на притисните сили во процесот на валањето на валавничкиот стан.

Врз основа на целосното инсталирање на проектираната опрема и софтверот во трудот 14 се дадени резултатите од реалните мерења на притисните сили во притисните вретена. Врз основа на добиените резултати од инсталираната нова опрема е добиено дека реалните максимални вредности на притисните сили се повисоки и до 130% од силите кои паралено ги евидентира постојната опрема. Добиените сознанија директно се користат за определување на технолошките параметри за процесот на валањето, со цел да се избегнат оштетувањата на елементите од валавничкиот стан од преоптоварување.

Трудот под број 15 опфаќа историски осврт на одобрувањето на моторни возила, како и административни и оперативни постапки за оценка на сообразноста на моторните возила. Во прирачникот е даден прилог за идентификација на одделни елементи од возилото врз основа на ознаките кои, поединечно или интегрирани, се наоѓаат на елементите.

Трудовите под број 17 и 18 претставуваат обемни експертизи врз основа на кои на недвосмислен начин, се утврдени причините за хавариите што настанале на капиталниот објект - валавничкиот стан во топлата валавница во Макстил.

Трудот под реден број 19 обработува една комплексна област со која на модерен начин се уредуваат прописите од областа на возилата. Основа на прописите е Законот за возила кој треба да ги уреди прашањата за одобрување на возилата со европските прописи од хармонизираната област за оваа проблематика, како и прашањата што ги третира нехармонизираната област. Како резултат на таквиот концепт од хармонизираната област произлегува транспонирање на:

1.Правилник за одобрување на тип на моторни возила со две и со три тркала (Сл. весник на РМ 131/2009), транспонирана е Директивата 2002/24, и 25 поединечни директиви во 25 технички спецификации

2.Правилник за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила (Сл. весник на РМ 132/2009), транспонирана е Директивата 2007/46 и 198 поединечни директиви во 57 технички спецификации

| | | |
|---|---|---|
| 41. | Влечни машини и возила (летен 2006/2007) | 1,35 |
| 42. | Моторни возила (летен 2006/2007) | 1,35 |
| 43. | Проектирање и конструкција на моторните возила (летен 2006/2007) | 1,35 |
| 44. | Уреди и опрема кај моторните возила (летен 2006/2007) | 1,35 |
| 45. | Теорија на движење на моторните возила (летен 2006/2007) | 1,35 |
| 46. | Конструкција на моторните возила (зимски 2007/2008) | 1,35 |
| 47. | Моторни возила (зимски 2007/2008) | 1,35 |
| 48. | Проектирање и конструкција на моторните возила (зимски 2007/2008) | 1,35 |
| 49. | Пракса во индустријата мали и средни претпријатија (зимски 2007/2008) | 1,35 |
| 50. | Конструкција на моторните возила (зимски 2007/2008) стар наставен план | 1,35 |
| 51. | Испитување на моторните возила (зимски 2007/2008) | 1,35 |
| 52. | Проектирање и конструкција на моторните возила (летен 2007/2008) | 1,35 |
| 53. | Технички прописи и оцена на сообразност (летен 2007/2008) | 1,35 |
| 54. | Влечни машини (летен 2007/2008) | 0,9 |
| 55. | Испитување на моторни возила (летен 2007/2008) | 0,9 |
| 56. | Пракса во индустријата, мали и средни претпријатија (зимски 2008/2009) | 1,35 |
| 57. | Проектирање и конструкција на моторните возила (летен 2008/2009) | 1,35 |
| 58. | Технички прописи и оцена на сообразност (летен 2008/2009) | 1,35 |
| 59. | Испитување на моторни возила (летен 2008/2009) | 0,9 |
| 60. | Пракса во индустријата, мали и средни претпријатија (зимски 2009/2010) | 1,35 |
| 61. | Проектирање и конструкција на моторните возила (летен 2009/2010) | 1,35 |
| 62. | Технички прописи и оцена на сообразност (летен 2009/2010) | 1,35 |
| 63. | Испитување на моторни возила (летен 2009/2010) | 0,9 |
| | Одржување настава од II циклус - **ПРЕДАВАЊА** | |
| 64. | Системи за пренос на силина (летен 2008/2009) | 1,5 |
| 65. | Мерни методи, мерење и инженерско експериментирање (зимски 2009/2010) | 1,5 |
| 66. | Системи за потпирање (зимски 2009/2010) | 1,5 |
| 67. | Системи за сопирање и фрикциони материјали (летен 2009/2010) | 1,5 |
| 68. | Мерни методи, мерење и инженерско експериментирање (летен 2009/2010) | 1,5 |
| 69. | Консултации со студенти 2006 (140 студенти) | 0,28 |
| 70. | Консултации со студенти 2007 (190 студенти) | 0,38 |
| 71. | Консултации со студенти 2008 (208 студенти) | 0,416 |
| 72. | Консултации со студенти 2009 (130 студенти) | 0,26 |
| 73. | Консултации со студенти 2010 (240 студенти) | 0,48 |
| 74. | Ментор на дипломска работа (18) | 3,6 |
| 75. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (34) | 3,4 |
| 76. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | 0,3 |
| 77. | Рецензент на учебник за средно образование (3) | 1,5 |
| 78. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (1) | 0,5 |
| | **Вкупно** | **97,066** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Kostic, A., Kosevski, M., Kocarev, L., Danev D., Gjurkov I., "Chaotic Behavior of Mechanical Vibro-impact System with Two Degrees of Freedom and Possibilities of Chaotic Behavior of Quarter Vehicle Model", International Automotive Conference "Science and Motor Vehicles" Belgrade, 2009. | 1,8 |
| 2. | Kostic A., Kosevski M., Danev D., Gjurkov I.: "Analyses of the dynamical behavior of vehicle sprunged and unsprunged mass through virtual simulation and experiments", International Congress Motor Vehicle & Motors 2008, Kragujevac, Serbia, October 2008. | 1,8 |
| 3. | Gavriloski, V., Danev, D., Gavriloski, M., Mechatronic approach for improvement of vehicle vertical dynamics. Proc. 9th International Workshop on Research and Education in Mechatronics, Bergamo, Italy, September | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2008. | |
| 4. | Gavriloski, V., Danev, D., Angushev, K., Mechatronic approach in vehicle suspension system design. Proc. 12th IFToMM World Congress, Besançon (France), June 2007. | 2,4 |
| 5. | European Project under Seventh Framework programme (FP7) Grant Agreement number: 218699, Project acronym: TRANSBONUS, Project title: Transport EU-Western Balkan Network for Training, Support and Promotion of Cooperation in FP7 research activities, 2009-2011. | 5 |
| | **Вкупно** | 13,4 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија | |
| 1. | Доц. д-р Дарко Данев, доц. д-р Игор Ѓурков – Испитување на потисната сила на против градобијни ракети производ на Макпетрол – ТЕМКО – Скопје, Технички извештај, Машински факултет – Скопје бр. 07 – 165/2 26.1.2007, јануари 2007 | 1 |
| 2. | Доц. д-р Дарко Данев, вонр. проф. д-р Марјан Гаврилоски, Извештај од извршените мерења на дебелината на sидот и хидрауличното испитување на резервоарите за складирање на воздух под притисок во ВЕЛДЕР – Дојран, Машински факултет – Скопје бр. 07 – 2715/1 24.9.2006, септември 2006 | 1 |
| 3. | Доц. д-р Дарко Данев, вонр. проф. д-р Марјан Гаврилоски, вонр. проф. д-р Лазе Трајковски, доц. д-р Валентино Стојковски, Технички извештај за извршени испитувања на резервоари за воздух од пневматски кочен систем за автобус, Машински факултет – Скопје, 3.4.2006, Скопје, април 2006 | 1 |
| 4. | Доц. д-р Дарко Данев, вонр. проф. д-р Марјан Гаврилоски, проф. д-р Гаврило Гаврилоски, проф. д-р Драги Данев, Техничко-конструкциона проверка и приспособување на моторно возило за посебна намена – мобилно студио – елаборат, Машински факултет – Скопје, декември 2008 | 1 |
| 5. | Доц. д-р Дарко Данев, доц. д-р Игор Ѓурков, Технички извештај од стручна анализа на возниот парк на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Машински факултет – Скопје, јули 2008 | 1 |
| 6. | Доц. д-р Дарко Данев, проф. д-р Милан Ќосевски, проф. д-р Драги Данев, Зголемување на јакосните карактеристики во критичниот пресек на погонско вратило за валавнички стан во топла валавница преку смалување на вредноста на факторот на концентрација на напонот, Машински факултет – Скопје, август 2008. | 1 |
| 7. | Проф. д-р Драги Данев, проф. д-р Милан Ќосевски, доц. д-р Дарко Данев, проф. д-р Хотимир Личен, ас. м-р Нинослав Зубер, Гранични товари на погонските вратила на валавничкиот стан во топлата валавница на „Макстил" – Скопје, Машински факултет – Скопје бр. 07 – 126/1 12.1.2007, Скопје, јануари 2007. | 1 |
| 8. | Доц. д-р Дарко Данев, проф. д-р Милан Ќосевски, Елаборат за воспоставување на систем за мерење на притисоците во капсулите во валавничкиот стан во топла валавница Макстил – Скопје, Машински факултет – Скопје бр. 07 – 89/1 14.1.2009, Скопје, јануари 2009. | 1 |
| 9. | Доц. д-р Дарко Данев, проф. д-р Милан Ќосевски, проф. д-р Драги Данев, Утврдување на вредностите на вртежниот момент на коленестото вратило и моментот на свиткување на погонското вратило од ножица од валавничка пруга од топла валавница „Макстил" – Скопје, Машински факултет – Скопје, бр. 07-1679/3 22.6.2009, Скопје, јуни 2009. | 1 |
| 10. | Доц. д-р Дарко Данев, проф. д-р Милан Ќосевски, проф. д-р Драги Данев, Дефинирање на вредностите на притисните сили во капсулите при валање во валавничкиот стан во топла валавница Макстил – Скопје, Машински факултет – Скопје бр. 07 – 2208/1 10.7.2008, Скопје, јули 2008. | 1 |
| 11. | Проф. д-р Милан Ќосевски, доц. д-р Дарко Данев, Прирачник за | 1 |

3.Правилник за одобрување на земјоделски и шумски трактори (Сл. весник на РМ 134/2009), транспонирана е Директивата 2003/37 и 93 поединечни директиви во 23 технички спецификации

Во нехармонизираната област опфатени се следниве области:

1.Правилник за единечно одобрување на возило (Сл. весник на РМ 16/2010)

2.Правилник за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата (Сл. весник на РМ 131/2009)

3.Правилник за критериумите што треба да ги исполнуваат возилата за да добијат статус на возила со музејска вредност (олдтајмери) и постапката за утврдување на исполнетоста на тие критериуми (Сл. весник на РМ 52/2010)

4.Правилник за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата (Сл. весник на РМ 21/2010)

Покрај прашањето за одобрување во Законот се утврдени основите за изработка на подзаконските акти на Правилникот за технички преглед на возила, Правилникот за регистрација на возилата и Правилникот за регистар на возила.

Трудовите под реден број од 20 до 28 претставуваат вешти мислења експертизи и експертски мислења кои се однесуваат на специфични случаи од областа на возилата и поголем дел се работени за потребите на второстепени вештачења за судството, за потребите на Министерството за внатрешни работи и за осигурителните компании.

## 6. Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната документација што е доставена на увид и од личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека д-р Дарко Данев, дипл. маш. инж., е исклучително квалитетен и перспективен научен работник кој од почетокот на своето вработување, а посебно од вработувањето на Машинскиот факултет, до денес активно учествувал во повеќе научноистражувачки и стручни активности при Институтот за машински конструкции, механзациони машини и возила, а во наставата секогаш учествува со натпросечно ангажирање по повеќе предмети.

Во досегашната работа како доцент докажа дека има студиозен пристап кон извршувањето на наставните и другите обврски, со коректен однос кон колегите, кон студентите и кон вработените на Факултетот, притоа градејќи позитивна атмосфера во околината. Резултатите што ги има постигнато говорат дека се работи за кандидат кој поседува високи квалитети за работа во академска средина.

Врз основа на изнесеното, чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Дарко Данев да биде избран за наставник во научната област моторни возила, во звањето вонреден професор.

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Милан Ќосевски
Машински факултет – Скопје, с.р.

Проф. д-р Тодор Давчев
Машински факултет – Скопје, с.р.

Проф. д-р Славе Јакимовски
Машински факултет – Скопје, с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Дарко Драги Данев**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Машински факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **моторни возила**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување настава од I циклус - **ПРЕДАВАЊА** | |
| 1. | Влечни машини и возила (летен 2005/2006) | 1,2 |
| 2. | Моторни возила (летен 2005/2006) | 1,2 |
| 3. | Влечни машини и возила (зимски 2006/2007) | 1,2 |
| 4. | Моторни возила (зимски 2006/2007) | 1,2 |
| 5. | Влечни машини и возила (летен 2006/2007) | 1,2 |
| 6. | Моторни возила (летен 2006/2007) | 1,2 |
| 7. | Проектирање и конструкција на моторните возила (летен 2006/2007) | 1,2 |
| 8. | Конструкција на моторните возила (зимски 2007/2008) | 1,2 |
| 9. | Моторни возила (зимски 2007/2008) | 1,2 |
| 10. | Проектирање и конструкција на моторните возила (зимски 2007/2008) | 1,2 |
| 11. | Пракса во индустријата, мали и средни претпријатија (зимски 2007/2008) | 1,2 |
| 12. | Конструкција на моторните возила (зимски 2007/2008) стар наставен план | 1,2 |
| 13. | Пресметка на моторните возила (летен 2007/2008) | 1,2 |
| 14. | Пресметка на моторните возила (летен 2007/2008) стар наставен план | 1,2 |
| 15. | Проектирање и конструкција на моторните возила (летен 2007/2008) | 1,2 |
| 16. | Технички прописи и оцена на сообразност (летен 2007/2008) | 1,2 |
| 17. | Влечни машини (летен 2007/2008) | 1,2 |
| 18. | Моторни возила (летен 2007/2008) | 1,2 |
| 19. | Конструкција на моторните возила (зимски 2008/2009) | 1,2 |
| 20. | Моторни возила (зимски 2008/2009) | 1,2 |
| 21. | Пракса во индустријата, мали и средни претпријатија (зимски 2008/2009) | 1,2 |
| 22. | Пресметка на моторните возила (летен 2008/2009) | 1,2 |
| 23. | Проектирање и конструкција на моторните возила (летен 2008/2009) | 1,2 |
| 24. | Технички прописи и оцена на сообразност (летен 2008/2009) | 1,2 |
| 25. | Моторни возила (летен 2008/2009) | 1,2 |
| 26. | Конструкција на моторните возила (зимски 2009/2010) | 1,2 |
| 27. | Моторни возила (зимски 2009/2010) | 1,2 |
| 28. | Пракса во индустријата, мали и средни претпријатија (зимски 2009/2010) | 1,2 |
| 29. | Пресметка на моторните возила (летен 2009/2010) | 1,2 |
| 30. | Проектирање и конструкција на моторните возила (летен 2009/2010) | 1,2 |
| 31. | Технички прописи и оцена на сообразност (летен 2009/2010) | 1,2 |
| 32. | Моторни возила (летен 2009/2010) | 1,2 |
| | Одржување настава од I циклус - **ВЕЖБИ** | |
| 33. | Влечни машини и возила (летен 2005/2006) | 1,35 |
| 34. | Моторни возила (летен 2005/2006) | 1,35 |
| 35. | Влечни машини и возила (зимски 2006/2007) | 1,35 |
| 36. | Моторни возила (зимски 2006/2007) | 1,35 |
| 37. | Уреди и опрема кај моторните возила (зимски 2006/2007) | 1,35 |
| 38. | Испитување на моторните возила (зимски 2006/2007) | 1,35 |
| 39. | Испитување на механизационите машини (зимски 2006/2007) | 1,35 |
| 40. | Проектирање и конструкција на моторните возила (зимски 2006/2007) | 1,35 |

| | | |
|---|---|---|
| | категорија, 61 за M, N и O категориите и 23 за T, C, R и S категориите) | |
| 5. | Член на Ревизиониот комитет за ревизија на прописи од областа на моторните возила (Министерство за економија на РМ) | 1 |
| 6. | Член на комисија за докторски студии на Машинскиот факултет - Скопје | 0,5 |
| 7. | Член на комисија за избор во звање (x 3) | 0,6 |
| 8. | Студиски престој во странство (x 2)<br>1. Технички универзитет во Штутгарт (окт.-ноем. 2006)<br>2. Слободен универзитет во Брисел (февруари 2009) | 1 |
| 9. | Член на комисија за постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје | 0,5 |
| | **Вкупно** | 97,6 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **97,066** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **13,4** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **97,6** |
| **Вкупно** | **208,07** |

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Милан Ќосевски
Машински факултет – Скопје, с.р.

Проф. д-р Тодор Давчев
Машински факултет – Скопје, с.р.

Проф. д-р Славе Јакимовски
Машински факултет – Скопје, с.р.

| | | |
|---|---|---|
| | вршење стручни и технички работи во постапка на оценка на сообразност на возило (прописи и административно-стручни постапки), Машински факултет - Скопје, 2010. | |
| 12. | Доц. д-р Дарко Данев, проф. д-р Милан Ќосевски, проф.д-р Драги Данев, дипл. маш.инж Стеван Ќосевски, Утврдување на вртежниот момент на погонското и на коленестото вратило на ножици во топла валавница - Макстил - Скопје, технички извештај, Скопје, април 2010 | 1 |
| 13. | Проф.д-р Драги Данев, проф.д-р Милан Ќосевски, проф.д-р Гаврило Гаврилоски, Доц.д-р Дарко Данев, доц.д-р Виктор Гаврилоски, Експертиза за причините за хаваријата на ден 11.2.2006 на валавничкиот стан во погонот топла валавница Макстил АД - Скопје, јули 2006 | 1 |
| 14. | Проф.д-р Драги Данев, проф.д-р Милан Ќосевски, проф.д-р Гаврило Гаврилоски, доц.д-р Дарко Данев, доц.д-р Виктор Гаврилоски, Експертиза за причините за хаваријата на ден 09.02.2006 на валавничкиот стан во погонот топла валавница Макстил АД - Скопје, јули 2006 | 1 |
| 15. | Вешто мислење по предметот XXII.II. бр.2715/02 од 14.12.2007 (Основен суд Скопје II) | 1 |
| 16. | Експертско мислење за Министерството за внатрешни работи на РМ, 6.7.2007 (МВР на РМ Сектор за внатрешни работи - Струмица) | 1 |
| 17. | Вешто мислење по предметот ОИД.53/07 од 21.5.2007 (Основен суд Струмица) | 1 |
| 18. | Вешто мислење по предметот ки.бр. 90/06 од 7.5.2008 (Основен суд Струмица) | 1 |
| 19. | Вешто мислење по предметот Ид.бр. 16/08 од 26.9.2008 (Основен суд Берово) | 1 |
| 20. | Вешто мислење по предметот К.бр. 1/09 од 24.12.2009 (Основен суд Радовиш) | 1 |
| 21. | Вешто мислење по предметот VIII.КРИ.бр.950/07 од 18.3.2008 (Основен суд Скопје I) | 1 |
| 22. | Вешто мислење по предметот VIII.КИ.бр.2191/07 од 26.12.2007 (Основен суд Скопје I) | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Изготвување и пријавување научен/образовен меѓународен проект: INNOVATIVE ENGINEERING through VIRTUAL TESTING and VISUALIZATION - IEVTV - 159031-TEMPUS-BE-TEMPUS-JPHES | 2 |
| 2. | Продекан за меѓународна соработка наука и развој | 4 |
| 3. | Technical assistance to the Government of Macedonia for the transposition of technical EU directives. Project No:02.3515.0-013.00 GTZ<br>1. Закон за возила (Сл. весник на РМ 140/2008)<br>2. Правилник за одобрување на тип на моторни возила со две и со три тркала (Сл. весник на РМ 131/2009)<br>3. Правилник за единечно одобрување на возило (Сл. весник на РМ 16/2010)<br>4. Правилник за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата (Сл. весник на РМ 131/2009)<br>5. Правилник за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила (Сл. весник на РМ 132/2009)<br>6. Правилник за одобрување на земјоделски и шумски трактори (Сл. весник на РМ 134/2009)<br>7. Правилник за критериумите што треба да ги исполнуваат возилата за да добијат статус на возила со музејска вредност (олдтајмери) и постапката за утврдување на исполнетоста на тие критериуми (Сл. весник на РМ 52/2010)<br>8. Правилник за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата (Сл. весник на РМ 21/2010)<br>9. Правилник за висината на трошоците во постапките за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата (Сл. весник на РМ 70/2009) | 18 |
| 4. | Учество во изработка на 108 технички спецификации за возила (24 за I. | 48 |

# П Р Е Г Л Е Д
**на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје**

на 366 седница на Наставно – научниот совет одржана на 16.09.2010 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Владимир Ѓорѓиев, дипл. геод. инж. | " Концепт на AVL дистрибуција базирана врз WEB развојна околина" | Проф. д-р Златко Србиноски |
| 2 | Александар Арсовски, дипл. геод. инж. | "Тродимензионални катастарски информациони системи" | Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев |
| 3 | Драган Димитриевски, дипл. град. инж. | "Управување со водните ресурси на сливот на реката Вардар и Дојранското езеро, во согласност со Рамковната директива за води на ЕУ" | Проф. д-р Љупчо Петковски |

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): СТАРОГРЧКИ ЈАЗИК, НОВОГРЧКИ ЈАЗИК, СТАРОГРЧКОРИМСКА КУЛТУРА, ПАЛЕОГРАФИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ СО ПРИМЕНА НА КОМПЈУТЕР НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На својата редовна седница одржана на 14.9.2010 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје определи Комисија во состав: проф. д-р Маргарита Бузалковска-Алексова, акад. проф. д-р Витомир Митевски и проф. д-р Љубинка Басотова, редовен професор во пензија, во врска со пријавата на конкурсот распишан од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по предлог на Филозофскиот факултет во Скопје и објавен на 2.9. 2010 година во весникот „Дневник" за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за научните области (дисциплини): старогрчки јазик, новогрчки јазик, старогрчкоримска култура, палеографија и образование со примена на компјутер. Искажувајќи ја својата благодарност за укажаната доверба, членовите на Рецензентската комисија, по увидот во доставениот материјал, до Наставно-научниот совет имаат чест да го поднесат следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот што беше објавен во весникот *Дневник* на 2.9.2010 година, за избор на еден наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): старогрчки јазик, новогрчки јазик, старогрчкоримска култура, палеографија и образование со примена на компјутер, се пријавил само еден кандидат, д-р Валериј Софрониевски, вонреден професор на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје.

## 1. Општи податоци и професионален развој

Проф. д-р Валериј Софрониевски е роден 1966 година во Скопје. Во 1985 година се запишал на Филозофскиот факултет во Скопје, ННСГ за класични студии. Дипломирал во јануари 1990 година и студиите ги завршил со среден успех 9,47. Следната година по дипломирањето, во октомври 1991 година, се вработил како професор по латински јазик во УСО „Гоце Делчев" во Куманово, на определено време. Напоредно со оваа работа, ангажиран е од Институтот за класични студии како стручен соработник, при што ги води вежбите по старогрчки јазик (морфологија). Од октомври 1993 година почнал да работи на Филозофскиот факултет во Скопје при Институтот за класични студии како помлад асистент и учествувал во изведувањето вежби по

предметите: античка литература II и читање старогрчки текстови со метрика. Во меѓувреме завршил постдипломски студии по македонска книжевност, а во почетокот на 1996 година, на Филолошкиот факултет во Скопје, го одбранил магистерскиот труд под наслов *Ајсоӣ и ајсоӣовскиѿе басни во македонскиѿе народни ӣриказни*. Есента истата година е избран во звањето асистент при Институтот за класични студии и ги покривал вежбите по предметите: античка литература III и IV и читање старогрчки текстови со метрика. Сообразно со кадровските потреби на Институтот, во меѓувреме почнал да ги изведува вежбите и по предметите: морфологија на старогрчкиот јазик, нинтакса на старогрчкиот јазик, како и нормативна граматика по старогрчки јазик за студентите од другите групи и институти. На редовниот тригодишен реизбор во звањето асистент, во почетокот на 2000 година е избран за асистент по предметите: морфологија на старогрчкиот јазик, синтакса на старогрчкиот јазик и старогрчки јазик. Докторската дисертација, под наслов *Семиоѿика и семанѿика на леѓлоѿо во сѿароѓрчкаѿа книжевносѿ*, ја одбранил во декември 2000 година на Филозофскиот факултет во Скопје. Во мај 2001 година е избран за доцент при Институтот за класични студии и ги држел предавањата по предметите: морфологија на старогрчкиот јазик, синтакса на старогрчкиот јазик и старогрчки јазик. Со воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем во начинот на студирање на Филозофскиот факултет и редизајнирањето на студиските програми, од октомври 2003 година почнува да ги покрива предавањата по предметите: старогрчки јазик (елементарен, продолжителен и напреден курс), новозавстен и византиски грчки јазик, новогрчки јазик и јазична анализа на старогрчки текстови. Во февруари 2006 година е избран за вонреден професор при Институтот за класични студии. По измените на студиските програми од 2009 год. ги покрива предавањата и вежбите по предметите: старогрчкиот јазик (почетен, продолжителен и напреден курс), новогрчки јазик, антиката на филм, применета класика, ИКТ во класичната филологија. Од 2001 година учествува во изведувањето на студиската програма од вториот циклус студии на Институтот за класични студии, како и на други институти од Филозофскиот и Филолошкиот факултет. Од 2002 до 2005 година бил раководител на постдипломските студии по класична филологија при Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет во Скопје.

## 2. Научноистражувачка дејност

Научниот ангажман на проф. д-р Валериј Софрониевски укажува на фактот дека во изминатите години негова преокупација биле прашањата од областа на јазикот, писмото и културата на Хелените, од класичниот и претккласичниот период, па сè до најново време. Во оваа сфера Софрониевски остварува бројни истражувачки резултати што имаат оригинално и автентично обележје.

Целна група на неговите истражувања се и прашањата што го засегаат македонското книжевно наследство и неговото компаративно иследување со другите култури, а особено со нему најблиската, грчката.

И во оваа сфера проф. Софрониевски на науката ѝ има оставено богата палета истражувања со уникатни резултати.
Како исклучителен филолог – истражувач, д-р Софрониевски остава свој печат и во славистиката и тоа во, можеби, најтешкиот нејзин дел - етимологијата. Оригиналните заклучоци од оваа област се уште една потврда за неговата врвна истражувачка активност.
Во неговиот постојан научен развој, д-р Софрониевски вниманието го свртува и кон новите хоризонти што современието ги отвора пред истражувачите на класичната мисла и во својот научен делокруг ја вклучува рецепцијата на класиката во сите сегменти на човековата духовна еманација низ вековите. Во тој дел, не само што експериментира со новите струења што провејуваат во меѓународните средини на класиката, туку нив ги воведува и во нашата академска средина.
Според увидот во неговата ангажираност низ минатиов период, може да се констатира дека во поглед на научноистражувачката работа проф. д-р Валериј Софрониевски има извонредни постигнувања со исклучителни оригинални резултати во сите научни области, за кои бил или треба да биде ангажиран.

## 2. 1. Анализа на рецензирани и објавени трудови

Д-р Софрониевски е автор на повеќе научни и научно-стручни трудови кои вклучуваат оригинални научни резултати, а се објавени во повеќе домашни и меѓународни научно-стручни списанија и зборници.
Од приложените трудови на кандидатот д-р Валериј Софрониевски може да се согледа дека неговиот професионален ангажман е фокусиран на значајни прашања од областа на јазикот и културата на Хелените.

Издвојуваме некои од нив кои имаат значаен придонес кон нашата, и воопшто, кон меѓународната научна мисла:

- **„Божилак, виножито, ѕуница“, *Словенска етимологија данас*: Зборник симпозијума одржаног од 5. до 10. септембра 2006. године у Београду / уредник Александар Лома, Институт за српски језик САНУ (2007), 381-392.**

Во оваа студија, д-р Софрониевски ги проследува семантичките одлики на словенските означители за природниот феномен изнесен во насловот, а особено на оние во македонскиот јазик. При тоа, утврдува специфична состојба, што ги издвојува македонските лексеми за означувањето на оваа атмосферска појава од другите словенски јазици. Имено, овие зборови во македонскиот имаат различна семантичка и етимолошка провениенција, чии корени авторот ги наоѓа во старозаветната и (во помала степен) во новозаветната традиција. Особено е интересна оригиналната теза на д-р Софрониевски во поглед на етимологијата на зборот *виножито*, за која досега постоеа прилично несигурни толкувања.

- ***Чишање грчки: Граматика, речник и вежби.*** **- Скопје: ТРИ, 2009. - VIII, 396 стр. ; *Чишање грчки: Текст*, превод од англиски јазик, превод и препев од старогрчки јазик, приспособувања и дополнувања. - Скопје: ТРИ, 2009. - XIX, 182 стр.**

Овие учебници претставуваат адаптација на познатиот курс *Reading Greek* (Cambridge), што се користи во наставата (и вон наставата) на бројни универзитети и колеџи во светот и што има доживеано над дваесет изданија. Покрај многуте други, една од главните доблести на ова дело е методолошкиот пристап, којшто во голема мера го олеснува изучувањето на овој јазик и го приближува до изучувањето на современите јазици. Сувопарната и заморна материја е ставена во наративен контекст со тематски континуитет, кој осмислено покрива делови од културата на старите Грци. Граматизацијата, која истовремено ја проследува и морфологијата и синтаксата, е илустрирана со вежби кои кореспондираат на текстовите, и кои имаат оригинален и современ призвук. Врз преводот и приспособувањата на овој курс, д-р Софрониевски има посветено седум години напорна работа. Адаптирањето на материјата е извршено според највисоки стандарди, без никакви грешки, произволности или импровизирања, со чувство на респект кон сопствениот јазик и кога станува збор за морфосинтаксата, но и кога станува збор за стилот, што подеднакво се рефлектира и врз паралелите што ги воспоставува со старогрчкиот и воопшто, при координирањето на трите јазици (што само по себе претставува тежок филолошки предизвик, што д-р Софрониевски мајсторски го разрешува, наметнувајќи се како парадигма за ваква постапка).

- **'И уште малку за делењето на зборот на крајот од редот', *Зборник од XXXIII научна конференција на XXXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура - Лингвистика (Охрид, 28 и 29 VIII 2006)*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2007, 213-232.**

Во овој труд, д-р Софрониевски нè навраќа на една, навидум, апсолвирана состојба во ортографијата, којашто при денешните изменети услови во пишувањето и издавањето книги се враќа како актуелен проблем што бара систематско разрешување. Имено, станува збор за „новото писмо" на нашето современие што го наложува новата технологија на пишување, која на суптилен начин го трасира развојниот пат на националните писма. Нужното влијание што го носи ваквата реалност д-р Софрониевски дополнително го верификува во дијахрониот преглед на промените кај конкретните ортографски појави во историјата на писмото, а потоа многу вешто ги детектира, и богато и прецизно ги илустрира девијантните состојби во овој сегмент од правописот во македонската книжевно-издавачка реалност. Самиот, преку примери, дава повеќе одговори и предлага начини на разрешување на ваквите состојби, но остава и многу нови прашања, што не смеат да бидат занемарени и на кои треба да даде одговор нашата национална лингвистичка мисла.

- **'Биосферата на старогрчките партикули, нивното потекло и потеклото на партикулите воопшто'** ***Класика, балканистика, палеославистика,*** **Материјали од научниот собир по повод одбележувањето на 85-годишнината од раѓањето и 60 години научна работа на акад. Петар Хр. Илиевски, уред. акад. З. Тополињска и др., МАНУ, Скопје, 2007, 75-91.**

Феноменот на изобилство партикули во старогрчкиот јазик постојано го привлекува вниманието на класичните филолози. Во овој труд, д-р Софрониевски ги сумира новите теоретски истражувања од ова поле и прави обид да одговори на две загадочни прашања: каде природно припаѓаат грчките партикули, дали во говорот или во писмото, и која е причината за нивното изобилство во раниот и во класичниот грчки. Авторот смета дека одговорите се наоѓаат во оралниот карактер на раната и класична грчка мисла (пишана или говорена), па оттаму гледа и можност за речиси верна реконструкција на говорот од пишаните грчки текстови. Кога веќе релацијата е воспоставена на ниво на говор, врз формирањето и честотата во употребата на партикулите големо влијание имаат јасноста и определеноста - главните одлики на грчкиот начин на мислење и живеење. На крајот, д-р Софрониевски спекулира и со потеклото на партикулите: ги врзува директно со извиците, на кои овие им ја пополниле „семантичка празнотија“ речиси до ниво на реченица, и ги лоцира во самите никулци на појавата на говорот, во мигот на воспоставувањето на првата комумникација меѓу „луѓето“.

- **'Λέχος/легло - between the sacral and the profane'** ***Studia etymologica Brunensia*** **3 (2006), 353-359.**

Во овој труд, навраќајќи се на истражувањата на темата за леглото и легнувањето, кои во доменот на старогрчката литература изнесоа на светлина развиен систем од знаци и симболи во кој се рефлектираат феномените на женското постоење генерирани во митската претстава и мисла, д-р Софрониевски се обидува функционирањето на ваквиот систем (кој се остварува преку сакрална лексика, што, за конкретниот случај влече потекло од индоевропската основа **lēgh-/*lōgh-*) да го провери и во словенските јазици. Иако засега е тешко да се реализира слично истражување во целокупната словенска литература, овој труд синтетизира интересни воочувања за значењата што се манифестираат во словенските лингвистички системи врзани за овој индоевропски корен. Заклучоците не потврдуваат постоење на издржан систем на сакрална семантика во словенските јазици, иако целосно не ги отфрлаат ниту асоцијациите, ниту аналогиите што на оваа основа словенските зборови ги воспоставиле со митската реалност.

- **'Неколку антички теми и мотиви во македонските народни приказни',** ***Жива антика*** **57/1-2 (2007), 41-51.**

Во оваа студија авторот навлегува во една од најинтересните сфери на античката рецепција - народното творештво. Поради специфичниот историско-географски контекст, македонската усна традиција се јавува како вистински конзерватор на античкото книжевно наследство. Овој текст на д-р Софрониевски открива некои, досега недетектирани прелевања од античката мисла, извлечени од корпусот фолклорни материјали на Марко К. Цепенков. Меѓу нив, како вградени теми и мотиви тој ги идентификува митологемите за Симплегадите, за наттрчувањето елен од Ахил, за Аталанта и Ојномај, за Артемидините дарови за Прокрида, легендата за Поликрат и прстенот, и открива цела една приказна, настаната најверојатно под директно влијание на Софоклевиот *Ојдий Тиранин*.

- **'Грчки или новогрчки', *Годишен зборник на Филозофскиой факулійей во Скойје* 61 (2008), 327-340.**

Во овој труд, д-р Софрониевски анализира една актуелна состојба во јазикот на нашето современие. Имено, во македонскиот јазик постои терминолошка непрецизност во дефинирањето на поимот „грчки", и тоа особено по однос на јазикот, за кого не се егзактно означени развојните периоди, а нивното именување не е базирано на општоприфатените категоризации. Ако и постои некаква доследност во означувањето на јазикот од класичниот период, истото не може да се рече и за современиот грчки, за кого се користи формата што упатува на целото историско постоење на јазикот (или почесто, на периодот од антиката). Овој труд на д-р Софрониевски ги елаборира ваквите состојби низ историски преглед на грчкиот јзик и, низ компаративна анализа, упатува на размислувања за нивна корекција.

- **'Applied Classics', *Aeternitas Antiquitatis*, proceedings of the symposium held in Skopje on 28 August 2009 / editor V. Sofronievski, ACPh-ANTIKA and Faculty of Philosophy in Skopje, 120-8.**

Трудот се соочува со изменетите состојби во образовниот процес во однос на местото и улогата на класичните науки, и сообразувајќи се со реалните услови, нуди решенија за ревитализирање на класичната мисла во педагошката практика. Имено, променетите состојби во содржините на работата и работните места, предизвикани од социо-економскиот и технолошки развој во глобални рамки придонесоа да се променат критериумите и квалификативите за вршењето на одредени работни задачи. На површина излегоа барањата за поседување универзални вештини што се апликабилни на многу и различни работни места. Учениците и студентите што ги изучуваат класичните јазици и антиката, на еден или на друг начин, во текот на студиите во голема мера се здобиваат со добар дел од ваквите вештини. Со некои од нив, и студентите и професорите добро се запознати, за некои само површно се свесни, а за трети и воопшто не се знае. Во овој труд, д-р Софрониевски покажува дека експлицитното укажување на овие вештини може да биде многукратно полезно, како за студентите во успешното извршување на

идните работни задачи на различни работни места, така и за привлекувањето на студентите за изучување на класиката и класичните јазици.

## 3. Стручно-апликативна дејност

Проф. д-р Софрониевски од 1996 до 2000 година бил претседател на *Друштвото за антички студии на Р. Македонија*. Од 2002 до 2005 година член во редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет, а од 2002 до 2008 бил координатор за ЕКТС на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет во Скопје. Од 2005 до 2007 година бил член на Етимолошката комисија при Меѓународниот славистички комитет. Член е на основачкиот одбор на *Здружението на класични филолози „Антика"* и член на основачкиот и управниот одбор на *Друштвото за класични студии „Жива антика"*, Скопје. Член е и на редакцискиот одбор на списанието „Систасис". Од 2008 година е член на Комисијата за издавачка дејност при Филозофскиот факултет.
Веќе неколку години учествува во работата на комисијата за реализирање на Републичките натпревари по класични јазици за учениците од средните училишта, а во 2009 година зеде активно учество во промотивните активности на Институтот, со презентации на Институтот за класични студии во гимназиите низ градови на Р. Македонија. Бил член на организацискиот одбор на меѓународниот научно-стручен собир: *Aeternitas Antiquitatis*, што се одржа минатата година во Р. Македонија. Се јавува и како уредник на два зборника од меѓундародни конференции: *Антиката и европската наука и култура*, прилози од научниот собир одржан по повод јубилејот - 60 години Институт за класични студии, Скопје Филозофски факултет, 2009 - 226 стр. и *Aeternitas Antiquitatis*, proceedings of the symposium held in Skopje on 28 August 2009, Association of Classical Philologists - ANTIKA and Faculty of Philosophy in Skopje, 2010 - XIV, 129 pp.
Во изминатиов период своите експертски знаења ги има сублимирано и низ реализацијата на следните две книги:

- ***Lexicon Graeco-macedonicum (evolutivum)*, Контрапункт и Филозофски факултет - Скопје, 2010; 140 стр.**

Ова претставува елементарен речник на старогрчкиот јазик на македонски, што ги задоволува потребите на студентите што го изучуваат класичниот грчки јазик на повеќе нивоа. При обработката на лексичкиот материјал, *Речникот* се задржува на елементарното ниво, сочувувајќи ги основните значења и интерпретации на зборовите. Тој е компатибилен со учебникот *Читање грчки*. Во *Речникот* се вклопени изрази главно од класичниот грчки јазик со извесен број преведени синтагми и толкувања за поодделни лексеми што само го олеснува користењето на овој *Речник* за студентите. Значајно е да се истакне дека овој *Речник* на д-р Софрониевски претставува и прв старогрчко-

македонски речник кај нас воопшто. Развојноста што е истакната во насловот упатува на отвореноста на *Речникот* кон натамошни доработки и проширувања, и тоа во прв ред благодарение на паралелната електронска верзија (graecomacedonicum.com) што е во фаза на изработка. Вака осмислената концепција на овој проект му дава посебна бележитост, затоа што во неговото натамошно градење учествуваат и самите студенти, и тоа во текот на својата практична работа со текстовите.

- **Ајсоп, *Басни*, превод и препев од старогрчки јазик, предговор, белешки и коментари, Скопје: ТРИ, 2008. - 228 стр.**

Оваа книга претставува прво интегрално исчитување на македонски јазик на целокупниот корпус ајсоповски басни. Исклучително прецизниот превод, збогатен со неопходниот критички апарат (покрај 148-те фусноти во самиот текст, на крајот се поместени 119 филолошки, критички белешки кон текстот, со неколку негови емендации) и обемниот и студиозен предговор, го вреднуваат делото во самиот врв на нашата преводна литература. Оригиналните решенија во пристапот кон разрешувањето на синтаксичките јазли и богатата лексика овозможуваат автентичен пристап кон восприемањето на изворниот текст. Одбраниот оригинал (вистински канон кога станува збор за ајсоповските критички изданија) го воведува ајсоповскиот превод на македонски на голема врата во друштвото на антологиските изданија, а на македонската јавност ѝ го нуди задоволството да го чита најпознатиот, најпопуларниот и најобемниот Ајсоп - вистинска придобивка за секоја национална култура. Повеќегодишната работа на преведувачот врз овие басни го прави преводот достоен за секакви суперлативи, прецизен, акрибичен, филолошки стамен и издржан, уметнички дотеран, синтаксички истенчен и богат со лексичките варијации на високо развиениот македонски јазик.

## 4. Заклучок и предлог

Од презентираниот наставно-научен, научноистражувачки и апликативно-стручен ангажман на проф. д-р Валериј Софрониевски, Комисијата оценува дека кандидатот во целост ги исполнува законските услови предвидени според конкурсот. Притоа забележителен е неговиот постојан прогресивен стручен и научен развој со особено значен придонес во научните области изнесени во Конкурсот.

Неговиот научноистражувачки интерес е доста широк, но и фокусиран на подрачјето во чии рамки долги години е ангажиран во сите досегашни наставно-научни звања во кои бил избиран.

Со особена чест и задоволство, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје му предлагаме **проф. д-р Валериј Софрониевски да биде избран во звањето редовен професор за**

**научните области (дисциплини): старогрчки јазик, новогрчки јазик, старогрчкоримска култура, палеографија и образование со примена на компјутер.**

С к о п ј е, 22. 9 . 2010 година

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Маргарита Бузалковска-Алексова, с.р.
2. Акад. проф. д-р Витомир Митевски, с.р.
3. Проф. д-р Љубинка Басотова, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО,**

## НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Валериј Божин Софрониевски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филозофски факултет / Институт за класични студии**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **старогрчки јазик, новогрчки јазик, старогрчкоримска култура, палеографија, образование со примена на компјутер**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Старогрчки јазик - почетен курс II (2+1), летен 2005/06 | 1,2 |
| 2. | Старогрчки јазик - продолжителен курс II (2+1), летен 2005/06 | 1,2 |
| 3. | Старогрчки јазик - почетен курс II (Арх., Ист.) (2+1), летен 2005/06 | 1,2 |
| 4. | Читање старогрчки текстови со метрика (0+4), летен 2005/06 | 1,8 |
| 5. | Старогрчки јазик - почетен курс I (2+1), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 6. | Старогрчки јазик - продолжителен курс I (2+1), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 7. | Старогрчки јазик - напреден курс I (1+1), зимски 2006/07 | 0,6 |
| 8. | Старогрчки јазик - почетен курс I (Арх., Ист.) (2+1), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 9. | Старогрчки јазик - почетен курс I (Филолошки) (2+1), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 10 | Новозаветен и византиски грчки I (1+1), зимски 2006/07 | 0,6 |
| 11. | Старогрчки јазик - напреден курс I (1+1), зимски 2006/07 | 0,45 |
| 12. | Новозаветен и византиски грчки I (1+1), зимски 2006/07 | 0,45 |
| 13. | Старогрчки јазик - почетен курс II (2+1), летен 2006/07 | 1,2 |
| 14. | Старогрчки јазик - продолжителен курс II (2+1), летен 2006/07 | 1,2 |
| 15. | Старогрчки јазик - напреден курс II (1+1), летен 2006/07 | 0,6 |
| 16. | Старогрчки јазик - почетен курс II (Арх., Ист.) (2+1), летен 2006/07 | 1,2 |
| 17. | Старогрчки јазик - почетен курс II (Филолошки) (2+1), летен 2006/07 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 18. | Новозаветен и византиски грчки II (1+1), летен 2006/07 | 0,6 |
| 19. | Старогрчки јазик - напреден курс II (1+1), летен 2006/07 | 0,45 |
| 20. | Новозаветен и византиски грчки II (1+1), летен 2006/07 | 0,45 |
| 21. | Старогрчки јазик - почетен курс I (Филолошки) (2+1), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 22. | Старогрчки јазик - почетен курс I (Филолошки) (2+1), зимски 2007/08 | 0,45 |
| 23. | Старогрчки јазик - продолжителен курс I (2+1), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 24. | Старогрчки јазик - напреден курс I (1+1), зимски 2007/08 | 0,6 |
| 25. | Старогрчки јазик - напреден курс I (1+1), зимски 2007/08 | 0,45 |
| 26. | Старогрчки јазик - почетен курс I (Арх.) (2+1), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 27. | Новогрчки за класичари I (1+1), зимски 2007/08 | 0,6 |
| 28. | Новогрчки за класичари I (1+1), зимски 2007/08 | 0,45 |
| 29. | Јазична анализа на старогрчки текстови I (1+1), зимски 2007/08 | 0,6 |
| 30. | Јазична анализа на старогрчки текстови I (1+1), зимски 2007/08 | 0,45 |
| 31. | Старогрчки јазик - почетен курс II (Филолошки) (2+1), летен 2007/08 | 1,2 |
| 32. | Старогрчки јазик - почетен курс II (Филолошки) (2+1), летен 2007/08 | 0,45 |
| 33. | Старогрчки јазик - продолжителен курс II (2+1), летен 2007/08 | 1,2 |
| 34. | Старогрчки јазик - напреден курс II (1+1), летен 2007/08 | 0,6 |
| 35. | Старогрчки јазик - напреден курс II (1+1), летен 2007/08 | 0,45 |
| 36. | Старогрчки јазик - почетен курс II (Арх.) (2+1), летен 2007/08 | 1,2 |
| 37. | Новогрчки за класичари II (1+1), летен 2007/08 | 0,6 |
| 38. | Новогрчки за класичари II (1+1), летен 2007/08 | 0,45 |
| 39. | Јазична анализа на старогрчки текстови II (1+1), летен 2007/08 | 0,6 |
| 40. | Јазична анализа на старогрчки текстови II (1+1), летен 2007/08 | 0,45 |
| 41. | Старогрчки јазик - почетен курс I (2+1), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 42. | Старогрчки јазик - продолжителен курс I (2+1), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 43. | Старогрчки јазик - продолжителен курс I (2+1), зимски 2008/09 | 0,45 |
| 44. | Старогрчки јазик - напреден курс I (1+1), зимски 2008/09 | 0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 45. | Старогрчки јазик - напреден курс I (1+1), зимски 2008/09 | 0,45 |
| 46. | Старогрчки јазик - почетен курс I (Арх.) (2+1), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 47. | Јазична анализа на старогрчки текстови I (1+1), зимски 2008/09 | 0,6 |
| 48. | Јазична анализа на старогрчки текстови I (1+1), зимски 2008/09 | 0,45 |
| 49. | Старогрчки јазик - почетен курс II (2+1), летен 2008/09 | 1,2 |
| 50. | Старогрчки јазик - продолжителен курс II (2+1), летен 2008/09 | 1,2 |
| 51. | Старогрчки јазик - продолжителен курс II (2+1), летен 2008/09 | 0,45 |
| 52. | Старогрчки јазик - напреден курс II (1+1), летен 2008/09 | 0,6 |
| 53. | Старогрчки јазик - напреден курс II (1+1), летен 2008/09 | 0,45 |
| 54. | Старогрчки јазик - почетен курс II (Арх.) (2+1), летен 2008/09 | 1,2 |
| 55. | Јазична анализа на старогрчки текстови II (1+1), летен 2008/09 | 0,6 |
| 56. | Јазична анализа на старогрчки текстови II (1+1), летен 2008/09 | 0,45 |
| 57. | Старогрчки јазик (почетен курс) (3+3), зимски 2009/2010 | 1,8 |
| 58. | Старогрчки јазик (почетен курс) (3+3), зимски 2009/2010 | 1,35 |
| 59. | Старогрчки јазик - продолжителен курс I (2+1), зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 60. | Старогрчки јазик - напреден курс I (1+1), зимски 2009/2010 | 0,6 |
| 61. | Старогрчки јазик - почетен курс I (2+1), зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 62. | Јазична анализа на старогрчки текстови I (1+1), зимски 2009/2010 | 0,6 |
| 63. | Старогрчки јазик (продолжителен курс) (3+3), летен 2009/2010 | 1,8 |
| 64. | Старогрчки јазик (продолжителен курс) (3+3), летен 2009/2010 | 1,35 |
| 65. | Старогрчки јазик - продолжителен курс II (2+1), летен 2009/2010 | 1,2 |
| 66. | Старогрчки јазик - напреден курс II (1+1), летен 2009/2010 | 0,6 |
| 67. | Старогрчки јазик - почетен курс II (2+1), летен 2009/2010 | 1,2 |
| 68. | Јазична анализа на старогрчки текстови II (1+1), летен 2009/2010 | 0,6 |
| 69. | Старогрчки јазик (30) (Филолошки) (втор циклус) летен 2006/07 | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 70. | Старогрчки јазик (30) (Филозофски) (втор циклус) летен 2007/08 | 1,5 |
| 71. | Старогрчки јазик - специјализиран курс (втор циклус - менторски), 2006/07, 2008/09, = 2•1,5•50% | 1,5 |
| 72. | Новозаветен и византиски грчки (втор циклус - менторски), 2006/07, = 1•1,5•50% | 0,75 |
| 73. | Консултации со студенти, 2005/06, (52 зим.+ 54 лет.) | 0,212 |
| 74. | Консултации со студенти, 2006/07, (50 зим. + 48 лет.) | 0,196 |
| 75. | Консултации со студенти, 2007/08, (44. зим. + 42. лет.) | 0,172 |
| 76. | Консултации со студенти, 2008/09, (38 зим. + 40 лет.) | 0,156 |
| 77. | Консултации со студенти, 2009/10, (38 зим. + 36 лет.) | 0,148 |
| 78. | Ментор на дипломска работа (3•0,2) | 0,6 |
| 79. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (21•0,1) | 2,1 |
| 80. | Член на комисија за оцена или одбрана па магистратура (5•0,3) | 1,5 |
| 81. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (6•0,5) | 3 |
| 82. | *Читање грчки : Граматика, речник и вежби*, превод од англиски јазик, превод и препев од старогрчки јазик, приспособувања и дополнувања. - Скопје: ТРИ, 2009. - VIII, 396 стр. (превод на учебник) | 3 |
| 83. | *Читање грчки : Текст*, превод од англиски јазик, превод и препев од старогрчки јазик, приспособувања и дополнувања. - Скопје: ТРИ, 2009. - XIX, 182 стр. (превод на учебник) | 3 |
| 84. | *Старогрчки јазик - почетен курс I и II*, Скопје: Филозофски факултет, 2007, 255 стр. (интерна скрипта од предавања) | 4 |
| 85. | *Старогрчки јазик - продолжителен курс I и II*, Скопје: Филозофски факултет, 2008, 291 стр. (интерна скрипта од предавања) | 4 |
| | **Вкупно** | 86,734 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: 'Λέχος/легло - between the sacral and the profane' *Studia etymologica Brunensia* 3 (2006), 353-359. | 3 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: „Македонскиот превод на честичката δή", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 59 (2006), 303-316. | 4 |
| 3. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: „И уште малку за делењето на зборот на крајот од редот“, *Зборник од XXXIII научна конференција на XXXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура - Лингвистика (Охрид, 28 и 29 VIII 2006)*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2007, 213-232. | |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: „Неколку антички теми и мотиви во македонските народни приказни“, *Жива антика* 57/1-2 (2007), 41-51. | 6 |
| 5. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: „Божилак, виножито, ѕуница“, *Словенска етимологија данас* : Зборник симпозијума одржаног од 5. до 10. септембра 2006. године у Београду / уредник Александар Лома, Институт за српски језик САНУ (2007), 381-392. | 3 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: „Грчки или новогрчки“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 61 (2008), 327-340. | 4 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: „По трагите на божилакот“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 62 (2009), 365-383. | 4 |
| 8. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: „Биосферата на старогрчките партикули, нивното потекло и потеклото на партикулите воопшто“ ,*Класика, балканистика, палеославистика*, Материјали од научниот собир по повод одбележувањето на 85-годишнината од раѓањето и 60 години научна работа на акад. Петар Хр. Илиевски, уред. акад. З. Тополињска и др., МАНУ, Скопје, 2007, 75-91. | 2 |
| 9. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: 'Applied Classics', *Aeternitas Antiquitatis*, proceedings of the symposium held in Skopje on 28 August 2009 / editor V. Sofronievski, ACPh-ANTIKA and Faculty of Philosophy in Skopje, 120-8. | 3 |
| 10. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Научна конференција на *XXXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура - Лингвистика*, Охрид, 28-29 август 2006 (реферат „И | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | уште малку за делењето на зборот на крајот од редот“). | |
| 11. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Меѓународен научен симпозиум *Словенска етимологија данас*, САНУ, Белград, 5-10 септември, 2006 (реферат: „Божилак, виножито, ѕуница“). | 1 |
| 12. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Меѓународен научен собир *Антиката и европската наука и култура*, одржан во рамките на јубилејот „60 години ИКС“, ФЗФ, Скопје, 21–22 ноември 2006 (реферат: „Неколку антички теми и мотиви во македонските народни приказни“). | 1 |
| 13. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Меѓународен научен собир *Aeternitas Antiquitatis*, во рамките на Годишната конференција на EUROCLASSICA одржана во Скопје-Охрид, 27-30 август, 2009 (реферат 'Applied classics'). | 1 |
| | **Вкупно** | 37 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Речник: *Lexicon Graeco-macedonicum (evolutivum)*, Контрапункт и Филозофски факултет - Скопје, 2010; 140 стр. | 6 |
| 2. | Книга од стручна област: Ајсоп, *Басни*, превод и препев од старогрчки јазик, предговор, белешки и коментари, Скопје: ТРИ, 2008. - 228 стр. | 8 |
| 3. | Учество во работата на комисија за државни натпревари: Републички натпревар по класични јазици за учениците од средните училишта | 1 |
| 4. | Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот: презентации на Институтот за класични студии во гимназиите во Куманово, Битола и Ресен (2009 год.) | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 5. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: „Systasis“ (www.systasis.org) | 0,5 |
| 6. | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир: *Антиката и европската наука и култура*, прилози од научниот собир одржан по повод јубилејот - 60 години Институт за класични студии, Скопје Филозофски факултет, 2009 - 226 стр. | 1 |
| 7. | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир: *Aeternitas Antiquitatis*, proceedings of the symposium held in Skopje on 28 August 2009, Association of Classical Philologists - ANTIKA and Faculty of Philosophy in Skopje, 2010 - XIV, 129 pp. | 1 |
| 8. | Член на организационен или програмски одбор на | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | меѓународен научен/стручен собир: *Aeternitas Antiquitatis*, Symposium held in Skopje on 28 August 2009, Association of Classical Philologists - ANTIKA and Faculty of Philosophy in Skopje. | |
| 9. | Член на факултетска комисија: Комисија за издавачка дејност при Филозофскиот факултет во Скопје (2008-2010) | 0,5 |
| 10. | Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност: Член на Етимолошката комисија при Меѓународниот славистички комитет (2005-2007). | 2 |
| 11. | Член на комисија за избор во звање (2•0,2) | 0,4 |
| 12. | Координатор на студиска програма: координатор за ЕКТС на Институтот за класични студии (2002-2008) | 1 |
| | **Вкупно** | 22,9 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **86,734** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **37** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **22,9** |
| **Вкупно** | **146,634** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Маргарита Бузалковска-Алексова, претседател, с.р.
2. Акад. проф. д-р Витомир Митевски, член, с.р.
3. Проф. д-р Љубинка Басотова, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА СЛЕДНИВЕ НАУЧНИ ОБЛАСТИ: МИТОЛОГИЈА, СТАРОГРЧКА И РИМСКА ЛИТЕРАТУРА, СТАРОГРЧКА И РИМСКА КУЛТУРА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс објавен во „Дневник" на 18 август 2010 година за избор на еден наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): митологија, старогрчка и римска литература, старогрчка и римска култура, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата X редовна седница одржана на 14 септември 2010 година, определи Комисија во состав: акад. проф. д-р Витомир Митевски, акад. проф. д-р Петар Хр. Илиевски и проф. д-р Валериј Софрониевски.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јавил само еден кандидат, и тоа д-р Ратко Дуев, досегашен асистент на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје. По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот д-р Ратко Дуев е роден на 26 јуни 1970 г. во Велес, Р. Македонија. Основно и средно образование завршил во Скопје, а во 1998 год. дипломирал на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје. На 1 јули 2003 г. го одбранил магистерскиот труд „Музиката во најраниот хеленски период" на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје. Од 1999 до 2001 г. работел како асистент–истражувач во МАНУ во Центарот за ареална лингвистика, каде што продолжува да работи до денес како надворешен соработник. Во 2000 г. е избран за помлад асистент при Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет во Скопје, а истата година е избран и за секретар на меѓународното научно списание *Жива антика* од Скопје. Во 2004 г. е избран за асистент при Институтот за класични студии каде работи и денес. Од 2009 г. е претседател на Друштвото за класични студии „Жива антика" – Скопје. На 18 јуни 2010 ја одбранил својата докторска дисертација „Ѕевс и Дионис. Судир и синкретизам на небесни и хтонски култови во најраниот хеленски период", под менторство на акад. проф. д-р Петар Хр. Илиевски, со што се здобил со научниот степен доктор на класични науки.

### Наставно-образовна дејност

Започнувајќи од летниот семестар во учебната 2000/2001 год., во изминатиот период, д-р Ратко Дуев ги изведуваше вежбите по предметите: читање на старогрчки текстови со метрика (V, VI, VII, VIII семестар), читање на латински текстови со метрика (V, VI, VII, VIII семестар), античка литература I (I и II семестар) и античка литература II (III и IV семестар), со особена успешност и голема посветеност кон студентите на Институтот за класични студии. Со воведување на новите програми на студирање според ЕКТС, во чие изготвување и самиот имаше голем удел, ги изведуваше вежбите по предметите: книжевна анализа на старогрчки текстови I, книжевна анализа на латински текстови II, античка метрика, античка митологија I, античка митологија II, во периодот од 2005/2006 до 2009/10, како и античка драма (2008, 2009), за студентите на Институтот за класични студии. Во учебната 2008/09 ги изведуваше и вежбите по предметите: латински јазик I, латински јазик II за студентите од институтите за историја на уметност и историја (насока архивистика), како и по предметот античка драма за студентите од институтите за историја на уметноста (насока археологија). Со последната ревизија на програмите во учебната 2009/10 год. ги изведуваше вежбите (во I и II семестар) по предметите: античка култура и античка митологија за студентите од Институтите за класични студии и филозофија (**70,65 поени**). Неговото особено залагање во наставно-образовната дејност го дополнуваат консултациите со студентите (**0,60**), учеството во 9 комисии за оцена и одбрана на дипломски работи (**0,90**), а особено значајни и мошне

полезни за наставата и вежбите се пакетите материјали за студентите (избор текстови со превод, белешки и коментари, аудио и видеоматеријали, фотографии, материјали за вежби, преводи на методски единици од предметните програми од реномирани светски учебници итн.) (**5 поени**)

Во согласност со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (*Универзитетски гласник* бр. 138, од 6 јули 2009 година), кандидатот д-р Ратко Дуев од наставно-образовната дејност остварил **77,25 поени** и со тоа го надминал минималниот број поени (10) што треба да ги оствари за да биде избран во звањето доцент.

### Научноистражувачка дејност

Она што особено го истакнува кандидатот е неговата богата научноистражувачка дејност, која во голема мера ги надминува потребните поени. Покрај одбранетата магистерска работа (**4 поени**) и докторска теза (**8 поени**), кандидадот учествувал во три научни проекти организирани од Македонската академија на науките и уметностите: *Животот на Микенците во нивните писмени сведоштва*, *Речник на микенските лични имиња* и меѓународниот проект *Словенска писменост* (**11 поени**). Д-р Ратко Дуев е автор на монографијата „Музиката во микенскиот свет и Хомер", која обработува стручна тематика досега необјавена во нашата земја и пошироко на Балканот (**8 поени**).

Кандидатот е автор на 14 научни и научни/стручни трудови објавени во домашни и странски научни/стручни списанија и зборници на трудови:

- "**tu-qa-no*? – tympanon", *Жива антика* 52, 2002, 137–141;
- „За микенската лира", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 56, 2003, 341–362;
- „Авлоси (*au–ro*? – auloi) во Микенскиот свет?", *Жива антика* 53, 2003, 137–141.
- „Музиката кај Хомер", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 57, 2004;
- „Псалтирот на псалмописецот Давид," *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 58, 2005, 231–241;
- „Библиографија на академик Петар Хр. Илиевски, *„Жива антика* 55, 2005, 23–44;
- [со Саракински, В.]: „ За транскрипцијата на старогрчките антропоними и топоними на македонски јазик," *Зборник на научни трудови од научниот собир „Јазичната политика и статусот на македонскиот јазик"* (одржан на 30-31 март 2005), Јазикот наш денешен кн. 13: едиција во чест на Благоја Корубин, ИМЈ: Скопје, 2006, 141–162;
- „Homer and the South-Slavic Epic Singers," *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 59, 2006, 343–352;
- „Епски пејачи во микенскиот свет?", *Folia Archaeologica Balkanica* I, In Honorem Verae Bitrakova Grozdanova, Skopje 2006, 75–84;
- „Hermaphroditus: the Other Face of Hermes?", *Sobria ebrietas: у спомен на Мирона Флашара, Зборник Филозофског факултета, серија А: Историјске науке, књига XX*, Београд 2006, 47–58;
- „*Organon* – по трагите на еден назив на непознат музички инструмент во *Светото писмо*," *Класика – Балканистика – Палеославистика: материјали од научниот собир по повод одбележувањето на 85-годишнината од раѓањето и 60 години научна работа на академикот Петар Хр. Илиевски*, МАНУ, Скопје 2007, 139–147;
- "Zeus and Dionysus in the Light of Linear B Records", *Colloquium Romanum, Atti del XII colloquio internazionale di Micenologia, Roma, 20-25 febbraio 2006, voll. I–II. Pasiphae 1–2*, Pisa: Roma 2008, 223–230;
- "On the Origin of Gusla in the Balkans", *The Balkan as a Musical Crossroad*, SOKOM: Skopje 2008, 207–215;
- „Одисеевата претстава за светот", *Мираж* 22, 2009; (http://www.mirage.com.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=222)

- „Митот за Европа – во потрага по изгубениот идентитет", *Зборник на трудови од меѓународна научна конференција „Македонија и соседите" (по повод јубилејот 60 години Институт за историја* (8–9 декември 2006 г., Скопје), Филозофски факултет – Скопје, 2010, 300–307.

Особено е значајно да се истакне дека 3 од горенаведените трудови (бр. 1, 2, 12) се објавени во референтни научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор, а 5 од нив на англиски јазик (бр. 1, 8, 10, 12) (**56,80 поени**).

Својата научна зрелост д-р Ратко Дуев ја потврдува и со податокот дека кандидатот има учествувано со свои реферати на 12 домашни и меѓународни научни/стручни собири (**12 поени**):

- 2000 – меѓународна конференција „50 години Жива антика", Охрид 4–8 декември (дискусија: „ 2000 – Меѓународна конференција „50 години Жива антика", Охрид, 4–8 декември ("Psykhē and thymos");
- 2003 – Струшка музичка есен („Музичките инструменти кај псалмописецот Давид"), 19–21 септември;
- 2004 – Струшка музичка есен, 19–21 септември („Превод и адаптација на називите на музичките инструменти во Светото писмо");
- 2004 – Научен собир во чест на проф. Томе Саздов, Филолошки факултет „Блаже Конески"– Скопје, 4–5 ноември („Хомер и јужнословенските епски пејачи");
- 2005 – научен собир „Јазичната политика и статусот на македонскиот јазик. Информатика и лингвистика," *Денови на Блаѓоја Корубин*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" Скопје, 30–31 март (со В. Саракински, *Транскрипцијата на старогрчките имиња на македонски јазик*);
- 2005 – научен собир *Класика – Балканистика – Палеославистика* (по повод одбележување на 85-годишнината од раѓањето и 60 години научна работа на акад. Петар Хр. Илиевски), МАНУ, Скопје 18–19 ноември („*Органон* – по трагите на еден назив на непознат музички инструмент во *Светото писмо*");
- 2006 – XII Colloquio Internazionale di Micenologia, Università degli Studi di Roma "La Sapienza", 20–25 febbraio 2006 ("Zeus and Dionysus in the Light of Linear B Records");
- 2006 – научен собир *Антиката и европската наука и култура* (по повод јубилејот *60 години Институт за класични студии*), 21–22 ноември на Филозофскиот факултет во Скопје („Еволуцијата на Зевс како врховен бог во Олимпскиот пантеон");
- 2006 – меѓународна научна конференција *Македонија и соседите* (по повод јубилејот *60 години Институт за историја*), 8–9 декември на Филозофскиот факултет во Скопје („Митот за Европа – во потрага по изгубениот идентитет");
- 2007 – International Conference *The Balkan Peninsula as a Musical Crossroad*, Struga, 20–23 September 2007 ("On the origin of *gusla* in the Balkans")
- 2008 – интернационална манифестација *Струшка музичка есен: Прв симпозиум на ICTM Студиска група за музика и танц во Југоисточна Европа* (4–8 септември 2008, Струга) („Лирата на Балканот: од доцното бронзено доба до раниот среден век");
- 2009 – научна работилница *Одисеи*, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 1 јуни („Одисеевата претстава за светот');

Во согласност со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (*Универзитетски гласник* бр. 138, од 6 јули 2009 година), кандидатот д-р Ратко Дуев од наставно-образовната дејност остварил 99,80 поени и со тоа повеќекратно го надминал пропишаниот минимален број поени (10) потребен за избор во звањето доцент.

### Стручно-апликативна дејност

Во рамките на стручно-апликативната дејност спаѓаат поглавјето од книгата приредена од И. Џепароски: *Убавина и уметност: од Платон до Кроче*, зборник по естетика (превод на Плотин, св. Августин и св. Тома Аквински: Р. Дуев стр. 71–124, Магор, Скопје

2005), во која кандидатот превел исклучителни текстови поткрепени со критички белешки, од кои изборот од делото на Св. Августин *За музиката* е прв превод на еден словенски јазик досега (**3 поени**), и коавторството на *Старогрчко-македонски речник* (од група автори, Матица македонска, Скопје, 2000 г., стр. 101–150/801–900) (**3 поени**). Понатаму во експертските активности на кандидатот се критичките прикази на светски научно-стручни монографии: J. G. Younger, *Music in the Aegean Bronze Age*, Jonsered (Sweden), 1998, објавен во *Жива Антика* 52, 252–255; J.-M. Renaud: *Le mythe d'Orion. Sa signification, sa place parmi les autres mythes grecs et son apport à la connaissance de la mentalité antique*, (Préface de Paul Wathelet) C.I.P.L. Liège 2004, објавен во *Жива антика* 54, 184–185; A. P. David, *The Dance of the Muses: Choral Theory and Ancient Greek Poetics*, Oxford University Press, 2006 (*Жива антика* 57, 114–116) (**3 поени**); како и подготвување и издавање на библиографиите на покојниот истакнат класичен филолог М. Марковиќ и академикот Петар Хр. Илиевски (**2 поени**). Поради неговите познавања на компјутерските технологии и големата креативност, кандидатот бил вклучен и во изработката на веб-страницата на меѓународното списание *Жива антика* (*Antiquitas Viva*, www.antiquitasviva.edu.mk) (**1 поен**), како и во промотивните активности на Филозофскиот факултет (член на Одборот за одбележување на „89 години Филозофски факултет во Скопје", член на Одборот за прослава на јубилејот „90 години Филозофски факултет во Скопје"), и на Институтот за класични студии (Antički dani" Zadar, R. Hrvatska, 8–12 мај 2007 г.) (**1,5 поен**).

Поради неговите организаторски способности и совесното извршување на должностите, кандидадот во изминатиот период бил вклучен во многу активности од поширок интерес: од 2000 г. е секретар на меѓународното научно списание *Жива антика*; во 2000 г. бил член на програмскиот одбор на меѓународниот научен собир *International Conference "50 years Živa Antika"*; од 2009 г. член на уредувачкиот одбор на *Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје*. Како признание за неговите активности се неговите членства во извршните тела на Комитетот за примената на информатичките технологии во микенологијата (Committee on Information Technology Applied to Mycenology, 2006–) и во Меѓународниот совет за традиционална музика – Студиска група за музика и танц во Југоисточна Европа (ICTM Study Group on Music and Dance in Southeastern Europe 2007-). Во пет мандати бил член на факултетската комисија за користење и располагање со недвижни и движни ствари (2005-2009 г.), потоа член на комисијата за научноистражувачка дејност на Филозофскиот факултет (2007-08 г.). Повторно поради познавањето на кандидатот на компјутерските технологии и совесното исполнување на работните обврски, во три мандати бил главен и одговорен координатор на техничката комисија за обработка на податоци за уписи на Филозофскиот факултет (за учебната 2008/09, 2009/10, 2010/11), а во два мандата и ЕКТС-координатор на Институтот за класични студии (2009, 2010). Заради неговите долгогодишни заложби за класичната филологија и многуте исполнети административни задолженија врзани за *Жива антика*, во 2010 г. д-р Ратко Дуев е избран за претседател на Друштвото за класични студии „Жива антика" – Скопје (**12,5 поени**).

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138, од 6 јули 2009 година), кандидатот д-р Ратко Дуев од стручно-апликативната дејност остварил 26 поени и го надминал минималниот број поени (5) потребни за изборот во звањето доцент.

## ПРЕДЛОГ И ЗАКЛУЧОК

Врз основа на напред дадениот преглед на активности и оцена на достигнувањата и способностите на кандидатот, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Ратко Дуев ги исполнува сите законски и професионални услови поврзани со наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (*Универзитетски гласник* бр. 138, од 6 јули 2009 година, член 11), кандидатот д-р Ратко Дуев постигнал вкупно 203,5 поени и многукратно го надминал минималниот број поени по сите основи (40) потребни за да биде избран во звањето доцент.

Со оглед на изнесеното, како членови на Рецензентската комисија, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Ратко Дуев да биде избран во звањето доцент по предметите од научните области: митологија (античка митологија), старогрчка и римска литература (античка метрика), старогрчка и римска култура (античка култура, античка религија).

Скопје, 17.IX 2010

**Рецензентска комисија**

1. Акад. проф. д-р Витомир Митевски, претседател, с.р.
2. Акад. проф. д-р Петар Хр. Илиевски, член, с.р.
3. Проф. д-р Валериј Софрониевски, член, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

| | |
|---|---|
| **Кандидат:** | **Ратко Живко Дуев** |
| **Институција:** | **Филозофски факултет / Институт за класични студии** |
| **Научна област:** | **митологија, старогрчка и римска литература, старогрчка и римска култура** |

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на вежби од I циклус студии | 70,65 |
| 2. | Консултации со студенти | 0,60 |
| 3. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа | 0,90 |
| 4. | Пакет материјали за предметот античка митологија, Филозофски факултет, институти за класични студии и филозофија (2006-2010) | 1,00 |
| 5. | Пакет материјали за предметот античка метрика, Филозофски факултет, Институт за класични студии (2006-2010) | 1,00 |
| 6. | Пакет материјали за предметот книжевна анализа на старогрчки текстови I, Филозофски факултет, Институт за класични студии, (2006–2010) | 1,00 |
| 7. | Пакет материјали за предметот книжевна анализа на латински текстови II, Филозофски факултет, Институт за класични студии (2006 –2010) | 1,00 |
| 8. | Пакет материјали за предметот античка култура, Филозофски факултет, Институт за класични студии (2009) | 1,00 |
| | **Вкупно** | **77,25** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза | 8,00 |
| 2. | Одбранета магистерска работа | 4,00 |
| 3. | Учесник во национален научен проект: *Животот на Микенците во нивните пишани сведоштва*, МАНУ, 1999–2000 г. | 3,00 |
| 4. | Учесник во национален научен проект: *Речник на микенските лични имиња*, МАНУ, од 2000 г. | 3,00 |
| 5. | Учесник во меѓународен научен проект: *Словенска писменост*, МАНУ, 1999–2003 г. | 5,00 |
| 6. | Монографија: *Музиката во микенскиот свет и Хомер*, Силеонс: Скопје, 2009. | 8,00 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Р. Дуев, „За микенската лира", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 56, 2003, 341–362. | 4,00 |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Р. Дуев, „Музиката кај Хомер", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 57, 2004. | 4,00 |
| 9. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Р. Дуев, „Псалтирот на псалмописецот Давид," *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 58, 2005, 231–241. | 4,00 |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Р. Дуев, „Homer and the South-Slavic Epic Singers," *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 59, 2006, 343–352. | 4,00 |
| 11. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: R. Duev, „Hermaphroditus: the Other Face of Hermes?", *Sobria* | 4,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | *ebrietas: у спомен на Мирона Флашара, Зборник Филозофског факултета, серија А: Историјске науке, књига XX*, Београд 2006, 47–58. | |
| 12. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Р. Дуев, „Одисеевата претстава за светот", *Мираж 22*, 2009. (http://www.mirage.com.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=222) | 4,00 |
| 13. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: R. Duev, "*tu-qa-no? – tympanon", *Жива антика* 52, 2002, 137–141. | 6,00 |
| 14. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Р. Дуев, „Авлоси (*au–ro?* – auloi) во Микенскиот свет?/Auloi (*au-ro*–auloi) in Mycenaean World", *Жива антика* 53, 2003, 137–141. | 6,00 |
| 15. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Р. Дуев, „Епски пејачи во микенскиот свет?/Epic Singers in Mycenaean World", *Folia Archaeologica Balkanica I*, In Honorem Verae Bitrakova Grozdanova, Skopje 2006, 75–84. | 6,00 |
| 16. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: R. Duev, "Zeus and Dionysus in the Light of Linear B Records", *Pasiphae 1–2*, Pisa: Roma 2008, 223–230. | 6,00 |
| 17. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Р. Дуев, В. Саракински, „За транскрипцијата на старогрчките антропоними и топоними на македонски јазик," *Зборник на научни трудови од научниот собир „Јазичната политика и статусот на македонскиот јазик"* (одржан на 30-31 март 2005), Јазикот наш денешен кн. 13: едиција во чест на Благоја Корубин, ИМЈ: Скопје 2006, 141–162. | 1,80 |
| 18. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Р. Дуев, „*Organon* – по трагите на еден назив на непознат музички инструмент во *Светото Писмо*," *Класика – Балканистика – Палеославистика: материјали од научниот собир по повод одбележувањето на 85-годишнината од раѓањето и 60 години научна работа на академикот Петар Хр. Илиевски*, МАНУ, Скопје, 2007, 139–147. | 2,00 |
| 19. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Р. Дуев, „Митот за Европа – во потрага по изгубениот идентитет", *Зборник на трудови од меѓународна научна конференција „Македонија и соседите" (по повод јубилејот 60 години Институт за историја* (8–9 декември 2006 г. Скопје), Филозофски факултет – Скопје, 2010, 300–307. | 2,00 |
| 20. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: R. Duev, "On the Origin of Gusla in the Balkans", *The Balkan as a Musical Crossroad*, SOKOM: Skopje 2008, 207–215. | 3,00 |
| 21. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 2000 – меѓународна конференција „50 години Жива антика", Охрид, 4–8 декември ("Psykhē and thymos"). | 1,00 |
| 22. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 2003 – Струшка музичка есен („Музичките инструменти кај псалмописецот Давид"), 19–21 септември. | 1,00 |
| 23. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 2004 – Струшка музичка есен, 19–21 септември („Превод и адаптација на називите на музичките инструменти во Светото писмо"). | 1,00 |
| 24. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 2004 – Научен собир во чест на проф. Томе Саздов, Филолошки факултет „Блаже Конески"–Скопје, 4–5 ноември („Хомер и јужнословенските епски пејачи") | 1,00 |
| 25. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 2005 – научен собир „Јазичната политика и статусот на македонскиот јазик. Информатика и | 1,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | лингвистика," *Денови на Блаїоја Корубин*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" Скопје, 30–31 март (со В. Саракински, *Транскрийцијаїа на сїароїрчкиїе имиња на македонски јазик*). | |
| 26. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 2005 – научен собир *Класика – Балканисїика – Палеослависїика* (по повод одбележувањето на 85-годишнината од раѓањето и 60 години научна работа на акад. Петар Хр. Илиевски), МАНУ, Скопје, 18–19 ноември („*Орїанон* – по трагите на еден назив на непознат музички инструмент во *Свеїоїо їисмо*") | 1,00 |
| 27. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 2006 – XII Colloquio Internazionale di Miccnologia, Università degli Studi di Roma "La Sapienza", 20–25 febbraio 2006 ("Zeus and Dionysus in the Light of Linear B Records") | 1,00 |
| 28. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 2006 – научен собир *Анїикаїа и евройскаїа наука и кулїура* (по повод јубилејот *60 їодини Инсїиїуї за класични сїудии*), 21–22 ноември на Филозофскиот факултет во Скопје („Еволуцијата на Зевс како врховен бог во Олимпскиот пантеон") | 1,00 |
| 29. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 2006 – меѓународна научна конференција *Македонија и соседиїе* (по повод јубилејот *60 їодини Инсїиїуї за исїорија*), 8–9 декември на Филозофскиот факултет во Скопје („Митот за Европа – во потрага по изгубениот идентитет". | 1,00 |
| 30. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 2007 – International Conference *The Balkan Peninsula as a Musical Crossroad*, Struga, 20–23 September 2007 ("On the origin of *gusla* in the Balkans") | 1,00 |
| 31. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 2008 – Интернационална манифестација *Сїрушка музичка есен: Прв симїозиум на ICTM Сїудиска їруїа за музика и їанц во Јуїоисїочна Евройа* (4–8 Септември 2008, Струга) („Лирата на Балканот: од доцното бронзено доба до раниот среден век") | 1,00 |
| 32. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 2009 – научна работилница *Одисеи*, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 1 Јуни („Одисеевата претстава за светот') | 1,00 |
| | **Вкупно** | **99,80** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЛНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Поглавје во книга: И. Џепароски (приредил), *Убавина и умешносї: од Плаїон до Кроче*, зборник по естетика (превод на Плотин, св. Августин и св. Тома Аквински: Р. Дуев стр. 71–124), Магор, Скопје 2005. | 3,00 |
| 2. | Речник (коавтор): *Сїароїрчко-македонски речник*, од група автори, Матица македонска, Скопје 2000 г., стр. 101–150/801–900. | 3,00 |
| 3. | Експертски активности (евалуација, стручна ревизија, супервизија): (Критички приказ на научно-стручна монографија) J. G. YOUNGER: *Music in the Aegean Bronze Age*, Jonsered (Sweden), 1998 (*Жива анїика* 52, 252–255). | 1,00 |
| 4. | Експертски активности (евалуација, стручна ревизија, супервизија): (Критички приказ на научно-стручна монографија) J.-M. RENAUD: *Le mythe d'Orion. Sa signification, sa place parmi les autres mythes grecs et son apport à la connaissance de la mentalité antique*, (Préface de Paul Wathelet) C.I.P.L. Liège 2004 (*Жива анїика* 52, 184–185). | 1,00 |
| 5. | Експертски активности (евалуација, стручна ревизија, супервизија): (Критички приказ на научно-стручна монографија) A. P. DAVID, *The Dance of the Muses: Choral Theory and Ancient Greek Poetics*, Oxford University Press, 2006 (*Жива анїика* 57, 114–116). | 1,00 |
| 6. | Експертски активности (евалуација, стручна ревизија, супервизија): „Библиографија на проф. Мирослав Марковиќ, „*Жива анїика* 52, 21–36. | 1,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Експертски активности (евалуација, стручна ревизија, супервизија): „Библиографија на академик Петар Хр. Илиевски," *Класика – Балканистика – Палеославистика: материјали од научниот собир по повод одбележувањето на 85-годишнината од раѓањето и 60 години научна работа на академикот Петар Хр. Илиевски*, МАНУ, Скопје 2007, 409–438. [= 9. *Жива ант.* 55, 2005, 23–44]. | 1,00 |
| 8. | Дизајн или изработка на информациски системи: 2003, web site: *Antiquitas Viva*, www.antiquitasviva.edu.mk | 1,00 |
| 9. | Учество на промотивни активности на Факултетот/Институтот: член на Одборот за одбележување на „89 години Филозофски факултет во Скопје" (2009 г.) | 0,50 |
| 10. | Учество на промотивни активности на Факултетот/Институтот: член на Одборот за прослава на јубилејот „90 години Филозофски факултет во Скопје" (2010) | 0,50 |
| 11. | Учество на промотивни активности на Факултетот/Институтот: „Antički dani" Zadar, R. Hrvatska (8–12 мај 2007 г.) | 0,50 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: секретар на меѓународното научно списание „Жива антика" од Скопје, од 2000 г. до денес | 0,50 |
| 2. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: „Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје", 2009- | 0,50 |
| 3. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: International Conference "50 years Živa Antika" (Ohrid 5–7. 12. 2000) | 1,00 |
| 4. | Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност: (член) Committee on Information Technology Applied to Mycenology, 2006– . | 2,00 |
| 5. | Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност: (член) ICTM Study Group on Music and Dance in Southeastern Europe 2007-. | 2,00 |
| 6. | Член на факултетска комисија: Комисија за користење и располагање со недвижни и движни ствари (2005-2009 г., 5 мандати) | 2,50 |
| 7. | Член на факултетска комисија: Комисија за научноистражувачка дејност на Филозофскиот факултет (2007-08 г.) | 0,50 |
| 8. | Член на факултетска комисија: главен и одговорен координатор на техничката комисија за обработка на податоци за уписи на Филозофскиот факултет (за учебната 2008/09, 2009/10, 2010/11) | 1,50 |
| 9. | Координатор на студиска програма: ЕКТС-координатор на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје (2009, 2010) | 1,00 |
| 10. | Учество во комисии и тела на државни и други органи: претседател на Друштвото за класични студии „Жива антика" – Скопје, 2010–. | 1,00 |
| | **Вкупно** | **26,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 77,25 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 99,80 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 26,00 |
| **Вкупно** | 203,05 |

Скопје, 21. IX 2010

**Членови на Комисијата**

1. Акад. проф. д-р Витомир Митевски, претседател, с.р.
2. Акад. проф. д-р Петар Хр. Илиевски, член, с.р.
3. Проф. д-р Валериј Софрониевски, член, с.р

**РЕЦЕНЗИЈА**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МОДЕЛОТ ЗА РАНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БЕЗБЕДНОСНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕН ОД М-Р ОЛИВЕР АНДОНОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"во Скопје, на седницата одржана на 17.5.2010 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Моделот за рано предупредување на Европската унија и неговото влијание врз безбедносната политика на Република Македонија"**, поднесена од кандидатот м-р Оливер Андонов, во состав: проф. д-р Лидија Георгиева, проф. д-р Билјана Ванковска, проф. д-р Марина Митревска, проф. д-р Зоран Нацев и проф. д-р Оливер Бакрески. Заблагодарувајќи се на довербата, Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Актуелност на проблемот на истражување

Докторската дисертација под наслов „Моделот за рано предупредување на Европската унија и неговото влијание врз безбедносната политика на Република Македонија" ја обработува проблематиката на современите ризици и заканите поврзани со појавата на конфликти, како и нивната превенција преку моделот на рано предупредување кој претставува составен дел на ефикасната безбедносна политика на современите држави. Примената и ефектите од примената на овој модел претставуваат постојана и актуелна тема како во академските така и во експертските кругови со спротивставување на позитивните и контрадикторните позиции. Оттука овој труд е актуелен и насочен да даде научен придонес кон оваа дебата.

Во рамките на докторската дисертација можат да се издвојат три нивоа на кои кандидатот посветува конкретно внимание со цел да оформи комплексна и сеопфатна анализа на проблемот на истражување. Поконкретно, кандидатот прво ги анализира теориските модели и рамката во кои може да се анализираат концептот на ризик и раното предупредување и тоа пред сè во рамките на генералната теорија на конфликтите а потоа и поспецифично во рамките на превентивните стратегии кои стануваат составен дел на безбедносната политика. Исто така, кандидатот ја анализира и теориската рамка на европските интегративни процеси, притоа дефинирајќи ги формите и инструментите на политиката на проширување и нивното влијание врз трансформативните процеси во кандидатските држави или врз процесите на градење мир во постконфликтните држави.

Второ, кандидатот преку употреба на теорискиот модел кој го поставува на почетокот на истражувањето и со терминологијата соодветна за него, ја анализира операционализацијата на моделот за рано предупредување во рамките на ЕУ низ еден еволутивен институционален процес. Потоа го анализира операционализирањето на овој процес и во Република Македонија која по добивањето на кандидатски статус и со имплементацијата на критериумите за членство во ЕУ, го реформира и својот безбедносен систем, односно својата безбедносна политика.

Трето, преку спроведување на интервју врз соодветен примерок на испитаници од институциите кои ја формулираат и ја реализираат безбедносната политика во Република Македонија ги анализира ставовите и перцепциите во однос на ефикасното спроведување на моделот за раното предупредување. Имајќи предвид дека овој модел може да содржи поголем број на индикатори, во анализата се опфатени оние што се однесуваат на личната и јавната безбедност.

Според тоа, кандидатот преку употреба на посочените теориски основи прави анализа на еден актуелен и комплексен процес на зајакнување на ЗНБП на ЕУ во делот на превенцијата на конфликтите и навременото предупредување за ризици кои влијаат врз ескалација на конфликтите. Имајќи предвид дека регионот на ЈИЕ или Западен Балкан беа средиште на ескалација на бројни конфликти кои ги дестабилизираа државите и ги загрозуваат нивните граѓани, и дека ЕУ беше и сè уште е еден од клучните актери кои влијаат врз градењето на стабилноста во регионот во целост, но и во однос на Република Македонија, може да се констатира дека овој труд ја задржува и научната и општествената оправданост.

## Предмет, цел и хипотеза на истражувањето

Предмет на проучување на докторската дисертација претставува моделот на раното предупредување од ескалација на конфликти воспоставен со зајакнување и институционализација на ЗНБП на ЕУ, односно влијанието на овој модел врз безбедносната политика на Република Македонија кое се остварува преку употребата на инструментите на ЗНБП и преку исполнувањето на критериумите за членство во Унијата.

Основното истражувачко прашање од кое тргнува анализата е: Кои се механизмите кои Република Македонија во согласност со моделот за рано предупредување на Европската унија треба да ги примени во однос на градењето на својата безбедносна политика во сферата на личната и јавната безбедност, и во колкава мера личната и јавната безбедност како индикатор влијае врз ескалацијата на конфликти во Република Македонија?

Во делот на поставувањето на хипотезите, кандидатот поаѓа од следнава генерална хипотетска рамка: Моделот за рано предупредување на Европската унија од ескалација на конфликти претставува инструмент на ЗНБП на ЕУ, кој влијае врз креирањето и зајакнувањето на безбедносната политика на Република Македонија во сферата на превенцијата на

конфликтите. Тоа влијание ќе се следи преку показателите на приближувањето на Република Македонија кон Европската унија во областа на заедничката надворешна и безбедносна политика и правдата и внатрешните работи, а низ индикаторите на личната и јавната безбедност.

**Методолошката рамка**

При изработката на дисертацијата кандидатот од методолошки аспект се потпира на интегративниот метод, односно истражувањето се одвива на две нивоа. Првото ниво опфаќа анализа на содржана на документи, односно на извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот на придружување кон Европската унија за периодот од 2006 до 2010 година, односно извештаите за 2006, 2007, 2008 и 2009 година. Второто ниво го опфаќа истражувањето преку примената на анкетен прашалник кој се состои од 37 прашања структурирани во 5 дела (прашања поврзани со варијаблите, прашања поврзани со општото познавање на улогата на ЕУ; прашања поврзани со моделот за рано предупредување и безбедносната политика, прашања поврзани со состојбата со индикаторите на личната и јавната безбедност во Република Македонија и прашања поврзани со личното чувство на испитаниците за лична и јавна безбедност во Република Македонија). Според тоа, како техники на истражувањето се применети: анкетата и компаративната анализа. Анализата на документи претставува квалитативна анализа на содржината на извештаите на Европската комисија во однос на поглавјата: Правда, слобода и безбедност и Заедничка надворешна и безбедносна политика. Анкетата преку анкетниот прашалник опфаќа истражување на примерок на испитаници, а во врска со нивните ставови за прашањата од личната и јавната безбедност, како и познавањето на законите и институциите на Европската унија во областа на превенцијата на конфликтите и моделот за рано предупредување.

Примерокот на истражувањето е определен од вработените во институциите на системот за безбедност на Република Македонија по принцип на случаен избор. Испитаниците се определени од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи (со особен осврт кон Секторот за евроинтеграции и Одделението за меѓународна соработка), Армијата на Република Македонија (припадници на Генералштабот на АРМ и Здружената оперативна команда), полицијата (вработени во Бирото за јавна безбедност), Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи. Институциите се застапени со по 25 испитаници или вкупно 150 испитаници. Истражувањето е реализирано во периодот октомври - декември 2009 година.

## Структура на докторскиот труд

Докторската дисертација **„Моделот за рано предупредување на Европската унија и неговото влијание врз безбедносната политика на Република Македонија"**, содржи вовед во истражувањето и пет дела. Текстот е презентиран на вкупно 401 страница и е поткрепен со 208 фусноти. Од текстот, 77 страници се прилози, односно 2 слики, 8 шеми, 56 табели и 39 графикони. Во изработката кандидатот се служел со 140 библиографски единици, влучувајќи документи, закони, извештаи и други документи.

***Воведот*** дава основни информации и сознанија за тоа што претставува моделот за рано предупредување од ескалацијата на конфликти на Европската унија, неговата поврзаност во однос на одржливата безбедност и проценката на ризиците и заканите како неразделив дел од програмата за превенција на конфликти во Унијата, а во согласност со европската безбедносна стратегија. Понатаму, продолжува кон кратко објаснување на претстојните активности во трудот и основите на движењето на истражувањето потребно за докторската дисертација. На крајот ги изразува очекувањата од истражувањата и работата на докторската дисерттација во однос на влијанието на моделот за рано предупредување на Европската унија врз безбедносната политика на Република Македонија.

***Првиот дел*** ја дава проектната рамка на истражувањето, каде што најпрво ја образложува формулацијата на проблемот на истражувањето. Со формулирање на проблемот на истражувањето и неговата рамка, се поставува основната цел на истражувањето, т.е да се согледа влијанието на моделот за рано предупредување на Европската унија врз безбедносната политика на Република Македонија, а преку индикаторите на личната и јавната безбедност. Во рамките на формулацијата на проблемот на истражувањето е извршено теориско определување на истражувањето, при што се образложени концептите за мир и безбедност, нивните историски и актуелни аспекти, а потоа дефинирани се ризиците и заканите како концепти во рамките на теориите за мирот и безбедноста. Насочувајќи се кон создавањето на теориски модел кој ќе ги опфати релациите на меѓународните и националните мировни и безбедносни прашања, образложени се елементите на безбедносната политика и нејзината улога во моделот за превенција и рано предупредување на конфликти.

Во рамките на првиот дел, како втора точка е опфатен предметот на истражувањето и неговата операционализација. Кандидатот прави преглед на имплементацијата на моделот за превенција на конфликти и рано предупредување на Европската унија, односно се образложува концептуализацијата и институционализацијата на политиката на превенција на конфликти и рано предупредување. При тоа се обработуваат активностите кои Унијата ги презема преку употребата на своите механизми и инструменти за засилувањето на превенцијата на конфликтите во државите кои се во процесот на пристапување кон Унијата.

Понатаму, трудот продолжува со анализа на односите помеѓу ЕУ и Република Македонија и процесот на придружување, каде што се анализираат односите на Унијата и Република Македонија во периодот по потпишувањето на Договорот за асоцијација и стабилизација, низ практичните влијанија изразени преку употребата на инструментите и механизмите на Унијата. На крајот од првиот дел, се прави теоретски осврт на индикаторите на личната и јавната безбедност што ги обработуваме во рамките на докторската дисертација.

***Вториот дел*** од трудот се однесува на ***методот на истражување***. Во него се опфатени методолошкиот пристап и примерокот на истражувањето, генералната и поединечните хипотези, варијаблите и индикаторите на истражувањето.

***Третиот дел*** од докторската дисертација се однесува на резултатите од истражувањето и дискусија по нив. Во него се содржани двата аспекта на истражување: првиот, кој се однесува на компаративната анализа на содржината на извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот на приближување кон Унијата, и тоа во периодот од 2006 до 2009 година; вториот, кој се однесува на истражувањето на ставовите на испитаниците по прашањата на раното предупредување и превенцијата на конфликтите во однос на ЕУ и РМ.

Во рамките на анализата на содржината на извештаите на Европската комисија, пред сè се анализирани забелешките за напредокот на Република Македонија во однос на усогласувањето на законодавството со онаа на Унијата, или *acquis*. Анализата се однесува на две поглавја, и тоа: Правда, слобода и безбедност и Заедничка надворешна безбедносна и одбранбена политика. И двете поглавја се третираат според нивната поврзаност со моделот за рано предупредување од ескалацијата на конфликтите и според спроведувањето на Програмата за превенција од конфликти на Европската унија. Анализирајќи ги извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во поглавјето за правдата, слободата и безбедноста и нејзината подготвеност за започнување на преговори за полноправно членство во Европската унија по ова поглавје, кандидатот издвојува неколку клучни области кои ги опфаќа ова поглавје, а се однесуваат на визниот режим, илегалната миграција и справувањето со разните облици на криминал.

Кандидатот заклучува дека се добива еден општ впечаток дека Македонија се приближува кон Европската унија, но под силен притисок и со влијание на инструментите на Унијата, како во однос на реформите кои треба да ги реализираат клучните безбедносни актери, така и во однос на прифаќањето на одредени стандарди поврзани со ефикасна примена на политика на превенција на конфликти и рано предупредување. Анализата на документите покажува дека нормативните аспекти на усогласување се сè уште недоволни за да може да се констатира дека во процесот на реформи моделот на превенција и рано предупредување е целосно прифатен.

Третиот дел од докторската дисертација завршува со анализата на одговорите на испитаниците и тестирањето на хипотезите. Тестирањето на хипотезите и нивните помошни хипотези се надополнуваат едни со други за на крајот да доведат до тестирањето на главната хипотеза. Кандидатот

констатира дека главната хипотеза изнесена во докторската дисертација е потврдена. Односно, дека според перцепциите на експертите од институциите на системот за безбедност на Република Македонија, моделот за рано предупредување од ескалација на конфликти на Европската унија, како дел од програмата за превенција на конфликтите, претставува инструмент на европската безбедносна политика, и тој влијае врз креирањето и зајакнувањето на безбедносната политика на Република Македонија во однос на превенцијата на конфликтите.

***Четвртиот дел*** од трудот се однесува на Заклучокот и препораките во кои преку синтетизирање на анализата, се извлекуват конкретни заклучоци за да се потврди степенот на влијанието на моделот за рано предупредување на Европската унија врз безбедносната политика на Република Македонија. Кандидатот во овој дел јасно и прецизно ги изнесува основните сознанија од извршената анализа и нив ги формулира во концизни заклучоци.

Кандидатот констатира дека моделот за рано предупредување на Европската унија, генерално, позитивно влијае врз безбедносната политика на Република Македонија. Таа своето влијание го остварува преку насочувањето на Република Македонија кон прифаќањето на европските концепти и инструментите на програмата за превенција на конфликтите и раното предупредување, кон зајакнување на процесите на реформи и градење институционални капацитети кои ќе ја поддржат безбедносната политика на Република Македонија, кон формулирање на проактивна политика која ќе ги анализира комплексните ризици и закани, односно кон иницирање на модел за рано предупредување. Преку ова влијание, Република Македонија треба да создаде сопствен специфичен модел за рано предупредување од ескалцијата на конфликтите кој ќе биде функционален во рамките на системот на национална безбедност. Воедно, тој треба да овозможи инструментите и механизмите од моделот за рано предупредување од ескалација на конфликти да биде компатибилен со дејствувањето на моделот на Европската унија. Сепак, кандидатот врз основа на анализата констатира дека во процесот на интеракција има и недостатоци. Тие се најевидентни во процесот на имплементацијата на препораките или нивното преточување во конкретни решенија. Од тој аспект, кандидатот констатира дека моделот за рано предупредување на Европската унија не влијае во целост позитивно врз безбедносната политика на Република Македонија, туку ја прави инертна во однос на донесување на самостојни и издржани решенија. Од друга страна се констатира дека таков ефект има и заради недоизграденоста на моделот за рано предупредување на Европската унија во сферата на превенција на конфликти, кој во голем дел е базиран на искуството на одделни држави-членки на Унијата, но и на искуството на ЕУ во справувањето со конфликтите во поранешна Југославија.

## Заклучок и предлог

Од претходната анализа на текстот на докторскиот труд **„Моделот за рано предупредување на Европската унија и неговото влијание врз безбедносната политика на Република Македонија"**, поднесен од кандидатот м-р Оливер Андонов, Комисијата може да констатира дека тој претставува комплексна и сеопфатна анализа која ги исполнува основните академски и методолошки критериуми.

Структурата на трудот е избалансирана, а текстот е презентиран на јасен и концизен начин. Кандидатот со изборот на предметот на истражувањето се определил да анализира актуелен и комплексен проблем, додека теориската и практичната операционализација покажува дека успешно ја владее теориската рамка на мировните студии, како и концепциските релации и терминологијата својствена за мировните истражувања.

Комисијата констатира дека кандидатот и од методолошки аспект, со користењето на анализа на содржина на документи и на анкетен прашалник, со кои се анализирани индикаторите и се објаснуваат поставените хипотези, покажува дека успешно може да ги применува методолошките техники. Покрај тоа, кандидатот користи обемна и селектирана библиографија од областа на мировните и безбедносните студии, како и релевантни документи.

Според тоа, Комисијата констатира дека докторскиот труд претставува успешен текст во кој е направена научна дескрипција и анализа на моделот за рано предупредување на ЕУ и анализа на неговото влијание врз безбедносната политика на Република Македонија преку процесот за придружување. Покрај позитивните елементи, Комисијата може да констатира и одредени забелешки како што е потребата да се дообразложи влијанието и релациите на националните врз европскиот модел за рано предупредување и превенција на ескалација на конфликти, односно да се прошири примерокот во анкетниот прашалник со поширок профил на испитаници. Сепак, овие забелешки не влијаат врз позитивната оцена за докторскиот труд.

Според тоа, Комисијата имајќи ги предвид претходните констатации, може да заклучи дека докторската дисертација **„Моделот за рано предупредување на Европската унија и неговото влијание врз безбедносната политика на Република Македонија"**, поднесена од кандидатот м-р Оливер Андонов, ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска рамка и актите на Институтот за безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет и УКИМ.

Оттука, на Комисијата ѝ претставува задоволство, едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го усвои овој извештај со позитивна оцена, и да му овозможи на кандидатот м-р Оливер Андонов да пристапи кон јавна одбрана на докторскиот труд.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.
Проф. д-р Билјана Ванковска, с.р.
Проф. д-р Зоран Нацев, с.р.
Проф. д-р Марина Митревска, с.р.
Проф. д-р Оливер Бакрески, с.р.

Скопје, 27 септември 2010

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА СЛЕДНИВЕ НАУЧНИ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И СИСТЕМИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс објавен во „Дневник“ на 1.9.2010 година за избор на еден наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): социјална политика и системи на социјална заштита, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата X редовна седница одржана на 14.9.2010 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Јован Пејковски, проф. д-р Мариа Доневска и проф. д-р Ило Трајковски.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јавил само еден кандидат, и тоа д-р Маја Геровска Митев, доцент на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје. По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. Биографски податоци

Доцент д-р Маја Геровска Митев е родена на 19.3.1973 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во родниот град, со одличен успех. Дипломирала во 1996 година на студиите по социјална работа и социјална политика, а магистрирала во 2001 година при Институтот за социјална работа и социјална политика на Филозофскиот Факултет, стекнувајќи се со титула – магистер по социјална политика. Нејзиниот работен ангажман започнува во јуни 1996 година, како социјален работник на категоријата старателство, во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Скопје. Во февруари 1997 година е примена како помлад асистент на Филозофскиот факултет, при Институтот за социјална работа и социјална политика.

Д-р Геровска Митев во 2001 година е добитник на Чивенинг стипендијата на Британскиот совет во Скопје, врз основа на која во периодот од 2001 до 2002 завршила и постдипломски студии по европска социјална политика при London School of Economics на Универзитетот во Лондон, Велика Британија. При оваа школа дипломирала со посебни заслуги и се здобила со титулата – магистер по европска социјална политика. Во септември 2005 година, Геровска Митев ја одбранила докторската дисертација под наслов „Европеизација на националните социјални политики-конвергенција или диверзитет“ при Филозофскиот факултет и се здобива со титулата доктор по социјална работа и социјална политика. На 5.12 2005 година, д-р Геровска Митев е избрана за доцент на Филозофскиот факултет во Скопје за научните области: социјална политика и системи на социјална заштита.

### 2. Наставно-образовна дејност

Во изминатиот период, д-р Маја Геровска Митев успешно ги изведуваше предавањата и вежбите од I циклус на студии со студентите на Институтот за социјална работа и социјална политика, по предметите: социјална политика, современи системи на социјална заштита, компаративна социјална политика и европска социјална политика. На I циклус на студии, Геровска Митев исто така изведувала настава и при Институтот за социлогија, во рамките на предметите: основи на социјална политика, социјална политика на Македонија и ЕУ.

Исто така, доц. д-р Маја Геровска Митев успешно изведувала предавања и на втор циклус студии, и тоа во рамките на постдипломските студии по европски студии за интеграција при Институтот за социологија, по предметот: социјална политика и социјална заштита во ЕУ, како и при Институтот за социјална работа и социјална политика, по предметите од втор циклус студии: социјална политика на Европската унија, трендови во социјалната политика и доброто управување и глобална социјална политика.

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Геровска Митев земала учество во бројни комисии за оцена и одбрана на дипломски работи на студентите, како и била член на повеќе комисии за оцена и одбрана на докторати и магистерски трудови. Во рамките на наставно-научната дејност, д-р Геровска Митев објавила еден позитивно рецензиран учебник по предметот социјална политика на Европската унија, и подготвила интерни скрипти за работа по предметите: социјална политика и компаративна социјална политика.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138, од 6 јули 2009 година), кандидатката д-р Маја Геровска Митев од наставно-образовната дејност остварила 105,1 поен и со тоа го надминала минималниот број поени што треба да ги оствари за да биде избрана во звањето вонреден професор.

### 3. Научноистражувачка дејност

Во поглед на научноистражувачката работа може да се констатира дека доц. д-р Маја Геровска Митев има импозантни ангажмани. Од приложената биографија може да се заклучи дека кандидатката има значителен анагажман во истражувања од доменот на социјалната инклузија, социјалната заштита и сиромаштија, кои имаат како национален така и наднационален фокус. Кандидатката на високо професионален начин ја претставува македонска научна мисла во другите земји и има остварени бројни научни контакти со многу угледни европски научни работници. Како позначајни истражувања во кои д-р Геровска Митев била вклучена се истакнуваат:

- раководител на национален научен проект: *„Благосостојбата на децата и младите во време на економска криза“* (2009), УНИЦЕФ;

- учесник во национален научен проект: *„Извештај на Република Македонија за напредокот во остварувањето на милениумските развојни цели“* (2009), Влада на РМ и УНДП;

- учесник во национален научен проект: *„Извештај на Република Македонија за напредокот во остварувањето на милениумските развојни цели“* (2009), Влада на РМ и УНДП;

- учесник во национален научен проект: *„Граѓански засновани анализи“* (2008), УНДП;

- учесник во меѓународен научен проект: *"Peer Review in Social Protection and Social Inclusion and Assessment in Social Inclusion"* (2008-2011), OESB and European Commission;

- учесник во меѓународен научен проект: *"Social Inclusion of Ethnic Groups through Education and Training: elements of good practice"*, (2007) European Training Foundation;

- учесник во меѓународен научен проект: *„Social Protection and Social Inclusion in the former Yugoslav Republic of Macedonia' (2007)* European Commission.

Кандидатката д-р Геровска Митев исто така има богато научно-библиографско досие, кое вклучува публикации како во земјата, така и во странство. Од позначајните се издвојуваат:

- дел од монографија: Геровска Митев, М., Ѓорѓев, Д. и Миовска-Спасева, С. (2007) *Приоритети на политиката за социјална вклученост во Македонија*, Скопје: Фондација „Фридрих Еберт“;

- дел од монографија објавен во странство: Gerovska Mitev, M. (2007) 'Macedonia' in Deacon, B. and Stubbs, P. (eds.) *Social Policy and International Interventions In South East Europe*, Cheltenham: Edward Elgar;

- дел од монографија објавен во странство: Gerovska Mitev, M. (2006) "Diseminacija evropske socijalne politike - instrumenti i efekti" u Vuković, D., Čekarevac, A. (2006) *Socijalna politika u procesu evropskih integracija*, Beograd: Fakultet politickih nauka. 52-66;

- дел од монографија објавен во странство: Gerovska, M. (2005) "The Role of International Governmental Organizations in the Social Policy of Macedonia" in Kuhnle, S. (ed) *Social Policy Development in South Eastern Europe: Outside Influences and Domestic Factors*, Bergen: Rokkan Centre;

- труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Геровска Митев, М. (2009), „Социјална димензија на економската криза: перцепција на граѓаните“, во: *Ревија за социјална политика*, бр. 4, Фондација „Фридрих Еберт“, стр. 355-374;

- труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Геровска Митев, М. и Стабс, П. (2008), „Клучни социјални индикатори и политики за мерење на сиромаштијата и социјалната исклученост“, во: *Ревија за социјална политика*, бр. 1, Фондација „Фридрих Еберт“, стр. 20-34;

- труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник од трудови на научен собир: Геровска Митев, М (2008), „Реформските процеси и предизвици во социјалната политика во Македонија“, во:

Геровска Митев, М. (уред). *Врамување нова социјална политика: актери, димензии и реформи*, стр. 99-110;

- труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник од трудови на научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: Gerovska Mitev, M. (2006) "Effects of Europeanization on social policies of Slovenia and Macedonia: convergence vs. disparity?, Proceedings of the 1st Annual SEERC Doctoral Student Conference '*Infusing Research and Knowledge in South East Europe*" Thessaloniki : South-East European Research Centre.

Кандидатката д-р Геровска Митев зема активно учество во бројни научно-стручни собири, чија цел е промоција на социјалната инклизија, како и приближување на националната социјална политика кон трендовите во социјалните држави во Европската унија. Од 2005 година до сега, како позначајни се издвојуваат:

- учество на научен/стручен собир со реферат: „Општествена вклученост и сиромаштија кај младите луѓе", на јавна дебата-панел дискусија „Општествена вклученост и сиромаштија", во организација на Балканската федерација за деца и млади, Скопје, 19 септември 2009;
- учество на научен/стручен собир со реферат: „Одговори на социјалната исклученост во Македонија", на Форум на Југоисточна Европа на тема „Лицата на социјалната исклученост", УНДП, Загреб, 26-27 ноември 2008;
- учество на научен/стручен собир со реферат „Ризиците од програмата за условени парични трансфери врз социјалната инклуција кај децата" на меѓународната работилница на тема „Истражување на ризиците и ранливоста кај децата од Југоисточна Европа", Универзитет од Шефилд и Југоисточнен европски истражувачки центар од Солун, Солун, 11-12 март 2008;
- учество на научен/стручен собир со реферат: „Ефектите од европеизацијата на социјалните политики во Словенија и Македонија: конвергенција или диспаритет?, на меѓународната конференција на тема „Трансформација на социјалната политика во Европа", во организација на Техничкиот универзитет на Средниот Исток (МЕТУ), Анкара, 13-15 април 2005;
- учество на научен/стручен собир со реферат: „Повеќестепеното владеење и социјалната политика" на меѓународната истражувачка работилница на тема„Повеќе степено владеење и трансфер на политики во Југоисточна Европа", организиран од Економскиот институт во Загреб и Југоисточниот европски истражувачки центар од Солун, Загреб, 4-5 февруари 2005.

## 4. Стручно-апликативна дејност

Во стручно-апликативната дејност, д-р Геровска Митев има приложено една книга од стручна област, во која се јавува како коавтор на тема „Социјална исклученост, етницитет и старите лица во Македонија" (објавена на англиски јазик).

Кандидатката д-р Геровска Митев реализирала многу значајни активности во делот на дејностите од поширок интерес. Кандидатката е уредник на списанието „Ревија за социјална политика", кое излегува

двапати годишно во заедничко издание на Фондацијата „Фридрих Еберт“ и Филозофскиот факултет. Исто така, кандидатката се јавувува и како уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир „ Врамување нова социјална политика: актери, димензии и реформи, Скопје: Филозофски факултет и Фондација „Фридрих Еберт“.

Д-р Геровска Митев, исто така била и член на организационен одбор на меѓународен/стручен собир: меѓународна конференција „Современите предизвици во теоријата и праксата на социјалната политика и социјалната работа“, одржана во 1997 година, во организација на Институтот за социјална работа и социјална политика, Филозофски факултет, Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Рецензентската комисија, со оглед на големите достигнувања и исклучителни способности на кандидатката во изминатиот период, можат да констатираат дека доц. д-р Маја Геровска Митев многу успешно ги реализира задачите поврзани со наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Со својот однос кон работата и кон студентите и соработниците претставува пример на зрел, одговорен и креативен наставник. Кандидатката дава континуиран придонес во збогатувањето на научната мисла во Република Македонија во доменот на социјалната политика, како и кон иновации во академската и апликативната дисциплина – социјална политика и социјална заштита.

Со оглед на изнесеното, како членови на Рецензентската комисија, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатката доц. д-р Маја Геровска Митев да биде избрана во звањето вонреден професор по научните области и предмети: социјална политика и системи на социјална заштита.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Јован Пејковски, с.р.

2. Проф. д-р Мариа Доневска, с.р.

3. Проф. д-р Ило Трајковски, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: Доц. д-р **Маја Благоја Геровска - Митев**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Филозофски факултет/ Институт за социјална работа и социјална политика**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **социјална политика, системи на социјална заштита**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од I циклус студии** | |
| 1 | Современи системи на социјална заштита (4+2), зимски семестар 2005/06 | 2,4 |
| 2 | Социјална политика (4+2), летен семестар 2005/06 | 2,4 |
| 3 | Европска социјална политика (4+2), летен семестар 2005/06 | 2,4 |
| 4 | Компаративна социјална политика (4+2), зимски семестар 2006/07 | 2,4 |
| 5 | Социјална политика (4+2), летен семестар 2006/07 | 2,4 |
| 6 | Европска социјална политика (4+2), летен семестар 2006/07 | 2,4 |
| 7 | Компаративна социјална политика (4+2), зимски семестар, 2007/08 | 2,4 |
| 8 | Современи системи на социјална заштита (4+0), зимски семестар, 2007/08 | 2,4 |
| 9 | Социјална политика (4+2), летен семестар 2007/08 | 2,4 |
| 10 | Европска социјална политика (4+2), летен семестар 2007/08 | 2,4 |
| 11 | Социјална политика на Македонија и ЕУ (2+1), летен семестар 2007/08 | 1,2 |
| 12 | Компаративна социјална политика (4+2), зимски семестар 2008/09 | 2,4 |
| 13 | Социјална политика (3+2), зимски семестар, 2008/09 | 1,8 |
| 14 | Европска социјална политика (4+2), летен семестар, 2008/09 | 2,4 |
| 15 | Социјална политика на Македонија и ЕУ (2+1), летен семестар, 2008/09 | 1,2 |
| 16 | Социјална политика (3+2), зимски семестар, 2009/10 | 1,8 |
| 17 | Компаративна социјална политика (4+2), зимски семестар, 2009/10 | 2,4 |
| | **Одржување на настава од II циклус студии** | |
| 18 | Социјална политика и социјална заштита во ЕУ (30), зимски семестар 2006/07 | 1,5 |
| 19 | Социјална политика и социјална заштита во ЕУ (30), зимски семестар 2007/08 | 1,5 |
| 20 | Социјална политика на Европската унија (20), летен семестар 2008/09 | 1 |
| 21 | Трендови во социјалната политика и доброто управување (30), зимски семестар, 2009/10 | 1,5 |
| 22 | Глобална социјална политика(15), летен семестар, 2009/10 | 1,5 |
| | **Одржување на вежби** | |
| 23 | Современи системи на социјална заштита (4+2), зимски семестар 2005/06 | 1,2 |
| 24 | Социјална политика (4+2), летен семестар 2005/06 | 1,2 |
| 25 | Европска социјална политика (4+2), летен семестар 2005/06 | 1,2 |
| 26 | Компаративна социјална политика (4+2), зимски семестар 2006/07 | 1,2 |
| 27 | Современи системи на социјална заштита (0+2), земски семестар 2006/07 | 1,2 |
| 28 | Социјална политика (4+2), летен семестар 2006/07 | 1,2 |
| 29 | Европска социјална политика (4+2), летен семестар 2006/07 | 1,2 |
| 30 | Компаративна социјална политика (4+2), зимски семестар, 2007/08 | 1,2 |
| 31 | Социјална политика (4+2), летен семестар 2007/08 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 32 | Европска социјална политика (4+2), летен семестар 2007/08 | 1,2 |
| 33 | Социјална политика на Македонија и ЕУ (2+1), летен семестар 2007/08 | 0,6 |
| 34 | Компаративна социјална политика (4+2), зимски семестар 2008/09 | 1,2 |
| 35 | Социјална политика (3+2), зимски семестар, 2008/09 | 1,2 |
| 36 | Европска социјална политика (4+2), летен семестар, 2008/09 | 1,2 |
| 37 | Социјална политика на Македонија и ЕУ (2+1), летен семестар, 2008/09 | 0,6 |
| 38 | Социјална политика (3+2), зимски семестар, 2009/10 | 1,2 |
| 39 | Компаративна социјална политика (4+2), зимски семестар, 2009/10 | 1,2 |
| 40 | Консултации со студенти, 2005/06 (100 студенти) | 0,2 |
| 41 | Консултации со студенти, 2006/07 (100 студенти) | 0,2 |
| 42 | Консултации со студенти, 2007/08 (100 студенти) | 0,2 |
| 43 | Консултации со студенти, 2008/09 (100 студенти) | 0,2 |
| 44 | Консултации со студенти, 2009/11 (50 студенти) | 0,1 |
| 45 | Ментор на дипломска работа (38 студенти) | 7,6 |
| 46 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (4) | 2 |
| 47 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (6) | 1,8 |
| 48 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (110) | 11 |
| 49 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник („Социјална политика на Европската унија", 2008) | 8 |
| 50 | Интерна скрипта од предавање (Текстови од доменот на социјалната политика, 2006) | 4 |
| 51 | Интерна скрипта од предавање (Компаративна социјална политика) | 4 |
| | **Вкупно** | 105,1 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација: „Стареењето на населението како фактор за реформи во доменот на пензиското осигурување и вработувањето на старите лица: меѓународни пристапи и национални предизвици". | 3 |
| 2 | Раководител на национален научен проект: *Благосостојбата на децата и младите во време на економска криза* (2009), УНИЦЕФ. | 6 |
| 3 | Учесник во национален научен проект: *Извештај на Република Македонија за напредокот во остварувањето на милениумските развојни цели* (2009), Влада на РМ и УНДП. | 3 |
| 4 | Учесник во национален научен проект: *Граѓански засновани анализи* (2008), УНДП. | 3 |
| 5 | Учесник во меѓународен научен проект: *Peer Review in Social Protection and Social Inclusion and Assessment in Social Inclusion* (2008-2011), OESB and European Commission. | 5 |
| 6 | Учесник во меѓународен научен проект: *Social Inclusion of Ethnic Groups through Education and Training: elements of good practice*, (2007) European Training Foundation. | 5 |
| 7 | Учесник во меѓународен научен проект: *Social Protection and Social Inclusion in the former Yugoslav Republic of Macedonia (2007)* European Commission. | 5 |
| 8 | Дел од монографија: Геровска Митев, М., Ѓорѓев, Д. и Миовска-Спасева, С. (2007) *Приоритети на политиката за социјална вклученост во Македонија*, Скопје: Фондација „Фридрих Еберт". | 3,2 |
| 9 | Дел од монографија објавен во странство: Gerovska Mitev, M. (2007) 'Macedonia' in Deacon, B. and Stubbs, P. (eds.) *Social Policy and International Interventions In South East Europe*, Cheltenham: Edward Elgar. | 6 |
| 10 | Дел од монографија објавен во странство: Gerovska Mitev, M. (2006) "Diseminacija evropske socijalne politike - instrumenti i efekti" u Vuković, D., Čekarevac, A. (2006) *Socijalna politika u procesu evropskih integracija*, Beograd: | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Fakultet politickih nauka. 52-66 | |
| 11 | Дел од монографија објавен во странство: Gerovska, M. (2005) "The Role of International Governmental Organizations in the Social Policy of Macedonia" in Kuhnle, S (ed) *Social Policy Development in South Eastern Europe: Outside Influences and Domestic Factors*, Bergen: Rokkan Centre. | 6 |
| 12 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Геровска Митев, М. (2009), „Социјална димензија на економската криза: перцепција на граѓаните" во: *Ревија за социјална политика*, бр. 4, Фондација „Фридрих Еберт", стр. 355-374. | 4 |
| 13 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Геровска Митев, М. и Стабс, П. (2008), „Клучни социјални индикатори и политики за мерење на сиромаштијата и социјалната исклученост", во: *Ревија за социјална политика*, бр. 1, Фондација Фридрих Еберт, стр. 20-34. | 3,6 |
| 14 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник од трудови на научен собир: Геровска Митев М. (2008) „Реформските процеси и предизвици во социјалната политика во Македонија", (уред). *Врамување нова социјална политика: актери, димензии и реформи*, стр. 99-110. | 2 |
| 15 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник од трудови на научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: Gerovska Mitev, M. (2006), „Effects of Europeanization on social policies of Slovenia and Macedonia: convergence vs. disparity?, Proceedings of the 1st Annual SEERC Doctoral Student Conference *'Infusing Research and Knowledge in South East Europe'* Thessaloniki : South-East European Research Centre. | 3 |
| 16 | Учество на научен/стручен собир со реферат: „Општествена вклученост и сиромаштија кај младите луѓе", на јавна дебата-панел дискусија „Општествена вклученост и сиромаштија", во организација на Балканската федерација за деца и млади, Скопје, 19 септември 2009. | 1 |
| 17 | Учество на научен/стручен собир со реферат: „Одговори на социјалната исклученост во Македонија", на Форум на Југоисточна Европа на тема „Лицата на социјалната исклученост", УНДП, Загреб, 26-27 ноември 2008. | 1 |
| 18 | Учество на научен/стручен собир со реферат: „Ризиците од програмата за условени парични трансфери врз социјалната инклузија кај децата", на меѓународната работилница на тема „Истражување на ризиците и ранливоста кај децата од Југоисточна Европа", Универзитет од Шефилд и Југоисточен европски истражувачки центар од Солун, Солун, 11-12 март 2008. | 1 |
| 19 | Учество на научен/стручен собир со реферат: „Ефектите од европеизацијата на социјалните политики во Словенија и Македонија: конвергенција или диспаритет?, на меѓународната конференција на тема „Трансформација на социјалната политика во Европа", во организација на Техничкиот универзитет на Средниот Исток (МЕТУ), Анкара, 13-15 април 2005. | 1 |
| 20 | Учество на научен/стручен собир со реферат: „Повеќестепеното владеење и социјалната политика", на меѓународната истражувачка работилница на тема „Повеќестепено владеење и трансфер на политики во Југоисточна Европа", организиран од Економскиот институт во Загреб и Југоисточниот европски истражувачки центар од Солун, Загреб, 4-5 февруари 2005. | 1 |
| | **Вкупно** | 68,8 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Книга од стручна област (коавтор): Bornarova, S. and Gerovska Mitev, M. (2009) *Social Exclusion, Ethnicity and Older People* , Skopje: Faculty of Philosophy. | 7 |

| Дејности од поширок интерес | | |
|---|---|---|
| 1 | Уредник на научно стручно списание: *Ревија за социјална политика*, Филозофски факултет и Фондација „Фридирх Еберт" (2008 - ) | 0,5 |
| 2 | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир: Геровска Митев, М. (2008) (уред.) Врамување нова социјална политика: актери, димензии и реформи, Скопје: Филозофски факултет и Фондација „Фридрих Еберт". | 2 |
| 3 | Член на организационен одбор на меѓународен/стручен собир: меѓунаордна конфернција „Современите предизвици во теоријата и праксата на социјалната политика и социјалната работа", во организација на Институтот за социјална работа и социјална политика, Филозофски Факултет, Скопје. | 1 |
| | **Вкупно** | 10,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 105,1 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 68,8 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 10,5 |
| **Вкупно** | 184,4 |

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Јован Пејковски, с.р.
2. Проф. д-р Мариа Доневска, с.р.
3. Проф. д-р Ило Трајковски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

на докторската дисертација

„Примена на Базел 2 и Солвенца 2 стандардите во Република Македонија како нови модели за супервизорска контрола во банките и компаниите за осигурување", изработена од м-р Јордан Ќосевски, пријавена на Економски факултет во Скопје

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, донесена на седницата одржана на 18.6.2010 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Јордан Ќосевски под наслов: **„Примена на Базел 2 и Солвенца 2 стандардите во Република Македонија како нови модели за супервизорска контрола во банките и компаниите за осигурување"**. Докторската дисертација беше прифатена со одлука на Наставничкиот колегиум за постдипломските студии и Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, а за ментор беше определен проф. д-р Михаил Петковски.

По опстојното читање и прегледување на дисертацијата, Комисијата на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Јордан Ќосевски, „Примена на Базел 2 и Солвенца 2 стандардите во Република Македонија како нови модели за супервизорска контрола во банките и компаниите за осигурување", обработува актуелна, значајна и малку анализирана проблематика во нашата земја. Основна цел на истражувањето е да изврши анализа на факторите кои влијаат на усогласувањето на супервизијата на глобално ниво, законските и институционалните спроведувања на супервизијата во банкарството и осигурувањето во Република Македонија, како и напорите кои ги прави Република Македонија со цел целосно усогласување со новите супервизорски стандарди на Европската унија во осигурувањето и банкарството, односно Солвенца 2 и Базел 2.

Содржината на докторската дисертација на кандидатот м-р Јордан Ќосевски е структурирана во шест детално расчленети глави, со Вовед и Заклучок, како и Апстракт, на македонски и англиски јазик и список на користена литература со 157 референци. Дисертацијата е презентирана на 343 страници и во неа се содржани 53 табели, 32 графикони, 14 слики и 3 прилози.

Во воведниот дел, кандидатот ја презентира глобалната рамка на истражувањето и накратко се осврнува на секој од деловите на дисертацијата. Исто така, се објаснуваат

причините за избор на темата на истражување, прашањата на кои дисертацијата треба да даде одговор и се дефинира целта на истражувањето. Набројани се методите и моделите што ќе бидат користени во истражувањето.

Првата глава од докторската дисертација носи наслов: „**Пруденциона регулатива во осигурителните компании и банките**". Во неа, кандидатот ги оценува импликациите од финансиската дерегулација и либерализација на финансискиот пазар врз осигурителните компании и банките. Кандидатот опишува како поради нивната се поголема изложеност на ризикот и последиците што влијаат на нивната финансиска стабилност, прашањето за регулација и супервизија добива се поголемо значење. Во рамките на оваа глава, кандидатот става фокус на потребата, приодите, принципите на регулацијата во банкарството и осигурувањето. Како резултат на претходното, кандидатот го оценува и влијанието на пруденционата контрола врз создавањето на баланс помеѓу политиката на поддршка на конкуренцијата, заштита на осигурениците и депонентите на банките и сочувување на системската стабилност, на институционалните инвеститори на штедењето, инвестициите и корпоративното финансирање.

Во втората глава со наслов „**Меѓународни согледувања за пруденциона супервизија во осигурувањето и банкарството**", кандидатот вниманието го насочува кон запознавање со историјата и структурата на меѓународните институции кои се поврзани со супервизијата во осигурувањето и банкарството. Освен запознавањето со историјата и структурата на овие институции, во рамките на овој дел кандидатот ги обработува и прописите кои се актуелни и се уште не се имплементирани од страна на високо-развиените земји кои се и нивни основачи. На почетокот, кандидатот ги опишува институциите од светско ниво како што се Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори и Базелскиот комитет, додека понатаму вниманието го насочува кон европските институции, како што се Европскиот одбор за осигурување, Европскиот комитет на осигурителни супервизори и супервизори на пензиско осигурување и Европскиот комитет на банкарски супервизори.

Третата глава на дисертацијата има наслов: „**Новата регулатива за пресметка на адекватност на капиталот на банките – Базел 2**". Во неа кандидатот најпрвин ја разработува Првата базелската спогодба која ги постави основите на еден универзален систем за мерење на капиталот на банките и претставува чекор напред кон поголема рамноправност во пазарната борба на банките. Понатаму, во рамките на оваа глава, кандидатот посветува внимание на Новата базелска спогодба - Базел 2. Во рамките на овој дел, кандидатот детално ги објаснува трите столба на Базел 2, а исто така укажува на нивната комплементарност и значењето кое го има секој од нив за остварување на крајната цел на Спогодбата - подобрување на квалитетот на системите за управување со ризици на микрониво и обезбедување на финансиска стабилност на макрониво. Важно прашање што го обработува кандидатот во овој дел е прашањето за силината, слабостите и предизвиците со кои се соочуваат банките при примената на Базел 2 стандардите во своето работење. Кандидатот детално ги анализира импликациите на финансиските системи на земјите каде што веќе започнаа да се применуваат Базел 2 стандардите, а исто така и ги согледува влијанијата кои ги има примената на овој модел врз меѓународната активност на банките .

На крајот од овој дел, кандидатот ја разгледува финансиската криза од 2007 до 2008 година и го анализира влијанието на Базел 2 врз нејзината појава, како и насоките на идниот развој на Базел 2. Општиот заклучок до кој доаѓа е дека финансиската криза потврди дека базелските стандарди не се „безгрешни" и дека е неопходно нејзино што поитно реформирање, при што особено се потребни длабоки реформи во сите столбови, особено во

Столбот 2. Неговиот конечен заклучок е дека, иако, примената на базелските стандарди не помогна во избегнување на финансиската криза, сепак банките не смеат да го напуштат патот кон чувствителноста на поголем ризик, што започна со Базел 2 туку, напротив, треба да се поддржи изградба на повеќе робусна, посеопфатна и помалку циклична рамка врз основа на Базел 2 принципите. Кандидатот потенцира дека оваа регулаторна рамка мора да биде надополнета со јасни правила за управување со кризи со соодветена супервизорска структура. Истакнува дека таа треба да ги промовира најдобрите регулаторни и супервизорски практики и да обезбеди повеќе координирани акции. Превенцијата на кризата и нејзиното разрешување не смеат да бидат разделени. Во овој процес од суштинско значење е да се одржи вистински баланс помеѓу финансиската стабилност и подрачјето на дејствување со цел постигнување на поширокта цел за одржлив економски раст.

Четвртата глава од дисертацијата носи наслов: „**Имплементација на новата регулатива за солвентност на компаниите за осигурување во ЕУ**". Кандидатот во оваа глава најпрвин ја обработува актуелната регулатива на пазарот за осигурување во земјите членки на ЕУ, кој пазар се карактеризира со постојана хармонизација на законските прописи во работата на осигурителните компании. Тој понатаму продожува со објаснување на процесите кои се случуваат во ЕУ во контекст на донесувањето на новата регулатива за солвентност – Солвенца 2 (Солвентност 2), со цел постигнување на подобра поврзаност помеѓу потребите за капитал и пазарната позиција на осигурителната компанија, ефикасна заштита на осигуреникот и акционерите на осигурителните компании, како и поголем степен на хармонизација во рамките на единствениот европски пазар за осигурување. Во оваа глава од трудот кандидатот ги анализира и предизвиците со кои се соочуваат осигурителните компании и ги презентира мислењата и препораките на CEPS и CEA во врска со имплементацијата на Солвентност 2. Кандидатот овде се повикува на разултатите од извршената анкета од страна на CEA. Добиените резултати кандидатот статистички ги обработува со користење на $\chi^2$ техниката. Врз основа на претставените сознанија во теоријата и практиката во областа на Солвентност 2, како и врз основа на резултатите од статистичките пресметки, кандидатот констатира дека Солвентност 2 треба да го подобри управувањето со ризиците и со тоа да го зголеми адекватното одредување на цените на осигурителните производи во европскиот осигурителен сектор. Новата рамка осигурителниот сектор ќе го направи поцврст и постабилен како резултат на вклучувањето на оценување на сите ризици и соодветно одредување на потребниот капитал.

Во петтиот дел од докторската дисертација, кандидатот прави осврт на состојбите во банкарскиот систем во Република Македонија, преку осврт на микропоказателите за соодветноста на капиталот на банките во нашата држава и за класификација на нивните ризични пласмани. Кандидатот извршил анализа на стандардите, функциите и активностите на инстутициите за супервизија во банкарството (Народната банка на Република Македонија). Во овој дел кандидатот ги прикажува и резултатите од извршената анкета која ја спровел во периодот февруари – март 2010 година врз банките во Република Македонија.

Од одговорите во прашалникот, кандидатот констатира дека помеѓу банките во Република Македонија постојат големи разлики во степенот на знаења, интереси и активности кои се преземаат за спроведување на Базел 2. Од една страна, големите банки добро ја познаваат оваа проблематика, за разлика од дел од средните и малите банки кои се со скромни знаења. Оваа поларизација е евидентна во системот и управување со ризици на банката каде што поголемите банки кои под притисок на нивните матични банки, или самостојно направиле позитивни чекори, и освен методологијата на НБРМ, во план се да

воспостават своја методологија за проценка на ризикот, додека голем дел од помалите банки се уште во голема мера се потпираат исклучиво на прописите дадени од страна на НБРМ.

На полето на едукацијата што ја спроведуваат банките во Република Македонија во однос на подготовка на вработените за имплементација на базелските стандарди, од одговорите на банките кандидатот констатира дека речиси половина од анкетираните банки (главно станува збор за домашни банки, како и банки кои припаѓаат на мали групации во меѓународни рамки) имаат проблеми при едукацијата на своите вработени. Затоа, не изненадува фактот што банките сметаат дека во овој случај НБРМ, доколку сака успешно да ги имплементира Базел 2 стандардите во Република Македонија, треба да одигра клучна улога во едукацијата на банките. Во овој контекст, кандидатот потенцира дека Народната банка треба да го има ова предвид, бидејќи подобро е банките да се целосно подготвени за имплементирање на Базел 2 стандардите со што тие би се применувале подобро и поефикасно, отколку банките притиснати од роковите на Народната банка, да започнат да ги применуваат Базел 2 стандардите без притоа да имаат услови и со тоа да предизвикаат проблеми во нивното работење.

Со оглед на нивото на познавање на проблематиката на Базел 2 кај банките и супервизорите, од одговорите кандидатот констатира дека сеуште е рано да се каже кога и во кој обем ќе се применуваат тие стандарди во Република Македонија. Иако, НБРМ има донесено одлуки за применување на правилата од сите три столба на Базел 2, кандидатот констатира дека би било добро по финансиската криза, Народната банка да спроведе јавна дебата, за корисноста од доследно спроведување на Базел 2 стандардите, бидејќи во светски рамки веќе отворено се дискутира за негативното влијание кое го имаше Базел 2 врз појавата на финансиската криза. Имено, наместо да се брза со прифаќањето на Базел 2 стандардите, во овој момент кандидатот заклучува дека е потребно Народната банка да ја зголеми интеракцијата со банките и експертите, со цел да ги анализа ефектите од примената на Базел 2 врз појавата на кризата. При тоа, кандидатот потенцира дека, освен ставовите на банките и експертите, Народната банка треба да ги земе предвид и потенцијалните макроекономски последици од спроведувањето на стандардите. На крајот, кандидатот заклучува дека Народната банка, можеби не треба да настојува банките по секоја цена целосно да ги применуваат Базел 2 стандардите, бидејќи во светот веќе се зборува за ревидирање на Базел 2, односно воведување на т.н. Базел 3. Тоа не треба да значи дека банкарскиот сектор во Република Македонија треба да се врати кон примена на Базел 1, туку потребно е со примената на Базел 2 стандардите да се оди мошне внимателно. Во овој контекст, кандидатот потенцира дека примената на Базел 2 сама по себе не треба да е дискутабилна, но дискутабилни треба да се начинот и времето на нејзиното спроведување.

Во шестата глава кандидатот прави осврт на состојбата на осигурителната индустрија во Република Македонија, преку анализа на индикаторите за согледување на развиеноста на осигурувањето, односно согледување на пенетрацијата и густината во осигурувањето. Исто така, во оваа глава кандидатот се осврнува на Законот за супервизија во осигурувањето, како и функционирањето на Агенцијата за супервизија во осигурувањето. Во рамките од оваа глава, кандидатот ги претставува новите модели за супервизија во осигурувањето кои би биле соодветни за состојбата во Република Македонија. Ваквиот приод на проучување на оваа специфична проблематика кандидатот го прави со цел да одговори на прашањето колку сме слични или различни со земјите-членки на ЕУ, во поглед на методите кои кај нас се применуваат, за правилата, односно законите кои ја регулираат супервизијата во осигурувањето. Кандидатот констатира дека процесот на пристапување во Европската унија

ќе го диктира темпото на имплементација на Солвентност 2 во Република Македонија. Неговата имплементацијата ќе предизвика големи последици, како врз друштвата за осигурување, така и врз надзорните тела, односно врз начинот на извршување на супервизија во осигурувањето. Воведувањето на Солвентност 2 ќе бара дополнителни приспособувања како кај осигурителните компании, така и кај супервизорскиот авторитет. Кандидатот овде потенцира дека компаниите за осигурување ќе мораат да воведат или да ги зајакнат посебните служби за управување со ризици. Исто така, следењето на работењето на осигурителните компании со податоци ќе мора да биде многу попрецизно и поконцизно отколку досега. Во заклучокот е дадено заокружено видување на кандидатот за обработената тема и генерална препорака за нужно заедничко дејствување на осигурителните компании, банките, регулаторните и супервизорските авторитети за успешна и ефикасна примена на Базел 2 и Солвентност 2 стандардите во Република Македонија.

## 3. Заклучна оцена и предлог

Супервизорската контрола е меѓународна, општо прифатена алатка на земјите кои сакаат да имаат поголема и подобра пазарна дисциплина и пазарна стабилност во осигурувањето и банкарството. Како позначајни носители на овие цели, а во улога на спроведување пруденциона супервизорска контрола се појавуваат многу меѓународни институции како што се: Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори, Базелската комисија за банкарска супервизија, Бордот за меѓународни сметководствени стандарди и европските тела за супервизорска контрола во банкарството и осигурувањето. Активностите на овие институции на полето на супервизијата главно се насочени кон развојот и примената на нови супервизорски правила во банкарството – Базел 2 и во осигурувањето – Солвенца 2.

Оттаму, во својата дисертација „Примена на Базел 2 и Солвенца 2 стандардите во Република Македонија како нови модели за супервизорска контрола во банките и компаниите за осигурување", м-р Јордан Косевски се зафатил со тема која е важна за успешна и ефикасна примена на современите регулативни модели од страна на банките и осигурителните компании во Република Македонија, а кои се се уште недоволно истражувани во домашната литература.

За изработката на трудот, кандидатот користел бројна, внимателно одбрана и релевантна литература. Тој исто така спровел и анкета во македонските банки со која се добиени голем број на примарни податоци. Кандидатот користел и статистички методи на квантитативна анализа, а употребувал и компаративна анализа, опфаќајќи ги искуствата на повеќе земји.

Кандидатот со овој труд направил опстојно истражување на полето на спроведувањето на пруденционата регулација и супервизија и примената на новите модели за супервизорска контрола во банкарската и осигурителната дејност. Врз основа на добиените сознанија и резултати, тој нуди препораки кои се однесуваат на примената на новите модели за супервизорска контрола Базел 2 и Солвентност 2 од страна на банките и осигурителните компании во Република Македонија, со што би се воспоставила соодветна пруденциона контрола, која би дејствувала во насока на намалување на ризикот од нивна евентуална несолвентност.

Врз основа на направените анализи и пресметки, м-р Јордан Ќосевски донел заклучок дека доколку осигурителните компании, банките, Агенцијата за супервизија во осигурувањето и Народната банка, сакаат успешно да ги воведат, да ги применат и да ги имплементираат новите модели за супервизорска контрола, тие ќе мораат да преземат голем број на мерки и активности. Таквите мерки и активности се однесуваат на: кадровско зајакнување на полето на управување со ризиците, воведување на посебни служби за управување со ризиците, односно зацврстување на службата за внатрешна супервизија. Покрај тоа, тој сугерира зголемување на транспарентноста, како и развој на соодветни бази на податоци, кои претставуваат основа за калибрирање и примена на моделите за мерење на ризиците.

Врз основа на погоре изнесените констатации, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: „Примена на Базел 2 и Солвенца 2 стандардите во Република Македонија како нови модели за супервизорска контрола во банките и компаниите за осигурување", поднесена од кандидатот м-р Јордан Ќосевски, заклучува дека кандидатот покажал адекватно владеење со истражуваната материја и дека поднесениот труд ги задоволува критериумите на докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација под наслов: „Примена на Базел 2 и Солвенца 2 стандардите во Република Македонија како нови модели за супервизорска контрола во банките и компаниите за осигурување", и
2. да му одобри на кандидатот, м-р Јордан Ќосевски, јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 31.8. 2010 год.

Комисија за оцека и одбрана

Проф. д-р Михаил Петковски

Проф. д-р Љубе Трпески

Проф. д-р Зорица Божиновска-Лазаревска

Проф. д-р Љубомир Кекеновски

Проф. д-р Трајко Славески

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРГОВСКО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на својата седница одржана на 7.VII 2010 година, формира Комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област трговско право, во состав: д-р Данче Манолева Митровска, редовен професор, д-р Тито Беличанец, редовен професор и д-р Софија Тодорова, редовен професор.

На конкурсот објавен во весникот „Дневник“, од 28.VI 2010 година, за избор на наставник на научната област трговско право се пријави само д-р Горан Коевски, вонреден професор на научната област трговско право, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кон пријавата кандидатот достави: детална биографија изработена согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни,наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138/2009); уверение за државјанство; дописи и договори за подготовка на национални документи, како и членство во комисии и тела на државни и други органи. По разгледувањето на пријавата и другите приложени документи, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Биографски податоци

Кандидатот д-р Горан Коевски е роден на 28.IV 1965 во Скопје. Основното училиште и средното образование ги завршил во Скопје со континуиран одличен успех.

На Правниот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје се запишал во учебната 1983, а студиите ги започнал во учебната 1984/85 година. Дипломирал во предвидениот рок, на 28.XII 1988 година, со просечна оценка 8,75.

Постдипломските студии по деловно право ги запишал и ги завршил на Правниот факултет при Универзитетот во Нови Сад, Република Србија. Магистерскиот труд на тема: „Долгорочни инструменти за финансирање на претпријатијата, со посебен осврт на обврзницата во споредбеното право” успешно го одбранил на 6.II 1996 и се стекнал со академски степен магистер на правни науки.

На 9.V 000 година успешно ја одбранил докторската дисертација под наслов: „Поим и правна природа на договорот за дистрибуција на стока во споредбеното право” на Правниот факултет при Универзитетот во Нови Сад, Република Србија, со што се стекнал со академскиот степен доктор на правни науки.

По дипломирањето, во декември 1989 година, д-р Горан Коевски е избран за помлад асистент на научната област стопанско (трговско) право на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Како помлад асистент, покрај редовното одржување на вежби со студентите по предметот стопанско (трговско) право, кандидатот поминал една година на стручна практика во Окружниот стопански суд во Скопје (1989-1990). Во 1993 година, д-р Коевски е реизбран за помлад асистент на научната област стопанско (трговско) право (Билтен број 300 од 15. VII 1993 година).

За асистент на научната област трговско право и трговско - правната група која ги опфаќа предметите: трговско право - применета програма; меѓународно трговско право;

транспортно и сообраќајно право и право на хартии од вредност, на Правниот факултет "Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бил избран во 1997 година (Билтен број 683 од 15. V.1997 година).

За доцент на научната област трговско право, на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, бил избран во декември 2000 (Билтен број 765 од 31. X 2000 година)

На 23.12.2005 година бил избран за вонреден професор на научната област трговско право со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" бр. 02-903/3 (Билтен бр. 884, од 1 декември 2005 година).

Во мандатниот период 2000-2004 година, д-р Коевски бил продекан за настава на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ во Скопје.

Проф. Коевски бил член на повеќе универзитетски и факултетски комисии: член и претседател на Комисијата за нормативна дејност во рамките на Ректорската управа при УКИМ Скопје; член на работната подгрупа за изготвување на Нацрт-статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и други.

## II. Наставно-образовна дејност

Во периодот 2005 – 2010 година, д-р Горан Коевски одржувал настава, испити и консултации со студенти по предметот трговско право на додипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и на дисперзираните паралелки во Штип.

Во овој период д-р Коевски одржувал настава по предметите трговско право, трговски договори и деловно право и договарање на додипломските студии на Економскиот и на Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје.

Од учебната 2005/2006 година активно е вклучен во наставата на постдипломските студии на УКИМ во Скопје. Така, кандидатот се јавува како наставник на постдипломските и мастер студиите по деловно право на Правниот факултет и на регионалните постдипломски студии по деловно право на ЕУ (Regional Master Studies on EU Business law) на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ во Скопје.

Во периодот 2005 – 2010 година учествувал во наставата, испитите и консултациите со студенти на постдипломските и специјалистичките студии организирани од Економскиот факултет, Филолошкиот факултет „Блаже Конески" и Фармацевтскиот факултет, при УКИМ во Скопје.

Д-р Коевски бил предавач по предметот Comparative Corporate Governance Course Level на летната школа International Summer University MACEDONIA (Тетово) во 2006 година.

Во периодот од 2007 до 2009 година земал активно учество при изработката на предметните програми од областа на трговското право и држел настава по теми од трговското право на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија.

Во 2007 и 2008 година активно учествувал во наставата и менторирањето на кандидатите на Бизнис старт-ап центарот на Машинскиот факултет, УКИМ - Скопје.

Д-р Горан Коевски е ментор на 5 (пет) докторски дисертации и бил член на 5 (пет) комисии за оцена и одбрана на докторски дисертации.

Исто така, д-р Коевски е ментор на 19 (деветнаесет) магистерски трудови, а бил член на 9 (девет) комисии за одбрана на магистерски трудови.

## III. Научноистражувачка дејност

Во поглед на научноистражувачката дејност, може да се забележи дека д-р Горан Коевски во периодот по изборот за вонреден професор имал забележителни ангажмани како автор и коавтор на неколку високошколски и средношколски учебници, поврзани особено со корпоративното управување како нова научна област.

Така, тој се јавува како автор на учебникот „Компаративно корпоративно управување“ (2009) и како коавтор на високошколскиот учебник „Корпоративно управување“ (2008). Потоа кандидатот се јавува како автор на неколку стручни книги, како: „Упатства на OECD за корпоративно управување со државни (јавни) претпријатија“ (2006) и „Водич за алтернативни извори на финансирање (автор)“ (2007).

Д-р Коевски се јавува и како автор на рецензираната монографијата „Права, обврски и одговорност на директорите (менаџерите) во македонските акционерски и други компании (тековни состојби, дилеми и перспективи) (Rights, duties and responsibilities of managers in Macedonian joint-stock companies – state of play, dilemmas and points of view)“, објавена на македонски и англиски јазик (2009).

Кандидатот е коавтор и на „Поимник на термини од областа на конкуренцијата“.

Д-р Горан Коевски е член на Управниот одбор на регионалната програма за постдипломски студии од областа на деловното право на ЕУ (универзитетски студии од втор степен). Истовремено, тој е претставник од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во рамките на Иницијативата за создавање на мрежа – кластер на правни факултети при универзитетите на Југоисточна Европа. Од август 2010 година, кандидатот е раководител на Центарот на мрежата на правни факултети на Југоисточна Европа при УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први.“

Во периодот по изборот во звањето вонреден професор, д-р Коевски учествувал во повеќе научни проекти. Во рамките на мегапроектот: „Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија“, организиран на Правниот факултет „Јустинијан Први“, кандидатот учествува со свои текстови поврзани со судските реформи, со реформите на високото образование, со усвојувањето (хармонизацијата) на националното трговско право со правото на Европската унија и друго.

Учесник е во проектот „Подобрување на корпоративниот менаџмент за НУЛА толеранција за корупцијата“, организиран од Невладината организација „Нула толеранција за корупцијата„ (2007), а бил дел и од експертскиот тим во рамките на проектот “Good Governance in the Private Sector – Corporate Governance Best Practices”, администриран од Институтот Отворено општесво (Open Society Institute), Скопје (2008).

Член е и на меѓународниот Темпус – проект: Регионални постдипломски студии за стекнување заедничка диплома по право на интелектуална сопственост во со-организација на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Универзитетот во Стразбур (Центар за меѓународни студии по интелектуална сопственост).

### Објавени стручни и научни трудови

По изборот за вонреден професор, кандидатот како автор и коавтор има објавено бројни научни и стручни трудови во домашни и странски научни и стручни списанија, кои се поврзани со многубројните области опфатени со научната област трговско право.

Трудовите се објавени и рецензирани во зборниците и годишниците објавени од Правниот факултет „Јустинијан Први“, потоа во стручното списание „Правник“, во списанието за теорија и практика на правото Деловно право (Business Law) и други.

Во годишниците и зборниците на Правниот факултет „Јустинијан Први", кандидатот ги има објавено следниве трудови:

- **Компанијата, збир на договори меѓу приватни лица или реално, социјално правно лице со сопствен интерес,** Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Димитар Поп Георгиев, том 40, Скопје, 2006, стр. 559-572
- **Начела на UNIDROIT за меѓународни трговски договори,** Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Стрезо Стрезовски, том 41, Скопје 2006, стр. 646-664;
- **Улогата на вработените во корпоративното управување.** Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Тодорка Оровчанец, том 42, Скопје 2006, стр. 476-483
- **Европска приватна компанија (ЕПК) - нова европска наднационална форма за водење претпријатие во Европската Унија,** Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Тодор Џунов, Скопје, 2009, стр. 130-146
- **Правните и други методи за поширока хармонизација и унификација на националното со меѓународното компаниско право",** стр. 428-438, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Проф. д-р Владимир Митков, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2010.

Во стручното списание „Правник", објавени му се следниве трудови:

- **Слободата на избор на меродавно право во уредувањето на внатрешните односи на трговските друштва во Европската унија, низ призмата на Европскиот суд на правдата**, „Правник„ стручно списание, број 180, април 2007, стр. 2-6;
- **Измени во компаниската легислатива во РМ и нејзиното влијание во промената на националниот модел на корпоративно управување,** Правник, стручно списание, број 188, декември 2007, стр. 42-47;
- **Учесник во платен промет, медиум за пренос, плаќање со пресметка-компензација, асигнација, цесија, преземање на долг"**, „Правник", стручно списание, број 191, март 2008, (специјален прилог);
- **Хартии од вредност како влог во друштво,** Правник, стручно списание, број 203, март 2009, стр. 10-13;
- **Државна помош** (коавторство), „Правник", стручно списание, број 216, април 2010, стр. 14-46.

Во списанието за теорија и практика на правото „Деловно право (Business Law)", објавени му се следниве трудови:

- **Европската правна рамка за електронска трговија**, Деловно право (Business Law), Списание за теорија и практика на правото, издание на Здружението на правниците на Република Македонија, а поддржано од УСАИД/Проект за деловно опкружување, бр.16/2006, стр. 235-290;
- **Меницата како средство за плаќање и извршна исправа со цел обезбедување на плаќањата**, „Деловно право" (Business Law),Списание за теорија и практика на правото, издание на Здружението на правниците на Република Македонија, а поддржано од УСАИД/Проект за деловно опкружување, број 18/2008, стр. 261-273;
- **Електронското склучување на договорите и одговорноста за нивното исполнување** – „Деловно право" (Business Law) – Издание за теорија и практика на правото, број 20, 2009, стр. 241-269;

- **Договорот за трговско застапување според измените и дополнувањата на Законот за облигационите односи од 2008 година** – „Деловно право" (Business Law) –издание за теорија и практика на правото, број 20, 2009 стр. 323-391
- **Заштита на сопственоста на содружниците, односно на акционерите и на сопственоста во трговското друштво,** Деловно право (Business Law), Средба на правниците издание за теорија и практика на правото, броj. 61, бр.21/2009, стр. 91-158;
- **Сопственоста во јавните претпријатија (коавторство)** „Деловно право" (Business Law), издание за теорија и практика на правото, бр.21/2009, стр. 185-226
- **Новини во компаниското право на Европската унија, „Деловно право" (издание за теорија и практика на правото),** издавач: Здружение на правниците на Република Македонија, број 22, мај 2010, стр. 137- 164
- **Правните и финансиски импликации од квалификацијата на одреден договор како трговски договор (коавторство),** „Деловно право" (издание за теорија и практика на правото), Здружение на правниците на Република Македонија, број 22/ 2010, стр. 441 – 504.

Д-р Коевски има објавено и рецензирани стручни и научни трудови и во следниве странски научни и стручни списанија:

- **„Socijalna odgovornost velikih akcionarskih društava“**, 18 susret Kopaonička škola prirodnog prava, 18 susret, Pravo i univerzalne vrednosti, Pravni život, 11/2005, tom IV, časopis za pravnu teoriju i praksu, tematski broj: Pravo i univerzalne vrednosti, 18 godina kopaoničke škole prirodnog prava, Udruženje pravnika Srbije;
- **„Македонско компанијско право и корпоративно управљање“**, Копаоничка Школа природног права, 20 јубиларни сусрет, Копаоник 13-17 децембар 2007, Pravni život, 12/2007, tom IV, časopis za pravnu teoriju i praksu, tematski broj: Pravo i sloboda, 20 godina kopaoničke škole prirodnog prava, Udruženje pravnika Srbije;
- **„Najnovije tendencije u razvoju makedonskog kompanijskog prava i korporativnog upravljanja“** (izvorni znanstveni članak) Zbornik radova, šesto međunarodno savjetovanje "Aktualnosti građanskog i trgovačkog zakonodavstva i pravne prakse" u organizaciji Sveučilišta u Mostaru, Pravni fakultet i Sveučilišta u Splitu, Neum, 20-22 juni 2008 godina, str. 192-197;
- **Развој на облигационото право во Република Македонија (од осамостојувањето до 2008 година) - коавторство** и **Развој на облигационото право во Република Македонија (втора новела на Законот за облигационите односи од 2008 година) - коавторство**, трудови објавени во Зборникот на трудови „Тридесет година Закона о облигационим односима – *de lege lata i de lege ferenda*", Крагујевац, 24-27.09 2008, во издание на Правниот факултет во Крагујевац (Србија), Институт за правне и друштвене науке и ГТЗ (приредио: Радован Д. Вукадиновиќ), стр. 120-151;
- **„Развој на облигационото право во Република Македонија“ - коавтор,** (изворен научен труд), Sveučilište u Mostaru, Pravni fakultet, Sveučilište u Splitu, Pravni fakultet, Zbornik radova, Sedmo međunarodno savjetovanje, „Aktualnosti građanskog i trgovačkog Zakonodavstva i pravne prakse“ Neum, 12,13 и 14 pilpnja 2009 godine, стр. 32-48 ;
- **„Кривична одговорност правних лица“ - коавтор,** (изворен научен труд), Sveučilište u Mostaru, Pravni fakultet, Sveučilište u Splitu, Pravni fakultet, Zbornik radova, Sedmo međunarodno savjetovanje, „Aktualnosti gradanskog i trgovačkog Zakonodavstva i pravne prakse“ Neum, 12,13 и 14 lipnja 2009 godine, стр. 108-120;
- **"Američka poslovna doktrina i njena moguća primena u evropsko-kontinentalnom korporativnom kontekstu,"** Pravni život, 12/2009, tom IV, časopis

za pravnu teoriju i praksu, tematski broj: Pravo i vreme, 22 godina kopaoničke škole prirodnog prava, Udruženje pravnika Srbije, str. 333-359;

- **„Menadžerski ugovori prema pozitivnom pravu Republike Makedonije"**, Pravo i privreda, časopis Udruženja pravnika u privredi Srbije, Beograd, br. 1-49/2009, str. 142-172,
- **„Pravilo o presumpciji dobrih poslovnih odluka (Busienss Judgment Rule)**"(izvorni znanstveni rad), „Pravo u gospodarstvu" vol. 43 no. 3, Zagreb, svibanj 2009, str. 738-763.

**Настапи на семинари и конференции**

Во својата професионална кариера, д-р Коевски има настапувано на бројни семинари и конференции во државата и во странство.

Домашните настапи му се најмногу поврзани со традиционалните средби организирани од Здружението на правниците на Република Македонија, со обуките и тренинзите организирани од Агенцијата на САД за меѓународен резвој/Проект за деловно опкружување. Исто така, учествувал во обуките организирани за судии и обвинители организирани од Академијата за обука на судии и јавни обвинители и Германското друштво за поддршка – ГТЗ.

Во странство, стручните настапи на д-р Коевски се поврзани најмногу со активностите на Копаоничката школа по природно право, но и со научно-стручните собири на правниците од стопанството на Република Србија, на Република Хрватска и на Босна и Херцеговина.

Во периодот 2005 – 2010 година, кандидатот се јавува и како подготвувач на националните извештаи презентирани на конференциите поврзани со реформите на националното трговско право кои се одржувале во повеќе држави во регионот на Југоисточна Европа.

Во сферата на корпоративното управување, д-р Коевски зел активно учество на повеќе меѓународни конференции одржани во Брисел, Ница и Париз.

Во рамките на регионалната програма на ГТЗ за постдипломски студии по деловно право на ЕУ, д-р Коевски бил гостин - професор на правните факултети во Мостар (БиХ) и Тирана (Албанија), каде што држел предавања на англиски јазик на теми поврзани со правото на ЕУ за трговски друштва.

## IV. Стручно-апликативна дејност

Надвор од универзитетската кариера, д-р Коевски е активен и во дејности од поширок интерес.

Тој се јавува како член на меѓународниот издавачки совет на „Право и привреда – часопис за привредноправну теорију и праксу", списание на Здружението на правниците од стопанството на Република Србија, член ѐ на уредувачкиот одбор на стручното списание „Правник", се јавува како национален координатор за материјата на договорот за трговско застапување и договорот за дистрибуција при Меѓународниот институт за дистрибуција (International Distribution Institute - (IDI), со седиште во Торино, Италија.

За својата академска и професионална работа, д-р Горан Коевски е добитник на благодарници и признанија доделени од Здружението на правниците на Република Македонија по повод 40-годишнината од постоењето на Здружението и од Копаоничката школа на природно право, а по повод 20- годишнината од постоењето на Школата.

Д-р Горан Коевски остварил повеќе стручни престои во Велика Британија, Италија, Унгарија. Најважни престои му се: осуммесечниот престој на Правниот факултет при Универзитетот Колумбија во Њујорк, на постдокторски истражувачки престој во врска со

компаративното корпоративно управување, како Фулбрајтов стипендист (јануари - август 2005 година) и едномесечниот престој во Макс Планк институтот за меѓународно приватно право во Хамбург (Германија) – септември 2006 година.

Кандидатот активно говори и се служи со англискиот и српскиот јазик, а пасивно се служи со германскиот јазик.

Д-р Коевски бил активен и во изработката на измени и дополнувања на законски акти од областа на облигационите односи, судството, медијацијата, управувањето со конфискуван имот, стопанските комори, заштита на конкуренцијата и други.

Бил член на Управниот одбор на Фондот за здравство на Македонија, на Управниот одбор на Македонската радиотелевизија, именуван е за арбитер на Листата на арбитри на Постојаниот избран суд (арбитража) при Стопанската комора на Македонија, претседател е на Здружението на граѓани - Институт на директори – Скопје и друго.

## V. Заклучок и предлог

Врз основа на поднесената документација, прегледот на досегашната дејност и повеќегодишното лично следење на развојниот пат на кандидатот, Комисијата дојде до следниве констатации:

1. Кандидатот д-р Горан Коевски ги исполнува условите предвидени во Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138/2009), за избор во звањето редовен професор на научната област трговско право.

2. По изборот во звањето вонреден професор, кандидатот одговорно и многу успешно ги остваруваше своите обврски изведувајќи настава по предметите трговско право, трговски договори и деловно право и договарање на Правниот факултет, на Економскиот факултет и на Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје, како и на студиите од втор циклус студии организирани од единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Неговиот крајно професионален однос кон студентите го потврдуваат и добиените оцени во рамките на спроведените анкети за евалуација на наставно-соработничкиот кадар.

3. Од опусот на трудови на д-р Горан Коевски, недвосмислено произлегува дека кандидатот успешно го совладал научноистражувачкиот занает. Неговите трудови упатуваат на заклучокот дека одлично ја познава науката на трговското и меѓународното трговско право и дека поседува потенцијал за креативно соочување со значајни и неретко контроверзни теми.

4. Кандидатот остварил студиски престој во странство на реномираниот Колумбија-универзитет во Њујорк како Фулбрајтов стипендист и на Макс Планк институтот за меѓународно приватно право во Хамбург (Германија), но активно учествувал и во работата на многубројни меѓународни семинари и конференции, на кои не само што ги проширувал и усовршувал своите знаења, туку имал можност пред релевантен аудиториум да ги презентира своите ставови и погледи.

5. Со својата целокупна педагошка, научноистражувачка, апликативна и општествена активност, како и со своето учество на семинари, курсеви, конференции и студиски престои, колегата д-р Горан Коевски покажа дека израсна во зрел и сериозен научник, компетентен и суверен во својата област на научно творење. Со богатиот опус во научноистражувачката работа тој се афирмира не само на просторите на нашата држава, туку се повеќе станува препознатливо име во научните и стручни кругови во странство.

6. Кандидатот го карактеризира крајно сериозен и одговорен однос кон сите свои професионални обврски, поради што е и често ангажиран како член во разни комисии не само на Факултетот, туку и надвор од него.

Од досега кажаното, членовите на Комисијата имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **да го избере кандидатот д-р Горан Коевски во звањето редовен професор на научната област трговско право, убедени дека тој и понатаму ќе ја развива и афирмира науката за трговското право и меѓународното трговско право и ќе создава подмладок со кој ќе продолжи да ја доградува и да ја доусовршува македонската школа за трговското право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Данче Манолева – Митровска, с.р.

Проф. д-р Тито Беличанец , с.р.

Проф. д-р Софија Тодорова, с.р.

**Анекс 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** д-р Горан Живко Коевски
**Институција: Правен факултет „Јустинијан Први", УКИМ - Скопје**
**Научна област:** трговско право

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Назив на активноста** | **Поени** | **Вк. поени** |
|---|---|---|
| **Одржување на настава[1]** | | |
| • **од прв циклус студии**<br>-трговско право на Правніot факултет „Јустинијан Први", УКИМ - Скопје (2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009 и 2009/2010 година – 5 *90 = вкупно 450 часа) 5*6*15*0,04 | 0,04 | 18 |
| -трговско право на Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ - Скопје, дисперзирани паралелки во Штип (2007/2008 и 2008/2009 година – 2*30 = вкупно 60 часа) 2*2*15*0,04 | | 2,4 |
| -трговско право на Економскиот факултет, УКИМ, Скопје (2008/2009 и 2009/2010 година – 2*60 = вкупно 120 часа) 2*4*15*0,04 | | 4,8 |
| -трговски договори на Економскиот факултет, УКИМ, Скопје (2008/2009 година – 1*60 = вкупно 60 часа) 1*4*15*0,04 | | 2,4 |
| -деловно право и договарање на Машинскиот факултет (стара програма), УКИМ, Скопје (2005/2006, 2006/2007, 2007/2008 година – 3*60=вкупно 180 часа) 3*4*15*0,04 | | 7,2 |
| -деловно право и договарање на Машинскиот факултет (нова програма), УКИМ, Скопје (2008/2009 и 2009/2010 година – 2*45 = вкупно 90 часа) 2*3*15*0,04 | | 3,6 |
| • **од втор циклус студии**<br>Мастер студии по деловно право (Модул А за насоката деловно право) на Правниот факултет „Јустинијан Први" , УКИМ Скопје<br>-трговско право – применета програма, учебни 2008/2009 и 2009/2010 година 2*5*4=вкупно 40 часа) 2*5*4*0,05=**2** | 0,05 | 2 |
| -меѓународно трговско право (Модул А за насоката деловно право), учебни 2008/2009 и 2009/2010 година 2*3,5*6=вкупно 42 часа) | | 2,1 |

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

| | | |
|---|---|---|
| 2*3,5*6*0,05=**2,1** | | |
| Постдипломски студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ Скопје (стара програма)<br>-договори на промет на стоки, права и услуги (2005, 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 година - 5*8*5,5=вкупно 220 часа), 5*8*5,5*0,05 | | **11** |
| -корпоративно управување и нивниот однос кон стечаите на компаниите – теорија и практика – 5*8*1 = вкупно 40 часа) 5*8*1*0,05 | | **2** |
| Регионалните постдипломски студии по деловно право на ЕУ (Regional Master Studies on EU Business law) на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ - Скопје, 2008/2009 година<br>-право на ЕЗ за конкуренција (одржани 4 часа), компаниско право на ЕУ (одржани 4 часа) и право на ЕУ за електронска трговија (одржани 14 часа) – 1*22 часа = 22 часа, 1*22*1*0,05 | | **1,1** |
| Специјалистички курс по корпоративно управување на Економскиот факултет, УКИМ - Скопје,<br>-внатрешни институции и интересовни групи на корпоративното управување – акционери) – учебни 2007/2008 – 8 часа, 2008/2009-6 часа и 2009/2010 – 5 часа или вкупно 19 часа) 3*8*1*0,05 | | **1,2** |
| Постдипломски студии - книжевности, јазици и лингвистика, насока јазици, бизнис и меѓународна трговија на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"при УКИМ - Скопје<br>-европско право на претпријатијата – учебни 2005/2006 – 12 часа и 2006/2007 – 12 часа или вкупно 12 часа) – 2*3*4*0,05 | | **1,2** |
| Магистерски и специјалистички студии по здравствен менаџмент и фармакоекономија на Фармацевтскиот факултет при УКИМ Скопје<br>-меѓународни договори и прописи за лекови - договор за дистрибуција на лекови, учебна 2007/2008 – 5 часа и 2008/2009 година – 5 часа), 2*5*0,5*0,05 | | **0,25** |
| **Настава во летни школи и работилници** | | |
| • учесник<br>-Летна школа: International Summer University MACEDONIA 2006 (Тетово), предавач (копрофесор) на предметот Comparative Corporate Governance во организација на Academic Training Association, Амстердам, од Холандија и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"од Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Битола, Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово и Државниот Универзитет од Тетово | 1 | **1** |
| Изработувач на предметните програми од областа на трговското право и одржани предавања од областа на трговското право за потребите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија, 2007/2008 и 2009/2010 година | | **1** |
| Ангажман во Бизнис старт-ап центарот на Машинскиот факултет, УКИМ Скопје<br>-Обука (еднодневна) за студенти/дипломци на тема: „Правни работи за започнување на бизнис", во 2007 и 2008 година 2*1 | | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| Ангажман во Центарот за истражување и развој и континуирано образование и Бизнис старт-ап центарот на Машинскиот факултет при УКИМ Скопје на програмата ЛЕПЕЗА - дводневна обука на тема: „Правни прашања за започнување на бизнис", во 2007 и 2008 година 2*1 | | 2 |
| Едукатор во рамки на Проектот на Светската банка за едукација и полагање на испитот за стекнување на звањето овластен ревизор и за континуирано професионално усовршување | | 1 |
| Предавач на обуката (работилница) за актуари одржана 23-27 март 2009 година, на тема: Трговско право, во организација на Проектот на УСАИД за деловно опкружување | | 1 |
| **Консултации со студенти**[2] 4220*0,002 | 0,002 | **8,44** |
| **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** -Член на комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација: „Слободата на морето и транзитот од аспект на интересите на Република Македонија" (2007) | 0,5 | **0,5** |
| -Член на комисија за оцена на подобност на кандидат и тема за докторска дисертација: „Електронска трговија и електронски договор" (2007) | | **0,5** |
| -Член на комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација: „Улогата на Европскиот суд на правдата во заокружувањето на внатрешниот пазар на Европската унија" (2008) | | **0,5** |
| -Член на комисија за оцена на подобност на кандидат и тема за докторска дисертација: „Политика за слободна конкуренција на пазарот во Европската унија, Република Македонија и нејзините правни инструменти" (2009) | | **0,5** |
| -Член на комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација: „Корпоративното управување и ефективноста на одборот на директори" (2010) | | **0,5** |
| **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** - тема на магистерски труд: „Претприемништвото како претпоставка за интеграција во единствениот пазар на Европската унија", (2007) | 0,3 | **0,3** |
| -тема на магистерски труд: „Застапувањето како институт во трговското и во граѓанското право" (2007) | | **0,3** |
| - тема на магистерски труд: „Ограничување на слободата на договарање кај трговските договори од аспект на правото на конкуренција, со посебен преглед на македонското законодавство" (2008) | | **0,3** |
| -тема на магистерски труд: „Деривативни финансиски инструменти (правни аспекти)" (2008) | | **0,3** |
| -тема на магистерски труд: „Понудата и нејзината обврзност во меѓународната продажба"(2008) | | **0,3** |
| - тема на магистерски труд: „Ослободување од одговорност на договорните страни во трговската продажба според меѓународното право и пракса"(2009) | | **0,3** |

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

| | | |
|---|---|---|
| - тема на магистерски труд: „Европската спогодба за превоз на опасни материи и нејзината примена во Република Македонија"(2009) | | 0, 3 |
| -тема на магистерски труд: „Управување со јавни претпријатија" (Економски факултет УКИМ Скопје), (2009) | | 0,3 |
| - тема на магистерски труд: „Новото европско воздухопловно право и неговото влијание врз позитивното право на Република Македонија"(2009) | | 0,3 |
| - тема на магистерски труд: „Инвестициони фондови (правни аспекти)" (2010) | | 0,3 |
| - тема на магистерски труд: „Електронски трговски зделки со посебен осврт на електронските системи за плаќање и електронските пари во регулативата на Европската унија и во Република Македонија"(2010) | | 0,3 |
| - тема на магистерски труд: „Договор за know-how"(2010) | | 0,3 |
| **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | | |
| • **автор**<br>Компаративно корпоративно управување, високошколски учебник, издавач: Правен факултет „Јустинијан Први", УКИМ - Скопје, поддржана од USAID (Агенција на САД за меѓународен развој) - постдипломски студии од областа на деловното право, Скопје, 2005 | 8 | 8 |
| • **Коавтор**<br>Корпоративно управување, високошколски учебник, издавачи: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет, Скопје, Schweizerische Eidgenossenschaft (Federal department of Economic Affairs FDEA and State Secretariat for Economic Affairs SECO) и International Finance Corporation. Скопје, 2008 | 6 | 6 |
| **Основен школски или средношколски учебник** | | |
| • **Коавтор**<br>„Како до сопствен бизнис?", подготовка на поглавјето „Правни работи",УКИМ – БСЦ Принт, 2008, Скопје, во редакција на проф. д-р Радмил Поленаковиќ, со одлука 07-9683/3 од 4.12 2007 година, од Министерството за образование и наука на Република Македонија дадена е согласност за употреба на книгата во училиштата, Скопје, 2007 | 6 | 6 |
| **Пакет материјали за одреден предмет**<br>Во рамките на Проектот на Светската банка за едукација и полагање на испитот за стекнување на звањето овластен ревизор и за континуирано професионално усовршување, изработена е читанка по трговско право (договори и трговски друштва), 2009 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | | 102,79 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Назив на активноста | Поени | Вк. поени |
|---|---|---|
| **Ментор на докторска дисертација**<br>- тема на докторска дисертација: „Преземањето на компаниите низ призмата на корпоративното управување, договорното право и правото на заштита на конкуренцијата" (2008) | 3 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| - тема на докторска дисертација: „Комплементарност на конкурентското и потрошувачкото право и политики во интеграцијата на земјите во Југоисточна Европа во Европската унија со посебен осврт на Република Македонија" (2009) | | 3 |
| - тема на докторска дисертација: „Шпедицијата во домашниот и меѓународниот промет на стоки" (2009) | | 3 |
| - тема на докторска дисертација: „Изгубената добивка од аспект на меѓународното и на трговското договорно право на Република Македонија" (2009) | | 3 |
| - тема на докторска дисертација: „Актуелни тенденции во уредувањето на договорните односи кај договорот за градење со посебен осврт на правата и обврските на договорните страни (споредбено-правни аспекти)" (2009) | | 3 |
| **Ментор на магистерска работа** -тема на магистерски труд: „Ограничување на слободата на договарање кај трговските договори од аспект на правото на конкуренција, со посебен преглед на македонското законодавство" (2006) | 1 | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Документарен акредитив во меѓународното работење" (2007) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Деривативни финансиски инструменти (правни аспекти)" (2007) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Инвестициони фондови (правни аспекти)" (2007) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Новото европско воздухопловно право и неговото влијание врз позитивното право на Република Македонија"(2007) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Неисполнување или неуредно исполнување на договорот за меѓународна продажба на стока во споредбеното и правото на Република Македонија" (2008) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Понудата и нејзината обврзност во меѓународната продажба" (2008) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Иницијална јавна понуда: Предизвикот на отворање кон јавноста" (2008) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Ослободување од одговорност на договорните страни во трговската продажба според меѓународното право и пракса"(2008) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Одбегнување на престанок на деловниот потфат на стечајниот должник – мотив за статусна промена спојување/присоединување" (2008) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Договор за know-how" (2009) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Договор за лизинг" (2009) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Факторинг и форфетинг договорни обврски на алтернативното финансирање на трговските друштва" (2009) | | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| - тема на магистерски труд: „Универзални услуги во секторор на електронски комуникации на Европската Унија"(2010) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Електронски трговски зделки со посебен осврт на електронските системи за плаќање и електронските пари во регулативата на Европската Унија и во Република Македонија" (2010) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Исполнување на обврските на продавачот кај договорот за трговска продажба" (2010) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Расположливи правни форми на јавно-приватно партнерство" (2010) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Улогата на меницата како финансиски инструмент во домашниот и меѓународниот промет на стоки и услуги" (2010) | | 1 |
| - тема на магистерски труд: „Договор за лиценца во домашното и меѓународното право" (2010) | | 1 |
| **Национален координатор на меѓународен научен проект** Член од Република Македонија (УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први") во Управниот одбор на регионалната програма (проект) за постдипломски студии од областа на деловното право на ЕУ (универзитетски студии од втор степен), која е предложена и поддржана од Германското друштво за техничка соработка – ГТЗ | 6 | 6 |
| **Учесник во национален научен проект** -Учесник во мегапроектот „Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија", со следниве теми: „Коментари по предлогот за донесување на закон за управните спорови", „Коментари по предлогот за донесување на Закон за судовите",„Право на трговски друштва" УКИМ - Скопје и Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, Forum Europaeum бр. 5 и Forum Europaeum бр. 6, „Предлог национална програма за усвојување на правото на европската унија" Скопје ( јуни 2006); Учесник во научната расправа на тема: „Предлог законот за високото образование во контекст на европските стандарди – нострификација или верификација на високообразовните квалификации", одржана на Правниот факултет „Јустинијан Први" (26 април 2007) | 3 | 3 |
| -Учесник во проектот "Подобрување на корпоративниот менаџмент за НУЛА толеранција за корупцијата" организиран од Невладината организација ,,Нула толеранција за корупцијата", а поддржан од Владата на Кралството Норвешка (јануар - септември 2007) | | 3 |
| -Учесник во проектот "Good Governance in the Private Sector – Corporate Governance Best Practices", администриран од Институтот Отворено општесво (Open Society Institute), Скопје (јули 2007 – ноември 2008) | | 3 |
| -Учесник во проектот „Методи на хармонизација на националното законодавство со правото на Европската унија – хармонизација на трговското право," Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ), Проект: „Хармонизација на правниот систем на Република Македонија со правото на Европската унија – Методи на хармонизација на националното законодавство со правото на | | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| Европската Унија", Зборник од научната расправа одржана во Скопје (април 2008) | | |
| **Учесник во меѓународен научен проект**<br>-Регионални постдипломски студии за стекнување заедничка диплома по право на интелектуална сопственост во соорганизација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје и Универзитетот во Стразбур (Центар за меѓународни студии по интелектуална сопственост) – Темпус - проект (август 2010-) | 5 | **5** |
| **Монографија**[3],<br>-Права, обврски и одговорност на директорите (менаџерите) во македонските акционерски и други компании (тековни состојби, дилеми и перспективи) (Rights, duties and responsibilities of managers in Macedonian joint-stock companies – state of play, dilemmas and points of view) – двојазична (на македонски и англиски) во издание на Институтот на директори на Република Македонија, Скопје, а поддржана од Швајцарската конфедерација, Швајцарскиот секретаријат за економски прашања (Swiss Secretariat foe Economic Affairs – SECO) и Меѓународната финансиска корпорација (International Finance Corporation – IFC), 2009 | 8 | **8** |
| **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**[4]<br>-Socijalna odgovornost velikih akcionarskih društava, Pravni život, tom IV, časopis za pravnu teoriju i praksu, tematski broj: Pravo i univerzalne vrednosti, Udruženje pravnika Srbije, 11/2005 | 4 | **4** |
| -„Компанијата, збир на договори меѓу приватни лица или реално, социјално правно лице со сопствен интерес" Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Димитар Поп Георгиев, том 40, Скопје 2006 | | **4** |
| -"Начела на UNIDROIT за меѓународни трговски договори" Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Стрезо Стрезовски, том 41, Скопје 2006 | | **4** |
| -Европската правна рамка за електронска трговија, „Деловно право" (Business Law), Списание за теорија и практика на правото, издание на Здружението на правниците на Република Македонија, бр.16/2006 | | **4** |
| -"Корпоративната социјална одговорност и корпоративното управување како инструменти за спречување на корпоративната корупција", труд објавен во збирката „Нула толеранција за корупцијата", септември 2007 година | | **4** |
| -Македонско компанијско право и корпоративно управљање, Pravni život, tom IV, časopis za pravnu teoriju i praksu, tematski broj: Pravo i sloboda, 20 godina kopaoničke škole prirodnog prava, Udruženje pravnika | | **4** |

[3] Монографија е научно или стручно издание кое целосно обработува одредена проблематика врз основа на сопствени податоци и податоци од други автори.

[4] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора-секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе - секој добива по 60% од бодовите.

| | | |
|---|---|---|
| Srbije, 12/2007 | | |
| -Najnovije tendencije u razvoju makedonskog kompanijskog prava i korporativnog upravljanja (izvorni znanstveni članak) Zbornik radova, šesto međunarodno savjetovanje "Aktualnosti građanskog i trgovačkog zakonodavstva i pravne prakse" u organizaciji Sveučilišta u Mostaru, Pravni fakultet i Sveučilišta u Splitu, Neum, ( juni 2008) | | 4 |
| -Развој на облигационото право во Република Македонија (од осамостојувањето до 2008 година) - коавторство и Развој на облигационото право во Република Македонија (втора новела на Законот за облигационите односи од 2008 година), трудови објавени во Зборникот на трудови „Тридесет година Закона о облигационим односима – *de lege lata i de lege ferenda*", Крагујевац, во издание на Правниот факултет во Крагујевац (Србија), Институт за правне и друштвене науке и ГТЗ (приредио: Радован Д. Вукадиновиќ) – септември 2008 | | 1,8 |
| - Available Models for Harmonization of the Macedonian Business Law With The EU Business Law, во Зборникот Law of the Counties in the Region, Institut za uporedno pravo (Institute of Comparative Law), Edited by: Prof. dr Vladimir Čolović, Belgrade, 2010 | | 3 |
| -Европска приватна компанија (ЕПК) - нова европска наднационална форма за водење претпријатие во Европската унија, Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Тодор Џунов, Скопје 2009 | | 4 |
| -Електронското склучување на договорите и одговорноста за нивното исполнување – Деловно право (Business Law), Списание за теорија и практика на правото, издание на Здружението на правниците на Република Македонија, број 20, 2009 | | 4 |
| -Договорот за трговско застапување според измените и дополнувањата на Законот за облигационите односи од 2008 година – Деловно право (Business Law), Списание за теорија и практика на правото, издание на Здружението на правниците на Република Македонија, број 20, 2009 | | 4 |
| -„Развој на облигационото право во Република Македонија" – коавтор (изворен научен труд), Zbornik radova, Sedmo međunarodno savjetovanje, „Aktualnosti građanskog i trgovačkog Zakonodavstva i pravne prakse," Sveučilište u Mostaru, Pravni fakultet, Sveučilište u Splitu, Pravni fakultet, Neum, (lipanj 2009) | | 2,4 |
| -„Кривична одговорност правних лица" – коавтор, (изворен научен труд), Zbornik radova, Sedmo međunarodno savjetovanje, „Aktualnosti građanskog i trgovačkog Zakonodavstva i pravne prakse" Sveučilište u Mostaru, Pravni fakultet, Sveučilište u Splitu, Pravni fakultet, Neum (lipanj 2009) | | 3,2 |
| -"Američka poslovna doktrina i njena moguća primena u evropsko-kontinentalnom korporativnom kontekstu," Pravni život, tom IV, časopis za pravnu teoriju i praksu, tematski broj: Pravo i vreme, 22 godina kopaoničke škole prirodnog prava, Udruženje pravnika Srbije, 12/2009 | | 4 |
| -„Menadžerski ugovori prema pozitivnom pravu Republike Makedonije", | | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| Pravo i privreda, časopis Udruženja pravnika u privredi Srbije, Beograd, br. 1-49/2009 | | |
| -„Pravilo o presumpciji dobrih poslovnih odluka (Busienss Judgment Rule)¨(izvorni znanstveni rad), „Pravo u gospodarstvu¨ vol. 43 no. 3, Zagreb, svibanj 2009 | | **4** |
| -„Правните и други методи за поширока хармонизација и унификација на националното со меѓународното компаниско право", Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. д-р Владимир Митков, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје 2010 | | **2** |
| -Правните и финансиски импликации од квалификацијата на одреден договор како трговски договор, (коавторство), ,,Деловно право" (Business Law), Списание за теорија и практика на правото, издание на Здружението на правниците на Република Македонија, број 22/ 2010, стр. 441 – 504 | | **3,6** |
| **Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание**[5] -"Улогата на вработените во корпоративното управување" Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Тодорка Оровчанец, том 42, Скопје, 2006. | 2 | **2** |
| -Слободата на избор на меродавно право во уредувањето на внатрешните односи на трговските друштва во Европската унија, низ призмата на Европскиот суд на правдата, ,,Правник", стручно списание, број 180, април 2007. | | **2** |
| -Измени во компаниската легислатива во РМ и нејзиното влијание во промената на националниот модел на корпоративно управување, ,,Правник", стручно списание, број 188, декември 2007. | | **2** |
| -"Учесник во платен промет, медиум за пренос, плаќање со пресметка-компензација, асигнација, цесија, преземање на долг", Правник, стручно списание, број 191, (специјален прилог), март 2008 | | **2** |
| -„Меницата како средство за плаќање и извршна исправа со цел обезбедување на плаќањата, Деловно право (Business Law), Списание за теорија и практика на правото, издание на Здружението на правниците на Република Македонија, број 18/2008 | | **2** |
| -Модели на усогласување на националното трговско право со правото на Европската унија, УКИМ - Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први", Втор скопско-загрепски правен колоквиум, Зборник на трудови, Скопје, ноември 2008 | | **2** |
| -Macedonia's Corporate Governance Evolution, Emerging Macedonia, Magazine of the American Chamber of Commerce in Macedonia, Winter 2009 Issue 1 | | **2** |
| -Хартии од вредност како влог во друштво, ,,Правник", стручно списание, број 203, март 2009 | | **2** |
| -Сопственоста во јавните претпријатија (коавторство) ,,Деловно право" (Business Law), Списание за теорија и практика на правото, издание на Здружението на правниците на Република Македонија, број 21/2009 | | **1,8** |

[5] Поените се однесуваат за еден мандатен период

| | | |
|---|---|---|
| -Заштита на сопственоста на содружниците, односно на акционерите и на сопственоста во трговското друштво, Деловно право (Business Law), Списание за теорија и практика на правото, издание на Здружението на правниците на Република Македонија број 21/2009 | | **2** |
| -Државна помош, (коавторство), Правник, стручно списание, број 216, април 2010 | | **1,8** |
| -Новини во компаниското право на Европската унија, „Деловно право" (Business Law), Списание за теорија и практика на правото, издание на Здружението на правниците на Република Македонија, број. 22, мај 2010 | | **2** |
| **Пленарно предавање на научен/стручен собир:**<br>-Предавање на тема: Европската правна рамка за електронска трговија, на 56-та средба на правниците на Република Македонија, Охрид (октомври 2006) | 2 | **2** |
| -Предавање на тема "INCOTERMS Редакција 2000," на семинарот на тема: "Меѓународна продажба на стоки и примената на меѓународните правила за толкување на трговски термини INCOTERMS," во организација на Здружението на правници на Република Македонија, Скопје (мај 2007) | | **2** |
| -Предавање на тема: „Електронското склучување на договорите и одговорноста за нивното исполнување"на 60. Средба на правниците на Република Македонија, Струга (мај 2009) | | **2** |
| - Предавање на тема: Европскиот *Acquis* и македонското законодавство во врска со државната помош, во организација на ГТЗ, а за потребите на јавната администрација чија работа е поврзана со јавната помош, Охрид (јуни 2009) | | **2** |
| -Предавање на тема: „ Новини во компаниското право на Европската унија, „Деловно право" (издание за теорија и практика на правото) "на 62. Средба на правниците на Република Македонија, Охрид (мај 2010) | | **2** |
| **Секциско предавање на научен/стручен собир:**<br>-Предавање на тема: „Измени и дополнувања на Законот за трговските друштва", во рамките на обуката организирана од здружението „Акционер 2001" и УСАИД/Проект за деловно опкружување, Скопје (мај 2007) | 1 | **1** |
| - Предавање на тема: "Алтернативни извори на финансирање", во организација на Здружението на правници на Република Македонија, Попова Шапка, Скопје и Нов Дојран (октомври 2007) | | **1** |
| - Предавање на тема: Пазарот на финансиски продукти и услуги во Република Македонија", во организација на УСАИД/Проект за деловно опкружување и Здружението на правници на Република Македонија, одржано на Попова Шапка, Скопје и Струмица (октомври 2007). | | **1** |
| - Предавање на тема: „Објаснување на термините: учесник во платен промет, медиум за пренос, плаќање со пресметка - компензација, асигнација, цесија, преземање на долг" на семинарот на тема: Новиот Закон за платен промет во практиката, во организација на | | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| Здружението на правници на Република Македонија, Скопје (февруари 2008) | | |
| - Предавач на обуките општо насловени како "Спецификите на договорите за финансиски лизинг, факторинг, франшизинг, дистрибуција, know-how, лиценца" на тема: "Договор за дистрибуција и договор за франшизинг", во организација на Здружението на правниците на Република Македонија и УСАИД/Проект за деловно опкружување, одржани во Берово, Охрид и Струмица (април 2008) | | 1 |
| - Предавање на тема: „Меницата како средство за плаќање и извршна исправа со цел обезбедување на плаќањата, на 58. Средба на правниците на Република Македонија, Охрид (мај 2008) | | 1 |
| - Предавање на тема: „Договор за франшизинг" и „Меницата како средство за обезбедување", во рамките на дводневниот семинар „Измени и дополнувања на Законот за облигационите односи (новела од 2008)" одржан во Стопанската комора на Република Македонија, Скопје (декември 2008) | | 1 |
| - Предавање на тема „Менаџерските договори и нивните битни елементи, одговорност за надомест на штета на членовите на органите на управување" за потребите на постојаното стручно усовршување на судиите и јавните обвинители во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, Скопје (февруари 2009) | | 1 |
| - Предавање на тема: „ Договорот за трговско застапување според измените и дополнувањата на Законот за облигационите односи од 2008 година", на 60. Средба на правниците на Република Македонија, Струга (мај 2009). | | 1 |
| - Предавање на тема: „Заштита на сопственоста на содружниците, односно на акционерите и на сопственоста во трговското друштво" и „ Сопственоста во јавните претпријатија", на 61-та средба на правниците на Република Македонија, Охрид (ноември 2009) | | 1 |
| -Предавач на тема: „Македонското искуство во транспонирањето на Првата и Втората директива за трговското право (трговските друштва) на Европската унија", во рамките на „Обука за трговско право на Европската унија и неговото имплементирање во македонското законодавство", што во организација на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и ГТЗ е одржана во Охрид (ноември 2009) | | 1 |
| - Предавање на тема: „Заштита на сопственоста на капиталските трговски друштва и заштита на сопственоста на содружниците, односно акционерите", на Обука за потребите на постојаното стручно усовршување на судиите и јавните обвинители во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, одржана во Апелациониот суд во Штип, (јануари 2010) | | 1 |
| -Предавач на тема: „Доброто корпоративно управување и трговските друштва", во рамките на работилницата „Доброто корпоративно управување – превенција од потенцијална неликвидност и инсолвентност на трговските друштва", која во организација на УСАИД, Министерството за економија при Владата на РМ и Здружението на правниците на РМ е одржана во Струмица (април 2010) | | 1 |
| - Предавање на тема „Правните и финансиски импликации од квалификацијата на одреден договор како трговски договор", на 62. | | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| Средба на правниците на Република Македонија, Охрид (мај 2010). | | |
| **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:**<br>-Предавање на тема: Najnovije tendencije u razvoju makedonskog kompanijskog prava i korporativnog upravljanja на Šesto međunarodno savjetovanje, Sveučilište u Mostaru, Pravni fakultet, Sveučilište u Splitu, Pravni fakultet, „Aktualnosti građanskog i trgovačkog Zakonodavstva i pravne prakse" Neum (мај 2008) | 3 | 3 |
| -Предавање на тема: „Menadžerski ugovori prema pozitivnom pravu Republike Makedonije" во рамките на 18. Средба на Правници од стопанство на Србија, на тема: „Пословно право и европске интеграције", Врњачка Бања, (мај 2009) | | 3 |
| -Предавање на тема: „Pravilo o presumpciji dobrih poslovnih odluka (Busienss Judgment Rule) на Susretu pravnika u gosporadrstu Republike Hrvatske, Opatija (мај 2009) | | 3 |
| - Предавање во рамките на Загрепско-скопскиот колоквиум, одржан на Правниот факултет при Универзитетот во Загреб (Правни факултет, Свеучилишта у Загребу), на тема: "Едностепен наспрема двостепен систем на управување со акционерско друштво" (мај 2010) | | 3 |
| **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:**<br>-Презентер на национален извештај за Република Македонија во рамките на тркалезната маса "Стечајно право - теорија и практика", во рамки на Отворениот регионален фонд - правна реформа, а во организација на GTZ, одржана во Вршац, Република Србија (јуни 2007) | 2 | 2 |
| -Презентер на меѓународната деловна конференција на тема: Корпоративното управување во Република Македонија - тековна состојба, проблеми и пречки во неговата практична имплементација, проекции за натамошен развој, што во организација на неделникот ,,Капитал" е одржана во Скопје (март 2008) | | 2 |
| -Презентер на национален извештај на работилницата посветена на хармонизацијата на правото на трговски друштва и регистрација во трговските друштва во земјите на Југоисточна Европа, што во организација на Германското друштво за техничка соработка – GTZ е одржана во Неум, БиХ (септември 2008) | | 2 |
| -Презентер на коференцијата European Microfinanse Network (EMN) 5$^{th}$ Annual Conference – Microfinance: A Tool for Growth and Employment in Europe, одржана во Ница, Франција (септември 2008) | | 2 |
| -Предавање на тема: „Развојот на облигационото право во Република Македонија", во рамките на 21-та Копаоничка школа по природно право, насловена како „Право и меѓународни интеграции" (декември 2008 година). | | 2 |
| -Презентер на меѓународниот семинар: EU Corporate Governance Standards, A Seminar for EU candidate and Potential candidate Countries Including Lessons Learned from New Members, одржан во Брисел, во организација на Глобалниот форум за корпоративно управување (Global Corporate Governance Forum), а во соработка со Словенечкото претседателство со ЕУ, Европскиот парламент, Европската комисија, Меѓународната финансиска корпорација (IFC) и Партнерството за | | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| финансиска стабилност (Partners for Financial Stability), (февруари 2009) | | |
| -Учесник (дел од македонската делегација) на тркалезна маса на која е дискутирана и усвоена конечната нацрт-верзија на IFC/World Bank прирачникот: „Надзор од страна на одборот на директори во управувањето со кризи во пазарите во развој" (Board Oversight of Crisis Management for Emerging Markets), што во организација на Одделението за корпоративно управување при Меѓународната финансиска организација (Corporate Governance Unit of IFC) е одржана во Париз (јуни 2010) | | 2 |
| -Презентер на национален извештај на конференцијата Civil Law Forum која во организација на ГТЗ е одржана во Цавтат (Хрватска) на тема: „Модерни договори (финансиски лизинг, франшизинг и факторинг)" (октомври 2010) | | 2 |
| **Одржано предавање по покана на универзитет:**<br>-Гостин - професор на Правниот факултет при Универзитетот „Џемал Биједиќ" во Мостар (БиХ), на тема: Упатствата (директиви) на ЕУ поврзани со правото на трговски друштва (EU Company Law Directives), во рамките на регионалната програма на ГТЗ за последипломски студии по деловно право на ЕУ (декември 2009) | 1 | 1 |
| -Гостуваин професор на Правниот факултет при Државниот Универзитет во Тирана, Република Албанија, на тема: Упатствата (директиви) на ЕУ поврзани со правото на трговски друштва (EU Company Law Directives), во рамките на регионалната програма на ГТЗ за постдипломски студии по деловно право на ЕУ (март 2010) | | 1 |
| **Вкупно** | | **210,6** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Назив на активноста** | **Поени** | **Вк. Поени** |
|---|---|---|
| **Книга од стручна област** | | |
| • **автор**<br>-Упатства на OECD за корпоративно управување со државни (јавни) претпријатија - коментар, (автор), издавач: Правен факултет „Јустинијан Први" - постдипломски студии од областа на деловното право, Скопје (2006). | 8 | 8 |
| -Водич за алтернативни извори на финансирање (автор), издавач: Здружение на правници на Република Македонија, а спонзорирана од УСАИД (2007) | | 8 |
| **Речник** | | |
| • **коавтор**<br>"Поимник на термини од областа на конкуренцијата", издание на Комисијата за заштита на конкуренцијата, Macedonian-German development cooperation и GTZ (2008) | 3 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија**<br>-Стручен редактор на книга (учебник) на тендер: "Principles of Corporate Finance" од авторот Ellis Ferran, Oxford University Press, за потребите на Просветно дело (проект на Владата на РМ за превод на релевантни странски учебници), (2009) | 1 | 1 |
| **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание:**<br>-Член на меѓународниот издавачки совет на „Право и привреда – часопис за привредноправну теорију и праксу" списание на Здружението на правниците од стопанството на Република Србија (Удружење правника у привреди Србије), UDC 347.7, YU ISSN 0354-3501 | 0,5 | 0,5 |
| -Член на уредувачкиот одбор на „Правник", стручно списание (поранешен назив – Правник, стручно списание на правниците од стопанството на Република Македонија), 2000- | | 0,5 |
| **Уредник на зборник на трудови на високообразовна и научна институција**<br>Главен и одговорен уредник на монографијата „Универзитет „Св. Кирил и Методиј, Правен факултет „Јустинијан Први", 1962-2005, книга II" (2008) | 2 | 2 |
| **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**<br>Член на Steering Committee (Управниот комитет) на Проектот за зајакнување на административниот капацитет на Комисијата за заштита на конкуренција во примената на законодавството поврзано со конкуренцијата и државната помош (2009-2010) | 0,5 | 0,5 |
| **Награда за научни постигнувања од струкова организација** | | |
| • самостоен<br>- Добитник на Благодарница за успешна соработка и активен придонес во работата и активностите на Здружението на правниците на Република Македонија, а по повод 40 години постоење на Здружението (1968-2008), мај 2008 | 3 | 3 |
| - Добитник на Tribut Cum laude Litteras Honoris, Universitas Iuris Naturalis Copaonici, OB XX Aetatis, Ad Perpetuum Hexagonum Concepta (Vita-Liberta-Proprietas-Humanitas-Justitia-Ius), Copaonicus, Decembris Anno Domini MMVII (награда за придонес на Копаоничката школа на природно право, а по повод 20-годишнината на постоењето на Школата), декември 2007 | | 3 |
| **Студиски престој во странство** | 2 | |
| • до три месеци<br>-Едномесечен престој во Макс Планк институтот за меѓународно приватно право во Хамбург (Германија) – септември 2006 година | 0,5 | 0,5 |
| • повеќе од 6 месеци<br>- Осуммесечен престој на Правниот факултет при Универзитетот Колумбија во Њујорк, САД, на постдокторски истражувачки престој вон врска со компаративното корпоративно управување, како Фулбрајтов стипендист (јануари - август 2005 година) | 2 | 2 |
| **Продекан** | 4 | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| Продекан на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ во Скопје, во мандатниот период 2000-2004 година | | |
| **Раководител на внатрешна организациона единица**<br>- Раководител на Центарот на мрежата на правни факултети на Југоисточна Европа при УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2010 | 3 | 3 |
| **Член на универзитетска комисија**<br>- Член и претседател на Комисијата за нормативна дејност во рамките на Ректорската управа при УКИМ Скопје (октомври 2004 – септември 2008) | 1 | 1 |
| - Член на работна подгрупа за изготвување на Нацрт-статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (март 2008) | | 1 |
| **Член на факултетска комисија**<br>Член на комисија за спроведување на Конкурс за запишување на студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во учебната 2006/2007 година | 0,5 | 0,5 |
| **Член на комисија за избор во звање**<br>-За кандидат за избор во звањето помлад асистент на научната област трговско право (2007) | 0,2 | 0,2 |
| -За кандидат за избор за асистент на научната област трговско право (2009) | | 0,2 |
| **Координатор на студиска програма**<br>-Одговорен наставник (координатор) на трето подрачје: „Договори на промет на стоки, права и услуги" на постдипломските студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ - во Скопје (стара програма, 2005-2010 година) | 1 | 1 |
| -Раководител (координатор) на Модул 2 („Внатрешни институции и интересовни групи на корпоративното управување – акционери) на специјалистичкиот курс по корпоративно управување на Економскиот факултет, УКИМ - Скопје (2008-2010 година) | | 1 |
| **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.):**<br>-Член на работната група за изработка на Законот за изменување и дополнување на Законот за медијација (2007) | 2 | 2 |
| -Член на работна група за изготвување на Законот за измени и дополнувања на Законот за облигациони односи (2007) | | 2 |
| -Член на работна група за измена и дополнување на Законот за судови (2007) | | 2 |
| -Член на работната група на проектот: „Управување со конфискуван имот" за изработка на Нацрт-закон за управување со конфискуван имот, права и запленети предмети во кривичната и прекршочната постапка" (2008) | | 2 |
| -Член на работната група за изготвување на работна верзија на Предлог-законот за стопанските комори (2010) | | 2 |
| -Член на работна група за ревидирање и промена на Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за државна помош (2009) | | 2 |
| -Во рамките на проектот на УСАИД за деловно опкружување ги изработив документите за основање и работење на Националниот | | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| совет за претприемништво и конкурентност (НСПК) (2007 и 2010 ) | | |
| **Учество во комисии и тела на државни и други органи**<br>-Член и претседател на Комисијата за полагање испит за стекнување на звање овластен стечаен управник (2005) | 1 | 1 |
| -Претседател и член на Управниот одбор на Македонската радио-телевизија (2006) | | 1 |
| -Претседател и член на Советот на македонската радиотелевизија (2006) | | 1 |
| -Именуван за арбитер на Листата на арбитри на Постојаниот избран суд (арбитража) при Стопанската комора на Македонија (2007) | | 1 |
| -Член на Управниот одбор на Фондот за здравство на Македонија (2008) | | 1 |
| **Национален координатор за одредена стручна област10**<br>Национален координатор за материјата на договорот за трговско застапување и договорот за дистрибуција при Меѓународниот институт за дистрибуција (International Distribution Institute - (IDI), the leading organisation dealing with the law of international distribution) со седиште во Торино, Италија (2009). | 4 | 4 |
| **Вкупно** | | **66,9** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **102,79** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **210,6** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **66,9** |
| **Вкупно** | **380,29** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Данче Манолева-Митровска, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Тито Беличанец, член,с.р.
3. Проф. д-р Софија Тодорова, член,с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. ...
... 201... год.
СКОПЈЕ

350

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ „ЕКОНОМИКА – ПРВ ДЕЛ, МИКРОЕКОНОМИКА", ИЗМЕНЕТО И ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ВЛАДИМИР КАНДИКЈАН И ПРОФ. Д-Р ТОМИСЛАВ ГРОЗДАНОВСКИ, НАМЕНЕТ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ КАКО УНИВЕРЗИТЕТСКИ УЧЕБНИК

Презентираниот ракопис „ЕКОНОМИКА – прв дел, МИКРОЕКОНОМИКА", од авторите проф. д-р Владимир Кандикјан и проф. д-р Томислав Гроздановски, е наменет за објавување како универзитетски учебник по предметот економика на прва студиска година на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Според обемот, структурата на наставните содржини и начинот на елаборација на материјата, учебникот комплетно ги задоволува потребите на студентите по право, на политиколозите и на студентите по новинарство кои се едуцираат на Правниот факултет во Скопје.

Ракописот содржи 301 страница, обработени на компјутер, во голем формат. Материјата што е предмет на елаборација во учебникот е систематизирана во тринаесет поглавја.

Првото поглавје носи наслов **Предмет, значење и поделба на економиката.** Во него е даден поимот на економиката како фундаментална економска наука, предметот на нејзиното изучување, нејзиниот raison d'être, преку елаборацијата и разјаснувањето на еден од основните и најважни економски закони – законот на реткоста, а во истато поглавје се поместени и поделбите на економиката на микроекономика и макроекономика, како и на позитивна и на нормативна економика.

Второто поглавје, **Методи на економиката,** го третира научниот пристап, односно научниот метод во економиката. Посебно се елаборирани методот на апстракција, историско-логичкиот метод, индуктивно-дедуктивниот метод, компаративниот метод и квантитативните методи на економската анализа. Тие се третирани посебно, но и во нивната комплексна целина, којшто како приод е неопходна за да се навлезе во суштината и заемната поврзаност и меѓузависност на вонредно сложените економски процеси, феномени и законитости.

Третото поглавје, **Различни економски системи**, е посветено на трите познати и практикувани економски системи на алокација на ретките ресурси – командна економија, слободна пазарна економија и мешана економија, нивните суштински карактеристики и нивните предности и недостатоци мерени низ критериумите на економската ефикасност.

Четвртото поглавје, **Побарувачка, понуда и пазар,** ги третира побарувачката и понудата на поединечните добра, скалите и кривите на побарувачката и понудата, факторите што ги детерминираат и логиката на нивното дејствување и функционирање низ механизмот на пазарот.

Петтото поглавје носи наслов **Еластичност на побарувачката и понудата.** Ова поглавје de facto го испитува одразот на промените на

цените на поединечните добра врз побаруваните и понудените количества на соодветното добро. Законитостите спознаени во овој домен на микроекономиката имаат голема аналитичка вредност за креирање на политиката на цени од страна на менаџментот на современите претпријатија, без оглед на формата на нивната организација.

Во шестото поглавје, **Теорија на побарувачката и корисноста,** анализирани се основите на теоријата на изборот на потрошувачот и алтернативните пристапи на микроекономиката од овој домен. Овој дел на трудот практично дава одговор на прашањето како потрошувачот, во услови на ограничен доход (буџет) и дадени познати цени, врши избор, селекција на оние добра и услуги кои ја максимизираат неговата лична корисност.

Седмото поглавје, **Теорија на понудата и трошоците,** ги елаборира основните форми на организација на стопанските субјекти (индивидуален сопственик, партнерство и корпорација), нивните предности и недостатоци, како и основните видови трошоци со кои се соочуваат стопанските субјекти: фиксни, варијабилни, просечни и маргинални (гранични). Проблематиката на трошоците, нивното однесување на кус и на долг рок и законитостите кои го детерминираат нивното однесување, без сомнение, навлегува во најсуптилните сфери на економијата на претпријатијата, што е нормално ако се појде од едноставниот факт дека профитот на претпријатието е разлика помеѓу неговите вкупни приходи и вкупни трошоци.

Осмото поглавје, **Максимизирање на профитот во услови на совршена конкуренција и монопол,** ги анализира основните карактеристики на пазарните структури – т.н. морфологија на пазарите. Во овој дел на трудот, најпрво се третирани двата екстрема во доменот на пазарните структури: совршената конкуренција и монополот. Разбирањето на совршената конкуренција е клучно прашање во економијата, бидејќи станува збор за теоретски модел од кој се поаѓа при анализата на голем број сложени економски проблеми. Токму овој теоретски дел им овозможува на економистите да го спознаат манифестирањето на економските проблеми во нивната „чист форма", ослободено од дејството на неекономските фактори кои, во практиката, меѓутоа, редовно егзистираат и дејствуваат. Прашањето за оптималниот обем на производство и максимизација на профитот на претпријатието е детерминирано од идентичен принцип кај сите видови пазарни структури: изедначување на маргиналниот приход со маргиналниот трошок. Разликите генерално, се условени од можноста на претпријатието да има силно, некакво или никакво влијание врз формирањето на цената на производот – респективно се работи за монопол, олигопол и совршена конкуренција. Во овој дел на трудот е обработено и прашањето за т.н. contestable market – теорија на потенцијална конкуренција, или, како што авторите ја нарекуваат, теорија на натпреварувачки пазари. Концептот е релативно нов, но, без сомнение, предизвика вистинска мала револуција во доменот на дерегулацијата и разбирањето на монополистичките пазарни структури во современи услови.

Деветтото поглавје носи наслов **Максимизирање на профитот во услови на несовршена конкуренција.** Тука се обработени

основните видови на монополистичка конкуренција, олигополот и антимонополското законодавство. Пазарните и монополистичките сили се испреплетуваат при формирањето на цените во современи услови. Меѓутоа, преку екстремите, совршената конкуренција и монопол, се наоѓа интермедијарниот случај – олигополот, којшто е доминантна пазарна структура, поради што неговата анализа поместена во ова поглавје е вонредно значајна. Значајна е и анализата на антимонополистичката регулатива чијшто основна цел е да обезбеди задоволително ниво на конкуренција без што нема и економски прогрес.

Десеттото поглавје носи наслов **Распределба на доходот. Доход од труд.** Ова поглавје е посветено на распределбата на доходот којашто почива, главно, врз функционирањето на пазарите на факторски услуги и посебно на наемнината и пазарот на труд, неговите специфики и начинот на неговото функционирање. Спецификите на пазарот на труд се детерминирани од карактеристиките на инпутот на трудот, којшто е секогаш врзан за живата човечка личност. Тие, исто така, се огледуваат и во сегментираноста на пазарот на труд на голем број потпазари на неконкуретски групи каде што отсуствува конкурентност. Наместо тоа, тие се контролирани како од монополите на работниците – синдикатот, така и од монополите на работодавачите – фирмите, а понекогаш и од државата преку утврдувањето на минимална наемнина.

Во единаесеттото поглавје, **Доход од сопственост,** се анализирани доходите од сопственост – рентата, интересот (каматата) и профитот. Анализата е комплексна и модерна. Таа ги објаснува основите за присвојување на доход врз основа на сопственост на одделните фактори на производство, причините за разликите при создавањето на одделните доходи, како и утврдувањето на цената на земјата и капиталот врз основа на нивниот принос, односно доход.

Дванаесеттото поглавје, **Нееднаквост, сиромаштија и политики на прераспределба на доходот,** како логично продолжение на претходното поглавје, на проблемот на пазарната распределба на доходот се осврнува директно. Посебно се елаборирани проблемот на доходната нееднаквост, утврдувањето на степенот на доходната нееднаквост и причините за нејзиното зголемување или намалување, како и поврзаниот со доходната нееднаквост проблем на сиромаштија и различните политики на владата сосредоточени кон надминување на проблемот на нееднаквоста и сиромаштијата. Притоа, прераспределбата на доходот во зависност од прифатливоста на опортунитетните трошоци на поправична распределба или доходна нееднаквост може да го релативизира т.н. *trade-off* помеѓу економската еднаквост и економската ефикасност.

Тринаесеттото поглавје, **Пазари, ефикасност и јавен интерес,** ги третира секогаш актуелните проблеми и дилеми за ефикасноста, односно неефикасноста на пазарот, потребната од државно мешање во стопанскиот живот, опфатот и интензитетот на државната интервенција, но и аргументите кои дејствуваат во правец на битно редуцирање на улогата на државата во економијата. Покрај елаборацијата на т.н. Парето оптимум, овде се обработени и основните на пазарниот неуспех (посебно егзистенцијата на монополи, екстерналии, јавни добра, нерамномерна распределба на доходот и економски циклуси) кои секогаш провоцираат државна регулација. Посебно е укажано на егзистенцијата на докази дека

преголемата инволвираност на државата во економскиот живот не е гаранција за порационална алокација и употреба на ограничените ресурси. Теоријата на јавниот избор е во функција на разбирањето на односите на релација: економика – политика.

Во продолжение ќе ги изнесеме квалитативните оцени за учебникот:

**Прво,** од кусиот приказ на анализираните содржини на учебникот, недвосмислено може да се заклучи дека станува збор за модерно конципиран учебник по микроекономика, во кој се инкорпорирани стандардизирани и вообичаени содржини, третирани и експлицирани на начин како што е тоа направено во секој современ учебник од оваа област којшто се користи на познатите западни универзитети.

**Второ,** материјата е елаборирана на современ начин, според најновите сознанија и достигнувања на светската економска наука. Терминологијата е модерна, со застапеност на бројни нови економски категории, од кои дел настанале и фактички се појавиле во последниве 10-15 години, како теоретски одраз на новите економски феномени и процеси.

**Трето,** авторите, без сомнение, успешно совладале еден од најтешките проблеми кои се јавуваат при составувањето на учебници од оваа област: да се најде рационален сооднос, оптимум, помеѓу потребата материјата да биде изложена на јасен, ударен, разбирлив и за студентите достапен и прифатлив начин, значи, во основа со учебнички стил, а при тоа да не се загрози неопходното стручно и научно ниво при објаснувањето и презентирањето на наставните содржини.

**Четврто,** приодот во објаснувањето на материјата во модерните учебници по економика е маргиналистички. Терминот маргинален во економиката секогаш се употребува во значење на дополнителен – маргинален или дополнителен производ, трошок, приход итн. Совладувањето на материјата, особено таму каде што се служиме со маргиналните големини, задолжително бара во учебниците да се поместат бројни табели, слики, графикони. И оваа работа авторите успешно ја завршиле. Во трудот се поместени 22 табели и 38 слики и графикони, би рекле грижливо и навистина успешно селектирани, кои на едноставен и јасен начин ја илустрираат материјата и овозможуваат нејзино полесно совладување. Во ист правец, свој придонес даваат и кусите упатства за она што ќе биде предмет на проучување поместени на почетокот на секое поглавје, како и издвојувањето на клучните поими, категории и концепти на крајот на секое поглавје. Дефинитивно, авторите секое поглавје го завршуваат со добро избрани прашања кои за студентите се вистински тест за степенот на совладаност на материјата.

**Петто,** ова е учебник за студенти на Правниот факултет, а во конкретниот случај за правници, политиколози и новинари. Тоа ги принудило авторите добро да размислат за опфатот на содржините во учебникот, но уште повеќе за степенот на продлабоченост при елаборирање на материјата. Кога се пишуваат учебници по економика за економските факултети, работата е полесна, бидејќи на сите економски факултети предметот се изучува на различни рамништа – вовед или основи на економиката, па потоа микроекономика и макроекономика, како посебни предмети, на средно ниво. Профилот на студенти што се

едуцираат на Правниот факултет во Скопје наложил и на овој план да се бара некаков оптимум. Тој, би рекле, е рационално избран, со самиот факт што авторите не застанале на елементарното почетничко ниво на проучување на материјата, што сигурно ќе беше контрапродуктивно ако се има предвид профилот на студентите.

**Шесто,** со сигурност можеме да тврдиме дека учебникот овозможува трансфер на специфичен фонд на знаења од областа на современата економска наука и дека ќе им биде од огромна корист, пред сè, на студентите на Правниот факултет за кои е наменет, но без сомнение и на студентите по економија во земјата, а и на менаџментот на претпријатијата, на кои овој вид на знаења им е драгоцен и неопходен за успешно водење на претпријатијата кои стопанисуваат во пазарни услови.

Определени забелешки од претежно техничка природа ќе им ги пренесаме на авторите усно.

Врз основа на сето она што е претходно кажано, со убеденост и со посебно задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да донесе одлука ракописот „ЕКОНОМИКА – прв дел, МИКРОЕКОНОМИКА," изменето и дополнето издание од авторите проф. д-р Владимир Кандикјан и проф. д-р Томислав Гроздановски да биде објавен во категоријата **редовен универзитетски учебник.**

Скопје, 29. IX 2010 година

Рецензенти,

Акад. д-р Таки Фити, с.р.

Проф. д-р Софија Тодорова, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, донесена на неговата седница на 29.IX 2010 година, одредени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметите од наставно-научната област телекомуникации, а во врска со распишаниот конкурс објавен во весникот „Дневник” од 31.VIII 2010 година.

Врз основа на доставените материјали и документи, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс се пријавил кандидатот д-р Перо Латкоски.

### 1. Биографски податоци

Перо Латкоски е роден на 23.VI 1980 година во Охрид, каде што завршил основно и средно образование. На Електротехничкиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1999/2000 година. Дипломирал на 5.IV 2004 година, на насоката електроника и телекомуникации, со просечен успех 9,79, што претставува највисок просек во генерацијата на соодветната насока. Во текот на студирањето секоја година е наградуван за постигнатиот успех.

На постдипломски студии се запишал во 2004 година на насоката телекомуникации. Магистерскиот труд со наслов „Формално опишано моделирање и анализа на безжични локални мрежи” го одбранил во мај 2006 година.

Докторската дисертација со наслов „Протоколен инженеринг и оптимизација на широкопојасните безжични системи” ја одбранил на 1.VII 2010 година, при Факултетот за електротехника и информациски технологии.

Од јануари 2004 до октомври 2006 година работел како демонстратор при Институтот за телекомуникации, а во ноември 2006 година е вработен на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје како асистент по предметите од наставно-научната област телекомуникации. Во рамките на наставната дејност држел аудиториски и лабораториски вежби по повеќе предмети од наставно-научната област телекомуникации.

Во доменот на научноистражувачката дејност се занимавал со истражување во областа на безжичните мрежи и има објавено 40 трудови на меѓународни и домашни конференции и списанија. Автор е на една книга.

Учествувал во 8 научноистражувачки и апликативни проекти од областа на телекомуникациите.

Кандидатот активно го владее англискиот јазик.

## 2. Наставно-образовна дејонст

Д-р Перо Латкоски во изминатиот период како асистент на Институтот за телекомуникации при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје држел аудиториски и/или лабораториски вежби по повеќе предмети: телекомуникациски системи, дигитален пренос на информации 2, телекомуникациски софтвер, теорија на информации, случајни сигнали и теорија на информации, основи на дигитални телекомуникации, основи на телекомуникации, оптички мрежи, дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи, дигитален пренос на информации и објектно-ориентирано моделирање на телекомуникациски системи. Исто така, д-р Перо Латкоски бил член на комисија за оцена и одбрана на 139 дипломски работи. Кандидатот изработил две интерни скрипти од вежби за потребите на предметите оптички мрежи и дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи, како и пакет материјали за 7 предмети на додипломските студии.

## 3. Научна и стручна дејност

До претходниот избор, кандидатот д-р Перо Латкоски има објавено 26 научни трудови на меѓународни и домашни конференции и списанија. Кандидатот учествувал и во 6 меѓународни и домашни научноистражувачки проекти. Од претходниот избор до денес, д-р Перо Латкоски има објавено 1 книга од меѓународна издавачка куќа (VDM Verlag Dr. Müller) и 12 научноистражувачки трудови, од кои 1 труд е објавен во списание. Дополнително, кандидатот учествувал во 2 меѓународни научноистражувачки проекта.

### Публикувани трудови во периодот по последниот избор

[27] **P. Latkoski**, B. Popovski, "Latency and Dropping Rate Analysis of IEEE 802.16e Handover", *SPRINGER Wireless Personal Communications*, ISSN: 0929-6212, 2010. (Impact Factor 0.418)

Во овој труд е претставена математичко-аналитичка и симулациска анализа на процедурата за промена на опслужувачката базна станица кај WiMAX-мрежите. Дадени се релации за пресметка на латентноста и веројатноста за неуспешен премин.

[28] **P. Latkoski**, O. Ognenoski, V. Rakovic, L. Gavrilovska, "Prototyping and Optimization of IEEE 802.21-based Reconfigurable Mobile Terminal", *Military Communication Conference - MILCOM* 2010, California, USA, October 31 – November 3, 2010.

Во овој труд е претставен нов прототип за реконфигурабилен мобилен терминал кој има можност да користи различни комуникациски технологии. Принципот на работа е базиран на стандардот IEEE 802.21.

[29] **P. Latkoski**, Z. H. Velkov, B. Popovski, "Modeling and Optimization of Bandwidth Request Procedure in IEEE 802.16 Networks", *21st Annual IEEE International Symposium on Personal, Indoor and Mobile Radio Communications - PIMRC 2010*, Istanbul, Turkey, September 26 – 29, 2010.

Во овој труд е прикажан нов принцип за моделирање и оптимизација на процедурата за барање на опсег кај IEEE 802.16-базираните мрежи.

[30] **P. Latkoski**, B. Popovski, "Analysis of IEEE 802.16e Contention-based Handover in Erroneous Channel", *The 16th European Wireless Conference - EW 2010*, April 12-15, Lucca, Italy. (Invited Paper), Invited Session on "WiMAX: State of the Art and Future Perspectives".

Во овој труд е дадена анализа на процедурата која е одговорна за премин на корисничките станици од една кон друга базна станица кај мрежите кои се базирани на стандардот IEEE 802.16.

[31] **P. Latkoski**, B. Popovski, "Evaluation of Mobile WiMAX Handover Procedure", *The 15th IEEE Mediterranean Electrotechnical Conference – MELECON 2010*, April 26-28, Valletta, Malta.

Во овој труд е направена евалуација на процедурата хендовер, кај WiMAX-мрежите. Пресметани се основните перформанси на оваа процедура.

[32] **P. Latkoski**, V. Rakovic, O. Ogenoski, V. Atanasovski, L. Gavrilovska, "SDL+QualNet: A Novel Simulation Environment for Wireless Heterogeneous Networks", *3rd International ICST Conference on Simulation Tools and Techniques – SIMUTools 2010*, March 15-19, Malaga, Spain.

Во овој труд е претставена нова симулациска платформа за анализа на безжичните хетерогени мрежи.

[33] **P. Latkoski**, V. Rakovic, O. Ognenoski, L. Gavrilovska, "Modeling and Simulation of Wireless Heterogeneous Networks", 2nd International Symposium on Applied Sciences in Biomedical and Communication Technologies - ISABEL 2009, November 24-27, Bratislava, Slovakia.

Во овој труд е направено моделирање и симулација на безжичните мрежи кои имаат хетероген карактер.

[34] O. Ognenoski, V. Atanasovski, **P. Latkoski**, L. Gavrilovska, "Resource Management Aspects in Future Wireless Systems: RIWCoS Approach", 2nd

International Symposium on Applied Sciences in Biomedical and Communication Technologies - ISABEL 2009, November 24-27, Bratislava, Slovakia.

Во овој труд се прикажани основните аспекти на нов управувач со ресурсите кај современите безжични системи.

[35] M. Bogdanoski, **P. Latkoski**, T. Shuminoski, A. Risteski, "Authentication, Authorization and Accounting Provided by Diameter Protocol", 9th *National Conference with International Participation - ETAI 2009*, Ohrid, R. Macedonia, September 26-29, 2009.

Во овој труд е прикажана анализа на автентикацијата, авторизацијата и наплаќањето кои ги обезбедува протоколот дијаметар кај современите телекомуникациски системи.

[36] V. Georgiev, **P. Latkoski**, B. Popovski, "Radio Planning and Propagation Models Analysis of WiMAX - 3.5 GHz", 9th *National Conference with International Participation - ETAI 2009*, Ohrid, R. Macedonia, September 26-29, 2009.

Во овој труд се прикажани и проучени моделите за радиопланирање и пропагација кај WiMAX- мрежите.

[37] **P. Latkoski**, M. Bogdanoski, A. Risteski, B. Popovski, "Performance Analysis of IEEE 802.16e Security Key Management Protocol", *The 12th International Symposium on Wireless Personal Multimedia Communications (WPMC 2009)*, Sendai, Japan, September 7-10, 2009.

Во овој труд се изнесени перформансите на протоколот кој е задолжен за управување со сигурносните клучеви кај IEEE 802.16-базираните мрежи.

[38] T. Janevski, A. Tudzarov, M. Porjazoski, **P. Latkoski**, , G. Madzarov, I. Efnushev, "System For Analysis Of End-To-End Quality Of Data Services In Cellular Networks", *The IEEE Region 8 Conference EUROCON*, St.–Petersburg, Russia, May 18-23, 2009.

Во овој труд е претставен систем за анализа на квалитетот на податочните сервиси кај целуларните мрежи.

**Учество во научноистражувачки проекти по последниот избор**

[7] L. Gavrilovska, **P. Latkoski**, et al., "RIWCoS: Reconfigurable Interoperability of Wireless Communications Systems", *NATO SfP 982469*, 2007-2010.

Проектот се занимава со развој на архитектура за управување со ресурси и транспарентна мобилност во хетерогени безжични системи.

[8] L. Gavrilovska, **P. Latkoski**, et al., "FARAMIR: Flexible and spectrum-Aware Radio Access through Measurements and modelling In cognitive Radio systems", FP7-ICT-2009-4, 248351, 2010.

Во проектот се разработуваат когнитивните радиосистеми преку практично мерење и моделирање.

## Заклучок и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Перо Латкоски совесно и одговорно ги извршува сите зададени обврски и покажува извонредни резултати во научноистражувачката работа. Како студент постигнал одличен успех, а во текот на работата како асистент покажал извонредно залагање учествувајќи во подготовката на материјали и изведувањето на аудиториски и лабораториски вежби по тековните и новововедените предмети. Д-р Перо Латкоски публикувал една книга од меѓународна издавачка куќа, објавил 4 труда во меѓународни списанија и учествувал на 34 меѓународни и домашни конференции. Дополнително, д-р Перо Латкоски бил учесник на 8 меѓународни и домашни научно-истражувачки проекти.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатот ги исполнува сите формални и суштински услови за избор во звањето за кое конкурира. Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, да го избере д-р Перо Латкоски за доцент по предметите од наставно-научната област телекомуникации.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Борислав Поповски с.р.

Проф. д-р Татјана Улчар-Ставрова с.р.

Проф. д-р Лилјана Гавриловска с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Перо Стојан Латкоски
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Факултет за електротехника и информациски технологии
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** телекомуникации

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на вежби (аудиториски – АВ, лабораториски – ЛВ)** | **86,4** |
| | - Телекомуникациски системи (АВ+ЛВ = 2+3), летен семестар 2004 | 2.25 |
| | - Дигитален пренос на информации 2 (АВ+ЛВ=2+6), зимски семестар 2004 | 3.6 |
| | - Теорија на информации (АВ=2), летен семестар 2005 | 0.9 |
| | - Дигитален пренос на информации 2 (АВ+ЛВ=2+5), зимски семестар 2005 | 3.15 |
| | - Телекомуникациски софтвер (АВ+ЛВ=1+8), зимски семестар 2005 | 4.05 |
| | - Теорија на информации (АВ=2), летен семестар 2006 | 0.9 |
| | - Случајни сигнали и теорија на информации (АВ+ЛВ=1+5), летен семестар 2006 | 2.7 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (ЛВ=1), летен семестар 2006 | 0.45 |
| | - Основи на телекомуникации (ЛВ=5), летен семестар 2006 | 2.25 |
| | - Дигитален пренос на информации 2 (АВ+ЛВ=2+5), зимски семестар 2006 | 3.15 |
| | - Телекомуникациски софтвер (АВ+ЛВ=1+8), зимски семестар 2006 | 4.05 |
| | - Дигитален пренос на информации (АВ+ЛВ=1+5), летен семестар 2007 | 2.7 |
| | - Случајни сигнали и теорија на информации (АВ+ЛВ=1+5), летен семестар 2007 | 2.7 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (ЛВ=2), летен семестар 2007 | 0.9 |
| | - Основи на телекомуникации (ЛВ=6), летен семестар 2007 | 2.7 |
| | - Оптички мрежи (АВ+ЛВ=1+3), зимски семестар 2007 | 1.8 |
| | - Дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи (АВ+ЛВ=1+3), зимски семестар 2007 | 1.8 |
| | - Телекомуникациски софтвер (АВ+ЛВ=1+6), зимски семестар 2007 | 3.15 |
| | - Дигитален пренос на податоци КСИА (АВ+ЛВ=1+2), зимски семестар 2007 | 1.35 |
| | - Случајни сигнали и теорија на информации (АВ+ЛВ=1+4), летен семестар 2008 | 2.25 |
| | - Дигитален пренос на информации (АВ+ЛВ=2+9), летен семестар 2008 | 4.95 |
| | - Основи на телекомуникации (ЛВ=4), летен семестар 2008 | 1.8 |
| | - Објектно ориентирано моделирање на тк. системи (АВ+ЛВ=1+3), летен семестар 2008 | 1.8 |
| | - Оптички мрежи (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2008 | 2.25 |
| | - Телекомуникациски софтвер (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2008 | 2.25 |
| | - Дигитален пренос на податоци КСИА (АВ+ЛВ=1+2), зимски семестар 2008 | 1.35 |
| | - Случајни сигнали и теорија на информации (АВ+ЛВ=1+4), летен семестар 2009 | 2.25 |
| | - Дигитален пренос на информации (АВ+ЛВ=2+11), летен семестар 2009 | 5.85 |
| | - Објектно ориентирано моделирање на тк. системи (АВ+ЛВ=1+2), летен семестар 2009 | 1.35 |
| | - Оптички мрежи (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2009 | 2.25 |
| | - Телекомуникациски софтвер (АВ+ЛВ=1+6), зимски семестар 2009 | 3.15 |
| | - Дигитален пренос на податоци КСИА (АВ+ЛВ=1+2), зимски семестар 2009 | 1.35 |
| | - Случајни сигнали и теорија на информации (АВ+ЛВ=1+4), летен семестар 2010 | 2.25 |
| | - Дигитален пренос на информации (АВ+ЛВ=2+10), летен семестар 2010 | 5.4 |
| | - Објектно ориентирано моделирање на тк. системи (АВ+ЛВ=1+2), летен семестар 2010 | 1.35 |
| 2. | **Консултации со студенти** | **5,678** |
| 3. | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** (139) | **13,9** |
| 4. | **Интерна скрипта од вежби** | 6 |
| | Оптички мрежи | 3 |
| | Дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи | 3 |
| 11. | **Пакет материјали за одреден предмет** | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | Случајни сигнали и теорија на информации | 1 |
| | Телекомуникациски софтвер | 1 |
| | Објектно ориентирано моделирање на телекомуникациски системи | 1 |
| | Основи на телекомуникации | 1 |
| | Основи на дигитални телекомуникации | 1 |
| | Дигитален пренос на информации | 1 |
| | Дигитален пренос на податоци КСИА | 1 |
| | **Вкупно** | **118,9** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1. Одбранета докторска дисертација на тема: „Протоколен инженеринг и оптимизација на широкопојасните безжични системи , Скопје, 1.7.2010.** | | **8** |
| **2. Одбранета магистерска теза на тема: „Формално базирано моделирање и анализа на безжични локални мрежи", Скопје, 5.5.2006.** | | **4** |
| **3. Учесник во меѓународен научен проект** | | **25** = 5*5 |
| [1] | FARAMIR: Flexible and spectrum-Aware Radio Access through Measurements and modelling In cognitive Radio systems, *FP7-ICT-2009-4, 248351*, 2010. | |
| [2] | RIWCoS: Reconfigurable Interoperability of Wireless Communications Systems, *NATO SfP Project 982469*, 2007-2010. | |
| [3] | SEEFIRE – South-East Europe Fibre Infrastructure for Research and Education, *Network Infrastructure Study, Financed by European Commission under the FP6-IST*, Contract No. 15817, 2006. | |
| [4] | SEEREN2 - South-Eastern European Research and Education Network, *Network Infrastructure Project, Financed by European Commission under the FP6-Infrastructures*, 2005. | |
| [5] | SEE-GRID: South Eastern European GRid –enabled eInfrastructure Development, 2004. | |
| **4. Учесник во национален научен проект** | | **6** = 2*3 |
| [1] | Моделирање и оптимизација на мултигигабитни оптички конектори | |
| [2] | Обезбедување на услови за надежна Ad hoc комуникација во вонредни ситуации | |
| **5. Монографија објавена во странство** | | **12** |
| **P. Latkoski**, B. Popovski, "Communication Protocol Engineering of Wireless Networks: Modeling and Optimization", ISBN-13: 978-3639193428, ISBN-10: 3639193423, *VDM Verlag Dr. Müller*, 2009. | | |
| **6. Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание** | | **14,4** = 4*3,6 |
| [1] | **P. Latkoski**, B. Popovski, "Latency and Dropping Rate Analysis of IEEE 802.16e Handover", to appear in *SPRINGER Wireless Personal Communications*, ISSN: 0929-6212, 2010. (Impact Factor 0.418) | |
| [2] | **P. Latkoski**, B. Popovski, "Communication Protocol Engineering and Optimization of Network Entry Process in IEEE 802.16 Based Systems", *IJMUE journal - International Journal of Multimedia and Ubiquitous Engineering*, Science & Engineering Research Support Center, Republic of Korea, Vol.4, No.2, April, 2009 (invited paper). | |
| [3] | **P. Latkoski**, L. Gavrilovska, "Analysis of Bluetooth Protocol in Presence of Bursty Traffic", *Journal of Communications – JCM, Academy Publisher*, issue 6, December 2007. | |
| [4] | **P. Latkoski**, B. Popovski, "Design and Performance Evaluation of WLAN and WPAN based on Formal Specification Methods", *WSEAS Journal, Transactions on Communications*, Issue 4, Volume 6, April, 2007. | |
| **7. Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | | **13,2** = 6*1,6 + 3*1,2 |
| [5] | M. Bogdanoski, **P. Latkoski**, T. Shuminoski, A. Risteski, "Authentication, Authorization and Accounting Provided by Diameter Protocol", 9$^{th}$ *National Conference with International Participation - ETAI 2009*, Ohrid, R. Macedonia, September 26-29, 2009. | |
| [6] | V. Georgiev, **P. Latkoski**, B. Popovski, "Radio Planning and Propagation Models Analysis of WiMAX - 3.5 GHz", 9$^{th}$ *National Conference with International Participation - ETAI 2009*, Ohrid, R. Macedonia, September 26-29, 2009. | |
| [7] | K. Oncevski, **P. Latkoski**, B. Popovski, "Wireless Data Transmission Using WiMax Technology", *MAKO-CIGRE National Conference on Electrical Engineering*, Ohrid, Macedonia, October 2007. | |
| [8] | B. Ilievski, **P. Latkoski** and Borislav Popovski, "Providing QoS In Wireless Local Area | |

| | | |
|---|---|---|
| | Networks Using EDCA", *8[th] National Conference with International Participation - ETAI 2007*, Ohrid, R. Macedonia, September 19-21, 2007. | |
| [9] | B. Ilievski, **P. Latkoski** and Borislav Popovski, "Throughput Analysis of EDCA in Multimedia Environment", *42[th] International Scientific Conference on Information, Communication and Energy Systems and Technologies – ICEST 2007*, Ohrid, Macedonia, June 24 – 27, 2007. | |
| [10] | T. Janevski, B. Popovski, **P. Latkoski**, M. Porjazoski, "Theoretical aspects of alternative wireless technologies IEEE 802.11 (Wi-Fi) and IEEE 802.16 (WiMAX)", *Seminar, Agency for Electronic Communications*, Skopje, Macedonia, November 2-3, 2006. | |
| [11] | B. Popovski, M. Porjazoski, **P. Latkoski**, "Frequency Spectrum for New Wireless Technologies", *ITU INA Workshop on Spectrum Monitoring and Management Issues*, Skopje, Macedonia, November, 2005 | |
| [12] | **P. Latkoski**, T. Janevski, B. Popovski "AP Placement and Channel Assignment in IEEE 802.11 WLAN", *7[th] National Conference with International Participation - ETAI 2005*, Ohrid, R. Macedonia, September 21-24, 2005. | |
| [13] | **P. Latkoski**, Z. Hadzi-Velkov, B. Popovski "SDL Simulation of Channel Fading Models and Its Application For IEEE 802.11a WLAN Performance Analysis", *7[th] National Conference with International Participation - ETAI 2005*, Ohrid, R. Macedonia, September 21-24, 2005. | |
| **8.** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | **55,5** = 7*2,7 + 7*2,4 + 11*1,8 |
| [14] | **P. Latkoski**, O. Ognenoski, V. Rakovic, L. Gavrilovska, "Prototyping and Optimization of IEEE 802.21-based Reconfigurable Mobile Terminal", *Military Communication Conference - MILCOM* 2010, California, USA, October 31 – November 3, 2010. | |
| [15] | **P. Latkoski**, Z. Hadzi-Velkov, B. Popovski, "Modeling and Optimization of Bandwidth Request Procedure in IEEE 802.16 Networks", *21[st] Annual IEEE International Symposium on Personal, Indoor and Mobile Radio Communications - PIMRC 2010*, Istanbul, Turkey, September 26 – 29, 2010. | |
| [16] | **P. Latkoski**, B. Popovski, "Analysis of IEEE 802.16e Contention-based Handover in Erroneous Channel", *The 16th European Wireless Conference - EW 2010*, April 12-15, Lucca, Italy. (Invited Paper), Invited Session on "WiMAX: State of the Art and Future Perspectives". | |
| [17] | **P. Latkoski**, B. Popovski, "Evaluation of Mobile WiMAX Handover Procedure", *The 15[th] IEEE Mediterranean Electrotechnical Conference – MELECON 2010*, April 26-28, Valletta, Malta. | |
| [18] | **P. Latkoski**, V. Rakovic, O. Ogenoski, V. Atanasovski, L. Gavrilovska, "SDL+QualNet: A Novel Simulation Environment for Wireless Heterogeneous Networks", *3[rd] International ICST Conference on Simulation Tools and Techniques – SIMUTools 2010*, March 15-19, Malaga, Spain. | |
| [19] | **P. Latkoski**, V. Rakovic, O. Ognenoski, L. Gavrilovska, "Modeling and Simulation of Wireless Heterogeneous Networks", 2nd International Symposium on Applied Sciences in Biomedical and Communication Technologies - ISABEL 2009, November 24-27, Bratislava, Slovakia. | |
| [20] | O. Ognenoski, V. Atanasovski, **P. Latkoski**, L. Gavrilovska, "Resource Management Aspects in Future Wireless Systems: RIWCoS Approach", 2nd International Symposium on Applied Sciences in Biomedical and Communication Technologies - ISABEL 2009, November 24-27, Bratislava, Slovakia. | |
| [21] | **P. Latkoski**, M. Bogdanoski, A. Risteski, B. Popovski, "Performance Analysis of IEEE 802.16e Security Key Management Protocol", *The 12th International Symposium on Wireless Personal Multimedia Communications (WPMC 2009)*, Sendai, Japan, September 7-10, 2009. | |
| [22] | T. Janevski, A. Tudzarov, M. Porjazoski, **P. Latkoski**, , G. Madzarov, I. Efnushev, "System For Analysis Of End-To-End Quality Of Data Services In Cellular Networks", *The IEEE Region 8 Conference EUROCON*, St.-Petersburg, Russia, May 18-23, 2009. | |
| [23] | **P. Latkoski,** B. Popovski, "Delay and Throughput Analysis of IEEE 802.16 ARQ Mechanism", *The Sixth IEEE and IFIP International Conference on Wireless and Optical Communications Networks - WOCN2009*, Cairo Egypt, April 28 - 30, 2009. | |
| [24] | M. Bogdanoski, **P. Latkoski**, A. Risteski, B. Popovski, "IEEE 802.16 Security Issues: A Survey", *16[th] Telecommunications Forum - TELFOR 2008*, Belgrade, Serbia, November 25-27, 2008. | |
| [25] | **P. Latkoski,** B. Popovski, "Analysis and Optimization of Network Entry Delay in WiMax Networks", *The 2[nd] International Conference on Future Generation Communication and Networking (FGCN 2008)*, Sanya, Hainan Island, China, December 13 - 15, 2008. | |
| [26] | T. Janevski, A. Tudzarov, **P. Latkoski**, M. Porjazoski, I. Efnushef, G. Madzarov, D.Gjorgjiev, "Design of Applicative Quality Testing System for Data Services in Mobile Networks", *Wireless World Congress (WWC)*, San Francisco, USA, May 14-16, 2008. | |
| [27] | T. Janevski, A. Tudzarov, **P. Latkoski**, M. Porjazoski, I. Efnushev, G. Madzarov, D. Gjorgjiev, "Applicative Solution for Testing the Quality of Data Services in Mobile Networks", *The 14th IEEE Mediterranean Electrotechinical Conference - IEEE MELECON 2008*, Ajaccio, France, | |

| | | |
|---|---|---|
| | May 5-7, 2008. | |
| [28] | Toni Janevski, Aleksandar Tudzarov, Ilija Efnushev, **Pero Latkoski**, Marko Porjazoski, Dejan Gjorgjiev, "Applicative Quality Testing System Software for IP-based Services in Mobile Networks", *2007 International Conference on Software, Telecommunications and Computer Networks, SoftCOM'07*, Split-Dubrovnik, Croatia, September 27-29, 2007. | |
| [29] | **P. Latkoski**, L. Gavrilovska, "Analysis of WWW Performance in IEEE 802.15 based systems", *8th International Conference on Telecommunications in Modern Satellite, Cable and Broadcasting Services - TELSIKS 2007*, Nis, Serbia and Montenegro, September 26-28, 2007. | |
| [30] | **P. Latkoski**, L. Gavrilovska, "Web Traffic over Bluetooth: Modeling, Analysis and Performance Evaluation", *Proceedings of The Third International Conference on Wireless and Mobile Communications ICWMC 2007*, Guadeloupe, French Caribbean, March 4-9, 2007. | |
| [31] | **P. Latkoski**, B. Popovski, "Impact of Specification and Description Language on Communication Protocol and System Engineering", *14th Telecommunications Forum - TELFOR 2006*, Belgrade, Serbia and Montenegro, November 21-23, 2006. | |
| [32] | **P. Latkoski**, Z. Hadzi-Velkov, B. Popovski "Extended Model for Performance Analysis of Non-Saturated IEEE 802.11 DCF in Erroneous Channel", *The Third IEEE International Conference on Mobile Ad-hoc and Sensor Systems (MASS 2006)*, Vancouver, Canada, October 9-12, 2006. | |
| [33] | **P. Latkoski**, T. Janevski, B. Popovski, "SDL-based Simulator for Analysis and Planning of IEEE 802.11a Wireless Local Area Networks", poster presentation, *Fifth International Symposium on Communication Systems, Networks and Digital Signal Processing – SCNDSP 2006*, Patras, Greece, July 19-21, 2006. | |
| [34] | **P. Latkoski**, T. Janevski, B. Popovski, "Performance Evaluation and Modeling of IEEE 802.11a WLAN Based on SDL Simulation", *11th IEEE Symposium on Computers and Communications – ISCC 2006*, Pula-Cagliari, Sardinia, Italy, June 26-29, 2006. | |
| [35] | **P. Latkoski**, T. Janevski, B. Popovski, "Modelling and Simulation of IEEE 802.11a Wireless Local Area Networks Using SDL", *The 13th IEEE Mediterranean Electrotechinical Conference - MELECON'06*, Malaga, Spain, May 16-19, 2006. | |
| [36] | M. Porjazoski, **P. Latkoski**, B. Popovski, Gj. Ljubisa, V. Tolevski, "Complete Solution For Migration From Analog To Digital TV and Radio Distribution System", *13th Telecommunications Forum - TELFOR 2005*, Belgrade, Serbia and Montenegro, November 22-24, 2005. | |
| [37] | **P. Latkoski**, T. Janevski, B. Popovski, "Coverage Analysis of IEEE 802.11 WLAN", *National Conference With Foreign Participation - TELECOM 2005*, Varna, Bulgaria, October 6-7, 2005 | |
| [38] | **P. Latkoski**, Z. Hadzi-Velkov, B. Popovski "Performance Analysis of IEEE 802.11a WLAN in Block Fading Channel Using SDL Simulation", *7th International Conference on Telecommunications in Modern Satellite, Cable and Broadcasting Services - TELSIKS 2005*, Nis, Serbia and Montenegro, September 28-30, 2005. | |
| | **Вкупно** | **138,1** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **1. Студија (учесник/соработник)** | **5** |
| 1. | Digital Microwave Telecommunication System for PE Macedonian Broadcasting, *PE Macedonian Broadcasting*, Skopje, R. Macedonia, May 2005. | =5*1 |
| 2. | GSM/GPRS-WLAN internetworking, *MOBIMAK AD (T-Mobile)*, Skopje, R. Macedonia, 2004 – 2005. | |
| 3. | SQTS – Service Quality Testing System for T-Mobile, Macedonia, јуни 2007. | |
| 4. | Интегриран информациско - комуникациски систем за интегрираното гранично управување, јули 2008. | |
| 5. | Optical Communication System Interconnecting Toll Plazas With Central Toll System (STCS) and Central Toll Control of Fund of Roads (CTCFR), 2009. | |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| | **1. Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | **1** |
| 1. | Конференција ЕТАИ 2009, Охрид, Македонија, септември 2009. | = |
| 2. | Конференција ЕТАИ 2007, Охрид, Македонија, септември 2007. | 2*0,5 |
| | **6. Член на факултетска комисија** | **0,5** |
| | Центар за нови студенти (до 2009) | |
| | **Вкупно** | 6,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ Д-Р ПЕРО ЛАТКОСКИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 118,9 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 138,1 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 6,5 |
| **Вкупно** | 263,5 |

Рецензентска комисија

Проф. д-р Борислав Поповски с.р.

Проф. д-р Татјана Улчар-Ставрова с.р.

Проф. д-р Лилјана Гавриловска с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА МАТЕМАТИЧКАТА АНАЛИЗА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАТЕМАТИКА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет бр. 07-1718/3, донесена на седницата од 2.9.2010 година, а по предлог на Институтот за математика при Факултетот бр. 07-1718/2 од 30.8.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент од областа на математичката анализа на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

По разгледувањето на конкурсните материјали го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот ДНЕВНИК од 19.8.2010 година се пријави еден кандидат, м-р Петар Соколоски, помлад асистент на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Петар Соколоски е роден на 19.6.1979 година во Битола, Република Македонија. Основно и средно образование завршил во Крушево. Во текот на основното и средното образование учествувал на регионални, републички натпревари по математика и на македонските математички олимпијади, каде што има освоено една прва (регионален натпревар 1993 год.), две втори награди (регионални натпревари 1996 и 1997 година), четири трети награди (регионален натпревар 1999 год. и Републички натпревари 1995, 1996 и 1997 год.), три бронзени медали (на македонските математички олимпијади 1995, 1996 и 1997 год.). Учествувал во националната екипа на Балканската олимпијада во Грција во 1997 година. Има учествувано во летните математички школи во организација на Сојузот на математичарите на Македонија, односно на Институтите за математика и информатика на ПМФ на тема: „Диференцни равенки“ (1994 год.), „Математичко моделирање” (1995 год.) и „Вериги на Марков” (1997 год.). Учествувал на пилот-сесии организирани од Младинскиот едукативен центар од областа на физиката, а посетувал и разни курсеви и школи организирани од Народна техника на Македонија. Од областа на странските јазици освоил трето место на Републичкиот натпревар по француски јазик (1995 год.), во организација на Филолошкиот факултет од Скопје, како и шесто место на натпреварот организиран од Француската алијанса (1996 год.). Учествувал и на три семинари во организација на Истражувачкиот центар Петница-Ваљево, СР Југославија (1997 и 1998 год.) од областа на математиката и лингвистиката. Добитник е и на наградата „8-ми Септември” по повод 53-годишнината од ослободувањето на градот Крушево за огромниот придонес во афирмацијата на училишниот центар „Наум Наумовски-Борче” и на општината Крушево, што ја доделува Советот на општината Крушево.

На Природно-математичкиот факултет во Скопје на Институтот за математика - теориска насока се запишал во учебната 1997/98 година и дипломирал на 10.7.2003 година со просечна оценка 9,55, со што се здобил со звањето дипломиран математичар. Прогласен е за најдобар дипломиран студент на Институтот за математика за учебната 2002/03 година. Во текот на студиите бил

избран за член на математичката екипа којашто требаше да го претставува Природно-математичкиот факултет од Скопје на Меѓународната студентска олимпијада во Република Чешка (2001 год.), но заради немање на средства учеството било откажано. Во август 2001 година имал двонеделен престој во Република Франција во рамките на програма на Француската влада.

Вториот циклус (постдипломски студии), на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, го заврши на 1 јули 2010 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Множества од точки на радијална непрекинатост на холоморфни функции на единичниот диск", под менторство на проф. д-р Љупчо Настовски, со што се стекна со научниот назив магистер по математички науки.

Во учебната 2003/04 година бил ангажиран како демонстратор по предметот Математика 2 на Институтот за математика и физика на Електро-техничкиот факултет во Скопје. Во учебните 2003/04, 2004/05, 2005/06 година бил демонстратор на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на којшто Институт е избран за помлад асистент во декември 2005 година. Како демонстратор и помлад асистент досега држел вежби по следниве предмети: геометриски трансформации, топологија, метрички простори и теорија на фиксна точка, анализа на временски серии, нумеричка анализа, диференцијална геометрија (на Институтот за математика); математика 1, математика 1-прв дел, математика 1-втор дел, геометрија, математика 2 (на двопредметни студии по математика-физика); математичка анализа 1 - прв дел (на Институтот за физика); математика (на Институтот за биологија); математика (за наставна насока и за аналитичка биохемија на Институтот за хемија); математика, применета статистика (на Фармацевтскиот факултет); математика (на Факултетот за земјоделски науки и храна). Како резултат на оваа голема наставна активност, во тек е подготовка на интерни скрипти: Вежби по топологија и скрипта Предавања со задачи по применета статистика за фармацевти.

Досега ги има објавено следниве научни трудови:

1) A. Blazevski, P. Sokoloski: Conceptual introduction to unique-valued sequences, Poceedings of III Congress of mathematicians of Macedonia, Struga 2005;
2) B. Ilievski, S. Brsakoska, P. Sokoloski: Two substitutions in one special no homogenious Vecua equation, Bulletin mathématique de la société des mathématiciens de la République de Macédoine, Tome LVII, Skopje 2007;
3) Б. Апостоловска Тошевска, П. Соколоски: Степенот на важност на локационите фактори како основа за групирање на индустријата во Република Македонија, Географски разгледи (43), Скопје, 2009;
4) П. Соколоски: Множества од точки на радијална непрекинатост на холоморфни функции на единичниот диск- магистерски труд, Скопје, 2010.

Учествувал на повеќе симпозиуми, конгреси и конференции, како во земјата така и во странство:

1) N. Pandeski, P. Sokoloski: Distributions as boundary value of an inner function, Меѓународна научна конференција за природни науки во Благоевград, Р. Бугарија, мај 2005 година;
2) B. Ilievski, S. Brsakoska, P. Sokoloski: About the invariance of the classic Lagrange method for solving of one class of the Vecua equation, 12-ти српски математички конгрес, Нови Сад, Србија, 28.08 - 02.09.2008 година;

3) P. Sokoloski: Another property of the inner angular range of a meromorphic function *f* at every Plessner point of *f*, 12-ти српски математички конгрес, Нови Сад, Србија, 28.8 - 2.9.2008 година;

Без соопштение учествувал на: Меѓународна конференција за обопштени аналитички функции, Нови Сад, Србија и Црна Гора, септември 2004 година; Семинар од областа на диференцијалните равенки и примена во физиката, Крушево, 2005 година, Р. Македонија; Меѓународна конференција за модерни достигнувања во геометријата, Белград, Србија и Црна Гора, јуни 2005 година; Меѓународна конференција за оптимизации „Ѓула Фаркаш", Клуж-Напока, Романија, септември 2005 година; Меѓународен конгрес за математика, MICOM 2009, Охрид, Р. Македонија, септември 2009 година; Меѓународна конференција за обопштени функции GF SE 2010, Нови Сад, Србија, јуни 2010 година.

Освен тоа, кандидатот има учествувано на повеќе математички школи во организација на DAAD: „Мали бранови и нивна примена во пресметување на решенија на гранични задачи", Нови Сад, Србија и Црна Гора, септември 2004 година; „Основи на нелинеарна анализа и примена во економија и оператори за апроксимација", Клуж-Напока, Романија, септември 2005 година и работилницата „Мултимедијални технологии за образование по математика и компјутерски науки", Белград, Србија и Црна Гора, септември 2006 година, "Differential Calculus, Conservation Laws and Applications in Mechanics", Нови Сад, Србија, 5-12 октомври 2008 година.

Во учебната 2007/08 година одржал неколку предавања на тема „Борелови множества, Б-мерливи функции, функции со својство на Бер, аналитичко претставување на функции", во рамките на семинарот организиран од заводите за анализа и топологија на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како помлад истражувач бил учесник во три научни проекти:

1) „Гранични вредности на аналитички функции и дистрибуции и апроксимации во смисла на дистрибуции"-раководител: д-р Весна Манова-Ераковиќ;
2) „Апросимации во комплексна област, гранични вредности на аналитички функции, дистрибуции и мали таласи, гранични проблеми"-раководител: д-р Борко Илиевски;
3) „Нетригонометриска Фуриева анализа, специјални и ортогонални функции и примена" (од 1.7.2006 до 31.12.2007).

Член е на Друштвото на математичарите на град Скопје и на Сојузот на математичарите на Република Македонија. За огромната активност на кандидатот м-р Петар Соколоски во рамките на Сојузот на математичарите на Република Македонија сведочат следниве податоци: член е на комисиите за избор на задачи и спроведување на натпреварите за учениците од основните училишта во Република Македонија; член е на комисијата за спроведување на натпреварите за учениците од средните училишта во Република Македонија. Освен тоа бил водач на македонската екипа на повеќе натпревари по математика од меѓународно ниво: натпревар МЦМ (Кенгур) што се одржа во Појана Пинулуи - Бузау, Романија, 2006 година; 24 Балканска математичка олимпијада што се одржа на Родос во Грција, 2007 година (од овој натпревар има стручен извештај публикуван во „Сигма", 2008

година); Јуниорска балканска математичка олимпијада што се одржа во Шумен, Бугарија, 2007 година; 25 Балканска математичка олимпијада што се одржа во Охрид, Република Македонија, 2008 година. Бил член на организациониот одбор на 25 Балканска математичка олимпијада. Уредник е на популарното математичко списание за средношколци-„Сигма". Во издание на Сојузот на математичарите, еден е од уредниците на збирките од задачи од математичките натпревари во Македонија во 2007, 2008 и 2009 година.

Претседател е на пописната комисија на Институтот за математика и е член на Централната пописна комисија на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Активно ги користи францускиот, англискиот, српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик; има завршено втор степен од курс по германски јазик, а научна литература може да следи и на руски јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на поднесениот извештај и личното познавање на кандидатот, како членови на Рецензентската комисија, можеме да констатираме дека Петар Соколоски имал и сè уште има голема наставно-педагошка ангажираност како во поглед на големиот број разновидни предмети и големиот број на часови, така и во поглед на активноста во Сојузот на математичарите на Република Македонија, т.е. во поглед на активностите поврзани со талентираните ученици за математика од основните и средните училишта и нивното учество на натпреварите по математика во земјата и во странство. Притоа, кон овие задолженија пристапува со голема трудољубивост и одговорност и е секогаш спремен да излезе во пресрет на барањата на студентите, поради што кај нив ужива соодветен углед. Големиот број на курсеви и семинари на коишто тој учествувал, објавените и реферираните научни трудови, завршените постдипломски студии, како и познавањето на самиот кандидат укажуваат на неговата сериозна научна ангажираност.

Врз основа на погоре изнесеното, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да го избере кандидатот м-р Петар Соколоски во звањето асистент од областа на математичката анализа на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија,

1. Д-р Борко Илиевски, редовен професор на ПМФ во Скопје с.р.

2. Д-р Љупчо Настовски, вонреден професор на ПМФ во Скопје с.р.

3. Д-р Весна Манова-Ераковиќ, вонреден професор на ПМФ во Скопје с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИНТЕРАКЦИЈАТА ПОЧВА-КОНСТРУКЦИЈА СО ПРИМЕНА НА ИДЕАЛНО ПРИСПОСОБЕН СЛОЈ КАКО АПСОРБИРАЧКИ ГРАНИЧЕН УСЛОВ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ., ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 363 седница одржана на 29.4.2010, нè именува за членови на Комисијата за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов **„ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИНТЕРАКЦИЈАТА ПОЧВА-КОНСТРУКЦИЈА СО ПРИМЕНА НА ИДЕАЛНО ПРИСПОСОБЕН СЛОЈ КАКО АПСОРБИРАЧКИ ГРАНИЧЕН УСЛОВ"**, изработена од м-р Јосиф Јосифовски, дипл.град.инж., асистент на Градежниот факултет во Скопје.

По прегледот на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов **„Истражување на интеракцијата почва-конструкција со примена на идеално приспособен слој како апсорбирачки граничен услов"**, изработена од м-р Јосиф Јосифовски, дипл.град.инж., изложена е на 140 страници, разработена е во 5 глави и содржи 72 слики, 28 табели, 4 додатоци и листа на литература со 100 наслови.

### 1. Предмет на истражувањето

Во дисертацијата се презентираат достигнувања од областа на динамички граници и методи за анализа на континуирани средини со кои може да се дефинира неограничената природа на почвата. Проблемите од динамиката на почвениот полупростор вклучуваат полубесконечни геометрии со маси кои се континуирани во два, односно три правци. За да се пресмета одговорот на системот во динамичка интеракција почва-конструкција, се претпочита да се примени анализа на брановото ширење што бара да се воведе посебен услов кој ќе биде во можност идеално да ја апсорбира целата енергија која се создава во системот. Иако подолг период, ширењето на почвените бранови при динамичкото однесување на систем во интеракцијата почва-конструкција е значајна истражувачка област, во последно време истражувањата се насочуваат кон изнаоѓање на подобри пристапи и поефикасни методи за анализа, посебно во дефиниција на динамичките граници на моделот.

Поимот динамичка интеракција почва-конструкција се однесува на систем во кој динамичкото однесување на, условно земено, два потсистема различни по нивната природа (почвата-континуирана, а конструкцијата-дискретна) е во содејство. За голем број конструкции неопходна потребно е да се изврши динамичка анализа при проектирањето и/или експлоатацијата. Во дисертацијава, за истражување на некои од динамичките одлики на интеракцијата почва-конструкција, се користи крут темел на (виско)еластичен полупростор, побуден, респективно, со хармониски, односно импулсен товар. Најголем дел од енергијата на темелот се пренесува преку ширењето на почвените бранови, додека помал дел се ослободува преку нееластичното однесување на почвата. Попрецизно, истражувањата во овој труд се насочени

кон проблемот на браново ширење во полубесконечни подрачја, преку решавање на неговите еластодинамички равенки. За да се постигне тоа, потребно е далечното подрачје да се претстави преку соодветен услов за радијација, дефиниран во диференцијалните равенки. Предложеното решение за проблемот предвидува почвената подлога да се претстави со модел кој ќе дозволи почвените бранови да се пропуштаат и непречено да се шират без рефлексии од вештачките граници. Идејата е да се скрати бесконечното подрачје, на подрачје кое е од интерес за анализата, и да се воведе вештачка граница.

Една релативно нова постапка е да се користи идеално приспособен слој (ИПС) поставен околу пресметковниот почвен регион, кој најчесто се моделира со методот на конечни елементи (МКЕ), Basu и Chopra (2003), Basu (2008). Овој слој потребно е да биде така конструиран за да ги апсорбира брановите кои се шират преку вештачките граници на пресметковниот регион дискретизиран со конечни елементи. Главната придобивка на оваа методологија, споредено со останатите расположливи постапки, е во тоа што може да се користи МКЕ за да се моделира нехомогеноста и анизотропноста. Дополнително, овозможено е да се земат предвид и нелинеарните ефекти во рамките на дискретизираното подрачје со конечни елементи, како на пример, блиску до темелната конструкција.

Од воведувањето на ИПС -концептот од Berénger (1994) за електромагнетната равенка, преку Chew и Weedon (1994) кои скоро истовремено докажуваат дека равенките на Berénger потекнуваат од комплексното протегање на координатите, па се до еластодинамичката бранова равенка од Basu и Chopra (2003, 2004), тој наоѓа примена во различни области.

## 2. Содржина на дисертацијата

Истражувањата опфатени во дисертацијава имаат за цел да се понуди сеопфатна и ефикасна постапка со точно решение за еластодинамичките проблеми со специјално нагласување на динамичките граници. Покажано е дека предложениот модел со граничен слој целосно ги апсорбира сите видови на бранови со што е исполнет условот на радијација и понатаму дава можност за примена во динамичката интеракција почва-конструкција.

Во Глава 1 се дава вовед на дисертацијата преку дефинирање на истражувачката област и образложување на проблемот. Исто така, се дава преглед на состојбата во истражувачката област, како и пресек на расположливите методи со динамички граници. На крај се прави краток преглед во кој се дефинираат целите на истражувањето.

Во Глава 2 се наоѓа јадрото на овој труд, во кое се дава детален теоретски опис на идеално приспособениот слој како апсорбирачки граничен услов. Во неа се нуди и формулација од втор ред со примена на конечни елементи за линеарната бранова равенка дополнета со ИПС –условот, поставена во фреквентниот домен. Покрај тоа, специјалните својства на ИПС се дискутираат заедно со неговите предности, но и недостатоци.

Во Глава 3 се прави верификација со модел сè со цел да се оцени неговата точност и ефикасност. Истражувањето на ширењето на брановите во еластична средина се користи за да се испитаат својствата- „идеално" поклопување на слоевите и протегањето на координатите, а воедно да се предложат и контролирачки параметри на условот.

Во Глава 4 е претставена геотехничката примена на ИПС преку пресметување на брановото ширење и интеракција помеѓу почва и конструкција преку анализи за одговорот на подлогата и вибрирачки темел.

Во Глава 5 се поместени заклучоците од овој труд заедно со завршните забелешки и коментари на темата, како и идните можности за истражување.
Во додаток на оваа дисертација се наоѓаат четири прилози, А, Б и В, со кои се дообјаснува проблематиката, а во додатокот Г е претставен и детален опис на компјутерската програма користена во ова истражување.

**3. Придонес на дисертацијата**

Во дисертацијата кандидатот ја истражува способноста и ефикасноста на идеално приспособениот слој како апсорбирачки граничен услов. Постапката за приспособување на слоевите и нејзината физичка, математичка и нумеричка формулација е претставена на јасен и разбирлив начин, концентрирајќи го истражувањето во фреквентниот домен. Развиен е сопствен конечен елемент и компјутерска програма за анализа на едно- и дводимензионални проблеми на интеракција почва-конструкција. За да се покаже применливоста и точноста презентирани се повеќе анализи кои се споредуваат со други расположливи методи од литературата. Дадени се резултати, пресметани според предложената методологија и компјутерската програма, кои се однесуваат на значајни проблеми на градежното и геотехничкото инженерство.

Така најпрвин преку анализа за верификација е покажано дека новата формулација го задоволува условот за зрачење на енергијата, за што се дадени соодветни препораки. Според тоа, оцената на идеално приспособениот слој ги потврдува следниве предности:

- ИПС води кон прецизно решение за сите видови на почвени бранови ,контролиран од три параметри кои се дефинираат едноставно и тој е прифатлив за имплементација во методот на конечни елементи или други методи;
- рефлексијата која може да се јави е секогаш придушена во „нефизичкиот" простор на апсорбирачкиот слој, каде што апсорпцијата останува еднакво ефикасна дури и за бранови должини неколку пати поголеми од дебелината на ИПС;
- се постигнува висока точност дури и за мали ограничени подрачја, особено во зоната на ниските фреквенции за кои е потребен плиток ИПС, што ја прави методата да биде поефикасна;
- примената на стандардната постапка на нумеричка интеграција со симетрични системски матрици, а како посебно значаен се наметнува концептот на фреквентно зависното придушување.

Имајќи ги предвид претходните -сознанија направена е геотехничката примена на идеално приспособениот слој во која се истражува влијанието на интеракцијата врз динамичкиот одговор на конструкцијата. Во дисертацијата се анализирани неколку аспекти за моделирање на динамичката интеракција почва-конструкција за различни конфигурации на подлогата и видови на оптоварување. На тој начин е докажано дека со воведување на дополнителна флексибилност во системот се намалува природната фреквенција и осцилациите на конструкцијата, но исто така тоа води и до дополнително придушување поради брановото ширење. Истражувањето ги определува и ефектите од инерцијалната интеракција под дејство на временски зависни импулсни побуди.

**4. Заклучок**

Во докторската дисертација под наслов „Истражување на интеракцијата почва-конструкција со примена на идеално приспособен слој како апсорбирачки

граничен услов", кандидатот м-р Јосиф Јосифовски истражува значаен проблем кој се јавува во современото градежно и геотехничко инженерство. Предложениот концепт се базира на прилично нова техника која е погенерална и поефикасна во споредба со веќе познатите техники за решавање на проблемите на интеракција почва-конструкција. Со овој труд се отвораат нови полиња на истражување во Југоисточна Европа и се воведуваат нови импулси за понатамошни истражувања во регионот.

На ова место посебно треба да се потенцира дека примената на идеално приспособениот слој со својот импресивен апсорпционен капацитет, независно од видот на бранот, напаѓачкиот агол или фреквенцијата, води до зголемена ефикасност и применливост за решавање на сите еластодинамички проблеми, а посебно во анализа на интеракцијата почва-конструкција. Рецензентите препознаваат голем број на можности за понатамошни истражувања, особено во случај на послoжени геометриски и материјални својства во дефиниција на блиското подрачје.

Врз основа на изнесеното во рецензијата на поднесената докторска дисертација под наслов „Истражување на интеракцијата почва-конструкција со примена на идеално приспособен слој како апсорбирачки граничен услов" од м-р Јосиф Јосифовски, со особена чест и посебно задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оцена на Рецензентската комисија и согласно со законските одредби за докторирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да закаже јавна одбрана.

Рецензенти

Проф. д-р Васил Витанов с.р.

Проф. д-р Ото фон Есторф с.р.

Проф. д-р Спасен Ѓорѓевски с.р.

Проф. д-р Гунтер Шмид с.р.

Проф. д-р Елена Думова-Јованоска с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА УЧЕБНИКОТ „ИСТОРИЈА НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ОД XIV ДО XV ВЕК“ ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р БОБАН ПЕТРОВСКИ**

Со одлука бр. 12-1446/2 од 17.9. 2010 година на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, определен сум за рецензент на учебникот *Историја на балканските земји од XIV до XV век,* од авторот доц. д-р Бобан Петровски. По разгледувањето на ракописот го поднесувам следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Трудот *Историја на балканските земји од XIV до XV век,* од авторот доц. д-р Бобан Петровски, содржи 207 страници - предговор, основен текст, прилози од извори и користена литература. Материјата во трудот е структурирана во 4 глави, и тоа:

- *Бугарија во XIV век* - во оваа глава, составена од 4 подглави, од кои првата е поделена на 7 поднаслови, елаборирани се настаните кои го окарактеризирале посоченото столетие во историјата на средновековна Бугарија, почнувајќи од кулминацијата на татарската власт во земјата во почетокот на векот, па сè до потпаѓањето на државата под османлиска власт. Во овој дел од трудот, освен политичката историја, исто така се опфатени и податоци за социјално-економската историја, државната управа и културата во Бугарија.
- *Србија од крајот на XIII до средината на XV век* - во оваа втора глава, составена од 9 подглави, од кои речиси половината се поделени на поднаслови, третирано е средновековното минато на Србија во време на династијата Немањиќи, но и по неа, сè до освојувањето на државата од османлиите во средината на *XV век*. Како и во претходната глава, во оваа глава исто така се опфатени податоци за политичката, но и за социјално-економската и културната историја, како и за државаната управа во Србија.
- *Босна во XIV и XV век* – на овој начин авторот ја насловил третата глава во учебникот, составена од 6 подглави. Првите три, поделени на поднаслови, се однесуваат на политичката историја на Босна, од нејзиното издигнување, преку слабеењето на државата и превласта на крупните благородници, до освојувањето на Босна од страна на османлиите. Преостанатите три подглави даваат податоци за

државното и општествено уредување, стопанскиот развиток и културата во Босна.

- *Албанија во XIV и XV век* – е насловот на последната четврта глава во трудот. Во неа, во посебни подглави се понудуваат податоци за албанското општество на преминот од XIII во XIV век, паѓањето под српска власт, самостојните феудални владетели и видни благороднички семејства во втората половина на XIV и првата половина на XV век, потпаѓањето под османлиска власт и конечното потчинување на земјата под власта на османлиите, како и стопанството, црковните прилики и културата во Албанија. Посебен акцент е даден на албанско-зетските односи, третирани во третата подглава, како и на востанието на Скендербег, образложено во посебен поднаслов на четвртата подглава.

Приложените материјали за актуелните студиски и предметни програми, како и нотираните содржини на трудот-текстуални и изворни, дозволуваат неколку генерални квалитативни карактеристики на трудот *Историја на балканските земји од XIV до XV век,* од авторот доц. д-р Бобан Петровски:

*Прво,* трудот ги содржи стандардните содржини карактеристични за историјата на балканските земји во посочениот временски период, со што без сомнение може да се категоризира како *универзитетски учебник.*

*Второ,* станува збор за *прво издание* на учебникот.

*Трето,* учебникот е наменет за студентите на студиската програма по *историја* на Филозофскиот факултет во Скопје.

*Четврто,* за студиската програма по историја, учебникот се однесува на предметната програма *историја на балканските земји од XIV до XV век,* со фонд на часови во наставата 2+2 и носи 5 КТС-кредити.

*Петто,* понудениот учебник ќе биде од полза и за студентите историчари и историчари-архивисти по предметната програма *историја на балканските земји од XI до XV век (изборен),* со фонд на часови во наставата 3+2 и 6 КТС-кредити. Исто така, текстот од трудот може да биде користен и од студентите на Институтот за историја на уметноста и археологија, особено на насоката историја на уметноста, каде што со фонд на часови во наставата 3+2 и 6 КТС-кредити се понудува предмет *историја на балканските земји од XIII до XV век* (изборен).

*Шесто,* учебникот е во согласност со усвоените предметни програми на Филозофскиот факултет.

*Седмо,* сугестиите и забелешките, повеќето од техничка природа, на авторот му се пренесени непосредно.

## КОНСТАТАЦИЈА И ПРЕДЛОГ

Се работи за квалитетен труд, чија основна цел и задача е да претставува учебник од кој студентите ќе се ползуваат на предавањата и вежбите по истоимениот предмет. Тоа е видливо од избраниот пристап при третманот на материјата, при што, авторот, покрај текстуален дел, понудува и избор од извори кои го поткрепуваат текстот, што се цени за дополнителен квалитет на трудот.

Во трудот се претставени политичката, но и социјално-економската, црковната и културната историја на третираните балкански народи во посочениот временски интервал. Притоа, водено е сметка за дотогашната подготвеност на студентите со знаења од претходните модули во студиската програма, така што текстот во целост е приспособен за нив. Понудениот материјал би можел да биде препознаен и од поширок читачки аудиториум, во рамките на академската средина, но и надвор од неа.

Стилот во понудениот труд е јасен, разбирлив и дозволува впечаток дека авторот убедливо кореспондира со материјата. Со публикувањето на овој учебник ќе се пополни празнината од труд на македонски јазик за посочената проблематика.

Поаѓајќи од изнесените констатации и оцени за трудот, му предлагам на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да одобри публикување на трудот *Историја на балканските земји од XIV до XV век* од авторот доц. д-р Бобан Петровски, во форма на *универзитетски учебник* по предметот *историја на балканските земји од XIV до XV век.*

Во Скопје, 27 септември 2010 г.

Рецензент
Проф. д-р Коста Аџиевски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ *ИСТОРИЈА НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ОД XIV ДО XV ВЕК*, ОД АВТОРОТ ДОЦ.Д-Р БОБАН ПЕТРОВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје од 17 септември 2010 година, определен сум за рецензент на учебникот *Историја на балканскиТе земји од XIV до XV век* од доц. д-р Бобан Петровски, Откако го прочитав ракописот, кој ми беше предаден, го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Учебникот на доц. д-р Бобан Петровски е со наслов *Историја на балканскиТе земји од XIV до XV век.*

Учебникот ќе се користи по предметната програма историја на балканските земји од XIV од XV век, од студиската програма по историја на Филозофскиот факултет.

Учебникот е во согласност со предметната програма историја на балканските земји од XIV до XV век со фонд на часови во наставата 2+2 и носи 5 ЕКТС-кредити.

Ова дело за првпат се објавува во Република Македонија и претставува прв учебник на македонски јазик за дел од средновековната балканска историја во земјава.

Овој учебник може да биде ползуван и од студентите од студиската група по историја со архивистика за изборниот предмет Историја на балканските земји од XI до XV век, со фонд на часови 3+2 и 6 ЕКТС-кредити. Овој учебник исто така може да биде користен и од страна на студентите од Институтот за историја на уметноста и археологија, насока: историја на уметноста, каде што е понуден изборниот предмет историја на балканските земји од XIII до XV век, со вкупен фонд на часови 3+2 и 6 ЕКТС- кредити.

Учебникот е во согласност со усвоените и акредитирани наставни програми на Филозофскиот факултет.

Забелешките се од техничка природа и тие му се пренесени на авторот.

Учебникот на доц. д-р Бобан Петровски, со наслов *Историја на балканскиТе земји од XIV до XV век,* содржи 207 страници со предговор, главен текст и избор на користена литература. Главниот дел од учебникот е

поделен на четири глави кои се однесуваат на дел од средновековната историја на Бугарија, Србија, Босна и Албанија.

Првата глава со наслов *Бугарија во XIV век* е поделена на четири подглави. Првата подглава е поделена на седум дела и се однесува на политичката историја на Бугарија во наведениот период. Во текстот се дадени и голем број на изворни записи кои ќе им бидат од голема полза на учениците. Останатите три подглави се однесуваат на социјално-економските односи, државното уредување, материјалната и духовната култура на Бугарија. Студентите ќе добијат целосен пресек и објаснувања за различни теми од бугарската историја.

Втората глава е со наслов *Србија во XIV и XV век.* Првата подглава се однесува на издигнувањето и ширењето на српската држава во наведениот период. Во втората подглава е посветено големо внимание на распаѓањето на српското средновековно царство. Добар дел од оваа глава е посветен на стопанскиот развој, како и на општественото и државното уредување на Србија. Исто така, како логичен след е даден историскиот развој на деловите од распаднатото српско царство, како и создавањето на српското деспотство и потпаѓањето на Србија под османлиска власт.

Насловот на третата глава е *Босна во XIV и XV век.* Оваа глава има шест подглави. Првите три глави се однесуваат на политичката историја на Босна, нејзиното издигнување и пропаѓање. Останатите три глави се однесуваат на државното и општественото уредување, стопанскиот равиток и културните состојби. Исто како и во претходните две глави и тука покрај основниот текст, дадени се и изводи од различни извори кои се важни за совладување на наставниот материјал.

Последната глава од овој учебник се однесува на албанската историја. Насловот на оваа глава е *Албанија во XIV и XV век.* Овој дел од учебникот е поделен на пет подглави во кои студентите, но и другите читатели, можат да најдат многу информации за албанското општество, како и за политичките, социјалните, стопанските, црковните и културните состојби во наведениот период. Особено внимание е посветено на востанието на Скендербег. Сите подглави се полни со изворни материјали кои одлично се вклопуваат со основниот текст на овој учебник.

Понудениот учебник ги исполнува и целосно ги задоволува сите стандарди кои се неопходни за еден добар универзитетски учебник.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Учебникот на доц. Бобан Петровски е квалитетен труд, кој ќе биде од голема корист за студентите од наведените студиски групи, но и за пошироката академска јавност и читателите. Особено треба да се подвлече големиот избор на извори кои го дополнуваат основниот текст. Така студентите полесно ќе можат да го совладаат наставното градиво, но и да добијат јасна претстава за времето на кое се однесува односниот учебник.

Во овој учебник се претставени политичката, економската, социјалната, црковната и културната историја на споменатите балкански земји во наведениот период.

Авторот на учебникот има разбирлив стил и јасна мисла која е неопходна за полесно разбирање од страна на студентите за кои е и наменет овој учебник.

Врз основа на гореизнесеното ми претставува задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го одобри за печатење трудот на доц. д-р Бобан Петровски со наслов *Историја на балканските земји од XIV до XV век*, како универзитетски учебник по предметот *историја на балканските земји од XIV до XV век*.

Скопје, 28 септември 2010 г.

Рецензент
Проф. д-р Далибор Јовановски, с.р.